**УНИВРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА**

# МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ФЕДЕРАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

Кандидат

**М-р Мирјана Нинчовска**

Ментор

**Проф. д-р Даринка Петреска**

Скопје 2010

# ПРЕДГОВОР

Во македонското националнореволуционерно и ослободително движење меѓу двете светски војни постоеле поголем број македонски организации, друштва, струи, групи и други асоцијации. Некои од нив како: Серската револувионерна група, Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО, ВМРО (автономистичка), ВМРО Михајловисти, ВМРО Протогеровисти, ВМРО (обединета) се изјаснувале како директни продолжувачи на борбата за остварување на идеите, принципите, задачите и целта на Македонската револуционерна организација (основана 1893 година). Некои од нив како Илинденската организација и Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО) и др. настојувале како легални емигрантски македонски организации во Бугарија да делуваат со легални средства меѓу емиграцијата, за да го зачуваат духот на Илинден, да ги негуваат револуционерните и ослободителни традиции, да придонесуваат за културно и политичко издигнување и воспитување на помладите македонски генерации. Други македонски организации и друштва, пак, повеќе се свртувале кон новите идејнополитички струења и прифаќале заедничка дејност со комунистите во балканските држави, или пак решавањето на македонското национално прашање во рамките на некоја од балканските држави меѓу кои била поделена Македонија како што било Македонското народно движење -покрет (МАНАПО) во вардарскиот дел на Македонија и други.

Македонското револуционерно и националноослободително движење по завршувањто на Првата светска војна го задржало и својот стар револуционерен метод на борба, но и легалните форми и методи. Што се однесува до барањата за разрешување на македонското прашање по завршувањето на Првата светска војна, во легалното македонско движење, се оформиле две спротивставени тенденции за присоединување на Македонија кон Бугарија и за автономна и самостојна Македонија, застапувани од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО. Кон начелата и целите поставени од

Привременото претставништво се ориентирал еден дел од македонската емиграција, кој сообразувајќи се на новите услови и новото време се повеќе се спротивставувал на ориентацијата на Извршниот комитет. Процесот на оваа поларизација во македонското легално движење ќе доведе до одвојување на оваа опозиција и до формирање на Македонската емигрантска федеративна организација.

Македонската федеративна организација разрешувањето на македонското прашање го гледа преку создавање на *независна федеративна македонска држава, која ќе послужи како обединувачка алка за создавање на една Балканска федрација.* По замирањето на нејзината работа федералистите се активирале и влегувале и во други македонски организации и струи и придонесувале за нивно ориентирање пред сѐ кон демократските, но и кон социјалистичките и комунистичките сили и организации за заедничко дејствување на Балканот за надминување на национализмот, шовинизмот и напуштање на идеите за големи држави со туѓи територии во нив, а за прифаќање на една поширока равноправна државна заедница за сите балкански народи-Балканската федерација, во која ја гледале и иднината на Македонија како целосна географска, економска, етнографска и културна равнопрвана федерална единица.

Досега во нашата историографија нема посебен труд посветен целосно на создавањето и делувањето на Македонската емигрантска федеративна организација, на активноста на нејзините членови, приврзаници и следбеници и по прекратувањето на нејзината работа во споменатиот период. Повеќе историографски трудови третирале прашања и проблеми поврзани со оваа организација и со федералистичките струења во македонското движење но, во контекст на други теми. Во македонската историска наука со оваа тема или со прашања блиски до неа се занимавале и се занимаваат проф. д-р Даринка Пачемска Петреска, проф. д-р Зоран Тодоровски, академикАлександар Христов, акандемик Иван Катарџиев, проф. д-р Владо Поповски, проф. д-р Надежда Цветковска, проф. д-р Воислав Кушевски, проф. д-р Александар Апостолов, д-р Крсте Битоски, проф. д-р Христо а. Полјански, проф. д-р Михајло Миновски, д-р Орде Ивановски, доц. д-р Никола Жежов, доц. д-р Мелина Гризо и други.

За обработката на трудов користевме бројна објавена изворна граѓа и литература, архивски фондови во Државниот архив на Р. Македонија, Архивот на Македонската академија на науките и уметностите во Скопје, Институтот за Национална историја во Скопје, Централниот државен архив во Софија, Историскиот

архив на градот Софија, Бугарската академија на науките во Софија, Државниот архив во Благоевград, Државниот архив во Ќустендил, Архивот на Србија и Црна Гора и Архивот на Србија во Белград, Библиотеката на Институтот за историја при Филозофскиот факултет во Скопје и други.

Во текот на обработката на темата се обидовме да ги опфатиме процесите во македонското национално и ослободително движење, што се одвивале по завршувањето на Првата светска војна, со посебен аспект на дејноста на оние сили кои се обидувале да ја сочуваат, колку што може повеќе, самостојноста на движењето и да бараат патишта за разрешување на македонското прашање следејќи ги прогресивните движења во Европа во тешките повоени години. Се обидовме да ги разгледаме повеќето аспекти на дејноста на федералистите, пред сѐ во легалното македонско движење, но и нивната улога во револуционерното движење, и да им ја определиме улогата и местото во македонското ослободително движење во споменатиот период и да допринесеме за расветлувањето на оваа прашање во нашата историографија.

Во текот на нашата истражувачка работа голема помош и подршка имав од повеќе колеги од Институтот за историја на Филозофскиот факултет и посебно од мојот ментор проф-д-р Даринка Петреска, од Државниот архив на Република Македонија, од Институтот за национална историја, од Музеј на Македонија, од Народната и универзитетска библиотека Св. Климент Охридски, од Централниот државен архив во Софија и други, за што им изразувам голема благодарност.

# Глава прва

# ФЕДЕРАЛИСТИТЕ ВО МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО И НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕ ВО ПРВИТЕ ГОДИНИ ПО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

## 1.1 **Државотворната програма на Серската револуционерна група и Привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО**

Во македонското организирано револуционерно движење од крајот на 19 век па сé до 1919 година се се појавиле повеќе организации, друштва, струи, групи и други асоцијации. Некои од нив успеале подолго време да се одржат и да имаат погиолемо влијание врз македобнскиот народ, други, пак, иако делувале пократко како организирана сила, оставиле значително влијание со нивните политички и програмски идеи и концепции за решавање на македонското национално прашање. По Илинденското востание во преиспитувањето на целите и задачите на македонското револуционерно движење станал позабележителен процесот на поларизацијата на македонските револуционерни сили. Тој процес продолжил и по завршувањето на Првата светска војна. Меѓу струите и групите на ВМОРО се вборува и Серската *револуционера група – Серчани*, односно преживеаните членови на раководното тело, војводи и четници од Серскиот, и поедини членови на раководствата на Солунскиот и Струмичкиот револуционерен округ од периодот на Илинденското востание. Заедно со нив, по Илинденското востание и во време на Младотурската револуција, се активирале и помлади нивни соработници.

Серските револуционери уште од нивниот прв револуционерен период се нашле под влијание на социјалистичките идеи и ги прифаќале истите, што ќе го определи патот и начинот на нивната револуционерна и политичка борба за решавање на македонското национално прашање. Би можело да се каже дека она што за Западна

Македонија пред илинденското востание беа социјалистите: Никола Карев, Никола Петров Русински, Веле Марков, за Источна Македонија беа Серчани. За идејното профилирање на Серската револуционерна група голема улога одиграл и Јане Сандански, поради што истите се среќаваат и како Санданисти. Среде овие македонски револуционери се профилираше и еден посебен однос кон идејата за решавање на македонското прашање преку остварување на една федерација на Балканот, во која Македонија ќе добие статуст на рамноправна федеративна единица.

Во периодот од Младотурската револуција, тие не беа големи призрзаници на вооружена борба, ниту за прифаќање на военатата опција која ја застапуваа соседните балкански држави за истерување на Турција од нејзините европски владенија и за решавање на македонското прашање со една заедничка војна на балканските зојузници. Серчани и во време на Младотирскиот преврат ја застапуваа идејата за една Источна федерација, односно преуредување на Турција како федерација. Но, со оглед на веќе неизбежноста од една војна во 1912 година и тие учествуваа најактивно во Првата балканска војна на страната на балканските сојузнички војски против Турција. Повлечени во виорот на војната, Серчани учествуваа и во Втората балканска војна на страната на бугарската војска, а некои доброволна некои по силата на воената мобилизација што ја спроведоа бугарските воени власти учествуваа и во Првата светска војна. Меѓутоа нивните очекувања дека со учествувото на Македонците во војните ќе се реши др`авноправниот статус на Македонија и дека најголемиот дел од македонските бегалци и емигранти ќе се вратата по своите домови не се оствари. Наместо авотномија на Македонија тие кои останаа живи од Серчани беа сведоци на повеќекратните делби на нивната татковина, која во време на балканските а особено во тригодишната европска војна претрпе големи материјални разорувања и човечки жртви.

Нивното искуство од овие војни ги мотивира да бараат нови начини, средства и сојузници во борбата за ослободување и конституирање на македонска држава. Од друга страна, пак, Октомвриската револуција уште повеќе придонела за засилување на нивната лева ориентација и очекувањата дека една социјалистичка револуција ќе го реши и македонското национално прашање.

Кон крајот на Првата светска војна и за време на подготовките за Мировната конференција, октомври-декември 1918 година среде македонските револуционерни и

политички сили, кои се нашле во границите на Бугарија, повторно се разгореле поранешните спротивставени гледишта за понатамошната организаиорана активност за решавање на македонското прашање. Оние легални и нелегални македонски сили кои ја позврзувале својата лична судбина и својот економски политички статус со бугарската држава во првиот момент по војната продолжиле да се залагаат за присоединување на Македонија кон Бугарија. За разлика од нив една поголема група револуционери меѓу кои и Серчани, заедно друга група револционери од Западна Македонија, од поранешните Битолски и Скопски револуционерен округ, биле многу поблиску до враќањето на стариот принцип на МРО за продолжување на борбата за автономна или независна Македонија, или нејзино влегување во една балканска федерација.[1]

Серчани се вратиле на изворната цел автономија на Македонија[2]. По иницијатива на Димо Хаџи Димов Серчани излегле пред македонската емиграција и македонскиот народ со посебна *Декларација за разрешување на македонското прашање.* Декларацијата е донесена по неколкудневни советувања[3] во првата половина на октомври 1918 година, а била растурена во декември 1918 година.[4]

Во ова „Серска декларацја" Серчани ги изнеле своите програмски ставови за разрешување на македонското прашање, останувајќи верни на своите револуционерни традиции за "*подигање на старото знаме на македонската автономија*" и

---

[1] Петреска Даринка, Концепциите за остварување на македонската држава меѓу двете светски војни и конституирањето на асномска Македонија како национална држава на македонскиот народ, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, кн. 58, Скопје 2005, 147; Надежда Цветковска, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје 1999, 37-38

[2] Централен државен архив (во понатамошниот текст со кратенката ЦДА), Софија, ф. 1932, оп. 1, а.е. 102, л. 48

[3] Гребенаров Александър, Македонската емиграция в България след Първата световна война (октомври 1918 - октомври 1919 г.), Известия на българското историческо дружество, Т 39, 1989, 157. Во фуснота 39 авторот изнесува дека поради недостаток на податоци сé уште бројот и составот на револуционерите што заседавале не се уточнети. Може да се претпостави дека Декларацијата е изработена на советувања, одржани во првата половина на октомври 1918 г. На тоа упатува и едно неочекувано соопштение на страниците на в. „Утро". Дописот кажува дека дејците од бившата серска група наскоро „ќе публикуваат опстојно излагање за минатото", придружено со „апел до сите демократски дејци во Царството и во Македонија за сплотување околу идната организација на Македонија". Во дописката се истакнува, дека излагањето ќе биде направено со договарање со организации од различни краишта на Македонија („Утро", бр. 2739, 15 окт. 1918)

[4] Декларацијата била објавена во Бюлетин No 6 од 5 V 1919 г., 11-15 и во книгата на Димо Хаџи Димов Назад къмъ автономията, София 1919; Според Е. Спространов Серската декларација е пуштена во продажба во Софија на 22 декември 1918 г. (НБКМ - БИА, ф. 324, а.е. 1, л. 853)

*„обновување на Македонија во нејзините природни, географски и стопански граници"*.[5] Серчани предлагаат во неа да се утврди управување „создадено по примерот на Швајцарската федеративна република при полна и еднаква слобода на сите националности во просветен, црковен, политички и културно-економски однос и под протекторат на сојузот на слободните демократски народи".[6] Опширната декларација покажува дека Серчани вложуваат поширока содржина и смисла во поимот „автономна Македонија" и ѝ даваат преголема улога која таа би можела да ја одигра во животот на балканските народи.[7]

До колку се земе во предвид времето во кое се појавила оваа декларација, октомври 1918 година, веднаш по поразот на Бугарија во Првата светска војна и потпишувањето на капитулацијата и завршувањето на војната во Македонија и на Балканот, а пред почетокот на мировните преговори, треба да констатираме дека таа одиграла голема улога во покренувањето на македонските револуционерни и политички сили, на македонскиот народ, македонската емиграција и нивното организирање за поставување на македонското прашање пред општествената јавност во земјите победнички во Првата светска војна и посебно пред Мировната конференција. Таа давала извесни надежи за ставање крај на дележничката политика на соседните балкански држави кон Македонија и за остварување на идејат за автономија на Македонија во смисла обособување на Македонија во автономна политичка државна единица, одделна и независна од било која балканска држава.[8]

Објавувањето на Серската декларација имало силен одраз кај македонската емиграција, а особено придонела за нивното натамошно ориентирање кон левицата во македонското револуционерно движење и на Балканот.

Споменатите револуционери од Западна Македонија[9] се солидаризирале со определбите и со барањата на Серчани во Серската декларација[10] и заедно во

---

[5] Димо Хаџидимов, Одбрани дела, книга втора, избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Култура-Скопје 1984, 139
[6] Ibidem, 140
[7] Гребенаров А., Македонската......, 157
[8] Пачемска Петреска Даринка, Федеративната идеја во македонското национално ослободително движење од 1918 до 1941 година, докторска дисертација, Универзитет „Кирил и Методиј" Скопје, Факултет за филозофско-историски науки, Скопје 1986 (ракопис), 9
[9] Меѓу нив биле Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Павел Христов, Петар Ацев (кој активно агитирал во Македонија под српска власт за подршка на Привременото Претставништво - АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.) и др; Гребенаров А., op. cit., 165 (тоа се дејци со долг револуционерен стаж и во македонското ослободително движење и со изграден авторитет)

почетокот на 1919 година се конституирале во Привремено претставништво на поранешната обединета ВМРО на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров[11]. Програмските определби на Привременото претставништво најмногу се воочуваат во неговиот „*Апел кон македонското население и кон емиграцијата во Бугарија*".[12] Серчани и Привременото претставништво во своите определби поаѓале од правото на народите на самоопределување, прокламирано во 14 точки, на претседателот на САД Вудро Вилсон, Македонија да добие право на самоопределување и конституирање како посебна државнополитичка единица, во нејзините географски и економски граници, како автономна држава која, во првите години до нејзиното внатрешно и надворешно стабилизирање, ќе биде под протекторат на САД. По однос на внатрешното уредување, на македонската држава, го прифаќале демократското и граѓанското уредување по примерот на швајцарската федеративна република, а ја манифестирале и готовноста за влегување во една балканска федерација на слободни и рамноправни конститутивни народи. Токму затоа тие се вбројуваат во редот и на македонските федеративни сили по Првата светска војна.

Идејата за независноста на Македонија, според Привременото претставништво, си го пробива својот пат само затоа што е „независна идеја и само затоа што во неа проблеснува уште од сега единственото средство за положување на основите – тука на вечно зачадениот Балкан – на мечтата, која што им залегна во срцето и ја облева душата на целото човештво: меѓусебно разбирање и мир меѓу народите".[13]

Привременото претставништво наидувало на големи потешкотии во исполнувањето на своите задачи поради недостигот на материјални средства, политиката на Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија[14] и мерките на бугарските државни власти да ја задушат слободната македонска мисла. Посебно таа активност била согледана, анализирана и оценувана од

---

[10] Герджиков Михаил, Спомени. Документи и материали, София 1984, 352; ЦДА ф.1932к, оп. 1, а.е. 102, л. 48

[11] Палешутски Костадин, Македонската емиграцијя в България по време на Парижката конференция през 1919 г., Исторически преглед, 1969, No. 5, 52; Катарџиев Иван, Време на зреење, Скопје, 1977, 126

[12] Архиов на Србија и Црна Гора (во понатамошниот текст со кратенката АСЦГ) Белград, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10; Апель към македонското население и къмь емиграцията вь България; прилог во книгата Назадь къмь автономията, София 1919; ЦДА, ф. 1909к, оп. 1, а.е. 333; Новите смутители всред македонската емиграция (Предизвикано осветление), издадено като ракопись, 1919, с. 10; ЦДА, ф. 1932к, оп. 1. а.е. 102, л. 52; ЦДА, ф. 1955к, оп. 1, а.е. 6, л. 191-192: во забелешка стои дека Ар. М-ев (Аргир Манасиев) и Хр. Ст-в (Христо Стојанов), единствени потпишани со иницијали под Апелот, до своите блиски изнеле писмено негодување дека нивните имиња се злоупотребени.

[13] ЦДА, ф. 1932к, оп. 3, а.е. 234, 1; АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.

[14] АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1084

идејните и политичи противници на Серчани, подржувачи на барањата на Извршниот комитет, Тодор Александров и Александар Протогеров.[15]

Сепак, со големото ангажирање на неговите членови и со богатата издавачка дејност, во која главно место имал печатениот орган „Билтен"[16], тоа успеало да ги запознае македонските емигранти vo Бугарија и македонскиот народ во Пиринскиот дел од Македонија, со своите програмски цели и задачи.[17]

Привременото претставништво ја добило поддршката од поголем број македонски братства во внатрешноста на Бугарија: во Варна, Пловдив, Плевен, Свиленград, Ќустендил, Горна Ораховица и др., на дел од братствата од Софија, Енице Вардарско, Костурско, Леринско, Гевгелиско, Солунското, Дојранското,Тиквешкото, како и на дел од велешката, кукушката, крушевската, гуменџиската емиграција, на македонските бегалци во Западна Тракија, на Македонската студентска група во Софија.[18] Треба посебно да се нагласи заедничката поддршката од македонскиот народ од пиринскиот дел од Македонија (во кој тогаш сé уште се наоѓала и Струмичката околија) и од многубројните Македонци од другите два дела на Македонија, кои се нашле во пиринскиот дел на Македонија. За нивната поддршка на Привременото претставништво сведочат писмата, апелите, резолуциите и изјавите на месните жители и бегалците во Горна Џумаја, Струмица, Петрич, Свети Врач, Мелник и Неврокоп.[19] Со

---

[15] Во едно писмо на Тодор Александров до Владимир Карамфилов (негов пријател уште од пред Илинденското востание ) од 6 јуни 1919 г., меѓу другото, се укажува на македонското чувство на Серчани и за нивниот став за постоење на посебен „македонски народ", нешто што било спротивно на гледиштето на Тодор Александров за бугарската припадност на Македонците. Што се однесува до барањето за независна Македонија Т. Александров, ги поистоветува своите гледања со оние на бугарската влада, што подразбира барање на независна Македонија доколку е невозможно нејзиното присоединување кон Бугарија. (Види: *Сé за Македонија, документи 1919-1924. Избор, предговор и* редакција проф. Д-р Зоран Тодоровски, Аналитико-Ли, 2005, д. бр. 7, 449-453). Привременото Претставништво посебноста на македонскиот народ ја гледа како посебност на севкупното македонско население „со еднаквост на сите населенија, без разлика на нивната бројност", односно како народносна посебност, во ова време гледајќи го преовладувачкото по бројност население како „бугарско". Но, посебноста на македонското прашање, како политичко јасно ја изразува и во барањето од 30 мај 1919 г. до членовите на бугарската влада и централните бира на политичките партии во Бугарија за подржување пред мировната конференција на нивното барање „создавање на една Македонија во нејзините природни географски граници, со еднаквост на сите населенија, без разлика на нивната бројност и под закрилата на нејзиниот неутралитет од Друштвото на народите". (ЦДА, ф. 1932к, оп. 3, а.е. 234, л. 1-4)

[16] Боро Мокров, Развојот на македонскиот печат и новинарство, Скопје 1980, 306-309

[17] ЦДА ф. 1932к, оп. 1, а.е. 102, л. 52

[18] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.

[19] Бюлетинъ на Временото представителство на обединетата бивша Вътрешна Македонска революционна организация, No 3, с. 12 (23. V. 1919); No 5, с. 6, 9, 10, 11 (21. VI. 1919); No 6, с. 7, 9, 10 (5. VII. 1919); No 7, с. 13 (12. VII. 1919); No 10, с. 5, 12, 13 (27. VIII. 1919); ИНИ, Скопје, Одделение за документација, ф. Никола Киров Мајски, кн. II, док. бр. 11; АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.

покренатата активност на Привременото претставништво се солидаризира и една група револуционери и симпатизери на старата ВМРО од вардарскиот дел на Македонија.[20]

Покрај споменатата Декларација на Серчани во овој период од плодното перо на идеологот и теоретичарот на левицата во македонското револуцинерно и ослободително движење Димо Хаџи Димов излегла книгата *„Назад кон автономијата"*.[21] Во неа тој поопширно и подетално ги образложува сите прашања, оценки, идеи и цели, набележани во Декларацијата на Серчани. Што се однесува до бугарската политика кон македонскиот народ и неговата судбина Хаџи Димов вели: „На овој народ буквално му се забранува да мисли за својата судбина и да бара излез од така создадената положба. Со празни ветувања и со застрашување бугарската политика се сили на овој народ да му го парализира инстинктот за самоодржување, да ги задржи и умртви никулците на оние идеи, што би го спасиле од неприродно и противстопанското раскинување, да ја убива онаа моќна и жива формула која самата од себе израснува во неговата свест и во неговата душа – Формулата за зачувување на неговата автономна едница на Балканот."[22]

Во дадениот историски момент Димо Хаџи Димов смета дека автономијата на Македонија е неизбежна. „Императивна е зашто ќе ја побара македонскиот народ и неизбежна, зашто само така, може да се усогласат интересите на балканските држави, без да се прибегнува кон неприродните географски експерименти."[23] Благодарение на цела плејада дејци во Серско околу кои се групирале и широките народни маси, автономната идеја никогаш не згаснала.[24] Според еден од современиците и учесници на тие настани, Павел Делирадев, Серчани го издигнале уште повисоко знамето на Јане Сандански и зад фигуративното *Назад кон автономијата*, всушност, стоела определбата *„напред кон слобода, единство, независност и федерација"*[25].

[20] Бюлетинъ No 4, с. 7(9. VI. 1919)
[21] Назадь кьмь автономията, София 1919; Пачемска Петреска Даринка, ВМРО 1918-1934, Хронологија, Скопје 2004, 20
[22] Назадь кьмь......, 17
[23] Ibidem
[24] Ibid., 34-36
[25] Делирадев Павел, Чрез раскьсване кьм обединение, „Македонска мисьл", орган на Македонския научен институт, София, септември-октомври 1946, II/1-2, 12; Види: Петреска Д., Концепциите за остварување..., 148

Обидите за обединување и заедничко дејствување на македонските револуционерни сили водело кон повторно разединување. За жал, тоа се претвора во традиција, која што е проследена во различни етапи на развојот.[26]

Во време на активностите на Привременото претставништво пред Парискатa мировна конференција дејствува и спротивставената групација сочинета од легалните раководни сили од Извршниот комитет на македонските емигрантски братства во Бугарија.[27] Првичните барања за разрешување на македонското прашање, кои Извршниот комитет требало да ги предочи пред Мировната конференција во Париз, биле изразени во една резолуцијата од 24 ноември 1918 година. Во оваа резолуција *„делегатите на братствата му даваат мандат на Извршниот комитет да се раководи во својата дејност од следините начела: 1. неделивоста на Македонија и 2. нејзино присоединување кон Бугарија.*"[28]

Во полемиката која се водела меѓу Привременото претставништво од една страна и Извршниот комитет од друга страна, околу прашањето кој има право да биде легитимен наследник на старата ВМРО и кој има морално право да истапува со барање од името на македонскиот народ и емиграцијата пред Мировната конференција, Привременото претставништво докажувало дека тоа право ги има единствено обединетата бивша ВМРО. Аргументите во прилог на тоа биле дека револуцинерното минато на иницијаторите и основачите на Привиременото претставништво кои биле членови на старата МРО со голема улога и место во неа, останале доследни на нејзините идеали, ја бранеле самобитноста и самостојноста на македонското ослободително дело, се спротивставувале на туѓите фактори кои сакале на тоа дело да му наметнат гледишта спротивни на интересите на македонскиот народ (особено

[26] Гребенаров А., Македонската... ., 157

[27] За Извршниот комитет види: Палешутски Костадин, Македонското освободително движение след първата световна война /1918-1924/, София 1993, 9-64; Гребенаров А., Македонската....,.; Едно обяснение на македонските братства, София, май 1919, 7; (ЦДА. Ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, 16) Новите смутители всредь македонската емиграция (предизвикано осветление), издадена като ракопис, 1919, 6; Златна книга, 100 години ВМРО, Скопје, 1993, 152-155; Петреска Д., Концепциите за остварување..., 148; АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.

[28] Кои сь самозванцить, Едно обяснение на македонските братства, София, май 1919, 7; (ЦДА. Ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, 16) Новите смутители всредь македонската емиграция (предизвикано осветление), издадена като ракопис, 1919, 6

Серчани б. м.) и дека програмските определби и барања на обединетата бивша ВМРО добиле широка подршка од емиграцијата и од македонскиот народ.[29]

Во таа бурна 1919 година прашањето за консензус по однос на македонските барања пред Мировната конференција имало свое оправдување во времето на подготовките на Мировната конференција, тогаш и кога можело да се влијае врз делегациите и личностите кои се подготвувале да го воспостават „Версајскиот систем" во Европа. Токму тогаш Серчани, а потоа и Привременото претставништво барале начин и патишта за истакнување пред споменатите меродавни фактори за автономна и независна Македонија во нејзините географски, економски и културни граници. Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, за разлика од барањата на Привременото претставништво, во овие моменти декларирал пробугарски став за присоединување на цела Македонија кон Бугарија. Овие ставови треба да се имаат во предвид за да се разбере однесувањето на Серчани преку Привременото претставништво, кон предлозите за обединувањето на македонската емиграција, кога веќе биле дефинирани условите и нацртите на мировните договори, во кои немало место за посебна автономна или независна македонска држава.

Впрочем и самото име Привремено претставништво било прифатено за акционо дејствување кога било најпотребно пред и во време на Париската мировна конференција во 1919 година.

Имајќи ги во предвид сите тактички потези на Извршниот комитет од една страна и целокупната дејност во духот на Декларацијата од крајот на 1918 година на Серчани и на револуционерите на МРО од западниот дел на Македонија во рамките на Привременото претставништво од друга страна, можеме да заклучиме дека тогашните обиди за обединување на македонската емиграција и создавање на единствено тело или организација тешко можеле да се остварат. Премногу биле присутни и личните недоразбирања и нетрпеливости.

Серчани во Привременото претставништво го направиле последниот нивни организиран напор за обединета, автономна и независна Македонија. Тие и во

[29] Златна книга..., 132.; Во таа смисла е и пишувањето на Михаил Герџиков: „Од билтените, кои ви ги праќаме ќе забележите со каква страст се води борбата меѓу нас и нашите противници. Последните, кои порано не даваа да стане збор за автономија на Македонија, денеска се јавуваат за нејзини најзагреани партизани. Лесно е да се разбере каква автономија сакаат орудијата на бугарскиот империјлизам и бившите платени агенти на германската експанзионистичка политика", види: ЦДА, ф. 1747к, оп. 2, а.е. 16, л.1

наредниот период на поларизирање на силите во македонското ослободително движење, воглавно останале доследни на своите првобитни изјави дека секогаш ќе ги помагаат оние сили кои ќе ја прифатат самостојната борба, кои нема да потпаѓаат под туѓи влијанија и кои ќе се борат за остварување на идејата за автономија на Македонија и Балканска федерација.

По завршувањето на Парисската мировна конференција и консолидирањето на балканските политички сили Серчани не успеале многу да се одржат како поорганизирана група. Различни фактори повлијаеле на нив да се расплинат во македонските легални и илегални организации и асоцијации, во политичкото милје на Бугарија и дел од нив да заминат во странство.

Се поставува прашањето кои и какви мотиви ги носеа во една или друга македонска организација, струја, тело или било каква асоцијација? Пред се водечки мотив за артикулирање на нивната дејност во некоја асоцијација беше можноста во истата да делуваат за остварување на изворните принципи на македноската револуционерно ослободителна борба, поставени уште од времето на формирањето на Македонската револуционерна организација во 1893 година. Освен идејните определби, се разбира, играа улога и личните контакти со одредени личности, наоѓањето на личен интерес и сл.

Иако не биле сите од нив со социјалистичко-комунистичка ориентација, никојпат не се поврзале со бугарскиот двор, со граѓанско конзервативната струја во бугарскиот политички живот, ниту пак некојпат цврсто се поврзале со револуционери од македонското револуционерно движење со такви убедувања.

Некои од нив активно се вклучиле во редовите на Бугарската комунистичка партија. По директива на БКП (тесни социјалисти), комунистите од редот на Серчани го напуштиле движењето на Привременото претставништво и во 1920 година формирале нова организација, Емигрантски комунистички сојуз (ЕКС) како емигрантска секција на БКП (т.с.).[30] Предводник на таа група Серчани бил Димо Хаџи Димов. ЕКС не добил масовна подршка, во прв ред, од емигрантите и бегалците од војните, а ги изоставил од интересирање староседелците од Пиринска Македонија. Ако се суди според некои Хаџидимови искажувања од 1919 и ставови од 1922 и 1924

---

[30] ДАРМ, 1. 1244. 2. 45/ 126; Димо Хаџи Димов, Одбрани дела, книга прва..., 35

година, ќе се заклучи дека тој повеќе од партиска дисциплина, одошто од лично убедување поминал повеќе од две години во ЕКС, иако и тука работел со нему својствена упорност и доследност.[31] Во својата партиска кариера Димо Хаџи Димов ќе стигне и до член на ЦК БКП и пратеник во XXI Редовно народно собрание.

Друга група (дел) од Серчани делувале во Земјоделската партија (БЗНС). Би можело да се каже дека прокламираниот принцип за независност на македонското револуционерно и ослободително дело (на нивното делување) од страна на Серчани не бил целосно и до крај испочитуван ако се земе во предвид дека по завршувањето на Париската мировна конференција и извесниот резултат од неа за Македонија, според нивните тогашни убедувања, гледале можност за поддршка од владата на Александар Стамболиски и сé повеќе се свртувале кон неа. Еден од поранешните Серчани, Александар Димитров, станал и министер за внатрешни работи во таа влада[32]. За него во своите спомени Асен Христов Киселички[33] ќе забележи дека ВМРО на Тодор Александров, на предлог на Андреј Љапчев, го ставил на списокот за ликвидирање[34] дури и пред самиот премиер и лидер на БЗНС Александар Стамболиски, сметајќи го за поопасен за нив.

Еден дел од Серчани се нашле во ВМРО автономистичка[35], но делувале како лева струја во организацијата.

Дел од Серчани влегле и во Илинденската организација[36]. Спопред Крсто Гермов-Шакир имало план Димо Хаџи Димов да стане претседател на Илинденската организација.[37]

Особено забележителна активност Серчани покажале во македонското федеративното движење[38]. Предводник на таа група Серчани-федералисти бил Тодор

---

[31] Ibidem, 35

[32] Василев Васил, Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югословенските отношения, Издателство на Българската академия на науките, София, 1991

[33] ДА Ќустендил, Спомени, 645, л. 1

[34] Ал. Димитров е убиен на 22 октомври 1921 г., Петреска Пачемска Д., ВМРО 1918-1934..., 38

[35] ЦДА ф. 1932к, оп. 2, а.е. 430, л. 13; ЦК на ВМРО (об), Тюлеков Димитър, Обречено родолюбие, ВМРО в Пиринско 1919-1934, Благоевград, 2001; Предавниците на македонското дело. Редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје 1983, 94-95

[36] Поповски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 1: 1923-1925 г., НИП Ѓурѓа, Скопје, 1999, 357, 675

[37] АО ИНИ, Крсто Гермов-Шакир, Спомени, 105

[38] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање..., Дел 1, д.44. 373; ЦДА ф. 1955к, оп.1. а.е. 6, л. 206; ДА Благоевград, ф. 742, оп. 1. а.е. 163; ДА Благоевград Е.П. 79; ЦДА ф.1932к, оп. 4., а.е. 42, л. 6; Пачемска Петреска Д., Федеративната идеја во македонското...,??

Паница. Тие одиграле значителна улога во обидите за обединување на сите сили во македонското револуционерно и ослободително движење, кои кулминирале со познатиот *Мајски манифест*[39]. Новите идеи и принципи набележани во Манифестот се прифатени од Серчани, кои уште во почетокот на преговорите ја дале својата согласност, потоа од комунистите Македонци, од Илинденската и Федеративната организација.[40] Впрочем Серчани преку согласноста за настапување заедно со федералистите во преговорите имале свој дел во постигнувањето на согласноста за докажување на заедничка демократска национална платформа. Ако се спореди и анализира изнесеното во Декларацијата на Серчани и во Мајскиот манифест ќе се констатираат заеднички идеи, гледишта и принципи, како што се: борбата против национализмот и аспирациите на соседните балкански држави, ориентација кон левите сили, интернационализмот, борбата за обединета Македонија и концепцијата за остварување на една балканска федерација и сл.

Бидејќи Декларацијата на Серчани е издадена во крајот на 1918 година, произлегува логичката констатација дека таа извршила влијание врз содржината на Манифестот, а и поголем број Серчани сé уште биле живи и активно работеле на реализирање на идеите и принципите и во актуелниот момент.

Некои од нив со своето политичко и револуционерно делување воспоставуваат врски и со други фактори надвор од Бугарија.[41] Можност за поддршка на македонското ослободително дело гледале во Советскиот Сојуз. Поедини Серчани, кои како емигранти во Кралството СХС, во Австрија и др. земји се поврзуваат и со југословенските безбедносни служби. Разни интереси ги натерале да се инволвираат и во известителните служби.

Серчани се една од групите која на еден или друг начин биле инволвирани во односите меѓу државите на Балканот и со други фактори, како што е Коминтерна.

---

[39] За Мајскиот манифест види: Добринов Дечо, Майският манифест и създаването на ВМРО (обединена) (1924-1925), Известия на института по история, том XXVI, София 1983, 208-241; Василев Ат. Васил, Майският манифест на ЦК на ВМРО от 1924 г. – обстановка, преговори и последици, Исторически преглед, кн. 5, София 1980, 39-63; Пачемска Д., ВМРО (об), Скопје, 1985, 47-61; Изменниците на македонското дело, Прага, 1926, 53-77; Влахов Д., op. cit., 235-248; Катарџиев Иван, Време на зреење. Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930), I, Скопје 1977, 235-266; Пачемска Петреска Д., ВМРО 1918-1934,..., 68-71

[40] Изменниците..., 72; Изјава на Шатев Павел, "Из левичарството – детска болест на комунизма", от В. И. Ленин ракопис од 1943 г. во ДАРМ, Пописник I, дел I, материјал 18, 6

[41] Поповски В., Жила Л., op. cit, Дел 1, д. 22, 243; д.44, 385; д. 76, 681, 686

Најголем дел од Серчани ги загубија своите животи во 1924 и 1925 година паѓајќи под удар на оние сили кои немаа исто гледање по однос на редефинирањето на балканските констелации во тој момент и се профилираа како терористички.

Она што заслужува да се истакне по однос на идеите и принципите на Серчани за патиштата и начините на дејноста и борбата за национално ослободување на македонскиот народ и конституирање на македонска држава е нивната трајност, нивното присуство во поголемиот број на програмски документи на повеќе македонски легални и илегални асоцијации во првата половина на 20 век.

Дел од раководните членови на Серската револуционерна група биле по потекло Бугари (Тодор Паница, Чудомир Кантарџиев, Александар Бујнов), но биле моќне присутни во македонското ослободително движење и покажале дека можат да прифатат понезависни програми на македонското ослободително движење одошто поединци Македонци, кои повеќе биле поврзани со бугарските политички фактори и од чија рака го загубија животот.[42]

[42] Види: Петреска Д., Бугарски револуционери во македонското револуционерно и националноослободително движење во крајот на XIX и првите децении на XX век, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, кн. 57, Скопје 2004

## 1.2. Дејноста на Извршниот комитет на македонските емигрантски братства во Бугарија

Кон крајот на Првата светска војна и за време на подготовките за Мировната конференција, октомври-декември 1918 година среде македонските револуционерни и политички сили, кои се нашле во границите на Бугарија, се диференцирале двете главни групации од легални и нелегални македонски дејци, со спротивставени идеи, барања и нудење перспективи на македонската емиграција и македонскиот народ.

Во преодот од војна кон мир очекувајќи ги решенијата на Париската мировна конференција сред македонските емигранти и бегалци се појавува стремеж за обединување на македонските политички сили и избирање на ново раководно тело, кое ќе ги изрази нивните разбирања и барања за иднината на Македонија.[43] Како легално раководно тело на македонските братства во Бугарија уште од 1912 година функционирал нивниот Извршен комитет. Во составот на овој Извршен комитет влегувале Александар Протогеров (претседател), Димитар Кушевалиев (касиер) и Димитар Ачков (член советник), Спиридон Велев и Ст. Русев.[44] Извршниот комитет до 1915 година им давал подршка на државните фактори во Софија, вклучувајќи ги тука и разузнувачките информации за делот од Македонија кој останал под српска власт.[45]

За време на трите години на учеството на Бугарија во Првата светска војна (1915-1918) македонските друштва (братства МН) престанале да функционираат (голем дел од нивното членство или се вратиле во Македонија за да завземат воено-административни должности), па и мандатот на нивниот Извршен комитет бил паднат.[46] Во процесот на реорганизирање и барање на патиштата за надворешнополитичко дејствување македонските бегалци во Бугарија дејствувале и неофицијално. Тие од своите редови избрале една комисија која се јавила пред генералниот конзул на САД Доминик Марфи во Софија за да го моли да се застапи

---

[43] Гребенаров Александър, Македонската емиграция в България след Първата световна война (октомври 1918 - октомври 1919 г.), Известия на българското историческо дружество, Т 39, 1989, 157

[44] В. „Камбана", бр. 1607, 26 юли 1912

[45] Гребенаров Александър, Легалните и тайни организации на македонските бежанци в България (1918-1947), Македонски научен институт, София 2006, 21

[46] Баждаров Георги, Моите спомени. Предговор, съставителство и бележки Ангел Джонев, София 2001, 80

пред својата влада за Македонија[47] . Во составот на таа комисија влегле Иван Каранџулов, Аце Дорев, Георги Баждаров и ѓакон Мусурев[48]. Комисијата на чело со Иван Каранџулов на 9 октомври 1918 година излегла пред Д. Марфи со молба да се застапи пред својата влада и пред владите на сојузичките велики сили, Македонија да биде окупирана од нивните војски, додека Мировната конференција да и ја определи судбината.[49] Според Г. Баждаров оваа комисија барала да се применат принципите на Вилсон за национално самоопределување и самоуправување кон Македонија и да се спроведе плебисцит.[50] Американскиот дипломат ги успокоил претставниците на емиграцијата дека „каузата на бугарите во Македонија му е блиска до срцето" и дека управувањето во областа е во рацете на сојузничките сили и тие нема да допуштат испади од грчка или српска страна.[51] А впечатокот на Баждаров од оваа средба е дека и Марфи иако им ветил дека ќе ги пренесе нивните барања тој самиот им се видел дека не верува во успехот на оваа нивна заложба. Марфи одел со Љапчев и Симеон Радев за склучувањето на примирјето и се вратил, најверојатно со лоши впечатоци за победниците.[52]

Во наредните неколку седмици следувале иницијативи и активности за реорганизирање на македонската емиграција во Бугарија. Одржани се собири во потесен круг на ул. Гурко бр. 22 и пошироки во Универзитетот. Се размислувало што да се прави, што да се бара, како да се бара. На 18 октомври 1918 година во амфитеатарот бр. 30 на Софискиот универзитет „Св. Климент Охридски" е одржано собрание на претставници од македонското револуционерно и легално движење, македонски емигранти во Бугарија со цел да создадат своја легална организација и да се разгледаат идеите за идната судбина на Македонија.[53] При свикувањето на тие собранија[54] за размена на мисли по однос на настанатата ситуација, за кое што решенија не можеле да донесат организаторите на собирот, тие, имале во предвид да бидат претставени, по возможност сите поранешни струи во македонските револуционерни борби од минатото. Помеѓу присутните биле Тодор Алексадров, Александар Протогеров, Иван Хаџи Николов, Христо Поп Коцев, Ѓорче Петров, Петар

[47]Ibidem, 78; ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 2
[48] Гребенаров Ал. Легалните и тайни..., 21
[49] ЦДА, ф 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 2
[50] Баждаров Г., Моите спомени ...., 78
[51] Гребенаров Ал., Легалните и тайни..., 22
[52] Баждаров Г., Моите спомени..., 78
[53] Гребенаров Ал. Македонската емиграция..., 151; ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 3
[54] Биле одржани две такви собранија (ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 3)

Ацев, Павел Христов, Анастас Лозанчев, Георги Баждаров, Кирил Прличев, Никола Милев, Љубомир Милетиќ, Иван Георгов, Симеон Радев, Евтим Спространов, Ангел Узунов, Петко Пенчев и др. Единствено следбениците на Јане Сандански т.н. „санданисти" и покрај тоа што овие моментите биле погодни да се надминат многу недоразбирања и лични страсти и да се пригушат сите амбиции, го откажале своето присуство.

Целта на овие собранија била да се сплотат дејците од одделните крила во македонското револуционерно движење и да се даде одговор на две основни прашања: 1. Какви барања да постават емигрантите од свое име и од име на своите сонародници во Македонија, кои немаат можност да се искажат и 2. Кое тело да ги предочи овие барања пред Мировната конференција.[55]

По однос на првото прашање повеќето од присутните се согласувале да се бара ослободување на Македонија од српска и грчка власт и нејзино присоединување кон Бугарија. Некои од присутните искажале песимизам по однос на присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Таквото нивно расположение е дочекано со неодобрување од мнозинството. Преовладало мислењето дека во дадената ситуација не би требало да се оди со автономниот принцип (всушност барањето за автономна Македонија е прикладно до 1912 година додека таа се наоѓа под суверенитетот само на една држава – Османската империја, додека по нејзиното распарчување помеѓу три страни тоа губи од својата содржина/суштина. Но по традиција овој термин уште долго продолжува да се употребува, заменувајќи го со барањето за независна или самостојна Македонија[56]), освен во „крајниот момент, ако се види, дека е невозможно присоединувањето на Македонија и има можност за нејзино распарчување".[57]

По однос на второто прашање, кое тело да ги постави овие барања, актуелноста на македонските братства дошла на прв план. Се донесло решение да се обноват сите

[55] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 3

[56] Палешутски К., Автономното начело в българското национално-освободително движение в Македония. – В: България 1300. Институции и државна традиция. Т. III. София 1983, 290

[57] Кои са самозванците? Едно објаснение на Изпълнителния комитет на македонските братства, София 1919, 4; Гребенаров Ал., Македонската емиграция в България след Първата световна война (октомври 1918 - октомври 1919 г.), Известия на българското историческо дружество, Т 39, 1989, 152; Идните членови на Привременото претставништво Ѓорче Петров, Павел Христов и Петар Ацев учествувале во заседанието но не се вклучиле во расправата. Оваа нивно однесување од некои учесници се толкува како „премолчано согласување со духот на разменетите мисли" (ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 3) што не може да биде точно бидејќи тие имаат сосема поинакви барања за иднината на Македонија, што ќе ги искажат преку активноста на Привременото претставништво.

братства и нивните делегати да изберат нов Извршен комитет, кој би бил толкувач на волјата на македонската емиграција, па дури и на цела Македонија. Ова решение е донесено на втората средба од 20 октомври. Грижата за свикување на собор на братствата им била доверена на Александар Протогеров и Георги Поп Христов, како членови на Извршниот комитет од 1912 година.[58]

Покрај решенијата по двете основни прашања за делување пред Мировната конференција (што да се бара и кое тело да ги искаже барањата) на средбата од 20 октомври бегалците прифаќаат и една друга иницијатива. Тие од своите редови избрале една комисија со мисија да го посети премиерот Александар Малинов, за да му ги претстави стремежите и намерите на македонската емиграција.[59] Емиграцијата сакала да ги дознае и ставовите на државните структури на Бугарија кон македонското прашање.

Прашањето за барањата пред Париската мировна конференција за статутот на Македонија било разгледувано и на 23 октомври 1918 година, кога во Софискиот универзитет во предавалната бр. 8 се прославувала 25 годишнината од основањето на ВМОРО. Со свои размисли по ова прашање се јавиле Ал. Протогеров, Т. Александров, Г. Баждаров, Симеон Радев, Петар Дрвингов, Г. Кулишев, К. Прличев и др. Преовладувале мислењата за пружање отпор и возобновување на револуционерната дејност, доколку сојузничките управи им отстапат дел од Македонија на Атина и на Белград. Други пак дејци како Ѓорче Петров и Димо Хаџи Димов засегнуваат организациони прашања. Тие настојуваат да се свика конгрес, на кој Централниот комитет на ВМОРО ќе даде отчет за извршената дејност и да биде избран нов состав. И на таа средба се наложува мислењето за возобновување на легалната организација на македонските братства во Бугарија, раководена од Извршниот комитет.[60]

Согласно решенијата донесени на погореспоменатите собранија на македонската емиграција во Бугарија испратено е окружно со укажување за организирање на собранија на братствата. Поголема активност покажале братствата во Софија, кои по нивното нефункционирање во време на војните повторно си ја возобновувале својата дејност. На собранијата на братствата се разгледувале идеите,

[58] Новите смутители..., 5; Кои са самозванците?..., 5
[59] НБКМ-БИА, ф. 324, а.е. 1, л. 769, 775. Цитирано според Гребенаров Ал. Легалните и тайни..., 24
[60] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, Т. 3, София 1997, 385

размислите и предлозите за барањата пред Мировната конференција за статутот на Македонија, за начинот и тактиката на делување во тој правец. Сите братства избирале и свои претставници за општиот собир на братствата. Што се однесува до статутот на Македонија низ сите дискусии на овие собранија на братствата се гледа барањето за автономна (независна/самостојна) Македонија.

Во подготовките на Собирот на македонските братства во Бугарија двајца претставници од емиграцијата Е. Спространов и Д. Михајлов го посетиле членот на ЦК на ВМРО Т. Александров, за да ја определи датата на соборот.[61] По уточнувањето на дата за соборот претседателот на поранешниот Извршен комитет Ал. Протогеров испратил окружно со покана за учество на истиот до раковдителите на македонските братства. Соборот започнал со работа на 22 ноември 1918 година во присуство на делегати од 21 македонско братство и македонската студентска група во една од салите на Софискиот универзитет. По краткиот отчет за дејноста на поранешниот претседател на Извршниот комитет Ал. Протогеров и секретарот Георги Поп Христов е избрано Времено биро со претседател Иван Каранџулов и секретар Никола Милев, кое требало да ги раководи заседанијата на соборот.[62]

Ова заседание подолго време го разгледувало прашањето можат ли делегатите на претставените братства да ги „изразат стремежите и желбите на целокупната емиграција во Бугарија". По тоа прашање се јавуваат две спротивставени мислења. Дел од дејците помеѓу кои биле Милан Дамјанов, Павел Шатев, Никола Ризов и Методи Поп Антов, се спротивставувале на брзиот избор на Извршниот комитет и настојувале да бидат поканети и други видни дејци со авторитет. Значаен број од присутните, помеѓу кои биле Спиридон Велев, д-р Константин Станишев, Н. Милев, Е. Спространов, свешт. К. Апостолов, биле за спротивставено гледиште – изборот да се изврши според воспоставениот ред. Оваа група била подржана од членот на ЦК на ВМРО Тодор Александров, кој присуствува како делегат од Штипското братство.[63] На крај сепак преовладало мислењето на мнозинството, дека делегатите на македонските

---

[61] НБКМ-БИА ф. 324, а.е. 1, л. 806; ЦДА, ф. 847, оп. 11, а.е. 2, л. 8 – цитирано според Гребенаров Ал., Легалните и тайни..., фуснота 17

[62] Из дейноста на сьборите и на Изпьлнителния комитет на македонските братства в България (ноември 1918 – септември 1919). София 1919, 6

[63] ЦДА, ф. 403к, оп. 3, а.е. 3, л. 2-3

братства се изразувачи на „стремежите и желбите не само на емиграцијата, но и на целиот „бугарски народ“ во Македонија“.[64]

Ако се земе во предвид на кој начин, за колку време, од колку и кои македонски братства се избрани присутните делегати на овој собир донесената декларација не би се оценила како сосема легитимна, но била прифатена од мнозинството на собирот поради недостиг од време за продолжување на дискусиите околу македонското прашање.

На 24 ноември во присуство на 43 делегати бил избран Извршен комитет на македонските братства во Бугарија составен од: Иван Каранџулов (претседател), д-р Божидар Татарчев (потпретседател), Димитар Михајлов (потпретседател), Никола Стојанов (секретар), д-р Константин Станишев (советник), Тодор Павлов (советник), и Георги Баждаров (касиер).[65] По многучасовни дискусии и меѓусебни отстапки собирот ја донел следната Резолуција: „Делегатите на братствата, искажувајќи ја несомнената волја на бугарското население во Македонија, му го даваат на Извршниот комитет мандатот да се раководи во својата дејност од следните две начела: 1. Неделивоста на Македонија; 2. Нејзиното присоединување кон Бугарија“. Оваа резолуција била поднесена од Симеон Радев.[66]

Тоа само по себе зборува дека отсуството на идејата или концепцијата за една балканска федерација, тие македонски дејци кои ја прифатиле идејата за обединување на Македонија со Бугарија не ја сметалае за актуелна и корисна за нив некакава идна балканска федерација.

Основачкиот собир на Извршниот комитет му дал право на слобода на избор на средствата со кои ќе дејствува пред меѓународните фактори за реализирање на донесената резолуција. Поради недостиг од организациски устав и време за негово

[64] НБКМ-БИА, ф. 324, а.е. 1, л 814 – цитирано според Гребенаров Ал., Легалните и тайни.., фуснота 20
[65] Иван Каранџулов – од Прилеп, главен прокурор во Врховниот касационен суд; д-р Божидар Татарчев – од Ресен, лекар во Александриската болница; Димитар Михајлов – од Битола, предавач во Военото училиште во Софија и учител во Духовната семинарија; Никола Стојанов – од Дојран, бивш професор во Софискиот универзитет и администратор на Бугарската централна кооперативна банка, Георги Баждаров – од с. Горно Броди, Серско, публицист и учител во Третата софиска гимназија; Тодор Павлов – од Скоје, бивш генерален конзул и пратеник во Отоманскиот парламент и д-р Костантин Станишев – од Кукуш, лекар при Главната дирекција на поштите и телеграфите во Софија.
[66] Кои са самозванците..., 7; Палешутски К., Македонската емиграция в България по време на Парижката конференция през 1919 г.,...56; ЦДА, ф. 403к, оп. 3, а.е. 3, л 2-5

составување форумот донел решение ИК да ги свикува делегатите од братствата периодично (еднаш месечно) или кога ќе смета за потребно.[67]

Во составот на Извршниот комитет влегле луѓе со солидно образование, интелектуелци кои имале значително влијание во општеството во Бугарија. Тоа е важна и неоспорна претпоставка за подигнување на авторитетот на македонското ослободително движење во Бугарија и пред надворешниот свет.[68] Но се поставува прашањето од чие име Извршниот комитет ја развил својата дејност? Од чие име тој барал обединување на Македонија со Бугарија? Пред сè целата таа политика на Извршниот комитет била блиска на бугарскиот двор[69] и била наложувана од оние средини во македонското движење меѓу кои бил и самиот Каранџулов. Инаку големото мнозинство од македонската емиграција немало ништо заедничко со политичката дејност на Извршниот комитет. Делегатите на братствата кои го избрале Комитетот и му ги дале горните овластувања, всушност биле делегати на брза рака избрани од обновените братства, и тоа главно софиски, во кои бројот на членовите бил мал. Значи Извршниот комитет ја изразува волјата на еден мал дел од македонската емиграција во Бугарија, на прво место во Софија, додека другата македонска емиграција не само што не се сложувала со политиката и луѓето од Комитетот туку жестоко реагирала и ја осудувала таа политика.[70]

Членовите на Извршниот комитет, во последните месеци од 1918 година непосредно пред одржувањето на Парискета мировна конференција, покрај својот ангажман за делување по македонското прашање според донесената Резолуција од Основачкиот собир на македонските братства во Бугарија, сосема ја запоставиле и другата своја задача за организирање на македонската емиграција во Бугарија.

[67] ЦДА, ф. 403к, оп. 3, а.е. 3, л. 4-5 -

[68] Баждаров Г. во своите спомени раскажува како го избрале И. Каранџулов на чело на емиграцијата:„ ...Тој порано беше само судија долги години обвинител, не се занимавал со општествени работи, ниту со македонски општествени работи. Во време на војните напишал една или повеќе статии, не се сеќавам добро, во германскиот весник „Дојче Цајтунг", кој излегувал во Софија, за македонското прашање и воопшто по бугарското национално прашање. Тоа му беше дебитирањето во неговот општественото поприште, ако не го сметаме кратковременото редакторство на в. „Новини" во Цариград во 1880 или 1881 г. Но отогаш поминаа толку настани, Македонија направи неколку востанија, а д-р Каранџулов си ја гледаше канцеларијата. „*Е си рековме, голем правник е, виш магистрат, од Прилеп и Битола е, знае француски, англиски, странците сакаат да имаат работа со постари луѓе, со поименити луѓе, па да го поставиме на чело на емиграцијата. Пак и ново име е, за тоа ново несреќно време за Македонија*"" (Баждаров Г., Моите спомени,..., 80)

[69] За подршката на Извршниот комитет од страна на бугарските власти види: Гребенаров Ал., Македонската емиграция в България..., 158-160

[70] Битовски Крсте, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавање на обединета и независна Македонија (1918-1934), ГИНИ, год. XV, бр. 2, Скопје 1971, 97

Вториот собир на делегатите на македонските братства во Бугарија бил одржан на 22 декември 1918 година. Собирот ја одобрил дотогашната работа на ИК. Делегатите ја осудиле иницијативата на група дејци, кои ги посетиле странските претсатвници во Бугарија и ја побарале нивната подршка за барањето за автономија на Македонија. Меѓу учесниците во оваа делегација биле Ѓорче Петров и Христо Татарчев. Тие биле окарактеризирани како „неодговорни и неополномоштени" од никого. На собирот се заклучува дека само „надлежно конституирани тела" можат да ги изразуваат барањата на бегалците[71], што подразбирало тело како што е ИК.

На Вториот собир на делегатите од македонските братства во Бугарија се одвива и дискусија околу финансирањето на ИК, односно се поставува прашањето дали комитетот може да прима парични средства „без знаење и согласнос од соборот„. Прашањето за субсидиите на ИК и политиката која ќе ја следи истиот, го покренува старото прашање за независноста на македонското ослободително движење, кое се провлекува за цело време на неговото постоење. Ова прашање и сега останало отворено. Некои од делеатите, како Никола Ризов, сметале дека добивајќи пари од бугарската влада, ИК ќе биде обврзан кон неа. Во ситуација на промена на условите, без согласност со кабинетот, комитетот нема да смее да делува согласно настанатите промени.[72] Во таа смисла предлогот на Н. Ризов бил поголемите приходи кои што требало да влезат во касата на ИК, со исклучок на средствата собрани од братствата, да бидат одобрени од делегатите на братствата. Се јавило и спротивставено мислење по ова прашање кое го застапувале Сребрен Поп Петров со поголем дел од делегатите на собирот, кое што се разбира како мнозинско било изгласано. Мнозинството изгласало дека собирот „му дава целосна слобода на ИК за барање на материјални средства".[73] Извршниот комитет со тоа и официјално се обезбедил со дозволата да бара и да користи материјални средства за својата активност, кои што најчесто му доаѓале од бугарската влада.

Што се однесува до барањата за разрешување на македонското прашање по завршувањето на Првата светска војна се оформиле две спротивставени тенденции за

---

[71] Из дейноста на сьборите.. , 8; НБКМ БИА, ф. 324, оп 1. а.е. 1, л. 852; Како заштитник на овој принцип се јавува весникот Камбана, кој на своите страници ИК го смета за единствено, кое го претставува „законското македонско дело во Бугарија" и ги предупрдува сите дејци, кои се надвор од братствата кои се организирани од Комитетот, да ја прекинат секоја дејност помеѓу македонските бегалци или пред странските претставници.

[72] НБКМ БИА, ф. 324, оп 1. а.е. 1, л. 851. Цитирано според Гребенаров, Легалните...,35

[73] ЦДА, ф. 403к, оп. 3, а.е. 4, л. 1-5. Цитирано според Гребенаров, Легалните..., 35

присоединување на Македонија кон Бугарија и за автономна и самостојна Македонија, застапувани од Извршниот комитет и Привременото претставништво. Непријателствата на двете спротивни тенденции во однос на разрешување на македонското прашање избувнале со најголема жестокост при крајот на 1918 и почетокот на 1919 година.

Првата конкретна задача на Извршниот комитет била да изработи еден мемоар до Претседателот на Париската мировна конферncија и до владите на големите сили. Изработувањето на овој мемоар им било доверено на Г. Баждаров и Д. Михајлов. Најголемо внимани било посветено на заклучокот – автономија или присоединување. Околу ова прашање изработувачите направиле консултативна средба и со луѓе кои што не биле членови на ИК Ал. Протогеров, Т. Александров, Љ. Милетиќ, Ив. Георгов и Симеон Радев. Прифатена била формулата на Симеон Радев. Имено било кажано дека македонското население до разделувањето на Македонија помеѓу нејзините соседи четврт век води револуционерна борба за слобода и правен поредок во својата родна земја, и нееднаш изјавувало и сега изјавува, дека претпочита една независна, самостојна Македонија. Подолу се кажува дека „врз основа на националниот принцип" Македонија би требало да се присоедини кон Бугарија – во сите случаи биле против поделбата на Македонија помеѓу нејзините соседи. Во заклучокот е содржана молбата до претседателот на Париската мировна конференција, која по прашањето за идниот статут на Македонија, се совпаѓала со Резолуцијата донесена на Основачкиот собир на ИК, имено се барало „да се присоедини Македонија цела и неделива, кон општата татковина - мајка Бугарија".[74] Мемоарот ја претставува државнотоворната и политичката програма на ИК.

Бидејќи по завршувањето на војната многу тешко можело да се излезе од Бугарија и речиси никој не можел да замине на запад, во јануари 1919 година членовите на ИК го искористиле присуството на двајца англичани во Бугарија и преку нив испратиле еден краток мемоар до премиерот на Англија Лојд Џорџ, со кој сакале

[74] Меомар до претседателя на Конфернцията на мира и до правителствата на Американските сьединени щати, Великобритания, Италия, Франция и Япония от Изпьлнителния комитет на македонските братства в Бьлгария, София 1919, 58-60; За барањата искажани од името на македонскиот народ во овој мемоар Дино Ќосев во својот историографски труд ќе запише: „Исполнителниот комитет, фалсификувајќи ја желбата на македонскиот народ пишувале: „Потполно осозновајќи ја својата националност, македонското население никогаш не престанало да ја манифестира својата желба да се обедини со своите браќа по раса од слободна Бугарија" (Кьосев Г. Дино, История на македонското национално револючионно движение, София 1954, 515)

да го направат заштитник на нивната кауза. Овој мемоар бил напишан од И. Каранџулов и одобрен од ИК. Според Г. Баждаров тие не биле убедени дека победничките сили ќе дозволат Македонија да и се додели на Бугарија. Оваа активност повеќе ја спроведувале како агитациона. И создавањето на една независна Македонија за нив во овој момет било многу малку возможно, со оглед на позициите на Србија и Грција во моменталната констелација на интереси и моќ.

Покрај општиот Мемоар ова обраќање до Лојд Џорџ ИК го сметал како барање на попрактични патишта за успех. Всушност до Лојд Џорџ е упатено молбено барање да го искористи своето влијани и од Македонија да создаде една држава под протекторат на Англија или САД. Во овие делувања ИК се обидува да игра улога на дипломат па споменувањето на САД во барањето до Лојд Џорџ неговите членови го објаснуваат како дипломатски гест за да не бидат сватени дека со тоа ја поткупуваат Англија, а всушност биле уверени дека се однесуваат само кон него и дека Англија има многу поголеми интереси во источниот басен на Средоземно море, и ако направи нешто Лојд Џорџ ќе го направи за Англија, а не за САД. Меѓутоа од сето ова немало никаков резултат.

Членовите на ИК сметаат дека доколку имало можност да отиде некој од нив лично усно да лобира во Лондон можеби ќе имало поголем успех.[75] Што се однесува до ова барање кое што нее ниту за присоединување на Македонија кон Бугарија, ниту за независна Македонија туку за **протекторат** (подвлекла МН) ИК не го соопштил на периодично свиканите собори од делегати од братствата, ниту пак добиле од нив согласност за такво нешто, плашејќи се од ризикот да бидат обвинети за предавници и дека за безпари ја продале Македонија на Англија. ИК сметал дека во овој момент било најважно да се сочува целоста на Македонија, па макар и да не биде целосно независна. Тие сметале дека Англија умее добро да ги управува своите доминиони, и да земе од нив нешто без да ги угнетува и истоштува. Се претпочитало Македонија да биде една Канада, една Јужна Африка, една Австралија, при неможноста да биде независна држава или пак да биде во составот на Бугарија, само да не останат делови од неа под српска и грчка власт.[76]

---

[75] Баждаров Г., Моите спомени...,81-82
[76] Ibidem, 82

Од 5 до 12 јануари 1919 година и на сојузничките воени мисии и на водачот на американската делегација од страна на ИК им бил поднесен еден краток мемоар, бидејќи опстојниот и потполно аргументиран мемоар ќе се позабави со преведувањето и печатењето на француски, англиски и италијански јазик на истиот.[77]

Во ова време во Софија бил дојден англискиот полковник Нејпр. Според Баждаров, тој сочувствувал со македонското дело и барал од Каранџулов двете македонски фракции да се согласат меѓусебно и да излезат со едно заедничко барање, кое тој би го однел на својата влада во Лондон. Каранџулов, како претседател на ИК во согласност со другите членови од комитетот ги поканил Ѓорче Петров и Христо Татарчев за заеднички да изработат една општа формула. Двајцата повикани првин ветиле, но потоа се откажале од оваа соработка, по што ИК на полковникот Нејпр му го предал својот мемоар на англиски во коректура, бидејќи се уште не бил одпечатен.[78]

Многу е дискутабилно прашањето околу заедничкото истапување на ИК и Привременото претставништво за една интервенција од západните сили победнички во Војната бидеки искуството од поддршката што ја барале Македонците за констиуирање на една посебна македонската држава од Илинден 1903 година до 1918 година секогаш била изневерувана, или со некакви реформски програми или со потврдување на делбите на Македонија. И Ѓорче Петров и Христо Татарчев биле најверодостојни сведоци на таа политика на Големите сили. Од друга страна требало да се согласуваат со Иван Каранџулов кој ни оддалеку не го имал нивното искуството како македонски идеолог и деец, кое впрочем го потврдува и Г. Баждаров во своите спомени.

На 27 март 1919 година до учесниците на Мировната конференција била испратена писмена молба, со која се бара Македонија да биде окупирана од сојузничките војски до крајното решавање на македонското прашање. Кон таа молба бил приложен и список на познати убиства, насилства и апсења, грабежи од Срби и од Грци по последното реокупирање на Македонија од нив.[79] На 31 март била врачена друга молба со која ИК на македонските братства во Бугарија бара да биде прифатена во Париз една делегација, која ќе ја претставува македонската емиграција. За тоа биле

[77] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 5
[78] Баждаров Г. Моите спомени..., 85; ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 5
[79] Ibidem

правени усни постапки и одпорано.[80] Во почетокот на април 1919 година бил предаден и Општиот мемоар од ИК.[81]

Во пропагандниот материјал на ИК се дава дека покрај другите активности требало да биде предадена и една петиција, со околу 19 000 потписи на македонски емигранти, глави на семејства, до Претседателот на Париската мировна конференција, со која повикувајќи се на националниот принцип се бара Македонија целосна да биде присоединета кон Бугарија.[82] Со какви средства се служел ИК при прибирањето на тие потписи се гледа и по тоа што меѓу потписите на оваа петиција се наоѓале и имиња (на пример Ѓорче Петров) кои биле огорчени противници на „обединувачката“ теза.[83] На оваа активност на собирање на потписи се спротивставило Привременото претставништво, и агититрало Македонците да не ја потпишуваат. Така што наместо да ја потпишаат повеќе ја потпишале 18 000 души.[84]

ИК не можел сосема да го игнорира сé поголемото расположение на македонската емиграција за автономна и независна Македонија како одделна политичка и државна единица на Балканот и затоа еволуирал во своите ставови, изоставувајќи ги врховистичките барања за присоединување на Македонија со Бугарија и ги прифатил барањата за автономна и независна Македонија. Овој став официјално бил истакнат на VIII собир на македонските братства одржан на 6 јули 1919 година. Оваа нова определба делумно била прифатена и од ЦК на ВМРО, односно дека нема реални услови за присоединување на Македонија кон Бугарија и затоа се прифаќало барањето за создавање на независна Македонија.[85]

Поради сите досега наведени идеи, размисли, барања, на Извршниот комитет на чело со Иван Каранџулов и Привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО на чело со Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров, Петар Поп Арсов, Павел Христов и др., или како што почнале да се именуваат обединисти (оние кои биле за обединување на Македонија со Бугарија) и санаданисти и федералисти (кои биле за посебна македонска држава со прифаќање на балканска федерација како поширока

[80] Ibid.
[81] Ib; ф. 1932к, оп. 1, а.е. 102, л. 52
[82] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 333, л. 5; АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10, 682-683
[83] Кои са самозванците?.., 9; Битоски Крсте, op. cit., 105; Палешутски К., Македонската емиграция..., 58
[84] Баждаров Г., Моите спомени...,85; Според други извори петицијата ја потпишале 19 000 души.
[85] Петреска Пачемска Д.ВМРО 1918-1934 – Хронологија ...., 22-23

рамка за решавање на македонското прашање) процесот на разединување водел кон оформување на една нова македонска емигрантска федеративна организација.

## 1.3. Гледиштата за решавање на македонското прашање во политичката и четничко пропагандната дејност на ВМРО 1919-1920 година

Македонската револуционерна организација по завршувањето на Првата светска војна се нашла во особено тешка и незавидна сосотојба. Нејзината консолидација по војната се одвивала многу бавно поради нејзиното учество во војната на страната на поразената бугарска армија[86] и распрснатоста на нејзините војводи и четници со поделбата на Македонија. Најголем дел од нив по војната ќе се најдат во Бугарија.

Во периодот на силно раздвижување и политичко активирање на македонските емигратски сили во Бугарија, пред одржувањето на Мировната конференција во Париз, кога се поставило прашањето со кои сили и средства, легални или нелегални, ќе продолжи борбата за ослободување на Македонија, повторно се активирала дејноста на Македонската револуционерна организација. Веднаш по потпишувањето на капитулацијата на Бугарија Т. Александров и неговите најблиски соработници одржале советување во Софија (крајот на септември 1918 г.), на кое била разгледана новонастанатата положба и изготвена директива за обновување на дејноста на ВМОРО.[87] Димо Хаџи Димов, Ѓорче Петров заедно со дел од старите дејци од левицата на ВМОРО барале да се одржи редовен конгрес на Организацијата, на кој Т. Александров и Ал. Протогеров, како многу експонирани во минатото да си дадат оставка и да се повлечат од раководсните фумкции во Организациајта.[88]

Тогаш членови на ЦК на ВМОРО, кои биле избрани во 1911 година, Тодор Александров, Александар Протогеров и Петар Чаулев, кои се сметале за легитимно избрани, го најавиле обновувањето на Организацијата под ново име ВМРО (Внатрешна македонска револуционерна организација). Тие ќе ја прогласат Организацијата за

[86] АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1084

[87] Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, Т. 3, София 1997, 385; Петреска Пачемска Д, ВМРО 1918-1934,..., 13

[88]Националноосвободителното движение на македонските и тракийските ..., 385; Петреска Пачемска Д.., ВМРО 1918-1934,...., 17; АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г; АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1084.

единствена реална сила која што може да го предводи македонскиот народ во борба кон слобода, најавувајќи го притоа револуционерниот метод, како единствено средство за борба против новите поробувачи на Македонија. Иницијатор за обновување на Организацијата бил Тодор Александров, кој што се издигнал во прв лидер на Револуционерната организација. Во оваа нова етапа на МРО целокупната нејзина активност се поистоветувала со неговото име.[89]

Од крајот на војната, па до потпишувањето на Нејскиот договор 27 ноември 1919 година Организацијата била во исчекување. Таа не превземала никакви револуционерни дејствија туку само мобилизаторски активности.[90] Организацијата не го решила прашањето на материјалното обезбедување на некои од бившите војводи и четници. Бидејќи немало доволно средства за сите војводи и четници, дел од нив останале без материјални средства, односно без плати. За обезбедување на својата егзистенција некои војводи и четници од Кратовско, Кочанско и Штипско започнале да се занимаваат со ограбување и разбојништво во Македонија под српска власт. Тоа продолжило и во текот на целата 1919 година.[91]

Во првата половина на март 1919 година македонските организации развиваат исклучително активна пропагандна дејност. Сигналот е даден од ВМРО која што ги имала „свиткано своите знамиња", според признанијата на нејзините раководители.[92] Тодор Александров и Александар Протогеров за време на одржувањето на мировната конференција во Париз по однос на барањата за Македонија ќе застанат на позициите на Извршниот комитет.[93] Со оглед на тоа што ЦК во состав Ал. Протогеров, Т. Александров и П. Чаулев не функционирал како таков, двајца Ал. Протогеров, Т. Александров ќе се потпишаат, како задгранични претставници на ВМОРО, под Мемоарот до Мировната конференција во Париз од 1 март 1919 година, со кој меѓу другото се бара од претседателот на Мировната конференција Жорж Клемансо да допушти една делегација од името на ВМОРО да ги изложи барањата за решавање на

[89] Златна книга. ...., 156
[90] АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1084
[91] Палешутски Костадин, Македонското.. (1918-1924)., 102; Петреска Пачемска Д. ВМРО 1918-1934, 13
[92] Гребенаров А, Легалните ..., 39
[93] Според некои извори кај Протогеров, како генерал во Првата светска војна кој директно соработувал со Германската армија, останале големи суми пари со кои го подржувал Извршниот комитет. (АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1084а). Извршниот комитет добивал материјални средства и од министерството за внатрешни работи на Бугарија, наменети за бегалците. Исто така на заседанието на редовниот собор на длегатите на македонските братства во Бугарија од 16 ноември 1919 г. е решено секое братство да внесе во касата на ИК две третини од своите суми со кои располага (ДАРМ, 1. 1200. 14/526, 537)

македонското прашање.[94] Двајцата потписници во Мемоарот ги образложуваат нивните погледи за развојот на македонското ослободително движење и улогата на Македонската револуционерна организација, нагласувајќи го повеќе гледиштето дека по Берлинскиот конгрес 1878 година македонското прашање се појавило како спротивставување на решенијата на овој конгрес за нерешавањето на „бугарското национално прашање во целина", односно поради останувањето на делови од бугарскиот народ, меѓу кои и „македонските Бугари" под османска власт и дека поради тоа била создадена и Македонската револуционерна организација внатре, а дека Врховниот комитет работел однадвор за истите цели. Со обраќање до Претседателот на Конференцијата во Мемоарот стои „Македонското прашање е во основата на балканските конфликти. Тие се една од причините за несреќите што ги снајдоа сите културни народи во Европа. Сите авторитетни гласови досега се еднодушни во тоа дека, додека не се реши правилно македонското прашање, нема да има мир на Балканот. А тоа правилно решавање може да се случи ако и на Балканот се применат целосно принципите на Вилсон". Понатаму во името на македонското население се искажува желбата „да се зачува Македонија целосна и во ниеден случај таа да не се остави под власта на Србија и Грција".[95] Како реакција на овој Мемоар Привременото Претставништво, на 15 март 1919 година, испратило „Предупредување до македонското население и македонската емиграција во Бугарија"[96]. Во него, покрај тоа што се критикува самоназначувањето на Т. Александров и Ал. Протогеров за претстаници на македонската емиграција и македонското население, Привременото Претставништво смета дека во Мемоарот „во крајно извртен вид е претставена и историјата и борбите на револуционерната организација, и во него дури не се искажува ни мислење за идната судбина на Македонија, што е уште еден показател, дека неговите автори, одбегнувајќи да се ангажираат со определено становиште, си остануваат верни на себе да не пропуштат ниеден момент за да извлечат лични морални или материјални користи за сметка на Македонија".[97] Всушност во Мемоарот само стои дека „Македонското прашање е во основата на балканските конфликти" и дека неговото „правилно решавање може да се случи ако и на Балканот се применат

---

[94] Тодор Александров, Живот легенда. Съставител Цочо В. Билярски, София, 1991, 136-146; Македония. Сборник от документи и материали, София, 1978, 626-632; Сé за Македонија ..., д. бр. 2, 19-33
[95] Ibidem
[96] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10
[97] Ibidem .

целосно принципите на претседателот Вилсон“[98], а не е презентирана никаква визија за иднината на Македонија.[99]

На 17 март 1919 година Т. Александров и Ал. Протогеров го доставиле нивниот Мемоар до генерал Кретиен, командант на Антантините војски во Бугарија со едно пропратно писмо, во кое го молат Кретиен да го препрати званично Мемоарот до Мировната конференција во Париз.[100] Потоа, на 22 август 1919 година, тие го ополномоштиле Димитар Наумов од Битола, да ја претставува ВМРО во делегацијата која од името на македонските националности ќе дејствува пред големите сили за издигнување на Македонија во независна држава. Тоа полономоштво важело и пред Мировната конференција. Наумов добил полномоштво и од Извршниот комитет за истата активност.[101] На 21 септември 1919 година од страна на Тодор Александров и Александар Протогеров е испратено и писмо до претседателот на Париската мировна конференција Жорж Клемансо, во кое се барало една делегација од ЦК на ВМРО да биде примена на Мировната конфернција за да ги изнесе барањата и желбите за решавање на македонското прашање. Но, и тоа барање не било прифатено.[102]

Тодор Александров, за време на одржувањето на Петтиот редовен конгрес на македонските братства, како делегат од Штипското братсво, си дал оставка во работите на Собирите на македонските братства во Бугарија, посветувајќи се целосно на илегалната работа на Револуционерната организација.[103] И Александар Протогеров си дал оставка во Извршниот комитет на македонските братства, односно на Собирот на братствата од 22 ноември објавил дека нема да се кандидира за новиот состав на ИК поради „познати причини“.[104] Со ова повлекување на Александров и Протогеров од официјалното работење во легалните македонски организации се гледа нивната намера за обновување на револуцинерната дејност на Организацијата. И покрај тоа тие останале во блиска соработка со луѓето од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија.

---

[98] Тодор Александров, Живот легенда. op. cit., 136-146; Македония, Документи и материали, София 1978, 626-632; Сѐ за Македонија...., д. бр. 2, 19-33
[99] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10
[100] Пачемска Петреска Д., ВМРО...., 21
[101] Сѐ за Македонија., д. бр. 3, 35; д. 8, 455; Пачемска Петреска Д., ВМРО...., 23; Палешутски К., Македонското... (1918-1924)., 103
[102] Пачемска Петреска Д., ВМРО 1918-1934, 23
[103] Златна кн, ..., 156; Петреска Пачемска Д., ВМРО., 22
[104] Из дейноста на съборите и на Изпълнителния комитет на македонските братства в България (ноември 1918 – септември 1919), София 1919, 6

Организацијата ги задржала старите организациони форми од пред Илинденското востание – поделба на пет окрузи, со окружни комитети на територијата на Македонија на чело со окружни војводи назначени од ЦК на ВМРО. Искористувајќи ја мрежата на Организацијата на целата територија на Македонија Тодор Александров веднаш по војната одржувал врски со сите делови од Македонија, под власта на Кралството СХС, Грција и Албанија. Во овој период додека не бил зацврстен воениот и политичкиот режим на Кралството СХС, Александров бил прв кој го осудувал теророт на српскиот четнички војвода Јован Бабунски. Тој ги осудил и отстранил од Организацијата војводите Иван Брло, Мите Соколарски и Григор Циклев заради вршење на грабежи и разбојништва над незаштитеното македонско население.[105]

При обновувањето на Организацијата Т. Александров се поврзал со старите бугарски државни, политички и воени фактори, кои за време на владеењето на Земјоделската влада на Стамболиски биле во опозиција, а особено со тајната офицерска организација Воената лига. Така Организацијата си добивала подршка за нејзино снабдување со оружје и муниција. Воената лига како и политичката опозиција во Бугарија во ВМРО нашла вооружена сила која што била вклучена во внатрешните политички борби во Бугарија. Раковдството на ВМРО и Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија во март 1919 година се поврзале и со италијанските дипломатски и воени претставници (полковникот Лоди) во Софија, преку кого побарале морална и материјална подршка од Италија за извршување на своите идни акции. Врз основа на водените разговори во Рим бил потпишан договор за започнување комитска акција во Македонија и поведување борба за соборување на Земјоделската влада на Александар Стамболиски.[106] Преку оваа соработка со ВМРО и непосредно со Бугарија на ревизионистички настроената Италија и се овозможувало поголемо политичко и економско влијание на Балканот. Со планираните четнички акции на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, што бил под власта на СХС Италија гледала свој интерес во дестабилизирањето на Кралството СХС.

Веднаш потоа било обновено и Задграничното претставништво на Организацијата во Софија, во состав: Георги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев. Покрај уставните задолженија за „издугање на престижот на Организацијата пред надворешниот свет, Задграничното претставништво имало за задача да врши

---

[105] Златна книга..., 156

[106] ДАРМ, Пописник 1, бр. 20, Изводи од изјавата на Станчев, Иванов Славе

агитација сред македонската емиграција за неопходноста од нелегална борба во Македонија. ЦК на ВМРО на меѓународен план воспоставила контакти со некои турски воени кругови, со косовските револуционери и со Хрватската селска радикална странка на Стјепан Радиќ во Загреб, каде што имал и свој постојан делегат.[107]

Активностите околу обновувањето на Организацијата за кратко време биле прекинати поради апсењето на Тодор Александров и Александар Протогеров, на 4 ноември 1919 година од страна на бугарската влада. Владата уапсила уште 60 луѓе под изговор дека се виновници за „националната катастрофа“ на Бугарија во Првата светска војна.[108] Само два дена по апсењето А. Протогеров избегал од затворското одделение во Софиската болница. Т. Александров, со помош на неговите најблиски соработници Стојан Мишев, Славе Иванов, Иван Арсов и Г. Прилепчански, избегал од притворот во полициската управа во Софија.[109] По бегањето од притворот тие се одлучиле за кратко време да ја напуштат Бугарија, увререни дека е можно да бидат предадени на Кралството СХС, поради нивната антисрпска активност за време на Првата светска војна и моменталниот распоред на политичките сили во Бугарија. Ал. Протогеров заминал во Европа, посетил неколку европски држави, барајќи поддршка за понатамошно дејствување, а Т. Александров се подготвувал да замине за Турција. Меѓутоа активирањето на поранешните офицери од бугарската армија и формирањето на Воената лига, како тајна опозициона организација, му дало надеж дека може да соработува со нив и тој останал во Бугарија.

По потпишувањето на Нејскиот договор на 20 декември 1919 година во Софија било одржано тајно советување на кое присуствувале членовите на ЦК на ВМРО, раководители, војводи и четници од сите поранешни револуционерни окрузи на ВМОРО во Македонија. Ал. Протогеров имал излагање за досегашната сосотојба, во кое изјавил дека дотогаш се воздржувале од четничка акција поради очекувањата на решенијата од Париската мировна конференција. Било договорено да се почнат подготовки за отпочнување на вооружената борба во Македонија под српска и под грчка власт. Било издадено циркуларно писмо бр. 9 до сите легални и нелегални дејци и војводи на ВМРО. Во писмото е објавено дека сè до создавањето на поволни услови за одржување на редовен конгрес на ВМРО, дотогашниот ЦК во состав Т.

---

107 Златна книга ..., 157

108 Ibidem, 157; Сè за Македонија, ..., д. 10, 459; Пачемска Петреска Д., ВМРО..., 23

109 Ibid., Сè за Македонија, ..., д. 10, 459; Петреска Пачемска Д., ВМРО..., 23; Палешутски К., Македонското ...(1918-1924)..., 104

Александров, Ал. Протогеров и П. Чаулев ќе продолжат со своите должности до донесување на нов устав. Званично се променува името на Организацијата од ВМОРО во ВМРО, бидејќи по Балканските војни ситуацијата на Балканот се променила и се изостава Одринскиот округ, но стариот печат на ВМОРО останал да се употребува сè до конгресот на ВМРО во февруари 1925 година. Целта на ВМРО е извојување на автономија и обединување на распокинатите делови на Македонија. Оваа циркуларно писмо е испратено до 33 личности во Софија и другите градови во Бугарија, до 19 лица во вардарскиот и до 11 лица во егејскиот дел на Македонија.[110] Всушност по известноста на решенијата од Мировната конференција во Париз Т. Александров и Ал. Протогеров целосно пристапиле кон револуционеризирање на Организацијата, преку вооружена борба да се дојде до ослободување на Македонија, без да се пренебрегнат и легалните средства на дејствување. Подготовките за нелегално комитско движење се организирале во името на автономна Македонија, со што автономијата станала основна парола на Организацијата која што почнала да се нарекува „автономистичка" ВМРО.[111]

Во првата половина на 1920 година сè уште само се подготвувал терен за дејствување на ВМРО во сите три дела на Македонија. Границата кон Кралството СХС од Бугарија ја преминувале само одделни помали чети со пропагандна цел.[112] Во рамките на овие подготовки на 3 февруари 1920 година е одржано проширено заседание на приврзениците на Т. Александров и Ал Протогеров, на кое присуствувале И. Каранџулов, Никола Стојанов, Г. Баждаров, Н.Томалевски, Михаил Монев и Аргир Манасиев (последните двајца од Петричкиот округ). На заседанието е претставен планот за започнување на четничка дејност во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија и било решено за делување во Пиринскиот крај да биде привлечен Алеко Василев – Пашата.[113] А. Василев дал согласност за содејство со ВМРО и во текот на 1920 и 1921 година бил во постојана врска со ЦК на ВМРО и со Задграничното претставништво.[114] ЦК на ВМРО изработил и „Кратки инструкции за нелегалните групи", кои важеле за целата организациона територија и требало да бидат мошне

[110] Петреска Пачемска Д., ВМРО...., 25
[111] Златна книга, ...,157-158; АСЦГ, ф. 14, к. 29/255
[112] Палешутски К. Македонското ...(1918-1924),...., 104; АСЦГ, ф. 14, к. 29/255
[113] Тюлеков Димитьр, Обечено родолюбие, ВМРО в Пиринско 1919 1934, Благоевград 2001, 15; Алеко Василев (Алеко Паша), поранешен четник од Серскиот револуционерен округ и соработник на Јане Сандански, кој имал направено некои кривични дела и бил под истрага од власта на Земјоделската влада. Тој имал создадено вооружена организација и тоа можело да биде од корист за ВМРО во Петричкиот округ за зацврстување на своите позиции наспроти власта во овој округ.
[114] ЦДА ф. 1932, оп. 1, а.е. 102, л. 54

важни тела на Организацијата во секоја околија. Во пограничните околии каде било развиено разбојништвото и недозволената трговија било предвидено да се формира по една агитаторска борбена група на ВМРО, кои требало да дејствуваат за отстранување на споменатите појави.[115]

Фактички ВМРО во пролетта 1920 година во вардарскиот и егејскиот дел од Македонија превзема систематска и организирана дејност. Дотогаш Т. Александров испраќа писма до поглавните војводи, со наредба да подготват терен за четничко дејствување.[116] Во докуметите се истакнува дека четничкото движење се организира во името на автономна независна Македонија. Автономијата станува основен лозунг на Организацијата, поради што нејзините дејци и приврзаници стануваат познати под името автономисти. Во циркуларот на ВМРО од 19 март 1920 година до раководителите на организациите во сите окрузи ЦК ги информира дека веќе била воспоставена организационата мрежа и курирските врски во вардарскиот и во поголемиот дел од егејскиот дел на Македонија. Повторно им укажува дека главната цел си останува иста автономија на Македонија независна од балканските држави под гаранција на големите сили. Од набележаните задачи приоритет и е даден на признавањето на „бугарската" народност во Македонија под српска и грчка власт, зачувувањето на „бугарската" национална свест, преку отворање на училишта, цркви, издавање на весници, списанија, брошури и др, но и поведување на оружени акции. Со тоа најдиректно се ставила во улога на афирматор на барањата на бугарските државни фактори за примена на договорите за признавање на малцинските права на „бугарското население" во Кралството СХС и Грција.

Во барањата за подршка на меѓународен план ВМРО одржувала контакти со *италијански, австриски и др. дипломатски* претставници во Софија, и директно со владите на Италија, Австрија, Албанија и Унгарија. По разговорите на Т. Александров со претставници на италијанската влада, министерството за надворешни работи, военоразузнавачката служба и др., во април 1920 година, во Рим, Италија и дала согласност на ВМРО да отвори свои претставништва во Рим и други градови и да ја користи територијата на Италија и пристаништата на Јадранско Море за испраќање чети и воен материјал преку Албанија во Македонија. Крајот на истот месец Ал.

[115] Пачемска Петреска Д., ВМРО ..., 27

[116] АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска", Београд 1933 (ракопис), 58; Биле испратени писма до војводите Симеон Кочански, Дончо Ангелов и Крсто Коњушки- Кумановски. Види: Палешутски К., Македонското ... (1918-1924), 105

Протогеров ја посетил Виена и остварил средба со премиерот и министерот на војската на Австрија. И тој добил согласност за отворање на претставништво на ВМРО во Виена и можност да се користи територијата на Австрија за потребите на ВМРО, да се отвори канал за врски и испраќање на материјал преку Виена-Загреб-Скопје. Протогеров добил иста таква согласност и во Будимпешта за каналот Унгарија-Хрватска-Македонија. Тој ја продолжил својата „дипломатска" мисија во Албанија, каде во мај 1920 година успеал да постигне договор за отворање претставништво на ВМРО во Тирана и Елбасан и за користење на некои погранични села на територијата на Албанија за префрлање на чети на ВМРО од Албанија во егејскиот и вардарскиот дел на Македонија.[117] После овие остварени контакти на ВМРО со државните врвови на споменатите земји, во Софија пристигнал Азем Бејта, еден од водачите на албанските чети, како нивни претставник, и водел преговари со ВМРО за заедничко вооружено дејствување во вардарскиот дел на Македонија против српската власт.[118]

По овие активности, ЦК на ВМРО одржала две заседанија. На заседанието од 7 мај 1920 година бил прифатен проект устав. Според него поделбата на револуционерни округи во Македонија останала иста. ЦК и понатаму се состоел од тројца членови, рамноправни во правата и задолженијата, кои се избираат на конгрес или, по специјален начин предвиден во правилникот. Значајна улога добиле пунктовите по пограничната линија. Задграничното претставништво имало претставничка и дипломатска улога. Негови членови биле: Г. Баждаров, Н. Томалевски и К. Прличев. Тие ги запознавале политичките фактори и општествената јавност во Бугарија, во европските држави, САД, ДН со состојбата во Македонија и барале подршка за ВМРО.[119]

Следното заседание на ЦК на ВМРО било одржано на 11 јуни 1920 година. На заседанието била усвоена „*Директива за дејноста на ВМРО во Македонија (Протокол на ЦК на ВМРО за воспоставување на дејноста на организацијата по првата светска војна)*", потпишан од Т. Александров и П. Чаулев.[120] Според директивата целта на Организацијата останувала иста како и дотогаш: „Извојување на слободата – под формата на автономија или независност на Македонија во нејзините етнографски и

[117] Пачемска Петреска Д., ВМРО ...., 28, 29
[118] Палешутски К., Македонското ... (1918-1924),108
[119] Пачемска Петреска Д., ВМРО..., 29, 30
[120] Македония. Сборник от документи, ..., 658-660; Протогеров во овој момент бил надвор од Бугарија и затоа не е потпишан на овој документ. (Палешутски К., Македонското .....(1918-1924), 109)

економски граници". За вардарскиот дел на Македонија Организацијата ја поставила следната задача: „извојување на федеративно управување на Југославија со Македонија како рамноправен член во федерацијата". Во таа смисла непосредни задачи на ВМРО во Македонија под српска власт биле: воспоставување на соработка со сите други незадоволни и угнетени народи со кои по легален пат ќе се бара преуредување на Југославија како федерација, во која Македонија ќе биде рамноправен член. Доколку има услови да се формира партија под име „Македонски федеративен сојуз", која ќе води легална борба, заедно со организации и партии во другите краеви на Југославија, кои ја имаат истата цел. Главни програмски начела на споменатата партија во Македонија би биле полна самоуправа на секоја област во Југославија, со народно собрание, со внатрешна управа според волјата на населението и официјални јазици да бидат јазиците на мнозинството, заеднички органи на федерацијата да бидат: единствено народно собрание, единствено министерство за надворешни работи, министерство за финансии и министерство за војската и определување на заеднички официјални јазици, а името на државата да биде Федерација на Срби, Хрвати, Словенци, Бугари и други.[121] Оваа нова ориентација за прифаќање на федерален статус на вардарскиот дел на Македонија во рамките на Кралството СХС, со легални средства и методи, претставувало политичка тактика на ВМРО откако по Париската мировна конференција пропаднале сите обиди и стремежи на Организацијата за обединување на Македонија, за приклучување на Македонија кон Бугарија или за создавање на независна и самостојна македонска држава.[122]

Според споменатата директива од 11 јуни 1920 година за Македонија под грчка власт, каде според оценките на ЦК условите за работа биле потешки, главната задача да биде зачувување на „националното сознание и име на бугарското население", истото да не ја напушта својата земја и имоти, односно да не се применува договорот за „доброволна" размена на населението, а доколку има можности да се соработува со другите националности во Македонија под грчка власт: „Турци, Евреи и македонски Грци", кои не се задоволни од грчките власти и бараат културни, просветни, религиозни и други права.[123]

---

[121] Македония, Документи..., 658-660
[122] Златна книга, ..., 160
[123] Македония, Документи..., 658-660

Новата програмска ориентација на ВМРО на чело со Т. Александров била содржана и во циркуларното писмо од 28 јуни 1920 година, кое тој го упатил од името на ЦК до населението во Македонија под српска власт. Во писмото Т. Александров го изложил автономниот статус на трите дела на Македонија, подвлекувајќи при тоа дека „цела, обединета, независна или автономна Македонија може да биде ставена под заштита на Советот на Друштвото на народите или на една од големите сили, како нејзин член, или дури може да влезе во рамките на југословенската држава како рамноправен член во Федерацијата, доколку Србите го прифатат федеративното уредување на новата држава".[124] За остварување на последната цел се изразува готовност на ВМРО да соработува со сите политички партии и организации во Македонија и во другите југословенски области кои се борат за федеративно преуредување на државата. Се препорачува на населението на закажаните општински избори на 22 август 1920 година да гласа за оние кандидати кои најдобро ќе ги претставуваат и штитат интересите на населението, а на изборите за народни претставници во Уставотворното собрание во Белград, бирачите во Македонија да гласаат за оние кандидати кои заедно со хрватските, словенечките, босанските и други претставници ќе се борат за федеративно уредување во Кралството СХС. Но, ако нема кандидати од месното население тогаш да се гласа за комунистите, под услов тие да се залагаат за федеративно уредување и примена на договорите за правата на малцинствата. Во исто време да се бара и примена на Договорот за заштита на малцинствата.[125] Во согласност со оваа програмска определба на ВМРО таа водела разговори со некои политички партии во Кралството СХС за заедничко излегување на изборите за Уставотоворно собрание. Преговарала со Југословенската демократска партија на Љ. Давидовиќ, дури имало обиди за преговори со Српската радикална партија. Но, ВМРО сепак се одлучила да ја подржи КПЈ како најекспонирана партија во опозиција во Кралството СХС.[126]

Паралелно со легалната ВМРО продолжувала да ја спроведува и својата нелегална дејност.[127] Навлегувањето на четите на ВМРО од територијата на Бугарија преку границата во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија сè повеќе се

---

[124] Златна книга...,160-161; АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1088
[125] Пачемска Петреска Д., ВМРО..., 31-32; АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1088
[126] В. „Политика", Белград, бр. 4475, 7 октомври 1920; Зографски Т., Зографски Д., КПЈ и ВМРО (обединета) во Вардарска Македонија во периодот 1920-1930, Скопје 1974, 27; Пачемска Петреска Д., ВМРО...., 34
[127] Сè за Македонија, ..., д. бр. 4, 805

зачестувало. По донесената директива за дејноста на ВМРО во Македонија од 11 јуни 1920 година на територијата на вардарскиот дел на Македонија влегле и тројцата членови на ЦК на ВМРО. Источно од Вардар се распоредиле и дејствувале: членот на ЦК Т. Александров, војводите Панчо Михајлов, Иван Јанев-Брло, Симеон Клинчарски-Кочански, Лазар Велков, Ефрем Чучков, Крсто Лазаров, и др. Тие организирале тајна месна оружена милиција. Западно од Вардар дејствувале членовоте на ЦК Ал. Протогеров и П. Чаулев, војводите Трајко Павлов, Петар Мусев и др. И воегејскиот дел на Македонија во средината на 1920 година навлегле три чети на ВМРО.[128]

Иако активностите за изградување на организационата мрежа во вардарскиот дел на Македонија и префрлањето и движењето на четите на ВМРО автономистичка, се одвивале во најдлабока илегалност, но сепак српските власти ги откривале многу брзо и ги превземале сите мерки за оневозможување на нивната пропагандна и вооружена дејност.[129] Претставниците на српскиот режим биле свесни дека со мирни средства и со убедување тешко ќе можат да го натераат населението да ги открива и предава членовинте на илегалните тела и четите на ВМРО, како и на роднините на четниците. Во почетокот на сузбивањето на оваа активност на четите биле ангажирани воените и жандармериските сили за обезбедување на границата кон Бугарија, за да се спречи нивното преминување, но кога тоа не било доволно, започнало движења на воени, жандармериски и други специјални вооружени српски формации и следење на движењето на населението, посебно на оние Македонци кои во времето на Првата светска војна, биле во бугарската војска или во други чети и единици кои се бореле на страната на бугарската армија. Биле превземени мерки да се формираат подвижни (летечки) чети од жандарми, но тие да не бидат од месното население бидејќи не можело да се има доверба во нив.

Биле собирани податоци за дотогашната разузнавачка и контраразузнавачка мрежа и се давале упатства за понатамошни мерки за нејзино засилување, се барало во тоа да бидат ангажирани и Министерството за внатрешни работи и Минстерството за војската. Освен полициски и жандармериски подвижни (летечки) чети, се

[128] Пачемска Петреска Д., ВМРО..., 33
[129] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г; АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 76/1088; АСЦГ, ф. 14, к. 29/2-4, 10

предвидувало формирање и воени подвижни (летечки) водови, кои требало да дејствуваат заедно со првите во откривање и уништување на четите на ВМРО.[130]

Во текот на подготовките за парламентарните избори во Кралството СХС ВМРО ги зајакнала и своите врски со Албанската револуционерна организација. Во ноември 1920 година е постигнато и формално согласување (протокол) за соработка, кој од страната на ВМРО е потпишан од Ал. Протогеров и д-р Филип Атанасов.[131]

Всушност, сета натамошна дејност на Т. Александров и Ал. Протогеров покажува дека паролите за автономија и федерација претставуваат само нова тактика во новите услови, во кои се согледуваше илузорноста на отцепувањето на вардарскиот дел на Македонија од Кралството Југославија.[132]

[130] Пачемска Петреска Д., Малешевијата низ историјата, кн. втора, .... 127-128
[131] Палешутски К., Македонското ...(1918-1924), 112
[132] Цветковска Надежда, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје 1990, 101. Прифатливоста на федеративната идеја за решавање на македонското прашање Тодор Александров, како лидер на ВМРО, подоцна ќе ја искаже во едно свое писмо до бившиот генерален конзул на Црна Гора во Женева. Александров одговарајќи на неговото писмо од 23 август 1923 година, и на неговиот „план за една југословенска федерација", со воодушевување му пишива, дека неговиот план, „не само што не е чудновит, туку е многу разумен": „што има подобро од тоа (пишува во писмото Александров) – Црна Гора, Босна, Хрватска, Словенија, Банат, Србија, Македонија, Бугарија – да образуваат една федеративна република. Така би се создала една голема држава од Албанските планини до Црно Море и од Трст до Солун. Кон таа федерација доброволно би се присоединиле Грција и Албанија, па и Романија, и покрај тоа што се несловенски земји, па таа би се проширила до општобалканска федерација". (Тодоровски Зоран, Идеята за балканска федерация в политическите програми, меморандуми и декларации на македонските емигрантски и революционни организации след Първата световна война, Конгреси и програмни документи след 1878 година за историята и културата на българските земи под чужда власт, сборник доклади от международната научна конференция, Кюстендил, 14-15 декември 2007 г., София 2008, 166)

# Глава втора

# МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ФЕДЕРАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 2.1. Обидите за постигнување организационо единство на македонската емиграција во Бугарија во 1919 година

Македонската емиграција во Бугарија ја дочекала 1919 година разединета и речиси на крстопат, по прашањето како понатаму да се организира и бори за решавање на македонското прашање. Двете движења претставени од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и Привременото претставништво, ја дочекале годината со спротивставенени позиции по тоа прашање. Извршниот комитет на македонските братства материјално и морално потпомаган од бугарската влада, постепено се стекнува со убедување дека е единствен изразувач на тежненијата на македонската емиграција, бегалците и на населението од Македонија.[133]

Именно уште на Основачкото собрание на братствата на 22 ноември 1918 година на начинот на кој бил избран ИК се спротивставила една група делегати (Милан Дамјанов, Павел Шатев, Никола Ризов, Методи Поп Антов). По прашањето на финансирање на ИК раководните негови луѓе наишле на спротивставување на нивниот став да се бараат материјални средства за поддршка на нивната работа и од бугарската влада. Со образложение дека таквата поддршка од бугарската влада би подразбирала и обврзаност кон неа, во името на опозицијата на раководството на комитетот се искажал делегатот од Тиквешкото братство Никола Ризов[134]. И покрај таквите превирања во собирите на братствата и разликата по однос на најважното прашање, што да се бара пред Париската мировна конференција, по самото формирање на Извршниот комитет започнуваат обиди за постигнување на консензус по однос на барањата пред Париската

[133] Гребенаров Ал., Македонската емиграция..., 162
[134] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, 1

конференција и организационо единство за претставување на истите. Прва пројава во таа смисла е неофицијалната посета од страна на Ѓ. Петров и Ан. Лозанчев кај претседателот на ИК. Двајцата изјавиле, дека се договориле со Серчани и ја определиле базата за заедничко дејствување – комитетот да се откаже од идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија. Ив. Каранџулов во името на ИК го отфрлил ова барање под изговор дека „комитетот работи за самостојна Македонија, но не треба и не може да го одрекува фактот, дека македонските Бугари сакаат да се присоединат кон Бугарија“.[135]

Друг обид во правец на обединувањето е направен кога македонската емиграција во Бугарија се обидува преку англискиот полковник Нејпр, кој се наоѓал во тоа време во Софија, да лобира за поволно разрешување на македонското прашање. Бидејќи полковникот Нејпр ги согледал разидувањата по однос на барањата за идниот статус на Македонија од страна на македонската емиграција во Бугарија, тој го советувал ИК дека доколку барањата од одделните македонски организации се воедначат, нивните изгледи за успех ќе бидат поголеми. За да се надмине овој впечаток членовите од ИК подготвиле декларација до великите сили, во која се истакнува дека, сред македонските сили по однос на основните барања не постојат разлики. Оваа проект декларација била дадена на Ѓ. Петров и Хр. Татарчев, за да се запознаат серските революционери со нејзината содржина. Тие, останувајќи на своите декларирани ставови, не се согласиле со ова изложување на ИК и овој обид за излегување со заедничко барање по однос на идниот статус на Македонија пропаднал.[136] Извршниот комитет, и покрај неуспехот за обединување на барањата на емиграцијата, на полковникот Нејпр му го предал својот мемоар на англиски во коректура, бидејќи се уште не бил одпечатен.[137]

Покрај споменатите обиди за обединување на ставовите и за сплотено дејствување на македонскта емиграција пред Парисската мировна конференција правени од страна на луѓето од двете тела Извршниот комитет и Привременото претставништво, такви обиди биле иницирани и „од долу“ од братствата. Солунското братство после неколку неуспешни обиди за убедување на раководството на ИК да отстапи од неговата пропагирана идеја за присоединување на Македонија кон Бугарија,

[135] Из дейноста на сьборите..., 17; Сѐ за Македонија ..., д. бр. 3, 797-805
[136] Гребенаров А., Легалните, op. cit, 53; Баждаров Георги, Моите спомени,... 85
[137] Ibidem

на 1 април 1919 година излегува со специјална резолуција. Во неа се истакнува дека е штетно за делото да постојат неколку групации, кои си го присвојуваат правото да зборуваат и да дејствуваат од името на Македонија. Се настојува ИК да свика сенароден македонски конгрес, кој ќе ги изглади противречностите и „да создаде едно тело кое што ќе ја претставува Македонија“.[138]

Како делегати од Солунското братство во соборот на братствата биле избрани Ив. Хаџиниколов и Ан. Димитров. Најверојатно покрај нив во помирителната акција се вклучиле и Хр. Татарчев и М. Поп Андов. Водените преговори не дале конкретни резултати а т.н. помирители растуриле меѓу емиграцијата „Апел до македонската емиграција во Бугарија“ од 18 април 1919 г. Во апелот се бара од бегалците да превземат чекори за обединување на братствата, а таму каде што нема братства веднаш да бидат основани. И во јуни 1919 г. Хр. Татарчев и М. Поп Андов направиле обид да се обедини емиграцијата со свикување на општ обединувачки конгрес.[139] Оваа иницијатива како и другите слични обиди за обединување на емиграциајта завршила неуспешно.

Под притисок на емиграцијата, која што решително се изјасни за автономија на Македонија, ИК на некој начин е принуден да го промени своето барање. Веќе кажавме дека на Основачкото собрание и во прифатената директива се застапува становиштето ИК да бара неделивост на Македонија и нејзино присоединување кон Бугарија. А во опширниот мемоар до големите сили, одвај кога веќе бил во печат, на крајот е додадено, дека доколку од било кои причини е невозможно присоединувањето на Македонија кон Бугарија, тогаш нејзиното население пред дележот претпочита создавање на независна Македонија. И на соборот од 6 јули ИК го променува своето барање. На него се решава „еднодушно да се работи само за самостојна Македонија“.[140] ИК ја променува својата цел затоа што ризикува да остане „генерал без армија“, затоа што целата емиграција е за автономна Македонија, а затоа што во текот на летото 1919 година ИК веќе има доволно „искуство“, преку кое се убедува дека, е апсурдно присоединувањето на Македонија кон Бугарија. Затоа тој наоѓа за нужно да го промени своето барање пред Мировната конференција.

---

[138] ЦДА, ф. 847к, оп. 10, а.е. 1, л. 6, 7 според. Гребенаров А., Легалните.., 53-54
[139] Гребенаров А., Легалните...., 54-55
[140] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 33

Формално гледано после 6 јули барањата на ИК и ПП се совпаѓаат. И двете организации се залагаат за самостојна Македонија под протекторат на Друштвото на народите. Редица од братствата не разбираат зошто е потребно уште емиграцијата да биде разединета, штом нејзината цел е една и иста. Некои дури се обидуваат во основата на разединувањето на емиграцијата по 6 јули да го побараат спорот помеѓу двете тела како спор за надмоќ помеѓу одделни личности, како безпринципиелна борба и кариеризам. Непобитен е фактот дека во бурните времиња околу Парискaта конференција, како и во поранешниот, а и во подоцнежниот период во македонското ослободително движење има редица моменти на кариеризам, на лични нетрпеливости, суети и сл. Но кога станува збор за спорот помеѓу ИК и ПП, тука наоѓа одраз старото противречје во македонското ослободително движење уште пред Балканските војни – борбата меѓу врховиситчката теза и внатрешните револуционерни сили.

Голем дел од емиграцијата ги прозрел намерите на ИК и не го прифатил без сомнение таквото толкување на спорот. Особено бргу во тоа се ориентира македонската студентска група при Софискиот универзитет. Таа издала неколку повици до емиграцијата, во кои ја повикува да не се подлегнува на заблудата, дека наводно ИК веќе ја напуштил присоединувачката теза и искрено застанал на становиштето за автономна Македонија.[141] Во повиците се повикува целата емиграција да се обедини околу барањето „автономна Македонија под протекторат на ДН", која ќе послужи како основа за Балканска федерација". Но друг дел од емиграцијата започнал да зборува за обединување и слевање на Претставништвото со Комитетот во едно општо раководно тело на емиграцијата.

На 3 август 1919 година македонското друштво во Стара Загора на своето општо собрание ја разгледувало настаната состојба и испратило кон емиграцијата повик и резолуција во помирителен дух. Во него се посочува дека „расцепот на македонските дејци во Софија не почива на сериозни принципиелни разлики по досегашната нивна дејност за слободата на Македонија, затоа што сите без исклучок – претставници на поранешната Внатрешна революционерна организација, тие на Серчани, како и оние, кои не припаѓаа ниту на едната, ниту на другата групи, - сите без исклучок уште во 1912 година се солидаризиравме со државната политика на слободните бугари и земавме безрезервно учество во војните за обединувањето на

[141] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 60, л. 2

бугарското племе и сите сме еднакво правни или еднакво виновни пред историјата или пред општествената совест". За тоа „појавената во последно време печатна полемика помеѓу двете македонски групи во Софија го компромитира македонското население пред надворешниот свет и пред бугарите во царството....". Како излез од оваа ситуација друштвото предлага да се испратат од сите емигрантски групи на соборот делегати, кои ќе дејствуваат еднодушно за „постигнување помеѓу водачите на двете групи согласност за општо дејствување" и за самостојна целокупна Македонија во нејзините географски граници со полна политичка, граѓанска и културна рамноправност на сите народи во неа и за нејзина независност во меѓународните односи.[142] И Тиквешкото братство во Софија донело резолуција за поскоро свикување на Велик собор на целата македонска емиграција, без разлика на народост, религија и пол, која ќе го земе во свои раце раководството на движењето.[143]

Видна улога околу идејата за обединување на емиграцијата, играле Крушевската автономна група раководена од Никола Киров Мајски и Крушевското добротворно братство.[144] Во својата резолуција распростанета како окружно[145] од 13 август 1919 г. од Крушевското братство до македонските добротворни братства и нивните делегати за претстојниот собор и до целата Македонска емиграција. Тоа е потпишано од делегатите на Крушевското братство (д-р В. Деспотов, Никола Киров, Томна Д. Крчов, Вељан Џиков, Алекс. Грданов, Перикли Чилев, Дим. Силјановски, Кирил Николов, Дим. Г. Велјанов, Васил Т. Клисаров). Во него се известува дека на своето заседание од 12 август 1919 година донеле решенија за кои молат да се прифатат и од останатите делегати и од емиграцијата. Во овие решенија има еден акцентиран елемент, а имено стремежот на крушевските делегати да се опфатат во општата борба за независна Македонија сите македонски емигранти во Бугарија без разлика на вера, народност и убедувања. Тие настојуваат во „претстојниот велик конгрес да биде претставена целата македонска емиграција во царството..."[146]. Тоа било обид да се излезе од тесноградоста на борбата на емиграцијата за независна Македонија, кога таа борба се води не само од „емигрантите бугари" туку и од другите националности на Македонија, доколку ги има такви меѓу емигрантите во Бугарија. Во

[142] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 58, 59
[143] ЦДА, ф. 847к, оп. 11, а.е. 11, л. 18-19 според Гребенаров А., Легалните...., 56
[144] Крушевската автономна група водена од Н. К. Мајски му давала полна поткрепа на Привременото претставништво и вршела силно влијание врз Крушевското братство.
[145] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 50 л. 36
[146] Ibidem

окружното се настојува „Извршниот комитет моментално да влезе во разбирање со турската, еврејската и влашката македонска емиграција во царството за брзо организирање и учество на Великиот конгрес". Покрај тоа ИК требал до свикувањето на конгресот да открие канали за разбирање со македонската емиграција во Романија, Турција и Албанија и да побара услуга од ционистичката организација за разбирање со Евреите во Солун, Битола, Штип, Скопје, Кавала, Серес, Драма и др.

Делегатите на Крушевското братство настојуваат поскоро свикување на Великиот конгрес од страна на ИК, пред разрешување на македонското прашање, за благовремено да се превземат понатамошни чекори пред Мировната конференција за заштита на идејата за самостојна Македонија во нејзините природни георгафско-политички и економски граници, која ќе биде заштитена од Друштвото на народите од идни посегнувања и ќе биде поставена под протекторат на некоја од големите сили (подвлекла М.Н.). Тие бараат комитетот „веднаш да направи писмени и усни обраќања до сите македонски организации за помирување и учество на Великиот македонски конгрес врз основа на взаемни отстапки и взаемни жртви, да се постави интересот на татковината над интересот и амбицијата на личноста, без разлика која е и на која фракција и припаѓа"[147].

Поедини македонски емигранти се обиделе, не само институционално преку своите братства, туку и индивидуално да делуваат, со свои поединечни разговори и преписки со личности од македонското движење за кои сметале дека имаат некакво влијание во истото. Таков е примерот со д-р Вл. Руменов, кој му пишувал од Стара Загора на Г. Баждаров за согласноста со барањата на Крушевското братство, ако се изземе делот за бламирање на ИК. Во писмото д-р Вл. Руменов го искажува своето мислење дека од движењето треба да се отстранат лицата кои имале одредени обврски кон владата и Германците од 1914 г. Во таа смисла соопштува дека имал средба со Т. Александров, на кој му предложил тој заедно со Ал. Протогеров да дадат јавна декларација дека се откажуваат од понатамошната дејност во македонското ослободително движење.[148] Всушност во тоа време Т. Александров веќе официјално излегол од работата на братствата и делувал само како член на ЦК на ВМРО, а исто така и Ал. Протогеров имал поднесено такво барање до Охридското братство, во кое што членувал.

---

[147] Ibid.
[148] ЦДА ф. 1685к, оп. 1, а.е. 152, л. 1, според Палештски К., Македонското... (1918-1924)..., 55

И делегатите од Кичевското благотворно братство пред претстојниот собор излегле со повик „Кон емиграцијата"[149], со цел кај емиграцијата и делегатите да бидат расветлени досегашните борби и принципиелни разлики по македонското прашање и да можат да заземат јасен став во соборот". Тие посочуваат дека целата емиграција, без исклучок, после 6 јуни 1919 г. го прифатила принципот за самостојна Македонија и со тоа кај неа завладеало согласност за заедничко дејствување.[150]

Извршниот комитет не покажал нужна сообразност и флексибилност во дадената ситуација. Тој не го препозна општото расположение и желбата на бегалците за свикување на Велик собор, кој ќе доведе до сплотување на емиграцијата и до заземање на јасен и категоричен став за идната судбина на Македонија. Комитетот изјавува дека не е подобен моментот за таков форум, и предвидува редовен собир на братствата за август 1919 г.[151]

По ова спонтано пројавување на емиграцијата и инертност на ИК, по иницијатива на Велешкото братство на 24 август 1919 г. во Софија е свикано собрание на делегати за 9-от собор, на кое учествувале 21 братство со 56 делегати. На собранието по размена на размисли е прифатена специјална резолуција за обединување на емиграцијата и се дава мандат на една петчлена комисија (Т. Челбов, Н. Ризов, Н. Киров, арх. Н. Јуруков и Кл. Размов) како неутрална да влезе во контакт со двете раководни тела, да им ја поднесе резолуцијата и да дејствува за постигнување на обединување на целата емиграција во името на дејствување за остварување на автономна Македонија.

Под дејство на обединувачките сили уште истиот ден (24 август) со откривањето на 9-от собор на братствата, соборот назначува комисија помеѓу „по-примирителните" делегати која требало да направи последни обиди за обединување на емиграцијата. Во новата комисија влегуваат тројца членови од Неутралната комисија (Н. Ризов, Н. Киров и арх. Н. Јуруков), д-р Деспотов, д-р Далкалчев, д-р А. Димитров и П. Антов.[152] На 1 септември комисијата добива и заверено полномошно, во кое стои дека таа треба да работи за „постигнување на разбирање за обединување на македонската емиграција „врз основа на самостојна Македонија во нејзинита

[149] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 33-34
[150] Ibidem
[151] ЦДА, ф. 847к, оп. 5, а.е. 8, л. 97 според Гребенаров А., Легалните..., 57
[152] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, 32

географска и стопанска целост". Рокот за писмен реферат на Комисијата пред соборот е 7 септември.[153]

Со оглед на краткото време за дејствување Комисијата ја започнува својата работа на 24 август, пред да го добие писменото полномошно, врз основа на усните полномоштва од соборот. Таа се среќава со Неутралната обединителна комисија. На средбата е востановена заедничка платформа за соработка на двете комисии:

1. Посакуваното обединување треба да започне со помирување на двете раководни тела. Ако тоа се покаже како неостварливо, обединувањето треба да се изврши сред емиграцијата, оддолу, со поканување да земе учество на еден општ македонски конгрес, кој ќе биде свикан во најскоро време;

2. Обединувањето да се постигне не за некаква времена акција, туку за создавање на една единствена организација со едно раководство до разрешување на македонското прашање;

3. Ако обидите за обединување наидат на пречка и особено ако тоа се покаже како невозможно поради односите помеѓу комитетот и претставништвото, тие ќе бидат поканети да ги положат своите мандати, уште повеќе што и двете тела ја искажале својата готовност за тоа – комитетот на 9-от собор, а претставништвото во Билтенот бр. 9;

4. Кога се имаат во предвид односите помеѓу двете раководни тела, добро познати на членовите на комисијата, Неутралната обединувачка комисија ќе ја подготви почвата за непосредни преговори помеѓу Соборната комисија и Привременото претставништво. Дотогаш Неутралната обединувачка комисија ќе одржува непрекината врска со Соборната комисија, во која има тројца членови од Неутралната комисија, за секој важен момент од преговорите;

5. Пожелно е преговорите со Привременото претставништво да бидат писмени за да се одбегнат можните недоразбирања.[154]

Уште на 25 август Неутралната обединителна комисија влегува во контакт со Привременото претставништво, кога му упатува писмо со дата 24 август 1919 г. со кое

---

[153] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, 31

[154] „Докладъ„ на обединителната комисия, избрана отъ 9-й Сьбор на македонските братства въ България, 1-3, (библиотека на Семинар за историја, Филозофски факултет, Скопје, инв. бр. 15480)

го известува за својата обединувачка мисија. Во прилог на писмото е и резолуцијата на делегатите кои беа собрани по иницијатива на Велешкото братство пред одржувањето на соборот.[155]

Неутралната обединувачка комисија имала 4 официјални средби со членовите на Привременото претставништво кои се наоѓале во Софија, а имено со Димо Хаџи Димов, Михаил Герџиков, Ѓ. Петров и П. Христов и 2-3 неофицијални средби со Ѓ. Петров и П. Христов или смо со Ѓ. Петров. Тие по однос на преговорите размениле четири писма (последниот одговор до Неутралната обединувачка комисија задоцнил поради технички причини кои не зависеле од неа).[156] Во првиот одговор од 29 август 1919 г. од Привременото претставништво до Неутралната обединувачка комисија е објавена и декларација до членовите на комисијата, во која се констатира, покрај другото, дека гласот на мнозинството на македонската емиграција за иднината на Македонија е добро познат. Тука постои единство на дело. Меѓутоа Привременото претставништво нема ништо против бараниот собор од помирителната комисија под услов да биде свикан од страна на претставништвото. На Извршниот комитет му се поставуваат и други услови: со повлекување на Мемоарот до Мировнат конференција и анулирање на сите постапки направени во духот на истиот, да се откаже јавно од идејата за присоединување на Македонија кон Бугарија, бидејќи македонската емиграција во своето големо мнозинство не се солидаризирала со оваа директива и не ја прифатила; да потврди дека не одржува никакви врски со Т. Александров и Ал. Протогеров; неговите членови да не учествуваат на општиот собор. Уверувајќи дека и тоа ќе се повлече по отворањето на соборот Привременото претставништво поставува и други услови – официјалната власт да даде ветување дека нема да ја ограничува волјата на бегалците и работата на соборот; делегатите од Струмичко и Ѓумурџиско да бидат ослободени од ограничувањата, кои се во сила, за движењето во новите земји, за да можат да присуствуваат на соборот; цензурата да ги третира и двете организации на еднаков начин; во работата на соборот да не се пуштаат бивши македонски дејци, кои

[155] Ibidem, 8-9; Во „Повикот до целокупната македонска емиграција во Бугарија" од 20 септември 1919 г. во име на Приврменото претставништво стојат само имињата на Ѓ. Петров и П. Христов, и е забележано дека, „Повикот на Неутрално Обединителната комисија и поканати ги добивме во отсуство од Софија на четворицата останати членови од Приврменото претставништво, поради што Претставништвото не може веднаш да има заседание за одговор" (АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/.10)
[156] Ibid., 3, 22

во очи на војната и во војната учествувале во преговори, сојузи, апели и сл. со туѓи фактори од името на внатрешната организација.[157]

Во писмото од 2 септемри упатено од Неутралната обединувачка комисија до Привременото претставништво, таа не ги прифаќа поставените условите за свикување на општиот собор. Предлага соборот да биде свикан преку повик, напишан од Обединителната комисија и потпишан од секое раководно тело, да биде распратен пооделно од двете ракводни тела до нивните организации, и истиот да биде припотпишан и од Обединителната комисија. Во повикот јасно да биде истакнато становиштето за А в т о н о м н а   М а к е д о н и ј а   в о   н е ј з и н и т е   г е о г р а ф- с к и   и   е к н о н о м с к и   г р а н и ц и (подвлечено во оригиналот МН); соборот да има врховна задача да ја санкционира оваа формула прифатена од организациите на која се додава и з а ч у в у в а њ е   н а   п р а в а т а   н а   с и т е   н а ц и о н а л н о с т и   и   в е р о- и с п о в е д и (подвлечено во оригиналот МН).[158] Краткиот одговор на претставништвото доставен до комисијата од Ѓорче Петров наредниот ден (3 септември 1919 г) го одбележува крајот на помирителната акција. Во овој одговор најсуштествено е основаното обвинување кон комисијата дека наместо да посредува „скромно и неутрално“ во спорот, таа се обидува да заземе трета и тоа водечка страна.[159]

Иако неутралната Обединителна комисија не успеала сосема да ја исполни својата задача, таа не престанала да работи на тоа. Издала окружно писмо до целокупната македонска емиграција во Бугарија на 6 септември 1919 година. Во окружното Комисијата ги објавува Извршниот комитет и Привременото претставништво за незаконски избрани тела. Комисијата излегла со своја програма во која ја повторува неопходната потреба од помирување на целокупната македонска емиграција во Бугарија врз една програма која содржи: Свикување на заеднички конгрес и двете тела да дадат отчет за нивната дотогашна дејност, а)да се манифестира обединувањето на емиграцијата, б)да се манифестира принципот за автономија на Македонија в) да се избере заедничко раководно тело кое ќе дејствува за постигнување

[157] Ib. 12-17
[158] Ib. 18-21
[159] Ib. 22

на идеалот за самостојна Македонија во нејзината географска и стопанска целост, и д) да се избере редакциски комитет за орган на емиграционото тело.[160]

Окружното писмо на Неутралната комисија е подржано со резолуција од Костурското братство во Софија од 14 септември 1919 г. Во резолуцијата Костурското братство ги подржува заложбите на Неутралната комисија за свикување на Велик собор на 28 септември 1919 г. и повикува емиграцијата да дејствува во таа насока врз своите раководства. Доколку раководните тела (комитетот и претставништвото) не сакаат да го направат посакуваното обединување, тогаш македонската емиграција треба да го наложи обединувањето одддолу преку испраќање на делегати на свиканиот од Извршниот комитет конгрес на истата дата.[161] Неутралната комисија добива подршката уште од 22 братства. На 15 септември нивните делегати за општиот конгрес се собрале на советување, на кое го испушале рефератот на Неутралната обединителна комисија за нејзината дејност и нуждата од обединувањето. Ова советување прифаќа специјална Резолуција, со која ја ополномоштува Комисијата „да ја продолжи својата дејност за обединувањето на емиграцијата" и во духот на окружното од 6 септември да издаде повик кон целата македонска емиграција во Бугарија, за да ја покани да земе учество во свиканиот конгрес од комитетот за 28 септември во Софија.[162]

После окружното писмо до македонската емиграција во Бугарија од 6 септември на Неутралната комисија против нејзините постапки овде онде се појавуваат некои групи. Така од Ќустендил до комитетот пристигнала телеграма со копија до Никола Ризов со дата 19 септември 1919 година во која се вели дека „со почнувањето да ја обединат македонската емиграција во царството преку окружното Ризов и неговите другари внесуваат забуна и раздор сред нас".[163]

На 19 септември 1919 година на бугарската делегација на Париската конференција и бил врачен проект договорот за мир, со кој Македонија останува поделена според договорот од 1913 година со корекција за Струмичката област, која и се одзема на Бугарија и е доделена на Кралството СХС.[164] По веќе извесниот крај на мировната коференција ИК го свикал првиот Велик собор на македонските братства во

[160] Никола Киров Майски, В строя на Македония, исторически факти, бележки и документи, дел II, бр. 13 (АИНИ, Скопје, Сл. IV 242/II); АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10
[161] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 37
[162] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 38
[163] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 50, л. 43
[164] Дневници (стенографски) на XVIII ОНС, I редовна сесия, открита на 8 XI 1919 г. Кн. I. София 1920,4 - 5

Бугарија. Следниот ден, Неутрално обединителната комисија излегла со „Повикот до целокупната македонска емиграција во Бугарија“[165], за свикување на општ собор на македонската емиграција во Бугарија. Во него се нагласува дека „Ако има момент кога треба да бидеме сите сплотени со својот дух – во едно целосно едномислење и еднодушие – и кога сите треба да бидеме обземени само со еден идеал, со една желба и со еден стремеж, тоа е денешниот момент. Никогаш нашата мисла не била исплашена како денеска, никогаш нашите надежи не биле расколебани, како денеска, никогаш нашата вера не била изложена на испитување како денеска; но затоа пак никогаш повеќе од денеска не ни претстоело да имаме цврста мисла, крепка надеж и нескршлива вера во правичноста на нашата кауза, која со заеднички усилби и железна волја да го заштитиме на начин, достоен за еден народ, кој низ векови бил народ на творештвото, на цивилизацијата и на слободата.“[166]

На Првиот велик собор свикан на 28 септември 1919 година, иако не се оствариле надежите за помирување на двете тела и обединување на емиграцијата, напорите и активностите на Обединителната комисија и силите од емиграцијата што ја подржале, придонеле делегатите на споменатитот собор да го прифатат автономниот принцип. Во резолуцијата донесена на истиот стои дека „Собирот упатува во името на правото на хуманоста и на трајниот мир, врховен повик кон Париската мировна конференција и ја моли да ја издигне Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна држава, независна од другите балкански држави“.[167]

Во повикот до цивилизираните народи упатен од Првиот велик собор на македонските братства во Бугарија се повторуваат барањата за: за враќање на бегалците во Македонија при полна слобода и неприкосновеност; допуштање на една македонска делегација на Мировната конференција; окупирање на Македонија од големите сили или од една од нив до конечното определување на нејзината судбина; спроведување на плебисцит под услови да биде обезбедено слободното пројавување на волјата на македонското население, со уверување дека македонското население без разлика на вера и народоност ќе посака создавање на една независна Македонија.[168]

---

[165] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10
[166] Ibidem
[167] Резолуции на Великия сьборь на македонските братства вь България (28 септември – 1октомври 1919 г.)
[168] Ibidem, 5-7

Соборот и во телеграмата до претседателот на САД Вилсон и во писмото до законодавните тела во Америка, Англија, Франција, Италија и Белгија и до сите познати личности во странство – заштитници на македонското дело барал да гоземе во предвид ова барање за создавање од Македонија една независна држава на Балканот, со што ќе биде праведно разарешено македонското прашање, ќе бидат задоволени барањата и стремежите на целокупното македонско население и ќе биде обезбеден и гарантиран мирот на Балканот.[169] Во овие обраќања од соборот само во писмото до секретарот на Социјалистичката интернационала во Брисел е прифатен федеративниот принцип. Во упатената молба преку него до Интренационалата „да се застапи за издигање на Македонија во одделна и независна држава на Балканот, зашто само тогаш ќе настане мир на Балканот и ќе се создадат услови за федерирање на балканските држави и народи. Во спротивно ако Македонија остане и за напред под српско и грчко ропство, ќе се овековечат спротивностите и омразата, така штетни за балканските народи и општиот мир“.[170]

Неутрално обединителната комисија добила приврзаници во значетелен дел од бегалците. Претставници од многу софиски братства ја поткрепиле нејзината платформа. За тоа повлијаеле различни фактори, меѓу кои значајно место зазема нуждата од сплотување на емиграцијата – задача, со која двете македонски бегалски организации не можеле да се справат. И самиот персонален состав на Неутрално обединителната комисија има своја улога во нејзиниот успех. Кон нејзината работа се приклучиле и познатите македонски дејци Владислав Ковачев и Христо Татарчев.[171]

Од досега изложеното произлегува дека левата струја која се оформила во рамките на Сојузот на македонските добротворни братства во Бугарија успеала да однесе идејна победа на Првиот велик собор. Приврзениците на идејата за присоединување на цела Македонија кон Бугарија морале поради објективни услови и расположението на емигрантските маси да се повлечат и дури декларативно да ги прифатат идеите за автономија и федерација.[172]

Поставуваното прашање за консензус по однос на македонските барања пред Париската мировна конференција во текот на 1919 година има свое големо

[169] Ibid., 6-8
[170] Ib., 8
[171] Гребенаров А., Легалните..., 60
[172] Пачемска Петреска Д. Федративната идеја..., 48

оправдување. Во текот на подготовките и работата на Мировната конференција имало надеж дека може да се повлијае на факторите кои имаа учество во крајните одлуки на Конференцијата. Тука треба да се нагласи дека во овие судбоносни моменти од македонската емиграција се појавуваат двете спротивставени барања: 1. од Привременото претставништво за автономна и независна Македонија и 2. од Извршниот комитет за присоединување на Македонија кон Бугарија. И покрај тактичките потези на Извршниот комитет, особено во втората половина на 1919 година, оваа идејна и принципиелна разлика тешко можела да се надмине. Премногу биле присутни и личните недоразбирања, нетрпеливости и амбиции.

Обидите за обединување и заедничко дејствување на македонските революционерни сили водело кон повторно разединување. За жал, тоа се претвора во традиција, која што е проследена во различни етапи на развојот.[173]

[173] Гребенаров А., Македонската емиграция..., 157

## 2. 2. Состојбите во Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија и формирањето на Привремената комисија на македонската емиграција во 1920 година

По потпишувањето на Нејскиот договор Привременото претставништво полека се саморастура. Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија ја продолжил својата дејност, сега декалративно во духот на прифатената ориентација за борба за самостојна Македонија во нејзините природни граници. Оваа идеја започнал да ја шири преку својот печатен орган „Македонија“, кој започнал да излегува на 29 ноември 1919 г.[174]

Во овој период кога во собирот на братствата Извршниот комитет почнал сè повеќе да ја губи поткрепата на својата политика што ја воделе т.н. „присоединители“ почнал да се искажува за можноста за прифаќање на федеративно уредување на Кралството СХС, во кое Македонија би била посебна федерална единица. Во овие борби за унитаризам или федрализам во Кралството СХС Извршниот комитет ја подржува федративната опција заедно со Хрватската селска радикална странка на Стјепан Радиќ. Извршниот комитет решавањето на македонското прашање во рамките на Кралството СХС го гледа како политичко издвојување на Македонија во федерална единица, но со гледиште дека мнозинскиот дел од населението во Македонија е бугарско, ако се изостават Турците, Власите и Евреите.

И овој состав на Извршниот комитет, избран на Првиот велик собор во септември 1919 година на чело со И. Каранџулов, иако формално застанал на заложбата за автономна Македонија, набрзо по својот избор почнал да се враќа на своите стари идеи и принципи.[175]

Во летото 1920 година Иван Каранџулов прави четиримесечна обиколка низ Европа. Целта на неговата мисија била да придобие подршка од влијателни политички

[174] В. „Македония“, София, бр. 1, 29 ноември 1919, 1, Нашата програма
[175] Пачемска Петреска Д. Федративната идеја..., 50.

и други дејци, и да се претстави пред странската јавност неопходноста од преразгледување на решенијата од Париската мировна конференција по однос на Македонија. Каранџулов во Рим покрај претставувањето на историјата на македонското прашање се задржал и на состојбите (терор, насилство, денационализација) во егејскиот и вардарскиот дел од Македонија. Каранџулов се обидел на своите соговорници да им докаже дека желбата на населението од Македонија е само една – создавање на слободна и независна Македонија со уставна форма на управување по примерот на Швајцарската конфедерација.[176] Посетата на Каранџулов наоѓа одраз и во италијанскиот печат.[177] Таквиот прием во Италија може да се објасни со нејзината заитересираност за Јадранскиот брег и Балканот, кои по Париската конференција и се попречени од српска страна. Во лицето на Кралството СХС, зголемено и толерирано од Франција, владеачките средини во Рим гледаат основна пречка за утврдување на својата хегемонија. Во Италија се јавува желба за ревизија на мировните договори, што ја насочува нејзината надворешна политика кон победените страни. Тоа подразбира да се има за сојузник и секој оној кој се бори против Кралството СХС. Каранџулов ги посетил и Франција и Швајцарија но без таков успех.[178] На XVIII редовен (месечен) собир на македонските братства во Бугарија при Извршниот комитет е образувана посебна комисија која требало да се грижи „за културното подигнување на емиграцијата и будење кај истата сé повисоко сознание за нејзиниот долг кон татковината“[179]. Во составот на оваа 10-члена комисија влегуваат: д-р А. Димитров, д-р Н. Иванов, Тома Карајовов, Вл. Ковачев, Вл. Робев, Хр. Попов, Ив. Снегаров, Н. Киров, Н. Милев и Н. Ризов.[180]

Сојузот на македонските братства во Бугарија на 16 мај 1920 година го усвоил Уставот на СМББ. Уставот е составен од 42 члена разделени во 8 глави, кои воглавно се однесуваат на целта, средствата за нејзиното реализирање и структурата на легалната организација.[181] Со редовното свикување на соборите, донесувањето на Уставот на СМББ, под влијание на пропагандата за успешна работа на ИК бегалците добиваат лажен впечаток дека по несреќниот мировен договор за судбината на Македонија раководителите на емиграцијата се сплотени. За жал овој состав на

[176] В. „Македония“, бр. 54, 19 април 1920
[177] Ibidem, бр. 53, 10 април 1920
[178] Ibid., бр. 78, 15 септ. 1920
[179] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 52, 4
[180] Ibidem
[181] ЦДА, ф. 85к, оп. 2, а.е. 124, л. 2-7. Цитирано според Гребенаров А., Легалните..., 79

Извршниот комитет на чело со И. Каранџулов, иако формално застанал на заложбата за автономна Македонија, набрзо по својот избор почнал да се враќа на своите стари идеи и принципи.[182] Таквото однесување на комитетот ја условило дејноста на веќе издвоената опозиционо струја внатре во Сојузот на братствата уште во претходната 1919 година да продолжи со своите заложби за борба против тврдото десно крило во комитетот.

Разединувањето сред македонската емиграција се гледа и преку разединувањето и отргнувањето на некои братства од ИК, кои отворено застануваат против работата на комитетот. Во раководството на Костурското братство се забележува опоёиција кон ИК. По првиот Велик собор на братствата бегалците од Костурско под влијание на Неутрално обединителната комисија преминуваат кон Сојузот на македонските братства. Но очигледно било дека тоа е само привидно помирување бидејќи делегатите од Костурското братство на сите редовни собори биле во опозиција на членовите на ИК. Особено критички настроен бил нивниот претседател Никола Јуруков, кој предлагал дури и да се отповикаат нивните делегати, т.е. да се прекинат врските со ИК. До целосен прекин во односите не дошло, но делегатите од Костурското братство продолжиле да бидат опозиција на Комитетот.[183]

Во опозицијата против ИК се приклучуваат и други учесници и симпатизери на поранешната Неутрално обединителна комисија, која дејствувала во текот на 1919 година – Н. Ризов, д-р Н. Иванов, Н. Киров, Кл. Размов, Хр. Татарчев, М. Дамјанов, М. Поп Андов и др. Комитетот е критикуван за финансиското работење, за доцно испраќање на делегат во странство, кога за европската дипломатија „одамна престанало да постои македонското прашање", за незаинтересираност кон другите националности во Македонија и сл. Не се одобруваат бројни постапки на претседателот Ив. Каранџулов. При гласањето на Сојузниот устав се отфрлаат некои членови".[184]

Владислав Ковачев, идеологот на Неутрално обединителната комисија, ќе направи уште еден обид за помирување меѓу раководните структури во емиграцијата.

---

[182] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 50.

[183] ЦДА, ф. 847к, оп. 11, а.е. 1, л. 2; а.е. 4, л.1. Цитирано според Гребенаров А., Македонските легални..., 83-84

[184] ЦДА, ф. 847к, оп. 5, а.е. 1, л. 24, 25; НБКМ-БИА, ф. 324, оп. 1, а.е. 1, л 1276. Цитирано според Гребенаров А., Легалните..., 84

На 10 октомври 1920 г. самоиницијативно свикал средба на раководни лица од Софиските братства во стопанското училиште „Марија Лујза“ во Софија. В. Ковачев на присутните подетално им ја претставил идејата за независна Македонија како рамноправен член на Балканска федерација. Но мнозинството од присутните – Хр. Станишев, Т. Карајовов, К, Николов, А. Димитров, Ев. Спространов и др. не се согласиле со неговите убедувања со образложение дека решенијата од првиот велик собор за независна Македонија во нејзините географски, етнографски и економски граници за нив е најисправното во моментов и не подлежи на ревизија.[185] Оваа средба е еден од показателите за непомирливоста на веќе профилираните две струи во македонската емиграција во Бугарија.

Спротивностите помеѓу овие две струи во Сојузот на македонските братства во Бугарија се повеќе се изострувале и тоа најмногу доаѓа до израз на Вториот велик собор на братствата, одржан 17-20 октомври 1920 година во Софија. На соборот учествувале повеќе од 200 делегати од 68 братства во Софија и од провинцијата.[186] По вообичаените свечени поздравувања претседателот на ИК Ив. Каранџулов дал отчет за неговата мисија во странство, а секретарот П. Станков и касиерот Ф. Атанасов поднеле известување за организационата и финансиската состојба на Сојузот. Во бурната дискусија околу работата на комитетот делегатите се разделиле на две групи. Првата група во целост ја одобрувала дејноста на ИК. Втората група ја одобрила финансиската и делумно организационата дејност на комитетот, но политичката дејност, развиена од Иван Каранџулов со неговото патување во Италија, Швајцарија и Франција, е подложена на остра критика и е отценета како незадоволителна. Изразувачи на ставовите на првата група биле Н. Милев, Вл. Кусев, Н. Иванов, Т. Карајовов, Ср. Поп Петров, Н. Томалевски, Ив. Караџов, Г. Баждаров и др. Во втората група биле Вл. Ковачев, Н. Јуруков, Хр. Татарчев, В. Каназирев, Ј. Анастасов, Кл. Размов, Н. Киров А. Димитров студентот Атанасов и др.[187]

---

[185] НБКМ БИА, ф. 324, оп. 1, а.е. 1, л. 1616-1617. Цитирано според Гребенаров А., Легалните..., 85

[186] В. „Македония“, бр. 88, 23 окт. 1920

[187] Ibidem; В. „Зора“, бр. 432, 22 октом. 1920; В. „Утро“, бр. 3380, 21 октом. 1920.; За несогласувањата околу политичкото делување во странство во првата половина на 1920 г. зборува Т. Александров во писмо до Ал. Протогеров (најверојатно од мај 1920 г.), каде ја критикува активноста на д-р Ф. Атанасов за соработка со македонската емиграција во Швајцарија (со подршка од министерот Ал. Димитров). Александров на предлогот на Чаулев да замине за Швајцарија и да ја оневозможува работата на д-р Атанасов одговорил дека „Организациајта не треба да испраќа свои агитатори-оваа работа сега може и треба да ја изврши Извршниот комитет“. (Сѐ за Македонија, ...., д. бр. 15, 851-852)

Противречностите помеѓу делегатите на Вториот велик собор на македонските братства во Бугарија иако биле најголеми по прашањето за идната судбина на Македонија, не се исцрпувале само по него. Конфликтот помеѓу нив избувнувал и при ситни поводи до последниот ден на соборот. Во очи на денот на изборот на новиот состав на ИК во куќата на Петар Глушков се собрале 25 луѓе, блиски на политиката на Комитетот и на ВМРО. Тие се договарале за составот на идниот ИК, во кој се проектирало да влезат тројца членови од стариот ИК и петмина од учесниците на оваа ноќна средба.[188]

При изборот на ИК повторно се јавило разногласие. Раководството предлагало изборот да се направи со тајно гласање, а опозицјата се спортивставила. Во име на опозицијата Хр. Татарчев и Н. Јуруков се спротивставиле на предлогот во комисијата за изготвување на предлогсоставот на идниот комитет тие да бидат пропорционално застапени. Се настојувало за подеднаков број на претставници, но нивното барање отпаднало поради мал број на гласови. Христо Татарчев во својот говор околу изборот на Извршниот комитет ја потенцирал важноста „да се избере еден хомоген кабинет“ според него „не е пожелно да има и од едната и од другата страна компромиси“, повикувајќи ги присутните делегати да се ослободат од „личните и партиските елементи“ бидејќи „додека се дејствува по тамошните традиции и тамошниот менталитет и консеквенците ќе бидат такви“.[189] Исто така биле надгласани и по предлогот гласањето на сосотавот на Комитетот да биде јавно.[190] Со тоа опозицијата не можела да спречи да се изгласа листата која што му одговарала на досегашното раководство на Комитетот.

Во една таква атмосфера на некој начин со исконструирано востановување на новото раководство на братствата една група од опозицијата околу 63 луѓе на број го напуштила соборот без да гласаат.[191]

---

[188] Меѓу присутните на средбата според Е. Спространов биле Т. Карајовов, Н. Томалевски, Ал. Станишев, Д. Михајлов, Н. Милев, Ј. Мирчев, Хр. Попкоцев, Г. Баждаров, Ј. Бадев, Д. Крапчев, Ј. Јанков, Л. Томов, К. Николов, Вл. Буљов, К. Прличев, Хр. Попов и П. Глушков (НБКМ- БИА, ф. 324, оп. 1, а.е. 1, л. 1634-1635. Цитирано според Гребенаров А., Легалните...,87)

[189] ЦДА, ф. 1747к, оп.1, а.е. 16, л. 1

[190] Околу начинот на гласање Г. Баждаров, заштитник на политиката на ИК, бил предлагач за тајно гласање, а во уставот на СМББ начинот на гласање нее кажан изричито. ( Баждаров Г., Моите спомени..., 92); ЦДА, ф. 1747к, оп.1, а.е. 16, л. 1

[191] Бадев Йордан, Трите македонски организации, София 1921, 20

Од делегатите што го напуштиле Вториот велик собор е избрана петчлена Привремена комисија во состав: д-р Хр. Далкалчев, арх. Н. Јуруков, д-р. Хр. Татарчев, д-р. А. Димитров и д-р Ф. Атанасов. Привремената комисија е составена од бившите помирители помеѓу ИК и Привременото претставништво.[192] И двете страни изнеле разни причини за одделување на опозијата на ИК и нејзиното оформување во Привремена комисија.

Лицата кои што ја штителе и застапувале политиката на ИК, како што биле Г. Баждаров, Ј. Бадев и др. категорички тврделе дека немало никакви принципиелни разлики помеѓу ИК и Привремената комисија на македонската емиграција во Бугарија. Ј. Бадев во својот реферат одржан на Третиот велик собор на македонските братства во Бугарија меѓу другото вели: „апсолутно ништо идејно не не дели. Една и иста цел имаме и едни и исти средства за таа цел: Автономна Македонија по пат на една легална меѓународна пропаганда“.[193] Според Јордан Бадев разногласијата што се појавиле и отцепувањето на групата делегати тука е мотивирано само од преголемата амбиција на нејзините најпознати водачи да ги истиснат старите способни и „опитни“ членови на Извршниот комитет и сами да станат значајни фактори во него и т.н.[194] Самото расцепување на Вториот велик собор и одделување на Привремената комисија од страната на ИК се објаснува единствено поради начинот на изборот на новиот состав на Комитетот, односно дека не бил прифатен предлогот за јавно гласање на делегатите што се одделиле, туку дека бил прифатен предлогот на „мнозинството“ да се гласа тајно.[195]

Наспроти овие толкувања и размислувања, Привремената комисија дава поаргументирани причини за овие настани. Таа смета дека и покрај усвоените начела на Првиот велик собор, поранешните приврзаници на „присоединувањето“ не докажале на дело дека искрено ја прифатиле чистата автономна идеја, не успеале да стапат во врска со другите народни македонски организации кои го подржувале барањето „Македонија на Македонците“, дека свесно оди кон тоа македонското

---

[192] Со своето одвојување од Извршниот комитет Привремената комисија во октомври 1920 г. писмено се обратила до благајникот на ИК, д-р Ф. Атанасов, кај кого се наоѓале суми собрани од братствата, со напомена дека по расцепот во Сојузот со нив не треба да располага само ИК. (ДАРМ. 1. 1200. 14/ 539)

[193] Ibidem

[194] Ibid., 22, 29

[195] По въстановяване единство средн емиграцията (Извлечение от протоколите на Третия Велик Сьбор), София 1921, 1; Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, Според данни на Вътрешната македонска революционна организация, май 1923, 12

ослободително движење“... да го потчини на интересите и разбирањата на извесни политички лица и партиски штабови“.[196] Токму поради таквата улога на врховистите од Извршниот комитет, Привремената комисија ја продолжила својата дејност и го подготвила организирањето на новата федеративна македонска емигрантска организација. При тоа таа настојувала да остане доследна на автономната и федеративната идеја при конципирањето на нејзината националноослободителната програма.[197]

Во почетокот на ноември 1920 година Привремената комисија излегува со еден повик до македонската емиграција во Бугарија. Во него јавно е објавено одвојувањето од СМББ и формирањето на Привремената комисија. Во повикот се посочува дека „погрешните патишта чинеле многу солзи и гробови на Македонија“. Како погрешен е окарактеризиран и патот за присоединување на Македонија кон Буграија. Забележано е дека по тоа прашање дејците на Македонија секогаш биле раздвоени и воделе „лути борби“. Понатаму во повикот стои дека водејќи цела година борба против таа ориентација на ИК лицата на Привремената комисија изјавуваат дека одкако направиле „сè што можеле за нивното вразумување и опоменување“, биле принудени да го напуштат Великиот собор, за да не носат повеќе морална одговорност за дејствијата на ИК. Привременета комисија ги декларира и начелата од кои ќе се раководи во својата дејност. Тие изјавиле дека „чистотата на автономната идеја стои за нас повисоко од сите други мисли и во името на нашето политичко барање за создавање на автономна и самостојна Македонија како одделна политичка единица, независна од балканските држави, која ќе служи како обединувачка алка меѓу нив, Ве покануваме на заедничка борба.[198] Во повикот е објавена и платформата од 7 точки на Привремената комисија.[199] Во неа тие се застапувале македонското движење да биде чисто македонско, да биде заштитено од секакви надворешни државнички, партиски, фракционерски и други влијанија. Со убедување дека може да се организира целокупната македонска емиграција без разлика на вера, народност, пол и убедување, во легални македонски организации во Бугарија, Романија, Цариград и Америка, предвидувале организациите на Балканот да образуваат општ македонски сојуз од сите народности на Македонија. За да се избегнат балканските влијанија предвидувале

[196] В. „Автономна Македония“, бр. 19, 16 април 1921; ДАРМ 1. 1266. 1. 39/ 117-119
[197] Пачемска Петреска Д.. Федративната идеја..., 51
[198] В. „Автономна Македония“, бр. 19, 16 април 1921; Н. К. Майски, Документи за делото..., бр. 69
[199] Ibidem

управното тело на овој сојуз да биде во Женева – седиште на Друштвото на народите. Сојузот на македонските организации ќе издава и свој орган во Женева. Во демократски дух е и предвидувањето да се запазува пропорционалноста во сите дејности и институти. Општиот конгрес на организациите ќе ги изработува директивите и ќе избира централно управно тело. Како следна задача е предвидено влегување во врски со сите напредни фактори, кои на своето политичко знаме го имаат принципот за самоопределување на народите.[200]

Во оваа платформа на Привремената комисија се гледа нејзината сообразеност со новонастанатите услови на Балканот, поконкретно во Македонија. Тие биле убедени дека тешко може да се покрене и оствари една иницијатива на организационо поврзување на македонскиот народ од поделена Македонија и многубројната распрсната емиграција во повеќе европски земји и во Америка во една единствена национално ослободителна организација. Токму затоа сметале дека треба да се активира оној дел од македонскиот народ и народностите во Македонија кои се нашле надвор од влијанието и притисокот на туѓите реакционерни режими во Македонија, односно кои како емигранти можат да ги искористат легалните закони на соодветната држава во која што се наоѓале, за политичко организирање и афирмација на македонското ослободително дело и пред разни фактори од меѓународната јавност кои со својот авторитет и моќ можеле да се заземат за поставување на македонското прашање на разгледување или во оптимални услови за негово најсоодветно разрешување.[201]

Федеративниот принцип на организирање на македонското ослободително дело во платформата на Приврмената комисија се гледа во нејзиното гледање да бидат организирани сите елементи од македонското население без разлика на вера, народност, пол и убедување во извојувањето на политичка слобода за Македонија. Покрај начинот на организирање на македонските сонародници федеративниот принцип е изразен и преку начинот на кој се предлага да бидат уредени односите помеѓу нивните организации.

Откако Приврмената комисија во повикот изјавува дека расцепот во емиграцијата е факт кој се наложил во името на нивната платформа, бидејќи само така

---

[200] Ibid.

[201] Пачемска Петреска Д. Федративната идеја, ..., 53

може да се придобие довербата и да се придобијат сите народности во Македонија, а исто така да ги придобие симпатиите и поддршката на општественото мислење во Европа и во целиот свет, Извршниот комитет реагирал остро. Комитетот својот атак и полемика со Привремената комисија воглавно ги води преку својот орган, весникот „Македонија". Реакциите на Извршниот комитет биле во духот на погоре споменатите причини според нив за расцепот на Великиот собор. Така Извршниот комитет и во Окружното бр. 103 до претседателите на македонските благотворни братства во Бугарија од 9 март 1921 година[202], повторно давајќи до знаење дека расцепот не е од принципиелни разлики, известува за успесите на Привремената комисија во нејзиното стекнување на сомисленици и подржувачи во сé поголем дел од братствата, меѓу ко ги спомнува Солунското, Костурското, Воденското, чие членство веќе се поделило и Дебарското, Крушовското и Тиквешкото, кои се објавиле за неутрални.[203]

Во оваа остра полемика Привремената комисија започнала да го издава весникот „Автономна Македонија". Првиот број од весникот излегол на 1 декември 1920 година. Тука, во воведната статија повторно се презентирани основните програмски цели на Привремената комисија. Главен идеолог на оваа струја која се оформуваше и која покрај другото си постави за цел да се трансформира во легална политичка македонска организација врз база на автономниот и федеративниот принцип во овој период беше Владислав Ковачев. Владислав Ковачев ќе биде окарактеризиран од Јордан Бадев како „главен идеолог" на идејните основи „на обновениот правец" на новата струја во македонската емиграција.

Владислав Ковачев пројавил особена активност во акцијата за помирување т.е. за мобилизирање, консолидирање и обединување на македонските емигрантски и бегалски маси и македонските революционерни раководни сили во Бугарија, и тоа токму во периодот пред и во време на одржувањето на Парисната мировна конференција. Во овој период, тој непоколебливо ќе застане на пиедесталот на позициите на македонското дело во моментот кога ќе згасне дејноста на Привременото претставништво и кога ќе почне да се врши силен идеолошки и пропаганден притисок од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија. И како член на Привремената комисија Владислав Ковачев во преговорите со Извршниот комитет најдоследно и најупорно се залагал за обединување на македонската емиграција и на

[202] ЦДА , ф. 1747к., оп. 1, а.е. 15, л. 1-2
[203] Ibidem

раководоните струи во македонското движење. Истапувајќи против антимакедонската политика на Извршниот комитет и најенергично бранејќи ги изворните принципи за самостојноста на македонското ослободително движење, Владислав Ковачев во повеќе прилози во в. „Автономна Македонија“ отворено ќе ја разоткрие политикаta на неговото раководство, дефинирајќи ја како „ултранационалистичка“ политика и „политика на гробокопачите на Македонија“ подвлекувајќи при тоа дека „Извршниот комитет и неговите истомисленици под независна Македонија секогаш ја подразбирале бугарска Македонија. Нивните приврзаници секогаш се инспирирале од империјалистичките скриени намери на бугарските раководни фактори. За нив автономната идеја е само етапа за обединување на бугарското племе... Тоа е политичка катастрофа, тоа е политика на бесниот шовинизам“[204].

Тенденцијата за обединување на македонската емиграција, по одвојувањето на Привремената комисија, пројавена од некои братства на чело со Кичевското, и согледувањето на влијанието на Привремената комисија кај емиграцијата, го принудила ИК на редовниот собор на братствата повторно да формира комисија која ќе преговара со Привремената комисија за помирување. Во оваа комисија влегле: резервните генерали Ќурчиев (претседател) и Добревски, Крум Стојанов, Наум Гондев и Е. Спространов, со мандат „да им се обрати на раководствата на оние братства, кои објавиле дека се отцепуваат од општиот сојуз на братствата, и кон водачите на отцепените за постигнување на разбирање – за избегнување на расцепот“.[205] Во преговорите од страна на Привремената комисија учествувале Хр. Далкалчев и Ан. Димитров заедно со Ајтулах беј, Каркини и С. Скендер.[206] Се разгледувале следниве прашања: 1. Дали постојат принципиелни разлики помеѓу двете тела? и 2. Се запазува ли автономниот принцип од страна на ИК? 3. Има ли резултати од таа дејност и кои се тие.[207]

Овие преговори се воделе до март 1921 г. Во преговорите Привремената комисија цврсто стоела на начелата од нејзината платформа и не се согласувала со инсистирањето на помирителната комисија дека некои нејзини забелешки всушност не значат суштинска, односно принципиелна разлика помеѓу двете тела. Привремената комисија тврди дека до тогаш всушност борбата помеѓу ИК и комисијата се „гради

[204] В. „Автономна Македония“, бр. 47, 30 октом. 1921, „Двете политики“, 1
[205] ЦДА, ф. 1747к.,оп. 1, а.е 15, л. 1-2; В. „Автономна Македония“,бр. 17, 2 април 1921.
[206] В. „Автономна Македония“,бр. 17, 2 април 1921.
[207] Ibidem; ЦДА, ф. 1747к., оп. 1, а.е. 15, л. 1-2

исклучително врз принципиелните разлики по однос на автономната идеја".[208] Овие разлики јасно формулирани во Платформата и окружните писма бр. 6 и бр. 9 на Привремената комисија би можеле да се групираат вака: а) ИК не сака да влезе во разбирање и соработка со народностите и б) согласно со Платформата политичкото барање на Привремената комисија е „создавањето на самостојна Македонија во нејзините географски и економски граници како посебна политичка единица, независна од балканските држави, која ќе биде обединителна алка помеѓу нив". Тоа подразбира соработка и помеѓу балканските народи. Додека пак кај ИК недостига делот *„која ќе послужи како обединувачка алка помеѓу нив"*. Тој сака само „создавање на самостојна Македонија, независна од балканските држави". Оваа разлика Привремената комисија ја толкува како став на ИК да не се бара соработка од балканските народи за разрешување на македонското прашање.

Привремената комисија смета дека таа се разликува од ИК и по однос на автономната идеја. 1. Според неа не е доволно само да се признае дека ослободувањето на Македонија е дело на сите нејзини синови (без разлика на вера и народност), ако не се побара искрена соработка со сите народности од Македонија. Без нив е невозможна автономијата на Македонија. Затоа во Платформата се предвидува да се создаде на Балканот општ сојуз на македонските националности  и во Женева – Централно сојузно управно тело на македонските национални организации во целиот свет; 2. Чистотата на автономната идеја бара да не се поставуваат на чело на организацијата или дури и целосно да се отстранат од неа ангажираните со идејата за присоединувањето, оние кои заземале одговорни политички должности во Бугарија, оние кои за време на војната, водени од шовинистички побуди, прогонувале и уништувале инородни елементи во Македонија, и сите оние кои и сега се стремат да му дадат на македонското движење тесен национален бугарски колорит; 3. Присуството на бивши и сегашни бугарски дипломати во ИК и на соборите е „апсолутно несогласно со самостојноста на организацијата". Да се опростиме еднаш за секогаш со „реваншот". Искрените привврзаници на автономната идеја да декларираат дека ќе се борат за нејзиното воздигнување дури и во случај на евентуална можност за присоединување.[209]

Проектираното рамноправно учество на сите народности од Македонија во борбата за македонска државност во платформата на Привремената комисија почнало да

---

[208] В. „Автономна Македония",бр. 17, 2 април 1921
[209] Ibidem

наидува на позитивен одѕив меѓу влашката, турската, албанската емиграција од Македонија во Бугарија, Романија и Турција. Оваа идеја за заедничко учество во борбата за македонска државност на свои собранија ја подржале албанската и турската емиграција од Македонија во Бугарија.[210] Од страна на албанската емиграција во Привремената комисија бил делегиран Сулејман Каркини.[211] Турската делегација исто така делегирала двајца делегати во Привремената комисија.[212] Во таа насока од страна на Привремената комисија биле испратени специјални пратеници да го проверат расположението и на македонската емиграција во Романија, во Америка и во Турција.[213]

Привремената комисија покажала активност и на меѓународен план. Никола Јуруков, член на управното тело на Привремената комисија, бил делегиран да замине во Швајцарија. Тој таму требало да исполни две важни задачи: 1. Да направи писмени и усмени изложувања за македонското прашање пред сојузот на Друштвата, на Друштвото на народите, Интернационалното биро за заштита на правата на народите и др. фактори; 2. Исто така мошне важна задача било, да ја реорганизира македонската емиграција во оваа земја врз веќе усвоените основни начела. Во пролетта 1921 година Привремената комисија од името на македонската емиграција подготвила Мемоар до претставниците на великите сили во Друштвото на народите во Женева, кој бил врачен лично од Никола Јуруков. Мемоарот бил потпишан од делегатот на бугарската секција д-р Далкалчев, делегатот на турската секција Ајтулах беј, и од делегатот на албанската секција С. Скендер.[214]

Во Швајцарија како што е познато уште пред тоа македонските студенти развиле една широка политичка активност во корист на идејата да се издигне Македонија во независна држава со државно урсдувањс по примсрот на Швајцарија. Исто така тие одржувале постојани врски со студентската македонска група на Софискиот универзитет. Македонската студентска група во Женева, кон крајот на летниот семестар 1921 година го примила арх. Никола Јуруков и го претставила на д-р. М. Русиецка – секретарката на Интернационалното биро за заштита на правата на

---

[210]Ibid., бр. 1, 1 декем. 1920, 2; бр. 4, 23 дек. 1920, 2.
[211] Ib., бр. 1, 1 декем. 1920, 2.
[212] Ib., бр. 4, 23 дек. 1920,2
[213] Ib. ,бр. 4, 23 дек. 1920,2; бр. 17, 2 април 1920, 3.
[214] По вьстановяване на единството сред емиграцията: извлечение от протоколите на Третия велик сьбор. София 1921, 1-3; Международните конгреси и македонският вьпрос, София 1922, 8-11

народите. Набрзо потоа истото биро започнало да го издава списанието „Билтен за независна Македонија“ на француски јазик.[215]

Во текот на 1921 година Привремената комисија успеала преку упатените мемоари до меѓународните организации и др. фактори и усмените и писмените изложувања на Н. Јуруков до истите да направи објективни осврти и карактеристики на борбата на македонскиот народ во минатото и да се доближи до најреалните оценки за историските, политичките, економските, моралните, културните и др. претпоставки кои му даваат полно право на македонскиот народ за негово слободно постоење и живеење. Ќе го наведеме за пример ваквото изложување во Мемоарот од делегацијата на македонските народности во конгресот на Меѓународното биро за правата на народите во Женева, поднесен во есента 1921 година, и потпишан од проф. Бедри Пејани за албанската секција, од Н. Јуруков за бугарската, од Пандели Мегеа за романската и од Ајтулах беј за турската. Во него стои:

„Македонското население ги дало сите докази за своето право на постоење и ги има сите непоходни способности за самоуправување. Воодушевено од желбата да живее, тоа население составува едно цело хомогено суштество, циментирано низ дејствата на вековите и тоа не престанува да ја манифестира македонската национална солидарност.

Тоа население поседува една општа душа, создадена низ страдањата и несреќите, поднесувани заедно под туѓото ропство.

Ние ја видовме истата да се манифестира преку еден чувствителен начин преку создавањето на моќната револуционерна организација, која ги имаше своите апостоли и маченици и која го реализира Големото Илинденско востание. Сите македонски народности дадоа сведоштва на своето единство преку преданоста и самоодречувањето, кои ги поставија во служба на каузата за слободата.

Ние имаме голема желба да го раскинеме велот, што го покри македонското прашање во Версај, благодарение на дејствата на заинтересираните соседи ние сме готови да го повлечеме единството и солидарноста на сите елементи од кои се состои македонското население и да ја прогласиме слободна Македонија.

[215] В. „Автономна Македония“, бр. 17, 2 април 1921; В. „Македонско сьзнание“, орган на Македонската федеративна организация, 1-2, 15 јануари 1925, 3-4. Спомени од архитекта Никола Юруков вь српзка с неговата дейност вь странство по мак. федеративно дело

Ние изјавуваме дека имаме право да постоиме и пред конгресот за слободата на поробените народи ние го креваме нашиот глас, за да бараме **една независна Македонија, со една демократска администрација, по примерот на Швајцарија и поставена под протекторат на Друштвото на народите.** (подвлечено во оригиналот М. Н.).

Тоа е единствениот пат, за да се воспостави мирот и спокојството во Македонија, од кое зависи и мирот на Балканот.“[216]

Тука јасно е манифестирана свеста за севкупноста и за интересите на македонскиот народ и другите народности што живеат со векови во Македонија, свеста за заедничката иднина што сакаат да ја градат врз основа на взаемно почитување и гарантирање на нивните национални, културни, јазични и др. права. Сето ова може да се оствари само во една демократска заедница и при едно граѓанско општество како што било најидеално реализирано во повеќе национална Швајцарија. Од тука треба да ја подразбираме и концепцијата за државно-политичко уредување на Македонија, односно прифаќањето на федеративното уредување.[217]

На овој Меѓународен конгрес за правата на народите се претставени 22 нации. Од македонската делегација со реферати учествувале Мегеа и Н. Јуруков. Свои искажувања имале и делегатите на Турците и на Албанците од Македонија. Нивните излагања биле во рамките на барањата од Мемоарот.[218]

По повод одржувањето на споменатата конференција во Женева, покрај другите делегати од Македонија, бил и претседателот на ИК И. Каранџулов. Истовремениот престој на Н. Јуруков и И. Каранџулов во Женева за време на конгресот овозможува директни преговори помеѓу нив двајца. Формирана е повторно помирителна комисија од македонски делегати, која изработила проектпротокол за помирување (Женевски протокол).[219] Во него се одбележува дека уште при првата средба на раководителите на двете македонски организации и „потпишаните доброжелатели“ е признаено: 1. Дека двете движења се согласни во иднина да се работи само за независна Македонија со нијзиното учество во рамноправноста на сите народности, кои што ја населуваат; 2.

[216] Международните конгреси...., 21
[217] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 57
[218] В. „Автономна Македония“, бр. 45, 15 октом. 1921
[219] По вьстановяване на единството сред емиграцията: извлечение от протоколите на Третия велик сьбор. София 1921,4-7; Чехоссловачки дипломатски документи...., д. бр. 9, 67-73

Сите оние кои не се согласни со овој лозунг, ќе излезат од организацијата; 3. На 16 октомври т. г. да се свикаат собори на двете движења, за да се оформи обединувањето. Откако ова верзија му била предочена на Н. Јуруков, тој изразил несогласност со точка 2. И наместо неа го предложил следниот текст: „Организацијата на обединетата емиграција ќе биде конституирана врз основа на директивите и гаранциите за нивното спроведување изложени во окружните на Комисијата на македонската емиграција“. Неговиот предлог бил подржан и од д-р Т. Греков. За ови преговори се заинтересирал и бугарскиот дипломатски пратеник во Вашингтон Ст. Панаретов, кој бил делегат во ДН, и според него расцепот во македонската емиграција ќе се одрази негативно и во македонската емиграција во САД и Канада. Откако Н. Јуруков не бил согласен да отстапи од Платформата на Привремената комисија не го потпишал понудениот проект-протокол.[220]

Приврзаникот на Привремената комисија Ламбро Л. Киселинчев (родум од Костур, најстариот син на револуционерот Лазар Киселинчев, и заминал за Америка со јасно федералистичко убедување) во статијата „Не ја заблудувајте емиграцијата!“[221] објавена во Америка јасно прави разлика меѓу политиката на Извршниот комитет, видена преку неговото делување, и чистотата на лозунгот за создавање на **самостојна Македонија** (подвлечено во оригиналот). Кога станува збор за македонската емиграција во Америка, Л. Киселинчев посакувајќи во блиска иднина таа да се издигне во „една моќна организација“, од која во тој судбоносен момент потребата е голема, го смета Каранџулов за „повеќе од наивен, доколку таа емиграција за него е една маса, неспособна да мисли и самата да си решава и да си ги избира патиштата, по кои што треба да оди“. Со особена критика за несеопфатноста на делувањето на Извршниот комитет на целокупната македонска емиграција авторот се обраќа до Каранџулов: „Вие нееднократно докажавте, **дека промислено ја одбегнувате соработката со инородните македонски елементи, кои што треба да ги имаат истите права, какви што што сакате да ги има и македонскиот Бугарин** (подвлечено во оригиналот). Вие не сте и немате морално право да кажувате сега дека го подржувате чистиот автономен принцип, затоа што самите неодамна рековте: **„Побргу ќе си ги пресечам вените на мојата рака, отколку да го земам перото и да потпишам документ за автономијата**

[220] Ibidem, 5-6
[221] В „Автономна Македония“, бр. 29, 27 јуни 1921, 1

**на Македонија**""[222] (подвлечено во оригиналот). Укажувајќи на фактот, дека целокупната македонска емиграција во Америка ги следи случувањата, смета, дека наскоро таа ќе се организира повторно и ќе го издигне својот моќен глас за автономија на Македонија и ќе ја даде својата морална и материјална поддршка на дејците околу Привремената комисија на македонската емиграција во Бугарија, кои „се вистинските и достојни нејзини водачи, вистински носители на автономниот принцип **Македонија на Македонците** (подвлечено во оригиналот), кои за едно кратко време успаеја да влеат струја на нов живот сред целокупната македонска емиграција (Бугари, Турци, Албанци, Власи и др.) во Буграија и која заслужено им ја даде својата поддршка".[223]

Во насока на обединувањето на емиграцијата повторно се јавуваат претставници на пет неутрални македонски братства во Софија (Крушевското, Кумановското, Кичевското, Тиквешкото и Струмичкото), кои на 29 септември испраќаат писма до ИК и Привремената комисија да изберат по една петчлена комисија за размена на мисли по прашањето на обединувањето на двете струења.[224]

Извршниот комитет на Третиот велик собор на македонските братства, констатирал дека „голем дел од македонската емиграција не е организиран во братствата".[225] Ова било наведено и како една од причините за разединетоста во емиграцијата. Доколку се споредат присутноста на делегатите на овој собор и она на основачкиот конгрес на МЕФО, може да се констатира дека имало скоро подеднакво влијание сред емиграцијата. Поради оваа состојба и стравот да не продолжи да ги губи позициите Великиот конгрес упатил писмо во врска со прашањето за обединувањето на емиграцијата до претседателот на Федеративниот конгрес, Павел Шатев. Федеративниот конгрес донел посебна Резолуција по тоа прашање, која требало да послужи како база за обединувањето и истата му била доставена на ИК.[226]

Во време на одржувањето на Третиот велик собор (од 2 до 5 октомври), на 4 октомври 1921 година се одржала средба меѓу делегати ополномоштени од Великиот собор, дејци од неутралните братства и членови на Привремената комисија. Претставниците од Привремената комисија Вл. Ковачев и Ј. Анастасов повторно наишле на недоразбирање со претставниците од Комитетот по истите прашања.

---

[222] Ibidem
[223] Ibid.
[224] По възстановяване на единството сред емиграцията,.. 5
[225] В. „Македония", бр. 169, 12 окт. 1921, „Трети велик събор", 2
[226] В. „Македония", бр. 181, 5 јануари 1921, „По обединението", 2

Всушност, иако од страна на претставниците на Комитетот се инсистирало на непостоење на принципиелни разлики, тие не сакале да го прифатат предлогот во определувањето на целта на Сојузот.[227] Според споменатата Резолуција од Федеративниот конгрес како цел на борбата се определува „*издигнување на Македонија во самостојна политичка федеративна единица под гаранција на великите сили во нејзините географски и економски граници која треба да служи за обединувачка алка меѓу балканските народи и држави, при апсолутна рамноправност за сите народности што ја населуваат*".[228] Претставниците на ИК реагирале на формулацијата федративна, со прашање за каква федерација станува збор, дали за внатрешно федеративно уредување на Македонија или Македонија се гледа како федративна единица од федерација со други држави.[229] Покрај ова суштинско прашање повторно се расправа и за лицата кои би требало да се отстранат поради нивната дејност како анексионисти и т.н. Според изјавата на Вл. Ковачев, лицата од Привремената комисија не би поставувале прашање за себе, но при изборот на управно тело на обединетата организација двете страни треба да бидат третирани како рамноправни. Принципот на пропорционалност да биде исклучен и изборот да се направи врз основ на заедничка согланост.[230] И во ова прашање се гледа неприфаќањето од страна на ИК на федеративниот принцип ниту во внатрешното уредување на легалната организација на македонската емиграција во Бугарија доколку се постигне обединувањето на двете струи.[231]

Комисијата, избрана од Великиот собор, реферирала пред соборот за преговорите и замолила за разрешување на покренатите прашања.

Третиот велик собор си останал на становиштето на непостоење на принципиелни разлики, не сакал да признае дека не е искрен приврзаник на автономната идеја. ИК не ја направил ниту побараната од страна на Привремената комисија, официјална декларација дека „*при евентуална можност за присоединувањето на Македонија кон Бугарија тој ќе се бори за реализирање на автономната идеја*".[232] Но, Третиот велик собор признал една суштинска разлика

[227] Ibidem, бр. 169, 12 окт. 1921, „Трети велик сьбор", 2
[228] Ibid.., бр. 181, 5 јануари 1921, „По обединението", 2
[229] Ib., бр. 181, 5 јануари 1921, „По обединението", 2
[230] По вьстановяване на единството, ... 17
[231] Ibidem
[232] В. „Автономна Македония", бр. 44, 8 октом. 1921.

помеѓу ИК и Привремената комисија, а тоа е „Извршниот комитет го има усвоено етничкиот принцип, а Привремената комисија се објавила за „*некаков државно политички принцип*" принципот за „*македонски народ*" и за „*Македонска држава*".[233]

Овој обид за обединување на македонската емиграција во Бугарија, како и претходните што веќе ги спомнавме останал без резултати. Уште еднаш во преговорите за обединување дошла до израз неподготвеноста на Извршниот комитет да го прифати федеративниот принцип и во организациската поставеност на македонската емиграција и во гледањата за иднината на Македонија. Овие преговори за обединување на македонската емиграција се воделе во време кога Привремената комисија во согласност со своите програмски определби одела кон повисока форма на организираност и делување, односно веќе се подготвувал основачкиот конгрес на новата легална македонска емигрантска организација со федеративна програма.

---

[233] Бадев Й., ... 33

## 2.3 Формирањето на Македонската емигрантска федеративна организација 1921 година

Процесот на формирањето на Македонската емигрантска федеративна организација започнал по заострувањето на полемиките и разногласијата меѓу легалните македонски емигрантски сили, собрани во македонските братства во Бугарија. Овие полемики и разногласија довеле до профилирање на една опозиција која во крајот на 1920 година се одвоила во Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија. Погоре видовме како се одвивале дискусиите и полемиките околу ослободувањето на Македонија и конституирањето на идната македонска држава, кои предизвикале уште посилно поларизирање на силите околу нејзиниот народен, национален какрактер.

По едногодишна организациона и политичка неуморна активност на Привремената комисија меѓу македонската емиграција во Бугарија таа се конституира како посебна македонска легална организација во Бугарија. Со нејзината упорна работа Привремената комисија успеваше да придобие сé поголем број на приврзаници сред македонската емиграција. „По состанокот од јули веќе било јасно, дека има богата почва во емиграцијата за новиот ослободителен дух. Тој факт уште повеќе ги окуражи верните апостоли на автономната идеја, и тие тргнаа со пламенен идеализам да проповедаат сред емиграцијата“.[234] На 4 декември 1921 година во Софија е отворен Основачкиот конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација (МЕФО). На конгресот зедоа учество 27 македонски братства, друштва и групи во Бугарија со 104 делегати. Меѓу нив беа: Костурското, Воденското, Солунското, Тиквешкото, Прилепското, Видинското, Сливовишкото, Јамболското, Старозагорско-то, Сливнишкото, Енице-Вардарското братство, Македонската католичка лига, Крушовската автономна група, Македонската студентска група, како и делегати на Македонскиот младински сојуз и др.[235] На конгресот присуствувале и делегации на

[234] В „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15 декем. 1921, „Заседанията на Македонския учредителен федеративен конгрес“, 1

[235] Ibidem; Никола Киров Майски, В строя за Македония – Исторически факти, бележки и документи, кн. I, София, 1957, 79

влашката македонска емиграција (во Бугарија и во Романија) и на албанската и турската македонска емиграција (во Бугарија и во Цариград).[236]

Конгресот го отворил досегашниот претседател на Привремената комисија д-р Христо Далкалчев, кој во својата поздравна реч посакал „плодотворна работа за поскорешно воздигнување на справедливата македонска кауза врз базата: Македонија за Македонците како целосно независна од балканските држави политичка величина, која ќе гарантира апсолутно еднакви права на сите етнички елементи што ја населуваат“[237] (подвлечено во оригиналот М. Н.). До овој конгрес пристигнале поздравни телеграми од повеќе места (од македонски друштва во Пловдив, Варна, Станимак, Сливница, од адвокатот Милан Грашев од Дупница, г-ца Русивска, гл. Секретар на бирото на Лигата на поробените народи во Женева, проф. Бедри Пејани, албански член во македонската делегација во септемврискиот конгрес на поробените народи во Женева, д-р Греков, член во македонската комисија при бирото на Лигата на поробените народи, претседателот на македоно-романското студетско друштво на Букурешкиот универзитет и др). Основачкиот конгрес на МЕФО бил поздравен од различни личности од странство и од серската револуционерна група во состав Таско Спасов Серски, Стоју Хаџиев и Александар Бујнов. [238]

По кратки дебати е прифатен следниот дневен ред:

1. Реферат за политичката дејност на Привремената комисија;

2. Реферат за организирањето на емиграцијата;

3. Реферат за финансиите на македонската емигрантска организација;

4. Разно;

5. Избро на управно тело.

Во составот на конгресното раководство, односно во Постојаното биро, биле избрани: Павел Шатев - претседател, Галиб беј ( делегат на Турците од Македонија) – прв потпретседател, Сулејман Каркини (претставник на албанската македонска

[236] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15 декем. 1921, Заседанията на Македонския учредителен федеративен конгрес
[237] Ibidem, 1
[238] Ibid., 1; Никола Киров Майски, В строя за Македония – Исторически факти, бележки и документи, кн. I, София, 1957, 89, 90; В. „Македонско сьзнание“, бр. 8, 10 юли 1925

организација во Софија) – втор потпретседател, Перикли Фоти (претставник на македонскта влашка организација во Софија) – трет потпретседател. За секретари се избрани Григор Костов, Кочо Хаџи Риндов и Петар Тараљамов.[239] Конгресот избрал и Политичка комисија во состав: Вл. Ковачев, Хр.Татарчев, Хр. Бошков, Бехчет беј, Н. Јуруков, Н. Михајлов, Ив Снегаров, С. Каркини, Г. Ванчев, Кл. Размов, П. Стојанов и А. Куртелов.[240] Ваквиот состав на конгресното раководство покажува дека Привремената комисија имала за цел да ги собере сите оние емигранти од Македонија, без разлика на вера, народност и политичко убедување што ја прифаќаат нејзината програма за независна Македонија. Со вака поставената цел Македонската емигратска федративна организација развила една поголема активност околу анимирањето на сите националности од македонската емиграција во заедничката борба. Алексо Мартулков, современик на овие настани во Бугарија, за приврзениците и членовите на истите, во своите спомени ќе забележи: *„имајќи правилен метод на работа сред братствата, се создадоа здрави бази во емиграцијата и делеа мегдан со врховистите“*.[241]

За политичката дејност на Привремената комисија реферирал Никола Јуруков. Во овој извештај е даден пресек на расположението на македонските емигрантски маси во Бугарија за автономната идеја, потоа формирањето на опозицијата во легалното македонско емигрантско движење, одвојувањето на Привремената комисија и преговорите за обединување на истата со Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, водени од Сл. Ковачев и Ј. Анастасов. Прикажани се и активностите помеѓу другите народности во македонската емиграција. За прв пат во овој отчет се нагласува дека целта не е само *„автономна Македонија, независна од балканските држави, која ќе биде обединувачка алка меѓу нив“*[242], но, и дека независна Македонија ќе има федеративно уредување.[243]

На Основачкот конгрес на МЕФО се донесени 9 резолуции: 1. За дејноста на Привремената комисија; 2. За политичката положба во Македонија; 3. Апел кон балканските држави; 4. Легалност на нашата организација; 5. По договорот за

---

239 В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921...; Никола Киров Майски, Исписи од „В строя за Македония – Исторически факти, бележки и документи, 1919, 1920-1921„ кн. III, София, 1957, 45 (Ракопис во ИНИ).

240 В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921, op. cit., 1; Никола Киров Майски, Исписи од „В строя за Македония – .... 45

241 Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија“, Скопје 1954, 342

242 В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921..., 1

243 Ibidem

доброволно иселување и за бегалците; 6. За уредувањето на организационите финансии; 7. Повторно за финансиите; 8. За трудово биро и 9. За печатот.

Во поднесените реферати, отчети и дискусии и во усвоените резолуции на Конгресот јасно била манифестирана готовноста да се продолжи заедничката борба на сите сили во Македонија и особено во емиграцијата исклучиво со легални средства и методи за остварување на единствениот идеал ***„Автономна федеративна Македонија со рамноправност на сите народности“***[244] (подвлечено во оригиналот М.Н.).

Во Резолуцијата за политичката положба се подвлекува дека *„вистинскиот мир на Балканот е возможен само кога Македонија ќе се оформи во одделна државна единица што ќе послужи како алка за обединување меѓу балканските држави“.*[245] Истото го потенцира и претседателот Христо Далкалчев во својот поздравен говор до Конгресот.[246]

На конгресот бил донесен и Устав на Организацијата. Со Уставот се регулирани целите и задачите на МЕФО и нејзината организациона структура. Највисок орган на организацијата е Врховниот федеративен комитет, што има за задача да ја обединува дејноста на постојните и новоформираните македонски емигрантски федеративни братства, како во Бугарија така и во другите земји во Европа. Извршен непосреден орган на МЕФО е Управниот комитет, кој покрај задачата за обединување и ориентирање дејноста на македонските федеративни емигрантски братства и друштва во Бугарија, развивал и агитационо-пропагандна дејност за заштита на борбата за македонска самостојност.[247]

Основачкиот конгрес на МЕФО избрал и Управен совет во состав: арх. Н. Јуруков, Гр. Костов, В. Христов, Н. Киров, Кл. Размов, Т. Димитров, К. Чуров, Д. Петев, К. Хаџи Риндов и контролна комисија: арх. Јуруков и Ал. Панов.[248]

Постигнувањето на сè поголем успех сред емиграцијата на Привремената комисија, односно на Македонската федеративна организација, не го оставала спокоен Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, кој продолжил со својата активност за водење преговори околу обединувањето на емиграцијата. До Основачкиот

[244] Никола Киров Майски, Документи за делото „В строя за Македония„ кн. II, София, 1957, док. бр. 8 Окружно – Управителен комитет на Македонската федеративна емигрантска организация
[245] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, 15 декември 1921, „Резолюции взети от Учр. Конгрс на Мак. Фед. Емигр. Организ.“, 3
[246] Ibidem, II, бр. 53, София, 15. декември 1921,1.
[247] ДАРМ, ф. МНК, к. 3 (Устав на Федеративната организация на македонските емигранти)
[248] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921, 1

конгрес на МЕФО пристигнало писмо од д-р Владимир Руменов, претседател и полномошник на Третиот велик собор на македонските братства во Бугарија, кој настојувал да зборува пред конгресот за неопходноста од обединувањето на емиграцијата. Конгресот го прифатил становиштето за *„обединување само врз основа на начелата, изработени од Привремената комисија, и на туку што прифатениот Устав на федеративната организација*".[249] Од Конгресот е избрана комисија во состав: Павел Шатев (пртседател на Конгресот), д-р Палчев, Кнков, Петров, Золумов, Лолков, Сп. Василев, К. Х. Риндов, Ванчев, Куртелов, Пројков, која требало да ги продолжи преговорите со Извршниот комитет и со полномошникот на Третиот велик собор д-р Вл. Руменов.

Успесите што ги постигнувала МЕФО претставувале голем морален поттик, таа и во овие преговори за обединување со Извршниот комитет да не отстапува од главната цел и федеративниот принцип. Преговорите помеѓу Комисијата и Комитетот се одвивале по писмен и по усмен пат. На Извршниот комитет му била понудена основа за обединување формулирана во три точки:

1. Издигнување на Македонија во самостојна политичка федеративна единица под гаранцијата на големите сили во нејзините географски и економски граници, која ќе послужи како обединувачка алка помеѓу балканските народи и држави при апсолутна еднаквост на сите народности што ја населуваат. Наполно прифаќање на Уставот на Основачкиот федеративен конгрес на емиграцијата;

2. Водење на борбите за ослободителното дело со целосна и еднодушна соработка помеѓу сите македонски народности;

3. Да не им се доверува раководно место во организацијата на лица, ангажирани со анексионистичката политика, кои играле видна улога во општествено-политичкиот живот на Царството Бугарија, и оние, кои вршеле груби малтретирања на националните малцинства во различни времиња.[250]

Во писмена форма од страна на МЕФО до Извршниот комитет биле доставени Уставот на МЕФО и дел од записниците од работата на Основачкиот конгрс на

---

[249] Ibidem.
[250] ДАРМ, 1. 1266. 9. 45/ 544-550; В. „Автономна Македония", II, бр. 53, София, 15. декември 1921, 1

МЕФО, во кои се содржела изгласаната и прифатена Резолуција по прашањето за обединувањето.[251]

Извршниот комитет делумно ги прифатил овие услови. Комитетот побарал во т. 1. после „федеративна" во заграда да се додаде „помеѓу народностите во Македонија" и во т. 3. после „политичко-општествен живот" да се додаде „на државите, соседни на Македонија".[252] И во овие преговори за обединување, Извршниот комитет се обидувал да докаже дека не постојат идејни и принципиелни разлики меѓу двете организации и нивните устави. Според него основните принципи во уставите на двете организации се исти. Само некаде формата е различна, но содржината е слична или иста. Основата на двете организации е иста – автономна Македонија.[253] МЕФО го искажала своето несогласување со ваквото инсистирање и тврдење на Извршниот комитет преку едно писмо од разменетата кореспонденција во овие преговори со Извршниот комитет, со дата 15 февруари 1922 година и потпишано од претседателот на Федеративниот комитет д-р Христо Далкалчев, претседавачот на Основачкиот конгрес на МЕФО Павел Шатев и секретарот Григор Костов.[254]

Во него се изнесени разликите по основните принципи во уставите на двете организации. Во Уставот на МЕФО се отцртуваат рамките на една организација во која што:

а) се обединуваат емигрантите од сите народности (при задолжително организирање на сите народности), без кое организацијата не може да суштествува;

б) им се даваат еднакви претставнички права на секоја од нив без разлика на бројноста, со што се отфрла пропорционалноста за да се отфрлат секакви спорови *помеѓу народностите*;

в) преку Врховниот федеративен комитет во странство, кој единствено има право да зборува од името македонската емиграција, се ослободува претставништвото на македонската кауза од секакво влијание на владите на балканските држави.

Понатаму во писмото стои дека „*Од сите овие начела во вашиот устав нема ниту трага. Еве зошто ние можеме да преговараме со вас само врз основата на*

---

[251] ДАРМ, 1. 1266. 9. 45/ 544

[252] ДАРМ, 1. 1266. 9. 45/ 544-550; В. „Автономна Македония", II, бр. 53, София, 15 декември 1921, 1

[253] Ibidem

[254] ДАРМ, 1. 1266. 9. 45/ 548-549; ЦДА. Ф. 1932, оп. 3, а.е. 268, 5-6

*Уставот на МЕФО.*“[255] Управниот совет на МЕФО забележал и дека „*обединувањето на македоно-бугарската емиграција е само дел од нејзината обединувачка програма, која што ја опфаќа целокупната македонска емиграција*“.[256] Понатаму во писмото Извршниот комитет е критикуван дека тој се сетил да ги побара другите народности дури по оцепувањето на Привремената комисија и нејзиниот став од учеството на народностите во македонското ослободително дело. На крајот Управниот совет на МЕФО предлага, во интерес на обединувањето на целокупната емиграција и заедничка борба, дека нема да инсистира на прифаќање на целиот Устав на МЕФО, туку, при преговорите да се прифатат суштествените принципи од нејзиниот устав.

И во овие издвоени и сумарни приципи кои требало да послужат како база на преговорите на прво место е ставен федеративниот приицип. 1. „*Македонската организација се поставува на федеративни начела изразени во самото име Македонска емигрантска федеративна организација.*“ 2. „*Македонската емиграција од сите народности се организира да се бори со легални средства за организирање на Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна федеративна држава, независна од балканските држави и да служи за обединувачка алка помеѓу нив*“.....„*Емигрантите се организираат во етнички организации кои се федерираат во федеративни комитети со подеднакво учество во него*“...[257] По објаснувањето на начинот како се формираат повисоките федеративни тела и највисок Врховен федеративен комитет, нивниот состав права и должности, повторно се подвлекува дека комитетите на етничките организации немаат право да пројавуваат каква и да било политичка акција пред одговорни и неодговорни политички фактори во дадените земји и надвор од нив, ниту пак да земат учество како тела во политичкиот живот на истите земји.[258] Тука се инсистира на федеративниот принцип и на независноста на македонското ослободително дело. Овие преговори траеле до октомври 1922 година кога е постигната начелна спогодба за тоа.[259]

Идеологот и теоретичарот на МЕФО Владислав Ковачев во својот ракопис „*Политичкото веруј на Македонците*“ на нему својствен начин ќе ни ја претстави целокупната идеја, визија, концепција и заложба на федеративното движење за

---

[255] Ibidem
[256] Ibid.
[257] Ib.
[258] Ib.
[259] В. „Автономна Македония“, II бр. 86, 24 окт. 1922, „Най после!“, 1

решавање на македонското прашање, или поточно, за ослободување на Македонија и создавање на независна македонска држава во рамките на една Балканска федерација, како траен идеал на македонскиот народ, односно, како што вели тој уште во почетокот на ракописот: „*Независна Македонија како рамноправна членка на Балканската федерација! – е политичкото верују на Македонците што искрено си ја сакаат татковината, без разлика на верата, народноста, полот, возраста и уверувањето*“.[260] Во Политичкиот катихизис на федералистите, изработен од Владислав Ковачев, кој е и еден вид резиме на неговиот ракопис „*Политичкото верују на Македонците*“, се отсликани карактеристичните моменти од програмските начела и дејноста на МЕФО. Затоа овде ќе го претставиме целиот текст од Политичкиот катихизис на македонските федералисти:

1. *Ја сакам неизмерно Македонија повеќе од сѐ друго на светото.*
2. *Верувам постојано во нејзиното скорешно ослободување.*
3. *Сметам само на нашите сопствени сили.*
4. *Не верувам во интервенциите на големите сили.*
5. *Ќе се трудам да ја придобијам општествената јавност за нашата кауза.*
6. *На моите сонародници од другите националности и на нивните сонародници во соседните балкански држави ќе гледам како на родени браќа.*
7. *Никогаш нема да заборавам дека македонското прашање ќе се реши само со заеднички усилби на македонските националности и на балканските народи.*
8. *Отворено и постојано ќе го проповедам федеративниот лозунг: Независна Македонија, како рамноправен член на Балканската федерација.*
9. *Неизмерно верувам дека само во обединувањето на вистинските македонски сили е нашиот спас.*
10. *Непоколебливо ќе го гледам возвишениот полет на првоапостолите на македонската слобода: да го чуваме македонското ослободително дело далеку од политичките борби на балканските држави.*
11. *Никогаш нема да дигнам рака против мојот идеен противник, туку секогаш ќе се стремам да го придобијам за федеративната идеја само со перото и со зборот.*

[260] Ковачев Владислав, Политичкото верују на Македонците. Предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скопје 200, 55

12. *Најсовесно ќе дејствувам материјално и морално на македонските организации кои за девиза ја имаат: Независна Македонија како рамноправен член на Балканската федерација.*
13. *Секогаш и секаде ќе се чувствувам и ќе се нарекувам Македонец, гордеејќи се со тоа симболично име, без да го заборавам нашето национално потекло.*
14. *Секогаш ќе се трудам да го чувствувам поблизу тупкањето на моето чисто македонско срце и да се огледам во мојата кристална македонска душа.*
15. *Пет минути од денонокието ќе и го посветам на маченицата Македонија, за да се соочам со мојата македонска совест и да се уверам за последен пат дека е безначајно она што досега сум го сторил за неа.*
16. *При секое легнување ќе ги упатам моите неизмерни и топли молитви на македонскиот Бог, за да ја излее својата штедра милост на моите намачени браќа и сестри во поробена Македонија, за што поскоро да ги усреќи со реализирањето на нашата лелеана мечта: слободна и независна Македонија.*[261]

Овој политички катихизис на македонските федералисти, како што вели Владислав Ковачев, *„треба да биде тело од телото и крв од крвта не само за нас, поранешните федералисти, туку и за секој Македонец, што искрено си ја сака татковината, без разлика на верата и националноста, полот, возраста и убедувањето. И ние длабоко веруваме дека идеите наведени во оваа книга ќе бидат признаени, подоцна или порано, од нашите идејни противници, како единствено спасувачки за правилното и трајно решение на македонското прашање*“. И колку поскоро ќе се случи тоа, како што вели понатаму Владислав Ковачев, *„толку подобро ќе биде за измачениот македонски народ*“, длабоко убеден дека наскоро ќе настапи *„мигот кога македонските општественици и дејци од сите политички струи ќе претставуваат една мисла и една желба*“, завршувајќи со *„политичкото верују*“ на македонските федералисти: *„Да живее независна Македонија како рамноправна членка на Балканската федерација*“.[262]

Владислав Ковачев, како доктор на правни науки, судија и адвокат, теоретски подготвен и со големо познавање на македонското националноослободително движење како негов долгогодишен учесник, оставил меродавни ставови и оценки за националната и државно-политичката суштина на барањата за конституирање на

---

[261] ЦДА, ф. 1941к, оп. 1, а.е. 3, л. 1-2 според Ковачев., Политичкото верују..., 45-46; В. „Македонска правда“, бр. 9, 29 октомври 1933 според Палешутски, Македонското.., 87, 88
[262] ЦДА, ф. 1941к, оп. 1, а.е. 3, л. 1-2 според Ковачев, Политичкото верују..., 45-46

македонската државност за целата етничка, географска и стопанска територија на Македонија, со македонска нација, односно го потенцира современото гледање на државата и на нацијата, како држава-нација, Македонија на Македонците, со еднакви права на сите граѓани во неа. Неговото гледиште за тоа е следното: „ *Што се однесува до термионт „Македонци" треба да се признае дека, под тој термин досега, сме подразбирале македонски Бугари, како таков, тој термин имал строг етнички карактер. А идејата за создавање самостојна Македонија, веќе прифатена од македонското население како државничка идеја, императивно бара на тој термин да му се даде национален карактер. И ние искрено сакаме македонското население длабоко да проникне од сознанието за својата припадност кон општата нација, најприфатливиот израз што ни го дава терминот „Македонци""*.[263] Владислав Ковачев изнесува дека идеолозите и приврзаниците на лозунгот Македонија на Македонците вдахновени, од јасната и категорична смисла на термините Македонија и Македонци, не прават од нив фикција „туку ги сметаат како точна и целосна карактеристика на нивното политичко барање – создавање самостојна Македонија".[264]

Овие теоретски разјаснувања на термините Македонец, Македонија, македонска држава, македонска нација, нација-држава, и покрај тоа што доаѓале од еден правник со европско образование, кој ги проучувал настанувањето на нациите и државите во Европа, современите политички системи, граѓанското општество и индивидуалните права на луѓето, во тогашниот момент не наишле на приемливост ниту кај македонските асоцијации со деснограѓанска идеологија, ниту кај оние со лева и комунистичка идеологија.[265]

Од досега изнесеното произлегува дека МЕФО во Бугарија го прифатила федеративниот принцип зашто во неговото остварување гледала најреална можност за реализирање на правото на македонскиот народ и народностите за самоопределување и конституирање на македонската држава во нејзините географски и стопански граници. Со тоа најенергично се спротивставувала на било какви решенија на македонското прашање од аспект на задоволување на интересите на оној дел од македонското население за кое врховистите од Извршниот комитет и ВМРО автономистичка барале применување на клаузулите од правата на малцинствата според мировните договори во

---

[263] В. „Автономна Македония", бр. 8, 21 јан. 1921, Автономната идея и мак. националности, 1
[264] Ibidem
[265] Петреска Д., Концепциите..., 155

Македонија под српска и грчка власт, односно на оние кои го сведувале ова прашање на малцинско прашање, а македонскиот народ го третирале за дел од бугарскиот народ.

Раковдните сили на МЕФО си поставиле премногу амбициозна иницијатива за обединување на сите емигрантски македонски сили во повеќе земји врз федеративни начела. Објективните услови врз кои требало да се оствари оваа иницијатива не оделе во прилог на нејзиното реализирање. Просторната оддалеченост, тешкотиите во одржувањето на постојани врски и контакти, различните општествено политички прилики во земјите во кои се наоѓала македонската емиграција, како и напорите на државните фактори во балканските земји со разни средства и мерки да го оневозможат не само организирањето на македонскиот народ туку и на емиграцијата, претставувало голема пречка за остварување на споменатата иницијатива.[266] Што се однесува до проучувањето на македонската национална посебност и разјаснувањето на последиците од соседните пропаганди во Македонија, кои имале за цел да го задушат македонското народоно чувство и да му наметнат бугарско име на македонското христијанско население во Македонија раководството на МЕФО не направило голем чекор напред. Но, сепак, програмските ставови на МЕФО се разликуваат во начинот на сваќањето на македонското ослободително дело како народно, на сите народоности што живеат во Македонија, односно уредување на идната македонска држава како политичка граѓанска држава, со еднакви права за припадниците на сите народности што ја населуваат, или пак уредување на истата како македонска федрална држава по примерот на Швајцарија.[267]

---

[266] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 72-73

[267] Петреска Д., Концепциите...., 152

## 2.4. Националнополитчката активност на МЕФО меѓу македонската емиграција

Национално политичката активност на МЕФО се одвивала во собранијата на македонските братства во Бугарија, во редовните годишни собранија на легалната македонска емиграција во Бугарија, во работата на помирителните комисии, кои што требало да делуваат за помирување и обединување на целокупната македонска емиграција во Бугарија, со одржување на јавни собири на емиграцијата во Софија и во други места во Бугарија; преку органот на Привремената комисија – МЕФО в. „Автономна Македонија“; со поврзување и приврзување на македонската емиграција и надвор од Бугарија – во Турција, Романија, Швајцарија, Америка и други земји; преку друг пропаганден материлјал (летоци, прогласи, апели[268]); и со делување на меѓународен план (доставување петиции пред ДН, воспоставување контакти и обиди за наметнување на македонското прашање пред очите на повеќе меѓународни конференции, или поединци учесници на такви конференции, со предочување на своите национачно-политички гледања за македонското прашање пред разни политички фактори, општественици, јавни личности, писатели, новинари и сл., кои би можеле да делуваат за предочување на неразрешеното македонско прашање пред меѓународната јавност.)

Идеологот и теоретичарот на МЕФО Владислав Ковачев по завршувањето на Првата светска војна со својата брошура „Автономна Македонија“ јасно и категорички ќе застане зад идејата за создавање на автономна Македонија. Исто како и Димо Хаџи Димов со неговата брошура „Назад кон автономијата“, тој пишувајќи ја „Автономна Македонија“ во пресрет на Париската мировна конференција, во неа „јасно и категоричко“ бара „прифаќање на идејата за создавање автономна Македонија како

[268] Во леток од 1922 година со наслов „Браќа Македонци“ се бара автономија на Македонија и се известува дека е основан „Сојуз за федеративна автономија, што значеше, рамноправност за сите“. Потоа се подвлекува желбата „да живееме слободно во одделна држава како Швајцарија што живее слободно меѓу три големи држави – Франција, Италија и Германија“. Летокот завршува со зборовите „Македонија треба да им припаѓа само на Македонците, а не на Србија, на Бугарија, на Грција и на Турција“. Во еден извештај на Командата на III жандармериска бригада во источниот дел на Македонија се кажува, дека кај попот на Беровската црква, од страна на властите е пронајден „Проглас на Федеративниот комитет во кој се инсистираше на борба за федеративна автономија на Македонија“. Прогласот завршува со извиците: „Да живее љубовта и братството меѓу народите на Македонија!“, „Да живее Федеративниот македонски комитет!“, „Да живее слободна и автономна Македонија!“. Цитирано според Ѓорѓе Василевиќ, Македонското прашање и проблемот на Балканската федерација по Првата светска војна (1919-1926), Прилози за Илинден, 1979, III, Скопје, 1983, 473

одделна, самостојна политичка единица во нејзините географски и стопански граници, под гаранција на Друштвото на народите". Притоа, Владислав Ковачев апелира до бугарската влада и до бугарските политички партии да ја прифатат идејата за автономна Македонија и да ги задолжат бугарските делегати на Конференцијата на мирот во Париз да се застапуваат „за решавање на македонското прашање преку создавање на самостојна Македонија". Тој, во дотичната брошура, апелира и до македонската емиграција во Бугарија „да се заложи кај своите водачи да ја прифатат автономна Македонија како најправилно решение на македонското прашање во денешната фактичка положба". Доколку „македонското прашање не биде решено", В. Ковачев на крајот од брошурата дава на знаење дека македонските револуционери и емигрантски маси ќе најдат „сили и верба" за да ја продолжат „повторно борбата за извојување на човечки правдини, какви што може да ни ги гарантира само една самостојна Македонија".[269] Владислав Ковачев и во статијата „Автономната идеја и македонските националности"[270] откако ќе го констатира меѓународното значење на македонското прашање, поопстојно ги елаборира силата и значењето на оној фактор, кој според неговото разбирање зазема примарно место меѓу факторите, кои можат да имаат извесно значење за правилното разрешување на македонското прашање, а тоа е самото македонско население.[271]

Во тој правец и со таа верба Владислав Ковачев и неговите сомисленици и подржувачи од македонската емиграција во Бугарија ќе го продолжат самостојниот пат за остварување на нивните барања. Водејќи постојана борба со своите неистомисленици (идејни противници) од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија тие ќе се профилираат како посебна струја во легалното македонско движење во Бугарија како Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа започнал процесот на формирањето на МЕФО. Се развивале се пожестоки дискусии меѓу двете легални тела на македонската емиграција во Бугарија околу македонското прашање, односно околу визиите за идната македонска држава. Кога станува збор за идната македонска држава овие дискусии сé повеќе ги поларизираат силите околу прашањата за нејзиниот народен, национален карактер и околу гледањето за нејзиното уредување.

---

269 Владиславъ Ковачевъ, Автономна Македония, София, 1919, 1-16
270 В. „Автономна Македония", бр. 3, 16 декември 1920, 1
271 Ibidem

МЕФО својата национално политичка активност ја базира врз платформата на Привремената комисија. Проектираното рамноправно учество на сите народности од Македонија во борбата за македонска државност во платформата на Приврмената комисија почнало да наидува на позитивен одзив меѓу влашката, турската, албанската емиграција од Македонија во Бугарија, Романија и Турција. Оваа идеја за заедничко учество во борбата за македонска државност на свои собранија ја подржале албанската и турската емиграција од Македонија во Бугарија.[272] Албанската емиграција, на своето собрание на 14 декември 1921 година, за свој делегат во Привремената комисија го одбрала Сулејман Каркини.[273] И турската делегација делегирала двајца делегати во Привремената комисија.[274] Во таа насока од страна на Привремената комисија биле испратени специјални пратеници да го проверат расположението и на македонската емиграција во Романија, во Америка и во Турција.[275]

И во поднесените реферати, отчети и дискусии и во усвоените резолуции на Основачкиот конгрес на МЕФО, отворен на 4 декември 1921 година во Софија, јасно била манифестирана готовноста да се продолжи заедничката борба на сите сили во Македонија и особено во емиграцијата исклучиво со легални средства и методи за остварување на единствениот идеал ***„Автономна федеративна Македонија со рамноправност на сите народности“***[276] (подвлечено во оригиналот). Во Резолуцијата за политичката положба се подвлекува дека *„вистинскиот мир на Балканот е возможен само кога Македонија ќе се оформи во одделна државна единица што ќе послужи како алка за обединување меѓу балканските држави“*.[277] Исто така и во говорот на Христо Далкалчев е потенцирано *„Македонија за Македонците како наполно независна од балканските држави политичка величина, што гарантира апсолутни еднакви права на сите етнички елементи што ја населуваат“*[278] (курзивно е и во оригиналот М. Н.).

---

[272] В. „Автономна Македония“, бр. 1, 1 декем. 1920, 2; бр. 4, 23 декември 1920, 2.
[273] Ibidem, бр. 1, 1 декем. 1920, 2.
[274] Ibid.,бр. 4, 23 дек. 1920, 2
[275] Ib., бр. 4, 23 дек. 1920, 2; бр. 17, 2 април 1920, 3.
[276] Никола Киров Майски, Документи за делото „В строя за Македония„ кн. II, ...док. бр. 8 Окружно – Управителен комитет на Македонската федеративна емигрантска организация
[277] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, 15 XII 1921, „Резолюции взети от Учр. Конгрс на Мак. Фед. Емигр. Организ.“, 3
[278] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921, „Заседанията на Македонския учредителен федеративен конгрес“ 1.

Со Уставот на МЕФО, донесен на Основачкиот конгрес, се регулирани целите и задачите на оваа Организација и нејзината организациона структура. Врховниот федеративен комитет, како највисок орган на МЕФО, има за задача да ја обединува дејноста на постојните и новоформираните македонски емигрантски федеративни братства, како во Бугарија така и во другите земји во Европа. Исто така Управниот комитет, како извршен непосреден орган на МЕФО, покрај задачата за обединување и ориентирање дејноста на македонските федеративни емигрантски братства и друштва во Бугарија, развивал и агитационо-пропагандна дејност за заштита на борбата за македонска самостојност.[279]

Во составот на конгресното раководство, односно во Постојаното биро, биле избрани: Павел Шатев - претседател, Галиб беј (турски делегат) – прв потпретседател, Сулејман Каркини (претставник на албанската македонска организација во Софија) – втор потпретседател, Перикли Фоти (претставник на македонскта влашка организација во Софија) – трет потпретседател. За секретари се избрани Глигор Костов, Кочо Хаџи Риндов и Петар Тараљамов.[280] Конгресот избрал и Политичка комисија во состав: Вл. Ковачев, Хр.Татарчев, Хр. Бошков, Бехчет беј, Н. Јуруков, Н. Михајлов, Ив Снегаров, С. Каркини, Г. Ванчев, Кл. Размов, П. Стојанов и А. Куртелов.[281] Ваквиот состав на конгресното раководство покажува дека Привремената комисија имала за цел да ги собере сите оние емигранти од Македонија, без разлика на вера, народност и политичко убедување што ја прифаќаат нејзината програма за независна Македонија. Со вака поставената цел Македонската емигратска федративна организација развила една поголема активност околу анимирањето на сите националности од македонската емиграција во заедничката борба. Главен гласноговорник на политичката комисија во пропагирањето на нејзиниот лозунг: „Слободна и независна федеративна Македонија, како соединувачка алка меѓу балканските држави“ бил нејзиниот член Владислав Ковачев.[282] Преку дејствувањето на новата Македонска емигрантска федеративна организација, тој се стреми да создаде „една моќна и самостојна македонска организација“, гледајќи го единствено преку неа патот за правилно решавање на македонското прашање, за кој и тој самиот се застапуваше: „Создавање на Македонија

[279] ДАРМ, ф. МНК, к. 3 (Устав на Федеративната организация на македонските емигранти)
[280] В. „Автономна Македония“, II, бр. 53, София, 15. декември 1921, Заседанията на Македонския учредителен федеративен конгрес 1; Никола Киров Майски, Исписи од „В строя за Македония – ... кн. III, 45 .
[281] Ibidem.
[282] Палешутски К., Македонското..1918-1924.., 85-88

во нејзините географски и економски граници, во самостојна политичка единица, како етапа за оставрување на Балканска федерација"[283].

МЕФО сметајќи го македонското население и македонската емиграција за основни фактори за решавање на македонското прашање покажала значителна активност околу обединувањето на целокупната македонска емиграција. Во таа насока од Конгресот на МЕФО е избрана и комисија, на чело со Павел Шатев, која требало да ги продолжи преговорите со Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и со полномошникот на Третиот велик собор на братствата, д-р Вл. Руменов. Извршниот комитет на Третиот велик собор на македонските братства, констатирал дека „голем дел од македонската емиграција не е организиран во братствата".[284] Ова било наведено и како една од причините за разединетоста во емиграцијата. Доколку се споредат присутноста на делегатите на овој собор и она на основачкиот конгрес на МЕФО, може да се констатира дека имало скоро подеднакво влијание сред емиграцијата. Поради оваа состојба и стравот да не продолжи да ги губи позициите Великиот собор упатил писмо во врска со прашањето за обединувањето на емиграцијата до претседателот на Федеративниот конгрес, Павел Шатев. Федеративниот конгрес донел посебна Резолуција по тоа прашање, која требало да послужи како база за обединувањето и истата му била доставена на ИК.[285] Според споменатата Резолуција од Федеративниот конгрес како цел на борбата се определува „*издигнување на Македонија во самостојна политичка федеративна единица под гаранција на великите сили во нејзините географски и економски граници која треба да служи за обединувачка алка меѓу балканските народи и држави, при апсолутна рамноправност за сите народности што ја населуваат*".[286]

Третиот велик собор си останал на становиштето на непостоење на принципиелни разлики, не сакал да признае дека нее искрен привзраник на автономната идеја. ИК не ја направил ниту побараната од страна на Привремената комисија, официјална декларација дека „*при евентуална можност за присоединувањето на Македонија кон Бугарија тој ќе се бори за реализирање на автономната идеја*".[287] Но, Третиот велик собор на македонската емиграција во

[283] В. „Автономна Македония", бр.3, 16 декем. 1920, 1
[284] В. „Македония", бр. 169, 12 окт. 1921, „Трети велик събор", 2
[285] Ibidem, бр. 181, 5 јануари 1921, „По обединението", 2
[286] Ibid., бр. 181, 5 јануари 1921, „По обединението", 2
[287] В. „Автономна Македония",бр. 44, 8 октом. 1921.

Бугарија признал една суштинска разлика помеѓу ИК и Привремената комисија, а тоа е „Извршниот комитет го има усвоено етничкиот принцип, а Привремената комисија се објавила за „*некаков државно политички принцип*" принципот за „*македонски народ*" и за „*Македонска држава*".[288]

МЕФО, која што се изградува како пандан на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, по одржувањето на Основачкиот конгрес развива една мошне голема национално политичка активност. Според член 1 и 2 од Уставот на Организацијата се истакнува дека нејзината цел ќе биде „*да зајакне, да се здружи, да се подготви и да го поведе македонскиот народ, без разлика на вера и народност, во борба за добивање слобода и независност на Македонија на федеративен начин, со еднакво право на сите народности во нејзините географски и еконономски граници, за да влезе како рамноправен член во Балканската федерација*".[289]

Како што веќе рековме, почестото одржување јавни македонски собири во Софија и во поглавните центри на провинцијата во Бугарија е една од формите на Привремената комисија и на МЕФО за просветлување на македонската емиграција по однос на политичката и економската положба на Македонија. Прво такво собрание по основачкиот конгрес на МЕФО е одржано во Софија на 9 декември 1921 година. Покрај говорите на д-р Антон Димитров и Христо Далкалчев, во духот на ориентацијата на Привремената комисија и потоа на МЕФО е и речта (одржана на турски јазик) на Ајетулах беј (член на Привремената комисија), одржана на овој собир, насловена како „Македонија на Македонците". Претставувајќи се како млад Турчин Македонец кој се залага за извојување на независноста на неговата татковина Македонија, посакал Великото собрание на Македонците да се одржи во еден од поголемите центри во Македонија. Тој јасно покажува свесност за севкупноста и заедничките интереси на македонското население. Сепак интересно е неговото гледање за македонскиот народ и Македонците искажано со зборовите: „Македонија е на Македонците, оние Македонци, кои последниот збор на науката за народите ги признава за посебен народ". Во земјите населени со разни народи, смета дека треба да се уреди една месна самоуправа, која ќе гарантира граѓански и политички права на секоја нација поодделно. Според него, Македонија и поради економски, социјални и

[288] Бадев Й., Трите македонски ..., 33

[289] ДАРМ, ф. МНК, к. 3 (Устав на Федеративната организация на македонските емигранти, 1,2); Никола Киров Майски, Исписи од „В строя за Македония – кн. III, 61, 62

политички причини и интереси на разните елементи, кои ја населуваат, заслужува и има право да биде издигната во автономна држава. А најмногу нејзината економска состојба наложува автономна Македонија.[290] На ваквите јавни собири на македонската емиграција многу често држеле говори поистакнатите дејци на Привремената комисија (МЕФО) д-р Филип Атанасов, арх. Никола Јуруков, Климент Размов и др. Во нивните говори, покрај претставувањето на актуелните состојби, речиси секогаш се прави опсврт на минатото и се потсетува и на појавата и развојот на македонското револуционерно-ослободително движење. Ова оставало голем впечаток кај македонските емигранти и делувало во правец на нивно ориентирање кон платформата на Привремената комисија (МЕФО).[291]

Национално-политичката платформа на Привремената комисија (МЕФО) нашла поволна почва и сред македонската емиграција во Америка. Еден пример за тоа е Ламбро Л. Киселинчев, кој јасно прави разлика меѓу политиката на Извршниот комитет, видена преку неговото делување, и чистотата на лозунгот за создавање на **самостојна Македонија** (подвлечено од Киселинчев)[292] Кога станува збор за македонската емиграција во Америка, Л. Киселинчев посакувајќи во блиска иднина таа да се издигне во „една моќна организација", од која во тој судбоносен момент потребата е голема, го смета Каранџулов за „повеќе од наивен, доколку таа емиграција за него е една маса, неспособна да мисли и самата да си решава и да си ги избира патиштата, по кои што треба да оди". Со особена критика за несеопфатноста на делувањето на Извршниот комитет на целокупната македонска емиграција авторот се обраќа до Каранџулов: „Вие нееднократно докажавте, **дека промислено ја одбегнувате соработката со инородните македонски елементи, кои што треба да ги имаат истите права, какви што што сакате да ги има и македонскиот Бугарин** (подвлечено во оригиналот). Вие не сте и немате морално право да кажувате сега дека го подржувате чистиот автономен принцип, затоа што самите неодамна рековте: **„Побргу ќе си ги пресечам вените на мојата рака, отколку да го земам перото и да потпишам документ за автономијата на Македонија""** (подвлечено во оригиналот). Укажувајќи на фактот дека целокупната македонска емиграција во Америка ги следи случувањата смета дека наскоро таа ќе се организира повторно и ќе го издигне својот

290 В. „Автономна Македония", бр. 7, 13 декември 1921, 1- 2
291 Ibidem, бр. 44, 8 октомври 1921, 2; бр. 51, 29 ноември 1921, 4; бр. 49, 12 ноември 1921, 2; бр 85, 15 октомври 1922, 2
292 Ibid., бр. 29, 27 јуни 1921, 1

моќен глас за автономија на Македонија и ќе ја даде својата морална и материјална подршка на дејците околу Привремената комисија на македонската емиграција во Бугарија, кои „се вистинските и достојни нејзини водачи, вистински носители на автономниот принцип **Македонија на Македонците** (подвлечено во оригиналот), кои за едно кратко време успеаја да влеат струја на нов живот сред целокупната македонска емиграција (Бугари, Турци, Албанци, Власи и др.) во Бугарија и која заслужено им ја даде својата подршка".[293] И членовите на Привреманата комисија Ајетулах беј и Скендер беј (претставници на албанската и на турската емиграција од Македонија) по нејзиното формирање „земале најживо учество во политичките акции, превземани од Привремената комисија во полза на автономната идеја".

За делување врз платформата на Привремената комисија меѓу македонската емиграција во Цариград биле испратени д-р Антон Димитров и Сулејман Скендер. Иако нивната политичка активност наидувала на судири со сомислениците и содејците на Извршниот комитет, сепак Привремената комисија, како што вели во својот Извештај за работата од 1 ноември 1920 до 31 јули 1921 година, го очекувала „*формалното* присоединување на Општиот комитет на македонските националности во Цариград, кој ги претставувал сите етнички елементи: бугарскиот, турскиот, албанскиот, влашкиот и еврејскиот."[294] Како резултат на мисијата на д-р Филип Атанасов[295] за претставување на платформата на Привремената комисија пред романската (влашката) македонска емиграција во Букурешт, истата за свој делегат во Привремената комисија го делегирала Фоти (Фотев), кој уживал висока почит и меѓу своите сонародници во Софија. Исто така и влашкото македонско друштво „Мглена", кое постои во Букурешт од 1915 година и има свои ограноци во егејскиот дел од Македонија и во Америка, го делегирало својот претседател при Привремената комисија за размена на мисли околу политичките акции кои требало да се превземаат за „да се отпочне со една легална борба за автономија на Македонија и на тој начин, девизата „Македонија на Македонците" да стане една реалност, а не утопија".[296] Привремената комисија, по своето скоро едногодишно делување, ќе констатира дека двете најплодотворни придобивки на нејзините дела се: „зближувањето на

---

[293] Ibidem

[294] Ibid., бр. 36, 15 август 1921, 2

[295] Д-р Филип Атанасов делувал во тој дух уште во пролетта 1920 г. Според Т. Александров, „д-р Атанасов работел со Ангел Димитров, со Каназирев и компанија да создадат во Швајцарија Комитет за Македонија од претставници на сите народности што живеат во неа". (Сé за Македонија, ...д. бр. 15, 851-853)

[296] Ib., бр. 36, 15 август 1921, 1; бр. 37, 22 август 1921, 2

македонските емигранти од разни вери и народности и заинтересирањето на европското општествено мислење за, пренебрегнатото со умисла во Версај, македонско прашање“. Всушност помеѓу народностите од Македонија веќе биле создадени реални врски за нивно заедничко соборство. Како прва нивна акција, која што оставила впечаток во европските политички средини, е појавувањето на македонската делегација на Конгресот за правата на народите. Тука за прв пат „четирите главни народности на Македонија велегласно и еднодушно ја искажаа својата волја –од нивната татковина да се создаде **една федеративна независна држава, една балканска Швајцарија**“.[297] (подвлечено во оригиналот М.Н.)

Сепак, најголемо доближување до национално-политичката суштина на барањата за конституирање на македонска државност на целата етничка, географска и стопанска територија на Македонија, со македонска нација, направил идеологот, теоретичарот и промоторот на МЕФО, Владислав Ковачев. Тој го потенцира современото гледање на државата и на нацијата, како држава-нација, Македонија на Македонците, со еднакви права на сите граѓани во неа. Овој предводник на национлно-политичката активност на МЕФО, не само што е еден меѓу првите македонски дејци што ги употребувал, туку и теоретски ги разработувал термините „Македонија“, „македонски народ“, „македонско население“, „македонска нација“, „Македонци“ лозунгот „Македонија на Македонците“.

Давајќи историски пресек и посочувајќи го значењето на „терминот Македонија“, Владислав Ковачев укажува, дека не само македонските емигрантски и револуционерни друштва и организации, туку и странскиот свет, до скоро го третирале терминот „Македонија“ само како „географски поим, кој што во себе воопшто не ја содржи идејата за создавање на една политичка единица“. Создавањето на Македонија во нејзините географски и економски граници во одделна политичка единица, независна од балканските држави, тој го гледал како „израз на колективната волја на целото македонско население, без разлика на вера и народност“ за да засегне длабоко во неговото сознание како „строго определена државничка идеја“. Само во таков случај, вели В. Ковачев „терминот Македонија, ќе го изгуби досегашното свое значење на географски поим, за да биде верен израз на идејата за создавање на одделна држава, која што уште пред да биде остварлива, фактички треба веќе да претставува пат од

[297] Ib., бр. 43, 1 октомври 1921, 1

патото и крв од крвта на самото македонско население без разлика на вера и народност".[298] Истакнувајќи дека при актуелната фактичка положба на македонското прашање „ние сметаме дека сега немаме морално право Македонија да ја третираме како бугарска покраина", В. Ковачев констатирал „Зашто ниту мнозинството од нејзиното население не е бугарско, ниту тоа ја чувствува како своја желба за присоединување на нашата татковина кон Бугарија". [299]

За терминот „Македонски народ" Владислав Ковачев во разработката на вистинскиот карактер на македонското ослободително движење во неговиот развој, ќе го изнесе своето гледање дека „македонскиот народ, како колективна целина, дава сé позначајни докази за бескрајната преданост кон сопствената рожба, ослободителното движење како чисто македонски облик, кое сé посилно и подлабоко се врежува во свеста на македонските народни маси". Понатаму констатирајќи дека „македонскиот народ, и во минатото и денес, секогаш во политичките борби за човекови права ја вклучувач содржината на лелеаната мечта „Слободна и независна Македонија"" јасно потенцира дека „тој нема да престане да ја води почнатата борба за целосна политичка самостојност на татковината додека не го реализира тој свој идеал", бидејќи, како што вели понатаму „желбата на македонскиот народ да биде апсолутен господар на сопствената судбина далеку ги надминува неговите копнежи за верска и национална слобода, како и неговите стремежи за добивање граѓански и политички права". Образложувајќи ги стремежите, желбите и копнежите на македонскиот народ за извојување на национална слобода и „политичка еманципација", В. Ковачев ќе резимира дека „економските и културните интереси на македонскиот народ се од таква природа што неговиот стремеж кон обединување е само реален израз и ниедна земска сила апсолутно никогаш веќе не ќе биде во состојба во Македонецот да го задуши копнежот за целосно владеење на слободна и независна Македонија". Подвлекувајќи дека „желбата на македонскиот народ е иста: самостојно да си ја управува судбината!" тој јасно ќе ја посочи нејзината реализација „Само со создавање на Македонија како самостојна политичка единица во нејзините географски и економски граници".[300]

Осврнувајќи се на терминот „македонско население", В. Ковачев ќе укаже дека тој е најважниот фактор за „правилното решавање на македонското прашање". Од

[298] Ib., бр. 8, 21 јануари 1921, 1
[299] Ковачев, Политичкото верују...; 131
[300] Ibidem

„неговиот борбен дух и од неговата спротивставена сила“ со „еден смел и решителен начин“, како што вели тој, зависи неговата манифестација пред целиот свет да ја пројави „скриената желба за слободен политички живот“.[301] Подвлекувајќи уште еднаш дека „македонското население и неговата емиграција“ е најважниот суштински фактор за решавање на македонскиот проблем, В. Ковачев ќе заклучи „Македонското население е материјалната сила на ослободителното дело, македонската емиграција е неговата морална сила“.[302]

Што се однесува до терминот „Македонци“, В. Ковачев признава дека под тој термин „до сега сме подразбирале само македонски Бугари“ и како таков тој имал „строг етнички карактер“. Тргнувајќи од идејата за создавање на „самостојна Македонија, прифатена од македонското население како државничка идеја“, тој смета дека под терминот „Македонци“ треба во иднина да се подразбираат не само „македонски Бугари, туку сите етнички елементи кои со нивната севкупност го сочинуваат самото македонско население“. Притоа. Тој не му го оспорувал правото на македонското население, без разлика на вера и народност, „да се чувствува целосно како припадник на еден ист народ“. Истакнувајќи ја идејата за „создавање на самостојна Македонија“, како строго државничка идеја, В. Ковачев подвлекол дека таквата идеја „решително ја отфрла и најмалата илузија за „племенските врски“ и „културното единство“ на кој и да е дел од македонското население со неговите сонародници во соседните балкански држави“.[303]

Кога станува збор за терминот „нација“, Владислав Ковачев во објаснувањето на терминот „Македонци“, вели дека идејата за создавање на самостојна Македонија „веќе прифатена од македонското население како државничка идеја“, императивно бара на тој термин да му се даде „народносен карактер“, а македонското население “ да проникне длабоко од сознанието за својата припадност кон општата нација, најприфатливиот израз што ни го дава терминот Македонци“. Затоа тој цврсто настојувал „да се култивира во самото македонско население сознанието за неговата припадност кон општата нација“, подвлекувајќи дека „тоа сознание е најсуштествениот услов кој денес се бара од македонското население за да му се признае правото на

[301] В. „Автономна Македония“, бр. 7, 14 јануари 1921, 1
[302] Ковачев, Политичкото верују..., 43
[303] В. „Автономна Македония“, бр. 8, 21 јануари 1921, 1

самостоен политички живот".[304] Поимањето на тој термин се гледа и во неговите кажувања околу програмските цели на македонското ослободително движење. В. Ковачев истакнува дека тоа „уште во зародишот јасно го истакнува националниот карактер", што како суштински мотив го има „националното осамостојување на македонското население". А определувајќи ја неговата „национлна физиономија", тој јасно ќе подвлече дека таа е „строго определена: исклучително македонска".[305]

Разработувајќи го лозунгот „Македонија на Македонците", Владислав Ковачев ќе го издигне високо овој лозунг до степен на политичко барање – „Создавање на самостојна Македонија" и вклучување на сите светски фактори кои што можат да помогнат за правилното решавањена на македонското прашање. Притоа, тој ќе подвлече дека приврзениците на лозунгот „Македонија на Македонците" се вдахновени од „јасната и категоричка смисла на терминот – Македонија и Македонци – кои за нив не претставуваат фикција, туку се сметаат за верна и целосна карактеристика на нивното политичко барање – создавање на самостојна Македонија".[306] Тој се застапувал за прифаќање на „интернационалната политика" на Приврмената комисија (потоа и на МЕФО) која што на преден план го има лозунгот „Македонија на Македонците".[307] Според неговите теоретски поставки лозунгот „Македонија на Македонците" се јавува како природен одзив на барањето за независна Македонија и претставува „заеднички повик на сите македонски синови, без разлика на нивната верска, национална и партиска припадност, што „ни времето, ни местото, ниту политичките услови и околности кај Македонецот можат да извлечат друга желба, освен што поскоро да си ја види татковината слободна и независна!". Подвлекувајќи дека „нема Македонец што свесно ќе сака да биде против тие природни и неотуѓиви ставови на своите сонародници", тој појаснил дека „нема македонски син, што свесно засекогаш би се скарал со здравиот македонски разум и со чистата македонска свест" и дека „тој ќе биде во состојба, кога и да е, да ја изневери природната желба за да си ја види татковината слободна и независна!".[308]

Промовирајќи го уставот на „идната Независна Македонија", Владислав Ковачев го гледал врз следните основни начела: еднакви граѓански и политички права

---

[304] Ibidem, бр. 8, 21 јануари 1921, 1
[305] Ковачев, Политичкото верују...,160
[306] В. „Автономна Македония", бр. 8, 21 јануари 1921, 1
[307] Ibidem, бр. 47, 30 октомври 1921, 1; бр. 45, 15 октомври 1921, 3-4
[308] Ковачев, Политичкото верују..., 160

на сите нејзини граѓани; одделување на религијата од државата и почитување на сите религии во државата; бесплатно основно и средно образование на мајчин јазик и отворање на приватни училишта; официјални јазици да бидат сите говорни јазици на етничките елементи во државата; апсолутна забрана за присоединување на Македонија кон која било соседна балканска држава; постоење на Федеративен совет со еднаков број претставници од сите етнички националности во државата.[309]

Раководството на МЕФО во почетокот, не направило голем чекор напред во проучувањето на македонската национална посебност и во разјаснувањето на последиците од соседните пропаганди во Македонија кои имале за цел да го задушат македонското народно чувство и да му наметнат бугарско име на македонското христијанско население во Македонија. Но, сепак, програмските ставови на МЕФО се разликуваат во начинот на сваќањето на македонското ослободително дело, како народно, на сите народности што живеат во Македонија, односно уредување на идната автономна или независна македонска држава како политичка граѓанска држава, со еднакви права за припадниците на сите народности што ја населуваат, или, пак, уредување на истата како македонска федрална држава по примерот на Швајцарија.[310]

[309] Ковачев, Политичкото верују...., 33
[310] Петреска Д., Концепциите..., 151-152

## 2.5. Владата на Александар Стамболиски и МЕФО

Бугарија по Првата светска војна се нашла на страната на победените. Од окупираната територија на Македонија по Нејскиот договор на Бугарија и останал само пиринскиот дел од Македонија. За остварување на територијалните амбиции, присутни во дотогашната надворешна политика на Бугарија, сега не било возможно ниту да се размислува. Со Нејскиот договор, како победена држава, таа морала да ги прифати предвидените санкции. Со строгите одредби на Нејскиот договор таа се обврзала да ја реформира војската истата да брои дваесет илјади војници и да плати репарации во висина од двеипол милијарди франци.[311]

Критиките на опозицијата поради поразот во војната го приморале царот Фердинанд да се повлече од престолот во корист на својот син Борис кој бил прогласен за цар Борис III.[312] Широките коалициони влади на Александар Малинов и Теодор Теодор безуспешно се обидувале да го смират општото незадоволство во земјата.[313] Последиците од Европската војна влијаеле на промената на власта во Бугарија во корист на партиите со лева (левичарска) идеологија. На првите повоени избори за Народоно собрание, одржани на 17 август 1919 година, најголем број гласови добиле Бугарскиот земјоделски народен сојуз и Бугарската комунистичка партија.[314] На вторите избори, одржани на 28 март 1920 година, БЗНС веќе добил голема поддршка од бирачите и можел да формира самостојна влада. Со тоа лидерот на овој сојуз Александар Стамболиски си ја осигурал победата со воведување на општото и обавезно право на глас, поради што целокупното население од селото било приморано да гласа. Така е мобилизирана голема маса на традиционално неполитичкото население од селото. Дописникот на „Тајмс“, Џејмс Баучер ја опишува победата на БЗНС како: „весник на нова ера...резултат на трансверот на власта од политичките здруженија на

[311] Crampton R. J, A Short Histori of Modern Bulgaria, Cambridge, 83-84
[312] Груев Стефан, Корона од трни, Царуването на Борис III (1918-1943), София, 1991, 84-85
[313] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.
[314] Ibidem.

градовите, кариеристи и дворски паразити, на чесни и трудбенички обработувачи на земјата, на коските и на мускулите на Бугарија."[315]

Доаѓајќи на власт по парламентарен пат, БЗНС ја направил Бугарија единствена земја на Балканот каде што селската државничка концепција навистина завладеала.[316] Таквата политика, заснована на поддршката на селанството,[317] сепак, пропуштила да обезбеди поддршка или барем толеранција на главните фактори од бугарскте градови, а особено од интелектуалните средини, кои стравувале од можни последици од радикалната програма на Стамболиски. На претставниците на стариот режим им било јасно дека Стамболиски нема да ги поддржи. Бројноста на непријателите, како и фактот дека Владата била критикувана поради корупцијата која што настанала во земјата, значително ја загрозувале положбата на Стамболиски.[318]

Со желба да ја префрли моќта над армијата надвор од кралскиот двор, Стамболиски за министер на војската поставил цивил, наместо војно лице. Офицерите кои поради намалувањето на бројот на армијата со Нејскиот договор и воопшто поради односот на БЗНС кон армијата им била намалувана позицијата и дел од нив останале без работа.[319] Поаради споменатата положба во текот на 1922 година офицерите ја формирале т.н. Воена лига, која во иднина ќе има значајно влијание во политичкиот живот во Бугарија. Воената лига ги имала сите карактеристики кои на опозициските политички партии во Бугарија, како и на самиот БЗНС им недостасувале - тренинг, организација, дисциплина и кохезија. Во текот на 1922 година е создаден и Конституциониот блок составен од Демократската, Обединетата народна-прогресивна и Радикалната партија кои барале уставен режим во согласност ос Трновскиот устав.[320]

---

[315] Цитирано според: Crampton R. J, A Short Histori, ... 83, 85-87; Василев Ат. Василев, Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София 1991, 15-36; Петреска Д., Бугарија од крајот на Првата светска војна до крајот на Втората светска војна, Зборник прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Скопје 1992, 181-182

[316] Останувајќи од почеток до крај верен на програмата на Земјоделската партија, Стамболиски сметал дека треба да се гради демократија во која моќта ќе им припаѓа на селаните, со оглед на тоа што тие претставуваат 80% од вкупното население. Во иднина Стамболиски планирал и промена на Трновскиот устав и воведување на република. Манчев Крсто, История на балканските народи (1918-1945), София 2000, 34-36

[317] Реформите и законите што ги вовел Стамболиски ги опфаќале Законот за судење на виновниците за војната, Закон за судење на бившите министри за трговијата со зрнеста храна, Закон за одземање на имот во корист на државата, Закон за задоволување на станбени потреби, Закон за работна обврска, Закон за земјишна сопственост. Петреска, Бугарија од крајот на Првата светска војна, ....182

[318] Јелавиќ Барбара, Историја на Балканот, Дваесетти век, Скопје 1999, 195-196

[319] АСЦГ, ф. 336, к. 24, а.е. 1919 г., папка VI/10.

[320] Castellan Georges, Historie des Balkans, XIV-XX sicle, Raris 1991, 427.

Надворешната политика на Стамболиски создала исто толку внатрешни непријатели. Тој бил свесен дека за Бугарија по изгубената војна нема да биде лесно да најде сојузници,[321] но тој сепак успеал да добие поддршка од В. Британија за прием во Друштвото на народите уште на првото Генерално собрание во ноември 1920 година. Така Бугарија, прва меѓу државите што ја изгубија војната, стана член на ДН. Со овој чин е обезбеден територијалниот интегритет на земјата, нејзиниот излез од меѓународната изолација и можност да ги изнесува своите барања и погледи пред тој меѓународен форум. Стамболиски се обидел да воспостави соработка и со Земјоделските водачи од Полска, Чехословачка, Хрватска и Романија.[322] Тој се откажал од територијалните претензии, огромните воени буџети и офицерска каста и повел политика на соработка со соседите. Се обидел во тоа да се потпре на соработката со Франција и Британија, а ја интезивирал и соработката со Кралството СХС што политичката опозиција во земјата често го користела против него. За Стамболиски соработката со западниот сосед била важна затоа што знаел дека тоа е чекор кон напредокот кон балканска соработка, во правец на евентуална Балканска селска федерација.[323] Свесен за значањето на воспоставување на добри односи со Кралството

---

[321] Пред 1918 година се сметало дека Бугарија мора да има патронат од некоја од големите сили за да го реализира своето територијално проширување на Балканот. Во периодот по војната Бугарија би имала тешкотии да најде заштитник, дури и да го сакала тоа. Советска Русија била растргната со свои проблеми, Австро-Унгарија се распаднала, Германија и САД не се занимавале со балканските прашања, а Италија имала внатрешни вознемирувања пред доаѓањето на Мусолини на власт 1922 година. Победничките во војната Британија и Франција не биле подготвени да ги штитат интересите на победените држави. Стамболиски уште 1920 година, при посетата на Лондон изразил голема надеж во воспоставувањето на трајно пријателство помеѓу Велика Британија и Бугарија. (Топалов Владислав, Посещението на Александър Стамболийски във Великобритания, Иследвания по българска история, 3; Вънешната политика на България (1979-1944), София 1978, 263-302.)

[322] Топалов Владислав, Приемнето на България в Општеството на народите, Известия на Института за история, XXVI, БАН, София 1983, 81-115

[323] Овие сфаќања не се плод само на создадените по „втората национална катастрофа" неумолими реалности, туку произлегуваат од самата суштина на земјоделската идеологија. И пред Првата светска војна БЗНС се бори за братски односи меѓу балканаските народи и мирно разрешување на проблемите, кои што ги разделуваат. Седмиот од 25-те принципи на Земјоделскиот сојуз, формулирани од Ал. Стамболиски за време на војната гласи: „трајни мирни меѓусоседски односи на Бугарија со државите што ја опкружуваат" и „зацврстување на тие односи преку обединување на Бугарија со другите балкански држави на федеративни начела" (Стамболийски, Ал. Принципите на Българския земледелски съюз (Писано в затвора). София 1919, 20-21. Цитирано според Василев, Правителството на БЗНС, op. cit, 37). Првиот повоен конгрес на БЗНС, петнаесетиот, одржан во почетокот на јуни 1919 година, т.е. во разгорот на Париската мировна коференција, ги потврдува посочените принципи. Според програмата прифатена од Конгресот основната задача на Земјоделскиот сојуз во областа на надворешната политика е „подржување на пријателски односи со сите мали и големи држави и дејствување за зближување на Бугарија со сите соседни и блиски по интерес мали држави врз федеративни начела" (Устав на БЗНС и правилници за участието на съюза в изборите, за земледелската парламентарна група, за службите на постоянния състав за ръководене на конгресните заседания. С., 1920. Цитирано според Василев, Правителството на БЗНС, op. cit., 38). Оваа линија е потврдена од 16-от Конгрес, одржан во февруари 1921 година, и од следните форуми на сојузот, додека е на власт (Василев, Правителството на БЗНС..., 38)

СХС за да ја извлече земјата од меѓународна изолација, Стамболиски кон Белград имал сличен став како што порано имал Стамболов кон Константинопол.[324]

Наспроти тоа, основна точка на односите помеѓу Бугарија и Кралството СХС останал територијалниот проблем, кој некои бугарски политичари настојувале да го заменат со барањето за спроведување на малцински права во вардарскиот дел на Македонија. Инсистирањето на Кралството СХС на стриктна примена на одредбата за разоружување на Бугарија и комплетна исплата на репарациите, затоа треба да се разгледува исклучиво како последица на стратегиските настојувања источниот соседа да се ослабне и така да се предухитри можноста од ревизија на повоените договори.

Бројната македонска емиграција што се наоѓала на територијата на Бугарија зазела посебно место во бугарската државна политика. Со македонското прашање се занимавале и го поставувале како приоритетно сите бугарски влади и други политички фактори од Бугарија. На некој начин македонското прашање било присутно, речиси, во сите сегменти и моменти од бугарскиот политички живот. Од тука произлегува и интересот на бугарските државни и политички фактори кон различните организации и асоцијации од македонското движење. Македонското движење, во периодот по Првата светска војна, во помала или поголема мера правело напори за ослободување од бугарските државни, политички и воени фактори. Ваквата тенденција во македонското движење, со различен интензитет во различните негови сегменти и во различно време, била тешко остварлива ако се земе во предвид фактот дека легалните и нелегалните организации и асоцијации од истото се создавале и дејствувале на територијата на Бугарија, а нивното членство биле граѓани на Бугарија. И за време на владеењето на БЗНС Македонците во Бугарија и статусот на Македонија биле значајно прашање. На пат за Париз каде што требало да го потпише Нејскиот договор Стамболиски дал изјава дека ја поддржува идејата за автономна Македонија, а доколу таа не успее – дека ќе се бори за автономни права на македонското население во Кралството СХС. Но во поглед на организирањето на Македонците во Бугарија и особено во поглед на активностите на ВМРО, Стамболиски имал поинаков став. Еден од неговите први потези во 1919 година, кога дошол на власт, било апсењето на истакнати Македонци, вклучувајќи ги и Тодор Александров и Александар Протогеров, кои за време на војната соработувале со

[324] Манчев, op. cit., 37; Касатов Тодор, Политиката на Правителството на Българския земеделски сьюз по бежанския въпрос (1919-1923), Известия на Института за история, XXVI, БАН, София 1983, 68-69; Crampton, A Short History, op. cit., 92-93.

оние бугарски државни фактори кои биле прогласени за виновни за воената катастрофа на Бугарија. Една од главните причини за влегување на Бугарија во Првата светска војна на страната на Германија била можноста за ревизија на поделбата на Македонија од 1913 година во корист на Бугарија. Воениот пораз бил и крај на претензиите кон останатите делови на Македонија, што предизвикало разочарување кај бугарската јавност.[325]

Консолидирањето на ВМРО претпоставувало и зголемена потреба за снабдување со оружје и воена опрема. За таа цел Т. Александров ги искористува врските со бугарското офицерство, кое по војната се нашло во опозиција. Добиеното оружје е испратено во пограничните пунктови на Организацијата во Неврокоп, Петрич и Ќустендил. Членовите на ЦК ги исчекувале решенијата на Париската мировна конференција, за да ја започнат четничката дејност во Вардарска и Егејска Македонија. Определбата на ВМРО за разобличување на асимилаторскиот режим во Вардарска Македонија и решителната, вклучително и вооружена, борба за наложување на македонското прашање пред вниманието на големите сили и ДН. неизбежно водело до влошување на бугарско-југолсовенските меѓудржавни односи, а од таму и до остар судир со Земјоделската влада.

Кон сето тоа се придодаваат и наследените од блиското минато взаемна недоверба и непријателство. Поради врските на раководителите на ВМРО со Германија и нивното залагање за влегување на Бугарија во војната на страната на Централните сили, истите биле подложени на остра критика од страна на земјоделците, кои ги нарекувале авантуристи, склони да служат на туѓи интереси. Раководството на ВМРО пак го обвинувало Ал. Стамболиски и неговите соборци за национален нихилизам дури и за предавство поради нивната решителна антивоена позиција за време на Балканските и Првата светска војна и поради нивните повици за збратимување на Јужните словени. Изострената класна борба, поради политиката на БЗНС за ограничување на крупниот капитал, во земјата уште повеќе ги продлабочува взаемните непријателства. Поради повеќе причини, меѓу кои се и поврзаноста на ВМРО кон Дворот и буржоаската опозиција, неа ја сметаат како дел од десната граѓанска опозиција. Отсуството на единство во самото македонско ослободително движење, а и во владата на БЗНС, дополнително ги усложнуваат работите затоа што и едната и

[325] Crampton, A short History,..., 87, 92

другата страна се стремат да ги искористат за свои цели противречијата во спротивниот лагер.[326] Всушност начинот на водењето на борбата и поврзаноста на ВМРО со опозициските политички и воени кругови во Бугарија ќе и донесат третман на непријател на владата на БЗНС. Возобновената четничка дејност на ВМРО, во летото на 1920 година, предизвика бурна реакција и силни заплашувања и од страна на Белград. Во врска со ова Министерството за надворешни работи го разгледува прашањето за прифаќање на заеднички мерки со југословенските гранични власти за спречување на преминувањето на четите на ВМРО во Македонија. Како одговор на ова прашање Министерството за внатрешни работи изразува целосна подготвеност „бугарските и србските погранични власти да дејствуваат заеднички за преследување на четите покрај границата“.[327] Министерството за војската, пак, потцртува, дека може да стане збор „само за преследување на контрабандата и разбојниците“.

Паралелно со овие дипломатски постапки Владата му наложува на Министерот за внатрешни работи Александар Димитров, да не допушти создавање или засилување на било какви организации, кои што ќе користат револуционерни методи за дејствување. Според сведоштва на југословенското воено разузнување, за исполнување на поставената задача Ал. Димитров пројавил иницијатива, со изградување на специјална воена формација од македонски револуционери – противници на Т. Александров, кои биле против разгорувањето на вооружена борба во Вардарска и Егејска Македонија. За таа цел тој го назначил Ѓорче Петров за раководител на Комисијата за настанување на бегалците од Македонија, Тракија, Добруџа и Западните покраини, а за негов помошник Павел Христов, исто така бивш член на Привременото претставништво.[328] Ваквите позиции на овие Македонци во официјалната бугарска власт давале можност за подржување на оние структури и сили од македонското движење со кои и пред тоа имале блиски или исти ставови, гледања и односи во движењето. Во исполнувањето на своите службени обврски тие биле во постојан контакт со бегалците од Македонија и имаат широки можности да агитираат меѓу нив против обновувањето на четничката дејност на ВМРО, а за давање поддршка на политиката на Владата за легална дејност и зближување со Кралството на СХС. Покрај тоа за да и се парира на дејноста на ВМРО во Пиринска Македнија и да се отежни

---

[326] Василев, Правителството на БЗНС..., 74-75
[327] ЦДА, ф. 176к, оп. 4, а.е. 1271, л. 29
[328] Василев, Правителството на БЗНС...,, 76-77; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, Съставителство, предговор и бележки Цочо В. Билярски, София 2009, 9

илегалниот премин на бугарско-југословенската граница, за управници на административно-полициските управи се назначени соборците на Ал. Димитров – санданисти, на чело со окружниот управник Александар Бујнов.[329] Ал. Димитров покрај тоа што се обидувал да влијае во редовите на легалното македонско емигрантско движење во Бугарија дава подршка и во организирањето на четите против ВМРО. За неговата улога во подршката на противниците на Т. Александров еден од порадикалните членови на БЗНС, Стоил Стефанов, ќе изјави: „Тој (Ал. Димитров) беше во врска со прогресивните средини на македонската емиграција во Буграија и *преземаше решителни мерки на штета* на македонската патриотарска врхушка“[330]. Министерот Димитров одржувал контакти со некои раководни личности од МЕФО (д-р Филип Атанасов, арх. Никола Јуруков, Александар Панов) кои се доближиле до отцепената група од автономистичката ВМРО и ја формирале Макаедонската федеративна револуционерна организација (МФРО), чија главна задача била да води борба против Т.Александров. Владата формално не била ангажирана со конкретните дејствија на Ал. Димитров против ВМРО, но неоспорно е дека му дала „карт бланш“ да дејствува против ВМРО. Треба да се одбележи дека владата не рачунала само на отворените противници на Т. Александров туку и на можноста за постигнување на разбирање со него.[331]

Како последователност на политиката на земјоделската влада за зближување со Кралството на СХС се јавува нејзиниот однос кон легалното и нелегалното македонско движење. Во почетокот владата ја потценува силата на македонското ослободително движење (што го подразбирало и вооруженото дејствување) кое започнало да се бори против решенијата на Париската мировна конференција по македонското прашање. Владата на БЗНС ги преценила своите можности да го стави македонското движење под своја контрола со искористување на разногласијата меѓу македонските дејци. Оваа грешка ги создава првите посериозни пукнатини меѓу БЗНС и ВМРО и жртва на истата стануваат некои истакнати раководители на Земјоделскиот сојуз и на македонското ослободително движење како Александар Димитров и Ѓ. Петров.[332]

Како што политичките фактори на Бугарија се обидувале да го искористат македонското движење за свои интереси, исто така може да се каже дека оваа појава е

---

[329] Василев, Правителството на БЗНС..., 76-77
[330] Ibidem, 79; ЦДА, ф. 1445к, оп. 1, а.е. 3, л. 9
[331] Василев, Правителството на БЗНС ..., 79
[332]. Ibidem, 316-317

присутна и во обратен правец. Како што видовме ВМРО си ги наоѓа заедничките интереси со опозициските десноориентирани политички и воени кругови, а оние сили од легалното и илиегалното македонско движење кои во барањето на патишта и начини за продолжување на борбата за ослободување на Македонија повеќе или помалку се спротивставувале на раководството на ВМРО, покрај напорите за водење на независна борба, многу често се доближувале до владеачките структури на земјоделскиот режим. Во тоа, освен логиката „непријателот на мојот непријател е мој пријател", голема улога одиграле и старите релации од круговите на самото македонско движење. Таков е примерот со серчанецот Александар Димитров, кој со влегувањето во владата на Ал. Стамболиски, како министер за внатрешни работи одиграл голема улога во поддршката на владата на силите од македонското движење, кои биле спротивставени на ВМРО[333], меѓу кои е и МЕФО.

Поларизацијата на силите се одразува и во легалното и во илегалното македонско ослободително движење. ВМРО, покрај повлекувањето на нејзините водачи од работата на легалните македонски братства во Бугарија, си го задржала своето силно влијание кај голем дел од раководните личности во Сојузот на братствата и непосредно била вклучена во случувањата во Сојузот. Од друга страна пак Ал. Димитров со право ја искажува својата недоверба кон контролираниот од ВМРО Извршен комитет на братствата, покажувајќи му дека не верува во неговото откажување од намерите да ја наложи својата власт на целото легално македонско движење. Ете зошто уште следниот ден по конгресот тој ги повикал кај себе највидните раководители на братствените организации и настојувал дотогашното раководство целосно да биде променето. Овој предлог бил решително отфрлен и конфликтот пламнал со нова сила.

Буржоаската опозиција, пред сé демократите, започнала со нови напади против владата, која со постапките на својот министер уште еднаш докажала, дека се стреми македонското прашање да го претвори во теснопартиско. Демократската партија, која се декларирала како вистинска патриотска, го искористила конфликтот меѓу земјоделската влада и мнозинството на братствените организации. Демократската партија преку свои луѓе во раководствата на братствата и на ВМРО а организирала тајни заеднички заседанија, на кои по долги расправи се заклучува, дека за да се

333 Сé за Македонија, ..., д. бр. 15, 851-853

пресечат посегнувањата на владата кон македонското ослободително движење, ќе треба да бидат отстранети некои од најпознатите водачи на Земјоделскиот сојуз. Така е донесена и смртната пресуда за Александар Димитров.[334]

Претседателот на владата и лидерот на БЗНС Александар Стамболиски своето подржување на легалната дејност и на програмската ориентација на МЕФО го потврдува и со една телеграма до Министерството за надворешни работи (МВРИ), испратена од Берн на 16 септември 1921 година, во која покрај другото известува, дека во Женева „претставниците на сите народности од Македонија имале конгрес и образувале општо претставништво со седиште во Женева; во кое влегуваат и двајца Бугари. Дадов совет и во Америка да образуваат таква организација“[335]. Во ова време еден од најактивните дејци на Привремената комисија на меѓународен план арх. Никола Јуруков делувал во Швајцарија.[336] Всушност со оваа телеграма Ал. Стамболиски ги потврдува и релациите на арх. Никола Јуруков со владините кругови.

Ваквите состојби многу често водат до заклучокот дека македонското федеративно движење во својата легална (МЕФО) и илиегална (МФРО) пројава е дело на (или е подржувано од) самата бугарска влада.

Покрај одржувањето на блиски врски на некои луѓе од земјоделската власт со дејци од македонското движење[337], БЗНС во своите партиски редови привлекол и дел од македонското население и македонските емигрантски маси во Бугарија, меѓу кои имало и приврзаници и активни членови на легалната МЕФО. Таков е примерот со Александар Панов, кој на Основачкиот конгрес на МЕФО бил избран во Контролната комисија. Истиот како партиски припадник на БЗНС го предводел Земјоделскиот емигрантски сојуз во Бугарија и активно се вклучил во подготвувањето и делувањето на федералистичките чети. Александар Панов истовремено бил и член на Друштвото „Илинден“, од кое што ќе биде исклучен поради неговото вклучување во четите против

---

[334] Василев, Правителството на БЗНС..., 107; БЗНС, Алксадър Стамболийски и ВМРО..., д. 78, 200-203

[335] ЦДА, ф. 176к, оп. 4, а.е. 1634, л. 40

[336] Види повеќе во Международните конгреси и македонския въпрос, Библиотека на Македонския федеративен комитет, No. 1, София 1922 ; В. „Автономна Македония“, бр. 30, 4 юлий 1921, 1; бр. 32, 18 юлий 1921, 2

[337] Врските на федералистите со БЗНС ќе продолжат и во наредниот период, по паѓањето на владата на Стамболиски. (АСЦГ, ф. 14, к. 29/10; ЦДА, ф. 176к, оп. 5, а.е. 339, л. 37, 38; ДАРМ, 1. 1266. 6. 144/647-653; ЦДА, ф. 176, оп. 5, а.е. 342, 6; БЗНС, Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война..., д. бр. 225, 531)

ВМРО и оваа ќе биде причина за донесување на смртната пресуда и реализирање на истата од страна на ВМРО.

Бидејќи како метод на борба МФРО го прифатиле нелегалниот четнички метод по своето формирање започнала да испраќа свои чети во Македонија. Во источниот дел на Македонија во тоа време биле присутни четите на автономистичката ВМРО и федералистите на чело со Филип Атанасов, Крум Зографов, Крсто Љондев, П. Христов и др. Во почетокот на 1922 година тие се обиделе од запад преку Албанија да влезат во Македонија и да започнат акција против четите на ВМРО.[338] Овој обид не бил успешен и тие се вратиле назад во Бугарија. Нареден таков обид за навлегување со федералистички чети во Македонија бил направен заедно со војводите Сл. Иванов и Стојан Мишев. Биле подготвени неколку чети кои требало да преминат во вардарскиот дел на Македонија: Кратовско, Штипско, Малешевско, Струмичко за пресметка со автономистичките чети на ВМРО. Подготовката на овие чети била со знаење и поддршка на земјоделските власти во Бугарија. При заминувањето на овие чети биле испратени до границата од оклискиот началник на Ќустендил, кој им одржал говор за поддршка во борбата против Тодор Александров. Со ова навлегување во вардарскиот дел на Македонија федратлистичките чети наишле на силен отпор од четите на ВМРО и од нејзината милиција. Најлошо поминала четата на Крум Зографов, која била разбиена кај с. Кошево, Штипско. Тука на 5 мај 1922 година загинал и војводата К. Зографов.[339] Српските власти иако нашле документи кај војводата К. Зограгфов, сепак според извори од ВМРО белградската влада не даде нота до владата во Софија, што зборува за подршката на федералистичките акции и од двете влади.[340]

Дел од федералистите, според извори од ВМРО, толерирани од властите на БЗНС, се занимавале со грабежи (на власи, евреи, и други побогати граѓани) и трговија на црно преку бугарско-српската граница. Тие извршиле и неколку убиства на луѓе блиски до опозицијата, до бившото офицерство и до автономистичката ВМРО.[341] Федералистите собирале и данок од името на МФРО.[342] Во отворениот фронт меѓу

---

[338] Катарџиев И., Време на зреење, кн. I, Скопје 1977, 163-164; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО..., Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529

[339] Николов Й. Борис, Вътрешна македоно-одринска революционна организация, войводи и раковдители (1893-1934), Биографично-библиографски справочник, София, 2001, 61; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529

[340] Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредь данни на вътрешната македонска революционна организация, май 1923, 15

[341] ЦДА, Ф 1909к, оп.2, а.е. 490, л. 18

[342] Ibidem; Правителството на Стамболийски..., 70

федералистите и ВМРО од нивна страна е убиен и пунктовиот началник на ВМРО во Ќустендил В. Алајков, што предизвикало големо вознемирување и потреба за одмазда. ВМРО безуспешно се обидела да издејствува казни за оние федралисти кои слободно вршеле грабежи и убиства, за што доставувала и докази пред судските и другите органи на власта за пљачкашката група на Григор Циклев и другите нивни дела, но никој од убијците и другите престапници не бил фатен и казнет од власта. Тоа предизвикало убедување кај граѓанството на Ќустендил, дека тие убиства и грабежи се случуваат под заштита на некои лица од административната власт и тоа е единственото објаснување за нивното неказнивање за сторените кривични дела. [343]

Во пролетта 1921 година југословенскиот, грчкиот и романскиот печат отпочнуваат интензивна кампања против Бугарија, со обвинение дека ги подржува четите. На 11 април трите држави упатуваат и колективна нота до Владата на Бугарија против толерирањето на бугарска територија на организации, кои „подготвуваат и испраќаат чети на територијата на трите држави, за таму да предизвикуваат безредие“.[344] Овие обвинувања ја принудиле Бугарија повторно да ги моли за подршка Англија, Франција, Италија и САД за организирање на меѓународна анкета и гарантирање на територијалната целост и државниот суверенитет на Бугарија. Ал. Стамболиски дава изјави, во кои категорички ги отфрла обвинувањата, дека „бугарската влада и Бугарија имаат замешано прсти во некакво четништво“. Тој ги критикува соседите дека не ги почитуваат договорите за правата на националните малцинства. Акцијата на Владата и особено нејзиниот предлог за меѓународна анкета наидува на одобрување од широката општественост и легалните македонски организации во Бугарија. Органот на Федеративната организација „Автономна Македонија“ публикува неколку статитии против насилничката денационализаторска политика на српските и грчките владеачки кругови во подршка на владината политика.[345] Во една од статиите подробно се разгледува прашањето за причините и пројавите на четничкото движење, при што се потцртува, дека „четништвото се култивира од сите незадоволни елементи (македонски бугари, турци, албанци, власи и евреи) само во ропска Македоднија... Во Бугарска Македонија каде сите граѓани имаат еднакви политички и граѓански права.... не може да стане збор за било какво

[343] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 490, л. 18
[344] Василев В., Правителството на БЗНС..., 82
[345] В. „Автономна Македония“, бр. 22, 10 мај, 1921; бр. 28, 20 јуни 1921, 1

четништво."[346] МЕФО подвлекува дека „напорите, направени за едно добро и трајно разбирање меѓу Србите и Бугарите, треба наполно да го оправдаат своето предназначение не преку потисништво и насилство, туку со милосрдие, великодушност и правдољубие" и ги повикува двете влади поскоро да се издигнат над секоја пристрасност, да ја загушат кај себе секоја корист, и смели да се вслушаат во гласот на својата непоколеблива совест и тогаш да решат: „дали треба да погине еден народ со својата историја и традиции или да му се даде слободата, која што тој си ја извојува со толку крв, чест и достоинство!".[347]

Земјоделската влада немала единствен став кон македонското ослободително движење. Мнозина нејзини членови не ги одобрувале драстичните мерки на министерот Ал. Димитров против ВМРО. Во отпочнатите жестоки расправи преовладало становиштето за целосен неутралитет кон спротивставените струења во движењето. При реконструкцијата на владата од 24 јуни 1921 година Ал. Димитров е назначен за министер на војската, а Министерството за внатрешни работи го презема Коста Томов, зет на богат бегалец од Македонија, поврзан со автономистите. Покрај внатрепартиските и надворешнополитичките прилики оваа промена во владата има две главни цели. Од една страна, таа треба да покаже, дека владата се дистанцира од конкретните дејствија на Ал. Стамболиски против ВМРО, кои ја вжештиле атмосферата, т.е. дека не ја затвора вратата за постигнување на разбирање, а од друга страна решеноста да се справи со ВМРО, ако таа продолжи да создава потешкотии на политиката за зближување со Кралството на СХС.

Назначувањето на Ал. Димитров за министер на војската значело, дека во иднина против четите на ВМРО покрај полицијата и жандармеријата ќе биде ан гажирана и војската. Согласно решението за немешање во споровите меѓу македонските револуционери новиот министер за внатрешни работи сите санданисти кои дотогаш биле ангажирани во полициско-административните власт во Петричкиот округ ги заменил со членови на БЗНС претежно од внатрешноста на Бугарија.[348]

Убиството на Ѓорче Петров и поврзаното со него убиство на Симеон Георгиев Клинчаров (кој бил одреден за посредник од страна на ВМРО во преговорите со владата) по апсењето на Т. Александров и Ал. Протогеров во есента 1919 година е

---

[346] Ibidem, бр. 27, 13 јуни 1921, 1
[347] Ibid., бр. 22, 10 мај, 1921
[348] Василев, Правителството на БЗНС..., 99-100

вториот серозен чекор кон конечно разидување меѓу владата на БЗНС и ВМРО. Ако се земе во предвид фактот дека Ѓорче Петров не е само еден од идеолозите на македонското револуционерно движење и раководна личност во МРО во минатото туку и владин службеник, неговото убиство може да се смета и како предизвикување на самата државна власт од страна на ВМРО автономистичка. Токму така го толкувал и Ал. Димитров, кој што со силна енергија се залагал за изолирање на Т. Александров и за придобивање на македонското ослободително движење за политиката на зближување со Југославија.[349]

По повод убиството на Ал. Димитров за прв пат јавно се пројавуваат сериозните разлики во раководството на БЗНС и во земјоделската влада по однос на македонското ослободително движење и по македонското прашање воопшто. Во телеграмата на Ал. Стамболиски до сите бугарски делегации во странство во врска со убиството на Ал. Димитров, од 23 октомври 1921 година, се вели: „има индиции да се верува, дека убиството е извршено од македонски четници, против чија дејност покојниот имаше превземено најстроги мерки заради реализирање на програмата на бугарската влада да се расчисти патот за зближување со соседите на Бугарија".[350] Во прошталниот говор Ал. Стамболиски ќе го нарече покојникот „мојата десна рака и вечно творечка рака". Еден од помладите и порадикално настроени дејци на БЗНС Неделко Атанасов смета дека јасно треба да се каже, дека Ал. Димитров загинал поради „политиката на помирување и зближување на балканските славјански народи, на која што најсилниот и типичен вдахновител, носител и изразител од Земјоделскиот сојуз" бил Димитров. Ова убиство ги изострува споровите во владините кругови за односот со ВМРО, односно делува за забрзување на искристализирањето на левицата и десницата во Земјоделскиот сојуз. Министрите Коста Томов, М. Турлаков и др. се за мирољубиво разбирање со ВМРО, што по неколку месечни колебања во владата ќе преовлада како став. Но незадоволни од ова поведение на владата, група помлади и полево настроени дејци на БЗНС ќе го формираат Комитетот за селска диктатура, кој е благословен од Ал. Стамболиски. Кон него се присоединува и редакторот на весникот „Земјоделско знаме", и Неделко Атанасов, потоа Димитар Кемалов и др. Што се однесува до надворешната политка и специјално до македонското прашање, приврзаниците на

---

349 В „Македония", бр. 169, 12 октомври 1921; Правителството на Стамболийски...,10-11; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война..., д. бр. 78, 200-204; Чехословалки извори за българската история,..., 136-141

350 ЦДА, ф. 176к, оп. 4, а.е. 2044, л. 11

селската диктатура иднината на Бугарија ја гледааат, пред сé, ако не и еднииствено, во побратимувањето на јужните славјани и нивното обединување во една држава. Овие благородни побуди заслужуваат висока оцена, но тие имаат еден основен недостаток – неостварливоста во тогашните конкретни услови. Привrзениците на јужнославјанското братство очевидно ги надценуваат возможностите на демократските сили во Кр. на СХС да дојдат на власт, и го потценуваат фактот, дека владеачките кругови во кралството си ја претставуваат општата јужнословенска држва не како триумф на јужнославјанското братство, туку како наложување на хегемонијата на српската шовинистичка буржоазија и династија над сите јужнославјански народи.[351]

Дејствијата на ВМРО силно ја вознемируваат владата. Фактички Т. Александров настојува неговата организација да ја стави под контрола положбата во Петричкиот и Ќустендилскиот округ, за да може да ги искористи како база за неговата четничка дејност во Вардарска и Егејска Македонија. Владата не може да дозволи такво нешто. Таа со право стравува, дека ВМРО може да ја вовлече во опасен конфликт со Кралството на СХС и Грција и да ги компромитира нејзините напори за стекнување на доверба кај големите сили. Се наметнуваат и прашања поврзани со конкуренцијата која доаѓа од соработката меѓу владата и федералистите. Со молчеливата согласност на владата и целосна поддршка од месната администрација во Неврокоп и Ќустендил, во овие градови се создадени сериозни вооружени јадра на федералситите, предводени од Тодор Паница и Гр. Циклев.[352] На 31 октомври 1922 година земјоделската влада создава Земјоделска народна гарда (Оранжева гарда) на чело со министерот за внатрешни работи Рајко Даскалов. Во Петричкиот округ таа често дејствувала заедно со федералистите против ВМРО.[353] Овие четнички акции на револуционерното федеративно движење предизвикале обвинувања и кон легалната МЕФО, дека стои зад нив и ги подржува, што ќе предизвика и одговор од страна на МЕФО. На 18 декември 1922 година Федеративниот комитет објавил декларација, со која тој изјавува дека не е орудие на владата и нема ништо заедничко со организирањето на убиства и чети против ВМРО. Како доказ на оваа декларација објавува дека го исклучува од редовите на организацијата еден од најпројавените водачи на организацијата арх. Никола Јуруков, поради неговите врски со владините органи и неговата замешаност во дејствијата против ВМРО. Во рацете на судбината се

---

[351] Василев, Правителството на БЗНС..., 108-111
[352] Ibidem, 13-134
[353] Петреска Пачемска Д., ВМРО...., 45

препуштени и други дејци на легалната Федеративна организација обвинети за слични „грешки', како Вл. Ковачев, Кл. Размов и др.[354] Интересни се објаснувањата кои членот на Федеративниот комитет Никола Киров Мајски ги дава за овие случувања. Тој потцртува, дека комитетот постапил така, за да го спаси животот на неговите дејци кои биле осомничени за соработка со ВМРО и за да ја запази легалноста на организацијата. Заштитата на арх. Јуруков била невозможна „затоа што неговите противници од страната на Протогеров – Александров целосно го беа разоткриле". Мајски го признава „загнезденото во некои македонски средини црно сомневање, дека федералистите се отцепиле само за да си ги задоволат своите лични амбиции и интереси", а не за да изградат „единствена и моќна организација, поставена на здрави основи, ослободена од странични влијанија и исчистена од посегнувањата на нечисти раце и совести".[355]

Во разгорената борба помеѓу владата и ВМРО по Нишката спогодба ВМРО објавила една брошура „Владата на Стамболиски и македонското ослободително движење" со документални прилози. Во овој жесток антивладин памфлет се тврди, дека списокот за апсењата бил составен од федералистот Д. Кемалов, член на ПП БЗНС, во соработка со Филип Атанасов и други нивни сомисленици.

Всушност, МЕФО упатувала критика до бугарската влада и до партиите кои го користеле македонското прашање за остварување на нивните политички цели. Било укажувано дека Бугарија треба да сфати дека македонското прашање не е бугарско прашање, туку чисто македонско, дека Македонците не само што нема да допуштат присоединување на Македонија кон Бугарија, туку бараат отстапување на оној дел од Македонија што го држи Бугарија под своја власт. Но, како шо видовме сите нејзини членови не се придржувале до крај на прокламираната независност и неутралност. Некои членови на МЕФО воспоставиле контакти со Земјоделската влада, други дури и се ангажирале во подготовката и активноста на федералистичките чети против ВМРО.

Стамболиски повторно ја добил довербата на гласачите на парламентарните избори одржани на 22 април 1923 г. Во надворешната политика односите со Кралството на СХС биле се подобри. Уште претходната година Стамболиски е примен во Белград, каде ги обвинил македонските екстремисти-автономисти дека тие се одговорни за неволјите на Бугарија, вклучувајќи ја и Втората балканска војна. Кога во

---

[354] В.„Автономна Македония", бр. 93, 18 декември 1922; ЦДА, ф. 933, оп. 1. а.е. 116, л. 189; В.. Цитирано според Василев, Правителството на БЗНС..., 139-140

[355] ЦДА, ф. 933к, оп. 1. а.е. 116, л. 165, 189. Цитирано според Василев, Правителството на БЗНС...,140

тој дух е потпишан и Нишкиот договор, сите македонски организации во Бугарија се прогласени за нелегални, нивните публикации се забранети, а водачите се уапсени и испратени по затворите на истокот на земјата. Специјалните сили сконценртрирани во Петрич требало да се борат против ВМРО. Гневни и уплашени, раководните лица на ВМРО, особено Александров, со месеци се заканувале со ликвидација на Стамболиски.[356] Политичките опоненти на владата, каква што била Воената лига, десните граѓански сили и радикално настроените македонски организации (воглавном ВМРО, ликвидирале неколку министри, а на 9 јуни 1923 година го извеле државниот удар, во кој е убиен и самиот Стамболиски. Брзиот колапс на режимот на БЗНС кој што следел, бил претставуван како победа на градот над селото.

Отворените закани од ВМРО не биле упатувани само кон земјоделските лидери, туку и кон членството на МЕФО. Започнале физички ликвидирања на противниците на ВМРО, која преку Извршниот комитет вршела притисок врз раководството на МЕФО за обединување на двете легални организации: МЕФО и Сојузот на македонските братства во Бугарија. По Деветојунскиот преврат и паѓањето на земјоделската влада голем дел од раководителите на БЗНС својот спас го нашле во емигрирањето од Бугарија. Тие во емиграција се поврзале со државните и известителните служби на други држави, најчесто со југословенските и продолжиле да одржуваат контакти и да соработуваат со некои македонски федералисти, кои пред терористичките закани од ВМРО исто така емигрирале од Бугарија.

Задграничното претставништво на БЗНС добивало пари од југословенската влада, чехословачките земјоделци, советската пропаганда, патувале со српски пасоши (таков е случајот со Даскалов, поранешен окружен управник, кој му бил курир на Неделко Атанасов меѓу Белград и Виена, Малинов, поранешен земјоделски пратеник и др.). Тие во Виена и во други еврпски градови се во постојан контакт со македонските федералисти.[357] Од бројната документација од министерствата за внатрешни и за надворешни работи на Кралството на СХС, на Бугарија и на други земји каде што се движеле македонските федералисти и емигрираните земјоделски лидери по деветојунскиот преврат, и од други документи, може да се заклучи дека нивните

[356] Василев, Правителството на БЗНС..., 256-257; Јелавич, op. cit., 197.

[357] ЦДА, ф. 176к, оп. 5, а.е. 339, л. 37, 38; Ibidem, а.е. 342, л. 6; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 225, 53; Ibidem, д. бр. 240, 607-672; ДАРМ, 1. 1266. 6. 144/647-653; Поповски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во Советската надворешна политика (1922 – 1940), Документи, Едиција документи за Македонија, книга II, 1-671, Скопје 2008, д. 173, 561-563

контакти и соработка продолжиле и се подржувале и по превратот и надвор од границите на Бугарија.

## 2.6. Односот на МЕФО кон ВМРО, Илинденската организација и кон другите македонски организации

Македонскиот народ по завршувањето на Првата светска војна, повторно остана без своја национална држава, поделен меѓу балканските држави, непризнаени, ниту во една од нив не бил признат ниту како посебен народ, ниту како македонско национално малцинство. Новите сосотојби наложуваа повторно поведување на борбата за остварување на македонската државност. Македонските револуционерни и политички сили веднаш по војната започнаа повторно да се ангажираат, да се организираат и да се пројавуваат преку различни форми и начини на борба за македонска државност.[358] Во ова барање на патишта за решавање на македонското прашање по војната дејците од македонското движење се ориентираа кон легалните и илегалните македонски организации, или во даден момент се вклучуваа во активностите и на едните и на другите, а самите организации во зависност пред сé од нивните програмски определби и интереси го градеа својот меѓусебен однос и си го наоѓаа своето место во контекстот на македонското движење.

### 2.6.1. Односот на МЕФО со ВМРО

Македонската емигрантска федеративна организација како една од легалните македонски организации, кои се профилирале и делувале по Првата светска војна во Бугарија, пред сé со своите средства и методи на делување, но и со своите размислувања и гледања на можните начини за разрешување на македонското прашање во многу што се разликувала од Внатрешната македонска револуционерна организација Разликите, спротивностите и нетрпеливоста постојано избивале на површина во нивниот меѓусебен (посреден или непосреден) однос.[359]

[358] Петреска Д., Концепциите..., 145

[359] Нивнинте односи биле предодредени со различните гледања за решавање на македонското прашање по завршувањето на Првата светска војна, за што во еден федералистички извештај до советите од јули 1923 г. стои: „Федералистичката легална организација, додека анексионистите пишуваа мемоари за присоединување, се обратија со повик кон целата македонска емиграција, без разлика на вероисповед и народност, да се сплоти под спасоносното знаме на федералистите, со паролата: Создавање слободна и независна држава од Македонија, по моделот на Швајцарската Федерација“ којашто ќе биде спојувачка алка меѓу балканските држави за создавање федерација на Балканот, единствен гарант за мирот на

ВМРО консолидирана и предводена во повоениот период од Тодор Александров и Александар Протогеров продолжила да делува како илегална револуционерна организација. Двајцата водачи на Организацијата со повлеклувањето од официјалното работење во легалните македонски организации, ја покажале нивната намера за обновување на револуцинерната дејност на Организацијата. Тодор Александров, за време на одржувањето на Петтиот редовен конгрес на македонските братства во Бугарија, како делегат од Штипското братство, си дал оставка во работите на Собирите на македонските братства во Бугарија, посветувајќи се целосно на илегалната работа на Револуционерната организација.[360] И Александар Протогеров си дал оставка во Извршниот комитет на македонските братства, односно на Собирот на братствата од 22 ноември 1919 година објавил дека нема да се кандидира за новиот состав на ИК поради „познати причини“.[361] И покрај тоа тие останале во блиска соработка со луѓето од Извршниот комитет[362], кој како што видовме досега е во постојан опозит од дејците на МЕФО во сите фази на нејзиното создавање. Всушност поради блискоста и тесната соработка на ВМРО со Извршниот комитет преку односот на МЕФО кон Извршниот комитет може слободно да го гледаме и нејзиниот однос кон ВМРО. МЕФО (Привремената комисија) и Извршниот комитет постојано полемизирале околу прашањето дали постојат идејни и принципиелни разлики меѓу нив, или неединството во македонското легално движење во Бугарија се должи само на различни тактики и амбиции на одделни личности за обезбедување на раководна улога во него и сл.[363] Извршниот комитет докажувал дека тоа доаѓа од преголема амбиција на личностите од Привремената комисија (МЕФО), но сепак признал дека има суштинска разлика околу прашањето  во чие име да се бара автономна, независна Македонија. Дали во името на „бугарското“ население и да се опстојува на „етничкиот“ (се мисли на бугарскиот б.а.) принцип за кој така упорно се залагал Извршниот комитет, или

---

Балканот, за мирот во Европа....... Цела Македонија беше затрупана со апели на јазиците на сите народности“. ВМРО на Т. Александров од страна на федералистите се гледа како „организација што е создадена со големи материјални средства кои што се собираа и се собираат од македонското население. Повеќето луѓе од неговата организација се купени орудија и престапници гонети за ниски злосторства“ Според федералистите Т. Александров добивал морална подршка од првите луѓе од блокот партии и нивниот печат и сите оние Македонци на кои тој им помогнал за време на последните две војни, кога бил моќен, а материјалните средства порано ги добивал од Германија, Австрија и Турција, а по војната и од Италија, од Унгарија и од блокот во Бугарија (Поповски Вл., Жила, Македонското прашање во Советската надворешна,...., к. II, 1-671, д. 20, 71-95)

[360] Златна кн, ....., 156; Петреска Пачемска Д., ВМРО 1918-1934, ..., 22

[361] Из дейноста на съборите и на Изпълнителния комитет на македонските братства в България (ноември 1918 – септември 1919), София 1919, 6

[362] Сé за Македонија, op. cit . д. 8, 455

[363] В. „Автономна Македония“, бр. 22, 9 мај, 1921, 2; Бадев Й., Трите..., 31

автономна-независна Македонија да се бара од името на целокупното население на Македонија без разлика на вера и народност т.е. да се опстојува на народносниот принцип за кој се залагале Привремената комисија и МЕФО. Она што посебно ги погодувало раководните личности од Извршниот комитет била определбата на Привремената комисија да го стави на прво место „државно-политичкиот принцип", принципот за „Македонски народ" и „Македонска држава"[364]. Извршниот комитет и ВМРО ги искажале своите ставови и против внатрешното уредување на идната македонска држава по федеративен принцип внесено и во проект-уставот за поврзување на македонското емигрантско движење во Европа и Америка. Како главен идеолог на таа "принципиелна" (наводниците се на Јордан Бадев) разлика Јордан Бадев на Третиот Велик собор на македонските братства во Бугарија го посочува Вл. Ковачев, кој потоа ќе ја предводи и Политичката комисија на МЕФО.[365] Оваа суштинска разлика меѓу двете легални крила од македонското движење се јавува и како разлика меѓу ВМРО и МЕФО. По враќањето на Тодор Александров од вардарскиот дел на Македонија во Бугарија во почетокот на 1921 година започнале се посилно да се чувствуваат притисоците на опозицијата во ВМРО, која барала да се одржи конгрес на организацијата. ЦК на ВМРО не се согласува на овие барање, поради несигурност за својот преизбор. Дел од незадоволното или исклученото членство се ориентирало кон Ѓорче Петров и стоело на ставот дека треба да се напуштат старите средства на борба (терористички и четнички акции) и да се преориентираат кон легалниот начин на борба. Оваа поврзаност со Ѓорче Петров, кој е официјален владин службеник во Министерството за внатрешни работи, и со Министерот Александар Димитров, поранешен серчанин, на некој начин прави впечаток на подржаност на ова крило од владините служби. Додека пак Т. Александров при обновувањето на Организацијата се поврзал со старите бугарски државни, политички и воени фактори, кои за време на владеењето на Земјоделската влада на Стамболиски биле во опозиција, а особено со тајната офицерска организација Воената лига. Така Организацијата си добивала подршка за нејзино снабдување со оружје и муниција. Воената лига како и политичката опозиција во Бугарија во ВМРО нашла вооружена сила која што била вклучена во внатрешните политички борби во Бугарија[366]. Ваквата позиционираност на

[364] Бадев Й., Трите..., 31
[365] Ibidem, 33
[366] Заради добивање на морална и материјална подршка за извршување на своите идни акции, раководството на ВМРО и Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија во март 1919 година се поврзале и со италијанските дипломатски и воени претставници (полковникот Лоди) во

ВМРО во бугарските политички состојби ќе ја направи отворен непријател и противник на земјоделската влада, која се повеќе ја ориентирала својата политика кон соработка со Белград. Во тие пресметки на 28 јуни 1921 година ќе биде убиен Ѓорче Петров, а во почетокот на август ВМРО ќе ја донесе смртната пресуда и на министерот Александар Димитров, кој директно се договарал со Белград за спречување на четите на ВМРО да ја преминуваат границата меѓу Бугарија и Кралството на СХС, и на премиерот Александар Стамболиски. Во овие превирања во ВМРО, во јуни 1921 година, ЦК упатува Циркулар-инструкции до нелегалните групи на ВМРО и повторно укажува дека цела на организацијата е: Автономна Македонија, независна од балканските држави, а и средствата останувaa исти: создавање во Македонија, една тајна, моќна, неуловлива револуционерна организација, нераслива за непријателите-поробувачи на Македонија – Србија и Грција – која, во согласност со сите други поробени народности од Срби и Грци, да работи на сите можни патишта и начини за постигнување на горната цел. Се предвидува и потпомагање на легалната борба, доколку е можно и поддржување на сите можни обиди за примена на Договорот за покровителството на малцинствата (согласно Циркуларот на ЦК од јуни 1920 година. Види Глава 1. Наслов 3). ВМРО во овој Циркулар предвидува и: Вклучување во редовите на борбата (во Организацијата) на сите други поробени народности во Македонија – главно Турци, Албанци, Власи, Евреи и др. и надвор од Македонија на други поробени народности, како што се Црногорци, Хрвати, Словенци, Бошњаци и сл. И терористичкиот метод на борба останува во начелата во овој Циркулар.[367]

По консолидирањето на ВМРО е обновено и Задграничното претставништво (ЗП) на Организацијата во Софија, во состав: Георги Баждаров, Наум Томалевски и Кирил Прличев. Покрај задачата на ЗП на ВМРО да врши агитација сред македонската емиграција за неопходноста за нелегална борба во Македонија, неговиот член Георги Баждаров активно бил вклучен и во полемиките и расправите меѓу легалните македонски емигрантски сили во Бугарија. Освен тоа што земал активно учество во собирите на македонските братства, каде ги застапувал интересите на Извршниот комитет, заслужува да се истакне и неговата теоретска статија по прашањето за

---

Софија. Врз основа на водените разговори во Рим бил потпишан договор за започнување комитска акција во Македонија и поведување борба за соборување на Земјоделската влада на Александар Стамболиски. Преку оваа соработка со ВМРО и непосредно со Бугарија на Италија и се овозможувало поголемо политичко и економско влијание на Балканот. Со планираните четнички акции на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија, што бил под власта на СХС Италија гледала свој интерес во дестабилизирањето на Кралството СХС.

[367] Сè за Македонија, ..., д. бр. 7, 43-51

административното и политичкото уредување на идната македонска држава. Баждаров, предизвикан од гледањето на МЕФО за внатрешно федеративно уредување на идната македонска држава по примерот на Швајцарија, развива теорија за настанувањето на федерациите и конфедерациите во светот и посебно на Швајцарската конфедерација, која смета дека не може да се примени во Македонија. Повикувајќи се на етнографскиот состав на населението во Македонија и како мултикултурна земја, а во согласност со „современата политичка наука и практика", тој сметал дека рамноправност на народностите треба да се обезбеди преку **„екстериторијална културна автономија** (подвлечено во оригиналот М.Н.) т.е. народностите распрснати низ целата територија да имат своја просвета и, воопшто, културна организација, онака како што е во САД, и како што беше во европска Турција".[368] На крајот авторот се прашува зошто вештачки да се дели Македонија на одделни државички кога сите „сметаме дека Македонија претставува една географска и економска целина – со општ центар Солун."[369] Проектираното внатрешно федеративно уредување на македонската држава од страна на МЕФО Баждаров го гледа и како можна опасност да ги предизвика апетите на балканските држави, секоја да си присоедини соодветен кантон.[370] На програмата на МЕФО за внатрешно федеративно уредување на идната македонска држава по примерот на Швајцарија, покрај расправите во легалното македонско движење, од името на ЦК на ВМРО се осврнува и Тодор Александров, на крајот од 1923 година, (за време на преговарањата за соработка со СССР). Во посебна Декларација „За таканаречените федералисти"[371] со образложение дека „во Македонија народностите се измешани во секој округ, околија, град и село – а положбата не е како во Швајцарија да има француски, италијански и германски кантони по етнички состав" таа база ја смета за „апсурд". Повикувајќи се на фактот дека во Македонија „никогаш немало одделни државички, како во Швајцарија, кои ќе се федерираат" остава можност за прашањето на „Југословенска Федерација, Дунавска Федерација". Според Т. Александров „самите „федералисти", впрочем не ја разбираа еднакво федеративна Македонија". Во ова критичко гледање на федеративната програма, тој нагласува дека „Едни мислат таа да се создаде по кантоналниот систем во Швајцарија, други – дека „федеративна" Македонија подразбирала „федерација на народностите" во неа, а не федерација на територијални единици". Во Декларацијата, меѓу другото,

[368] Баждаров Г., Федеративна Македония ли?, „Македония", София, септември 1922, г. 1., кн. VII, 12
[369] Ibidem
[370] Ibid.
[371] Сé за Македонија, ..., д. бр. 84, 265-275

федералистите се критикуваат и за нивната блискост со бугарската влада, со која Тодор Александров бил во „војна", наспроти нивните изјави "далеку од бугарската влада".[372]

Иако од страна на ВМРО била обвинувана за блискост со бугарската влада, сепак, Македонската емигрантска федеративна организација отворено ги критикувала бугарската влада и партиите кои го користеле македонското прашање за остварување на нивните цели. Притоа било укажувано на потребата Бугарија да сфати дека „македонското прашање не е бугарско, а чисто македонско", дека Македонците не само што нема да допуштат присоединување на Македонија кон Бугарија туку бараат отстапување на оној дел кој го држи Бугарија под своја власт.[373] Кога станува збор за интересите на бугарската државна политика и дипломатија кон македонското прашање МЕФО ја критикува истата, потенцирајќи дека „бугарската дипломатија по македонското прашање и бугарското управување над Македонија се софпаѓаат како близнаци. Македонија ќе се отргне и од едното и од другото и ќе заживее самостојна, целокупна и слободна."[374] Во таа смисла е и критиката на МЕФО за учеството на личности блиски до Т. Александров и неговата ВМРО во дипломатските активности на официјална Бугарија. „Сите усилби за отргнување на македонското прашање од бугарската политика совршено се компромитираат, штом во официјалните бугарски делегации влегуваат Македонци, кои истовремено се членови на македонските организации."[375] МЕФО протестно реагирала и на учеството на проф. Н. Милев во бугарската делегација во Друштвото на народите. Нивната критика била упатена пред сѐ како кон потпретседател на Извршниот комитет. Во оваа критика МЕФО била понесена „исклучително од големата желба да ја заштити чистотата на македонската идеја и да ја зачува светоста на идеалот за слободна и независна Македонија". Во оваа полемика МЕФО го спротивставува своето мислење на тврдењето во в. „Македонија", дека било од голема полза во официјалните бугарски делегации да влегуваат и Македонци (се подразбира членови на македонските организации) и да се застапува македонската кауза преку официјална Бугарија. Во поткрепа на својот став МЕФО

---

[372] Ibidem

[373] В. „Автономна Македония", бр. 21, 27 ноември 1922, 1

[374] Ibidem, бр. 88, 4 ноември 1922, 1; В. „Илинден", бр. 35, 2 септември 1922, 1

[375] Ibid., бр. 83, 3 октомври 1922, 1

потенцира, дека тие од секогаш биле со мислење, дека нема ништо попогубно за чистотата на македонската идеја, освен да се дејствува имено по тој начин.[376]

До тука се обидовме да се осврнеме на разликите во целите на борбата за ослободување на Македонија, односно на проекциите за иднината на Македонија од страна на МЕФО и ВМРО. Што се однесува до средствата и методите на водењето на ослободителната македонска борба МЕФО и ВМРО иако по принцип на водењето на борбата генерално се разликуваат – МЕФО, како легална и ВМРО како „нелегална" револуционерна организација, сепак во дадени моменти и двете од нив допуштаат толеранција и на другиот принцип. Од страна на ВМРО веќе видовме дека се прифаќа и легалниот принцип, кога станува збор за изборите... И Привремената комисија (МЕФО), покрај своите прокламирани принципи за легална борба, на страниците на својот печатен орган „Автономна Македонија" во повеќе наврати ја оправдува четничката активност во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија, со постојано обвинување на денационализаторскиот и асимилаторски режим спроведуван од Кралството на СХС и Грција во овие делови на Македонија. Во написите за четничките појави во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија не се прави никаков коментар за автономистичката ВМРО, туку овој феномен се толкува како реакција на српскиот режим од страна на целокупното население во тој дел на Македонија без разлика на вера и народност. МЕФО ќе забележи дека „тоа (четништвото) може да вирее само таму, каде царува целосно безредие и несигурност за индивидуата", одрекувајќи дека во делот од Македонија што е во границите на бугарската држава постои четништво, поради тоа што сите граѓани имаат еднакви политички и граѓански права и гарантирано слободно пројавување на својата интелектуална способност на секоја индивидуа.[377]

[376]Ib., бр. 88, 4 ноември 1922, 1; МФРО ќе го поврзе патувањето на проф. Милев во 1923 г.во Рим, со добивање подршка од Италија на буржоаскиот блок и на Т. Александров за превратот од 9 јуни. (Поповски Вл., Жила, Македонското прашање во Советската надворешна, ..., к. II, 1-671, д. 20, 93 ) Никола Милев (1881, с. Мокени, Костурско – 13 февруари 1925 г. Софија). Учесник во Македонското револуционерно движење (од 1898 г.). Дипломирал историја на софискиот универзитет, специјализирал нова историја во Виена. Бугарски историчар, публицист, општественик. Директор и уредник на повеќе бугарски весници и списанија, како и на весници на македонски емигрантски организации во Бугарија. Еден од основачите на бугарскиот граѓански блок Народен зговор во 1922 г. и директор на неговиот орган Слово. Потпретседател на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија. Пратеник во бугарското Народно собрание во 1923 г. Советник во бугарската делегација во Друштвото на народите во Женева. Убиен од атентатор со комунистички убедувања

[377] В. „Автономна Македония", бр. 27, 13 јуни 1921, 1

Прокламираните принципи за легалност, независност и неутралност од страна на Привремената комисија и МЕФО не биле докрај испочитувани од сите нејзини членови. Дел од нив, меѓу кои се арх. Никола Јуруков, д-р Филип Атанасов и др. воспоставиле контакти со бугарската влада, или учествувале во подготовките на вооружените „федералистички“ чети и во нивното делување против четите на автономистичката ВМРО. Тодор Александров се обидувал да ги привлече истите во редовите на ВМРО. Така во 1921 година ги предупредувал д-р Ф. Атанасов и арх. Н. Јуруков, да ја напуштат Привремената комисија, „која ја подривала почвата на комитетот“[378] (се мисли на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија М.Н.). Двајцата одбиваат да се потчинат на таквите „совети“, чувствувајќи се силни поради тоа што веќе биле изградени основите на нелегалната формација, наречена МФРО.[379] Федералистите најголема подршка во земјоделската влада на Ал. Стамболиски добивале од серчанецот Александар Димитров, кој бил министер за внатрешни работи и министер за војската.

Во пролетта 1922 година се случиле превирања во МЕФО и во ВМРО и околу потпишаниот договор во Тирана од декември 1921 година. Членовите на МЕФО Филип Атанасов и Никола Јуруков во крајот на февруари 1922 година во Виена оствариле средба со Ал. Протогеров, Славе Иванов и други членови на ВМРО, кои го подржувале Тиранскиот протокол. На средбата биле разгледувани актуелните состојби во македонското движење.[380] Ваквите појави предизвикале револт кај ВМРО, која за себе го резервирала сувереното право на општ израз на македонското ослободително дело, правото на решавање за тоа дело, правото на стапување во соработка со странски субјекти и за толкување и обезбедување на општите цели на македонското ослободително дело. Така сватената улога на ВМРО ригорозно била заштитувана од Т. Александров, што довело до отворени закани од негова страна за физичко ликвидирање на федралистите што се ангажирале во борбата против него и автономистичката ВМРО и на членовите на Земјоделската влада, од кои што федералистите добивале подршка.

Во април 1922 година покрај заканувачкото писмо на Т. Александров до Сл. Иванов, исто такво било упатено и до Филип Атанасов, сé со цел да се спречи

---

[378] В. „Македонско съзнание“, бр. 1-2, 15 јануари 1925.

[379] Гребенаров А., Легалните...,104

[380] Ивановъ Славе, Тодоръ Александровъ и македонското освободително движение, Виена 1924, 38-42

создавањето на единствен фронт против него.[381] Во време на овие превирања весникот „Нойе Фрайе Пресе“ го објавил следното писмо на д-р Филип Атанасов: „Во последно време се појавија гласови за бугарски чети во Македонија и одговорноста за тоа се натоварува врз бугарската влада. Според српските и грчките весници владите на Србија и Грција протестирале во Софија и заплашувале со „санкции“ ако немирите продолжат во Македонија. Поради овие соопштенија тој изјавува, дека Македонската федеративна организација ниту во Бугарија, ниту во други држави, каде што има месни групи на организацијата – не вооружува чети и не го поттикнува населението во Македонија против српската и грчката власт. Бидејќи Македонската федеративна организација, по несреќната светска војна, која што му донесе неискажливи страдања на македонското население, не води четничка политика за обединување на распокинатите од договорите делови на нејзината татковина, туку си поставила за цел ослободувањето и независноста на Македонија да го постигне со легални средства, особено за извојување на осигуреното од договорите покровителство преку ДН.“[382] Но и по ваквото оградување на МЕФО од МФРО нејзиниот печатен орган објавува написи за појавата и дејствувањето на четите во Македонија. „Автономна Македонија“ на 23 јули 1922 година соопштува за пишувањето во српските весници за делување на революционерни чети во Вардарска Македонија, за четата на Петар Чаулев, која се обидела да навлезе во охридско преку Албанија, но била одбиена од српските сили, за дејствувањето на војводите Брљо и Дивљанац во Скопско, „дека уште повеќе ја засилиле својата революционерна проповед во некои места, според српскиот печат, селаните божем вооружено им се спротивставиле. Но, тоа е српска ујдурма, со цел да се претстави дека четите немаат никаква почва кај самото население и дека се разбојнички банди без политика. Нашите сведоштва се, дека и градското и селското население без разлика на вера и народност, во сите македонски околии е силно возбудено против тираните и со ентузијазам за борба против нив, како и пред 20 години. Штом ќе се јави чета во некое село, селаните, како во турско време, мирно ја пречекувале и ја испраќале, без спротивставување и ги предавале пушките, кои власта им ги давала за борба против четите. Притоа секоја чета била составена од месни жители – бугари, турци, власи, албанци, гркомани, дури и србомани.

---

[381] Палешутски К., Македонският въпрос в буржоазна Югославия, ...120; Поповски Вл., Жила, Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II , 1-671, CIX

[382] В. „Автономна Македония“, бр. 67, 21 април 1922, 1-2

Колку и да се мачат да го прикријат револуционерното движење во Македонија, српските весници нема да успеат да и помогнат на својата влада. Единствениот лек е да се даде *управувањето на Македонија во рацете на самото нејзино население* (курзивот е во оригиналот М.Н.). [383] И на 2 септември 1922 година федералистичкиот весник објавува написи за чета во Велешко во с Горица, во Дебарца се појавил охридскиот војвода Ангел. П. Василев, која се повлекла кон Албанија, по тој повод биле извршени апсења во Охрид и селата; српските весници известувале за четата на прочуениот во западна Македонија вовјода Крсто Љондев (потписник на Апелот на Привремното претставништво од март 1919 г. б.м.), која успеала да навлезе во грчка Македонија во Леринско и повторно се префрлал во Битолско и Преспанско. „Насекаде неговиот збор за слобода и независност е дочекуван со радост и ентузијазам, како сега одново да започнува ослободителната борба. Грчките и српските потери енергично го преследуваат омилениот на месното население војвода, но тој исчезнува пред нив како фантом“.[384]

Освен тоа, како што видовме погоре, автономистичката ВМРО отворено ја обвинила МЕФО дека има врски со илегалните федералисти, односно со Федративниот револуционерен комитет.[385] Како демант на таквото гледање МЕФО објавува Декларација во која се подвлекува дека МЕФО е „принудена да излезе од својата резервираност и да го удостои претставниокот на ВМРО и тоа *еднаш за секогаш* (курзивот е во оригиналот М.Н.), со јасен и категоричен одговор во смисла, дека *бугарската секција на Македонската федеративна емигратксна организација, бидејќи е строго легална, никогаш не замислувала, а уште помалку се занимавала со било какви конспиративни дејствија, каде и да било*“(курзивот е во оригиналот М.Н.) и го одрекува давањето на „име, содејство и план“ на МФРО од нејзина страна.[386] Во истиот дух Управниот совет на МЕФО испраќа и Окружно до претседателите на македонските братства и друштва.

---

[383]Ibidem, бр. 76, 23 юлий 1922, 2
[384] В. „Автономна Македония“, бр. 80, 2 септември 1922, 2.
[385] В. „Илинден“, бр. 49, 9 декември 1922; В. „Автономна Македония“, бр. 93, 18 декември 1922; ДАРМ 1. 471. 4. 5/77; Со одвојувањето на една група од старите војводи од автономистичката ВМРО меѓу кои биле Стојан Мишев, Славе Иванов, Григор Циклев, Дончо Ангелов, кои во борбата против Тодор Александров се приближиле до членовите на раководството на МЕФО д-р Филип Атанасов, арх. Никола Југуков и Крум Зографов во крајот на 1921 година се формирала Македонската федеративна револуционерна организација. Тодор Александров, создавањето на МФРО го гледа како дело на МЕФО со подршка од земјоделската влада на Александар Стамболиски и министерот Александар Димитров. (Сѐ за Македонија. ..., д. бр. 84, 265-275, д. 117, 365; в. „Илинден“, бр. 49, 9 декември 1922; В. „Автономна Македония“, бр. 93, 18 декември 1922, 1)
[386] В. „Автономна Македония“, бр. 93, 18 декември 1922, 1

Во полемиката се вклучува и в. „Македонија“, кој застанува на страната на в. „Илинден“ и ВМРО. В. Автномна Македонија до својот последен број одрекува било какви врски со револуционерни организации, се објавува за противник на четничкото движење „инспирирано однадвор“ од областа, и ги напаѓа „Илинден“ и „Македонија“ дека застанале да ја заштитуваат ВМРО. Печатениот орган на МЕФО, потенцира пред своите читатели, дека клучот за решавањето на македонското прашање е во планомерната и систематска легална дејност во Македонија пред сé во областа на парламентаризмот.[387] Како доказ на оваа декларација МЕФО објавува дека го исклучува од редовите на организацијата еден од најпројавените водачи на организацијата арх. Никола Јуруков, поради неговите врски со владините органи и неговата замешаност во дејствијата против ВМРО. Во рацете на судбината се препуштени и други дејци на легалната Федеративна организација обвинети за слични прегрешувања, како Вл. Ковачев, Кл. Размов и др.[388] По силата на максимата „непријателите на моите непријатели се мои пријатели“ взаемнодејствувањето меѓу федералистите и земјоделската влада се продлабочува. Со молчеливата согласност на владата и целосна подршка од месната администрација во Неврокоп и Ќустендил се создадени сериозни вооружени јадра на федералситите, командувани од Тодор Паница и Гр. Циклев.[389]

Вооружените пресметки меѓу четите на МФРО и ВМРО во 1922 година, Тодор Александров го смета за една од причините за згаснувањето на работата на МЕФО, за која смета дека „и се стави крај на обединувачкиот конгрес на македонските емигрантски организации, одржан во Софија, на 28-31 јануари 1923 година. За соработката на нелегалната Македонска федеративна револуционерна организација со бугарската влада, ВМРО, особено ги обвинува членовите на легалната МЕФО арх. Никола Јуруков и д-р Филип Атанасов, со кои и во 1923 година тесно поврзаните со нив нелегални федералисти „ги продолжиле своите злосторнички акции со уште поцелосна сорботка на владата на Стамболиски во Бугарија“, сега веќе облечени и во официјална бугарска државна униформа.[390] Односите помеѓу МЕФО и автономистичката ВМРО особено се влошиле по интензивирањето на вооружените пресметки помеѓу четите на МФРО и на ВМРО автономистичка.

---

[387] Ibidem, бр. 96, 20 јануари 1923.
[388] ЦДА, ф. 933, оп. 1. а.е. 116, л. 189; В. „Автономна Македония“, бр. 93, 18 декември 1922. Цитирано според Василев, Правителството на БЗНС..., 139-140
[389] Василев, Правителството на БЗНС..., 130-134
[390] Сé за Македонија, ...д. бр. 84, 265-275; д. бр. 117, 365

МЕФО, која се залагала за легална борба и за постигнување на единство во македонската емиграција, негодувала против убиствата на припадници на МФРО или луѓе блиски до нив од страна на автономистичката ВМРО констатирајќи дека *„нема подобар сојузник на непријателите на нашата татковина* од нашите взаемни преследување и истребување". Таквиот начин на меѓусебна пресметка МЕФО го карактеризира и како лекомисленост.[391]

Создавањето на федралистичките чети и нивното испраќање против Тодор Александров беше сватено од бугарката реакција како обид на Александар Стамболиски со исти методи, со рацете на македонската емиграција и силата на оружјето да се пресмета со нив. Со ова меѓу двете страни, со создавањето на овие контрачети започнува војна. Георги Занков, кој во ова време на распламтена расправа во редовите на македонското движење во Бугарија, бил претседател на Илинденската организација активноста на МФРО ја смета за повод за влошувањето на односите меѓу МЕФО и ВМРО.

Во својот осврт на овие настани објавен во Македонско дело на 25 март 1927 година под наслов „Мојот збор" тој вели дека појавата на отцепените од ВМРО четници и нивниот Федеративен револуционерен македонски комитет предизвикале извесна збрка во македонската емиграција во Бугарија и се појавиле резерви и кон легалната МЕФО. Поради овие настани по обединувањето на македонската емиграција во Бугарија се создал Сојуз на македонските емигратски организации во чиј Устав била издигната идејата за „Независна Македонија и Балканска федерација" и место зборот „федерација" бил употребен „сојуз" бидејќи првиот поим бил компромитиран од „федералистите-разбојници".[392]

Приврзениците на автономистичката ВМРО, како побројна и воено поорганизирана сила, во текот на 1923 година, успеале да го ликвидират поголемиот дел од раководството на МЕФО и МФРО, арх. Никола Јуруков, Александар Панов, Климент Размов и Петар Таралјамов, а д-р Филип Атанасов, Глигор Костов, Јордан Анастасов, Тодор Паница, Славе Иванов и д-р Христо Татарчев спасот го побарале со бегство надвор од Бугарија.

---

[391] В. „Автономна Македония", бр. 83, 3 октомври 1922, 2
[392] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 95

Другата група од редовите на МФРО, познатите комитски војводи и отцепници од Тодор Александров, Стојан Мишев, Глигор Циклев и Мите Соколарски, во мај 1923 година со своите чети преминале во вардарскиот дел на Македонија и се ставиле на располагање на државните власти на Кралството на СХС во борбата против автономистичките чети на ВМРО и во тероризирањето на македонското население.[393]

### 2.6.2. Односот меѓу МЕФО и Илинденската организација

Македонската емигрантска федеративна организација и Илинденската организација, како легални македонски организации во Бугарија во процесот на своето формирање и во текот на своето делување (до времето на постоењето на МЕФО) покажуваат многу заеднички допирни точки. Тоа се гледа преку поддршката и активното учество на исти македонски дејци и на двете организации, преку некои слични или исти ставови по одредени прашања околу состојбите во македонското движење, проблемите на емиграцијата или политичките состојби, потоа и преку некои нивни заеднички активности.

Во периодот непосредно по завршувањето на Првата светска војна голем дел од подоцнежните членови на друштвото „Илинден“ (Илинденската организација) застапувале ставови на Привременото претставништво на обединетата бивша ВМРО. Двајца од вкупно 6-те членови на Привремената комисија за организирање на македонските револуционери во Друштво „Илинден“ – Ал. Панов и Гр. Костов биле потписници на резолуции во кои, давале целосна подршка на активноста на Привременото претставништво а била критикувана работата на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија. Активен член на Друштвото „Илинден“ станал и еден од членовите на Привременото претставништво Петар Ацев, а потписници на резолуции во кои остро се напаѓала дотогашната дејност на Извршниот комитет биле повеќе членови на Друштвото „Илинден“ (Борис Груев, ѓакон Евстатиј, Илија Христов).

Всушност поголем дел од дејците кои ја формирале Привремената комисија за организирање на старите македонски револуционери во Друштво „Илинден“ се ангажирале прво во работата на Привремената комисија на македонската емиграција, а

[393] Златна книга, ... 160

потоа на во МЕФО. На Основачкиот конгрес на МЕФО членот на Друштвото „Илинден“ Григор Костов е избран во Управниот совет, а членовите Владислав Ковачев и Ал. Панов биле избрани во нејзината управа.[394] В. Ковачев ја предводел политичката комисија на МЕФО. Вклучувањето на членови на Друштвото „Илинден“ во МЕФО произлегувало одтаму што тие биле приврзаници на федеративната идеја. Слично како и Привремената комисија на македонската емиграција, и Друштвото „Илинден“ се обидувало да посредува за обединувањето на македонската емиграција.

Прашањето за преземање на акција за посредување меѓу Извршниот комитет и Привремената комисија го покренал Владислав Ковачев во август 1921 година.[395] Иако неговиот обид не наишол на одобрување од останатите членови на Друштвото „Илинден“, поради тоа што предлаганата акција излегувала надвор од ингеренциите на здружението, интересот по тоа прашање и натаму бил присутен кај дел од членството. Во периодот непосредно по одржувањето на Третиот велик собор на Извршниот комитет во редовите на Илинденското друштво се дошло до заклучок, дека без да се постигне компромис не е можно да се оствари помирување помеѓу Извршниот комитет и Привремената комисија.[396]

Со формирањето на федералистичката чета на Крум Зографов, кој во исто време бил и Претседател на Управата на Друштвото „Илинден“, во есента 1921 година искрснале и првите проблеми од можноста во Илинденското друштво да членуваат лица со различни политички погледи. Раководењето на една од федералистичките чети, кои воделе борба со Т. Александровата ВМРО[397], и тоа во моментите кога Александров се обидувал да ја зацврсти својата положба во редовите на ВМРО, како постапка на претседателот на Управата на Друштвото „Илинден“ претставувала тежок удар врз целокупната идеја за здружување на некогашните македонски револуционери. Ваквото однесување на Крум Зографов дало непосреден повод за поврзување на сето членство на Друштвото „Илинден“ со четничките акции, кои во тој временски период се вршеле на територијата на Вардарска Македонија. Така и дописникот од Софија на белградскиот весник „Политика“ Миомир Миленковиќ повторното претворање на Софија во „главен центар на една вооружена и терористичка организација“ ќе го

[394] В. „Автономна Македония“, бр. 53, 15 декември 1921, 2
[395] ЦДА, ф. 1075к, оп. 1, а.е. 1.
[396] В. „Автономна Македония“, бр. 46, 24 октомври 1921, 4
[397] БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война,... д. бр. 224, 512-529

поврзе со појавата на Друштвото „Илинден“.[398] Дури и Министерот за внатрешни работи на Кралството на СХС Момчило Нинчич преку својот говор во Народното собрание, одржан на 25 јули 1922 година, ќе го потврди тоа како гледање и на српските политичари. Нинчич во делот од говорот посветен на односите со Бугарија, во револуционерните комитети кои постоеле во Бугарија ги вброил „Македонскиот Извршен, Македонскиот Федеративен, Тракискиот и Добруџанскиот комитет и Друштвото „Илинден““.[399] Искажувајќи отворено сомневање дека тие комитети се навистина добротворни, министерот ја посочил работата токму на Илинденското друштво, чиј претседател Кр. Зографов, како водач на чета, бил убиен во борба со српска жандармериска единица на 4 мај 1922 година, во близината на Штип.

Постапката на Кр. Зографов придонела Друштвото „Илинден“ да се најде во исклучително тешка положба кратко време по своето конституирање. Како прва сериозна опасност за нарушување на неговиот авторитет аферата јасно ставила до знаење дека основите врз кои било поставено здружението биле многу слаби. Поради искрснатата потреба да се работи за негово идејно зацврстување, многу внимателно се пристапило кон запознавање на членството со однесувањето на претседателот Крум Зографов. Во октомври 1921 година Управата повикувајќи се на членовите на Уставот, ги предупредила Илинденците да не прифаќаат никакви предлози да учествуваат во четнички акции преземени во име на Илинденското друштво или на кое било лице.[400] Дури потоа на страниците на весникот „Илинден“ е објавено дека Крум Зографов повеќе не е претседател на Друштвото, ниту е негов член, а секое негово претставување во име на Илинденците ќе биде сметано за лажно.[401] Федералистот Григор Костов (кој набргу потоа на Основачкиот конгрес на МЕФО влегол во Управниот совет на оваа организација) се обидел собранието на Илинденското друштво, на кое што претседателот Кр. Зографов бил исклучен од истото, да го претстави како нередовно и незаконско. Тој предложил дури и повторно да се гласа по ова прашање, но и резултатот од повтореното гласање бил идентичен со првиот и Кр. Зографов е исклучен од редовите на Илинденското друштво. Решеноста да се продолжи по патот кој бил набележан во Уставот на Друштвото „Илинден“, а

---

[398] В. „Политика“, XVI, бр. 4860, 3 новембра 1921, 1

[399] М. Нинчич, Спољна политика Краљевине Срба, Хрвата и Словенаца и год. 1922-1924, (Говори и експозе у Народоној скупштини), Београд 1924, 15. Цитирано според Гошева Вера, Илинденската организација (1921-1947), Скопје 2004, 89

[400] В. „Илинден“, бр. 5, 24 октомври, 1921, 1

[401] Ibidem, бр. 7, 21 ноември, 1921, 2

членовите со својата активност да придонесат во зацврстување на своите редови, повеќепати била истакнувана во времето пред да се изврши изборот на новиот Управен одбор.

Македонската емигрантска федеративна организација, и покрај случувањата околу активноста на Крум Зографов, одржувала блиски контакти со Друштвото „Илинден". Двете легални македонски организации заеднички учествувале при одбележувањето на значајни настани и годишнини од загинување на дејци и од други настани од македонското револуционерно ослободително движење. По организационото закрепнување на Илинденци тие излегле од границите на своите цели и задачи, според Уставот, и се обидувале да дадат свој придонес во помирувањето и сплотувањето на македонската емиграција во Бугарија. Негувањето на македонските револуционерни традиции од страна на двете организации особено е забележано при одбележувањето на 19 годишнината од Илинденското востание во 1922 година. Како израз на тоа заедничко делување може да се посочи објавениот Манифест на 2 август 1922 година.

Во Манифестот се застапени следните барања: 1. Независна од балканските држави федеративна Македонија со еднакво учество на сите народности кои што живееле на нејзината територија; 2. Создавање на меѓународен институт во Македонија за приложување на клаузулите за малцинствата; 3. Слободно враќање по родните огништа на сите македонски бегалци под гаранција на споменатиот институт и 4. Отфрлање на конвенцијата за „доброволно" иселување и запазување на имотите на изгонетите жители од Македонија.[402]

Објавениот Манифест е потпишан од претседателите на друштвото „Илинден", Извршниот комитет на македонските братства, Федеративниот комитет на Македонската емигрантска федеративна организација, Македонската студентска група, Македонското студентско друштво „Вардар", Македонското женско благотворно друштво и др. Овие четири принципи, за кои што се согласуваат споменатите македонски организации и друштва, помеѓу кои се и Македонската емигрантска федеративна организација и Друштвото „Илинден", ги обединуваат и изразуваат најважните барања на бегалците.

---

[402] Ibid.., бр. 5, 24 октомври 1921, 2

Кога станува збор за интересите на бугарската државна политика и дипломатија кон македонското прашање МЕФО и Илинденската организација, преку своите органи „Автономна Македонија“ и „Илинден“, излегуваат со речиси идентичен став. Критикувајќи ја истата и потенцирајќи дека „бугарската дипломатија по македонското прашање и бугарското управување над Македонија се софпаѓаат како близнаци. Македонија ќе се отргне и од едното и од другото и ќе заживее самостојна, целокупна и слободна.“[403]

Илинденското друштво ќе го отцени убиството на министерот Александар Димитров, кое извршено од припадници на ВМРО, како „гнасен престап.“[404]

Појавата на федералистичките чети, во кои се вклучил и членот на Друштвото „Илинден“ Александар Панов[405], ќе ги стави на испит добрите односи меѓу МЕФО и Друштвото „Илинден“. Загинатите четници од четите на ВМРО во борбите со федералистичките чети во летото 1922 година, Михаил Радев Странцата и Велин Алјаков, истовремено биле и членови на Друштвото „Илинден“. Разгорената борба меѓу федералистичките и автономистичките чети во втората половина на 1922 година, која се косела со начелата на Илинденското друштво, ќе предизвика и реакција на истото против неа. Убиството на Михаил Радев Странцата, во септември 1922 година, послужило како повод за Друштвото да упати апел да се престане со братоубиствените акции.

Арсенија Јовков, во својата статија „Доста крвој!“, објаснува дека прибегнувањето кон меѓусебно самоуништување значи немоќ на идејните основи на двете струи во движењето.[406] Речиси во исто време против оваа појава се јавува и МЕФО во својот

---

[403] Ib., бр. 35, 2 септември 1922, 1; В. „Автономна Македония“, бр. 88, 4 ноември 1922, 1

[404] В. „Илиндень“, бр. 30, 31 юли 1922

[405] Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, Дел 2, Скопје 1999, д. 23, 267; Федералистот Александар Панов (на Основачкиот конгрс на МЕФО бил избран за член на Контролната комисија) бил и претседател на Македонската емигрантска група при БЗНС, формирана во јули 1922 година. Бидејќи бил и член на Друштвото „Илинден“ во август истата година на конференцијата на Илинденското друштво Петар Ацев, очигледно мислејќи на Александар Панов се заканил, дека „...која било рака што ќе се обиде да се меша во движењето што се создаде и се создава внатре, ние немилосрдно ќе ја пресечеме“. (ЦДА, ф. 1932к, оп. 2, а.е. 176) На општото друштвено собрание биле исклучени членовите на Софиското друштво: Никола Карасанов, Илија Биолчев, Тодор Бакалов и Александар Панов. (ЦДА, ф. 1075к, оп..1, а.е. 2). Александар Панов не само што се впуштил во отворени напаѓања на Илинденското друштво и особено на неговиот претседател Георги Занков преку весникот „Прокуден земјоделец“, чиј редактор бил самиот тој, туку со поткрепа на владата учествувал во обидите да се растурат некои собранија на Илинденското друштво. Како логичен крај на целокупната негова политичка активност ќе дојде атентатот врз него, кој завршил со фатални последици. (ЦДА, ф. 1075к, оп. 1, а.е. 2; В. „Автономна Македония“, бр. 84, 6 октомври 1922, 2).

[406] В. „Илиндень“, бр. 38, 23 септември, 1922, 1.

печатен орган. Со негодување против убиствата на припадниците на МФРО или на луѓе блиски до нив од страна на ВМРО автономистичка МЕФО ќе подвлече, дека „*нема подобар сојузник на непријателите на нашата татковина* од взаемното ни преследување и истребување" (курзивот е во оригиналот М.Н.). Оваа појава МЕФО ја квалификува и како лекомисленост.[407]

Со цел да се стави крај на крвопролевањата меѓу Македонците, Управниот одбор на Друштвото „Илинден" избрал специјална комисија, чии членови Ар. Јовков и резервниот полковник Климент Крстев во октомври 1922 година се обиделе да интервенираат кај Т. Александров за да се постигне помирување на двете спротивни страни. Во обидот да посредува во смирувањето на македонската емиграција не забележала успех ниту формираната во декември 1922 година комисија во состав Георги Поп Христов, Љапов Чурин и Славчо Абазов.[408] Заложбата на Друштвото „Илинден" за неприменување на сила меѓу спротивставените струи во македонското револуционерно движење прераснала во отворено напаѓање на федралситичките чети.

Арсениј Јовков ќе забележи, дека Илинденската организација „со својот орган ги растера оние федералисти, кои ја носеа идејата само како маска, а всушност сакаа да го прикачат македонското дело кон нова партиска кола".[409] Илинденското друштво смета дека активноста на федералистичките чети ја компромитира револуционерната борба во Македонија и го спречува обединувањето на македонската емиграција во Бугарија и отворено застанува на страната на ВМРО во искрснатиот спор со МЕФО (МФРО). Така на страниците на в. "Илинден" е објавен и Ултиматумот на Т. Александров до федералистите.[410] Ова ќе предизвика реакција кај членовите на Федеративната организација, која во специјално окружно, отфрлајќи ги сите обвинувања од Ултиматумот, посебно внимание му посветила на однесувањето на Илинденската организација. Македонската емигрантска федеративна организација (бугарска секција) на 3 јануари 1923 година упатила Окружно (бр. 52) до претседателите на македонските братства и друштва во Бугарија потпишано од Управното тело на МЕФО.[411] Во обраќањето до претседателите на братствата МЕФО ја искажува својата засегнатост од односот на Илинденската организација, или поточно од нејзините раководни структури

---

[407] В. „Автономна Македония", бр. 83, 3 октомври 1922, 2.
[408] ДАРМ, М-4267.
[409] В. „20 Юлий", бр. 10, 15 јуни 1924, 2.
[410] В. „Илиндень", III, бр. 1, 7 јануари, 1923, 2
[411] ДАРМ 1. 471. 4. 5/77

револтирано констатирајќи дека „Илинден, неутралната организација на бившите револуционери, која што претендира за симпатии и почит од целата емиграција, надмено стои над главите на сомислениците на една цела организција, која што со силата на своите идеи го прибра во своите редови најсовесниот македонски елемент во Бугарија; и уште нешто Редакцијата на весникот „Илинден“, не го земала во предвид фактот дека Илинденската организација не се состои само од членови кои припаѓаат на Либералната партија, а и од такви, кои по убедување се федералисти, што значи дека дел од своите членови ги окарактеризира како предавници“[412]. Револтот на МЕФО бил зголемен со одбивањето на весникот „Илинден“ да ја објави нивната погореспомната декларација, што фактички покажува дека весникот во спорот помеѓу МЕФО и ВМРО зазема страна. Со тоа се создава сомнеж дека весникот „како таков, чесно и служи на својата организација, и истиот е даден под концесија на неговиот редактор, кој изгледа дека повеќе држи до материјалниот интерес, а не до доследноста на идеите, кои еднаш ги воздигнува, друг пат ги напаѓа“[413]. Ова обраќање на МЕФО кон легално организираната македонска емиграција било со цел да се постигне вистинско обединување на истата.

Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија, од јануари 1923 година, требало да стави крај на меѓусебните непријателства.

По намаленото дејствување на МЕФО, предизвикано од физичките убиства од страна на автономистичката ВМРО и емигрирањето на најистакнатите претставници на федералистите во странство и по запирањето на весникот „Автономна Македонија“ дел од членството и привrzениците на МЕФО, меѓу кои е и најистакнатиот идеен водач на МЕФО, Владислав Ковачев ќе ја продолжат својата дејност во Илинденската организација. Владислав Ковачев својата политичка дејност ќе ја продолжи, во Раководното тело на оваа организација како член на Контролната комисија.[414] Тој најостро ќе реагира и против братоубиствата меѓу Македонците.

Во името на „Штипската колонија во Софија“, Владислав Ковачев упатил писмо-декларација до Тодор Александров, апелирајќи „да престанат, еднаш засекогаш

[412] Ibidem; В. „Илинденъ“ објавил само информација дека во редакцијата пристигнало „едно излагање како демант на тврдењето од ЦК на ВМРО дека Федеративниот комитет им служел на непријателите на македонската слобода и дека имал нешто заедничко со конспиративните акции на некои личности во Ќустендил и Софија“ (В. „Илинденъ“,II, бр. 51, 23 декември, 1922, 2)
[413] ДАРМ 1. 471. 4. 5/77
[414] В. „Илиндень“, бр. 4, 28 февр. 1923, 1, „Думата на Илинденския конгрес“

прогонувањата и братоубиствата меѓу нашите сограѓани“, посочувајќи ги Стојан Мишев и Ване Арсов. Притоа, тој во писмото му укажал на својот сограѓанин Тодор Александров дека „ние треба нашите заеднички и сложни усилби да ги насочиме за спасување на нашата Татковина од нејзините денешни поробувачи“.[415]

Во овој период, а особено по Септемвриското востание во 1923 година, Илинденската организација постепено се ослободувала од влијанието на автономистичката ВМРО и на Македонскиот национален комитет, пројавувајќи се како вистински заштитник на осамостојувањето на македонското ослободително движење од бугарската државна политика и поврзувајќи се поблизу со левицата на ВМРО.[416] Спроведувајќи ја новата самостојна политичка програма на Илинденската организација, федералистот Владислав Ковачев како член на Раководното тело на оваа организација ќе биде потписник на познатиот Меморандум од 17 април 1924 година, испратен до претседателот на бугарската влада Александар Цанков, во кој се критикува политиката на бугарската влада поради „потчинувањето на македонското прашање и дејноста на македонската емиграција на бугарски државни интереси“, давајќи му притоа на знаење дека македонската емиграција треба „еднаш за секогаш да биде третирана не како дел од бугарската држава, туку како независен политички елемент“.[417]

---

415 ЦДА, ф. 1933к, оп. 1. а.е. 20, л. 3-4. Во прилог на неговиот став и неговата загриженост за братоубиствените настани во македонските редови, е и кажувањето на неговата сопруга Анастасија Размова-Ковачева, во писмото до Петар Дрвингов: „Славчо Ковачев секогаш и насекаде ги осудувал „братоубиствата“ како штетни за македонското дело, зашто беше фанатично уверен дека само во сплотеноста и обединувањето на сите расположиви сили ќе се реализира идеалот за слободна и независна Македонија“. (НА БАН, ф. 73к, оп.1, а.е. 963, л. 1-4. Цитирано според Ковачев, Политичкото верују..., 23)

416 ЦДА, ф. 1932к, оп. 3, а.е. 276, л. 1

417 В. „20 Юли“ I, бр. 2. 20 април 1924, Меморандумъ до Господина Претседателя на Министерския Съветъ, 1

## 2.7. Меѓународната активност на МЕФО

По завршувањето на Првата светска војна се очекуваше да настапи нова ера на човештвото. Надежта се полагаше во високопрокламираните хумани принципи за право и справедливост, во чиј дух требало да бидат разрешени светските проблеми и потиснатите народи ќе бидат ослободени и ќе постанат господари на својата судбина. Се гаеле надежи дека доаѓа едно време на траен мир, епоха на слобода. Но, разочарувањето дојде бргу со потпишувањето на несправедливите мировни договори во кои, како и секогаш дојде до израз интересот на силата.

Одкако бил склучен мирот всушност мир немало никаде. Меѓународната положба сé повеќе се влошувала. Кризата на меѓународен план сé повеќе се заострувала. Економијата влегува во криза, трговијата се парализира, безработицата зема замав.[418] Во такви услови создадени по Првата светска војна, расте престижот на општественото мислење како реален фактор во меѓународната политика, а исто и во формирањето на надворешнополитичката концепција на поедини држави, која ќе игра определена улога во развојот на процесите на Балканот.[419]

Се поставува прашањето како да се бара излез од оваа состојба по војната? Всушност за таа цел се свикуваат и меѓународни конференции и конгреси. Нивната задача е да обмислат и да превземат мерки, кои до извесен степен ќе делуваат за подобрување на тешката состојба по војната. Овие конференции и конгреси се официјални, одоносно владини и неофоцијални, свикани од поединци и друштва (здруженија) надвор од владите.

Што се однесува до официјалните меѓународни конференции, тешко можело да се очекува (било невозможно) дека тука може да стане збор за учество на македонска делегација, која ќе го наметне на разгледување во расправите македонското прашање, а камо ли пак и негово праведно разрешување. Федералистите сметаат, дека и покрај тоа што ова не можат да го очекуваат од факторите на меѓународниот поредок, сепак треба да се прават напори да им се напомне на истите за големата неправда направена кон нивната татковина со нејзиното раскинување на три дела и за непоколебливата волја на

[418] В. „Автономна Македония“, бр. 74, 9 юлий 1922, 1
[419] Добринов Д., ВМРО..., 74

македонското население да се стекне со слобода и независност. Тоа подразбира МЕФО да испраѓа свои делегации пред секоја меѓународна конференција. Таквите делегации требало лично да им врачуваат мемоари и документи што се однесуваат на македонското прашање, и по потреба да даваат и усмени објаснувања за истото. Ваквиот начин на дејствување, како единствен можен во тие услови, не влевал многу надеж дека барањата официјално ќе бидат земени во предвид. Меѓу другите моменти го земаат во предвид и фактот дека овие меѓународни конфереции се следени од светскиот печат, и оваа активност тие ја гледале како подготовка на терен за постепено запознавање на пошироката меѓународна јавност со нивните барања.

Согласно со принципите на МЕФО за самостојно водење на борбата за издигнување на Македонија во слободна, федеративна држава, било неопходно да се обезбеди и на своја страна општественото мислење и симпатиите на цивилизираниот свет. Со таква морална светска подршка МЕФО во таа борба би се чувствувала посилна и би дејствувала со поголема верба во успехот на своето дело. Оваа организација смета дека „тие фактори, на кои до сега не им се обрнувало многу внимание се од капитална важност“[420]. Како аналогија на овој свој став МЕФО ја зема изјавата на швајцарскиот министер за надворешни работи г. Мота во Друштвото на Народите дека „победата на Сглашението се должи на општественото мислење“[421].

МЕФО за постигнување на споменатиот ефект врз поширокото општествено мислење делувала и преку неофицијалните меѓународни конференции и конгреси, кои како што спомнавме се организираат од поединци и било какви други асоцијации, кои со ништо не ги ангажираат своите влади. На нив обично присуствуваат видни општествени дејци, бивши државници, парламентарци, сенатори, професори и други влијателни лица. Резолуциите донесени на ваквите конференции и конгреси не можат

---

[420] В. „Автономна Македония“, бр. 74, 9 юлий 1922, 1; МЕФО како фактори на разрешување на македонскаото прашање ги смета следиве четири: *раководителите на светските судбини, општественото мислење домашно и странско, балканските народи и држави и самото македонско население, заедно со неговата емиграција.* Секој од нив играл, и ќе игра одредена улога во разрешувањето на македонското прашање, во зависност од приликите и условите, во кои ќе се развива во иднина македонското прашање. И токму поради тоа, се смета за должна да ги следи од поблиску, развојот на тие настани и услови, за своевремено да ги насочува нејзините скромни усилби за создавање на такво *координативно дејствување* меѓу тие фактори, какво што може само да биде од корист за македонската кауза. Поради тоа како нејзин долг се наложува постојаното осветлувањето пред тие фактори на *целите и задачите,* кои си ги поставила МЕФО за реализација, исто така и *средствата* со кои ќе се служи и *патиштата* по кои ќе оди за остварување на својот политички идеал – *Слободна и независна федеративна Македонија*! (курзивите се во оригиналот М.Н.). Види: Международните конгреси и македонския въпрос..., 1

[421] Ibidem

да бидат практично спроведени, но имаат свое големо значење. Преку нив, фактичи во општественото мислење се создава едно движење, поволно за целите и каузите, за кои се залагаат овие конгреси. Но тоа бил максималниот резултат што може да се очекува.[422]

Меѓународната активност на МЕФО започнува со одвојувањето на Привремената комисија на македонската емиграција во Бугарија. Таа во своето разграничување од политиката на Извршниот комитет на македонската емиграција во Бугарија и од политиката на официјална Бугарија, сметала сериозно да стартува пред меѓународната јавност, пред сé пред Друштвото на народите, настојувајќи и таа да формира Врховен комитет на македонската емиграција со седиште во Женева. Но напорите за делување на оваа група не ги донеле саканите резултати. Во првите години по војната Привремената комисија упатила до Друштвото на народите повеќе јавни апели.[423]

Еден од најактивните нејзини дејци во ова бил членот на управното тело на Привремената комисија арх. Никола Јуруков. Тој бил делегиран да замине за Швајцарија со обврска да направи писмени и усмени изложувања за македонското прашање пред Сојузот на Друштвата, на Друштвото на народите, Интернационалното биро за заштита на правата на народите и други фактори.[424] Македонските студенти во Швајцарија веќе биле организирани, и активно политички делувале за пропагирање на идејата за независна Македонија со федеративно уредување по примерот на Швајцарија. Всушност тие ја подржувале програмата на Привремената комисија и биле поврзани со студентската група во Софија. Овде заслужува да ја одбележиме и активноста на д-р Трифун Греков, еден од најактивните во Студентското друштво во Швајцарија и доследен приврзаник на програмата на Привремената комисија.[425]

Со стапувањето на сила на Пактот на Друштвото на народите од јануари 1920 година, очите на меѓународната јавност, како и на низата социјални, стопански, а особено политички организации па и поединци беа свртени кон Женева со надеж дека

---

[422] В. „Автономна Македония", бр. 75, 16 юлий 1922, 1
[423] Ibidem, бр. 1, 1 декември 1920, 2; бр. 8, 21 януари 1921, 2
[424] Ibid., бр. 17, 2 април 1921, 3; Во тоа време Привремената комисија го искористила патувањето на д-р Филип Атансов во Букурешт и Виена кој покрај тоа што имал задача таму да ја организира македонската емиграција, имал и задача да организира и печатна пропаганда во странство за заштита на македонската кауза. (В. „Автономна Македония", бр. 20-21, 28 април 1921, 1); д-р Филип Атанасов уште во пролетта 1920 г. работел на создавање „во Швајцарија на Комитет за Македонија од претставници на сите народности што живета во неа". (Сé за Македонија, ..., д. бр. 15, 851)
[425] АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 667

во овој новосоздаден „Ареопаг“ на народите ќе биде не само чуван мирот и безбедноста, туку и ќе бидат решени многуте прашања кои останаа отворени и после Парискста мировна конференција.

Овие надежи беа поттикнати и од изјавите на самиот Вудро Вилсон, духот и насоките кои произлегуваа од Пактот на Друштвото на народите и сл. За таквото сфаќање на нејзината улога заслужни се и самите „миноритетни“ договори чии што покровител е Друштвото на народите, а преку кои посебно беше гаена вербата дека со нив ќе бидат извојувани не само извесни права што се граничат со еден вид на културна автономија за малцинствата туку и политички. Последното е карактеристично за петиционерството по македонското прашање во првите години од неговата дејност.

Во таа смисла се упатени и првите петиции до Друштвото на народите кои се однесуваат за Македонија. Затоа и првопристигнатите и подоцнежни петиции беа испраќани до Друштвото на народите, обично пред заседанијата на Асамблеата или сесиите на Советот со надеж, и барање, дека можеби молбите ќе бидат вклучени во дневниот ред на споменатите седници во Друштвото на народите. Ова особено се однесува на првите петиции по македонското прашање кои беа пристигнале во 1920 година пред редовното заседание на Асамблеата. Таков е случајот и со телеграмата од 14 ноември 1920 година што му ја упатила на Секретарот на Друштвото на народите Сер Ерик Драмонд, Групата на македонските студенти од Женева. Во неа се изразува надеж дека Друштвото на народите, по повод второто заседание на Асамблеата n'oubliera de s'oceuper de la destine la Macédoine чиј што народ не бил консултиран согласно принципите за самоопределувањето на народите.[426] Во одговорот на оваа телеграма јасно е кажано дека „Клаузулите што ја уредуваат дејноста на Друштвото на народите во слични случаи се определени во договорите за малцинствата и имено врз тие клаузули основното друштво треба да се базира при секое барање упатено до Друштвото на народите.“[427] Ползувајќи го седиштето на Друштвото на народите во Женева, делегацијата на споменатата група побарала и прием кај претставникот на секретаријатот на Друштвото на народите Пол Манту, кој што е одржан на 3 ноември

[426] Кушевски Д. Воислав, Македонското прашање во Друштвото на народите, Скопје 2001, 66

[427] В. „Автономна Македония“, бр. 1, 1 декември 1920, 2; бр. 10, 5 февруари 1921, 1; Со писмо , на 15 декември 1920 година, до Друштвото на народите, во кое се бара автономијата на Македонија, се обратила и македонската студентска група од Софија. (В. „Автономна Македония“, бр. 9, 27 јануари 1921, 2)

1920 година, при што нему му е повторено: Друштвото на народите „да стори нешто за да се поправи неправдата што е сторена со Македонија, со поделбата на нејзината територија помеѓу повеќе држави“. Со други зборови групата студенти барала ревизија на мировниот договор со кој за македонскиот народ треба да се примени принципот на самоопределувањето.[428]

Во Мемоарот на Привремената комисија до Господата делегати и претставници на големите сили во Друштвото на народите, од името на Здружените македонски народности емигранти во Бугарија и од името на заробеното македонско население, се објаснува состојбата во Македонија како неподнослива со коментар дека „таму се прави сé за да се видоизмени националниот облик на Македонија“.[429] Со негодување кон колонизаторската политика спроведувана врз Македонија, се бара од Друштвото на народите да биде спроведена во таа смисла *„една ефикасна мерка, преку една анкета во двете држави Грција и Југославија, за да запре крвавиот терор на невиното население и да биде оставено слободно да живее, и да му се гарантираат националните, религиозните и јазичните права, и да му се создадат сите услови предвидени со договорите за малцинствата со сите реални гаранции, и, од друга страна да им се овозможи, во најблиско време, на сите бегалци да се вратат во своите родни места и да си го заземат нивниот имот заземен од државата или од приватни лица*“[430](курзивот е во оригиналот М.Н.).

Арх. Јуруков, член на управното тело на Привремената комисија, кон средината на 1921 година во Женева преку Македонското студетско друштво стапил во контакт со д-р Марија Русиецка, секретарка на Интернационалното биро за заштита на правата на народите. Набрзо потоа ова биро конституирало посебна комисија, која требало да се занимава со македонското прашање и, како подршка на македонската кауза, започнало да го издава списанието „Билтен за независна Македонија“ на француски јазик.[431]

---

[428] Кушевски Д. В., Македонското..., 66-67
[429] В. „Автономна Македония“, бр. 17, 2 април 1921, 1
[430] Ibidem; За многукратното петиционерско дејствување на Привремената комисија пред Друштвото на народите во духот на споменатиот нејзин Мемоар зборува и Владислав Ковачев во својата статија „Четничеството“. (В. „Автономна Македония“, бр. 27,13 јуни 1921, 1)
[431] В. „Македонско съзнание“, II, 15 януари 1925,бр. 1-2, 3, Спомени на архитекта Никола Юруков въ сврзка съ неговата дейност въ странство по Македонското федеративно дело; В. „Автономна Македония“, бр. 32, 18 юлий 1921, 2; Пред Меѓународното биро за заштита на правата на народите во интерес на македонската кауза петиции поднесуваат и македонските студенти во Женева. (В. „Автономна Македония“, бр. 33, 25 юлий 1921, 2)

Заслужува да се обележи активноста на д-р Марија Русиецка[432], со нејзината преданост кон македонската кауза, меѓу другото искажана и во нејзината статија „Македонскиот маченик" во бр. 9 на Билтенот за независна Македонија. Д-р Русиецка акцентира дека „Македонците, како и сите други народи, треба да имаат право да располагаат со својата судбина. Поделбата на Македонија меѓу Бугарија, Србија и Грција е еден од оние одвратни за човештвото престапи, против кои човек не може да најде соодветни зборови на протест ".[433]

Во текот на 1921 година Привремената комисија успеала преку упатените мемоари до меѓународните организации и др. фактори и усните и писмени изложувања на Н. Југуков до истите да направи објективни осврти и карактеристики на борбата на македонскиот народ во минатото и да се доближи до најреалната оценка за историските, политичките, економските, моралните, културните и др. претпоставки кои му даваат полно право на македонскиот народ за негово полно постоење и живеење. Ваквото претставување на македонското прашање пред меѓународните фактори се гледа низ Мемоарот од Делегацијата на македонските народности во конгресот на Меѓународното биро за правата на народите во Женева, потпишан од проф. Бедри Пејани, арх. Никола Југуков, Пандели Мегеа и Ајетулах беј. Во Меморот се вели:

„Македонското население ги дало сите докази за правото на своето постоење и ги има сите неопходни способности за самоуправување. Воодушевено од желбата да живаа, тоа население составува едно цело хомогено суштество, забетонирано низ дејствата низ вековите и тоа не престанува да ја манифестира македонската национална солидарност.

---

432 Заслугите на д-р Марија Русиецка за македонската кауза се забележани и од Жорж Дебон, адвокат при Парискиот апелационен суд и политички директор на „Јавната дипломатија", во неговата статија „Балканското Имброглио, Македонскиот проблем". Ж. Дебон се декларира и како пријател на арх. Никола Југуков и со пофални зборови и целосна поддршка кажува за излагањето што Југуков го направи пред Конференцијата на Сојузот на друштвата на Друштвото на народите. (В. „Автономна Македония", бр. 49, 14 ноември 1921); АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 667

433 В. „Автономна Македония", бр. 33, 25 юлий 1921, 1; Во бр. 2 од ова списание е објавена и силно аргументираната статијата во корист на Македонија „Македонија на Македонците„ од г. Ls. Ar. Издигнувајќи ја оваа девиза авторот, по однос на етничкиот состав на Македонија ќе забележи: „И нека во овој случај не ни се спротивставува етничкото шаренило на таа земја, затоа што, поради моралната и практичната невозможност да се потчинат едни групи на други, стотици од илјади луѓе на други стотици, Македонија треба да им припаѓа целата на сите". (В. „Автономна Македония", бр. 45, 15 октомври 1921, 1)

Тоа население поседува една општа душа, создадена низ страдањата и несреќите, поднесувани заедно под туѓото ропство.

Ние ја видовме истата да се манифестира преку еден чувствителен начин преку создавањето на моќната револуционерна оргаинзација, која ги имаше своите апостоли и маченици и која го реализира Големото Илинденско востание. Сите македонски народности дадоа сведоштва на своето единство преку преданоста и самоодрекувањето, кои ги поставија во служба на каузата за слободата.

Ние имаме голема желба да го раскинеме велот што го покри македонското прашање во Версај, благодарение на дејствата на заинтересираните соседи ние сме готови да го подвлечеме единството и солидарноста на сите елементи од кои се состои македонското население и да ја прогласиме слободна Маккедонија.

Ние изјавуваме дека имаме право да постоиме и пред Конгресот за слободата на поробените народи ние го креваме нашиот глас за да бараме една независна Македонија, со една демократска администрација, по примерот на Швајцарија и поставена под протекторат на Друштвото на народите (подвлечено во оригиналот М. Н.).

Тоа е единствениот пат да се воспостави мирот и спокојството во Македонија, од кое зависи и мирот на Балканот.“[434]

На овој конгрес Македонија за прв пат била претставена од делегати на четири народности, кои јасно ја покажале својата свест за севкупноста на интересите на македонското насление, свеста за заедничката иднина што сакаат да ја градат врз основа на взаемно почитување и гарантирање на нивните национални, културни, јазични и др. права. Сето ова може да се оствари само во една демократска заедница и при едно граѓанско општество како што било најидеално реализирано во повеќенационална Швајцарија. Од тука треба да ја подразбираме и концепцијата за државно-политичко уредување на Македонија, одосно прифаќањето на федеративното уредување.[435] Оваа делегација постигнала добар успех. Предложените резолуции на Конгресот биле еднодушно гласани и потоа публикувани во печатот. Некои весници, меѓу кои и шпанските, дале кратко излагање за македонското прашање врз основа на

---

[434] Международните конгреси и македонския..., 13-21
[435] Пачемска Петреска Д., Федеративната идеја..., 57

Мемоарот што бил претставен пред Конгресот. Тоа значело постигнување на оптимален можен резултат од активноста на дејците на Привремената комисија пред овој Конгрес.[436]

На Конгресот на Петото Собрание на Сојузот на друштвата на Друштвото на Народите во Женева[437] од страна на арх. Никола Јуруков било претставено барањето да се издигне Македонија во независна држава под покровителство на Друштвото на народите. Тој, на 5 јуни 1921 година, се обратил со писмо до Претседателот на Шестта комисија од Конференцијата, која требало да ги проучува актуелните прашања. Во писмото се моли оваа комисија „да ја земе во своето внимание законската желба на македонското население да располага слободно со судбината на својата земја и да ги пренесе овие негови желби на Друштвото на народите".[438] Со второ писмо арх. Јуруков ја замолил истата комисија да му овозможи пред неа да ја образложи македонската кауза. По уважување на неговото барање тој усно изнел пред дотичната комисија едно експозе, кое имало огромен успех во комисијата. Претседателот на комисијата соопштил дека комисијата ќе се заземе за македонското прашање. Во заседанието на Собранието од 9 јуни 1921 година, во името на Шестта комисија е реферирано за македонските барања пред неа и констатирано, дека иако со симпатии гледаат на нив, сепак им било невозможно да предложат пред Собранието едно прецизно барање за прашање од таква комплицирана природа, како што било македонското. Комисијата е побарала од Јуруков да достави еден мемоар, кој ќе биде препратен до нивниот главен секретаријат, за да го проучи и да им биде пополезно разгледувањето на ова прашање во нивниот конгрес, што требало да се одржи наскоро.[439] Значи, оваа барање ги придобило симпатиите на мнозинството од учесниците. На овој конгрес не е донесена никаква резолуција по македонското прашање, но Конгресот решил со него да се позанимава поопстојно на следното негово собрание во Прага, со надеж дека таму македонското прашање пред конгресистите ќе биде порасветлено и појасно, а не

---

[436] В. „Автономна Македония", бр. 75, 16 юлий 1922, 1

[437] Сојузот на Друштвата на Друштвото на народите има за задача да ги разгледува актуелните прашања, што се од животен интерес на современото општество и потоа да ги поставува на разгледување пред Друштвото на народите. На тој начин значајно се олеснува задачата на Друштвото на народите, при разгледувањето и решавањето на светските проблеми, особено на оние во кои се испреплетуваат интересите на големите и малите народи, какво што неспорно е и македонското прашање. (В. „Автономна Македония", бр. 30, 4 юлий 1921, 1)

[438] Международните конгреси и македонския..., 22; В. „Автономна Македония", бр. 30, 4 юлий 1921, 1; Експозето на арх. Никола Јуруков во целост е поместено во в. „Автономна Македония", бр. 32, 18 юлий 1921, 2

[439] Международните конгреси и македонския...„ 23; В. „Автономна Македония", бр. 30, 4 юлий 1921, 1

„комплицирано, неточно, деликатно и мачно“[440], какво што претставувало за некои учесници во оваа собрание. Оваа можност била пропуштена со отсуствување на делегација од Федеративниот комитет на Конгресот.[441]

Оваа активност на Привремената комисија Владислав Ковачев ја окарактеризирал како „прв сериозен обид направен од страна на Привремената комисија, да се придобие за македонската кауза Сојузот на друштвата на Друштвото на народите“[442]. И потоа останува длабокото убедување дека Привремената комисија, како верен изразувач на желбите и копнежите на целокупната македонска емиграција во Бугарија, без разлика на вера и народност, ќе продолжи и понатаму со своите благородни усилби да го буди живиот интерес кон македонската судбина пред просветените умови на Сојузот на друштвата на Друштвото на народите. Тоа бил единствениот пат да се постави македонското прашање пред Друштвото на народите, и да се дочекаат посветли денови за Македонците. Владислав Ковачев потсетува дека за тоа се бара од самите нив непрекината и интензивна работа за придобивање на просветеното општествено мислење во полза на македонската кауза, кое во никој случај не може да се реализира „без лични и материјални жртви, на какви повикува денес великото ослободително дело“.[443] Во таа смисла е и коментарот направен од дописникот на Автономна Македонија од Женева, Милкански, кој за време на одржувањето на Второто годишно собрание на Друштвото на народите ќе потсети дека имајќи во предвид дека во заседанијата на Друштвото на народите учествуваат највидните политички личности, не е само пожелно, туку е и потребно да се направи сѐ што зависи од нив да се покрене македонското прашање во наредната сесија.[444]

---

[440] Международните конгреси и македонския въпрос..., 24-25. Во дискусиите меѓу учесниците било нормално да има различни гледања на ова прашање, некои произлезени од државната политика на нивната земја (на пр. грчкиот делегат, кој бил против разгледувањето на македонското прашање и сметал дека судбината на Македонија била дефинитивно решена), други пак со строго формално гледање на меѓународно правните аспекти на проблемот, трети со повикување на член 19 од Договорот на Друштвото на народите, кој предвидува можност за ревизија на договорите и др. (В. „Автономна Македония“, бр. 30, 4 юлий 1921, 1; бр. 32, 18 юлий 1921, 1)

[441] Ibidem; В. „Автономна Македония“, бр. 75, 16 юлий 1922, 1

[442] В. „Автономна Македония“, бр. 30, 4 юлий 1921, 1

[443] Ibidem, бр. 30, 4 юлий 1921, 1; За поставувањето на македонското прашање на оваа конференција пишува и органот на Меѓународното биро за заштита на правата на малцинствата „Правото на народите“, кој излегува во Женева. (Автономна Македония, бр. 31,11 юлий 1921, 1); Овие успеси на Привремената комисија во Женева, според нејзиниот орган, се венец на нејзините подвизи за осумесечното нејзино постоење. За истите таа ги информирала и делегатите на братствата на собранието од 31 јули, на кое биле поканети и некои видни македонски дејци и општественици. (В. „Автономна Македония“, бр. 32, 18 юлий 1921, 1; бр. 33, 25 юлий 1921, 2)

[444] В. „Автономна Македония“, бр. 46, 24 октомври 1921, 1

На Првиот меѓународниот конгрес за правата на народите, одржан во Женева во почетокот на септември 1921 година, се претставени 22 нации. Од македонската делегација (Бедри Пејани, Никола Јуруков, Панделе Мегеа, Харун Алича) со реферати учествувале Мегеа и Н. Јуруков. Арх. Јуруков во својот говор направил споредба меѓу тогашната демократска и слободна Швајцарија и утрешната слободна Македонија, идната Швајцарија на Балкнаот.[445] Свои искажувања имале и делегатите на Турците и на Албанците од Македонија. Нивните излагања биле во рамките на барањата од Мемоарот.[446] Согласно дневниот ред на Конгресот на 5 септември 1921 година било ставено на разгледување и македонското прашање, што предизвикало жива дебата. На предлог на Четвртата комисија биле донесени две резолуции за Македонија, кои се однесувале на политичките барања на Македонците и на прашањето за враќање на македонската емиграција во Македонија.

По првото прашање „**Конгресот го признава барањето на македонците за издигнување на Македонија во независна држава** (подвлечено во оригиналот М. Н.) како една политичка неопходност, за да се стави крај на конфликтите меѓу балканските држави и за востановување мир на Балканот“[447].

По второто прашање „Конгресот откако ја констатира привремената положба на македонските емигранти, избегани во Бугарија, Романија, Албанија и Турција, настојчиво посакува да се обезбеди враќањето на овие несреќници во нивната родна земја под покровителство на Друштвото на народите.“[448] Од овој Конгрес Бирото на меѓународниот сојуз на поробените народи испратило телеграма до одржуваната во тоа време Блискоисточна конференција во Париз, со која сака да го привлече вниманието на оваа конференција кон македонското прашање. Во телеграмата со заштитнички тон се потенцира неправдата од поделбата на Македонија која што „не престанува да ја бунтува совеста на елитата на цивилизираниот свет“[449] и волјата на македонскиот народ за свое ослободување и стекнување на своја независност.[450]

---

[445] Ibidem, 51, 29 ноември 1921, 1-2

[446] Ibid.,бр. 45, 15 октом. 1921; Международните конгреси и македонския, op. cit., 25-26; Мемоарот претставен од делегацијата на македонските народности пред овој конгрес во целост е поместен во в. „Автономна Македония“, од бр. 42 до бр. 45

[447] Международните конгреси и македонския..., 26; В. „Автономна Македония“, бр. 51, 29 ноември 1921, 1-2

[448] Международните конгреси и македонския въпрос..., 26

[449] Ibidem

[450] Ibid., 26; За поставувањето на македонското прашање пред овој Конгрес пишува и Билтенот за независноста на Македонија во бр. 3.; Никола Јуруков за време на одржувањето на овој Конгрес

Привремената комисија на 23 ноември 1920 година во Софија воспоставила контакти со познатиот англиски писател и добар познавач на Балканот Х. Чарлс Вудс. На средбата присуствувале покрај сите членови на Комисијата и други Македонци. Откако еден член од Комисијата го поздравил гостинот со срдечна благодарност за честа што им ја укажува, му ги објаснил и причините за појавувањето на новото движење во македонската емиграција, на г. Вудс му била предочена неопходноста од совршено искрено и безрезервно издигнување на стариот принцип „Македонија на Македонците", подржан и од самиот Гледстон. Исто така на Вудс му биле објаснети и условите кои наложуваат образување на автономна Македонија, како и нивното гледање дека тоа е начинот за конечно разрешување на Балканските проблеми, кои претставуваат потенцијална опасност и за цела Европа. Гостинот бидејќи веќе ја имал прошетано скоро цела Македонија, констатирал дека тоа е всушност и расположението на целокупното македонско население, кое не сакало да биде ниту под српска, под грчка или пак под бугарска власт, туку сака своја автономна држава. Што се однесува до принципот на самоопределувањето тој изјавил дека и неговиот народ го подржува и смета дека секој народ треба да си се самоопредели и да си даде управа таква каква што сака. Х. Чарлс Вудс сметал дека Македонците ќе имаат голем успех во својата борба за автономија, но треба да докажат дека не работат против ниедна од соседните земји, туку само за интересите и доброто на македонското население; затоа во нивната организација обавезно требало да влезат сите националности. Според него тогаш нивнинте пријатели на Запад ќе бидат помногубројни. Тој се согласува со нивното гледање дека автономијата на Македонија, под протекторат на некоја од големите сили или на Друштвото на народите е единствениот начин за ставање крај на непријателствата на Балканот. Прашањето е тешко, но бидејќи е во зависност од последните договори, Чарлс Вудс сметал дека најдобриот начин на дејствување, е самото македонско население во општа согласност на сите народности треба да дејствува со легални средства за постигнување согласност на балканските држави за создавање на автономна Македонија. И на крај и тој го потврдува гледањето на Привремената комисија дека од таквото решение на македонското прашање, полза ќе

---

излегува со едно интервју во в. „Le Corrier de Génève" од 3 септември 1921 година, насловено „Македонија ја бара својата независност". Во интервјуто Јуруков објаснува дека, македонските елементи ја постигнале својата согласност, и ја имаат својата свест за нивната севкупност, и како таква сила излегуваат со своите национални барања, кои поради тоа треба и да се сметаат за справедливи. (В. „Автономна Македония", бр. 52, 5 декември 1921, 2)

има не само македонското население туку и соседните држави, кои ќе престанат да губат сили во взаемните борби и ќе се предадат на мирна работа и напредок.[451]

За време на одржувањето на Лондонската конференција, (средината на 1922 г.) на која била разгледувана и тужбата на Бугарија, против заканите од нејзините соседи, МЕФО нагласува дека Друштвото на народите е создадено, не за подршка на победниците, туку, да ги штити правата на народите и од него очекува постепено целосно да го примени *принципот на самоопределувањето и самоуправувањето на народите*[452] (курзивот е во оригиналот М. Н.). Понатаму МЕФО акцентира дека „Кон Македонија тој велик принцип флагрантно е нарушен, бидејќи таа земја се стреми кон својата независност, со сите свои сили, таа е способна за сопствен државен живот и наспроти тоа великите сили ја принесуваат како жртва на нејзините соседи“.[453] За да се потврди македонското слободољубие МЕФО го повикува Друштвото на народите да спроведе плебисцит меѓу македонското население, кој ќе покаже „дали ќе се издигне над грубите интереси на победничките здруженички и смело ќе го развее знамето на правдата“.[454]

Арх. Никола Јуруков во својот говор пред Конгресот за мир во Лондон, потсетува дека целта на ваквите конгреси е да ги истражат и да ги потенцираат причините, кои што со својата природа го растројуваат мирот, како и да се посочат средствата за нивно отстранување. Во таа смисла, тргнувајќи од овие сваќања и водејќи сметка за мирот на Балканот, тој се обраќа со молба до секој пацифист да го подржи уредувањето на Хрватска, Црна Гора и Македонија. По однос на Македонија Јуруков ќе нагласи дека „Македонскиот народ и со својот етнички разнороден состав, претставува една културна и економска единица. Тој се борел за својата слобода дури и пред создавањето на другите балканска држави. Покрај сето тоа тој и понатаму остана под ропство како последица на претензиите на овие последните“.[455] Како средство за отстранување на раздорите на Балканот Јуруков го гледа создавањето на една слободна Македонија, што ќе го отвори патот за образување на Балканска федерација, која ќе

---

[451] В. „Автономна Македония“, бр. 1, 1 декември 1920, 2

[452]Ibidem, бр. 76, 23 юлий 1922, 1; Бугарскиот делегат на оваа конференција Коста Тодорв, по излагањето за заканите од соседните држави кон Бугарија поради дејствувањето на револуционерни чети во Македонија, предложил да се спроведе анкета на самиот терен.( В. „Автономна Македония“, бр. 76, 23 юлий 1922, 2)

[453] Ibidem

[454] Ibid.

[455] Международните конгреси и македонския..., 27

биде гаранција за трајно спокојство во Источна Европа. Пред овој Конгрес, како делегати на Лигата на потиснатите народи, арх. Никола Јуруков и д-р М. Русиецка имале две заеднички излагања: за политичката положба во Македонија и за положбата на македонските бегалци. Во првото излагање повторно се нагласува македонското народносно сознание на македонското население (и покрај неговиот разнороден етнографски карактер) кое претставува една политичко-економска единица. Во излагањето се дава историјат на борбите на македонското население за слобода, неговата поделба по Првата светска војна, и онеправденоста со неа, ставањето на македонскиот народ надвор од законите во државите во кои живее по војната, што се и причини за манифестирање на ново незадоволство на македонскиот народ. Тој народ очаен од тешката политичка и економска положба своето незадоволство почнува да го манифестира со образување на чети внатре во Македонија (од што се жалеле владите на балканските држави). „Но независно од ова движење во внатрешноста, емиграцијата во странство се обединила во една федеративна организација, политичка и културна, составена од Албанци, Бугари, Власи и Турци. Таа организација ја има за девиза „*Македонија на Македонците*“ (курзивот е во оригиналот М.Н.) и за цел осветлувањето на општественото мислење во Европа за реалната положба во Македонија“.[456] И неизоставно е во ваквите излагања да се нагласи дека „Издигнувањето на Македонија во одделна слободна држава е поставување на основите на Балканска федерација, која ќе биде најздравата гаранција за мирот на Балканот“[457]. Во второто излагање за положбата на бегалците се констатира дека нивната судбина е засегната од два меѓународни акта: 1) договорот за правата на малцинствата и 2) конвенцијата за доброволно иселување склучена меѓу Бугарија и Грција. За договорот за правата на малцинствата се критикува неговото игнорирање од страна на Југославија и нератификување од страна на Грција. За спроведување на Конвенцијата за добоволно иселување Друштвото на народите ангажира своја посебна Комисија. Таа, во својата работа, ја констатира жалната положба на македонските бегалски маси, нивната единствена желба да се вратат во своите домови (а не да добијат обештетување за истите), и со оглед на нејзината задача за толкување и спроведување на дотичната конвенција е некомпетентна да им ја реши судбината на

[456] Ibidem, 29
[457] Ibid., 30

бегалците. Наведувајќи ги условите под кои може да се реши ова прашање[458], излагачите нагласуваат дека тие не можат да реализираат (создадат) на друг начин освен под контролата на Друштвото на народите. Иако многубројните петиции, поднесени до тогаш до многубројни институции за разрешување на третираното прашање, не дале никаков резултат, Д-р Русиецка и арх. Јуруков изразуваат надеж, дека нивното излагање ќе биде земено во предвид.[459]

На третото годишно собрание на Друштвото на народите, одржано на 5 септември 1922 година, македонското прашање било претставено пред претставниците на државите на петте континенти во својата вистинска физиономија и поставено на чисти македонски начела. Оваа непроценлива услуга на македонското дело била направена од јужноафриканскиот претставник проф. Gilbert Murray. Тој говорел за целосна Македонија, а не за еден или друг нејзин дел и ја претставувал во нејзиното политичко – економско единство. И според него македонското прашање, требало да биде разгледувано како целина и да не биде разрешувано со прифатениот метод за малцинствата, туку да се употреби друг метод, којшто ќе одговара за овој случај. Иако, проф. Gilbert Murray не го кажал јасно кој е тој друг метод, сепак во неговото зборување се подразбирало дека треба да се праша населението, односно да се примени плебисцит под надзор на Друштвото на народите. Таквото гледање и поставување на македонското прашање е поздравено од МЕФО, со свесност дека доколку Македонците бараат примена на клаузулите за покровителство на малцинствата, направеното од јужноафриканскиот претставник ќе пропадне, и истото ќе биде поставено на разгледување пред Друштвото на народите и третирано како бугарско, српско или грчко прашање од внатрешен карактер. Токму поради овие состојби МЕФО смета за неопходно повторно да се обрати внимание на оваа голема опасност за судбината на независноста на Македонија, за да не се направат некои неопростиви грешки во тој однос, чии што последици би биле погубни за нивната татковина.[460] Овој момент на „влегување на Македонија во салата на Ареопагот“ влева голем оптимизам во редовите на МЕФО. Оваа организација кога станува збор за македонското прашање и Друштвото на народите во својот орган „Автономна Македонија“ ќе рече: Ние сме

[458] 1.Ефикасно разрешување на прашањето во врска со респективните власти; 2. Востановување на приватните имот, секвестирани или отуѓени; 3. Создавање во Македонија услови за безпретјатсвеното суштествување и гаранции за лична и јавна слобода. (Международните конгреси и македонския въпрос..., 32)
[459] Международните конгреси и македонския..., 31-32
[460] В. „Автономна Македония“, бр. 83, 3 октомври 1922, 1

убедени, дека тоа (ДН М.Н.) ќе го разреши справедливо врз основа на нашите аспирации. Тоа ќе испраќа анкетни комисии, коишто ќе го проучат проблемот на лице место, во Македонија. Ние сме уверени дека испратените комисии ќе се состојат од непристрасни лица, врз кои не може да се има никаков сомнеж. Ние сме сигурни, дека заклучокот до кој ќе дојде Друштвото на народите за учеството на нашата татковина неможе да биде поинаков од тоа, коешто ние одамна го посакуваме: да се образува од Македонија една независна политичка единица, која истовремено ќе ги задоволува економските интереси на балканските држави". Понатаму се искажува свесноста, дека политичките, националните и економските прашања на Македонија, како од внатрешен, исто така и од надворешен карактер се извонредно сложени и деликатни. Поради тоа, доколку се дојде до одвојување на Македонија како посебна политичка единица, таа би требало да биде администрирана со туѓа помош, за што најсоодветна ја сметале Швајцарија, како земја која што според својот етнички состав на населението и нејзината географска положба и во многу други нешта има сличност со Македонија.[461]

Привремената комисија излегла со Мемоар до делегатите и претставниците на Меѓународната Социјалдемократска конференција во Виена (февруари-март 1921 г.) во кој негодува дека правата на малцинставата, признаени и санкционирани од мировната конференција во Србија и Грција останале мртва букав, и апелира до нив „да го издигнат својот моќен глас пред респективните влади и фактори за ослободување на Македонија и создавање од неа автономна држава, која ќе послужи како обединувачка алка меѓу балканските народи, и така да се стави крај на сите балкански раздори".[462]

Заслужува да се одбележи и активноста на МЕФО пред делегатите на Конгресот на социјалистите во Софија (Конгресот на II Интернационала), на кој учествувале видни водачи на западните социјалдемократии[463]. Пред учесниците на Конгресот германскиот претставник Ото Велс и чехословачкиот Немец и др., на 24 октомври 1922 година МЕФО излегла со една своја делегација, во која биле арх. Никола Јуруков, Перикли

---

[461] Ibidem, бр. 84, 6 октомври 1922, 1
[462] Ibid., бр. 13, 28 февруари 1921, 2; Професорот Пејани, член на Меѓународната лига за заштита на правата на народите, се обратил со телеграма до Конгресот на италијанските социјалисти-националисти, кој се одржувал во Милано на 11 октомври 1921 година. Во телеграмата иако се спомнува само за неправдите и теророт над Македонците од страна на Србите, може да се смета дека и пред овој форум се дава некаква гласност на македонското прашање од страна на еден член на Привремената комисија. (В. „Автономна Македония", бр. 46, 24 октомври 1921, 3)
[463] ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40

Фоти, Сулејман Каркин и Тефик Сулејманов. Оваа делегација ги изложила барањата на Македонците: „за слобода и национално самоопределување на сите народи во Македонија“.[464] Арх. Никола Јуруков, на германски јазик од името на МЕФО, го поздравил Конгресот на водачите на најголемите социјалдемократски партии во Европа, чии што борби за слобода и независност на народите и ставови по прашањата за светскиот мир им биле добро познати. Тој потенцира дека ги познаваат и средствата, со кои овие партии располагаат во дадениот момент, за борба против неправдите нанесени на светот по Првата светска војна. Тие се миролјубиво разрешување на конфликтите, а не со насилство и крвопролевање.

Јуруков ја искористил приликата да го искаже нивниот идеал со зборовите: „Ние Македонците не сакаме повеќе од тоа, да живееме слободно и во мир со сите националности, кои што ја населуваат нашата земја, и исто така сакаме добрососедски односи со нашите блиски и подалечни соседи. На почвата на тоа мирно разбирање Македонците без разлика на вера и народност се обединија во една федерација.“[465] Во неговото образложение на положбата на Македонците, меѓу другото, се кажува и влијанието на насилствата што се спроведуваат врз македонското население за нивно поттикнување да ја напуштаат Македонија и да бараат прибежиште по разни делови на светот, а воедно и „да се сплотуваат под заедничкиот лозунг „Македонија на Македонците“ во борбата за автономија на својата татковина, врз базата на самоопределувањето на националностите за своето културно преуспевање. Всушност во името на овие принципи е и оваа замолба на МЕФО до најголемите претставници на европските социјалдемократии, да се застапат пред своите политички пријатели и влади за справедливата кауза на Македонците.“[466]

Во одговор на ова барање г. Ото Велс изјавил: „Јас сум Германец и сум претседател на Обединетата социјалдемократска партија, која денес има учество во управувањето на Германија. Идејата за самоопределувањето на националностите е и наша идеја. Тоа е идеја на светската социјалдемократија и јас ви ветувам, дека задено со Бугарската социјалдемократска партија ќе работиме за една автономна Македонија.“[467] Ото Велс сметал дека единствено средство со кое треба да се дејствува во тој момент е делување пред Друштвото на народите. Но, бидејќи Германија не била членка на истото, до

---

464 Ibidem, бр. 87, 28 октомври 1922, 1; ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40
465 Ibidem; ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40
466 Ibid.
467 Ib.

нејзиното зачленување тој ветува, дека неговата партија ќе ги употреби сите усилби за пропагирање на идејата за автономна Македонија на базата на самоопределувањето на националностите во парламентот, во печатот, во општеството и во меѓународните конгреси. Покрај улогата на претставник на Германската социјалдемократска партија, на овој Конгрес Ото Велс ја претставувал и најголемата во светот работничка партија – англиската, која што на претстојните избори сметала да постигне колосален успех и да го превземе управувањето во Англија. Во таа улога тој си превземал обрска да се застапи за македонските барања и пред англиските претставници, кои биле доста влијателни во Друштвото на народите.

Во разговорот со чехословачкиот претставник Немец е посветенено внимание на меѓусебниот однос на разните народности што ја населуваат Македонија. Тој се интересирал дали тие, после долги години на меѓусебно разјадување со национален антагонизам, навистина дошле до искрено убедување за едно меѓусебно единство и дали тоа единство е возможно да се базира на една платформа за автономија на Македонија. Интересен е одговорот на делегацијата на МЕФО во кој се објаснува дека во Македонија ги има сите националности само нема срби и дека ова обединување е настанато на почвата на федерацијата по примерот на Швајцарската федеративна република. МЕФО добила ветување и од чехословачкиот претставник, дека по враќањео во Чехословачка ќе се обиде на министерот за надворешни работи на нивната земја Бенеш да му ги изложи нивните барања, кои што ги сметал за справедливи. Идејата за слободата и самоопределувањето на народите тој ја гледа како симпатична и вели: „Штом вие ме уверувате дека најпосле разнородните националности во Македонија се обединиле во една федерација, за да се борат за автономијата на својата татковина и да направат од неа една Швајцарија на Балканот, ништо поубаво и ништо поблагородно нема од тоа да се застапиме за една таква кауза“.[468]

Меѓу учесниците на споменатиот Конгрес што ја подржале идејата за автономијата на Македонија бил и претставникот на руските социјал-демократи Н. В. Лебедев.[469]

Засилените активности на МЕФО за пропагирање на паролата за „автономија и еднакво право на сите националности“ е забележана и од австрискиот дипломатски претставник во Софија, кој во средината на ноември во својот извештај до Министерството за надворешни работи, меѓу другото, ќе забележи дека по ова

[468] Ib.
[469] ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40

прашање „успех може да се очекува по долги години, но, сепак, прашањето нема да добие мирен тек сé до неговото решавање.“[470] Како што рековме погоре, МЕФО во неможност за сопствено поофицијално претставување на меѓународните конференции и конгреси, се обидувала посредно на истите да го наметне за дискусија, разгледување и подршка своето гледање на поставување и решавање на македонското прашање. Во последните месеци од 1922 година, од страна на МЕФО, е посветено големо влијание да се делува во таа смисла пред блискоисточната конференција за мир, на која требало да се разгледува грчко-турскиот спор. По ова прашање МЕФО сметала дека за да се постигне блискоисточниот и балканскиот мир, кој е предуслов и за европскиот, па и за светскиот мир, на зелената маса треба да се постават сите прашања кои останале неразрешени и се потенцијал за вознемирување на овој простор, во кои ги сврстува и македонското и тракиското прашање. И повторно проговорува надежта за ревизионизам во нивните зборови: „Ќе имаат ли доблест да си ги фрлат очилата на високомерни победници и трезвено да ги погледнат работите – така, како што повела здравиот разум и справедливоста?“[471]

Во предвечерието на блискоисточната мировна конференција Македонската студентска група од Софискиот унивезрзитет ја искористила благонаклоноста на шефот на комисијата за внатрешни работи при Анкарската влада Џевад Абаз беј, по потекло од Македонија, родум од Скопје, кој од 1921 годин бил назначен од Мустафа Кемал-паша Ататурк за претставник во Софија, и преку него испратила мемоар, адресиран лично до Кемал-паша, во кој се пледира за создавање од Македонија на една слободна независна федеративна држава со еднакви права на сите нардоности што ја населуваат.[472] На пат за Лозана, каде требало да се одржи источната конференција, турската делегација, составена од 36 делегати, на чело со Измет Риза Нури паша, комесар за надворешни работи и Хасан беј, комесар за финансии, во Софија имала средба со претставници на МЕФО. На оваа делегација и се претставил Обласниот македонски федеративен комитет заедно со претседателот на 1-от Македонски федеративен конгрес и ја поднеле резолуцијата, донесена на Македонскиот јавен собир од 29 октомври[473], Уставот на Федеративната организација, резолуциите на 1-от

---

[470] Ibidem
[471] В. „Автономна Македония“, бр. 89, 13 ноември 1922, 1
[472] Ibidem, бр. 91, 27 ноември 1922, 2
[473] На 29 октомври во Софија се одржал голем јавен македонски собир, од кој е испратена телеграма со честитки на Мустафа Кемал-паша по повод неговите победи против Грците, со истовремено „соопштение за извршеното обединување на сите македонски организации“. На собирот говореле говорници од повеќе националности. Говорникот од турска националност потсетил дека и самиот Кемал-паша е од македонско потекло. Прифатена е една Резолуција во која се бара автономија на

Македонски федеративен конгрес и сите мемоари и резолуции испраќани во Европа до разните конференции.[474]

Покрај врачените материјали во писмена форма пред турската делегација арх. Никола Јуруков со усмено излагање на германски јазик, од името на претседателот на Обласниот федеративен комитет, била замолена делегацијата да обрати внимание на македонската кауза на многустрадните Македонци, од кои еден дел се и нивните сонародници. Јуруков нагласува, дека: „Четирите македонски народности: Албанци, Турци, Бугари и Власи се обединиле братски да работат за една независна федеративна Македонија. Возможноста за реализирање на ова барање е докажана со постигнувањето на согласност помеѓу тие народи."[475] Понатаму се упатува на примерот на Швајцарија, со нејзиното кантонално уредување и ја искажува можноста македонските народи поврзани од историјата да ја образуваат идната слободна Македонија, каде сите народности ќе имаат еднакво учество во управувањето со таа држава. Никола Јуруков во своето излагање се обидува да ги убеди турските делегати во дотогашните достигнувања на МЕФО за афирмирање на македонската кауза на меѓународен план, што се гледало и од доставените документи до нив. Во таа смисла за македонската кауза кажуве дека „Таа веќе си го пробила патот во Сојузот на друштвата за Друштвото на народите во конгресот за мир во Лондон, а Општеството на народите веќе ја осознало нуждата од уредувањето на македонското прашање; останува и на конференцијата за мир на Исток тоа прашање исто така да не биде заборавено."[476] И во оваа прилика било искажано мислењето дека разрешувањето на македонското прашање нее само реализирање на стремежот и потребата на македонскиот народ, туку е и услов за балкански мир, што би требало да биде уште посилен поттик за турската делегација да се заложи за македонската кауза на претстојната конференција за мир на Истокот.

---

Македонија, која требало да се испрати до мировната конференција во Лозана. (ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40)

[474] В. „Автономна Македония", бр. 90, 20 ноември 1922, 1; Во предвечерието на Лозанската коференција повеќе федеративни друштва на МЕФО организирале и одржувале собири, на кои едногласно биле донесувани Резолуции, во чија содржина се протестира пред цивилизираниот свет за неправдата нанесена на Македонија од страна на големите сили и се издига барањето за создавање од неа независна федеративна држава. Ваквите резолуции Федеративниот комитет требало да ги испраќа понатаму и да им даде гласност.( В. „Автономна Македония", 8 декември 1922, 2, бр. 89, 13 ноември 1922, 2)

[475] Ibidem

[476] Ibid.

Водачот на оваа делегација Исмет паша прифатил да ги разгледа и проучи документите и ги поздравил нивните дотогашни напори за поддршка на македонската кауза, ветил дека ќе ги вложи и своите напори во таа насока. На оваа средба било искористено и присуството на двајца претставници на анкарскиот печат (Рушен Изреф и Кемал беј) на кои исто така им биле врачени сите мемоари, резолуции и други документи од МЕФО и усмено им било изложено истото она што им било кажано и на делегатите. Ветувањата за подршка не изостанале ниту од претсатвниците на турскиот печат и средбата е завршена со пожелување на голем успех од страна на МЕФО на нивната новоослободена и демократизирана татковина, со верба дека, нова Турција раскрстила со деспотските методи на стара Турција. Кај МЕФО е присутна надежта дека во оваа ситуација пријателски настроената Турција, предводена од македонецот Мустафа Кемал паша, ќе биде нивниот пријател и подржувач.[477]

Во време на одржувањето на споментата конференција во Лозана, д-р Греков остварил средба со еден италијански претставник на конференцијата, поранешен долгогодишен италијански конзул во Македонија. Како таков тој имал можност многу добро да ја запознае Македонија, македонските револуционерни борби за ослободување и македонското прашање.[478] Со симпатии кон македонското население и посакување од негова страна поскоро ослободување на истото тој изјавил: „Среќен сум што слушам од вас, дека четирите национални елементи – албанци, бугари, власи и турци, кои во минатото покажуваа меѓусебни непријателства, сега се сгрупирале во заедничка организација, претставувана од еден комитет врз федеративни начела. Трудете се да ги привлечете и другите елементи – грци и срби. Со заеднички усилби вие имате голема шанса побргу да го постигнете ослободувањето на Македонија. Покрај тоа штом во вашата организација влегуваат скоро сите македонски народности, тогаш никој не може да ве обвинува или да ве презира, дека ги штитите каузите на соседните балкански држави, како што, за жал, беше во минатото. Дозволете ми во таа смилса да дадам една забелешка – извинете за мојата отвореност, но бидејќи сум искрен пријател на Македонија и голем приврзаник на нејзината кауза, која ми е многу драга и ви зборувам не како официјално лице, туку како пријател – вашиот Комитет несомнено многу подобро ќе направеше доколку заедно со вас испратеше делегати и од другите националности. Вие многу добро разбирата зошто ја правам оваа

[477] Ib.
[478] В. „Автономна Македония“, бр. 94, 25 декември 1922, 1

забелешка. Копијата од мемоарот, кој љубезно ми го врачивте, со особено внимание ќе биде разгледана од нашата делегација. Но, истовремено, со големо жалење, ви изјавувам, дека ние ништо не можеме да направиме за македонската кауза. Македонското прашање не фигурира во дневниот ред на конференцијата; тоа не е поставено на разгледување на зелената маса. И лично јас, многу жалам што не можеме да ви помогнеме. Но кога вашето прашање ќе биде поставено на зелената маса, тогаш бидете сигурни во безерезервната подршка на Италија. Таа ќе направи сѐ што ќе зависи од неа за реализирањето на вашите барања за независноста на Македонија. Но до тогаш работете, енергично и неуморно. Како што италијанскиот народ се ослободил по долги борби, така и вие, македонците ќе се стекнете со слобода. Вашата дејност овде, во Лозана, сепак ќе остави траги, и впечаток дека вие зборувате од името на Федеративнот Македонски комитет, кој се состои од албанци, бугари, власи и турци и со тоа докажувате дека тие македонски народи си ги здружиле своите сили за постигнување на општата цел – независноста на Македонија.“[479]

Средби и подршка во таа смисла д-р Греков имал и со некои новинари што ја следеле оваа конференција.[480] Американската делегација на Конференцијата во Лозана, (која присуствувала само како набљудувач) исто така го добила мемоарот од Федеративниот комитет и ја искажала својата морална подршка за остварување на македонската кауза. Д-р Греков на средбата со главниот секретар на оваа делегација изразил и длабока благодарност од имато на македонското население, кон американската делегација затоа што енергично се спротивставила за размената на населението.[481]

Сосема поразличен („скоро драматичен“) бил приемот на д-р Греков кај англиската делегација. Нејзиниот главен секретар со ладен тон и резервираност искажал скептицизам по однос на разрешувањето на македонското прашање. Само куртоазно ги поздравил намерите на македонските националности (за кои исто така се изразил со зборовите: „доколку навистина има такви“) за реализирање на идејата за слободна, независна, федеративна Македонија.[482]

[479] Ibidem, 2
[480] Ibidem
[481] Ibid.
[482] Ib.

Во текот на 1922 година Федеративниот комитет посветувал поголемо внимание на прашањето на обединувањето на македонската емиграција во Бугарија. Само сплотена и единствена македонската емиграција можела да пројави поорганизирана дејност на меѓународен план и да се залага за својата кауза. Свеста дека само на тој начин може да се предочи македонското прашање пред меѓународните фактори и да се бара негово праведно разрешување била присутна кај најголем дел од емиграцијата, но полемиките и преговорите меѓу двете раководни тела, Извршниот и Федеративниот комитет одземале и премногу време и премногу енергија, кои можеле да бидат искористени за едно заедничко залагање на целокупната македонска емиграција за предочување пред светската јавност на барањето за издигнување на Македонија во самостојна федеративна држава. Само соединети македонските сили со една постојана систематска дејност можеле да го постигнат својот идеал. Затоа било неопходно да се создаде едно заедничко раководно тело (Централен комитет) составено од претставници на сите народности од Македонија. Во него требало да влезат лица, кои поседуваат *виситнски македонски дух* и кои имаат *вистински македонски чувства*[483] (курзивот е во оригиналот М. Н.). Македонците во борбата за слободата на својата татковина требало да ги имаат за пример Ирците, кои само со непрекината борба и со морална подршка од цивилизираниот свет, успеаја да ја отргната од Англија својата слобода и автономна управа.[484]

Отсуството на таква политичка организација на македонската емиграција со граѓански политички убедувања, за каква што се залагал Федеративниот комитет, во овој период ќе се одрази негативно врз популаризацијата на вистинските македонски интереси во меѓународната јавност. Посебно тоа ќе се одрази негативно во седиштето и круговите на ДН во Женева, токму во периодот кога беше исто така непоходна таква жива политичка акција, кога македонското прашање влегуваше во нова фаза по Првата светска војна.[485]

[483] В. „Автономна Македония", бр. 75, 16 юлий 1922, 1
[484] Ibidem
[485] Кушевски Д. В. Македонското, ... 65

# Глава трета

# МАКЕДОНСКАТА ФЕДЕРАТИВНА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

## 3.1. Внатрешните превирања во МЕФО и во ВМРО автономистичка

Македонското ослободително движење (легалното и илегалното) и по потпишувањето на мировните договори по Првата светска војна продолжува да ги бара патиштата за ослободување на Македонија. ВМРО, како илегална македонска револуционерна организација постепено се консолидирала и се обидувала да го заземе приматот во целокупното македонско движење. Но, во редовите на самата организација започнале да се појавуваат несогласувања и струења од страна на некои личности и групи кои пројавувале незадоволство од раководството на организацијата или пак наоѓале свои интереси на друга страна. И во легалното движење се одвојува опозицијата на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија и од неа се формира Привремената комисија. Во тие прегрупирања на легалните емигрантски сили во Бугарија ВМРО го подржувала Извршниот комитет, што подразбира опозициски став кон Привремената комисија, односно кон МЕФО. Помеѓу членството и дејците на Привремената комисија (МЕФО) исто така не секогаш имало согласност во целост по прашањата околу водењето на македонската ослободителна борба. Ова водело кон нови прегрупирања и престуктурирања во македонското движење.

Во 1921 година се случил внатрешен расцеп во ВМРО и од неа се одвоила една група од околу 60-80 четници предводена од Славе Иванов, еден од најблиските до тогаш војводи на Тодор Александров, Стојан Мишев, Глигор Циклев Дончо Ангелов и др. Всушност во летото истата година организацијата на ВМРО била изградена пред сѐ во Штипско и Кратовско, родните места на Т. Александров и на Д. Ангелов, помеѓу кои веќе имало спор околу претстојните задачи на движењето. И двајцата биле упорни и неотстапувале од своите ставови. Во крајот на август 1921 година по извесен престој во Бугарија и Италија Т. Александров се вратил во Вардарска Македонија. Од таму го

поканил Д. Ангелов да дојде со неговата чета, за да се превземат пошироки дејствија. Д. Ангелов го прифатил предлогот, но пред да замине свикал советување во Ќустендил, на кое присуствувале војводите Стојан Мишев, Лазар Тодоров, Славе Иванов и уште три-четворица четници. На ова советување тој повторно ги потенцирал своите ставови, дека треба што поскоро да се свика конгрес, кој ќе изработи план за идната работа на организацијата, и ќе избере нов ЦК. При тоа подвлекува дека овој предлог не бил насочен против личноста на Т. Александров и ги поканил присутните да донесат заедничко решение за ова прашање. Неговиот предлог бил прифатен и тој земајќи го решението од советувањето во писмена форма, заминал со четворица четници на средба со Т. Александров. Пред тоа Д. Ангелов го известил својот сомисленик Григор Циклев да му се приклучи со 12 четници.[486]

Средбата помеѓу Ангелов и Александров се одржала во с. Саса, Кочанско, на 13 километри од бугарско-југословенската граница. Откако поразговарале по извесно време на даден знак од Т. Александров, четири-пет негови четници, предводени од иван Брљо, ги нападнале Ангелов и неговите другари, ги разоружале, двајца ослободиле, а Д. Ангелов и уште двајца биле убиени надвор од селото.[487]

Послужувајќи се со фактите дека некои привржаниците на Д. Ангелов извршиле различни пљачки и насилства, нарушувајќи го угледот на организацијата, Т. Александров ги објавил сите свои противници, вклучувајќи го и Д. Ангелов за криминални престапници. Особено по советувањето во Ќустендил, Т. Александров проценува дека работите земаат тек, кој е неповолен за него и за неговата лидерска позиција во движењето може да биде загрозена. Во лицето на кратовскиот војвода Ангелов тој видел еден до сега потценуван ривал, кој се покажал не само како упорен, но и подржан од влијателна група дејци, кои до сега тој ги сметал за свои доверливи луѓе – Стојан Мишев и Славе Иванов (кои меѓу другото се и организатори на неговото бегство од затворот).

Случувањата не биле само лични, туку и принципиелни. На Т. Александров му било јасно дека отсуството на единство во организацијата, уште пред таа да биде целосно изградена и зацврстена, би било погубно за делото. Откако се уверил, дека Д.

---

[486] Ивановъ Славе, Тодоръ..., 33-34; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска", ..., 58-59, 66
[487] Ibidem, 35-36; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, ... 67

Ангелов упорно настојува на своето и придобива нови приврзаници, кое што е закана за МРО со раскол, тој решил да го ликвидира.

Т. Александров со право се плашел од одмазда на другарите на Д. Ангелов и ги превземал неопходните мерки, за да се спаси од своите најопасни противници. Тој дал наредба на војводата на Тиквешката чета Антов кога ќе се врати од Македонија во Бугарија во Ќустендил да го ликвидира најблискиот другар на Д. Ангелов, Г. Циклев. Во таа чета бил и братот на Григор Циклев, Митруш, кој под изговор дека во Бугарија е осуден за убиство замолил да не се враќа. Ова предизвикало сомнеж кај Александров, дека Митруш сака да го убие, и заповедал да биде застрелан.[488]

Циклев веќе бил предупреден и подготвен и во нивната вооружена пресметка, која го вознемирила целиот град, загинале војводата Антов и еден од четниците на Г. Циклев (Миле Мечкуевски). Од овој момент Циклев му станал смртен непријател на Т. Александров. Одкако ја примил веста за убиствата на Ангелов и Митруш тој ги организирал сите четници од Кратовско (околу 40), и заедно отишле во Софија кај блискиот соработник на Т. Александров, Сл. Иванов, за да бараат од него објаснување за настанатите убиства. Иванов не знаел за ова, но ветил дека ќе му пишува на Т. Александров и ќе бара од него објаснување за убиствата. Писмото било потпишано од Стојан Мишев и заедно со писмото на кратовскиот револуционер, Славчо Абазов било испратено по курир на Т. Александров.[489]

Неколку дена по тоа се случило убиството на министерот Александар Димитров (октомври 1921 г.) и одговорот од Александров се забавил.[490] Во својот одговор Т. Александров негира дека ги добил двете писма, за кои кажува дека знаел оти му биле упатени претпоставувајќи ја нивната содржина. За прашањето за ликвидирањето на Д. Ангелов сакал да даде одговор во непосреден разговор, но уште сега уверува, дека „тоа требаше така да се направи“. Иванов одговарајќи, дека не може да има никакво оправдување за убиството на таков „чесен и примерен војвода“, ја покажал својата несогласност со таквиот начин на разрешување на прашањата во организацијата, и засекогаш го раскинал односот со Т. Александров.[491]

---

[488] Ibid, 36-39; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, ... 67
[489] Ib; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война..., д. бр. 224, 512-529.
[490] Т. Александров истовремено се борел и со владата на Стамболиски и со внатрешните прегрупирања и струења во македонското движење.
[491] Ивановъ Сл, Тодоръ, ... 38-39

Спротивностите и идејните превирања во самата Организација нараснале по потпишувањето на „Тиранскиот протокол“ на 1 декември 1921 година во Тирана од страна на членот на ЦК на ВМРО Александар Протогеров со раководството на МЕФО на чело со д-р Филип Атанасов. Протоколот бил потпишан со желба за обединување на македонските револуционерни сили и за отпочнување на заедничка револуционерна дејност во Македонија, со подготвување база во Албанија за Западна Македонија, слична на базата во Софија за Источна Македонија а со цел дејствување на ВМРО за „независност на целосна Македонија“.[492]

Опозицијата што се создавала против Тодор Александров, поведени од колебливоста на другиот член на ЦК на ВМРО Александар Протогеров во однос на Т. Александров покажана во нивните разговори во Тирана, се обидувала да се доближи до него и и да го привлече на своја страна. Мнозинството кратовчани, кои биле во тек со случувањата околу недоразбирањата со Т. Александров, на чело со Григор Циклев и Стојан Мишев решиле да влезат во Македонија и да се расправаат со него.[493] Тие процениле, дека тоа сепак е посериозна работа, за која ќе им бидат потребни сериозни подготовки и сојузници. Откако групата на Гр. Циклев во Ќустендил и групата на Крум Зографов, која се наоѓала во Софија, се договориле за нивните заеднички дејствија, било решено Сл. Иванов да замине за Виена и да разговара со Протогеров за создадените состојби во движењето. Средбата во Виена е реализирана во крајот на февруари 1922 година.

Протогеров исто така се вознемирил од убиството на Д. Ангелов и од дејствувањето на Т. Александров само според неговото гледање на работите без да ги консултира другите два члена на ЦК Тој се изјаснил, дека доколку Александров не го одобри потпишаниот протокол во Тирана, кој што му го испратил, тогаш ќе започнат револуционерна дејност во Западна Македонија и без него.[494] Своето расположение за реализација на спогодбата од Тирана и заложбите за обединување на македонската емиграција Александар Протогеров ќе го покаже и во преписката со Кирил Прличев во јануари-февраури 1922 година.[495] Во исто време во Виена престојувале и членовите на МЕФО д-р Ф. Атанасов и арх. Н. Јуруков, кои биле во постојан контакт со Протогеров.

[492] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 41, л. 1-2; Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната..., Дел 2, д. 23, 265; Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671, д. 20, 85-87

[493] Ibidem

[494] Ивановъ Сл., Тодоръ..., 42.

[495] Прличев Кирил, 36 години във ВМРО, София 1999, 425-426.

Во Виена пристигнале и другите потписници на Тиранскиот протокол П. Христов и Кр. Зографов.[496] По оваа средба во Виена (20-23 април) со поддршка на Унгарското пратеништво во Виена (со кое контактирал д-р Ф. Атанасов) е организирана уште една таква средба за договоро за соработка, која се одржала „во најголема тајност" на 10 и 13 мај во Будим Пешта. Според српскиот дипломатски извештај од кој дознаваме за овој настан, присутни биле и други балкански револуционери и Генералниот конзул на Бугарија, а претседавал А. Протогеров. Во овој извештај арх. Јуруков е претставен како „шеф на македонската федералистичка организација".[497] Овој проект за соработка на ВМРО со федералистите бил одбиен од Т. Александров во април 1922 година и од тогаш се засилила недовербата и соперништвото со Ал. Протогеров.[498]

Всушност ВМРО, предводена од Тодор Александров, за себе го резервирала сувереното право на општ израз на македонското ослободително дело, правото на решавање за тоа дело, правото на стапување во соработка со странски субјекти и за толкување и обезбедување на општите цели на македонското ослободително дело. Токму поради таквата позиција на ВМРО во однос на македонското дело Тодор Александров ригорозно ја штител улогата на ВМРО како општ и суверен претставител на македонското движење. Во таа рамка може да се разбере писмото на Тодор Александров до Славе Иванов од април 1922 година,со кое го известува дека ќе плати со главата затоа што си дозволил да потпише политички договор (мисли на т.н. Тирански договор од декември 1921 година) за создавање на револуционерна база во Албанија, бидејќи таков договор можела да склучи само ВМРО (нејзиниот ЦК или претставник овластен од ЦК).[499] Тодор Александров во април му испратил писмо и на д-р Ф. Атанасов, во кое го отфрла Тиранскиот протокол како неуставен: „Само ние и никој друг имаме право да свикуваме конференции, да водиме преговори со туѓи

[496] Ibidem., 42; АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 432

[497] АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 432; Д-р Филип Атанасов, како еден од поактивните федералисти, кој го покажувал своето расположение за револуционерниот метод на дејствување, од страна на српските служби во летото 1922 година е гледан како опасност за Кралството на СХС, поради „превземањето во негови раци на комитски чети". Српските служби упатиле предупредување и до Романија, која исто така „би требало да превземе нешто проти Атанасов" неговите движења и активности на потегот Софија, Букурешт, Пешта, Виена, биле следени. (АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 653)

[498] Златна книга, ... 158. Тодор Александров во април 1922 г. му испратил писмо на д-р Филип Атанасов, предупредувајќи го дека тоа што го прават е „против уставните ставови на ВМРО" и информирајќи го дека Ал. Протогеров бил испратен нарочно да стапи во преговори со нив за да ги открие нивните „пеколни планови и намери". Потпишан како член на ЦК Т. Александров напоменува дека само тие имаат право да свикуваат конференции, да водат преговори со странски фактори итн. И да испраќаат одделни луѓе или групи во Македонија. И на крај во писмото на д-р Атанасов му е упатена закана дека за Тиранскиот протокол ќе плати со својата глава. (Сé за Македонија, ... д. бр. 12, 65)

[499] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671, CIX

фактори и сл. да испраќаме одделни луѓе или групи во Македонија. Да знаете дека со оваа ваша постапка ќе одговарате со својата глава.“ Како гром од ведро небо дошло соопштението на Александров, дека тој нарочно го испратил „својот другар Протогеров“ да влезе во преговори, за да ги раскрие нивните пеколни планови и намери.[500] Откажувањето на Протогеров од Тиранскиот протокол највероjатно било под влијание на Т. Александров. Од тогаш се засилила недовербата и соперништвото помеѓу нив. Но, откажување на Протогеров од постигнатата спогодба не ги расколебало противниците на Т. Александров. Бил направен единствен фронт помеѓу привржаниците на Тиранскиот протокол, непријателите на Т. Александров, сконцентрирани во Ќустендил, кон кои се присоединиле и Ст. Мишев и Сл. Иванов, и федралистите на чело со арх. Н. Јуруков и д-р Ф. Атанасов. Водечка улога во тој единствен фронт играла Федеративната организација.[501]

Несогласувањата во ВМРО до голема мера биле резултат и на односите помеѓу Кралството на СХС и Бугарија и влијанијата на државно-безбедносните фактори во Белград и Софија. Овие влијанија создавале сé повеќе предуслови за конечен расцеп во редовите на ВМРО.[502] Оваа состојба ја констатирал и Никола Велев, кој во своето писмо од 7 јуни 1922 година до Александар Протогеров заедно со други членови на организацијата го предупредуваат Протогеров, дека секое негово парично помагање на Славе Иванов (кој преминал во служба на Кралството на СХС), макар и со знаење на другиот член на ЦК Петар Чаулев, можело да биде погрешно протолкувано и да доведе до поголеми недоразбирања. Потоа Велев апелира да се зајакне довербата во редовите на организацијата со што ќе можат да се остваруваат нејзините цели и предлага на Славе Иванов да не му се дава ништо, без согласност на Тодор Александров.[503]

Според Славе Иванов тој и неговите другари се отцепиле од ВМРО поради нивното несогласување со Тодор Александров, кој продолжил со старата политика на соработка и служење на бугарските реакционерни политичари, на дворот и Воениот сојуз, односносно поради тоа што не ги застапувал вистинските интереси на македонскиот народ. Од страната на ВМРО, пак, тие се окарактеризирани како разбојници и предавници бидејќи се поврзале со владата на А. Стамболиски и со великосрпските фактори во Белград. Како пример за подржаноста на отцепничките

---

[500] Ивановъ Сл., Тодоръ...„ 42; Сé за Македонија, ..., д. бр. 12, 65
[501] Палешутски К., Македонският въпрос в буржоазна Югославия..., 120; АСЦГ, ф. 14, к. 29/255
[502] АСЦГ, ф. 37, к. 22, а.е. 174/334-335
[503] ДАРМ, ф. Александар Протогеров, к. 2, л. 188

елементи од двете влади е даден случајот со Христо Даскалов, кој заминал за Битола каде од страна на великосрпскот режим бил назначен за полициски инспектор, за да го преследува македонското население кое би се борело против српскиот режим. „Нивното преминување од служба во Бугарија на служба во Србија, е сосема природно: и тука и таму тие ги преследуваат борците за ослободувањето на Македонија. Со такви заслуги министерот Александар Димитров беше примен во Белград да го подготви патот за зближување помеѓу Бугарија и Србија....“[504]

Нема сомнение дека посочените фактори: владата на Стамболиски и великосрспските кругови одиграле определена улога во тоа. Тие настојувале да ја искористат отцепената група од ВМРО за борба против Т. Александров и неговите чети. Тоа се гледа од еден извештај[505] на Славе Иванов, каде што самиот кажува дека групата околу него делувала со директна финансиска поддршка од владата во Белград. Според Славе Иванов, тој и Стојан Мишев уште во почетокот на одделувањето на нивната група од Т. Александров, побарале средба со југословенскиот дипломатски претставник во Софија Милан Ракиќ. Српските разузнавачки служби, кои го следеле ова продлабочување на расцепот во ВМРО, на поранешниот комитски војвода Славе Иванов му ја обезбедиле средбата со Милан Ракиќ во Софија. На оваа средба, покрај барањето за материјална подршка од владата на Кралството СХС, Славе Иванов побарал и обезбедување во случај борбата помеѓу оваа отцепена група и ВМРО заземе такви размери, кои ќе им оневозможат понатамошен престој на територијата на Бугарија да им се овозможи целата активна група да премине во Кралството СХС, и таму да ја продолжи борбата, на сите поранешни четници и војводи на ВМРО што преминале во српска служба да им се даде амнестија за сите дела од 1915 година наваму.[506] Претседателот на владата на Кралството СХС, Никола Пашиќ, кој веднаш бил известен за овие барања, се согласил со поставените услови и одвоил финансиски средства за подршка на борбата против ВМРО.

Во сите овие превирања, струења, заострувања на доскоро пријателските односи до степен на смртно непријателство, покрај тоа што многумина од актерите во случувањата држеле до принципи, сепак не треба да се занемари и фактот, дека

[504] Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредь данни на вътрешната македонска революционна организация, май 1923, 11; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, .... д. бр. 224, 512-529
[505] АСЦГ, ф. 37, кут. 22, а.е. 174/334-339, Пројект за продужење борбу против тајне револуционарне организације уперене против Југославије
[506] Ibidem

најверојатно многу голема улога во сето тоа одиграле и личните интереси, суети, амбиции. И во редовите на Федеративната организација се случувале слични појави.

Со конституирањето на Привремената комисија на македонската емиграција, која дејствувала како опозиција на Извршниот комитет, таа посредно се јавува и како опозиција на ВМРО, која го подржува Извршниот комитет. Некои од активните дејци на Привремената комисија (МЕФО), не се придржувале во целост до принципите на Комисијата (МЕФО), пред сé до принципот за легалност и самостојност, и покажувале ставови и однесување кои на некој начин биле блиски до ВМРО. Покрај ваквите појави се случувале и лични несогласувања, нетрпеливости и посамоволно однесување на некои поединци.

Уште со одвојувањето на Привремента комисија таа е под постојани пртисоци од страна на Извршниот комитет и ВМРО. Видливата скоро полна изолација на Федеративниот револуционерен комитет и засилувањето на ударите од страна на ВМРО внесуваат смут и предизвикуваат остри несогласувања во редовите на федралистите. Мнозинството членови на Федеративниот комитет – Хр. Далкалачев, К. Хаџириндов, Н. К. Мајски, Кл. Размов, Ј. Анастасов – се дистанцираат од мисиите на Н. Ризов и Ф. Атанасов во странство. Никола Ризов бил обвинет дека се истакнувал во Италија и Франција со препораките на неговиот брат Димитар, истакнат бугарски дипломат, што фрлало сенка врз независноста на организацијата. Комитетот одбива да го ислуша реферирањето на Ризов. Другиот член на Привремената комисија Ф. Атанасов, уште од нејзиното создавање создава претпоставки за разногласија во неа. Неговиот реферат предизвикал исклучително остри спорови. Според Н. К. Мајски мнозинството членови на раководството биле „вознемирени од своеволијата на тој млад човек, преполн со амбиција за големство и од неговите злоупотреби на името на Федеративниот комитет“. Двајцата со Ал. Протогеров го потпишуваат протоколот за заедничко дејствување со дејци на Албанската револуционерна организација во Тирана во ноември 1920 година. Договорот предвидува тие да се борат „за ослободувањето на Македонија во нејзините етнографски и географски граници и за ослободување на Албанците од Косово и Чемерија“[507]. Особено негодување предизвикувале територијалните клаузули на оваа спогодба потпишана од д-р Атанасов, признавајќи и на Албанија „чисто македонски, од никого неоспорувани досега краишта“. За овие

[507] Михајлов Ив., Спомени, Т II {С}, 1997, с. 159. Цитирано според Гребенаров А., Легалните...,105

постапки учесниците во Привремената комисија го обвинуваат Ф. Атанасов, дека покажал самоволие и без полномошно си дозволил да влезе во преговори со претставниците на ВМРО. После тоа бурно заседание Ф. Атанасов ја напуштил Федеративната организација.[508]. Изгледа дека конфликтот бил повеќе од сериозен, за да има предлог Ф. Атанасов да се смета за самоисклучен од оргнизацијата.[509] Но, на овој инцидент не му се обрнува внимание и наскоро „виновникот“ повторно е активен учесник во федеративното движење, учествувајќи во следната година во нови слични преговори.[510]

За време на изградувањето на МФРО, раководителите на Привремената комисија претрпуваат сложени промени, кои сé повеќе воделе до идеен и организационен раскол сред емиграцијата. Некогашните водачи на револуционерното и легалното движење Хр. Татарчев, А. Димитров и Вл. Ковачев, кои ја имаа вкусено горчината на меѓусебните пресметки и братоубиства во Внатрешната организација, се спротивставуваат на идејата за создавање на нова револуционерна оружена организација. Но кога по внатрешните борби федеративната вооружена формација станува реалност, реакцијата на тројцата е различна. Пренебрегнувајќи ја желбата, со која што се вклучува при создавањето на Привремената комисија Хр. Татарчев се оддалечува од активно учество во неа. Тоа е причината неговото име да не се најде помеѓу избраните во Управниот совет на МЕФО. Години подоцна Татарчев се вклучува повторно во револуционерното движење, но веќе од други позиции и со поразлични функции.

По предупредувањата од Т. Александров, предвидувајќи ги крвопролевањата, стариот искусен револуционер, Антон Димитров апелира кон раководителите на Привремената комисија да не превземаат непожелни иницијативи. „Младите и уште неискусните во националните борби – пишува подоцна тој во своите спомени – беа непоколебливи. Тие решија да соработуваат со т.н. серска група или санданистите: Бујнов, Кантарџиев, Паница и др. и заедно со нив да образуваат револуционерен комитет, кој ќе се спротивстави на Т. Александров. Ние неколкумина, не можевме да го одобриме тој начин на дејствување и решивме да ги напуштиме своите другари.“[511] Излегувањето на А. Димитров од Привремената комисија се совпаѓа со испратената

---

[508] ЦДА, ф. 933к, оп. 1, а.е. 568, л. 165-172. Цитирано според Васил, Правителството..., 137
[509] ЦДА, ф. 933к, оп. 1, а.е. 568, л. 5. Цитирано според Гребенаров А., Легалните..., 105
[510] Тиранскиот протокол од 1 декември 1921 година
[511] НБКМ-БИА, ф. 339, оп. 1, а.е. 1, л. 156-157. Цитирано според Гребенаров А, Легалните..., 104

покана до него да предава турски јазик во отвореното во Цариград бугарско трговско училиште. Тој со олеснување го прифатил предлогот и отпатувал од Бугарија.

За разлика од своите сомисленици Вл. Ковачев продолжува да учествува во МЕФО и по настанатите промени. Како редактор на в. „Автономна Македонија" тој во него периодично го одрекува постоењето на врски и взаемни односи помеѓу легалната и револуционерната организација. Вооружените дејствија против ВМРО весникот ги окарактеризирува како дело на самонаречени федералисти.

Во редовите на Привремената комисија се појавиле струења и разлики во ставовите не само по прашањето за нелегалните револуционерни средства на дејствување во македонското движење, туку и по некои други прашања и состојби. Владислав Ковачев во едно свое писмено обраќање од 26 март 1921 година, до Претседателот на Привремената комисија д-р Хр. Далкалчев донекаде ги отсликува овие појави. Нагласувајќи дека одделувањето на Привремената комисија од Сојузот на братствата е мотивирано од принципиелните разлики меѓу нив и Извршниот комитет и „од нивната борба против личната (потцртано во документот М.Н.) политика, водена во случајот од г. Каранџулов, како претседател на последниот"[512]. Со големо извинување, дека е принуден да се исповеда, тој го сомничи арх. Никола Југуков за неговото однесување околу прашањето за активноста на Каранџулов. Вл. Ковачев во однесувањето на Југуков препознава „желба да го подржува г. Каранџулов". Во ова, според Вл. Ковачев, Југуков бил подржуван и од Ив. Снегаров, кого го критикува дека го дал за печатење излагањето за Помирителната комисија скоро текстуално (потцртано во документот М.Н.), како што било депонирано од Југуков на последното нивно заседание, напоменувајќи дека тоа излагање со исклучок на Југуков било отфрлено од присутните на состанокот, меѓу кои бил и самиот Ив. Снегаров, поради тоа што „било лишено од логичност и било каква убедливост".[513] Вл. Ковачев задоцнетото печатење на продолжението од неговата статија „Мнозинството и ние" го наведува како уште еден факт околу овие разногласија во Привремената комисија, кои се штетни за нејзината работа. Тој смета дека и ова забавување е нарочно (потцртано во документот М.Н.) направено од редакторот на нивниот печатен орган в. „Автономна Македонија" по сугестија на Југуков, „за да стане сега беспредметно (потцртано во документот М.Н.) нејзиното излегување". Бидејќи, како што пишува Ковачев „со оваа

[512] ДАРМ, 1. 1266. 1. 39/117-119
[513] Ibidem

статија, исцрпно се објаснуваат мотивите и состојбите, кои ни го наложија напуштањето на Соборот" тој смета, дека „со оваа статија само ќе се засилеше нашата позиција и нашата линија на поведение за време на преговорите со Помирителната комисија". Поради овие непријатни односи поради неговите нехармонизирани разбирања со Јуруков и Снегаров, Вл. Ковачев смета дека е оневозможена неговата соработка и учество во групата и вели дека е „принуден" да му најави на претседателот на Привремената комисија, „дека од денес престанувам да се смета за идеен член на групата, и покрај тоа што сум свесен, дека токму сега е крајно неопходно со сите усилби да се подржува едномислењето и сплотеноста меѓу нас, за да се доведе до добар крај започнатата борба со нашиот противник".[514] Ова писмо доволно зборува за потешкотиите со кои се среќавало раководството на МЕФО.

Двајцата членови на Приврмената комисија, Ф. Атанасов и Н. Јуруков во 1921 година се предупредувани од Тодор Александров да ја напуштат Привремената комисија „која ја подривала почвата на Комитетот".[515] Тие одбиваат да се потчинат на таквите „совети", чувствувајќи се силни поради тоа што веќе скоро биле изградени основите на нелегалната формација, наречена МФРО.[516] Тие двајца ги предводеле дел од раководните сили на МЕФО, кои сметале дека покрај легалните форми и средства треба да се отпочне и со илегална револуционерна дејност во Македонија и со помош на организирани федеративни чети да се парализираат во исто време и акциите на автономистичките чети од ВМРО на чело со Т. Александров и Ал. Протогеров. Овие сили од федеративното движење, покрај прокламираниот принцип на МЕФО за независност, одржувале контакти и со бугарската влада.[517] Паралелно со струењата и прегрупирањата во легалните македонски сили, како што видовме се појавуваат и внатрешни превирања и струења во ВМРО на чело со Т. Александров. Во овие превирања во македонското движење се создава и Македонската федеративна револуционерна организација.

---

514 Ib

515 В „Македонско съзнание", бр. 1-2, 15 јануари 1925. Тука се мисли на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија

516 Гребенаров А, Легалните..., 104

517 ЦДА, ф. 135к, оп. 1, а.е. 92, л.3-4; Правителството на Стамболийски и македонското

## 3.2. Формирање на Македонската федеративна револуционерна организација и меѓусебна пресметка на федеративните и автономистичките чети

Во превирањата во македонското ослободително движење прегрупирањата најчесто се случувале според целите и задачите, идеолошките определби, но и според методите на делување и други заеднички интереси. Во македонското федеративно движење, покрај оние сили кои што се залагале и делувале исклучиво со легални средства за остварување на целите на истото и правеле напори да ја одржат неговата независност од бугарските политички фактори, имало и такви припадници на Федеративната оргаинизација, кои се приклонувале и кон револуционерниот, четничкиот начин на водење на борбата и се доближиле до некои владини структури во Бугарија и до група отцепени револуционери од автономистичката ВМРО предводена од Т. Александров. Овие прегрупирани револуционерни сили, кои не се согласувале со Тодор Александров и неговата организација, ќе бидат базата за основање на друга илегална револуционерна организација – федералстичка.

По возобновувањето на автономистичката ВМРО на Тодор Александров, од страна на одделни револуционерни сили во редовите на македонската емиграција, се јавиле отворени несогласувања и отпори на средствата и методите што почнала таа да ги применува. Спротивностите и идејните превирања во ВМРО нараснале по потпишувањето на „Тиранскиот протокол“ на 1 декември 1921 година во Тирана од страна на членот на ЦК на ВМРО Александар Протогеров со раководството на МЕФО на чело со д-р Филип Атанасов. Протоколот бил потпишан со желба за обединување на македонските револуционерни сили и за отпочнување на заедничка револуционерна дејност во Македонија, со устројување база во Албанија за Западна Македонија, слична на базата во Софија за Источна Македонија а со цел дејствување на ВМРО за „независност на целосна Македонија“.[518] Во април 1922 година Т. Александров го

[518] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 41, л. 1-2; Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната,..., Дел 2, д. 23, 265

одбил проектот и од тогаш се засилила недовербата и соперништвото со Ал. Протогеров.[519]

Со вооружениот начин на дејствување и нараснатиот авторитет на Тодор Александров не биле согласни и неговите стари приврзаници, војводите Стојан Мишев, Славе Иванов, Глигор Циклев, Дончо Ангелов и др. Некои од овие комитски војводи меѓу другото биле познати и по своите анархични, ограбувачки и безидејни акции веднаш по војната во вардарскиот дел на Македонија, а особено по тоа што биле ненавикнати на дисциплината и строгоста на пропишаните решенија во Уставот и Правилникот на Организацијата. Тие дејствувале како прикриена опозиција и се застапувале за свикување конгрес, на кој ќе се донесе нова програма и ќе се избере ново раководство на Организацијата.[520] Конфликтот меѓу овие две струи кулминирал во октомври 1921 година кога со убиството на Дончо Ангелов на 5 октомври 1921 година од страна на приврзениците на Тодор Александров се отцепила една поголема група комити на чело со војводите Славе Иванов, Стојан Мишев и Глигор Циклев. Всушност отцепената група од Организацијата на Тодор Александров немала своја појасна програма и идејна ориентација со која би излегла пред македонските револуционерни сили и македонскиот народ. Таа се обидела преку соработка и соединување со дел од МЕФО да добие извесна идејна ориентација.[521] Во борбата против Тодор Александров тие се приближиле до оној дел од членовите на раководството на Привремената комисија, односно на МЕФО кој се залагал и за нелегална четничка борба во Македонија: д-р Филип Атанасов, арх. Никола Јуруков и Крум Зографов.[522]

Отцепената група војводи од Т. Александров во октомври 1921 година и членовите на МЕФО, предводени од д-р Филип Атанасов и Никола Јуруков, кои се изјаснувале за водење на нелегална четничка борба во Македонија формирале нова илегална организација **Македонска федеративна револуционерна организација** (МФРО). Бил избран Централен револуционерен федеративен комитет во состав: Крум Зографов, Александар Панов, Григор Циклев, Велко Мандарчев, Заре Секулички и Лазар Тодоров Фертика и Задгранично претставништво во состав: д-р Филип Атансов,

[519] Златна книга, op. cit, 158; Сé за Македонија, ..., д. бр. 12, 65
[520] Ibidem, 158; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, ..., 66-67
[521] ЦДА, ф. 1932к, оп. 1, а.е. 351, л. 1-10
[522] БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ... д. бр. 224, 512-529; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38,... 66-67

арх. Никола Југуков, Славе Иванов и Стојан Мишев.[523] Кон МФРО се приклучила и група революционери блиски до Ѓорче Петров, кои по растурањето на Привременото претставништво се ориентирале кон БЗНС и владата на Александар Стамболиски и поголем дел од серските револуционери на чело со Тодор Паница[524], кои настојувале и понатаму да се спротивставаат на ВМРО на Тодор Александров. Претставници од сите гореспоменати групи по сè изгледа и покрај големите разлики во нивните погледи за начинот на организирањето на борбата против ВМРО на Тодор Александров и средствата и методите на борбата за ослободување на Македонија, успеале да се согласат да влезат во една федеративна револуционерна организација.[525]

Од страна на новоформираната МФРО бил изработен Проект-Устав на Македонската федративна револуционерна организација.[526] Според чл. 1 „Се создава во Македонија, Македонска федеративна организација со цел целиот македонски народ, мажи и жени, без разлика на вера и народност да се засили, здружи подготви ....и со оружена борба да се добие во Македонија слобода и независност врз федеративни начела со еднакви права за сите народности во нејзините географски и економски граници, која ќе влезе како рамноправен член во Балканската федрација". Член на оваа организација можел да биде секој Македонец, без разлика на вера и народност кој ја прифаќал борбата за ослободување и федеративната идеја. Федеративниот принцип е прифатен и во организационата поставеност. Целата територија на Македонија е поделена на пет области (вилаети[527]): Солун, Серес, Битола, Скопје и Петрич. На чело на организацијата стои централен федеративен совет во кој влегуваат сите околиски војводи. Оружената сила на организацијата се четите, а тие се формираат како обласни, реонски и во зависност од потребите, можностите и средствата. Таа треба да има по еден претставник во балканските земји и може да соработува со фактори, организации и партии на другите народи, само ако тоа одговара

[523] ДАРМ, Пописник I, бр 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 4-5; Василев, Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София 1991, 126; Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната,...Дел 2, д. 23, 267; Петреска Пачемска Д., ВМРО ..., 40

[524] Според Менче Крничева (атентаторката на Т. Паница, која се приклучила кон десното крило во ВМРО и го сметала за предавник), Паница по обвинувањето против него за нелегално стекнување на богатство во време на војната во Драмско, се спогодил со министерот од земјоделската влада Александар Димитров да се стави во услуга на власта, а за возврат да биде ослободен од обвинението. (Кърничева Менча, Защо убих Тодор Паница?, София 1993, 9). Всушност поврзаноста на Т. Паница и Александар Димитров е како припадници на серската група револуционери.; АСЦГ. Ф. 14, к. 29/225

[525] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 87; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38 ..., 66-67

[526] ЦДА, ф. 1932к, оп. 1, а.е. 351, л. 1-9

[527] Во овој проект устав по инерција сé употребува зборот вилает, бидејќи во ова време вилаети повеќе не постојат

на целите и задачите на истата и да не биде спротивно на Уставот и ослободувањето на Македонија. Според чл. 26 „Организацијата, за да издржува зема средства од каде што може и како ќе најде за сходно по решение на конгресот, но во никој случај со задолжувања, спротивни на Уставот и ослободителното дело“ и во забелешка стои дека „До свокување на конгресот Обласните федератвни совети сами се грижат за своето издржување, придржвајќи се на горниот член“. Уставот предвидувал и смртна казна за сите предвници, шпиони и дејци кои работат против организациајта. Пришан е изгледот на печатот на организацијата, кој е со округла форма и во средината е нацртана девојка со македонска носија, окована со вериги со надпис Македонски Федеративен Револуционерен комитет. Секој совет и војвода требало да има ист таков печат со свој надпис.[528] Ако се спореди овој Проект-Устав со Уставот на МЕФО се забележува само разликата во средствата и методите на борбата. Всушност федративниот принцип е прифатен и во погледите за внатрешното уредување на Македонија, односно во независна федеративна Македонија и во прифаќањето на Балканската федрација. Во тежнеењето да се дистанцираат од автономистичката ВМРО и дури и идејно да се разграничат од неа основачите на МФРО не ја прифатиле автономната идеја.

МФРО ја прифатила соработката со Земјоделската влада на премиерот Александар Стамболиски, која пак од своја страна настојувала да ја парализира комитската активност на Тодор Александров и на тој начин да ја ослабне опозицијата. Во недостиг на материјални средства, раководството на МФРО стапило во контакт и со дипломатските претставници на Кралството СХС во Софија. Притоа бил постигнат договор за: давање средства на МФРО за водење борба против автономистичката ВМРО и за давање амнестија за сторените дела за време на Првата светска војна.[529] Всушност оваа револуционерна организација со дејствувањето на нејзините вооружени чети им одговарала на владите на двете држави во нивната борба против дејствувањето на автономистичката ВМРО.

Бидејќи како метод на борба МФРО го прифатила нелегалниот четнички метод по своето формирање започнала да испраќа свои чети во Македонија. Во источниот дел

---

[528] ЦДА, ф. 1932к, оп. 1, а.е. 351, л.1-9; АИНИ, Посланство во Лондон, к. VII/15, бр. 13, инв. бр. 9314 – Устав македонске федеративне револуционарне организације

[529] АСЦГ, ф. 37, кут. 22, а.е. 174/334-339, Пројект за продужење борбу против тајне революционарне организације уперене против Југославије; ДАССИП, МС/ф-24, „Projekat za produženje borbe protiv tajne organizacije uperene protiv Jugoslavije“ , Beograd, septembar, 1937, 2-3. Цитирано според Златна книга, ... 159

на Македонија во тоа време биле присутни четите на автономистичката ВМРО. Но, МФРО ја сметала и Албанија за битна база за нејзиното делување, како што велат самите федерралисти „прво за да се ослободи од влијанието на политичките фактори во Бугарија, второ, за да го избегне обвинението, дека сé што се прави во Македонија е инспирирано од Софија, трето, за да организира постојани и силни револуционерни реони во Западна Македонија, која се наоѓа мошне далеку од базата во Бугарија, четврто за да оствари тесен контакт со револуционерните албански сили за заеднички дејствија. Со таа цел од ЦК на МФРО беше испратен со д-р Ф. Атанасов со 5-мина војводи од следниве револуционерни окрузи: Битолски р. округ - Павел Христов; Охридски - Ангел П. Василев; Ресенски – Крсто Љондев; Костурски – Христо Цветков; Скопски – Крум Зографов.“[530] Федералистите биле прифатени со симпатии од официјалните албански органи и од Косовскиот и од Чемерлискиот револуционерен комитет и започнале преговори за соработка. Сето тоа внимателно било следено од претставник на италијанската влада во Тирана. И со италијанска помош во Тирана пристигнал и Ал. Протогеров.[531] За смирување на двете македонски организации инсистирал албанскиот премиер Пандели Вангел, кој дури и им се заканувал со откажување на престојот на двете групации. По водените долги разговори „генералот Протогеров бил принуден“ да го потпише протоколот за соработка меѓу МФРО и ВМРО (од кој во април 1922 година Т. Александров се откажал). Овој обид на револуционерите-федералисти да влезат во Македонија не бил успешен (освен Англе Поп Василев, кој подоцна исто така се повлекол) и тие се вратиле назад во Бугарија.[532] Нареден таков обид за навлегување со федералистички чети во Македонија бил направен заедно со Сл. Иванов и Стојан Мишев. Биле подготвени неколку чети кои требало да преминат во вардарскиот дел на Македонија: Кратовско, Штипско, Малешевско, Струмичко за пресметка со автономистичките чети. Подготовката на овие чети била со знаење и подршка на земјоделските власти во Бугарија. При заминувањето на овие чети биле испратени до границата од околискиот началник на Ќустендил, кој им одржал говор за подршка во борбата против Тодор Александров. Со ова навлегување во вардарскиот дел на Македонија федратлистичките чети наишле на силен отпор од четите на ВМРО и од милицијата. Оваа засилена четничка активност

[530] Поповски Вл., Жила, Македонското прашање во Советската надворешна ..., к. II, 1-671, д. 20, 71-95
[531] Ibidem; Другата верзија за пристигнувањето на Протогеров во Тирана, според извори од ВМРО, е дека тој патувал со дел од овие федералисти со брод и тука ги започнале преговорите. (Поповски В. , Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната..., Дел 2, д. 23, 265)
[532] Поповски В., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната..., Дел 2, д. 23; Катарџиев И., Време на зреење, кн. I, Скопје 1977, 163-164

била забележана од дипломатските претставници во Кралството на СХС и скоро секојдневно присутна тема во весниците.[533] Во весниците се пишуваат жестоки напади против Бугарија, на која не само што и се препишува вината за настаните во Источна Македонија, туку исто така се тврди дека испратила емисари, кои и од таму ќе ја организаираат дејноста на четите.[534] Во австриски дипломатски извештај, од 14 март 1922 година од Белград, се известува за голема битка во подрачјето на Штип при што била разбиена една автономистичка чета.[535]

Во летото 1922 година федералистите навлегле повторно во вардарскиот дел на Македонија. Од нив во пролетта 1922 година најлошо поминала четата на Крум Зографов, која била разбиена кај с. Кошево, Штипско. Тука на 5 мај 1922 година загинал и војводата К. Зографов.[536] Една нивна чета се одмаздила за убиството на војводата К. Зографов со опожарување на селото Кошево.[537] Дел од федралистите заминале за Струмичко со цел да се пресметаат со автономистичкиот војвода Г. Вндев. Испратените федралисти во сите горенаведени случаи наидувале на голем отпор од автономистичките чети и започнале меѓусебно пресметување, од кое најголеми последици почувствувало македонското население во тие краеви. Поради зголемената дејност на федералистичките и автономистичките чети во Вардарска Македонија[538] во летото 1922 година ќе дојде до заострување на односите меѓу Кралството на СХС и Бугарија. Барањето за распуштање на четите било упатено до Бугарија, не само од Кралството на СХС, туку и од Грција и од Романија, што ќе доведе и до расправа по истото и во Друштвото на народите. Бугарскиот премиер Стамболиски прави постојани напори да ги одржи добрососедските односи со Кралството на СХС. Српските власти иако нашле документи кај војводата К. Зограгфов, сепак според извори од ВМРО

---

[533] ДАРМ, 1. 1396. 4. 5/ 10-11

[534] Ibidem.

[535] Ibid. Во извештајот се кажува дека битката завршила „со уништување на една голема чета" предводена од „убиецот на министерот Димитров" и тоа го смета за аргумент дека всушност владата, иако била обвинувана за вмешаност во комитиските акции, тоа не било баш така.

[536] Борис Й. Николов, Вътрешна македоно-одринска революционна организация, войводи и раковдители (1893-1934), Биографично-библиографски справочник, София, 2001, 61; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война..., д. бр. 224, 512-529; Поповски В., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната..., Дел 2,д. 23, 267

[537] Правителството на Стамболийски и македонското..., 15; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 191, 381; д. бр. 224, 512-529

[538] ДАРМ. 1. 1266. 9. 4/333, Големо кърваво сражение на Панчо Михайлов във Македония, Притурка на в-къ „Независима Македония"; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529

белградската влада не даде нота до владата во Софија, што зборува за подржаноста на федералистичките акции и од двете влади.[539]

Бугарската влада била постојано обвинувана за засилената појава на четничката активност. Овие обвинувања доаѓале особено од страна на Кралството на СХС за кое ова било отворена закана за нејзината и онака кревка власт во Вардарска Македонија. Бугарија за нормализирање на односите со Кралството на СХС била условувана со забрана на македонските емигрантски организации.[540] Во ова време членот на МЕФО д-р Филип Атанасов, којшто земал учество и во МФРО, ја демантира илегалната активност на МЕФО. „Весникот „Нойе Фрайе Пресе" го објавил следното негово писмо: „Во последно време се појавија гласови за бугарски чети во Македонија и одговорноста за тоа се натоварува врз бугарската влада. Според српските и грчките весници владите на Србија и Грција протестирале во Софија и заплашувале со „санкции" ако немирите продолжат во Македонија. Поради овие соопштенија тој изјавува, дека Македонската федеративна организација ниту во Бугарија, ниту во други држави, каде што има месни групи на организацијата – не вооружува чети и не го поттикнува населението во Македонија против српската и грчката власт. Бидејќи Македонската федеративна организација, по несреќната светска војна, која што му донесе неискажливи страдања на македонското население, не води четничка политика за обединување на распокинатите од договорите делови на нејзината татковина, туку си поставила за цел ослободувањето и независноста на Македонија да го постигне со легални средства, особено за извојување на осигуреното од договорите покровителство преку ДН."[541]

---

[539] Правителството на Стамболийски и македонското, op. cit., 15

[540] ДАРМ, 1. 1396. 4. 5/ 10-11. По ова прашање бугарскиот амбасадор во Белград Коста Тодорв изјавил дека „токму непопустливоста на Југославија за прашањето за разоружување им ја одзело на Бугарите секоја можност за надзор врз дејноста на комитите на границата". Тој сметал дека Кралството на СХС треба да види како може да го спроведе ова без подршка од спротивната страна. Тој тврдел дека неговите аргументи наидуваат на големо разбирање кај министерот за надворешни работи Момчило Нинчиќ и тој верува дека од страна на владата на Кралството на СХС и покрај најновите инциденти, може да констатира пријателско расположение. Затоа се надева дека Кралството на СХС конечно ќе се согласи со бугарската желба, толку многу неповолниот, а исто така за соседите опасен, систем на собирање доброволци да го замени со една мала војска – милиција. На ова австрискиот дипломат од Белград ќе забележи: „Дали ова, во што верува господинот Тодоров, ќе биде вистинска мерка против граничните конфликти и дејставата на четите, останува да се види подоцна". (ДАРМ, 1. 1396. 4. 5/ 10-11). Немирите предизвикани од четите во Македонија, и покрај строгиот граничен надзор од бугарска страна, не престанувале. Според бугарската страна тоа асоцира дека четите се создаваат внатре во Македонија иако тоа жестоко се оспорува од српска страна. Во овој случај бугарската влада повеќепати укажува дека таа од нејзина страна прави сè што е можно за обезбедување на границата, но дека ова прашање не може да се реши без гаранција за вистинска заштита на малцинствата (Бугарија во таа смисла македонсокото малцинско прашање го третира како бугарско М.Н.) (ДАРМ, 1. 1396. 6. 3/7-12)

[541] В. „Автономна Македония", бр. 67, 21 април 1922, 1-2

Авотномистичката ВМРО во лицето на овие федералисти од Македонската МФРО гледала силен противник. Затоа таа употребила разни мерки и средства да ги елиминира и да го оневозможи нивното дејствување не само во вардарскиот туку и во пиринскиот дел на Македонија, во Петричкиот округ, и на територијата на Бугарија. Од друга страна пак, федралистите во таа негова активноста ја гледале неговата цел „да се компромитираат бугарските власти“.[542]

Првата поголема вооружена пресметка помеѓу автономистичките и федералистичките чети се случила во пиринскиот дел на Македонија, односно во Петричкиот округ, во градот Неврокоп. За состојбите во Петричкиот округ во почетокот на 1922 година кажува еден извештај на околискиот началник. Неговите прилично објективни согледувања укажуваат на некои слабости на власта. Како пример го зема окружниот управник Б. Козлев, кој станал жртва на своите амбиции (бил убен). Тој покажувал прилично самоволија во корист на своите лични интереси и збогатување. Околискиот управник сугерира сите чиновници на власта да бидат одбрани чесни граѓани, способни и опитни, кои ги познаваат болките и потребите на народот. Тој смета, дека треба да се сменат сите офицери по границата со офицери од „стара Бугарија“, лојални на владата, бидејќи „досегашните под форма на воена лига и политички убедувања им даваат прибежиште на четите и сакаат по секоја цена да ја компромитираат владата. Дури ако е возможно да бидат сменети и фелдфебелите и на нивно место да бидат испратени шопи од Софиско и Радомирско. Воопшто да се гледа секој кој што се испраќа овде да биде бугарин од стара Бугарија.“ Потоа се бара да се засили стражата и да се испрати овде еден ескадрон кавалерија, со што ќе се подигне духот и вербата на народот во власта, за која сега смета дека е немоќна и слаба. Сегашната стража била повеќе од месни луѓе, кои се во врска со четата на ВМРО. Окружниот управник ја искажува својата недоверба во стражата, која има минато и врски со луѓето на четата (на Алеко Василев). Дури и нивниот народен претставник Димитар Илиев имал врски со четата (во четата бил неговиот баџанак). Тој ја поврзува четата со Демократската партија на А. Љапчев и смета, дека нејзина цел е убивањето на попрвите луѓе од власта. До сега, во тек на неколку месеци, биле убиени од четниците окружниот управник, околискиот началник и претседателите на две селски дружби, како и македонскиот революционер Панајот Карамфилович од Варна. На

---

542 Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна,..., к. II, 1-671, д. 20, 71-95. Се споменува и сума од 870 000 лева која Т. Александров ја добил од блокот на партии за борба против владата на Стамболиски.

крајот окружниот управник предупредува на предпазливост од луѓе кои работат во министерствата, а се блиски до Т. Александров.[543] Во октомври 1922 година ЦК на ВМФРО се обраќа до бугарското општество, дека „тоа е должно да ги проучува основните тежненија на Македонскиот народ и дека не треба пристрасно да завзема страна во неговата ослободителна борба, зашто секое неумесно вмешување во македонското револуционерно движење може да биде катастрофално за судбината на еден измачен, но велик по душа и дела народ достоен за слобода и самостоен живот“.[544]

Целта на акцијата на ВМРО во Неврокоп била да се уништат федералистичките сили на чело со Тодор Паница.[545] На 16 октомври 1922 година Александар Василев (Алеко Паша) и Георги Атанасов превзеле казнена експедиција во Неврокоп[546] под изговор дека властите во овој град не се покоруваат на барањата на ВМРО и дека во градот се наоѓала поголема група македонски федералисти на чело со Тодор Паница, кои ја уживале подршката на локалната власт на Земјоделската влада на А. Стамболиски. Групата федралисти се засолнила во зградата на градската управа. Припадници на воениот гарнизон во тој момент се наоѓале надвор од градот и не се вмешале во овој конфликт на страната на легитимната власт во градот. Четниците и милицијата на ВМРО ги растуриле локалните клубови на БЗНС и БКП. Групата федралисти на чело со Тодор Паница не можеле повеќе да го користат Неврокоп како свое засолниште и слободно да се движат во градот. Во името на ВМРО, ополномоштениот од ЦК на ВМРО предводник на Округот, Алеко Василев се обратил до пограничниот капетан во Неврокоп Печев со молба да го превземе управувањето на градот и околијата до пристигнувањето на командирот мајор Никифоров. Образложувајќи дека за да не се зголеми бројот на невините жртви и „да се запре пролевањето на братска крв поради 15-20 разбојници, претставници на државната власт во градот и нивните наемници“[547] неопходно е претставниците на ВМРО да се оддалечат од градот. ВМРО условувала „доколку не престанат разбојништвата и зулумите“ во околијата повторно ќе превземе казнувачки акции без оглед на жртвите во крв и материјани средства. Со извинување лично до пограничниот командир мајор

[543] ЦДА, ф. 1909к, оп. 2, а.е. 490, л. 12-13
[544] ЦДА, ф. 1932к, оп. 3, а.е. 270, л. 5
[545] Кърничева Менча, Защо убих Тодор Паница?, София 1993, 9; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, op. cit., д. бр. 224, 512-529
[546] ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40.
[547] ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 53, л. 1.

Печев за несаканиот инцидент со него, ВМРО ја искажува својата наклоност кон бугарското офицерство, но се вознемирува од обидите дел од офицерството да биде искористено во борбата на владата против ВМРО.[548] Така, со надвладувањето на силите на ВМРО, во Неврокоп бил назначен воен командант како управник на градот кој работел во согласност со оваа организација. Тоа не било удар само врз споменатите федералисти, туку голем удар и за владата на БЗНС.[549] После оваа пресметка од средината на октомври 1922 година, дел од федералистичките четници преминале на грчка територија, а една група преминала на југословенска територија.

Втора поголема пресметка, по Неврокопските настани, на автономистички и федералистички сили се случила во Ќустендил на 4 декември 1922 година.[550] Во Ќустендил се востановило едно значајно федралистичко бојно јадро од околу 85 луѓе – Мите Стојанов – Суџукаро, Сандо Пеливанот, Ване Арсов, Мите Секулички, Сандо Грдовски, Дане Црнилешки, Пане Вошката, Гиго Соколарски, Стојчо Чочков и др. раководени од Григор Циклев и Јане Велинов.[551] Федералистите, толерирани од властите на БЗНС, се занимавале со грабежи (на власи, евреи, и други побогати граѓани) и трговија на црно преку бугарско-српската граница. Тие извршиле и неколку убиства на луѓе блиски до опозицијата, до бившото офицерство и до автономистичката ВМРО.[552] Федералистите собирале и данок од името на МФРО.[553] Од нивна страна е убиен и пунктовиот началник на ВМРО во Ќустендил В. Алајков, што предизвикало големо вознемирување и потреба за одмазда. ВМРО безуспешно се обидела да издејствува казни за федралистите кои слободно вршеле грабежи и убиства, за што доставувала и докази пред судските и другите органи на власта за пљачкашката група на Григор Циклев и другите нивни дела, но никој од убијците и другите престапници не бил фатен и казнет од власта. Тоа предизвикало убедување кај граѓанството на Ќустендил, дека тие убиства и грабежи се случуваат под протекцијата на некои лица од административната власт и тоа е единственото објаснување за нивното неказнување за сторените кривични дела.[554] Во врска со ова се одржале редица средби помеѓу

[548] Ibidem. 1

[549] И самиот министер за внатрешни работи Рајко Даскалов, кој допатувал во овој крај за да ги испита случаите, морал да ја признае оваа состојба – што е своевиден доказ дека владата се чувствувала немоќна да ја промени состојбата. (ДАРМ, 1. 1396. 3. 9/37-40)

[550] ДАРМ, 1. 1396. 3. 12/47-49

[551] Василев Ат. Васил, Правителството, op. cit ., 198

[552] ЦДА, Ф 1909к, оп.2, а.е. 490, л. 18; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, op. cit., д. бр. 224, 512-529

[553] Правителството на Стамболийски, op. cit., 70; ЦДА, Ф 1909к, оп.2, а.е. 490, л. 18

[554] ЦДА, Ф 1909к, оп.2, а.е. 490, л. 18, 19

Окружниот управник Цонев и претставникот на ВМРО Панчо Михајлов. Но, овие средби останале без никаков резултат.

Таквата состојба ја принудила ВМРО да превземе акција за превземање на градот. Ќустендил, како пограничен бугарски град, бил значаен пунктов центар за македонското револуционерно ослободително движење уште пред Илинденското востание. Тоа било уште една причина за оваа акција на ВМРО.[555] Околу 1000 четнци[556] на ВМРО ја извеле акцијата против федралистите во Ќустендил. Панчо Михајлов, кој се наоѓал на чело на четите на ВМРО, одржал говор пред граѓаните на Ќустендил и ја повикал власта да ги запре дејствата на федералистите и да не им дава подршка.[557] Во својот говор Панчо Михајлов зборувал за намерите на ВМРО по воспоставувањето на целосна контрола во градот. Според него ВМРО немала за цел да ја сруши бугарската власт. При тоа се повикал и на статутот на ВМРО во кој е отфрлено „мешање во внатрешните работи на Бугарија“.[558] Главна причина за оваа акција било да се казнат македонските федералисти на чело со Г. Циклев, кои имале извршено убиства врз членови на ВМРО и според неговите тврдења, непречено од бугарската власт се движеле и живееле во овој град. Преку овој говор на Панчо Михајлов ВМРО побарала апсење на членовите на федералистичката организација во сите бугарски градови, целосна неутралност на бугарската власт „кон нашите расправии“ (македонските, М.Н.) и назначување на „чесна администрација“ во населените места во Пиринска Македонија. Во ова обраќање П. Михајлов ја обвинува владата за потпомагање на федералистите и за ориентираноста на нејзината политика кон Белград. ВМРО бара од бугарскиот премиер да ги корегира своите постапки „зошто тој не е сопственик на Македонија, за да ја подарува.“[559]

Од страна пак на МФРО во обраќањето на нејзината оружена стража до македонскиот народ се повикува на симнување на маската на „лажеавтономистите“ (се мисли на автономистичката ВМРО М.Н.) и водење на борбата до целосна победа над сите оние кои му пречат да го реализира својот свет идеал, да ја види еден ден

---

[555] Сѐ за Македонија, ..., д. бр. 33, 121-123; Според Танасије Диниќ со оваа акција требало да се постигнат две цели: да се уништат федералистите и да се изврши пробен преврат. (АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, ..., 70-71)

[556] Околу бројот на четниците на ВМРО во ова акција има повеќе различни податоци, види: Василев Ат.Васил, Правителството..., 201-202

[557] ДАРМ, 1. 1396. 6. 6/23-27

[558] Речта на войводата Панчо Михайлов в Кюстендил – Защо дойдохме?, София 1999, 3

[559]Ibidem, 4-5; Од страна на ВМРО се слушале закани и кон премиерот, но и кон некои министри во владата (ДАРМ, 1. 1396. 6. 6/23-27)

Македонија ослободена и осамостоена во една независна Федеративна држава.[560] Во взаемните напаѓања и обвинувања автономстите биле нарекувани „синови изроди, спроводници на туѓи интереси“. Во ова обраќање МФРО на некој начин се обидува да се поистовети со МЕФО констатирајќи дека македонскиот народ „се обединил во една единствена организација под назив: ВМФР организација во Македонија и Федративна организација на македонската емиграција надвор од Македонија“.[561] Нарекувајќи ги припадниците на ВМРО „лажеавтономисти“ МФРО објаснува дека вистинските автономисти се залагале за автономија на Македонија пред Парискаta мировна конференција и истите „по испраќањето на својот делегат на Парисакта конференција, тајно ја основале МФРО со последователен избор и на нејзин ЦК“. На овој комитет тие му ги препишуваат сите движења во Источна и Југозападна Македонија, мемоарите и направените постапки пред Парискaта конференција за автономијата на Македонија од солунските евреи и од Привременото претставништво, потоа величествените митинзи во Костур, Лерин и во други места, кои го воодушевиле целото население во време кога Т. Александров и другите околу него поднесуваа мемоари за присоединување и ги заплашуваа македонските емигранти кои ќе го употребат зборот автономија, а денес тие се автономисти. Како прва жртва на оваа борба се споменува Ѓорче Петров, а потоа ред други федералисти.[562]

Бугарската влада во Софија ја сватила сериозноста на ситуацијата и се исплашила од можноста вооружените сили на ВМРО да тргнат кон престолнината Очигледно врз основа на вестите за престојниот очекуван „македонски удар“, за чие потикнување ги смета за одговорни граѓанските опозициски партии, владата се погрижи да ги префрли затворените министри од кабинетот на Иван Гешов, Михаил Данев и Александар Малинов, од софискиот затвор во оној во Шумен. Постоечките незначителни владини воени сили беа упатени кон Ќустендил и железничкиот и другиот сообраќај во таа насока беше сопрен.[563] За да се спречи внатрешна криза во државата министерот на војската Коста Томов дошол во Ќустендил да преговара со ВМРО.[564] Во разговорот со Панчо Михајлов на министерот му биле поставени три услови од страната на ВМРО: 1. Владата во рок од 15 дена да ги фати и да ги предаде на ВМРО разбојниците кои вршеле грабежи во Македонија, 2. Во иднина во Ќустендил

---

560 ЦДА, ф. 396к, оп. 2, а.е. 53, л. 1
561 Ibidem
562 Ibid.
563 ДАРМ, 1. 1396. 3. 12./47-49; ДАРМ, 1. 1396. 6. 6/23-27
564 ДАРМ, 1. 1396. 6. 6/23-27

да се поствуваат службеници кои не се пројавиле со своите дејства против ВМРО и 3. Покрај границата и во Софија да не се дозволи престој на разбојници, шверцери и други кои би и пречеле на дејноста на ВМРО. Поставените услови биле прифатени од министерот Коста Томов и пренесени пред владата и Народното собрание. Според Тајниот циркулар до раководителите на окрузите и до околиските војводи во Македонија од 7 декември 1922 г. ВМРО „ги фатила следните разбојници и јатаци. Јаким „кметот" од Куманово (српски шпион), Зашо Мишов од Кочани, Мијалко од Џидилово, Тасе Темов од Штип, Стојменко Илиев, Ангел Циганот и Ангел Стоевецот од с. Цера, царевоселско и уште 15-20 души слични на нив. На тој начин се исчисти ова разбојничко гнездо за да не и пречи во иднина на Организацијата."[565] На 25 декември 1922 година Т. Алексадров (тој се наоѓал во вардарскиот дел на Македонија) од името на ЦК на ВМРО упатил Писмо до ќустендилските граѓани со благодарност за нивното коректно држење и соработка за време на акцијата. Тој изразува благодарност и на воените и административните власти за тоа што не биле предизвикани крвопролевања и на сите општественици, новинари и писатели кои дале „објективно дале правилна проценка" на ќустендилската акција.[566] Овој настан предизвикал реакција и во Народното собрание. Министерот за внатрешни работи Рајко Даскалов од собраниската говорница ја обвинил опозицијата дека нејзината главна цел е да ја собори владата и дека Ќустендил е во рацете на опозицијата, односно на ВМРО, со што и е објавено војна на владата, а владата пак, ја прифаќа истата.[567] На 6 декември владата на А. Стамболиски вовела воена состојба во Ќустендилскиот округ. Федералистите биле принудени да го напуштат градот и да се преселат претежно во Софија и Пловдив.[568]

Со ликвидирање на неврокопската и ќустендилската база на федералистите, тие биле потиснати од граничните реони и префрлувањето на нивните луѓе преку бугарско-српската и бугарско-грчката граница станувало скоро невозможно.

Акциите во Неврокоп и Ќустендил оставиле катастрофални последици врз авторитетот на земјоделската влада на Стамболиски. Тие говорат за организираноста

---

[565] Сè за Македонија, ..., д. бр. 31, 115-117

[566] Ibidem 123

[567] Ивановски Орде - Тодоровски Зоран, Македонското прашање во бугарскиот парламент 1918-1941, Скопје 2008, 86-88; ДАРМ, 1. 1396. 6. 6/23-27;

[568] Сè за Македонија, ...,д. бр. 31, 115-117, д. бр. 33, 121-123.

на опозицијата и слабоста на режимот.[569] Во текот на 1922 и 1923 година конфликтот помеѓу ВМРО и БЗНС продолжува да се изострува и се претвора во еден од внатрешните проблеми на земјоделската влада. Дрските акции на автономистичката организација и го подриваат нејзиниот престиж, и покрај тоа што и ги одвлекуваат вниманието и силите, го окуражуваат авторитетот на Девети јуни.[570] Всушност во пролетта 1923 година односите помеѓу ВМРО и владеачките кругови во Бугарија уште повеќе се влошуваат. Владата на Александар Стамболиски, со својата и внатрешна и надворешна политика, била една од најголемите противници на нејзиното четничко движење. Александар Стамболиски продолжувајќи со својата надворешна политика на мир и добрососедски односи со балканските држави, особено настојувал и се ангажирал за зближување со Кралството СХС и за ставање крај на крвавите борби меѓу двата балкански народа. Конфликтот меѓу автономистичката ВМРО и владата на А. Стамболиски особено се заострил по потпишувањето на Нишката спогодба од март 1923 година.[571] Оваа спогодба е склучена помеѓу владите на Бугарија и Кралството СХС за заедничко настапување за излез на море и за оневозможување на преминување на четите на ВМРО во вардарскиот дел на Македонија.[572] По објавувањето на Нишката спогодба ВМРО се заканувала дека ако продолжи ваквата политика на владата на Стамболиски ќе го оддели Петричкиот округ од Бугарија, ќе го прогласи автономен и истиот ќе стане јадро за создавање на независна Македонија.[573] Група федералисти, потпомогнати од владата, се обиделе да ја превземат помошната организација (ВМРО) во Петричко. По судирот со четите на ВМРО кај с. Сатовча, Неврокопско дел од федералистите преминале на грчка територија, а други се вратиле во внатрешноста на Бугарија. Група федралисти на чело со Стојан Мишев и Глигор Циклев се обратиле до

[569] Катарџиев Иван, Време на зреење, ... I, 170; Дино Ќосев овие акции на ВМРО од крајот на 1922 и пролета на 1923 година ги гледа со двојно значење. Прво како реакција против извесни мерки на владата, против старите буржоаски партии, кои ја засегнувале и самата ВМРО на Т. Александров, и како реакција против преговорите на бугарската влада со Кралството на СХС, шти исто така не одговарало на оваа организација. Овие напади биле „истовремено и мала репетиција на подготвуваниот преврат против владата на Стамболиски. Тие требало да ја прдизвикаат земјоделската влада да ги покаже своите сили и намери во случај на преврат“. (Кьосев Г. Дино, История на македонското национално революционно движение, София 1954, 519-520)

[570] Добринов Дечо, ВМРО (обединета), София 1993, 13

[571] ДАРМ, ф. Поединечни документи, к1/3, ЦК на ВМРО

[572] Георгиев Величко, Протоколите от заседанията на смесената българско-сърбо—хрватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923, Известия на Държавните архиви, 67, София 1994

[573] Сѐ за Македонија, ..., д. бр. 50, 187-189

грчката влада со молба да бидат префрлени во Штипско. Тоа барање им е удоволено и тие преминале на служба кон Кралството СХС.[574]

Освен овие поголеми оружени пресметувања, ВМРО организирала и поединечни атентати на припадници на Федеративната револуционерна организација, а и на членови на БЗНС блиски соработници на А. Стамболиски.

Меѓу првите жртви бил министерот за внатрешни работи Александар Димитров убиен во октомври 1921 година. А. Димитров во минатото бил привrзаник на санданистите, а по војната продолжил да соработува со Ѓорче Петров и групата револуционери околу него. Токму поради тоа а особено поради подршката на федералистите против ВМРО на Т. Александров и А. Протогеров последните после предупредувањата[575] го убиле.[576] Исто така биле испратен и предупредувања и до А. Стамболиски да престане да ги подржува федералсиститe.[577] На 15 декември 1922 година по настаните во Ќустендил терористите на ВМРО извршиле неуспешен атентат врз министерот за внатрешни работи Рајко Даскалов.[578] По потпишувањето на Нишката спогодба ВМРО го предупредила и отворено му се заканила на претседателот на владата Ал. Стамболиски и неговите министри, дека сносат одговорност кон Бугарија и дека за тоа ќе платат со своите глави.[579] Овие закани подоцна се претвориле во реалност.

Споменатите вооружени пресметувања на автономистичките и федералстичките чети во Бугарија и постојаниот притисок што бил вршен и понатаму, биле една од основните причини еден дел од федералистите на чело со Стојан Мишев и Глигор Циклев да преминат на територијата на Кралството СХС, односно во вардарскиот дел на Македонија и таму да се стават на услуга на великосрпскиот режим за борба против Тодор Александров. Тоа било можно затоа што според Славе Иванов тие уште од

---

[574] Гребенаров А., Легалните..., 132; АСЦГ,ф. 14, к. 29/255
[575] БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529; Сè за Македонија, ..., д. бр. 16, 475-479
[576] ДА Ќустендил, Спомени 645, л.1.; ВМРО го сметала министерот Александар Димитров поопасен за нив и од самиот премиер Ал. Стамболиски, и при донесувањето на решението за нивните убиства на барањето на Тодор Александров прво да биде убиен А. Стамболиски се спротивставил А. Љапчев со зборовите „Застани Тодоре грешка ќе направиме. Лесно ќе го убиеме Стамболиски, но тој со брадата дете во мајка ќе расплаче. Александар Димитров заради Стамболиски ќе не исколе сите до еден.( Сè за Македонија ..., д. бр. 23, 492-493)
[577] Пачемска Петреска Д., Федеративната идеја..., 89-90; Сè за Македонија, ... д. бр. 53, 195-197
[578] Петреска Пачемска Даринка, ВМРО ..., 47; Кьосев Г. Д., История..., 519
[579] ДАРМ, ф. Поединечни документи, к1/3, ЦК на ВМРО; Сé за Македонија..., д. 41, 163-165

порано добиле согласност за тоа од југословенските државни фактори.[580] Истите федралисти сега станале отворени соработници на великосрпските власти во Штипско, Кочанско, Кратовско, Малешевско и во други места.[581]

Сите преземени мерки од страна на српскиот режим во вардарскиот дел на Македонија за откривање и оневозможување на дејствувањето на четите на автономистичката ВМРО (проследување, заплашување и тероризирање на месното население, особено на оние кои и давале подршка на организационата мрежа и активност на ВМРО, оние кои во време на Првата светска војна учествувале на страната на бугарската армија; формирање на полициски и жандармериски подвижни (летечки) чети, подвижни (летечки) воени водови) не биле доволни за борба против четите на ВМРО. На 9 септември 1923 година, по иницијатива на Министерот за внатрешни работи Жика Лазиќ, во Брегалничката област било формирано и посебно режимски здружение на контрачетници под име „Здружение против бугарските бандити", на чело со штипскиот трговец Мијалче Каламатија, а со сестрана помош и покровителство на жупанот на Брегалничката област Добрица Матковиќ.[582] Контрачетите на ова здружение броеле околу 20 000 луѓе под команда на познати српски четници и на федералисти (поранешни војводи во ВМРО, како што бил Стојан Мишев, Славе Иванов, Мино Станков, и др.) што ја прифатиле платената служба од српските власти. Главна задача на ова здружение била да ги оневозможува и сузбива комитските акции во Вардарска Македонија. Често пати под изговор дека ги бараат четите и јатаците на автономистичката ВМРО, тие ги тероризирале македонските народни маси во овој дел на Македонија. Тоа биле принудени да го признаваат и за него да зборуваат и пратениците на опозицијата во Народната скупштина.[583]

*„Здружението против бугарските бандити" имало за цел да се бори не само* против четите на ВМРО туку и против секоја појава на македонска национално-политичка мисла. Во сите околии на областа биле формирани управни одбори на Здружението и околиски контрачети. Во нив биле собрани поранешни српски четници, истерани од служба, српски чиновници, разни комити кои порано се движеле во

---

[580] АСЦГ, ф. 37, к. 22, а.е. 174/334-339

[581] ДАРМ, 1. 1266. 9. 50/577-580

[582] Апостолов Александар, Злетовска област. Географско историски осврт, Скопје 1974, 544-581; Споменица прославе двадесетогодишњице брегалничке битке и десетогодишњицење оснивања народне одбране, Штип 1933, 31;

[583] Стенографске белешке Народне Скупштине Краљевине СХС, Београд 1923, свеска II, 1473. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об)..., 78

разбојнички групи, и поранешни комити и војводи кои се одделиле од автономистичката ВМРО. Меѓутоа поради таа отворена соработка со властите, нивното влијание врз масите не се чувствува, тие го изгубиле авторитетот како федералисти.[584] Типичен пример за една вакна чета е четата на војводата Илија Пандурски,[585] која дејствувала во Малешевијата. Таа била една од најголемите, но и најнеодговорните со репресалиите врз месното насление вооружени контрачети. За оваа контрачета дури и српските воени и полициски власти давале најлоша оценка и мислење дека режимот мора да превземе нешто против неа, инаку имало опасност сосема да ја изгуби контролата на ситуацијата во Малешевско.[586] Во дејствувањето на овие контрачети било искористувано познавањето на четниците од македонско потекло на организационите врски, пунктовите, телата и членовите на ВМРО на територијата на нивното дејствување, и биле организирани мешани потери заедно со српските воени и жандармериски сили.

Според составот на федративните сили, нивната поранешна улога во движењето, ги имало од крајната левица до најблиски соработници на Т. Александров, нивните непостојани идејни и политички убедувања и со карактеристични стремежи, не давале гаранција за една поцврста организациона поставеност на Македонската федеративна револуционерна организација, врз основа на проект уставот. Од друга страна врските со владеачките фактори со двете држави т.е. со владите на Кралството СХС и Бугарија само по себе сведочат за тоа колку можела да води една самостојна револуционерна борба за извојување слобода и независност на Македонија во рамките на Балканската федрација.

Од тука произлегува заклучокот дека тие повеќе формално, отколку принципиелно ја поставиле споменатата цел. Главна и основна била борбата против Тодор Александров, кое им одговарало и на споменатите влади. Од таму нивниот назив

---

[584] Пачемска Д. ВМРО (об)..., 79

[585] Илија Пандурски бил роден во с. Дебочица, Горноџумајско, во пиринскиот дел на Македонија. Откако се одделил од ВМРО, во 1922 година како федералистсе префрлил во Малешевско со цел да се бори со четите на ВМРО автономисатичка. Меѓутоа, повеќе вршел грабежи, па дури и звржил и убиства во Малешевско.Во 1923 година се предал на српсаките власти во Берово и по одобрение на великиот жупан во Штип, бил прифатен во српска салужба. Така станал војвода на српска контрачета во Малешевијата. Бил убие 1925 година од четник на ВМРО.

[586] Пачемска Петреска Даринка, Малешевијата низ историјата,...128-129; К. Палешутски, Македонското... (1918-1924),...98-102, 141; Тюлеков Д., Обречено, ..., 33

„федралисти“ повеќе означува противници на „автономистите“ одошто само вистински приврзаници на федеративната идеја и Балканската федерација.[587]

[587] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја ..., 90-91; Меѓу другите извори кои го потврдуваат ова се и Мемоарите на Димитар Влахов, каде за поврзаноста на д-р Филип Атанасов и Тодор Паница се гледа само преку заедничкиот нивни интерес како противници на Тодор Александров (Влахов Д., Мемоари, ..., 205)

# Глава четврта

# ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ ПОМЕЃУ МАКЕДОНСКАТА ЕМИГРАНТСКА ФЕДЕРАТИВНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВРШНИОТ КОМИТЕТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ЕМИГРАНСТКИ БРАТСТВА ВО БУГАРИЈА ВО 1923 ГОДИНА

## 4.1. Заострување на односите меѓу ВМРО автономистичка и МЕФО

Со појавата на МЕФО осетно се намалило влијанието на Извршниот комитет сред македонската емиграција и бегалците во Бугарија, а тоа не можела да го толерира ВМРО која целосно го поддржувала Извршниот комитет. Иако уште по одвојувањето на опозицијата во легалното македонско движење и формирањето на Привремената комисија започнале преговори за помирување и обединување на истата со Извршниот комитет, тоа одело многу тешко. Секое доближување водело до повторни недоразбирања, што повлијаело и на односите на ВМРО автономистичка со МЕФО. МЕФО ја оценувала борбата на ВМРО за културно-национални права на „Бугарите" како борба за обединување на Македонија со Бугарија, ја критикувала, а членовите на ВМРО ги нарекувала „лажни автономисти".[588] Обидот да се постигне соработка на ВМРО со МЕФО со потпишување на „Тиранскиот протокол" во декември 1921 година од Александар Протогеров и д-р Филип Атанасов завршил со неприфаќање на истиот. И покрај расположението за реализација на спогодбата од Тирана и заложбите во почетокот на 1922 година за обединување на македонската емиграција,[589] во април 1922 година Тодор Александров одбива да го прифати овој протокол за соработка.[590]

Овие односи се влошиле и со формирањето на нелегалната МФРО кон крајот на 1921 и почетокот на 1922 година. Тоа особено доаѓа до израз по интензивирањето на вооружените пресметки помеѓу четите на автономистичката ВМРО и на МФРО, кои се декларирале како федралисти и биле подржувани од владите на Бугарија и на Кралството на СХС. Георги Занков, кој во ова време на распламтена расправа во

[588] Петреска Пачемска Д., ВМРО 1918-1924..., 39
[589] Ивановъ Славе, Тодоръ..., 38-39; Прличев Кирил, op. cit., 425-426.
[590] Сé за Македонија, ..., д. бр. 15, 851

редовите на македонското движење во Бугарија, бил претседател на Илинденската организација, активноста на МФРО ја смета за повод за влошувањето на односите меѓу МЕФО и ВМРО. Во својот осврт на овие настани објавен во Македонско дело на 25 март 1927 година под наслов „Мојот збор“ тој вели дека појавата на отцепените од ВМРО четници и нивниот Федеративен револуционерен македонски комитет предизвикале извесна збрка во македонската емиграција во Бугарија и се појавиле резерви и кон легалната Федеративна емигрантска организација.[591] Појавата на МФРО и вооружените пресметки меѓу нејзините и четите на ВМРО во 1922 година, и од страна на Тодор Александров се гледа како една од причините за згаснувањето на работата на МЕФО, за која смета дека „и се стави крај на обединувачкиот конгрес на македонските емигрантски организации, одржан во Софија, на 28-31 јануари 1923 година„. За соработката на нелегалната Македонска федеративна револуционерна организација со бугарската влада, ВМРО, особено ги обвинува членовите на легалната МЕФО арх. Никола Јуруков и д-р Филип Атанасов, со кои и во 1923 година тесно поврзаните со нив нелегални федералисти „ги продолжиле своите злосторнички акции со уште поцелосна соработка на владата на Стамболиски во Бугарија“, сега веќе облечени и во официјална бугарска државна униформа.[592]

Во недоразбирањата помеѓу ВМРО и федералистите од страна на Илинденската организација е направен обид за посредување за помирување со упатувањето на двајцата нејзини претставници Арсениј Јовков и Климент Крстев, во средината на октомври 1922 година, кон Г. Џумаја со цел да се сретнат со Т. Александров и да ја омекнат заострената ситуација со федралистите. Овој и слични такви обиди останале без резултатни и федералистите биле принудени да отстапат.

ВМРО автономистичка, покрај вооружената борба што ја води со федералистичките чети, кон крајот на 1922 и почетокот на 1923 година води и жестока медиумска борба со легалната МЕФО на страниците на весниците Илинден и Автономна Македонија. МЕФО негодува против убиствата на припадници на МФРО или луѓе блиски до нив од страна на автономистичката ВМРО констатирајќи дека „*нема подобар сојузник на непријателите на нашата татковина* од вземното преследување и истребување“ (подвлеченото е во оригиналот М.Н.). Таквиот начин на

[591] Петреска Пачемска Д., Федративната идеја..., 95
[592] Сé за Македонија. ..., док. бр. 84, 265-275; д. бр. 117, 365

меѓусебна пресметка МЕФО го карактеризира и како лекомисленост.[593] Убиството на Михаил Радев Странџата, во септември 1922 година, послужило како повод и Друштвото „Илинден“ да упати апел да се престане со братоубиствените акции. Арсенија Јовков, во својата статија „Доста крвој!“, објаснува дека прибегнувањето кон меѓусебно самоуништување значи немоќ на идејните основи на двете струи во движењето.[594]

Весникот „Илинден“ публикувал обвинување, потпишано од Тодор Александров, до МЕФО поради тоа што и дала на Македонската федеративна револуционерна организација „своето име, содејство и план за уништување на ВМРО“.[595] Како реакција и порекнување на вистинитоста на ова обвинување весникот „Автономна Македонија“, објавил Декларација на Централниот федративен комитет. Овој чин на лидерот на ВМРО се окарактеризирува како „отсуство на високоморални вредности и достоинство“[596]. Управното тело на МЕФО порекнува дека е орудие на владата и потенцира, дека таа во своите редови нема да трпи ниту за момент членови кои со своите дејства го подриваат нејзиниот престиж и авторитет на строго легална организација, и постануваат причина за отпочнување на погубните, за правилниот развој на македонското ослободително дело, братоубиства и самоистребувања, коишто МЕФО решително и безрезервно ги осудува, без разлика од каде потекнуваат и за какави цели служат. Што се однесува до „фактите“ со кои ВМРО ја обвинува МЕФО, кои се однесуваат на дејноста на членовите на МФРО (поранешните другари и соборци на Т. Александров) МЕФО не се смета за одговорна и нема да зазема страна во нивните меѓусебни и лични расправии водени по „криминален и неленгален пат“[597]. Во оваа полемика се вклучил и весникот „Македонија“ кој застанал на страната на весникот „Илинден“ и ВМРО. Како доказ на своите декларации МЕФО објавува дека го исклучува од своите редови, еден од своите најпознати водачи, арх. Н. Јуруков, поради неговите врски со владините органи и неговата замешаност во дејствијата против ВМРО. На произволот на судбината се оставени и други дејци на легалната Федеративна организација, обвинети за слични погрешки, како Сл. Ковачев, Кл. Размов и др.[598] Членот на Федеративниот комитет Н. К. Мајски овие постапки на

---

[593] В. „Автономна Македония“, бр. 83, 3 октомври 1922, 2
[594] В. „Илиндень“, бр. 38, 23 септември, 1922, 1.
[595] Ibidem, бр. 49, 9 декември 1922.
[596] В. „Автономна Македония“, бр. 93, 18 декември 1922, 1
[597] Ibidem, бр. 93, 18 декември 1922, 1
[598] ЦДА, ф. 933к, оп. 1, а.е. 116, л. 189. Цитирано според Василев, Правителството..., 140

Комитетот ги објаснува како начин да им се спаси животот на неговите дејци, кои биле посочувани од ВМРО како поддржувачи на револуционерното федералистичко крило, и да се зачува легалноста на организацијата. Според Мајски заштитата на Јуруков била невозможна „бидејќи неговите противници од лагерот на Протогеров-Александров сосема го имаа разоткриено“. Мајски признава дека „во некои македонски средини се вгнездил црн сомнеж, дека федералистите се отцепиле само за ги да задоволат своите лични амбиции и интереси“, а не за да изградат „единствена и моќна организација, поставена на здрави основи, ослободена од странични влијанија и исчистена од дофатот на нечистите раце и совести“.[599]

МЕФО, држејќи се до принципот за самостојност на македонското движење, протестно реагирала и на учеството на проф. Н. Милев во бугарската делегација во ДН. Нивната критика била упатена пред сѐ како кон потпретседател на Извршниот комитет. Во оваа критика МЕФО била понесена „исклучително од големата желба да ја заштити чистотата на македонската идеја и да ја зачува светоста на идеалот за слободна и независна Македонија“. Во оваа полемика МЕФО го спротивставува своето мислење на тврдењето во в. „Македонија“, дека било од голема полза во официјалните бугарски делегации да влегуваат и Македонци (се подразбира членови на македонските организации) и да се застапува македонската кауза преку официјална Бугарија. Во поткрепа на својот став МЕФО потенцира, дека тие од секогаш биле со мислење, дека нема ништо штетно за чистотата на македонската идеја, освен да се дејствува имено по тој начин.[600] Во таа смисла е и обраќањето на д-р А. Коцарев и д-р Т. Греков од Женева со кое се поставува прашање до проф. Милев, „дали тој знае, дека бидејќи е потпретседател на Извршниот комитет, со прифаќањето да стане бугарски владин делегат, ја компромитира македонската кауза, и и дава чист бугарски карактер?“[601] „Сите усилби за истргнување на македонското прашање од бугарската политика совршено се компромитираат, штом во официјалните бугарски делегации влегуваат Македонци, кои истовремено се членови на македонските организации.“[602] Во името на елементарниот политички морал проф. Милев се повикува да си даде оставка од членувањето во Извршниот комитет, кој за своја цел ја пропагира самостојноста на Македонија. Во случај проф. Милев да нема доблест да направи таков гест, тие сметаат

---

599 Ibidem
600 В. „Автономна Македония“, бр. 88, 4 ноември 1922, 1
601 Ibidem, бр. 83, 3 октомври 1922, 1
602 Ibid., бр. 83, 3 октомври 1922, 1

дека самиот Извршен комитет треба јавно да го направи неговото исклучување. Доколку Извршниот комитет не го стори тоа самиот ќе докаже, дека неговите намери кон македонското ослободително дело се нечисти. Според споменатите дописници од Женева, крајно треба самите Македонци да го бараат неговото отстранување, бидејќи македонската емиграција има за долг да бдее над дејноста на своите водачи и кога ќе установи дека тие свесно го компромитираат нејзиниот свет идеал таа самата треба да ги осуди и казни.[603]

Македонската емигрантска федеративна организација (бугарска секција) во контекст на медиумската борба со ВМРО на 3 јануари 1923 година упатила Окружно (бр. 52) до претседателите на македонските братства и друштва во Бугарија потпишано од Управното тело на МЕФО.[604] Во обраќањето до претседателите на братствата, МЕФО ја искажува својата загриженост од односот на Илинденската организација, или поточно од нејзините раководни структури констатирајќи дека „Илинден, неутралната организација на бившите револуционери, која што претендира да се здобие со симпатии и почит од целата емиграција, надмено стои над главите на сомислениците на една цела организција, која што со силата на своите идеи го прибра во своите редови најсовесниот македонски елемент во Бугарија; и уште нешто Редакцијата на весникот „Илинден", не го земала во предвид фактот дека Илинденската организација не се состои само од членови кои припаѓаат на Либералната партија, а и од такви, кои по убедување се федералисти, што значи дека дел од своите членови ги окарактеризирува како предавници"[605]. Револтот на МЕФО бил зголемен со одбивањето на весникот „Илинден" да ја објави нивната погореспомната декларација, што фактички покажува дека весникот во спорот помеѓу МЕФО и ВМРО зазема страна. Со тоа се создава сомнеж дека весникот „како таков, чесно и служи на својата организација, и истиот е даден под концесија на неговииот редактор, на кого изгледа дека повеќе му значи материјалната корист, отколку доследноста на идеите, кои ту ги воздигнува, ту ги напаѓа"[606].

Ова обраќање на МЕФО кон легално организираната македонска емиграција било со цел да се постигне виситнско обединување на истата.

---

[603]Ib., бр. 83, 3 октомври 1922, 1
[604] ДАРМ 1. 471. 4. 5/77
[605] Ibidem
[606] Ibid.

Во текот на 1922 година се прават напори и водат преговори за обединување на мекедонските емигрантски сили. Весникот „Автономна Македонија" во септември 1922 година во написот „Што се случува со обединувањето?"[607] дава една слика на тој процес виден од помалку формалната страна. Потенцирајќи го расположението на пошироките македонски емигрантски маси, ќе ја нагласи и улогата на факторот човечка природа, пишувајќи дека „Секогаш каменот на сопнување се издигнува, штом ќе дојде до *прашањето за идните раководители на македонската емигрантска организација*"[608] (подвлечено во оригиналот М.Н.) Понатаму ги разобличува тактиките на Извршниот комитет, кој во последните три месеци ги бојкотирал преговорите, под изговор дека немал кворум. Револтирани од ваквата состојба припадниците на МЕФО ова однесување на ИК на чело со И. Каранџулов ќе го споредат со Султанхамидовското правило на владеење: „ветувај и не давај" „колку можеш повеќе продолжувај ги преговорите" и „дели и владеј"[609].

ВМРО вршела голем притисок за обединување на легалното емигрантско движење. На 25 октомври 1922 година печатениот орган на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија објавува соопштение дека преговорите со Федеративниот комитет за обединување завршиле успешно.[610] Сепак, овие преговори и борбата на МЕФО да се справи со суровите притисоци од страна на ВМРО и да се избори против преземањто на контролата на легалната обединета организација од страна на ВМРО траеле до почетокот на следната година. МЕФО настојува на целосен неутралитет кон автономистичката и федеративната револуционерна организација и на строго легална борба. Печатениот орган на МЕФО, потенцира пред своите читатели, дека клучот за решавањето на македонското прашање е во планомерната и систематска легална дејност во Македонија пред сé во областа на парламентаризмот.[611] Од друга страна пак Извршниот комитет цврсто стои на ставот, дека емигрантската организација не треба да го наложува своето мислење за формите на борбата. „Согласни сме само со едно – пишува органот на Извршниот комитет – дека сме строго легални и со револуционерната организација (се мисли на ВМРО бидејќи ИК не ја признава МФРО

[607] В. „Автономна Македония", бр. 82, 23 септември 1922
[608] Ibidem
[609] Ibid.
[610] В. „Македония", бр. 257, 23 октомври 1922.
[611] В. „Автономна Македония", бр. 96, 20 јануари 1923

М.Н.) треба да има само една чисто морална врска, и тоа до таму, до каде што политичкиот момент и приликите го бараат тоа.“[612]

[612] Ibidem, бр. 93, 18 декември 1922

## 4.2. **Конгресот за обединување меѓу МЕФО и Извршниот комитет на македонските братства – Формирање на Сојузот на македонските братства во Бугарија на чело со Националниот комитет**

Македонската емигрантска федеративна организација во Бугарија со нејзините цели и задачи и методи на работа успеала да привлече кон себе значаен дел од македонските емигрански сили. Меѓутоа, тоа не му одело во прилог на Извршниот комитет, кој како легално емигрантско тело ги губел позициите. Затоа последниот настојувал на секој начин да ја оневозможи понатамошната дејност на МЕФО и на федеративниот комитет.[613] Освен тоа, како што видовме погоре, автономистичката ВМРО отворено ја обвинила МЕФО дека има врски со илегалните федералисти, односно со Федративниот револуционерен комитет.[614] Со овие обвинувања кон МЕФО, се солидаризирала и Илинденскта организација. Таа најверојатно поради притисоците од страна на Извршниот комитет и ВМРО не можела да остане неутрална.

За функционирањето на МЕФО се јавувал и проблемот со неможноста за обезбедување на доволно материјални средства. Ова прашање ќе го стави под прашалник и излегувањето на нејзиниот орган в. „Автономна Македонија". И во македонските федеративни друштва имало расположение за обединување на целата македонска емиграција во една организација.[615]

Сето погоре наведено и покрај свесноста дека тешко ќе може да се соработува со Извршниот комитет поради недоразбирањата и разидувањата од различен какрактер, го натерало раководното тело на МЕФО да се одлучи за обединување со ИК.

На собирот на Федеративната организација, одржан на 13 и 14 август 1922 година во салонот на стопанското училиште „Марија Лујза" во присуство на 35 делегати од софиските и провинциските братства и друштва, покрај отчетот на Претстедателот на Управното тело на Федеративната организација од последниот конгрес до овој собир, разгледувањето на финанските прашања и околу издавањето на

613 Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 92

614 В. „Илиндень", бр. 49, 9 декември 1922; В. „Автономна Македония", бр. 93, 18 декември 1922; ДАРМ. 1. 471. 4. 5/77

615 ДАРМ. 1. 471. 28. 67/95; 1. 471. 28. 69/97-98;. 1. 471. 28. 73/102-103

весникот „Автономна Македонија", бил даден и отчет (информација) за преговорите водени со Извршниот комитет околу обединувањето на македонската емиграција. Собирот еднодушно го одобрил досегашното работење на Управното тело на МЕФО, особено е подржано неговото достојно држење во водењето на преговорите со спротивната страна по прашањето за обединувањето. Собирот посакува забрзување на овие преговори задолжувајќи го Управното тело по тоа прашање да се придржува колку што може повеќе кон примирително поведение, како би се завршиле овие преговори со толку посакуваното од целата емиграција обединување.[616]

Текот на овие преговори ги следела и ги подржувала и македонската емиграција во Америка. Од Конгресот на македонските организации во САД и Канада, одржан на 2 октомври 1922 година во Форт Вејн, Индијанаполис, е испратена телеграма до Федеративниот комитет, со жалење за постоечкиот расцеп меѓу македонската емиграција во Бугарија, со апел за единство (обединување) и со напомена дека до еднодушното нејзино обединување тие ќе се држат неутрално.[617] Иако Конгресот официјално декларирал неутралност кон спорот помеѓу Федеративниот и Извршниот комитет, сепак уште во првата точка од неговиот дневен ред бил прочитан реферат на тема „Македонското дело и принципиелните разлики меѓу Федеративниот комитет на македонската емиграција и Извршниот комитет на Сојузот на македонските братства во Бугарија"[618]. Во овој реферат делегатот на македонската организација „Илинден" од Њу Јорк и секретар на Бирото на Конгресот, познатиот костурски револуционер уште од времето на Илинденското востание, Лазар Киселинчев, откако направил еден историски преглед на развојот на македонското дело од создавањето на Македонската револуционерна организација до крајот на Првата светска војна, поопстојно се задржал на борбите со кои се занимавала македонската емиграција во Бугарија во последните четири години. Тој ги истакнал причините кои што го предизвикале расцепот кој се случил на Вториот велик собор на македонските братства во Бугарија и ги посочил принципиелните разлики (подвлекла М. Н.) меѓу Федеративниот Комитет и Извршниот Комитет. Киселинчев пред Конгресот ги расветлил преговарачките чекори на двата комитети и информирал за постигнатото од истите. По референата тема тој

---

[616] В. „Автономна Македония", бр. 80, 2 септември 1922, 2
[617] Ibidem, бр. 86, 24 октомври 1922, 2
[618] Ibid., бр. 89, 13 ноември 1922, 2

депонирал во Конгресот и посебна резолуција.[619] Поедини македонски братства и поединци емигранти во Америка, со дописи до весникот „Автономна Македонија“, јасно и недвосмислено се изјаснувале за постигнивање на обединувањето врз федеративни начела, што според нив за во иднина ќе и ја обезбеди и подршката на Америка.[620]

Откако била постигната согласноста од двете страни и бил изработен проект уставот в. „Автономна Македонија“ ќе излезе со написот „Нај после!“[621], чиј наслов како да го искажува олеснувањето од напорниот преговарачки процес, но и надежта во постигнатото. МЕФО тука повторно ќе се наврати на причините за разидувањето со Извршниот комитет, кои според него биле идејните спротивности меѓу нив, а не лични амбиции за првенство, како што биле до тој момент обвинувани од редакторите на весникот „Македонија“. Тие ќе потсетат дека уште во првите броеви на својот весник ја искажале својата задача со формулата „Преку расцеп кон заздравување“[622]. Така го објаснуваат своето одвојување од Сојузот на македонските братства во Бугарија. Сметале дека на тој начин ќе го спречат ослабнувањето и раслојувањето на македонската емиграција. Расцепот го сметале како неизбежно средство преку кое требало да дејствуваат за да ја изведат македонската емиграција на правиот пат; според нив тоа било акција наложена од спротивната страна, за да го постават македонското ослободително дело на здрави начела. Поради таквиот карактер на нивното одделување, тие секогаш како своја врховна цел го имале обединувањето на емиграцијата и непрекинато работеле да се постигне тоа обединување. Федеративниот комитет верно и исполнително речиси цела година работел на оваа мисија, која му била наложена и од Основачкиот конгрес на МЕФО. Со радост и надеж се констатира дека: „Нај после, македонскиот патриотизам надвладеа над сите други чувства и состојби. Преговорите меѓу Федеративниот и Извршниот комитети завршија со целосно разбирање; принципите, поради кои ние се отцепивме, беа признаени од Извршниот комитет како правилни и неопходни основи на Македонската

[619] Ibidem; Според едно писмо на Т. Александров до Орфо (Ал. Василев) од 18 јули 1924 г. Лазар Киселинчев „го вразумил“ својот син Ламбро кој бил федералист, што кажува дека под влијание на Т. Александров и Лазар Киселинчев ги напуштил федералистичките гледања. (ЦДА, ф. 1933, оп. 2, а.е. 28, л. 78)
[620] В. „Автономна Македония“, бр. 85, 15 октомври 1922, 2; бр., 9 јануари 1922, 2
[621] Ibidem, бр. 86, 24 октомври 1922, 1
[622] Ibid.

ослободителна борба. Тие се јасно и точно оформени во новиот проект-устав кој треба да се потврди од општ емигрантски конгрес".[623]

Кон крајот на 1922 година продолжуваните преговори помеѓу раководните тела на Сојузот на македонските братства и Македонската емигрантска федеративна организација најпосле достигнуваат еден успешен завршеток. Во текот на преговорите МЕФО настојувала да не отстапи од своите барања, меѓу кои било инсистирањето да се прифати федеративниот принцип. Извршниот комитет на СМББ и Управниот совет на МЕФО заедно со Владимир Руменов и Павел Шатев изработуваат Проект-Устав, кој што се испраќа до братствата и друштвата за одобрување, и се определува датата за општиот конгрес.[624] Околу текот на овие преговори и подготовки за општиот конгрес Г. Баждаров во своите спомени констатира дека било прифатено сето тоа што го барале „федералистите".[625] Всушност Проект-Уставот бил изработен како „Устав на Федративната организација на македонските емигранти", а во сите оние членови каде што се дадени начините на конституирањето на управните тела, тие се наречени федеративни. Конгресите исто така се именувани како национални и федеративни. Дури во овој Проект-Устав за разлика од Уставот на МЕФО усвоен на Основачкиот федеративен конгрес, освен прифаќањето на федративната идеја при определувањето на главната цел, односно борба по легален пат за издигнување на „Македонија во нејзините географски и економски граници во Независна федеративна држава со полна рамноправност на сите народности што ја населуваат"... е прифатена како цел на борбата и 2. „Да ја култивира (негува) идејата за образување на Балканска федерација за да се задоволат нивните културни, стопански и политички интереси".[626]

По завршувањето на преговорите меѓу раководните тела на двете легални македонски емигрантски организации, Извршниот комитет на СМББ и Федеративниот комитет на македонската федеративна емигрантска организација (бугарска секција), тие со Окружно бр. 354 и 42 ги анимирале сите македонски братствата да отпочнат подготовка за претстојниот обединувачки конгрес.[627] Како препорака за подготвувачката работа на братствата за Конгресот се укажувало доколку има можност разединетите едноимени братства да се спојат во едно и да изберат заеднички делегати;

---

[623] Ib.
[624] В. „Македония" бр. 257, 25 октомври 1922; Баждаров, op. cit., 122
[625] Баждаров, Моите ..., 122
[626] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја...,93; Проект Устав на Федеративната организация на македонските емигранти
[627] ДАРМ. 1.471. 4. 10/155; В. „Автономна Македония", бр. 90, 20 ноември 1922, 2

во интерес на времето на собранијата на братствата да биде разгледуван и понудениот проект-устав изработен од двете тела, и се барало по ова прашање секое братство или друштво да донесе свое протоколно решение; секој избран делегат од братствата и друштвата со своето полномошно да има написмено изрично кажано каква директива му е дадена од општото собрание по однос на проект-уставот. Заедничкото Окружно е потпишано од д-р Далкалчев и Ив. Каранџулов.[628]

Во декември 1922 година македонските добротворни братства во Бугарија ги одржувале своите предконгресни собранија. Низ записниците на одржаните собранија на братствата, на кои биле претставени платформата за обединувањето на македонската емиграција во Бугарија и новиот проект-устав на идниот Сојуз на истата, се гледа дека скоро на сите такви собранија е донесено решение да се подржи оваа иницијатива. На избраните делегати им била давана „директива за прифаќање на Уставот“[629]. Покрај тоа избраните делегати добивале инструкции да се залагаат против зачестените убиства меѓу македонската емиграција во Бугарија и во таа насока да работат и на донесување на една конгресна резолуција по ова прашање, и да дејствуваат во целосна помирливост за постигнување на успех на обединувачкиот конгрес.[630] Низ одлуките на братствата од овие нивни собранија се искажува „искрена верба во обединувањето на емиграцијата, кое ќе ја насочи кон вистинскиот пат идната дејност на обединетата македонска емиграција за ослободителното дело“.[631] Инсистирањето за постигнување на целта на проектираниот обединувачки конгрес било навистина силно, и при ополномоштувањето на делегатите покрај тоа што им биле давани инструкции имало и случаи каде јасно им било дадено на знаење дека доколку не се придржуваат кон препораките ќе го изгубат својот мандат и ќе бидат заменети со избраните нивни заменици.[632]

Македонската емигрантска федеративна организација и со Окружното (бр. 52), од 3 јануари 1923 година, упатено до претседателите на македонските братства и друштва во Бугарија и потпишано од Управното тело на МЕФО,[633] сакала да се постигне виситинското обединување на македонската емиграција. Управниот комитет

---

[628] Ibidem
[629] ДАРМ,1. 471.4. 3/68; ДАРМ. 1.471. 4. 10/123,143,155,156, 200, 216, 229, 239, 357
[630] Ibidem
[631] ДАРМ,1. 471.4. 3/46; ДАРМ 1. 471. 4. 10
[632] ДАРМ,1.471.4.10/216, Полномошно на д-р Хр. Татарчев, делегат од Македонското културно федеративно емигрантско друштво од Пловдив
[633] ДАРМ,1. 471. 4. 5/77

на МЕФО (бугарска секција) на 27 јануари 1923 година се обратил со писмо до претседателите на Албанското, на Влашкото и на Турското друштво во Софија, со кои веќе две години работат здружено преку еден обласен Федеративен комитет, во името на еден устав, со една јасна и определена цел издигнување на Македонија во една независна федеративна држава со еднакво учество на сите народности што ја населуваат. Во писмото се потсетува на нивната заедничка борба на два фронта во името на таа цел. Борбата за остварување на целите на Федеративната организација се води во Бугарија и во Европа. Бугарија се нарекува „земјата на македонската емиграција“[634], која е разделена на две струења (или организирана во две организации) и која ја прифатила нивната цел и како што е речено во писмото „принудени преку еден референдум, со кој ќе се круниса обединувањето на двете македонски легални организации доаѓа на еден обединувачки конгрес на 28-ми овој месец за да го санкционира обединувањето“.[635] Со соопштувањето на овие за нив радосни вести Управниот комитет на МЕФО (бугарска секција) воедно и ги поканува Албанското, Влашкото и Турското друштво во Софија, како братски организации, да присуствуваат на конгресот преку нивните делегати кои ги имале во обласниот Федеративен комитет, „за да се манифестира единството на целокупната македонска емиграција и на таков начин да се издигне македонската кауза пред надворешниот свет и да стане уште посимпатична и да се влее уште поголем ентузијазам и вера кај страдалниците во нашата родина за слободна и независна Федеративна Македонија“[636]. Во името на Управниот комитет на МЕФО (бугарска секција) се потпишани претседател: д-р Хр. Далкалчев и секретар: Кл. Размов.[637] Од Албанската секција бил ополномоштен С. Куркини да ги претставува сите Албанци кои живеат во Бугарија на обединувачкиот конгрес.[638]

Колку било големо расположението на делегатите на овој конгрес за прифаќање на федеративниот принцип, најавтентично сведочи повикот до македонската емиграција во Бугарија, упатен од Обединителниот конгрес, во кој посебно се

[634] ДАРМ. 1. 471. 4. 6/82
[635] Ibidem
[636] Ibid.
[637] Ib..
[638] ДАРМ. 1.471. 4. 10/339

подвлечени целите на организацијата, кои всушност се земени од II дел од чл. 3 на Проект-Уставот на МЕФО.[639]

Дејците од двете легални организации се сретнале на 28 јануари 1923 година во салонот на градското казино, каде што е отворен Обединувачкиот собир (конгрес) на македонската емиграција. Присуствувале повеќе од 250 делегати (спорд Е. Спространов 270 делегати) кои претставувале околу 15 000 организирани емигранти[640], како од братствата кои се клонеле кон Извршниот или Федеративниот комитет така и од неутралните братства. Мнозинството од присутните делегати, биле под влијание на Извршниот комитет, кој како што вели Баждаров „идејно биле со ВМРО“[641]. Конгресот е откриен од Иван Каранџулов, кој посакал да се постигне единството меѓу емиграцијата, а покрај него стоел Х. Далкалчев. Покрај официјалните делегати во конгресната сала имало и луѓе на владата, а од време на време се појавувале и некои терористи на Гр. Циклев и на Т. Александров. Целта и на едните и на другите била да повлијаат на решенијата на конгресот во своја корист. Зад кулисите имало и стари војводи од Илинденската организација, кои со физички закани ги принудувале федералистите да бидат попопустливи. Во оптек влегле и поткупи и ветувања. Кирил Прличев остро ги нападнал федералистите, дека нивното знаме е окрвавено во братоубиствената борба со Внатрешната револуционерна организација, поради што називот „федеративна“ е компрмитиран и не може во никој случај да фигурира во називот на обединетата организација. Според Е. Спространов, сите знаеле, дека „низ устата на Кирил зборува Тодор Александров“, и тоа исто така доведува до саканиот ефект врз делегатите. Се делувало и по масонска линија. П. Шатев, кој е масон, делувал меѓу своите другари федералисти во примирителен дух и заедно со Далкалчев допринеле многу за постигнување на спораѕум“.[642]

Иако сите биле дојдени со цел да се постигне единство, несогласувањата повторно дошле до израз при дискутирањето по новиот устав. Конгресот избрал една комисија од шест члена (седум – според Протоколот[643] и тоа: Тодор Павлов, Георги Баждаров, С. Ковачев, П. Шатев, Христо Божков, Никола ? и Козма Георгиев) кои требало да постигнат договор. Во расправите во комисијата од страна на Г. Баждаров,

---

639 Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 95.
640 НБКМ БИА, ф. 324, а.е. 1, л.2681-2696. Цитиранпо според Василев, Правителството...,141
641 Баждаров, Моите ...,122
642 НБКМ БИА, ф. 324, а.е. 1, л. 2681-2696. Цитиранпо според Василев, Правителството…, 141
643 ДАРМ. 1. 471. 4. 10/338

како застапник на Извршниот комитет, во тричасовно образложување било презентирано нивното гледиште. Во принцип тие биле против „федеративна“ Македонија. Од другата страна ги бранеле своите принципи Владислав Ковачев и Павел Шатев. Третиот член на комисијата од МЕФО, Хр. Божков, се приклучил кон спротивната страна, која станала мнозинска и ги надгласала членовите на МЕФО. Но Ковачев и Шатев како што вели Баждаров *„останале непоколебливи по однос на „федерацијата“*“.[644] Расправата продолжила во конгресот. Застапувачите на Извршниот комитет сакале терминот „федерација“ да се замени со терминот „сојуз“, поради лошото име, со кое во последно време се здобила една нелегална организација, која што постоела под името федеративна“.[645] Следувале бурни дискусии. Баждаров, кој потемелно се позанимавал со термините федрација, сојуз, федеаративно уредување, федративно, сојузно и сл. и за тоа објавил цела статија во весникот „Македонија“ под наслов *„Федеративна Македония ли?“*[646] уште два часа ги бранел своите ставови пред конгресот. Тој изјавил дека *„прифаќаме сè, но Македонија да биде „федеративна“држава – не!*“[647] (подвлечено од М.Н.). Понатаму Баждаров вели: „Прифаќаме и балканска федерација со независна Македонија, никогаш не сме биле против таа рамноправност, но Федеративна Македонија не.“ [648] ( подвлечено во ракописот на Баждаров МН) Во оваа полемика, која се водела во комисијата и во Конгресот, Владислав Ковачев и Павел Шатев, во согласност со делегатите на Федеративната организација, се обиделе да се постигне некој компромис со кој сепак ќе остане зборот „федерација“ ставен во заграда после зборот „сојуз“ и по него да стои „меѓу народностите“, „за да се подвлече“, како што велат тие, „дека всушност се однесува за федерирање на народностите во Македонија“[649]. Владислав Ковачев не отстапувјќи од своите становишта се обидел дури и со заплашување дека ќе си заминат од конгресот доколку не се прифати проект уставот каков што бил претставен пред конгресот, но безуспешно. Во интерес на идејата и желбата да се обедини македонската емиграција МЕФО била принудена да направи отстапки и било

---

[644] Баждаров, Моите.., 122
[645] В. „Независима Македония“, бр. 1, 21 февруари 1923; бр. 3, 9 март 1923; бр. 5, 23 март 1923; НБКМ БИА, ф. 324, оп. 1, а.е. 1, л. 2681-2695
[646] Баждаров, Федеративна Македония ли?, в. „Македония“, год. I, кн. VII, септември 1922, 1-13
[647] Баждаров, Моите...,122
[648] Ibidem
[649] ДАРМ. 1. 471. 4. 10/338. Ова е ставено во Записникот од работата на комисијата после потписите на членовите на комисијата што се залагале за другата опција и насловено како „Особено мислење“ после што се ставени потписите на С. Ковачев и П. Шатев

прифатено наименувањето на Сојузот на македонските емигрантски организации.[650] Протоколот: Решиле: 1-во Да се прифатат сите принципи легнати во основата на проект-уставот за да се организира македонската емиграција од сите народности

2-ро Го прифаќаат текстот на одделните (десет) глави на проект-уставот со следните измени

а) Наименувањето „Устав на Федеративната организација на мкакедонските емигранти" да се замени со наименувањето „Устав на Сојузот на македонските организации".

б) Членот 3 пункт 1 да биде редактиран на следниот начин: „Да се бори по легален начин за издигнување на Македонија во нејзините географски и економски граници со целосно и еднакво учество во управувањето на сите народности што ја населуваат при полна еднаквост и права за нив. Новата држава да биде поставена под покровителство на ДН."

в) Заменување во Уставот на зборот „федерација" и зборовите што произлегуваат од овој збор со терминот „сојуз" и производите што произлегуваат од него, со исклучок на терминот „Балканска федрација" во чл.3 пункт 2 каде што стои.[651]

Сојузот на македонските емигрантски организации во Уставот ги прифаќа за свои цели: 1. Да се бори на легален начин за издигнување на Македонија во нејзините географски и екононски граници во независна држава со полно и еднакво учество во управувањето на сите народности што ја населуваат, при полна еднаквост и право и при еднакви верски народносни и политички права на нив. Новата држава да биде поставена под покровителство на Друштвото на народите; 2. Да ја пропагира идејата за образување на Балканска федерација; 3. Да ја популаризира историјата на македонското прашање во странство; 4. Да ги сплотува и обединува македонските емигранти, без разлика на вера и народност; 5. Да им помага на бегалците, членови на организацијата, на кои им е потребно (чл. 3).

Според Уставот на Сојузот на македонските емигрантски организации македонските друштва или братства во дадена држава, чии членови се од иста

---

[650] Ова обединување и в. „Освобождение" ќе го окарактеризира повеќе како отстапка на една од двете страни, отколку како согласност и разбирање врз извесни начела, односно како спогодба или обединување на страни. (в. „Освобождение", бр. 41, 2 февруари 1923.)

[651] ДАРМ. 1. 471. 4. 10/338

народност се групираат во национална организација, раководена од 12 членен национален комитет. (чл. 10). Во случај на различни националности оделните комитети се обединуваат во општа сојузна организација со општ сојузен комитет (чл. 12). Раководството на сите такви организации од различните држави се состои од Виш сојузен комитет со седиште во Европа, но надвор од балканските држави (чл. 1 и чл. 13).[652]

Како средства за постигнување на основните цели, се определуваат досега познатите од претходната дејност на емиграцијата – весници, списанија, книги, собранија, реферати, вечеринки, концерти, даренија и др. (чл. 4). Во другите глави (вкупно 9) нема основни разлики од Уставот на Сојузот на македонските братства. Исклучок е само глава петта, која се однесува на врховната управа на организацијата, за кое веќе спомнавме.

Значи како што споменавме погоре претставниците на МЕФО на некој начин биле приморани да направат отстапки од своите ставови и принципи при донесувањето на овој Устав. Всушност наместо називите федеративни организации и комитети, се ставени национални и сојузни, што од гледна точка на организациона поставеност и не мора да значи целосно отфрлање на федеративниот принцип. Меѓутоа федеративната идеја е изоставена во определувањето на целта на Сојузената македонска емиграција (види погоре под 1).

За разлика од овој дел на Уставот каде што е изоставен федеративниот принцип за внатрешното уредување на Македонија во однос на идејата за Балканска федрација нема измени, таа останала присутна и понатаму.[653]

Внатрешно федративно уредување на Македонија, Г. Баждаров го елаборира како нешто неосновано, неиздржано и неоправдано во неговата статија „*Федративна Македонија ли?*“[654] Оваа статија се појавува во време на преговорите за обединување. Неговите ставови по ова прашање се и официјални на Извршниот комитет и како што споменавме погоре тој бил задолжен да ги брани и во полемиката на самиот Конгрес. Баждаров во оваа теоретска статија, објаснува дека нема објективни услови за уредување на идната македонска држава по урнек на кантоналното уредување на

[652] Устав на Союзът на македонските емигратски организации, в. „Независима Македония“, год I, бр. 1, 21 февруари 1923
[653] Ibidem
[654] Баждаров, Федеративна...,1-13

швјцарската федеративна република затоа што тешко можело да се најде крај во Македонија со чисто еднонационално население. Повикувајќи се на етнографскиот состав на населението на Македонија и како мултикултурна земја, а во согласност со „*современата политичка наука и практика*", тој сметал дека рамноправност на народностите треба да се обезбеди преку „***екстериторијална културна автономија***" (подвлечено во оригиналот) т.е. *народностите распрснати низ целата територија да имаат своја просвета и, воопшто, културна организација, онака како што е во САД, и како што беше во европска Турција*".[655] На крајот авторот се прашува зошто вештачки да се дели Македонија на одделни државички кога сите „*сметаме дека Македонија претставува една географска и економска целина – со општ центар Солун*".[656]

Во овие дискусии и полемики во Комисијата и на Конгресот на теоретските ставови на Баждаров од страна на МЕФО се спротивставиле и го бранеле федративниот принцип на уредување на Македонија, двајцата правници со европско образование и со голема теоретска подготовка Владислав Ковачев и Павел Шатев.

На овој обединувачки конгрес на македонската емиграција биле донесени седум резолуции, кои ја отсликуваат заложбата на Конгресот за решавање на македонското прашање во сите негови аспекти.[657] Во Резолуцијата бр. 1 Конгресот по констатирањето дека положбата во Македонија е таква каква што е создадена по 1913 и 1919 година, што е спротивност од волјата и стремежите на македонските народности , ја издигнува високо девизата Македонија на Македонците и изјавува, дека само издигнувањето на Македонија, во нејзините географски и економски граници, во независна држава со полно и еднакво учество во управувањето на сите народности кои што ја населуваат, со еднакви верски народносни и политички права на нив – може да обезбеди услови за мир и договор (сојуз) меѓу Балканските народи.[658]

Во Резолуцијата бр. 2 Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија со прискрбие констатира, дека покрај очевидното влошување на положбата во Македонијам како Женевската конференција за економско востановување на Европа, така и Лозанската конференција за мир на Исток, ги изоставија од надлежното внимание постапките, направени од македонските емигранти, вдахновени исклучиво

---

[655] Ibidem
[656] Ibid.
[657] ДАРМ. 1.471. 4. 9/121
[658] Ibidem

од интересите на балканскиот мир. Во името на тој мир Конгресот упатува нов апел кон владите, парламентите и општественото мислење во сите цивилизирани земји да го земат за сериозно македонското прашање, кое е извор на сите балкански компликации дваесет години наназад и да го убрзаат неговото разрешување во согласност со принципите за самоопределувањето на народите.[659]

Резолуцијата бр. 3 – Обединувачкиот конгрес откако ја констатира тажнта положба на бегалците и страсната и еднодушна желба на сите прокудени македонци да се вратат на своите родни огништа, со задоволство ја одбележува изгласаната во тој дух резолуција од 22-от Конгрес на мир во Лондон и настојува за точно приложување под контрола на Друштвото на народите, на договорот за покровителство на малцинставата во Кралството на СХС и во Грција, така што враќањето на бегалците е невозможно без почитувањето на елементарните права за верска, национална и културна слобода, свечено прокламирани од тие договори, но останати до тогаш како мртви букви во тие две држави. Конгресот истовремено изјавува и дека Конвенцијата за доброволно и взаемно иселување на малцинствата по јазик и племе меѓу Бугарија и Грција, придодадена кон Нејскиот договор, не се признава од македонското население, како што и воопшто не се признаваат сите акти склучени за сметка на Македонија без нејзино учество и против нејзината волја.[660]

Со резолуцијата бр. 4 - Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија изразувјќи им искрена благодарност на сите друштва, кои во странство вложиле и сеуште вложуваат благродни напори за заштита на македонското дело, кое е признаено за праведно од општественото мислење на сите слободољубиви народи, ги повикува сите нив и во иднина, со сиот авторитет на својата висока совест и своето некористољубие, да ги подржуваат постапките на македонската емиграција пред сите меѓународни фактори за справедливо разрешување на македонското прашање, согласно волјата на населението и потребите на балканскиот и следствено и на европскиот мир.[661]

Резолиција бр. 5 - Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија сметајќи, дека само назависноста на Македонија ќе ги примири националните, економските и политичките интереси на балканските народи и ќе биде решавачки

[659] Ibid.
[660] Ib.
[661] ДАРМ. 1.471. 4. 9/121

чекор кон постигнувањето на целосен договор (сојуз –сгово) помеѓу нив, упатува повик кон сите општествени сили и политички организации на балканските земји да ги подржат заложбите на македонските народности за постигнување на таа цел.[662]

Резолуција бр. 6 - Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија со оглед на долгот кон распокинатата и поробена родина и знаејќи ја можноста на организираните Македонци во странство да му дадат голема морална подршка на ослободителниот идеал, упатува повик кон сите Македонци распрснати по светот, без разлика на нивната вера и народност да се сплотат во името на девизата Македонија на Македонците, меѓу себе да подржуваат братски дух и да им предочуваат на општествените фактори на земјите во кои живеат, и надвор од нив, за правата и делбите на Македонија. Конгресот ја поздравува и македонската емиграција во САД и Канада, за која смета, дека ќе придонесе со историски заслуги за делото за ослободување на Македонија.[663]

Резолуција бр. 7 - Обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија високо ценејќи ја соработката на сите македонски народности за постигнување на општата цел - слободата и независноста на татковината – упатува братски поздрав до сите организации на македонските емигранти од турска, албанска и ромска народност, и ги поканува сите сотатковинци, кои се уште се надвор од редовите на тие организации, да се сплотат и да ја вложат својатат енергија за постигнување на успех на сите македонски напори.[664]

Ако се анализираат документите донесени на обединувачкиот конгрес, се доаѓа до заклучкот дека во нив се вклучени неколку основни елементи од идејната платформа на федералистите, со кои тие се разграничуваат од автономистите. Тоа се сведува воглавно на организационата структура, во која федеративното начело е целосно застапено, а исто така и подвлекувањето на неопходноста од заеднички дејства и рамноправност на потиснатите народности во Македонија и пропагирање на идејата за Балканска федерација. Но во суштина обединувањето на некој начин претставува реална победа на Тодор Александров и ВМРО. Неслучајно еден од водачите на

[662] Ibidem
[663] Ibid.
[664] Ib.

федералистите се жали, дека по конгресот „каранџуловштината“ се прославила и превратила „сé со главата на долу“.[665]

Во раководството на бугарската секција, која практично останува единствена, влегуваат седум приврзаници на бившиот Извршен комитет и пет на разформираниот Федеративен комитет. Никој од нив не бил член на претходните раководства. За претседател е избран Владимир Кусев, за подпретседатели – П. Делииванов и М. Дамјанов, а за касиер – Иван Хаџиниколов. Останатите членови на раководството се нарекуваат советници. Печатните органи на двете дотогашни организации престануваат да излегуваат и започнува да се издава нов орган – в. „Независна Македонија“[666]. И покрај декларациите за самостојност и независност на Сојузот на македонските емигрантски организации влијанието на ВМРО врз него е решавачко.

Како резултат на тесните врски на ВМРО со Сојузот на македонските братства (ИК) се оформува еден круг од македонски емигранти кои заземале особено место во движењето. Меѓу нив се Никола Милев, Љ. Милетич, Ив. Георгов, К. Прличев, и бившите членови на ИК Г. Баждаров и Н. Томалевски. Нивната улога како советници на членовите на ЦК на ВМРО е двонасочна. Во понатамошното нивно делување тие ја ја насочуваат дејноста на Сојузот, во согласност со барањата на ВМРО. Истовремено тие покажуваат влијание и врз водачите на ВМРО при водењето на ослободителната борба во Македонија.[667]

Георги Занков кој во време на подготовките за обединување на двете организации бил претседател на Илинденската организација, во својот осврт на овие настани објавен во Македонско дело на 25 март 1927 година под наслов „Мојот збор“ вели дека појавата на отцепените од ВМРО четници и нивниот Федеративен револуционерен македонски комитет предизвикале извесна збрка во македонската емиграција во Бугарија и се појавиле резерви и кон легалната Федеративна емигрантска организација. Поради овие настани по обединувањето на македонската емиграција во Бугарија се создал Сојуз на македонските емигратски организации во чиј Устав била издигната идејата за „Независна Македонија и Балканска федерација“ и

---

[665] ЦДА, ф. 933к, оп. 1, а.е. 116, л. 164-165. Цитирано според Василев, Правителството...,142
[666] В. „Независима Македония“, бр. 1, 21 февруари 1923.
[667] Гребенаров, Легалните...,123-124

место зборот „федерација“ бил употребен „сојуз“ бидејќи првиот поим бил компромитиран од „федералистите-разбојници“.[668]

Работата на Обединувачкиот конгрес на македонските емигрантски организации завршила со избирање на ново управно тело, наречено Национален комитет (НК). За да се одбегнат дополнителни расправии, листата за новиот комитет се оформи од комисија, во која влегуваат по двајца претставници од Сојузот на македонските братства, МЕФО и од неутралните братства. Било решено членовите определени по тој начин да бидат прифатени од конгресот без избори, со акламација. Комисијата предложила лица, познати со своите умерени погледи, кои не заземале високи државни служби во Бугарија: претседател – Владимир Кусев, подпретседател – Милан Дамјанов и Туше Делииванов, секретар – Јордан Анастасов, касиер – Иван Хаџиниколов, советници – Наум Христов, Методи Гелев, Никола Иванов, Стојан Симеонов, Апостол Христов, Коста Николов и Владимир Буљов.[669] Со слевањето на двете организации во една од страна на МЕФО била предадена документацијата со записници, протоколна книга, евиденциони книги и други финансиски документи, поштенски марки и пари во Националниот комитет.[670] Истото го сторил и Извршниот комитет.[671]

Весникот „Ослободување“ обединувањето на емиграцијата го коментира на следниот начин: „Тоа не беше спогодба, ниту обединување на две страни, кои се разбрале и се согласиле врз основа на извесни начела, туку повеќе беше отстапување на една од нив.“[672]

Обединувањето на политичките сили на македонската емиграција во Бугарија е во времето кога земјоделската влада на Александар Стамболиски со својата внатрешна и надворешна политика се повеќе го потикнувала изострувањето на внатрешно-политичките односи во државата. Со својата идеолошка ориентација и заложба за селска држава и селска демократија премиерот Стамболиски се изолирал од граѓанските политички актери.[673] Опозицијата во Бугарија се поотворено ги манифестирала своите намери да го собори режимот на Земјоделската влада, вешто го

[668] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 95
[669] В. „Независима Македония“, бр. 2, 1 март 1923; бр. 3, 9 март 1923
[670] ДАРМ. 1. 471.28.67/95; 1. 471. 28.69/97, 98; 1. 471.. 28. 70/99; 1. 471. 28. 73/ 102-103
[671] ДАРМ. 1. 471.75./106
[672] В. „Освобождение“, бр. 41, 21 февруари 1923
[673] Манчев Крсто,op. cit,, 34-36

користела незадоволството на македонските емигрантски маси, а особено автономистичката ВМРО.[674]

Во вакви услови во пролетта 1923 година само привидно се манифестирало ова обединување на емигрантските политички сили. Ова обединување не можело да биде акционо и трајно бидејќи постоеле разлики, кои и во најидеални услови не можеле да се надминат. Кога зборуваме за овие настани не можеме да не го земеме предвид фактот дека освен МЕФО постоела и Македонска революционерна федеративна организација, која го прифатила федеративниот принцип.

Привремената комисија и Федеративниот комитет колку и да се искажувале исклучиво за легална борба и за одржување на независност на организацијата од туѓи влијанија, тоа не можело да се оствари во апсолутна смисла. Меѓу раководните личности на МЕФО кои биле со различни идејни и политички убедувања, различно револуционерно минато, се нашле сили кои и покрај декларираниот принцип за самостојност и независност на нивната борба, како што видовме, прифатиле соработка со Александар Стамболиски и неговата влада, кои пак од своја страна биле заинтересирани да се парализира четничката активност на автономистичката ВМРО и на тој начин да се ослабне реакционерно буржоаскиот блок во Бугарија.[675] Но и во нелегалното движење уште по разбивањето на четата на Крум Зографов се гледа неспорната надмоќ на Тодор Александров. И по прифаќањето од страна на Федеративниот комитет да се постигне обединувањето на легалното македонско движење неговата надмоќ во македонското движење станува целосна.

---

[674] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 96

[675] Ibidem, 96-97

# Глава петта

# УЛОГАТА НА ФЕДЕРАТИВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО ПРЕГОВОРИТЕ ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО РЕВОЛУЦИОНЕРНО И ОСЛОБОДИТЕЛНО ДВИЖЕЊЕВО 1923-1924 ГОДИНА

## 5.1. Контактите на федералистите со Советскиот Сојуз

Во првите повоени револуционерни години во меѓународното работничко движење преовладува мислењето дека Октомвриската револуција е прва фаза на светската пролетерска револуција, која треба да настапи како природна последица на големите револуционерни движења во Европа.Ставот за брзото избувнување на светската револуција започнува да се напушта по 1921 година, кога започнуваат да се консолидираат буржоаските сили во Европа и кога револуционерното расположение на масите започнува да стагнира. Во изменетата ситуација комунистичките партии требаше да ја усмерат својата работа на подолготрајна подготовка на пролетеријатот за револуционерно превземање на власта. Во подготовките и во изведувањето на револуцијата, тие партии требаше да ги привлечат за сојузници селските и национално угнетените маси.[676]

Уште во 1922 година се зголемил интересот на Советскиот Сојуз и Коминтерната за македонското ослободително движење и настојувале подетално да се запознаат со струењата во истото. Промената на односот на Советскиот Сојуз кон македонското ослободително движење била толку голема што веднаш била забележана и од страна на чехословачките дипломатски претставници во Бугарија.[677]

Односот на Советскиот Сојуз кон македонското прашање беше детерминиран од неговата надворешна политика; од неговите политички и државни интереси и позиции во Европа и на Балканот.

Тргнувајќи од фактот дека тој однос не произлегуваше од морално политички соображенија, туку од интересите на Советскиот Сојуз да се позиционира со улога на фактор во европската и балканаската политика, неговиот однос кон македонското

676 Пачемска Д., ВМРО (об),.., 33-34
677 Чехословачки извори за българската история, I, София 1985, 313

прашање беше зависна варијабила која трпеше промени во временскиот распон 1922 до 1940 година (во периодот меѓу двете светски војни).

Во тој временски период Советскиот Сојуз покажува три различни позиции кон македонското прашање.

***Првата***, која се врамува во годините 1923-1928, го покажува големиот интерес на СССР кон Балканот. Во тој контекст и кон македонското прашање. Во тоа време на македонското прашање и на македонските организации се гледало како на можни и реални инструменти за остварување на советската идеја за советизирање на Бугарија и на Балканот. Тогаш во Политбирото на РКП(б) (Руската комунистичка партија (болшевици) постоела посебна комисија, кусо време наречена Бугарска, а потоа Балканска, која ја држела балканската проблематика, инклузивно и македонската, во фокусот на најзначајните советски државни органи. Дотогаш до 1929 година функционирала и БКФ (Балканската комунистичка федерација) како структура и институција на Коминтерната со иста функција во доменот на улогата и задачите на Комунистичката интернационала.

***Втората*** позиција на СССР кон македонското прашање се совпаѓа со годините по 1928, па сé до 1937-1938, кога интересто на Балканот и за македонското прашање станал малку значајна надворешно-политичка тема на Советскиот Сојуз. Во тој интервал советскиот интерес кон македонското прашање станал второстепен; првостепениот бил сврзан со интересот на СССР за воспоставување дипломатски односи со балканските држави и за договори за соработка, во кој контекст постоело интересирање и за македонското прашање. Но и тогаш сепак се одржувал позитивен однос кон целите на македонските организации, посебно подржувајќи ја ВМРО(об), покрај поддршката на политиката на балканските комунистички партии кон македонското прашање.

***Третата*** советска позиција кон македонското прашање, заземена во 1939-1940 година, покажува пресврт во неговиот третман. Тогаш, во предвечерјето на Втората светска војна, по силата на своите геополитички интереси, Советскиот Сојуз, афектирајќи ги своите големодржавни аспирации, побрза македонското прашање да го искористи како монета за поткусурување. Имено, судирајќи се со моќната политика на Хитлерова Германија и фашистичка Италија на Балканот, СССР го дефинира својот примордијален интерес на Балканот како интерес кон Бугарија и кон Црноморските

теснини. На таа основа, 1940 година, по конечното приближување на Романија кон Германија, СССР ја понуди Македонија на царска Бугарија, во надеж дека ќе ја придобие како сојузник. Во тајната мисија на генералниот секретар на НКИД (народен комесаријат за надворешни работи) А. А. Соболев од 29 ноември 1940 година, на царска Бугарија и беше потврдена советската подршка на нејзините вкупни територијални претензии.[678]

Првите контакти со македонските организации СССР, преку одделни лица од ОГПУ (Обединета државна политичка управа при Советот на народните комесари на СССР), ги воспостави уште во пролетта 1923 година, најнапред со македонските федералисти, а потоа и со македонските автономисити (со ВМРО). Имено советската страна имала претходни информации за македонските организации на бугарска почва за нивната моќ, посебно за силата на ВМРО, па согласно со оцената дека во Бугарија не ќе биде возможно да се изведе успешно востание на левите сили без македонските организации, пристапила кон меѓусебно запознавање и привлекување.[679]

Советскиот Сојуз ги знаел упорните борби на Македонците за формирање автономна Македонија. Советскиот фактор бил добро информиран и за повеќедецениската крвава борба за слобода на Македонија и за формирање на македонска држава. Тој фактор ги знаел и големите жртви дадени на тој план со востанијата на македонскиот народ; ги знаел и македонските национално-револуционерни организации кои, во тоа време (по Првата светска војна), претставувале реална политичка и борбена сила. Меѓу тие организации, Советите го препознавале првенственото место на ВМРО која во континуитет постоела и дејствувала цели триесет години, упорствувајќи кон создавање на независна македонска држава. Советите настојувале да ја привлечат ВМРО на своја страна; да ја поврзат со левиот политички блок, на прво место со комунистите и, на тој начин, да ја стават во функција на советската балканска политика. Советите сметале дека без ВМРО не ќе било возможно да се реализира револуционерното трансформирање и советизирање ниту на Бугарија, ниту во соседните земји, во кои таа организација имала свое население и своја револуционерна структура.[680]

---

678 Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671, LXI-LXII
679 Ibidem, LXVII-LXIII
680 Таквиот советски пристап не бил без основа. Имено, се сметало дека ВМРО некаде во 1923-1924 година имала 36.000 вооружени припадници, дека при потреба можела да вооружа од 100.000 до 120.000

Советскиот Сојуз сметал дека Версајскиот систем на држави на теренот на Балканските решенија треба да се растури и на негово место да се создаде Сојуз на балкански држави или на автономии (значи, или Балканска конфедрација или Балканска федрација). Бидејќи Советите сметале дека таа трансформација можат да ја направат само левите политички сили, а пред сè комунистичките и селанските партии, тие односната концепција за Балканска (Кон)Федерација ја определиле како Балканскана (Кон)Федрација на советски републики, кои би биле управувани од работничко селански влади. Во определени моменти Советите наместо идејата за Балканска – Советска (Кон)Федрација ја варирале и идејата за Балканско-Дунавска или за Дунавско-Балканска (Кон)Федрација од советски тип.

На таков начин, во суштина, Советите го поставиле и претпочитувале принципот на самоопределување на секој балкански народ и на секоја балканска земја, за какви ги сметале и македонскиот народ (и македонското население) и македонската замја. Имено, Советите сметале дека Македонија претставувала географска и економска целина. Дека македонското општество ја чувствувало заемноста и се стремело кон заеднички живот. Дека политиката на Македонската револуционерна организација кон создавање македонска држава врз прогресивно-културни односи на толеранција и на државно помагање на етно-културните интереси на народностите на Македонија е широко прифатена од македонското население и, конечно, дека македонското население на тој начин се покажува како македонски национален (државотворен) субјект кој има право на национална (државна) независност и место, како рамноправен член, во идната Балканска Федерација на рамноправни народи и влади. Во тој тренд на согледување на македонското прашање Советите го забележале и процесот на кристализација на македонската етно-национална свест, и, утврдуваат дека дел од младата генерација Македонци во Македонија под српска власт себе си се чувствуваат како припадници на посебна македонска држава, а не за македонска автономија која можела да значи „мешање на лончињата", односно криење нечии туѓи интереси и политики.

Респективно на таа политика кон Балканот (и кон Македонија) Советите ја искористија Лозанската конференција (1922-1923 година) и преку посебен

---

лица, дека располагала со материјални и финансиски средства, со развиена организациона структутра и мрежа, со цврста дисциплина, со борбено искуство и со влијание врз населението. Види: Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671, CI

меморандум, декларативно, се заложија за (кон)федерација на балканските и дунавските народи, како решение за многубројните проблеми кои ги создал версајскиот систем на држави на балканскиот и подунавскиот простор.

Паралелно со искажаната политика од страна на народниот комесаријат за надворешни работи од односната смисла, и ИНО на ОГПУ (Странски оддел на Обединетата државна политичка управа при СНК на СССР), кој од 1922 година веќе имал свои претставници на Балканот преку мисиите на Црвениот крст, известувал за македонското прашање и за македонските организации, констатирајќи дека тоа прашање се јавувало во многу остра форма како проблем меѓу Србија и Бугарија и меѓу Грција и Бугарија, но и како револуционерен проблем на македонските организации.

Во своите дописи раководителот на односната разузнавачко-политичка управа Меер Абрамович Трилисер сугерирал прифаќање на лозунгот „независна македонска држава“ како советска политика кон Македонија. М. А. Трилисер ги знаел политичките цели и на ВМРО, и на МФРО и на Илинденската организација кои биле сврзани со формирање на обединета и независна македонска држава, при што ниту една од нив не била, при таков услов, против Балканска (Кон)Федерација на такви држави.

И институциите на Коминтерна (ИККИ, неговиот президиум, БКФ и самите конфереции) ја споделиле политичката цел на македонските организации за формирање на независна македонска држава од трите делови кои биле под власта на Бугарија, на кралството на СХС и на Грција, со додавка дека тоа би била советска (независна македонска држава) членка на Балканската федерација на советските републики. Врз таа основа, институциите на Коминтерната ги повикале трите балкански комунистички партии да ја прифатат односната политика и да сторат сé за да не дојде до предвремена воена конфронтација на балканските буржоаски влади. Притоа, на членовите на тие комунистички партии им било порачано да влезат во македонските национално-револуционерни организации за да ги отргнеле од нивната инструментална функција на буржоаските влади како, на пример, од услугите што федералистите им ги давале на владата на Стамболиски и на српските власти (случајот со Стојан Мишев, Суџукаро и со нивните другари), односно услугите што ВМРО им ги сервирала на владата на Александар Цанков.

Во односот кон македонското прашање сложената советска политика, која се одвивала преку Коминтерната, главно била декларативна и типично политичко-пропагандистичка.[681]

Многу позначајна била советската политика која се одвивала преку самите советски државни органи бидејќи таа по хиерархија била првенствена, а според карактерот, покрај декларативна, била и оперативна. Врз таа основа, советската државна политика не се занимавала со далечни цели и со модели на политика (што била функција пред сé на Коминтерната), туку се занимавала со далеку попрагматски и пооперативни политики кои реално менувале определен ред на работите, без оглед на тоа дали планот на Советите ќе испаднел успешен или неуспешен.[682]

Прва македонска организација која пристапила кон соработка со Советите биле федералистите[683], кои преку своите извештаи поприлично добро ја запознале советската страна со македонското прашање, со структурата на политичките сили во македонското движење и со нивната мрежа на теренот на Македонија. Во тој круг особено предначеле Тодор Паница, Славе Иванов и д-р Филип Атанасов, кои први добиле советска финансиска поткрепа за нивната дејност и за нивното гласило „Македонско сознание“.[684]

Првите посериозни контакти на СССР и Коминтерна со македонското ослободително движење датираат од времето на земјоделскиот режим, кога во Бугарија пристигнуваат претставниците на рускиот црвен крст на чело со Б. Николаев.[685]

Како што видовме целта на советските интереси била македонското ослободително движење да не биде искористено за исполнување на целите на буржоаските кругови во Балканските земји и во Европа воопшто. Токму затоа неофицијални претставници на Советска Русија, побарале врска со раководството на Македонската федеративна

---

[681] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671, C-CIII
[682] Ibidem, CV
[683] Оваа ориентација на демократските и прогресивните сили на македонското ослободително движење, уште во 1919 година, е најавена и со статијата на членот на раководството на Привременото претставништво Михаил Герџиков „Македонија, Париз и Москва“, каде што се кажува дека во случај македонското прашање да не биде решено на Париската мировна конференцијатогаш „нема да му биде чудно на никого, посебно не на париските делачи на правдата дека малите онеправдени и изоставени народи, како македонскиот, природно е дека ќе го оттргнат погледот од Запад и ќе го свртат на Исток, барајќи на таков начин заедно со своето осолобување и повеќе социјална справедливост“. (Бюлетин на временото претставителство на обединената бивша ВМРО, София 1919, бр. 3,10)
[684] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската..., к. II, 1-671, CV-CVI
[685] К. Плешитски, Македонското...(1918-1924), …233

револуционерна организација т.е. илегалното крило на федеративното движење, но за тоа биле информирани и членови на раководното тело на легалната Македонска емигрантска федеративна организација во Бугарија. Првите преговори биле водени со посредство со членот на Федеративниот комитет Павел Шатев.[686] Како левоориентиран македонски национален деец, Шатев по Првата светска војна, или поточно во втората половина на 1921 година ќе се приклучи во редовите на Македонската федеративна организација во Бугарија, која како легална и независна политчка организација од политиката на балканските држави беше широко прифатена од македонските емигрантски и бегалски маси во Бугарија. Прифаќајќи ја политичката платформа на оваа организација за разрешување на македонското прашање: „Создавање на Македонија во нејзините географски и економски граници во самостојна политичка единица како етапа за остварување на балканска федерација", Шатев ќе го поздрави и донесувањето на нејзиниот Устав, подвлекувајќи, притоа, дека: „Уставот со својата целост може да служи како база за постигнување на крајната цел: создавање на Македонија во една одделна политичка единица". И веднаш, како искусен револуционер и авторитет во македонското националноослободително движење, Шатев ќе биде избран за претседател на Основачкиот конгрес на Македонската емигрантска федеративна организација, одржан на 4 декември 1921 година во Софија. На Конгресот Шатев ќе биде избран и за претседател на Комисијата за „обединување" односно за постигнување договор со врховизираниот Исполнителен комитет на македонската емиграција во Бугарија пред „Обедилнителниот" собир на македонската емиграција.

Мошне активно учество Шатев ќе пројави и на Конгресот за обединување на македонската емиграција во Бугарија оджан од 28 до 31 јануари 1923 година во Софија. На Конгресот тој ќе биде избран за член на Уставната комисија и на Комисијата по правилникот за внатрешниот ред. Оценувајќи ја мошне загрижено исклучително тешката положба во која се најде македонската емиграција во Бугарија, Шатев веднаш по конгресот ќе истапи со посебна статија во в. „Независна Македонија", давајќи и на знаење на македонската емиграција, дека нејзиното обединување „е резултат на новото време, на новите услови во кои се наоѓа македонското прашање и новите околности при што во иднина ќе се води борба за

[686] Пачемска-Петреска Даринка, Македонската федеративна група во Виена и весникот „Македонско сознание" во периодот 1923-1925 година, ГИНИ, XXXI, 2, 1987, 122-123

слободата и независноста на Македонија". Апелирајќи за развивање поголема политичка дејност и помасовно организирање и вклучување на емиграцијата во „национални дисциплинирани организации и тела" тој, во истата статија ќе подвлече: „Само така ќе можеме како Македонци да опстанеме на нашата општа кауза пред сите големи и мали фактори во Европа и Америка, а особено пред светското општествено мислење".

Оваа негова политичка активност, не само како признат авторитет во раководните структури на македонската емиграција, туку и како искусен револуционер и национален деец со федеративни погледи, ќе го сврти вниманието и кај претставниците на Советскиот Сојуз и кај Коминтерната во Софија кои, меѓу другото, со својата стратегиска ориентација настојувале да го придобијат и македонското национално револуционерно движење на своја страна и во сојуз со разбранетото комунистичко движење на Балканот. Развојот на актуелните состојби и процеси во Бугарија, на Балканот и Европа што се однесувале на заземање било каков став во однос на решавањето на македонското прашање, а особено противречностите, меѓусебните идејни превирања и отворените судири на раководните струи во ВМРО, а секако под влијание на засилената комунистичка пропаганда од страна на Советскиот Сојуз, кај Шатев предизвикале промена во неговите идеолошки сфаќања и политички убедувања во барањето нови патишата за ослободување на Македонија. Само така може да се сфати неговото прифаќање за поврзување со претставниците на Советскиот Сојуз, цврсто убеден дека ослободувањето на Македонија може да се оствари преку поврзување на македонското национално револуционерно движење во сојуз и соработка со комунистичките, работничките и сите демократски движења на Балканот и Европа и со уверувањето дека само Советскиот Сојуз ќе му даде искрена подршка на македонскиот народ и на неговата борба за национална слобода.

Според изјавата на Шатев, претставниците на Советскиот Сојуз во Бугарија сами дошле во неговиот дом и му предложиле, во името на советската влада „финансиска помош" во заедничката борба на „сите Македонци" против предавниците на македонското дело.[687]

---

[687] Тодоровски Зоран, Павел Шатев и Мајскиот манифест, Зборник, Павел Шатев, Време – живот – дело (1882-1951), Прилози од научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Скопје 1996, 53-56

За својот прв контакт со Советите, Павел Шатев ги известил своите едномисленици (д-р Никола Иванов – федралист и Чудомир Кантарџиев – санданист) и врз база на опстојната анализа за состојбата во македонската емиграција и во македонското ослободително движење, од една страна и примамливата понуда за помош, од друга страна, тие заклучуваат дека соработката со Советите е од полза, уште повеќе кога се има предвид сериозниот расцеп во македонското движење. Во летото 1922 година тие изработиле опширен извештај за сосотојбата во македонското национално движење и Шатев истиот и го предал на на советската врска во Софија, која ветила дека ќе помогне.[688] Преку Шатев, советските емисари се поврзале скоро со сите најистакнати претставници на санданистите, А. Бујнов, Т. Паница, Ч. Кантарџиев и со федералистите, С. Ковачев, А. Јовков, д-р Ф. Атанасов, С. Иванов, д-р Х. Далкалачев и др.[689]

Во преговорите Павел Шатев настојувал да ги увери Советите од потребата движењето за ослобдување на Македонија да остане чисто национално, особено кога пред Шатев е поставено барањето за соработка со БКП. Во врска со ова, Павел Шатев соопштува: „Русите го застапуваа становиштето Комунистичката партија на Бугарија да биде во тек со работата на Организацијата на македонската емиграција и Македонците во Бугарија, и да соработуваат“. Шатев ја прифаќа соработката под понудените услови и со Советската разузнавачка служба и со БРП, но инсистира да не дојде, како вели тој „до слевање“. Под терминот „слевање“ Павел Шатев подразбираше, потиснување на националната за сметка на класната, комунистичка идеологија, или едноставно – губење на националниот идентитет на македонската емиграција и нејзиното движење. Формиран како национален деец тој не можеше и не сакаше да сфати, ниту да се сообрази со фактот, дека по Октомвриската револуција во Русија и победата на болшевиците (чии достигнувања воодушевено ги акцентираше), комунистите беа битен фактор во националноослободителните и револуционерните движења низа светот „затоа што тоа беше нивно време“.

Константа во соработката на Павел Шатев со Советската разузнавачка служба е исклучиво барањето за комплексно разрешување на македонското национално прашање и реската разграниченост меѓу национално-патриотската потреба и класната-

[688] Весковиќ-Вангели Вера, Павел Шатев и македонското национално прашање (според записниците од сослушувањето во УДБ-а), Зборник, Павел Шатев, Време – живот – дело (1882-1951), ... 86-87
[689] Тодоровски З., Павел Шатев и Мајскиот..., 57

комунистичка идеологија внатре во него, како и националното и политичкото разграничување од сите македонски фактори. Имено, Павел Шатев е длабоко уверен дека македонското националноослободително движење мора да остане чисто национално и самостојно, да биде вон идеологијата на комунистичките партии и туѓите влијанија што, од друга страна, не ја исклучуваше соработката со балканските комунистички партии, особено со бугарската и југословенската, бидејќи неговата основна преокупација е да се создаде општо национално ослободително движење во сите три дела на Македонија.[690]

Поаѓајќи од убедувањето дека спасот во ослободувањето на Македонија лежи во „обединувањето на сите македонски револуционерни сили", Шатев во преговорите со советските претставници ќе го вклучи и Тодор Александров како водач на најмасовно вооружената сила на ВМРО, сметајќи ја неговата организација „посилна и од самата бугарска држава". За остварување на оваа задача единствено Шатев ќе си дозволи да побара средба и да го придобие Тодор Александров за соработка со Советскиот Сојуз, и покрај неговото конспиративно делување и улогата и авторитетот што ги имал како неприкосновен водач на автономистичката ВМРО и бил непосредно поврзан со бугарските воени и реакционерни фактори. Имено кога првите обиди за воспоставување контакти со Т. Александров преку Илија Кушев пропаднал, Шатев самиот се зафатил преку Михаил Монев, зет на Т. Александров, да оди кај него и лично да разговара за поврзување на неговата организација со претставниците на Советскиот Сојуз. На средбата, откако Шатев му ја изложил новата политичка ориентација на ВМРО и потребата од „нови форми на борба", односно дека понатаму нее можно организацијата да се бори „со терор и со пари од казнување на населението" и дека Русите сакале да помагаат „со пари и со оружје на македонското движење", Т. Александров ја прифатил соработката со Советскиот Сојуз. Во понатамошните контакти и преговори, како што вели Димитар Влахов, била „скицирана идната платформа за заедничка дејност на Советска Русија и на организацијата на Т. Александров".

Федералистот Павел Шатев ќе се појави како мошне искусен конспиратор, организатор и дипломат, насочувајќи ги и контролирајќи ги сите контакти на

[690] Весковиќ-Вангели В., Павел Шатев ..., 88

претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната со организациите и разните струи и поединци во ВМРО во Бугарија. Тој, како што вели самиот, не влегол во раководното тело на Македонската федеративна организација, бидејќи требало да одржува постојани контакти со Русите. За таа цел, во пролетта 1923 година, Шатев отворил канцеларија, односно биро – претставништво како „камуфлажа“ за средбите со советските претставници. Оттогаш, всушност започнува неговата професионална разузнувачка служба со постојан месечен надомест од 3-4000 лева, известувајќи ги Русите „за македонските работи“.[691]

Откако била постигната начелна спогодба за продолжување на преговорите, била определена една делегација во состав: Ф. Атанасов, Сл. Иванов и Чудомир Кантарџиев, која требало да отпатува преку Виена за Москва и таму да постигне договор за соработка и подршка на Македонската федеративна организација.[692] Во јануари 1923 година федралистите д-р Ф. Атанасов и П. Шатев се нашле во Виена и започнале преговори со претставниците на СССР.[693] Во Виена исто така допатувал и Славе Иванов и на договорената прва средба во април 1923 година присуствувале само двајцата членови на ЦК на МФО Филип Атанасов и Славе Иванов, кои потоа набрзо отпатувале за Москва. За оваа посета на Москва зборува и Славе Иванов во неговите спомени.[694]

Во Москва Ф. Атанасов и Славе Иванов имале средби со Чичерин, Радек, Ѕерџински, Трилисер и др. на кои што им било сугерирано неодложно да се воспостави единство во македонското револуционерно движење, односно им било предложено да се постигне помирување помеѓу федралистите и ВМРО. Двајцата федералисти дошле до убедување дека Советскиот Сојуз бил готов да ја поткрепи нивната борба.[695]

Всушност во текот на овие средби и преговори што ги имале федералистите за време на тримесечниот престој во Советскиот Сојуз, во пролетта и летото 1923 година, се увериле дека и Советската влада, а и Коминтерната, внимателно ја следат активноста на македонските организации, струи и групи. Според нивните сознанија

[691] Тодоровски З., Павел Шатев и Мајскиот..., 53-58
[692] Пачемска-Петреска Д., Македонската федеративна група..., 122-123
[693] Плешитски К., Македонското..., 233
[694] Цитирано според. Петреска Д, ВМРО (об)..., 44
[695] Архив Србије, Београд, ф. Министарство војске и морнарице Главни генералштаб – Обавештајно оделење, архивска грађа 1924-1933, несређен материјал (Извештај без наслов по содржината од Славе Иванов. Цитирано според Петреска Д., ВМРО (об)..., 44; ЦПА ИМЛ. Москва,ф. ОБ, Но 16199, л.128 цитирано според. Плешитски К, Македонското..., 233

Советската влада била готова да им даде сестрана подршка на истите ако ги прекратат меѓусебните обвинувања и пресметувања, ако отфрлат секаква помош и соработка со реакционерните балкански буржоаски фактори, ако остварат организационо и акционо единство и ја поврзат борбата со другите угнетени народи и со работничките партии на Балканот. Во таа смисла и највисоките советски државници им сугерирале на овие претставници на Македонската федеративна организација и таа да ги прифати овие услови и да заработи во духот на новата прогресивна ориентација на македонското ослободително движење. Само во тој случај можела да смета на поддршка од Советскиот Сојуз.

Во таа смисла и била постигната спогодба. За да може што поуспешно да се популаризира оваа нова ориентација требало да се засили и печатно-пропагандната дејност. По враќањето од Москва Филип Атанасов и Славе Иванов се задржале во Виена, бидејќи поради деветојунскиот преврат и реакционерниот режим на Александар Цанков, не можеле да се вратат во Бугарија. Тука и реализирале една од задачите, која произлегла од споменатите преговори, издавањето на новиот македонски весник „Македонско сознание".[696] Д-р Филип Атанасов се вратил од Москва кон крајот на месец јули 1923 година откако како што вели тој „успешно ја решил задачата" – федеративното движење ја добило моралната и материјалната подршка[697] на Советскиот Сојуз. Покрај другото една од неговите први задачи била да го обнови контактот со Тодор Паница, член на ЦК МФРО, за која цел било испратено специјално лице – странец и писма дури во Одрин. Иако доста доцна, врската била воспставена и Тодор Паница кон февруари или почетокот на март 1924 година се појавил во Виена. До неговото доаѓање во Виена д-р Ф. Атанасов со своите другари делумно го воспоставиле речиси дезорганизираниот организациски апарат; веќе почнале да го издаваат весникот „Македонско сознание"; во јануари или почетокот на февруари 1924 година имале и конгрес во Виена на кој било основано и легално тело и организација при ЦК на МФРО. По пристигнувањето на Тодор Паница во Виена на една седница на ЦК на МФРО од страна на д-р Филип Атанасов бил поднесен исцрпен материјален и политички извештај. За преговорите водени уште во Софија помеѓу претставникот на Советскиот Сојуз од една страна и д-р Ф. Атанасов и Чудомир Кантарџиев, од друга,

[696] Пачемска-Петреска Д., Македонската федеративна група..., 122-123

[697] Во своите извештаи до советите федералистите постојано нагласувале дека можат да подготват борбени сили од „100-илјадна народна маса" но, за тоа се потребни големи материјални средства со кои нивната организација на располага. (Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во Советската..., к. II, 1-671, 20, 71-95)

со посредување на Павел Шатев, Паница бил целосно и своевремено информиран и целосно согласен.[698]

Членот на ЦК на МФРО и припадник на серската револуционерна група, Тодор Паница, (во Извештај за федеративното движење од 6 април 1924 г ) своето гледање на соработката со советите ќе го искаже со збоовите: „бидејќи ние серчани-федралисти сме длабоко убедени дека при денешната балканска и меѓународна политичка ситуација борбата за ослободување на Македонија како самостојна автономна единица и за остварување на Балканска Федеративна Република е невозможна без содејство на советска Русија и без соработка на македонското револуционерно движење со советската надворешна политика, јас сметам дека би било крајно корисно и целисходно тајното учество во централното раководство на нашето движење и на еден претставник на Советска Русија.“[699]

Било врз основа на лична нетрпеливост или врз база на политички разлики, со смислена активност и тактика и бугарските комунисти и советските разузнувачи кои престојувале во Бугарија преку различни мисии, поприлично ги разнишале односите во ВМРО, посебно релациите меѓу членовите на ЦК и меѓу нив и окружните раководители на ВМРО. Со време биле привлечени, покрај Чаулев, и Протогеров, Алеко Василев, Ѓорѓи Атанасов, Александар Бујнов, Панчо Михајлов, Владимир (Поп) Томов, Арсениј Јовков, Ѓорѓи Занков, Павел Шатев, Петар Шанданов и др. На сите нив и на нивните приврзаници, заедно со крилото на Серчани, советите и комунистите на БКП сметале како на левица во ВМРО која во згоден момент можела да ја преземе Револуционерната организација и да ја стави во функција на советската политика за револуционерна промена на балканските влади (каков што, на пример, беше случајот со советската политика кон Бугарија од 1923 година па сé до 1926 година). Најдоцна кон соработката пристапил Тодор Александров. Но и тој, во 1923 година, посебно по неуспешниот обид да добие поддршка од Англичаните и по неуспехот да оствари средба и да побара помош и од амбасадорот на САД во Бугарија, стапил во соработка со Советите.[700]

[698] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите на Коминтерната, книга прва, дел втори, ... д. бр.162, 1307-1309
[699] Ibidem, док. бр. 44, 385
[700] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., CVII

## 5.2. Виенските преговори и Мајскиот манифест 1924 година

Советскиот Сојуз сметал дека Версајскиот систем на држави на теренот на Балканските решенија треба да се растури и на негово место да се создаде Сојуз на балкански држави или на автономии (значи, или Балканска конфедерација или Балканска федерација).[701] Во спроведувањето на таквата политика советите тргнале да бараат свои сојузници во револуционерните движења на Балканот. По воспоставените контакти на Советскиот Сојуз со чинителите на македонското ослободително движење, кои што важеле за респектабилен фактор во него (федералисти, автономисти) започнале преговорите за обединување на истите, што кореспондира со советските интереси во тоа време. Преговорите се воделе од Софија, преку Виена и Москва за да бидат крунисани со познатите виенски документи од април-мај 1924 година.

Виена била центарот во кој се воделе преговорите меѓу споменатите страни, бидејќи претставувала место каде се наоѓале емигрантски политички и револуцинерни сили од сите балкански земји. Покрај раководители и членови на Балканските комунистички партии и национално революционерните организации, тука се наоѓале и раководните личности од БКФ, претставник на Коминтерна задолжен за работата со споменатите сили од Балканот, како и претставник на советската влада. Во јуни 1923 година бил формиран и Балкански револуционерен центар.[702]

Според Павел Шатев балканскиот револуционерен центар во Виена бил раководен од Државната политичка управа при Советот на народните комесари на СССР. Таму бил Димитар Влахов како претставни на Центарот (на Тодор Александров), д-р Филип Атанасов од федералистите и Тодор Паница од санданистите.[703] Покрај нив, според д-р Ф. Атанасов, кон крајот на 1923 година и во текот на јануари 1924 година во Виена се собрале десетина души федералисти, меѓу кои биле и Сл. Иванов, Гр. Костов, Карамитрев, Риндов, Тренчев, Греков, Миладинов и др., и обрзувале легален оддел на федеративната организација.[704]

---

[701] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна..., к. II, 1-671
[702] Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 51-51
[703] Весковиќ-Вангели, В. Павел Шатев ..., 91
[704] Палешутски К, Македонското... (1918-1924), ..., 234

За текот и атмосферата во која се водени Виенските преговори добиваме информации од извори од разните страни учеснички, кои не само што не се совпаѓаат во целост, туку и си даваат свое видување на овие настани. Што се однесува до причините за стапувањето на Тодор Александров во контакт со Советите и според изворите од федралистичките кругови и според Мемоарите на Димитар Влахов, кој бил негов ополномоштен за овие преговори, тие биле исти.

Во еден федралистички извор за текот на Виенските преговори прво се зборува за врските на членот на ЦК на ВМРО Чаулев со Никола Харлаков и со претставникот на СССР по балканските работи – Черски. Во тие контакти, се вели овде, првин Чаулев бил изложен на остри критики од страна на Черски поради крвничката улога што ја изиграла неговата организација во Бугарија со што извршила предавство на целите на революционерната организација ставајќи ја во служба на дворецот. Натаму, во овој федралистички извор се вели дека Чаулев ги информирал Александров и Протогеров за водените разговори и за потребата и готовноста тие да продолжат. Врз основа на овие информации, во Виена дошле Александров и Протогеров кои сами ги продолжиле разговорите и тоа врз следната основа: 1. ВМРО да се откаже да и дава подршка на владата на Цанков. Дури да се најде причина, да почне да работи против неа; 2. ВМРО да не ја прогонува комунистичката партија, ниту да и пречи во работата; и 3. ВМРО како идна цел да си постави создавање Балканска федерација. Таа се обврзала во овој дух и цел да ја насочи целата своја активност, широко да ги популаризира меѓу членството на организацијата резултатите од разговорите а исто така и меѓу македонските благотворни братства што ја подржувале автономистичката организација. Сето тоа требало да се изложи во еден манифест потпишан од тројцата членови на ЦК. Со овие услови и начин на организирање се согласил ЦК на ВМРО, со забелешка да се остави време од 3-4 месеци за да можат прво да се подготват повидните членови на Организацијата, а потоа да се објави Манифестот.

На овие барања на ЦК на ВМРО, рускиот претставник се согласил, но предложил текстот на Манифестот за кој се постигнала согласност да се редактира и веднаш да се потпише од тројцата членови на ЦК и да се остави кај него. Предлогот бил прифатен. Предложениот текст го потпишале Александар Протогеров и Чаулев и му го предале на чување на Черски.[705]

---

[705] Катарџиев И., Време..., 239-240

Овој извор кој без сомневање потекнува од федралистички кругови, говори уште за преговорите на Чаулев и Влахов, кои биле овластени од ЦК на ВМРО за тоа, со претставниците на ЦК на Федративната организација. Во преговорите меѓу двете организации се постигнала согласност, прво, да се прекине со меѓусебните прогонувања, а потоа да „се подготви заеднички конгрес на кој да се избере нов ЦК".[706]

Според д-р Ф. Атанасов, по пристигнувањето на Паница во Виена во март 1924 година Голдшајн настојувал на средба со Влахов, Чаулев и Паница. Тодор Паница го отфрла ова барање бидејќи бил противник на помирувањето меѓу ВМРО и федралистите, кон кои припаѓал и самиот. По долги настојувања од страна на Голдшајн и на други федералисти оваа средба била реализирана. На неа присуствувал и д-р Атанасов. Било разгледувано прашањето за помирување со ВМРО, за кое најмногу инсистирале Влахов, Чаулев и Голштајн. Федералистите барале преговорите да се одвиваат во присуство на целиот ЦК на ВМРО, како не би се повторила историјата со Тиранскиот протокол (помирување), кога Протогеров се откажал од својот потпис и целата одговорност паднала врз Филип Атанасов.[707] Нивиниот услов бил прифатен. За реализација на ова барање на федералистите, од Софија биле повикани Т. Александров и Протогеров. Во разговорите активно учество земал и Харлаков. Од страна на федералистите ополномоштен за преговори бил д-р Филип Атанасов, а од ВМРО Влахов и Чаулев. Преговорите се водат во присуство на Голштајн и Харлаков.[708]

На д-р Филип Атанасов му била дадена можност прв да предложи услови за помирување. „По долги расправи – пишува д-р Атанасов – јас го предложив следното: од ЦК на ВМРО да излезе ген. Протогеров, и на негово место да влезе лице, кое ќе биде посочено од нас. Тоа лице беше Чудомир Кантарџиев, кој што се наоѓаше во Бугарија и чие име не можев да го соопштам, затоа што не бев сигурен, дека овој наш предлог ќе биде прифатен. Овој мој предлог, главно од генералот Протогеров, беше отфрлен".[709]

---

[706] Ibidem, 240 -241

[707] Архив на МВР, ф. ОБ, Но 16199, л. 128. Цитирано според:. Палешутски К, Македонското...(1918-1924)..., 235

[708] Палештски К., Македонското... (1918-1924), ... 234-235

[709] Архив на МВР, ф. ОБ, Но 16199, л. 128. Цитирано според: Палешутски К., Македонското... (1918-1924), ... 235

По доста преговори помирувањето било постигнато макар и теоретски. Било донесено решение да се издава в. „Балканска федрација“. За него, според д-р Ф. Атанасов, ВМРО ветила да одобри 150 000, а федралистите – 100 000 лева. За главен редактор на весникот бил назначен Харлаков. Д-р Атанасов тврди, дека лично видел документ, напишан своерачно од Т. Александров, во кој што пишувало, дека откако Ст. Мишев и неговите другари ќе извршат сериозна акција против србите, тој ќе може да се врати во Бугарија и да го превземе раководството на Петричкиот округ[710].

Во периодот, во кој се одвивале Виенските преговори, федералистот Тодор Паница, кој заедно со д-р Ф. Атансов ги водел преговорите за обединивање на македонското движење во Виена, изготвил Извештај за македонското федралистичко движење, потпишан од него во Виена на 6 април 1924 година. [711] Одкако дава негово видување за појавата и развојот на федративното движење во рамките на македонското ослободително движење Паница констатира дека плод на нивните досегашни усилби за одржување на тоа движење била и тогашната федралистичка струја на чело со д-р Ф. Атанасов. Во составот на федралистичката струја влегуваат дел од луѓето на старата Серска група, испробани и убедени федралисти, меѓутоа како што вели Паница „поголемиот дел се состои од новодојдени луѓе од другиот табор, воопшто со буржоаски сфаќања по другите прашања кои, меѓутоа, го гледаат спасот на македонската национална кауза во федерализмот. Многу од овие последните се соединуваат кон федралистите и поради безобзирната борба на Т. Александров и нивните диктаторски аспирации и потфати“.[712] Според Паница „доколку во федралистичкото движење преовладуваат буржоаските елементи, треба да се има предвид дека соработката со него може да биде само привремена и додека продолжува жестоката борба со лажните автономисти на Т. Александров и Протогеров. За да биде искористена подобро таа соработка, треба да биде ставена под раководство на еден здрав и сигурен центар во кој ќе влегуваат луѓе од старата Серска група или луѓе со комунистички или блиски до нив разбирања, зашто, според **мое длабоко убедување, само комунизмот може да даде најправилно решение на балканските и особено на македонскиот проблем преку идејата за федерализам.**“[713]

---

[710] Ibidem, л. 129
[711] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите,...., Дел 1, ..., док 44, 373-387
[712] Ibidem, 377
[713] Ibid.

Тодор Паница не бил член на Бугарската комунистичка партија, и за неа смета дека до септемвриските настани таа допуштила многу тактички грешки по однос на македонското револуционерно движење. Но, сепак тој стои целосно на комунистичкото сваќање за националните балкански проблеми и смета дека само преку блиска соработка на балканските комунистички партии со националните револуционерни движења може да се постигне ослободување на Македонија и организирање на балканските народи во една Балканска Федеративна Република. Тргнувајќи од тоа гледиште, понатаму во Извештајот, Паница на некој начин апелира до Советските фактори навремено и целисходно да им дадат соодветни инструкции на комунистичките партии на Бугарија, Србија и Грција морално и материјално да го подржат македонското федеративно движење. Паница смета, дека најреална подршка би била доколку активни комунисти од тие партии што се занимаваат со националните прашања влезат како редовни членови на легалната и илегалната федеративна организација на Македонија и преку својата активност внатре во неа се издигнат до положбата да заземат раководни места во таа Организација (во месните групи, окружните и централните комитети, борбените чети и др.).[714] „Тоа особено се наложувало да се случи уште сега, кога ќе отпочне поинтензивна работа за реорганизирање на федеративната струја и нејзина порешителна борба против нејзините непријатели."[715]

Тодор Паница со убедителен тон, ги известува советите дека македонското федеративно движење имало многу голема подршка кај населението во трите дела на Македонија и укажува дека само недостигот на доволни материјални средства се јавува како единствена пречка за разгранувањето на една поширока масовна организација и за една поголема борбена готовност. Оваа состојба според него налага засилување на федеративното движење (и легално и илегално) во сите делови на Македонија и додека да се создаде во Македонија или блиску до неа блиските погранични реони еден авторитетен и доста искусен раководен центар, се налага неговата улога и функции да му се доверат на Задграничното претставништво во Виена. Тоа требало да ги изработи идејните и организациските директиви и да ги спроведува во одделните реони.[716]

---

[714] Ib.
[715] Ib
[716] Ib, 379-385

„Нему ќе треба да му се довери уредување на орган што ќе ја брани легално идејата за автономна Македонија и Балканска Федеративна Република.

Од негово име ќе треба да се делегираат специјални, доволно авторитетни мандатори во Албанија, Бугарија, Грција и Србија кои одблизу ќе ја раководат горенаведената организациска и борбена работа.

За таа цел Задграничното централно раководство, за да има потполн авторитет и идејно и оргнизациско искуство, треба да се организира на следниот начин:

Во него да влезат најмалку двајца од старите испробани дејци на бившата Серска револуционерна група кои по убедување се комунисти или симпатизери на комунизмот, едниот од нив задолжително треба да биде Чудомир Кантарџиев,[717] (Него го спомнува и Ф. Атанасов – погоре во текстот) кој одговара на горните услови и има квалитети да превземе раководна, идејна и организациска улога во тоа Задгранично централно тело.

Освен тие двајца членови, во Задграничното централно тело треба да влезат уште еден или двајца претставници на младата федералистичка струја.

Независно од тоа, во Задграничното тело треба да влезе еден целосно информиран комунист, кој го познава македонскто револуционерно движење и неговите борби против освојувачката политика на балканските држави.

Тој ќе има задача на идеен, од комунистичкото гледиште издржан советник на Задграничното центарлно тело и на неговиот Секретаријат.

Бидејќи ние, старите серчани-федралисти сме длабоко убедени дека при денешната балканска и меѓународна политичка ситуација борбата за ослободување на Македонија како самостојна автономна единица и за остварување на Балканска Федеративна Република е невозможна без содејство на Советска Русија и без соработка на македонското револуционерно движење со советската надворешна политика, јас сметам дека би било крајно корисно и целисходно тајното учество во централното раководство на нашето движење и на еден претставник на Советска Русија.

[717] Од Циркуларот на ЦК на ВМРО од 2 август 1924 г. дознаваме дека Т. Александров и А. Протогеров добиле впечаток дека членовите ЦК на МФО како четврти член на ЦК сакале да влезе нивниот другар Стојан Мишев. Види: Се за Македонија, ... д. бр. 117, 373

При таква организација на Централното раководство за активирање на погоренаведениот план, јас сум длабоко убеден дека во скоро време ние ќе го имаме во свои раце целото македонско револуционерно движење, преродено, моќно засилено кое ќе стане моќен лост за свртување на целата балканска политика против балканскиот и европскиот империјализам."[718]

Текот на преговорите и потпишувањето на Мајскиот манифест во Виена со особено внимание биле следени и од федралистот Павел Шатев, кој се наоѓал во Софија и доставувал седмични извештаи на Советскиот центар за политичката состојба во Бугарија и за односите на ВМРО со бугарската влада, со дворот и со БКП.[719] Притоа тој остварувал постојани контакти со сите организации и политички партии во Бугарија, првенствено со разните струи на ВМРО (на македонското ослободително движење МН), како и со одделни членови на ЦК на БКП.[720]

Ќе се осврнеме уште на еден извор за Виенските преговори и потпишувањето на Мајскиот манифест, а тоа се Мемоарите на Димитар Влахов-директен учесник во овие настани, ополномоштен од страна на Тодор Александров. Димитар Влахов иако бил во средиштето на овие разговори сепак во своите Мемоари дава крајно оскудни информации за нив. Влахов во својата статија „Кои са гузни" објавена во в. „Балканска федрација" во врска со Виенските преговори пишува: „јас бев претставник на ЦК на ВМРО. Бев задолжен да водам преговори за заедничка работа со факторите што се интересираат за македонското движење. Имав и писмен проект на спогодба...инструкции. Тоа беше во месец декември 1923 година. Врз основа на тие инструкции ги водев преговорите".[721] Во своите мемоари Влахов ги набројува факторите кои на некој начин работеле на создавање на единствен балкански револуционерен фронт: „претставниците на Советска Русија, претставниците воопшто на Балканскиот револуционерен центар, кој се состоел од Косовци, албански прогресивни дејци, добруџански дејци, еден претставник на Западно-тракискиот комитет, со Црногорци, противници на хегемонистичкиот режим на Југославија, со Хрвати, борци за своето ослободување (од партијата на Стјепан Радиќ), а исто така и со претставници на Балканската комунистичка федерација, претставувана главно од

[718] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите,...., Дел 1,..., док 44, 385-387
[719] Тодоровски З, Павел Шатев и Мајскиот..., 60
[720] Ibidem
[721] В. „Балкнска федрация" бр. 7-8, 15 ноември 1924

Димитров и Нахим Исаков."[722] Покрај тоа Димитар Влахов имал средби и со „одделни дејци на комунистичките партии во балканските држави, како Филип Филиповиќ (Бошковиќ), бивш претстедател на белградската општина и член на Уставотворната скупштина избран од Велес, Македонија, Ѓуро Цвијиќ и ред други дејци на КПЈ"[723]

Понатаму Димитар Влахов ја потенцира својата главна задача, за која бил испратен во Виена, а тоа е „да се изработи една платформа за заедничка работа на организацијата на Тодор Александров со Советска Русија и воопшто со Балканскиот революционерен центар".[724] Влахов отценува дека разговорите со Советска Русија не се одвивале добро, прво, поради различните цели на Советска Русија и на организацијата на Тодор Александров, и второ поради фактот што третиот член на ЦК на ВМРО Петар Чаулев бил во разногласие со другите двајца членови на ЦК, Александров и Протогеров, а особено со Протогеров. Во овие разногласија на членовите на ЦК на ВМРО Димитар Влахов на извесен начин посредувал во нивната меѓусебна комуникација. На средба, организирана од него, помеѓу Чаулев и Александров станало збор дека за прво време треба да се работи на постигнување на разбирање со Македонската федративна организација, водена од Тодор Паница и д-р Атанасов. Тоа било прифатено и Димитар Влахов бил ополномоштен да влезе во врска со МФО „за да се стави крај на взаемното преследување, а и за да се постигне обединување на македонското ослободително движење врз прогресивна база. Во таа смисла тие ни ги дадоа и нужните упатства" вели Влахов.[725]

По утврдените принципи, според кажувањето на Димитар Влахов во своите мемоари, не биле изработени било какви писмени инструкции за водење на преговорите. Тој и Петар Чаулев биле задолжени да ги водат преговорите со „Македонската федеративна организација (претставувана од Т. Паница), со Албанци, Хрвати, Црногорци и со другите балкански народи".[726] Во преговорите меѓу ВМРО и МФО посредувал и на нив присуствувал претставниокт на Советска Русија (СССР) Черски. Овие преговри довеле до потпишување на Протокол за спогодба меѓу ЦК на Македонската федралистичка револуционерна организација (ВМФРО) и ЦК на Внатрешната македонска револуционерна организациај (ВМРО), потпишан на 11

[722] Влахов Д., Мемоари..., 232
[723] Ibidem, 232-233
[724] Ibid., 233
[725] Ib, 234-235
[726] Ib., 235

април 1924 година од делегатите и членови на ЦК на МФРО д-р Атанасов и С. Иванов од една страна и П. Чаулев и делегат и член на ЦК на ВМРО и Д. Влахов – делегат на ЦК на ВМРО. На оваа средба, откако биле ислушани заемните декларации за општата политичка ситуација и за положбата на Македонија и откако е констатирано дека „во иднина е можна заедничка револуционерна активност за ослободување на Македонија како независна историска единица што ќе влезе во составот на Балканската Федерација, преку заедничка решителна борба против европскиот и балканскиот империјализам што го спроведуваат владите на балканските држави, која борба, според нивно заедничко убедување, треба да се потпира исклучиво врз револуционерните сили и движења во балканските земји обединети во еден заеднички балкански револуционерен фронт и врз можната подфршка од Советска Русија, дошле до еднодушна спогодба и согласност: 1. Да се прекинат секакви непријателски дејства меѓу двете страни за да отпочнат преговори за обединување на двете организации; 2. Двете страни се задолжиле да направат итни постапки пред сите свои органи за прекинување на секакви непријателски активности и прогонување меѓу себе. Овој Протокол бил составен со посредување и присуство на претставникот на СССР Черски во еден единствен примерок, кој ќе се чува кај него.[727]

Во процесот на Виенските преговри Димитар Влахов прашањето за спогодба помеѓу ВМРО и МФО го отценува како најтешко и најпроблематично. Тешкотиите во овие преговори доаѓале како од едната, така и од другата страна. И понатаму Влахов ќе рече: „Спогодбата меѓу ВМРО и Македонската федративна организација се постигна при содејство на пријателите на каузата за ослобдувањето на Македонија од другите балкански национални организации“,[728] што укажува на сериозноста на овој момент што можело да ги доведе во прашање водените преговори. Димитар Влахов не навлегува подетално во текот на преговорите меѓу ВМРО и МФО, не ги објаснува разидувањата во текот на преговорите, различните ставови и гледања, или како што вели тој „тешкотиите“ за разбирањето на овие две македонски организации. Не навлегуваме во тоа од кои причини овој момент од преговорите останува недоволно објаснет од негова страна.

Членовите на ЦК на ВМРО Тодор Алексндров, Александар Протогеров и Петар Чаулев требало првин да дадат изјава дека нивната организација ќе води самостојна

[727] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите....., Дел 1, ...., док. 47, 397
[728] Влахов Д., Мемоари, ...235

револуционерна борба и дека е готова да влезе во единствен револуционерен фронт со останатите македонски организации и групи за воспоставување единство во македонското револуционерно движење. Токму за тоа требало да се отстранат конфликтите и недоразбирањата меѓу Тодор Александров и Александар Протогеров од една страна и Петар Чаулев од друга страна. Имено Петар Чаулев од 1921 година се наоѓал во Албанија и повремено во Италија. Тој по Деветојунскиот преврат, а особено по Септемврискoто востание, ги осудил другита два члена на ЦК за нивните врски со оние сили кои го извршиле превратот во Бугарија и за убиствата македонските работници и селани во Пиринска Македонија. Тој ги согледал изживеаните методи на ВМРО од четничкиот период и се искажал за народна револуција, која ќе се темели врз сопствените сили и ќе се стреми за полна слобода на македонскиот народ, а не за револуционерни предизвикувања, кои имаат за цел да предизвикаат туѓо мешање.[729] Според неговите изјави Македонија нема да ја добие својата слобода „со бесен национализам". Тој пат е изгубен. Македонија ќе ја добие својата слобода само преку „интренационализам", т.е. преку заедничка борба со другите поробени народи на Балканот и во сојуз со угнетените класи. Македонското национално-ослободително движење ќе има успех само ако биде подкрепено од комунистите во балканските земји.[730]

Како резултат на овие преговори ЦК на ВМРО прифаќа една принципиелна Декларација на 29 април 1924 година. Декларацијата била потпишана од сите членови на ЦК на ВМРО.[731] Во неа членовите на ЦК на ВМРО Тодор Александров и Александар Протогеров се откажуваат од нивната дотогашна револуционерна улога во македонското движење, и изјавуваат дека ја прифаќаат самостојната национално-револуционерна борба, потенцирајќи дека „ВМРО најрешително ќе ја засили својата борба како против српската и грчката така и против бугарската влада, кои се или можат да бидат орудија на своите или на туѓи империјалистички стремежи кон Македонија"[732]. Понатаму ВМРО декларира спремност за соработка за поскорешно остварување на единствен балкански револуционерен фронт, и затоа „ќе стапи во тесен

---

[729] Петар Чаулев, „Македонско дело", 1/16,17 (1926), 4-5, 5-6 цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 54-55

[730] Ibidem

[731] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите,....., Дел 1, .... док 56, 439-443; Изменнците на македонското, ..., 53-55; Докумнети за борбата на Македонскиот народ..., Т. 2. III, 48; ВМРО (обединета), Документи и материјали. Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1991, книга.1, Док. 1, 55-57

[732] Ibidem

контакт и ќе ја усогласи својата борба со борбата на сите вистински революционерни движења во другите балкански земји кои го прифаќаат и се борат за вистинското самоопределување на своите народи, за ослободување и обединување на Македонија во самостојна политичка единица и за нивно рамноправно сојузување во една Балканска федерација. Организацијата ќе влезе во контакт со комуниситчките партии во балканските држави.[733] Што се однесува до македонското движење ВМРО смета дека „за формирање на единствен балкански револуционерен фронт од суштинско значење е групирањето на сите револуционерни елементи на македонското движење во единствен македонски револуционерен фронт.“[734] Во тој дух е напишана целата декларација.

Утредента на 30 април, меѓу централните комитети на ВМРО и МФРО е потпишан друг програмски документ „Протокол за обединување на македонското револуционерно движење“.[735] Тој Протокол бил составен во два примерока и пооделно, потпишан од центарлните комитети на ВМРО и Македонската федеративна организација. Потписите на членовите на секој комитет биле ставени на одделен идентичен примерок, затоа што, „како членовите на едниот, така и членовите на другиот комитет, не сакале да ги стават своите потписи на една иста хартија“.[736] Ова го потврдува меѓусебното расположение на двете страни во случајов, кое што, како што видовме погоре, ни го наговестува Димитар Влахов во своите мемоари. Тој ги содржи главните принципи врз кои требало да се обединат ВМРО и Македонската федеративна организација во единствена македонска национална организација. Во Протоколот двете организации се изјасниле дека го прифаќаат како основна цел на нивната револуционерна борба, ослободувањето и обединувањето на Македонија во „една наполно независна самостојна политичка единица” која ќе влезе како рамноправен член во идната балканска федерација. Двете организации се обврзуваат, да ги обединат и да ги подготвуваат сите револуционерни сили од македонскиот народ без разлика на нивната верска и национална припадност, за организирана масовна револуционерна борба. За исполнување на оваа своја револуционерна задача двете организации ќе настојуваат да воспостават потесни контакти и да добијат подршка од

[733] Ibid.
[734] Ib.
[735] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите,..., Дел1, ..., док 57, 443-447; Изменнците на македонското, ..., 55-56; Докумненти за борбата на Македонскиот народ, ... Т. 2. III, 49; ВМРО (обединета). Документи и материјали...Т.1, Док. 2., 57-59
[736] Влахов Димитар, Мемоари, ..., 238; Изменниците на ..., 55 (до сега не ни е познат овој документ со потписите на федралистите МН)

револуционерните и националните движења на останатите угнетени балкански народи, од балканското комунистичко движење, од револуционерните и прогресивните движења во Европа и во Советскиот Сојуз.

Двете организации како заедничка задача ќе ја имаат и работата околу создавањето единствен балкански револуционерен фронт „кој ќе поведе најрешителна борба против анексионистичката и империјалистичката политика на сите балкански и европски држави".

На крајот од Протоколот двете организации ја изнесуваат својата спремност да се обединат во единствена организација на посебен конгрес, кој ќе се свика кога ќе бидат извршени сите потребни подготовки за обединувањето.[737]

Двата програмски (Декларацијата и Протоколот) документи не биле наменети за јавно публикување. Меѓутоа, за да се запознаат јавно македонскиот народ, македонската емиграција и општественото мислење на Балканот за новите принципи врз кои ќе се води национално-ослобдителната борба на македонскиот народ, било решено ЦК на ВМРО да објави еден посебен документ - Манифест до македонскиот народ, до организираното револуционерно население и до македонските револуционери во Македонија[738]. Во овој документ трабало да се изнесе новата политика на Организацијата. Манифестот бил потпишан на 6 мај 1924 година.[739]

Во почетокот на Манифестот се изнесени поволните природно-географски, економски и стратегиски услови, кои и даваат на Македонија полно право на самостојно политичко постоење, како независна држава со самостојна управа". Најсилен доказ на правото на македонскиот народ да има своја независна и слободна држава е неговата вековна бороба против турското господство и неговото спротивставување на завојувачките стремежи на балканските монархии, како и учеството на македонскиот народ во сите востанија и револуционерни движења и во сите војни на Балканот на страната на силите кои војуваат за ослободувањето и самоопределувањето на балканските народи.

---

[737] Поповски Вл., Жила Л, Македонското прашање во документите...„ Дел 1, ... док 57, 443-447

[738] Ibidem, док 61, 471-487; Измениците на македонското, ...., 57-63; Докумненти за борбата на Македонскиот..., Т. 2. III, 88-94; ВМРО (обединета), Документи и материјали.... Т.1, Док.3.

[739] Иако на факсимилот на тој документ објавен во брошурата Измениците на македонското дело како датум фигурира 5 мај 1924 година, сепак според сите извори потпишувањето се случило на 6 мај 1924 година. За тоа види повеќе: Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите....., Дел 1, ..., 469-471, 487

Во Манифестот понатаму, е направен краток преглед на односите на европските империјалистички сили и балканските монархии кон борбата на македонскиот народ, во време на Илинденското востание, Балканските и Првата светска војна. Во сите овие судбоносни моменти за македонскиот народ споменатите фактори ја покажале својата вистинска улога, односно дека ниеден од нив не е заинтересиран за добивање за вистинските права и слободи на угнетениот македонски народ. ВМРО зема поуки од овие историски настани и доаѓа до заклучок дека во својата борба за ослободување на Македонија може да смета само на „крајно прогресивните револуционерни движења во Европа, кои се борат против иперијалистичката политика на своите влади, против постоечките мировни договори, а за вистинското самоопределување на своите и туѓи народи".

Во Манифестот значајно место им е посветено на балканските капиталистички држави меѓу кои е поделена Македонија и на нивните аспирации за заграбување на цела Македонија. ВМРО при тоа ја осудува политиката на сите балкански влади, кои се јавуваат како главни непријатели на „слободното и политичкото постоење на Македонија". Оваа организација изјавува дека е готова да води борба против реакционерните режими во Грција, Кралството СХС и Бугарија и против нивната денационализаторска политика кон македонскиот народ.

Во Манифестот најстрого се осудува зближувањето на владата на Александар Цанков со владата на Кралството СХС и се протестира против преземените мерки од Цанковата влада за ограничување на активноста на ВМРО, како и за забранувањето на легалните македонски весници во Бугарија и апсењето на неколку стотини Македонци, кои се обвинети дека имаат врска со ВМРО. ВМРО во манифестот изјавува дека таа во зависност од новите принципи може да даде подршка само на една народна демократска влада во Бугарија која нема да управува со терор и вонредни закони и која ќе биде готова искрено да ја подржи борбата на македонскиот народ за национално ослободување и обединување.

Во завршниот дел на Манифестот ВМРО упатува повик до сите револуционери од македонското движење да се заземат за создавање на единствен македонски и единствен балкански фронт. Самата ВМРО изјавува дека ќе ја насочи својата активност токму во тој правец и затоа „ќе ги прекрати сите прогони и ги отфрла сите егзекутивни мерки и пресуди против одделни македонски дејци, групи, организации и струи, штом

тие искрено ќе застанат на страната на вистинската револуционерна борба, во духот на овој Манифест и подадат рака за општа борба под знамето на Балканската федерација".[740]

Новите идеи и принципи набележани во споменатите документи се прифатени од Серчани, кои уште во почетокот на преговорите ја дале својата согласност, потоа од комунистите Македонци, од Илинденската и Федеративната организација.[741] Уште за време на водењето на завршните преговори во Виена, во Бугарија и во Пиринскиот дел на Македонија се водат преговори меѓу претставниците на БКП – групата комунисти околу Димо Хаџи Димов, од Илинденската организација – групата околу Арсениј Јовков и Георги Занков и од ВМРО – војводата Алеко Паша, за постигнување согласност за изградување единствен македонски револуционерен фронт на самиот терен.[742]

Во исто време, врз основа на прифатените принципи за обединувањето на сите македонски револуционерни сили, т.е. за формирањето обединет македонски фронт меѓу другото било **решено, од македонските претставници во парламентите во земјите во чиишто граници се наоѓаат делови од Македонија да се пристапи кон формирањето на македонски парламентарни групи**. [743] Во духот на тоа решение членовите на ЦК на ВМРО си земале задолжение да извршат притисок врз македонските пратеници во 20-то Бугарско народно собрание да оформат одделна парламентарна група чијашто активност ќе произлегува од принципите на Манифестот. За таа цел е подготвена специјална „Декларација на македонската парламентарна група"[744], која потоа е потпишана од Протогеров и Чаулев и ополномоштени од Тодор Александров тие двајца го потпишале и него. Истата требало да биде прифатена, потпишана и прочитана од македонските пратеници во бугарското Народно собрание.[745]

---

[740] Ibidem

[741] Измениците..., 72; Изјава на Павел Шатев, ... 6

[742] Цветковска Н., Политичката активност..., 141-142; Заговорътъ противъ Тодоръ Александровъ по данни на Вътрешната македонска революционна организация, София 1924, 63; Мартулков Ал., op. cit., 365

[743] Катарџиев Иван, Време..., 254-255

[744] ВМРО (обединета), Документи и материјали. ....Т.1, Док. 4, 66-70; Предавниците на македонското дело, Скопје 1983, 133-137

[745] Предавниците на македонското дело, ...133-137

Објавувањето на Мајскиот манифест, а особено дали неговото публикување е преурането, го привлекува вниманието на повеќе учесници и современици на овој настан. Според оценките на некои од нив (Шатев, Славе Иванов, Ризо Ризов), Мајскиот манифест бил објавен на иницијатива на Димитар Влахов и Петар Чаулев, а под притисок на претставниците на Советскиот Сојуз и Коминтерната за да го компромитираат Тодор Александров пред бугарските фактори и покрај неговото настојување да не се брза со објавувањето на Манифестот. Ова барање Т. Александров го оправдувал со мотивација да добие во време за да го сондира мислењето на неговите луѓе во раководството на организацијата, барајќи притоа Манифестот да биде одобрен на општ конгрес на ВМРО.[746] Инсистирањето за објавување на Манифестот од страна на Чаулев е потвредено и во едно писмо од ополномоштениот претставник во Австрија В. Х. Аусем (No 133) до народниот комесар за надворешни работи Г. В. Чичерин од 16 јули 1924 година, во кое меѓу другото пишува: „Сега се води телеграфска преписка меѓу Чаулев и Александров во која првиот инсистира на објавување на манифестот, а вториот ги моли него и Влахов да дојдат за некои советувања. Ако за најскоро време не се добие позитивен одговор од Александров, манифестот ќе биде објавен без согласноста на Александров“.[747] И според еден федералистички извор всушност уште во текот на преговорите ЦК на ВМРО се согласил да го потпише Манифестот, „со забелешка да се остави време од 3-4 месеци за да можат прво да се подготват повидните членови на Организацијата, а потоа да се објави Манифестот“, што како предлог било и прифатено.[748]

Со ваквиот избрзан потег, всушност била изречена смртната пресуда на Т. Александров од страна на бугарските владини и воени кругови (и Иван Михајлов МН). Подоцна и самиот Шатев ќе протестира кај Д. Влахов и ќе ја осуди неговата постапка со објавувањето на Манифестот без согласност од Т. Александров.[749]

Ваквото становиште денес е присутно и во поновата бугарска историографија за што, при оценувањето на околностите што довеле до објавувањето на Манифестот, се подвлекува дека е направена „неспорна грешка“ во неговото прерано соопштување пред јавноста без да се добие согласноста на Т. Александров. Притоа и на самите

---

[746] Тодоровски, З., Павел Шатев и Мајскиот..., 60-61

[747] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна...., кн. II, 1-671, ...No 109, 401

[748] Катарџиев И., Време..., 240

[749]. Тодоровски З, Павел Шатев и Мајскиот..., 61

седници на ЦК на БКП и на Президиумот на БКФ најостро се осудувало „пребрзото" објавување на Манифестот, а ваквиот чин се проценувал како „голема грешка со најтешки последици". Публикувањето на Манифестот доведе и до остри судири, разногласија и поделеност меѓу членовите во раководството на ЦК на БКП, при што било укажувано и на последиците за македонското ослободително движење.[750]

Според Димитар Влахов на него и на Петар Чаулев со една телеграма од 5 јуни 1924 година од членовите на ЦК на ВМРО Тодор Александров и Александар Протогеров им било наредено да не го публикуваат Манифестот и да не превземаат никакви мерки за издавање на в. „Балканска федерација".[751] Петар Чаулев, како трет член на ЦК на ВМРО не се покорил на оваа наредбата и го публикувал Манифестот во првиот број на в. „Балканска федерација" од 15 јули 1924 година. И Илинденската организација го публикувала Манифестот во нејзиниот орган „Илинден". Јавното објавување на Манифестот дало можност на македонскиот народ и македонската емиграција во Бугарија да се запознаат со идеите и принципите содржани во истиот.

Откако не успеале да го оневозможат, според нив преранoто публикување на Манифестот Тодор Александров и Александар Протогеров со Декларацијата на ЦК на ВМРО од 1 август 1924 година, потпишана од А. Протогеров и Т. Александров[752] го негираат своето учество во Виенските преговори и постигнатата спогодба со Советскиот Сојуз и Коминтерна и изјавуваат дека не потпишале никаков Манифест, туку дека тоа било дело на комунистите. Тие објаснуваат дека ВМРО била национална организација, дека во неа има членови од сите класи и слоеви, дека како таква ќе соработува со сите општествени сили во балканските и европските држави кои се за самоопределување на народите и кои ќе ја подржат борбата против угнетувачите на Македонија и дека ВМРО не можела да биде слуга на ниту една држава ниту партија и немала намера да се меша во внатрешнополитичкиот живот на Бугарија. Сите требало да разберат дека ВМРО единствено е компетентна да ја насочува својата дејност за остварување на својот идеал „слободна и независна Македонија".[753] После оваа Декларација со Циркулар на ЦК на ВМРО од 2 август 1924 година, исто така потпишан само од двата членови на ЦК Т. Александров и А. Протогеров[754], биле искажани

[750] Ibidem
[751] Предавниците на македонското,... 140
[752] Сé за Македонија, .... д. бр. 116, 357-361
[753] Ibidem
[754] Ibid., .д. бр. 117, 363-381

нивните гледишта за односот на организацијата кон владите на Ал. Стамболиски и Ал. Цанков, за преговорите со претставниците на Советскиот Сојуз, Коминтерната и БКФ, ги изнесуваат условите што им биле поставени од страна на споменатите претставници и за дистанцирањето на ВМРО од дејствата на П. Чаулев и Д. Влахов. Александров и Протогеров се навраќаат на изминатиот период од крајот на Првата светска војна и причините за најновите судири ги бараат во изминатите поларизации и судири во македонското револуционерно движење и целокупната вина ја префрлаат на дејците околу Димо Хаџи Димов, како и на македонските федералисти, комунистичките партии, Третата интернационала, како и на владата на Стамболиски. Вината се фрла на идејните противници, повеќето Македонци со леви идејни определби и на македонските федералисти, за кои се тврди дека сите биле соработници на српските власти. Во писмото се изнесени повеќе услови што им биле поставени од страна на советските претставници, кои не биле прифатливи за Протогеров и Александров. Тие сметале дека Влахов и Чаулев биле и финансиски добро платени од советска страна за нивната улога во преговорите.[755]

Во одговор на ваквите изјави на Тодор Александров и Александар Протогеров, Петар Чаулев излегува со „Отворено писмо до членовите на револуционерната организација и до сите борци за македонската слобода". Во него тој изјавува дека Манифестот и другите документи не се мистификација и дело на комунисти, туку дека се резултат на преговрите и спогодбата меѓу членовите на ЦК на ВМРО и претставниците на другите организации и групи во македонското движење. Во истотот писмо, тој како учесник во прегворите и како еден од потписниците на тие документи, тврди дека потписите на Тодор Александров и Александар Протогеров не се фалсификати туку лично нивни потписи.[756]

Изјавите ги поткрепува и Димитар Влахов кој присуствувал на сите преговори и во чие присуство се давани изјавите и се ставани потписите на споменатите документи.[757] Свој издржан осврт и коментар на Манифестот и на Декларацијата на Т.

---

755 Ib.

756 В. „Балканска федрација", 1924, год I/2-3, 38, 39. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 65

757 Ibidem, 39-40.

Александров и А. Протогеров направил Никола Харлаков, како сведок на сето што го негираат овие двајца членови на ЦК на ВМРО.[758]

Потпишувањето на виенските документи само формално означило создавање на единствен македонски револуционерен фронт. Македонското национално помирување било постигнато со директна надворешна советска помош. Македонското ослободително движење за прв пат добило помош и подршка од еден странски фактор. Но, центрифугалните сили во македонското ослободително движење, кои имаат своја предисторија  не дозволиле во целост и суштински да се реализира постигнатата спогодба во Виена. Настаните што следат особено по убиството на Тодор Александров обележани со меѓусебни убиства и колежи ставаат крај на сите надежи дека може да дојде до обединување на сите сили на македонското ослободително движење во една единствена прогресивна македонска емиграција.

По потпишувањето и објавувањето на Мајскиот манифест и во редовите на Македонската федративна организација се случуваат разногласија што резултирало со нивно разидување. Сепак со објавувањето во в. „Македонско сознание“ бр. 12-13 од 30 август 1924 година на повеќе содржини за Виенските преговори и потпишаните документи македонските федралисти ја покажале својата определба да се продолжи да се делува за постигнување на проектираниот пат со виенските спогодби. Бил објавен Манифестот, Декларацијата на Т. Александров и А. Протогеров со која се објавиле против Манифестот и другите виенски документи, Отвореното писмо на П. Чаулев и Отвореното писмо на Д. Влахов во кои и двајцата поодделно ја потврдиле веродостојноста на потпишаните документи од ЦК на ВМРО и ЦК на МФО. Особено непосредните учесници во преговорите од страна на Федеративната организација д-р Филип Атанасов и Тодор  Паница останале предводници на тис заложби за делување врз платформата на Мајскиот манифест. Тие ја продолжиле соработката со советските претставници, со преговарачот од страната на ВМРО Димитар Влахов, и со базата сред македонските револуционерни и политички сили.  Покрај директниот ангажман, особено од страна на Тодор Паница, за создавањето групи и комитети врз основа на Мајскиот манифест во Македонија, Управното тело на МФО продлжува на страниците на в. „Македонско сознание” да ја потврдува својата ориентација. Во двобројот 1-2, од

[758] Н. Харлаков, Към новата ориентация на македонското движение, 35-36. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ... 65

15 јануари 1925 година в. „Македонско сознание" ќе објави дека весникот ќе продолжи да го следи федеративнот пат се додека не ја види „Македонија ослободена и обособена во самостојна федеративна држава, рамноправен член на Балканската федреративна република", (подвлечено во М. С.)[759] Овој правец се потврдува и со објавениот апел од Управното тело на МФО „Нашиот пат" во бр. 4 од 25 февруари 1925 година на истиот весник.. Во него, меѓу другото, се прави осврт на аспирациите и на српската и на грчката буржоазија, кои исто така како и бугарската, се виновни за поделбата на Македонија. Се осудува и политиката на големите сили кон Македонија и Балканот и се наведува дека по сите настани и предавства останува само Македонската федеративна организација, која е „единствен непоколеблив заштитник и борец за ослободување на Македонија и за нејзино обособување во една национална федеративна држава". Поради тоа што имало обвинувања дека е тоа „орган на болшевичката пропаганда" нејзиното управно тело изјавува дека во програмата на МФО се зацртани: борбата против секакво национално и политичко угнетување и против секаква економска експлоатација на народот, искористување на сите услови за слободен, политички, национален и културен развиток на македонскиот народ во пределите на географските и економските граници на неговата земја", која ќе послужи и како алка за создавање на балканска федерација. Управното тело на МФО потоа се обраќа до Македонците за да им објасни дека истата има тешкотии кои ја спречуваат нејзината дејност, кои имаат за цел да ја уништат. Затоа се повикуват сите Македонци да не паѓаат под влијание на заинтересираните балкански фактори, за да се борат во името на набележаната програма, а во што ќе бидат поткрепени од „сите напредни и демократски елементи на Балканот, во Европа и во останатиот свет."

Во повикот до организираните Македонци-федералисти се вели дека пред нив стои тешка задача да го „изградат ослободителното национално движење", а затоа треба да поднесат жртва, како што поднеле и револуционрите на чистата македонска борба: Г. Делчев, П. Тошев, Ј. Сандански, К. Асенов, Д. Груев, Ѓ. Петров, Н. Јуруков, К. Размов, Ч. Кантарџиев, Ал. Бујнов, С. Хаџив и плејада други борци. За исполнување на истата задача треба да се отфрлат секакви обиди на големите сили и балканските држави да се мешаат во нејзината борба. Сојузници на МФО се федеративните движења на Балканот.

---

[759] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 215; Петреска Д., Македонската федративна група ..., 130-131

Овој апел зборува во прилог на размислите дека МФО веќе се судрила со притисоците од надвор и затоа сметала повторно да ја изнесе својата програма и односот кон големите сили, балканските држави и демократските и прогресивни сили на Балканот.

Не може со сигурност да се каже дека во периодот по убиството на Тодор Паница настапило и фактичко делење на раководните сили на МФО.

Во бр. 8 од 10 јули 1925 година од „Македонско сознание" се поместени повеќе прилози по повод убиството на Тодор Паница, член на управното тело на МФО. Исто така нема промени во главната цел на МФО. Од друга страна поместената наредба од МФО од 1 јули 1925 година за исклучување на д-р Филип Атанасов од МФО, зборува во прилог на тоа дека во редовите на истата по убиството на Тодор Паница настапило цепење[760], односно дека истиот е исклучен поради несогласување на останатите членови со неговата дејност. Тој останал и понатаму да соработува со Д. Влахов и другите заинтересирани фактори за единствениот балкански революционерен фронт, што не одговарало на К. Риндов и К. Терзиев,[761] кои отворено се ставиле во служба на српските известувачки служби.

Нема никакво сомневање дака прво убиството на Петар Чаулев, а потоа на Тодор Паница внесле збрка, колебање, несигурност и повлекување во редовите на силите што се определиле за новата обединувачка акција на македонското прогресивно революционерно движење. Објавените статии на Димитар Влахов во „Балканска федерација" и „Македонско дело" во текот на 1925 година, како што се „Повик кон македонскиот народ и членовите и сомислениците на ВМРО", потоа „Пакосни илузии" итн. претставуваат своевидна потврда за тоа. Во нив не само што се разобличуваат убијците на Чаулев и се повикува на борба врз база на принципите на Мајскиот манифест, туку се укажува на нереалноста и опасноста за борбата на македонскиот народ од илузиите слободата на Македонија да се очекува од надворешни фактори, од Општеството на народите.

---

[760] Родоотстпници, ....17. Веќе во август 1925 година федралистите биле расцепени на четири-пет крила, кои едно со друго се исклучувале. Во едното биле Димитар Влахов, Ризо Ризов; во второто – д-р Филип Атанасов, Славе Иванов; во третото – Кочо Хаџириндов, Миладинов, д-р Коста Терзиев; во четвртото Васил Манолев, Јане Богатинов, Димитар Арнаудов и г-ѓа Паница.

[761] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 215-217

Со еден збор, по наведените убиства целиот процес за обединување на македонските прогресивни сили во единствен револуционерен фронт е подзабавен и одложен.[762] Констатацијата на Манол Пандевски која се однесува на целото македонско ослободително движење, посебно одговара за овој период дека „Македонското национално-ослободително движење во својата перманентна внатрешна еволуција ја содржи во себе, како своја битна и трајна компонента уште и отвореноста спрема сите прогресивни идејни струења и општествени движења што доаѓа од поблискиот или од подалечниот свет".[763]

[762] Катарџиев Ив., Борба до победа, ... 90-91.
[763] Пандевски Манол, За континуитетот на македонската национално-ослободителна револуција – до 1941 година, Симпозиум „Развојот и карактериситките на народноослобдителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје 1973, 112

## 5.3. Физичките пресметки на ВМРО со Федералистите – убиствата на архитектот Никола Југуков, Климент Размов, Славчо Ковачев и други

Автономистичката Внатрешна македонска револуционерна организација, и по воспоставувањето на Версајскиот систем и променетите услови го задржала стариот илегален револуционерен метод на борба. Практикувајќи методи слични на оние од времето на турското владеење, со своите противници и од редовите на македонското движење и од редовите на бугарските политички кругови многу често се пресметувала со отворени физички закани и со организирање на атентати и физичко ликвидирање на противникот. Некако како по инерција со слични или исти методи се послужувале и некои од дејците од МФРО, кои всушност до нејзиното формирање стоеле едно до друго со Тодор Александров.

По отцепувањето на револуиционерното федеративно крило од ВМРО во 1921 година се отвора фронтот помеѓу нив. Преку нивните прогласи, преку печатот, и на друг начин се заострила вербалната меѓусебна борба. Довчерашните другари на Тодор Александров, а сега веќе водачи на федралистите знаеле дека ова води кон физички пресметки и ликвидирања. Обидите за убиства и убиствата започнале со првиот неуспешен атентат на членот на ЦК на МФРО Славе Иванов, извршен од автономистичките терористи на улица во сред Софија. Иако бил ранет со три куршуми, Сл. Иванов останал жив и го прифатил предизвикот од страна на автономиситчката ВМРО послужувајќи се со истиот метод, веднаш наредил убиства на двајца автономисти во Софија и во Ќустендил. Неговата акција била успешно реализирана.[764] Цел на следниот атентат бил другиот член на ЦК МФРО Стојан Мишев. Тој бил лесно ранет, додека атентаторот Чолев бил убиен на место од другарите на Мишев кои го придружувале до дома. И така се занижале убиствата од двете страни. Се водела крвава и жестока борба низ Софија, Горна Џумаја, Петрич, Неврокоп и Ќустендил, кои се

[764] АСЦГ, ф. 37, кут. 22, а.е. 174/ 334; Сé за Македонија, ...., д. 26, 93-95; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска",... 68

пренеле и во Македонија под српска власт, но како што ќе забележи Таса Диниќ „господар на ситуацијата бил Тодор Александров“.[765]

Овие неразумни состојби во македонското движење ја вознемирувале легалната МЕФО и ќе предизвикаат негодување од нејзина страна против убиствата на припадници на МФРО или луѓе блиски до нив од страна на автономистичката ВМРО. МЕФО ќе констатира, дека *„нема подобар сојузник на непријателите на нашата татковина* од взаемното ни преследување и истребување“ (курзивот е во оригиналот М. Н.). Таквиот начин на меѓусебна пресметка МЕФО го карактеризира и како лекомисленост. „Уништувањето на старите революционери станува веќе систем. Неодамна на најфреквентната софиска улица беше ранет бившиот штипски революционер Славе Иванов, а на 18 овој месец беше застрелан легендарниот македонски војвода Михаил Радев Странџата, кој од 1902 година скитал по македонските полиња и храбро се борел во двете војни, уверен дека тие ќе и донесат слобода на неговата сакана родина“.[766]

Автономистите прибегнувале кон физичка ликвидација, не само на своите вооружени противници, туку, и на сите други, кои со силата на зборот или на било кој друг начин застанувале против нивното делување. Така настрадал и адвокатот Милан Грашев од Дупница, кој со своето перо се вмешал во војната меѓу ВМРО и земјоделската влада. Во својата брошура „Мафиите и катастрофите“ ја карактеризира ВМРО како „македонска мафија“, која ги убила Д. Ангелов, Ѓ. Перов, Ал. Панов, Хр. Караманов, кап. Гавазов, Н. Попов и др. Таа „мафија“ осудила уште 75-мина, меѓу кои се министерот Рајко Даскалов, федералистите д-р Филип Атанасов и арх. Никола Јуруков, претседателот на Народното собрание Неделко Атанасов. Осуден е и Ал. Стамболиски... Оваа брошура и поведението на Милап Грашев стануваат причина за неговото ликвидирање во 1923 г.[767]

Во отворениот судир на автономистичката ВМРО не само со струите во македонското движење, туку и со земјоделската влада на Александар Стамболиски, ќе бидат донесени и реализирани и смртните пресуди, на министерот Александар

---

[765] Ibidem; На 1 октомври 1922 г. во Софија од раката на Никола Гулев (син на илинденскиот војвода Питу Гули) е убиен федералистот Александар Панов; во Малешевско е убиен Мито Туџаров (поради српско шпионство); во Штип е ранет Мијалче Каламатиев (исто поради соработка со Србите) и тн.
[766] В. „Автономна Македония“, бр. 83, 3 октомври 1922, 2
[767] Палештски К., Македонското... (1918-1924), ..., 138-139

Димитров[768], на претседателот на владата Стамболиски[769], на владиниот чиновник и деец во македонското ослободително движење, кој се разишол со Тодор Александров, Ѓорче Петров, на министерот Рајко Даскалов[770] и на други владини службеници од понизок ранг.

МЕФО иако ја критикувала бугарската влада и партиите кои го користеле македонското прашање за остварување на своите цели и се залагала за самостојна легална борба, сепак еден дел од нејзиното членство не се придржувал до крај на прокламираната независност и неутралност. Некои од нив воспоставиле контакти со бугарската влада, други се ангажирале околу испраќањето на федералистичките чети во Македонија. Овие тенденции и официјалните реакции на МЕФО против меѓусебните убиствата на Македонците кон крајот на 1922 година ќе предизвикаат отворени закани од страна на ВМРО, дека ќе започнат физички ликвидирања и на членовите на раководството на МЕФО. Под ваквите притисоци од страна на ВМРО и преку неа од страна на Извршниот комитет во легалното македонско емигрантско движење, за обединување на истото, МЕФО го прифатила обединувањето на двете легални тела и формирањето на Сојузот на македонските друштва во почетокот на 1923 година. Во текот на 1923 година двата политички настани, кои што ќе предизвикаат нови бранови на физички насилства и пресметки од страна на автономистичката ВМРО се потпишувањето на Нишката спогодба и Деветојунскиот преврат.

Нишката спогодба и мерките на земјоделската влада за нејзино исполнување го поставуваат опстојот (функционирањето) на ВМРО во тешка ситуација и предизвикуваат многу остра реакција од страна на нејзиното раководство. Во острата полемичка, предупредувачка и заплашувачка атмосфера помеѓу ВМРО и земјоделската влада, создадена по потпишувањето на Нишката спогодба, ВМРО како одговор на правдањата на спогодбата од страна на владата го убила арх. Никола Јуруков. Убиството е извршено на 27 април 1923 година, вечерта, во центарот на Софија пред

---

[768] ДА Ќустендил, Спомени 645, л.1; Сè за Македонија ...., д. бр. 23, 491-493
[769] ДАРМ, ф. Поединечни документи, к1/3, ЦК на ВМРО ; Тюлеков Д., Обречено..., 39
[770] Сé за Македонија, ...., д. 41, 163-165. Во оваа пресуда стои дека смртната казна му се изрекува поради тоа што Р. Даскалов, како министер за внатрешни работи „си поставил за цел: ДА ЈА УНИШТИ ВМРО, ДА ГИ УБИЕ ВОДАЧИТЕ И ДА ЈА ОСТАВИ МАКЕДОНИЈА ВЕЧНО ПОД ТУЃО РОПСТВО“ за што според правилникот и со наредбите на организацијататој треба во најскоро време и целосно да ја понесе заслужената казна.

тогашната кафана „Прентан“[771]. како одмазда, според ВМРО, за неговите претходни „гревови кон организацијата“ и поконкретно кон експедицијата на Тодор Паница кон Неврокоп. Арх. Никола Јуруков, кој бил претседател на костурското братство[772], за време на превирањата и прегрупирањата во редовите на легалното македонско емигрантско движење по Првата светска војна ја покажал својата волја за мирно разрешување на искрснатите проблеми и недоразбирања и како таков е избран за член на Неутрално-обединителната комисија избрана на собранието на делегати за 9-от собор на братствата, чиј идеолог е Вл. Ковачев. Јуруков влегол и составот на Обединувачката комисија избрана на 9-от собор на братствата. Со одвојувањето на Привремената комисија на македонската емиграција се определил да го следи нејзиниот пат за разрешување на македонското прашање и активно се вклучил во нејзината работа. Особена активност покажал на меѓународното делување на Привремената комисија.[773] Заслужува да се одбележи и неговата работа врз национално-политичката платформа на Привремената комисија со неговите говори на јавните собири на македонската емиграција во Бугарија. Со претставувањето на актуелните состојби, правејќи при тоа историјат и на појавата и развојот на македонското револуционерно-ослободително движење, оставал голем впечаток кај македонските емигранти што делувало на нивно ориентирање кон платформата на Привремената комисија[774] *„да се поведе македонскиот народ, без разлика на вера и народност, во борба за добивање слобода и независност на Македонија на федеративен начин, со еднакво право на сите народности во нејзините географски и економски граници, за да влезе како рамноправен член во Балканската федерација“.*[775] Тој се вбројува во поистакнатите дејци на Привремената комисија. На Основачкиот конгрес на МЕФО бил избран за член на Политичката комисија. Арх. Јуруков, сепак, не го напуштил во целост револуционерниот метод на борба и бил предупредуван и обвинуван од ВМРО и за неговите врски и со владините служби и за неговото учество во подготовките на федералистичките чети против автономистичката ВМРО. Уште во 1921 година тој и Ф. Атанасов биле предупредувани од страна на Тодор Александров

---

[771] В. „ Победа“, No 366, 28 април 1923; Василев, Правителството на БЗНС ..., 281 (Ф 20)
[772] В. „Автономна Македония“, бр. 12, 23 февруари 1921, 1-2.
[773] Повеќе за ова види во Втора глава
[774] В. „Автономна Македония“, бр. 44, 8 октомври 1921, 2; бр. 51, 29 ноември 1921, 4; бр. 49, 12 ноември 1921, 2; бр 85, 15 октомври 1922, 2.
[775] ДАРМ, ф. МНК, к. 3 (Устав на Федеративната организация на македонските емигранти, 1,2); Никола Киров Майски, Исписи од „В строя за Македония – Исторически факти, бележки и документи, 1919, 1920-1921“ кн. III, София, 1957,61, 62 (Ракопис во ИНИ).

да ја напуштат Привремената комисија „која ја подривала почвата на комитетот".[776] Целокупното негово делување во овој период оди во спротивен правец од интересите на автономистичката ВМРО и како непосреден повод за неговото физичко ликвидирање е одмаздата, според ВМРО, за неговите претходни гревови кон организацијата и поконкретно кон експедицијата на Тодор Паница кон Неврокоп.[777]

Следниот ден по убиството на арх. Никола Јуруков министерот за внатрешни работи Хр. Стојанов, објавил владина декларација пред новинарите, со намера да ја успокои јавноста и пред сé да ја смири разгневеноста на ВМРО. Во неа се потврдува веќе реченото од Александар Стамболиски за гласините, дека Нишката спогодба допуштала преминување на туѓи војски на бугарска територија. Покрај тоа, владата категорички одрекува, дека испраќала федералисти во Петричко. Тие самоволно се упатиле кон своите родни краишта. За да се избегнат инциденти и самораспрaви, таа наредила тие да се вратат назад во внатрешноста на земјата. Хр. Стојанов одрекувал дека го познавал Тодор Паница и, дека како министер за внатрешни работи, му наредувал да отиде во Петричко. Што се однесува до народната милиција, испратена во округот, (воспитаниците на специјалната полицајска школа), според министерот, таа била составена од „примерни, чесни луѓе од стара Бугарија" и отишла таму по барање на самото население и судските власти. Нивната задача била да стават крај на изнудувањата и самоволијата, да влеат спокојство кај населението, и да му ја зацврстат довербата во владата, која била загрижена за неговата кауза. Биле предвидени најстроги казни за секое самоволие на народната милиција. Истовремено владата предупредува, дека и нејзината стрпливост има граници, уште повеќе, бидејќи, таа докажала и на дело, дека ги заштитува „интересите на Бугарија и на бугарското племе". За секој убиен сојузен деец или испратен во Петричко владата требало да ја постави „целата нација на штрек. Целото бугарско племе ќе биде повикано на одмазда и тешко и горко на тие лица и организации, кои ќе го искусат нејзиниот гнев и железна тупаница." Земјоделските дружби требало да застанат на воена позиција, „нивните борбени јадра во секој момент да очекуваат заповед за дејствување". Оние кои ќе се ориентираат кон пролевање на братска крв, требало да знаат, дека „кој вади нож, од нож умира". За евентуалните трагични последици владата „се оградува од

---

[776] В. „Македонско съзнание", бр. 1-2, 15 јануари 1925

[777] Василев, Правителството на БЗНС..., 281

одговорноста пред историјата и поколението“.[778] Заканата за одмазда изречена во декларацијата од министерот Хр. Стојанов од ВМРО е примена со видлива раздразнетост и обид да покаже неподчинување, со демонстрирање на отсуство на било каков страв. На 2 мај 1923 година убила неколку полицајци и војници кај Свети Врач.[779]

Владата повторно ги искористила федералистите за да ја ослабне ВМРО. Кон крајот на април 1923 година, повторно со помошта на Д. Кемалов испраќа чета од федералисти за Неврокопско. Поголем дел од овие федералисти биле облечени во државни униформи. И Оранжевата гарда била дигната на нозе. За Неврокопско се упатил и Тодор Паница. По пат во Родопите луѓето на Паница, неврокопчани (избегани во октомври 1922 година), тргнати од Пловдив и федералистите на Стојан Мишев се обединиле и го нападнале с. Сатовча. Таму биле пресретнати од месната милиција на ВМРО и биле разбиени. К. Муравивев неочекувано наредил Оранжевата гарда да се врати, а Паница од Муравиев бил објавен за комунист.[780] Дел од федералистите на чело со К. Поп Иванов се префрлиле во Грција, од каде што подоцна преку Варна се вратиле во Бугарија. Во почетокот на 1923 година Стојан Мишев со своите другари од Солун преминал во Вардарска Македонија и стапиле во српска служба. И тие како и Глигор Циклеви Илија Пандурски како српски службеници се оддале на контрачетништвото.[781] Од нив всушност е создадено познатото „Удружење против бугарских бандита“ на чело со штипскиот трговец М. Каламатиев(иќ). Ваквата состојба во македонското движење ќе отвори вистинска војна помеѓу спротивставените струи во истото и ќе предизвика меѓусебни физички ликвидации.

На 26 април 1923 година бил убиен Ангел Чолев, земјоделски деец од с. Либјахово (денес Илинден), Неврокопско, поранешен четник во четата на Тодор Паница. Еден учесник во експедицијата за Неврокоп во октомври 1922 година, по име Лако Иванов Лазаров[782] од с. Петрово, по нивното разбивање кај Неврокоп се

[778] В. „Земјоделско знаме“, бр. 91, 29 април 1923.
[779] В. „Илиндень“, бр. 18, 16 мај 1923.
[780] Спомени на Екатерина Иванова Измирлиева-Паница, съопщава Боян Мирчев, Известия на Института за история, Т. 12, София, 1963, 155
[781] АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска“,... 71
[782] Лако Иванов Лазаров учествувал во вооружените пресметки со автономистите при нападот на Неврокоп во октомври 1922 г., побегнал во Софија, се вратил во ноември 1922 г. во Неврокопско како разузнувач, но подгонет од автономистите емигрирал во Грција. Од таму во соработка со бугарското дипломатско претставништво се вратил во Бугарија и во март пристапил во „разузнувачката команда“ По разоружувањето на одредот тој се прикрива извесно време и на крајот се појавил со групата

префрлил во Мелничко, а од таму тргнал за Софија. На 7 мај 1923 година тој е најден обесен на телефонски столб по патот Свети Врач-Леуново со плакат на градите: „Казнет за предавство, извршени убиства, грабежи и др. Од ВМРО.“ Тоа се софпаѓа со убиството на земјоделецот Симеон Молеров (во минатото привврзаник на Јане Сандански, кмет на Банско од 1919 до 1921 г. и претседател на месната земјоделска дружба) во Разлог, исто така извршено од луѓето на ВМРО.[783]

На 2 мај 1923 година биле убиени неколку полицајци и војници кај Свети Врач.[784] Овие и други драстични убиства ја принудиле владата уште на 7 мај да се занимава со прашањето, какви мерки да се превземат против ВМРО, за да се внесе спокојство во државата, а и да му покаже на Пашиќ, дека таа е спремна да го исполни договореното во Ниш. Во Постановлението бр 44 на владата од 7 мај 1923 година повторно се декларира, дека владата не се меша во борбите помеѓу автономистите и федералистите. Покрај сите владини предупредувања „оделни лица, особено од страната на македонската автономистичка организација продолжуваат да вршат безаконија, самоволија и убиства во Петричко, и во Ќустендилско“, со кои ја парализираат дејноста на „официјалните државни органи“. Тие „безсовесни луѓе“ имале свои јатаци во Софија и во други места, „како и поткрепата на некои божем неутрални „научно-културни организации“ и партиски весници“. Нападот на полициското камионче кај Свети Врач било „предизвик со предумисла“ како одговор на декларацијата на министерот Хр. Стојанов од 28 април, што наложува „да се дејтвува брзо и енергично“. Апсењата во Петричко започнале уште од почетокот на мај. Војската ги заземала важните стратешки пунктови во округот. Сите повидни земјоделци ја подржувале дејноста на новиот околиски началник. Нелегалните сили на ВМРО останале незасегнати. Т. Александров им испраќал заплашувачки писма на месните административни управници и барал оставка од нив.[785] Овие писма биле јавно објавени од министерот за внатрешни работи Христо Стојанов на 4 јуни 1923 година. При тоа е акцентирано заплашувањето од страна на ВМРО, дека ќе бидат ликвидирани

---

оранжевогвардејци, која ја засилувала полицијата во Свети Врач. Согласно наредбата од Софија Лаков бил уапсен и со засилено обезбедување бил испратен за испитување во Софија. Разузнувањето на ВМРО ја научила точната маршрута на каминот што го превезувал уапсениот Лаков и во заседа го фатиле и го убиле. Види: Василев, Правителството..., 282

[783] Палешутски К, Македонското. ... (1918-1924), op. cit., 145; Тюлеков Д., Обречено..., 38

[784] В. „Илиндень“, бр. 18, 16 мај 1923.

[785] Тюлеков Д., Обречено..., 39

Ал. Стамболиски, Хр. Стојанов, К. Муравивев и други земјоделски водачи. Овој повод бил искористен за нови напади врз ВМРО.[786]

По Деветојунскиот преврат во власта во Бугарија 1923 година следува нов бран на физички пресметки на автономистичката ВМРО со федералистите, сега со подршка и од власта. За овие состојби зборуваат федералистите Ф. Атанасов и С. Иванов, како претставници на ВМФРО, во еден свој извештај од 28 август 1923 година до советските разузнувачки служби за состојбите по Деветојунскиот преврат. Веднаш по превратот почнале апсења на нивните истомисленици кои што во тоа време живееја легално во Софија и во провинциите. Некои дејци од илегалното федералистичко јадро останале незасегнати затоа што еден дел, според решение на ЦК, е префрлен во грчка и во српска Македонија, а друг дел успешно се криел во Бугарија. Тие во извештајот наведуваат само неколку од извршените убиства за да се добие јасна слика за ситуацијата. Меѓу првите македонски дејци од раководството на федеративното движење, кои настрадале по Деветојунскиот преврат е Климент Размов. Неколку дена по превратот, на улица, во 11 часот, тројца автономисти го пресретнале истакнатиот федералист Климент Размов од Охрид; му било наредено да ги крене рацете, бил уапсен и потоа исчезнал без трага.[787]

Охриѓанецот Климент Размов, братучед на сопругата на Владислав Ковачев, во расцепот на македонските легални емигрантски сили во Бугарија се спротивставувал на политиката на Извршниот комитет. Бил избран за член на Неутрално-обединителната комисија, избрана на собрание на делегати за 9-от собор на братствата, чиј идеолог е Вл. Ковачев и со конечното одвојување на Привремената комисија на македонската емиграција активно се вклучил во нејзината работа. Климент Размов, како еден од поистакнатите членови на Привремената комисија, на Основачкиот конгрес на МЕФО е избран за член на Политичката комисија на МЕФО. Тој учествувал и во изработката на проект-уставот за обединување на македонската емиграција, усвоен на Обединителниот конгрес во јануари 1923 година.[788] На јавните собири на македонската емиграција многу често држел говори, во кои покрај презентирањето на состојбите што биле актуелни во дадениот момент, се навраќал и на појавата и развојот на македонското револуционерно-ослободително движење, со што го подржувал

---

786 Ibidem

787 Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна, ...., к. II, 1-671, д.. 26, 119-121

788 Македонски историски речник, ИНИ, Скопје 2000, 403

моралот кај емиграцијата. Ова оставало голем впечаток кај македонските емигранти и делувало во правец на нивно ориентирање кон платформата на Привремената комисија (МЕФО). Климент Размов во своите говори ја разобличувал и критикувал „штетната политика на Извршниот комитет, која создава непријателство помеѓу инородните елементи", ја нарекува „Стара политика, фалирал метод, за борба и ослободување на поробен народ". Тој смета дека Извршниот комитет во својата заслепеност не е способен да се издигне над настаните, кои „сите народи ги преживуваат и не е способен да си ја осуди својата мината и сегашна дејност, како одалечувачка од независноста на *Македонија*"[789]. Како член на Политичката комисија на МЕФО, Климент Размов со својата ораторска способност, на собирите на македонската емиграција во Бугарија со коректност и објективност ја разгледувал Македонија од географска, етнографска, социјално-економска и политичка гледна точка. Секогаш се навраќа и на минатото и потсетувајќи дека Македонија е сѐуште неслободна, ја откривал пред неговите слушатели „крвавата слика на окованиот во нови вериги денес, роден крај". Издигнувајќи го високо знамето за борба, знамето на кое со крвта на плејада паднати борци е испишано слободна и независна федеративна Македонија, како рамноправен член на Балканската федерација..., тој ќе каже „Тоа е нашата цел, нашиот идеал, и патот кон федерацијата".

И по обединувачкиот конгрес на македонската емиграција во Бугарија од јануари 1923 година Климент Размов продолжил во Националното собрание да ги искажува своите ставови против автономистите. Ваквата негова активност не можело да биде толерирана од страна на ВМРО и, како што стои во споменатиот федералистички извештај до советите, „Размов и другите беа убиени на најѕверски начин и тоа се случи со знаење и со соработка и на официјалната власт. Нашата организација му изјави на Цанков дека го смета лично одговорен за сите овие нечуени злосторства. Од сигурни извори дознаваме дека се подготвуваат атентати и врз раководителите на Комунистичката партија."[790]

Неколку дена потоа на ист начин, среде бел ден, е фатен војводата Лазар Тодоров кој, исто така исчезнал без трага. Паланечкиот војвода Петар (Ампов) е запрен на улица и, знаејќи за судбината на претходните, дал отпор, но бил убиен од

---

[789] В. „Автономна Македония", бр. 44, 8 октомври 1921, 2; бр. 51, 29 ноември 1921, 4

[790] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна ..., кн. II, , д.. 26, 119-121. Климент Размов од страна на ВМРО бил обвинуван и за неговото активно учество во револуционерното федеративно движење (БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529)

напаѓачите. Во станот на д-р Атанасов се извршени четири претреси и неговото семејство е претепано за време на распрашувањата за тоа каде се наоѓа д-р Атанасов. Во Станимак е уапсен и испратен во Пловдив легендарниот костурски војвода Тома Желински. При обидот да се уапси гевгелискиот војвода Чочков, тој со своите другари дал отпор и, нанесувајќи им загуби на напаѓачите, успеал, заедно со своите другари, да се скрие.[791] И така се ределе претресите, прогоните и атентатите против федралистите и блиските до нив.

ВМРО како побројна и поорганизирана во текот на 1923 година успеала да ликвидира дел од членовите на ракводството на МЕФО и МФРО. Биле убиени арх. Никола Јуруков, Климент Размов (активен член на Бугарската социјалистичка партија), Александар Панов и Петар Тарајламов. За да се спасат од ликвидирање група федералисти: д-р Филип Атанасов (лекар во Алексндриската болница во Софија), Глигор Костов, Јордан Анастасов, Тодор Паница, Славе Иванов и д-р Христо Татарчев ја напуштиле Бугарија и избегале во странство.[792]

Без оглед на неуспехот на обединувачката акција со откажувањето на Тодор Александров и Александар Протогеров од своите потписи под Мајскиот манифест од 6 мај 1924 година и другите придружни акти со кои беа регулирани модалитетите на обединувањето на разбиените сили на македонското национално револуционерно движење, Балканската комунистичка федерација и Комунистичката интернационала не се откажале од своите намери да се обединат силите на македонското движење во единствена организација.[793] Револуцинерните и политичките сили од македонското движење што ги прифаќале новите струења во своите редови за прифаќање на новите сојузници во националноослободителната борба, комунистичките партии, Коминтерната и Советскиот Сојуз, и па масовната револуционерна борба или социјалната револуција која ќе донесе решение и на националното прашање, односно биле приврзаници на остварувањето на идеите и на принципите на Мајскиот манифест од 1924 година, се нашле на непријателската листа на ВМРО. По убиството на Тодор Александров, ВМРО под изговор за одмазда на неговото убиство превзема нова серија

---

[791] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна ..., д.. 26, 119-121
[792] Влахов Д., Мемоари, ..., 205
[793] Катарџиев, Борба до победа, Време на зреење, Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919-1930), III, Скопје 1983, 83

на убиства и пресметки со своите идејни несогласници.[794] На 13 септември 1924 година во Софија бил убиен и видниот македонски револуционер, интелектуалец, судија и адвокат, идеологот и теоретичарот на МЕФО, Владислав Ковачев. По завршувањето на Првата светска војна тој со својата брошура „Автономна Македонија" јасно и категорички ќе застане зад идејата за создавање на автономна Македонија. Исто како и Димо Хаџи Димов со неговата брошура „Назад кон автономијата", тој пишувајќи ја „Автономна Македонија" во пресрет на Париската мировна конференција, во неа „јасно и категоричко" бара „прифаќање на идејата за создавање автономна Македонија како одделна, самостојна политичка единица во нејзините географски и стопански граници, под гаранција на Друштвото на народите".

Притоа, Владислав Ковачев апелирал до бугарската влада и до бугарските политички партии да ја прифатат идејата за автономна Македонија и да ги задолжат бугарските делегати на Конференцијата на мирот во Париз да се застапуваат „за решавање на македонското прашање преку создавање на самостојна Македонија". Тој, во споменатата брошура, апелира и до македонската емиграција во Бугарија „да се заложи кај своите водачи да ја прифатат автономна Македонија како најправилно решение на македонското прашање во денешната фактичка положба". Доколку „македонското прашање не биде решено", В. Ковачев на крајот од брошурата дава на знаење дека македонските револуционери и емигрантски маси ќе најдат „сили и верба" за да ја продолжат „повторно борбата за извојување на човечки правдини, какви што може да ни ги гарантира само една самостојна Македонија".[795] Во тој правец и со таа верба Владислав Ковачев и неговите сомисленици и подржувачи од македонската емиграција во Бугарија ќе го продолжат самостојниот пат за остварување на нивните барања. Водејќи постојана борба со своите неистомисленици (идејни противници) од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија тие ќе се профилираат како посебна струја во легалното македонско движење во Бугарија како Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа започнал процесот на формирањето на МЕФО. Како главен идеолог на оваа струја Владислав Ковачев ќе одигра значајна улога во процесот на нејзиното оформување и покрај другото за поставување за нејзината цел да се трансформира во легална политичка македонска организација врз база на автономниот и федеративниот принцип. И Јордан Бадев ќе го

---

[794] За овие настани види повеќе:. Ачковска В., Жежов Н., Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004, 250-262
[795] Владиславъ Ковачевъ, Автономна Македония, София, 1919, 1-16

окарактеризира како „главен идеолог“ на идејните основи „на обновениот правец“[796] на новата струја во македонската емиграција од која ќе произлезе Македонската емигрантска федеративна организација. На основачкиот конгрес на МЕФО тој е избран за член на политичката комисија. Како идеолог и гласноговорник на МЕФО ќе го пропагира нејзиниот лозунг „*Слободна и независна федеративна Македонија како соединувачка алка меѓу балканските држави*“[797]

Владислав Ковачев ќе пројави особена активност во акцијата за помирување т.е. за мобилизирање, консолидирање и обединување на македонските емигрантски и бегалски маси и македонските револуционерни раководни сили во Бугарија, и тоа токму во периодот пред и во време на одржувањето на Париската мировна конференција. Во овој период, тој непоколебливо ќе застане на пиедесталот на позициите на македонското дело во моментот кога ќе згасне дејноста на Привременото претставништво и кога ќе почне да се врши силен идеолошки и пропаганден притисок од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија. И како член на Привремената комисија Владислав Ковачев во преговорите со Извршниот комитет најдоследно и најупорно се залагал за обединување на македонската емиграција и на раководоните струи во македонското движење. Истапувајќи против антимакедонската политика на Извршниот комитет и најенергично бранејќи ги изворните принципи за самостојноста на македонското ослободително движење, Владислав Ковачев во повеќе прилози во в. „Автономна Македонија“ отворено ќе ја разоткрие предавничката политика на неговото раководство, дефинирајќи ја како „ултранационалистичка“ политика и „политика на гробокопачите на Македонија“ подвлекувајќи при тоа дека „Извршниот комитет и неговите истомисленици под независна Македонија секогаш ја подразбирале бугарска Македонија. Нивните приврзаници секогаш се инспирирале од империјалистичките скриени намери на бугарските раководни фактори. За нив автономната идеја е само етапа за обединување на бугарското племе... Тоа е политичка катастрофа, тоа е политика на бесниот шовинизам“[798].

Вградувајќи ги своите ставови и гледања во платформата на Привремената комисија, Владислав Ковачев ја покажува својата тенденција за сообразување со новонастанатите услови на Балканот, поконкретно во Македонија. Привзрениците на

---

[796] Бадев Йордан., Трите..., 30-33

[797] В. „Автономна Македония“, бр. 3, 16 декември 1920, 1.

[798] В. „Автономна Македония“, бр. 47, 30 октом. 1921, „Двете политики“, 1

Привремената комисија биле убедени дека тешко може да се покрене и оствари една иницијатива на организационо поврзување на македонскиот народ од поделена Македонија и многубројната распрсната емиграција во повеќе европски земји и во Америка во една единствена национално ослободителна организација. Токму затоа сметале дека треба да се активира оној дел од македонскиот народ и народностите во Македонија кои се нашле надвор од влијанието и притисокот на туѓите реакционерни режими во Македонија, односно кои како емигранти можат да ги искористат легалните закони на соодветната држава во која што се наоѓале, за политичко организирање и афирмација на македонското ослободително дело и пред разни фактори од меѓународната јавност кои со својот авторитет и моќ можеле да се заземат за поставување на македонското прашање на разгледување или во оптимални услови за негово најсоодветно разрешување.[799] Можеби таа идеја и иницијатива за обединување на сите емигрантски македонски сили во повеќе земји врз федеративни начела во дадениот момент е премногу амбициозна со оглед на објективните услови кои не оделе во прилог на нејзиното реализирање.[800] Но, со прифаќањето на федеративниот принцип во неговото остварување се гледала најреална можност за реализирање на правото на македонскиот народ и народностите за самоопределување и конституирање на македонската држава во нејзините географски и стопански граници.

Со тоа Ковачев најенергично се спротивставувал на било какви решенија на македонското прашање од аспект на задоволување на интересите на оној дел од македонското население за кое врховистите од Извршниот комитет и ВМРО автономистичка барале применување на клаузулите од правата на малцинствата според мировните договори во Македонија под српска и грчка власт, односно на оние кои го сведувале ова прашање на малцинско прашање, а македонскиот народ го третирале за дел од бугарскиот народ. Развивајќи ја автономната и федеративната идеја на МЕФО Владислав Ковачев не само што меѓу првите ги употребувал туку единствен си дозволил и теоретски да ги разработи термините: *Македонија, Македонци, македонски народ, македонско население*, како и лозунгот *Македонија на Македонците*.

---

799 Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 3

800 Ibidem., 72. Просторната оддалеченост, тешкотиите во одржувањето на постојани врски и контакти, различните општествено политички прилики во земјите во кои наоѓала македонската емиграција, како и напорите на државните фактори во балканските земји со разни средства и мерки да го оневозможат не само организирањето на македонскиот народ туку и на емиграцијата, претставувало голема пречка за остварување на споменатата иницијатива.

Што се однесува до проучувањето на македонската национална посебност и разјаснувањето на последиците од соседните пропаганди во Македонија, кои имале за цел да го задушат македонското народоно чувство и да му наметнат бугарско име на македонското христијанско население во Македонија раководството на МЕФО не направило голем чекор напред. Но, сепак, програмските ставови на МЕФО се разликуваат во начинот на сваќањето на македонското ослободително дело како народно, на сите народоности што живеат во Македонија, односно уредување на идната македонска држава како политичка граѓанска држава, со еднакви права за припадниците на сите народности што ја населуваат, или пак уредување на истата како македонска федрална држава по примерот на Швајцарија.[801]

И по згаснувањето на работата на МЕФО, предизвикано од сестраните притисоци од страна на автономистичката ВМРО, Владислав Ковачев неуморно ќе продолжи со својата политичка активност. Со осуда на режимот на воената окупација и нерегуларните избори во вардарскиот дел на Македонија на страниците на в. „Независна Македонија“ ќе излезе со отворен повик до македонскиот народ и од другата страна на границата да се пројави со својата македонска свест и „македонскиот народен избраник силно со богатиот мајчин јазик да ги искаже желбите и копнежите на македонскиот народ“.[802] Како противник на силата на оружјето како метод за разрешување на недоразбирањата, проблемите, и реализирањето на нечии амбиции во македонското движење тој најостро ќе реагира против братоубиствените појави сред македонските организации, „осудувајќи ги братоубиствата како штетни за македонското дело, зашто беше фанатично уверен дека само во сплотеноста и обединувањето на сите расположиви сили ќе се реализира идеалот за слободна и независна Македонија“.[803] Владислав Ковачев, како еден од раководните личности во Илинденската организација, ќе го стави својот потпис под Меморандумот до претседателот на бугарската влада од 17 април 1924 година, во кој е упатена критика до бугарската влада поради „потчинувањето на македонското прашање и дејноста на македонската емиграција на бугарски државни интереси“, давајќи му притоа до знаење

[801] Петреска Д., Концепциите…,152
[802] В. „Независима Македония“, бр. 3, 9 март 1923, 2
[803] Ковачев, Политичкото верују …, 23

дека македонската емиграција треба „еднаш за секогаш да биде третирана не како дел од бугарската држава, туку како независен политички елемент.“[804]

За Владислав Ковачев и покрај неговото граѓанско убедување биле прифатливи новите струења меѓу македонските револуционерни и политички сили за ориентирање кон нови сојузници во националноослободителната борба - комунистичките партии, Коминтерната и Советскиот Сојуз, кон масовната револуционерна борба или социјалната револуција која ќе донесе решение и на националното прашање. Токму затоа и бил приврзаник на остварувањето на идеите и на принципите на Мајскиот манифест од 1924 година. Своите заложби и усилби за обединување на македонската емиграција ќе ги покаже и со своите две последни писма од 2 септември 1924 година до Македонскиот национален комитет и до редакцијата на в. „Независна Македонија“, со кои и понатаму не ја губел вербата во реализирањето на македонскиот политички идеал, односно како што подвелкол во писмата „Да ја видиме побргу нашата татковина слободна и независна!“[805]

Владислав Ковачев сиот животен и револуционерен пат, исполнет со богата творечка дејност, му го посветил на македонското ослободително дело. Како добар познавач на македонското дело, како доктор на правни науки, судија и адвокат, теоретски подготвен и со големо познавање на македонското националноослободително движење како негов долгогодишен учесник, оставил меродавни ставови и оценки за националната и државно-политичката суштина на барањата за конституирање на македонската државност за целата етничка, географска и стопанска територија на Македонија, со македонска нација, односно го потенцира современото гледање на државата и на нацијата, како држава-нација, Македонија на Македонците, со еднакви права на сите граѓани во неа.

Целокупното дејствување на Владислав Ковачев не останало незабележано од раководството на автономистичката ВМРО и од бугарскиот политички фактор зашто неговот остро перо го поткопуваше нивниот престиж сред македонската емиграција во Бугарија.[806] ВМРО и Иван Михајлов не можеше да толерира еден таков интелектуалец и врвен познавач на правото и промотор на концепцијата за македонска држава-македонски народ (нација). Тоа пак ќе му ја донесе смртната пресуда од нивна

[804] В. „20 Юли“ I, София, бр. 2, 20 април 1924, 1.
[805] ДАРМ, ф. МНК, к. 4, 1919-1921. Цитирано според Ковачев, Политичкото верују..., 26
[806] Ковачев, Политичкото верују..., 26

страна.[807] Врз основа на смртната пресуда на ЦК на ВМРО од 7 септември 1924 година, потпишана од Александар Протогеров[808], Владислав Ковачев бил убиен на 13 септември таа година во Софија, само неколку часа пред да го убијат неговиот истомисленик Димо Хаџи Димов. Тој бил убиен од сограѓанинот, штипјанецот Мирчо Кикиритков, испратен од Иван Михајлов-тогашен секретар на ЦК на ВМРО, кој во своите спомени ќе забележи „Јас не знаев во што се сосотоеше вината на убиениот од мене Ковачев. Верував наполно во справедливоста на решенијата издадени од организацијата и сметав за свој долг безпоговорно да ги извршам. До моето затворање не знаев дека Тодор Александров е убиен. Инаку, тогаш ќе ги убиев и неговите деца.“ [809] Оваа изјава на Кикиритков и начинот на кој е извршено убиството доволно зборува за разработениот атентаторски систем на Ванчомихајловата ВМРО и фанатичноста на атентаторите.

Еден од начините за заштита на сопствениот живот пред налетот на овие појави на истребување на македонската левица бил да се излезе надвор од границите на Бугарија. Така федералистот Јордан Анастасов заминал за Париз[810], Павел Шатев есента 1924 година илегално ја напуштил Бугарија и заминал за Турција, за да си ја спаси сопствената глава. Д-р Ф. Атанасов и Славе Иванов заминале за Виена.[811] Но, атентаторите на ВМРО биле активирани и надвор од бугарските граници. Овие

---

[807] Петреска Д., Концепциите..., 155

[808] ЦДА, ф. 1932к, оп. 3, а.е. 64, л. 35, Решение на ЦК на ВМРО, бр. 965 од 7 X 1924 година. Решението е со следната содржина: „Центарлниот комитет на Внатрешнта македонска организација го задолжува Мирчо Кикиритков, верен член на организацијата да го казни со смрт Славчо Ковачев од гр. Штип, жител на Софија, осуден од специјален организационен суд за неговот учество во загворот против ВМРО и за неговото интелектуално соучесништво во убиството на членот на Централниот комитет Тодор Александров. Мирчо Кикиритков требало веднаш да пристапи кон извршување на смртната пресуда над Славчо Ковачев, под страв на одговорност, во согласност со законите на Организцијата. Чл. на Централниот комитет А. Протогеров“. *Цтирано според Ковачев, Политичкото верују..., 26*

[809] ЦДА. Ф. 1932к, оп. 4, а.е. 33, Мирчо Кикиритков, Спомени (ракопис), София, 1973, 13. Според спомените на неговиот убиец Мирчо Кикиритков, тој го убил Владислав Ковачев, пред неговиот дом и пред неговите две малолетни ќерки, Маргарита (Грета) и Златка. Еве што вели Кикиритков во спомените за чинот на убиството: Ковачев живееше на улицата `Цар Борис`, спроти романската црква. Беше петок, 13 септември 1924 година и ние се сместивме на масата во една кафана на истата улица од каде што набљудувавме и ја чекавме жртвата. Околу 12 часот (чекавме 4 часа)Страхил (се однесува на Развигоров белешка З.Т.) ненадејно стана и посчи еден човек. `Ете го!`. Потоа излезе и свртe по улицата Пиротска. Јас останав во недоумица. Еден човек врвеше по тртоарот кон куќата каде што живееше Ковачев. И тука ми дојде на помош една друга околност. На вратата излегоа неговите деца. Едното од нив викна: `Тате!`. Човекот на кого се однесуваше повикот, се свртe и насмеан кимнувајќи со главата, зачекори побрзо кон нив. Тоа и го издаде. Застанав зад неговот грб и стрелав трипати. Падна како сноп уште при првиот смртоносен куршум. Но јас не го оставив. Се приближив над него и стрелав уште трипати... “. Цитирано според Ковачев, Политичкото верују..., 26

[810] Ј. Анастасов заминал за Париз со помош на Владислав Ковачев, кој му дал 5000 лева за да му се најдат дури да најде работа. Парите биле позајмени од д-р Далкалчев а В. Ковачев ги вратил од споствени средства. (ДАРМ. 1. 1200. 8/45)

[811] Валхов Д., op. cit., 205

случувања внимателно биле следени и од дипломатските претставнци во Софија. Во доверлив извештај од вршителот на работите во претставништвото во Софија од 20 септември 1924 година до министерот за надворешни работи на Австрија д-р А. Гринбергер во Виена во врска со пресметките меѓу македонските политички фракции во Бугарија се вели: „Досега убиствата се одигруваа само на Балканот. Но не е исклучено и на друго место да се бара продолжение, доколку на смрт осудените заговорници можат да се најдат и на друго место. Повторувам дека Виена важи како централно седиште на целата завера, а исто така и во печатот се означува како таква. Не се исклучени обидите за атентати и конспиративни во одонс на режимот, непријателски настроени елементи (поранешниот министер Стојанов) во Виена, како аналогија во однос на Прага во свое време.

Врз основа на тоа, вниманието и преземањето соодветни мерки е умно, дотолку повеќе што мене, секакао како непроверени, ми пристигнаа верзии за испраќање на извршители на смртни пресуди во Виена“[812]

Меѓу настраданите федералисти од оружјето на ВМРО е и Стојан Мишев, водачот на федралистите во источниот дел на Македонија под српска власт, кој по префрлањето во Штип влегол во служба на српскиот режим.. Смртната казна од страна на автономистите во Штип врз Мишев била извршена во 1925 година.[813] Обиди за негово убиство имало и пред тоа. Во август 1924 година терористите од автономистичката ВМРО Владо Димитров (Черноземски), Ипокрит Развигоров и Мирчо Кикиритков пристигнале во штипско со задача да го убијат Стојан Мишев. За завршување на оваа задача Кикиритков вели „немаше услови“. Тој по нивното повторно влегување во Штип вели: „Констатиравме бескорисност на какво било дејство во Штип, а од друга страна и изолираност на граѓанството од борбата за ослободување на Македонија“.(спомени на М. Кикиритков)

ВМРО преку својот орган „Слобода или смрт“ го обвинила Славе Иванов за убиството на проф. Никола Милев, и повторно се обидела да му направи атентат. Всушност по убиството на Т. Паница, Ив. Михајлов испратил атентатор во Виена за

[812] ДАРМ, 1. 1396. 3. 43/250-258. На крајот од овој извештај се наведени и имињата на дотогаш убиените Македонци кои најмногу се споменувале во јавноста: Штерјо Влахов, Димче Вретенаров, како физички убијци на Александров, Алеко Василев (Алеко Паша), Георги Атанасов, димо Хаџи Димов, Арсениј Јовков, Славчо Ковачев, Ангел Коларов, Димитров, Шамов, Димо Петров, Чудомир Кантарџиев и други.
[813] АСЦГ, ф. 37, к. 22, а.е. 174/335

ликвидирање на другите двајца членови на ЦК на ВМФРО.[814] На 11 декември 1926 година во 11 часот во станот на д-р Филип Атанасов во Виена е направен неуспешен обид за реализирање на оваа пресуда. Д-р Атанасов и Славе Иванов биле нападнати од Борис Прошев, атентатор на ВМРО[815] При атентатот настрадала газдарицата на куќата, која била погодена со два куршуми и по извесно време умрела. Славе Иванов бил само ранет.[816] Виенската полиција повела истрага против овој случај. Во текот на истрагата атентаторот Прошев пред полицијата изјавил дека д-р Ф. Атанасов и Сл. Иванов, кои се припадници на македонските федералисти сакале да го придобијат да изврши атентат врз некој водач на македонското автономистичко движење. Според Прошев, доколку се поколеба во ова тие двајца му се заканиле, што го предизвикало да испука неколку истрели кон нив. Поради оваа изјава биле притворени и д-р Атанасов и Сл. Иванов и против нив е покрената полициска истрага поради прекршок за обид за убиство.[817] Полициските органи во својата истрага ќе заклучат дека, наведените околности „упатуваат на тоа дека Прошев, кој веројатно е приврзеник на македонските автономисти, единствено од политички причини иако тоа до сега не го признал, можно е по налог на македонскиот комитет да сакал да ги ликвидира водачите на македонските федералисти д-р Филип Атанасов и Славче Иванов, кои се непријателски расположени спрема автономистите.

Тогаш делото би соодветствувало со истите мотиви како прекршокот што го изврши Мелпомене Карничиу на 8 мај 1925 година во Дворскиот театар. Како тогаш Карничиу и сега Прошев си побараа еден роднина на противничкиот политички водач, по можност неупадливо да се зближи со Славче Иванов, и да се стекне со неговата доверба. За да избегне секакво сомневање тој дури му предал на Иванов, што подоцна се утврди, еден неупотреблив пиштол за продавање и рекол дека му требаат парите од

---

[814] АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска“, ..., 90

[815] ДАРМ. 1. 1266. 6. 114/ 651-652; Во полициската истрага за атентаторот Борис Прошев се разоткрива дека „тој од 1923 година повторно со прекини е пријавуван како механичар, како студент и како учител по играње во Виена. Последниот пат тој дошол во Австрија на 5 јуни 1926 година. За време на неговиот престој во Виена тој не вршеше некое занимање, меѓутоа често посетуваше локали каде што се игра и притоа раскажуваше дека овде сака да ги проучува новите модерни игри, затоа што има намера во Софија да отвори школа за играње. Како што можеше да се дознае во неговото засолниште, Прошев од Софија повремено добивал големи парични износи, меѓу другото и пратки со пари во доларски книжни пари. Кон тоа доаѓа уште и фактот дека Прошев, како што беше доверливо соопштено, во 1925 и 1926 година повеќепати треба да бил притворан во Белград, бидејќи бил под сомнение дека подготвувал напади против емигрирани приврзеници на бугарските земјоделци (групата на Стамболиски) во Србија.За да се утврдат можни врски на атентаторот, беа преземени куќни претреси кај Македонците во Виена, кои доаѓаа предвид за можна поврзаност со него. Исто така бројни Македонци и припадници на БЗНС, кои престојуваа овде се подложени на детално полициско испитување.“ Во полициските простории, според еден поранешен земјоделски пратеник од групата на Неделко Атанасов,сведок на атентатот, д-р Ф. Атанасов се поздравил со Влахов со следните зборови „Доста бре Мито, нема ли крај на нашите недоверби“ (ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/399-406; ЦДА, ф. 176, оп. 5, а.е. 339, л. 100; ДАРМ. 1. 1266. 6. 114/ 647-652)

[816] АСЦГ, ф. 37, кут. 22, а.е. 174/ 336; ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/397-398; ДАРМ. 1. 1266. 6. 114/ 647-652; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска“, ...., 90

[817] ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/397-398

продажбата за да го направи долго планираното патување за Париз."[818] По недокажаните обвинувања, во врска со подготовки на атентати на македонски автономисти, против д-р Атанасов и С. Иванов, изнесени од страна на нивниот атентатор, тие на 13 декември во договор со Државното обвинителство во Виена 1. биле ослободени, а атентаторот Борис Прошев по завршувањето на истрагата бил предаден на Покраинскиот суд Виена 1.[819]

Според искази на Славе Иванов, дадени пред виенската полиција еден ден по неговото ослободување од обвинението, Прошев најверојатно бил со задача првин да го убие Димитар Влахов. Иванов изјавил дека самиот Прошев неколку недели пред атентатот му открил дека, е испратен од „Внатрешната македонска револуционерна организација", и тоа од водачите на автономистите Јордан Ѓурков и Иван Михајлов, да ги убие Димитар Влахов, д-р Филип Атанасов и Славе Иванов.[820] Според извештај на Чехословачката амбасада во Виена до Министерството за надворешни работи на ЧСР,[821] околу овој атентат „се наметнува мислата дека тоа е продолжување на атентатите, започнати против македонските федералисти со убиството на Паница во Виена и на Чаулев во Милано". Од друга страна пак се изнесува и сомнеж дека,

---

818 ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/399-406

819 Ibidem

820 ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/407-410. Според исказот на Славе Иванов, даден по неговото ослободување од обвинението, по заминувањето од Софија на Прошев му биле дадени 60.000 лева и пиштол „Мавзер". Како доказ за точноста на неговиот податок, Прошев на Иванов исто така му предал пиштол „Мавзер", понатаму му пренел едно препорачано писмо, во кое на Прошев, покрај паричниот износ од 600 шилинзи му било пренесено и едно барање кое било шифрирано, најскоро или Димитар Влахов или доколку ова не е можно, д-р Филип Атанасов или Славче Иванов (во документот стои Добрев) да ги убие. Како испраќач на ова писмо предадено на 22 август 1926 година на ковертот на писмото е означен извесен „Стојан Христов, Христо Ботев 18". Прошев заради извршувањето на атентатите што му биле доверени, се поврзал со слушателот на медицина Благој Коев, кој живеел во Виена 7, Ноштифгасе бр. 139/18. (ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/407-410). Димитар Влахов, како што наведува во своите мемоари, бил под постојана полициска контрола – Дирекцијата на полицијата во Виена под претекст за да го заштити од евентуален напад против него од фшиситите, а всушност и за да го следи неговот движење и неговите средби, по атентатот врз Паница, делегирала едно лице посотјано да го придружува и да седи со него во куќата во која што живеел.( Влахов Д., op. cit.„ 259). Можеби и поради ова на Прошев му било отежнато да ја реализира својата задача – да го убие Влахов.

Во потрга по Влахов, двајцата еден ден во близина на Западната железничка станица, го сретнале Ѓорѓи Занков, кој исто така бил осуден на смрт од Централниот комитет на „Внатрешната македонска револуционерна организација". Бидејќи Коев наводно знаел дека Прошев не го знаел Влахов, му рекол на Прошев дека Занков, кој им се приближувал, е Влахов. Прошев требало да пука во него. Тој сепак го познавал Занков од Софија и веднаш го предупредил неговиот налогодавач за измамата, по што атентатот отпаднал. Па така Прошев и Коев повторно по улица ги следеле д-р Филип Атанасов и Славе Иванов. Меѓутоа бидејќи Прошев не можел да се одлучи да го изврши нападот врза двајцата последни, Коев бил незадоволен од него и отпатувал за Софија.

Подоцна Прошев за подршка му се обратил на поранешниот прв човек на „Македонското академско здружение" во Виена Никола Велев. Внук на Александар Протогеров и од него навистина добил 100 шилинзи. Прошев во октомври во Виена остварил средба и со Наум Томалевски, кој му префрлил за неизвршената мисија. Иако на сослушувањето Прошев негирал дека покрај парите добил и писмо од Софија, неговите цимери го демантирале и потврдиле дека имало и писмо пишувано на машина. (ДАРМ, 1. 1396. 3. 69/407-410)

821 Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919-1933, Книга 1, Избор и редакција д-р Новица Велјановски, д-р Јан Рихлик, ДАРМ, Скопје 2006, 140-144

бидејќи д-р Атанасов и Иванов „застраниле од болшевичката организација на федералистите раководена од Влахов и се помириле со автономистите“[822] може да станува збор за „одмазда на федералистите-болшевици, што се поткрепува со фактот, дека Влахов, кој се врати од Москва и пак живее овде, веднаш по атентатот исчезна од Виена“. Претпоставките за овој атентат одат дотаму дека и Атанасов и Иванов можеби самите си го организирале атентатот, за да може да го искористат против своите противници.[823]

Во 1925 година во Виена ќе се случи уште едно убиство, испланирано и изведено од ВМРО на Иван Михајлов, на еден од учесниците во Виенските преговори и доследните подржувачи и спроводници на принципите на Мајскиот манифест, федралистот Тодор Паница.

Предводникот на федралистичките вооружени сили во пресметките со автономистичката ВМРО во Петричкиот округ, Тодор Паница, по Неврокопските настани се извлекол и се сокрил во Софија во куќата на инженерот Христо Станишев. Овде останал извесно време и одкако бил предупреден од Димитар Влахов (кој бил роднина со Станишев) дека Тодор Александров се распрашува за него бил принуден да замине од оваа куќа и за да си го спаси животот морал да излезе надвор од Бугарија.[824] По Деветојунскиот преврат, тој бил загрозен не само од ВМРО туку и од новата власт во Бугарија и седум месеци по превратот успеал илегално да ја напушти Бугарија. Т. Паница бил баран од новите бугарски власти и од ВМРО под дрво и под камен. По настојувањето на неговите блиски другари, за да го избегне ликвидирањето, заминал во Кралството СХС под името Димитар Арнаудов.[825] Се снабдил со пасош на име Димитар Арнаудов, трговец, издаден од српското Министерство за надворешни работи со помош на членовите на раководството на Земјоделскиот сојуз, кои се наоѓале во

---

[822] Д-р Ф. Атанасов и Славе Иванов оствариле средби со некои претставници на автономистите на крајот од 1925 и почетокот на 1926 година, но не постигнале разбирање и соработка. Види: Палешутски К., Македонското....1924-1934, ...., 46-47

[823] Чехословачки дипломатски, op. cit., 143-144

[824] Влахов Д., op. cit., 231-232

[825] ЦДА, ф. 1955к, оп. 1. а.е. 6, л. 207; Според полицискиот извештај по неговото убиство кај Паница е пронајден еден наводно вистински пасош, издаден од полициската дирекција во Белград под бр. 2049 односно 32116 на 1 април 1925 година, кој гласел на име Димитри Арнаутовиќ, кој бил проверен од австрискиот генерален конзул во Белград и во кој е внесена забелешка од југословенскиот генерален конзулат во Виена на 22 април 1925 година. Интересно е дека делегатот на југословенското министерство за внатрешни работи при југословенското претсатвништво во Виена, пратеничкиот советник Банковиќ, на 9 мај 1925 година (еден ден по убиството на Паница) спонтано ја повикал полицијата и и соопштил дека во случај лицата што учествувале во атентатот да поседуваат југословенски, тие мора да биле фалсификувани (ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345)

емиграцција, Коста Тодоров и Александар Обов.[826] Потоа Тодор Паница, член на ЦК МФРО, за која цел било испратено специјално лице – странец и писма дури во Одрин. Иако доста доцна, врската била воспставена и Тодор Паница кон февруари или почетокот на март 1924 година се појавил во Виена.[827] Тука активно се вклучил во преговорите за обединување на револуционерните сили во македонското револуционерно движење, водени во март-април 1924 година. Плановите за создавање на единствена македонска револуционерна организација, единствен балкански револуционерен фронт против монархиите, а за демократија на балканските народи и за балканска федерација, ги обеспокојувале бугарските власти по деветојунскиот преврат, а заедно со нив и меѓународната реакција, која била доста лута на австриските власти во Виена за приемот што им го давала на балканските револуционери.[828] Важна улога среде македонските и балканските револуционери на линијата на обединувањето играле претставникот на СССР Черски, Крсто Раковски[829] и Никола Харлаков[830], кои се наоѓале во Виена. Т. Паница бил тесно поврзан со нив. За време на Деветојунскиот преврат и Септемвриското востание во 1923 година, преку границите на Бугарија и Пиринска Македонија избегале во Виена голем дел македонски емигранти и Македонци од Пиринскиот дел на Македонија.

Дел од македонските емигранти биле раководени од Тодор Паница, кој успеал да воспостави врски и со македонските револуционери во вардарскиот и егејскиот дел на Македонија.[831] По обавените преговори во Виена, придружуван од своите соработници Кочо Павлов, Крсте Делипапазов, Георги Лаков и Јане Богатинов, во јули 1924 година Т. Паница пристигнал во Кралството на СХС. Последните негови сомисленици, кои исто така биле под притисок и прогон и морале да ја напуштат Бугарија, избегале од државата, преку Турција, во Русија откаде Т. Паница ги повикал во Кралството на СХС. Впрочем тој бил и единствениот припадник на поистакнатите Серчани-санданисти и федералисти, кој успеал да ги преживее септемвриските колежи од 1924 година.

И по откажувањето на Тодор Александров и Александар Протогеров, со јавна Декларација, од своите потписи на виенските документи Македонската федертивна

[826] Родоотстпници, ..., 8
[827] Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите..., дел втори, ... док. 162, 1307-1309
[828] Динев Ан., op.cit, 148
[829] Ibidem
[830] Ibid.
[831] Ib.; Пачемска Д.,ВМРО (об)..., 83; Добринов Д., ВМРО (обединена),...89

организација продолжувала да работи и да ја води својата агитационо пропагандна активност во духот на борбата за независна и обединета Македонија и Балканска Федерација. За остварување на оваа идеја се залагале федралистичките раководители д-р Филип Атанасов и Тодор Паница. Поранешниот серски револуционер, припадник на левицата во ВМРО, социјалист по убедување, борец за правата на македонскиот народ и на останатите национално потиснати народи на Балканот, Паница многу придонел за прифаќањето на платформата од спогодбата во Виена. Тој е еден од најдоследните поборници за создавање на балкански револуционерен фронт. Токму поради таа негова активност, терористите од ВМРО го застрелале во Виена.[832]

Тодор Паница е убиен на 8 мај 1925 година во Бургтеатар во Виена[833], за време на прикажувањето на претставата "Пер Гинт" на Хенрих Ибзен, претстава која влезе во историјата.[834] Убиството е извршено од Мелпомена Карничиу (позната како Менча Крничева).[835] Егзекуцијата во Виена е кулминација на една борба, во која се исправуваат една спроти друга две личности - слабата и болникава жена, која што поседувала упорност преку убиството да ги оствари своите замисли за брак со Иван Михајлов, и еден од најсмелите и решителни дејци на „левицата", којшто тешко можел да го запре било каква препрека на неговиот пат .[836]

Откако се населила во Софија во 1919 година Менча Крничева ги следела состојбите во македонското движење, и спротивставениот однос помеѓу ВМРО и владата на БЗНС.

---

[832] В.„ Македонско дело", бр. 1, 10 IX 1925

[833] ЦДА ф. 1932к, оп. 4, а.е. 42, л. 6; оп. 2, а.е. 167; ф.. 1955k, оп. 1, а.е. 6, л. 208; [833] Динев Ангел, Одбрани дела,...146; Трите дела – Прага – Табор – Виена – Милано. Страници отъ борбата на Македония (По стенограми отчети, коментари на весниците и документи на Вътрешната македонска революционна организация), София1927, 76; ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345; АСЦГ, ф. 14, к. 29/110

[834] ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345

[835] Менча Крничева е родена во Крушево на 16 март 1900 година. Татко и бил трговец самарџија и како таков ги обиколувал градовите во Отоманската империја. Детските години Менча ги поминала освен во Крушево и во Цариброд (денешен Димитровград, Р. Србија). Во 1918 година заминала за Германија. На пат за Германија во септември 1918 годнина се запознала со балдзата на Тодор Паница, Магдалена Измирлиева. Подоцна се сретнала и се зближила и со семејството на Тодор Паница. Полека, полека за време на нејзините средби и разговори со нив таа имала можност да го спознае Тодор Паница. Откако се вратила од Германија 1919 година Менча се населила во Софија, а нејзиното семејство останува во Цариброд, кој по Нејскиот договор останал на српска територија.

[836] Според еден извештај на делегат на Министерството за внатрешни работи на Кралството Југославија во Виена, за периодот од 25 април до 12 мај 1925 г., смртта на Паница „не само што ја барал не само софискиот македонски комитет и виенската Коминтерна, туку дека по него нема баш многу да зажали и самата званична Југославија". (АСЦГ, ф. 14, к. 29/110)

Во разговорите водени со Магдалена Измирлива, Тодор Паница и бил претставуван на Менча Крничева како приврзеник на самостојноста на македонското движење и специјално како противник на мешањето од Страна на Бугарија во истото.[837] До прва средба меѓу Крничева и Паница дошло во 1920 година во Лжане.[838] Во таа прилика имала можност да слушне од самиот Паница дека тој никогаш не би се ставил во услуга ниту на една бугарска влада. Од оваа изјава Менча Крничева вели "останав со почит кон него и ми беше драго дека за Македонија работат предани и цврсти луѓе, спремни на сите жртви за неа."[839]

Според П. Шанданов во 1923 и 1924 година до нејзиното заминување во февруари (1925 г.) во Виена, Менча Крничева му била курирка на Паница.[840] Како таква, таа му била сомнителна на Иван Михајлов.[841] М. Крничева лично се запознала со Ив. Михајлов набргу по деветојунскиот преврат во 1923 година. Како што споменува таа во своите мемоари Иван Михајлов прв се заинтересирал за неа поради нејзиното познанство со семејството на Тодор Паница. Тоа зборува за карактерот на Ив. Михајлов да ги искористува луѓето за остварување на неговите планови за физичко ликвидирање на неговите противници. Тој бил нарачател, а извршители биле такви како М. Крничева. Првата средба и разговор за Тодор Паница, кој што тој ја остварил со неа била на 6 март 1924 година.[842] Менча била грабната со автомобил и одвлечена во вилата на Божинов. Според Шанданов, врз неа биле применети инквизиторски измачувања, што не се за споменување никаде. По долготрајни измачувања, најпосле Менча Крничева признала сé и му ветила на Ив. Михајлов дека е спремна да го убие Т. Паница и дека се кае за сé. Михајлов во договор со Тодор Александров ја пуштиле, но

---

[837]Ibidem, 8

[838] Според Менче Крничева Паница се криел во Лжане (денешен Велинград во Р. Бугарија) од прогонот на владата на Стамболиски, баран за да одговара за незаконски стекнато богатство во време на војната, по сила на чл. 4 од еден специјално создаден закон во Бугарија. Поради оваа сосотојба неговото семејство упатувало најостри критики за владата на Стамболиски. Магдалена Измирлиева не одрекувала дека Паница се стекнал со богатствово Драмско за време на војната, но не по пат на изнудување на населението, туку од поволните комисиони што му ги давале тутунотрговците. Но по една средба на Паница со министерот Александар Димитров расположението на семејството Паница кон земјоделската влада се променило. Менча раскажува дека после тоа не можела да поверува на гласините, дека Паница се ставил на услуга на власта. Таа вели: „И можеше ли да поверувам кога стотици пати слушав како ми се говори за самостојност, необврзаност и сл. и во тој момент ми се објаснуваше дека непријателите му ја пуштаат инсинуацијата за неговото службување на владата, за да го компромитираат. Спопствените дела на Паница наскоро го поставија во неговото целосно осветлување." (Крничева Менча, op. cit., 9)

[839] Крничева Менча, op. cit., 8

[840] Шанданов П., op. cit., 183.

[841] Ibidem

[842] Крничева Менча, op. cit., 5

Ив. Михајлов имал за задача постојано да одржува контакт со неа и да ја има под око.[843]

За своето зближување со Иван Михајлов, Менча Крничева во своите спомени ќе забележи дека “за време на тие неколку часа се бев вљубила во него. И не само тоа. Проповедите дефинитивно ме имаа придобиено за ослободтелното дело на Македонија. Го бев открила идеалот, којшто го барав.”[844] На 15 март 1924 година таа положила заклетва како член на ВМРО[845] и активно се вклучила во реализацијата на плановите на Иван Михајлов. Од Виена Менча Крничева го известувала Иван Михајлов со шифрирани писма за настаните во средината на пријателите на Тодор Паница.[846] Всушност таа имала улога на агент-провокатор во опкружувањето на Т. Паница.[847]

Пред атентатот на Тодор Паница по наредба на ЦК на ВМРО биле средени од специјални агенти на Ив. Михајлов, малешевскиот војвода Ефтим Цеков и кочанскиот војвода Панчо Михајлов, обвинети за предавство на Организацијата, затоа што биле во врска со Тодор Паница и со некои други федералисти.[848]

По заминувањето за Виена во јануари 1925 година Менча Крничева повторно стапила во контакт со семејството на Паница, барајќи погоден момент да го изврши убиството[849]. Како таков е одбрано времето на претставата во Бург-Театарот, за која билети купила Менча, и ги распределила местата така да има можност да го застрела Т. Паница. При убиството на Тодор Паница М. Крничева го онеспособила и неговиот телохранител, Јане Богатинов[850], ранувајќи го во двете раце, ја ранила и сопругата[851] на

843 Шанданов Петар, op. cit., 183.
844 Крничева Менча, op. cit., 3
845 Ibidem
846 Шанданов П., op. cit., 183
847 Ibidem, 179. Шанданов споменува едно писмо на Менча Крничева во кое соопштува дека имало наредба да биде убиено некое видно лице – Македонец, кое било испратено пред убиството на Никола Милев
848 За судењето на двајцата војводи види: Шанданов Петар, op. cit., 184-188
849 Во Виена, покрај контактите со семејството на Паница, Менча Крничиева имала пријателски односи и со шефот на печатот на бугарското претставништво и со братот на еден од најпознатите македонски автономисти Наум Томалевски. (ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345). Менча во Виена контактирала и со полковникот Георгиев, член на Воената лига, а била посматрана и од членови на БЗНС (АСЦГ, ф. 14, к. 29/110)
850 Трите дела – Прага – Табор – Виена – Милано. op. cit., 76; ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345
851 Ibidem

Паница, Екатерина, во главата, зафаќајќи и го јазикот, со што таа била онеспособена да даде изјави за време на процесот што следел.[852]

За време на погребот на Тодор Паница, на 15 мај 1925 година, на неговиот гроб македонскиот федералист и негов соучесник во Виенските преговори д-р Филип Атанасов, потоа неколку македонски студенти и виенскиот комунист Франц Коричоне, како и неговиот баџанак Борис Михајловиќ (под тоа име во Виена престојувал Борис Бумбаров) одржале надгробни говори, во кои го опишале животот и дејноста на Паница. За време на погребната свеченост биле разделени два различни летоци. Во нивната содржина стои: „По долгата редица на најдобрите македонски борци за слобода, кои се паднати од непријателската или предавничката рака исто така и Тодор Паница загина од истрелите на една алатка на крвожедниот софиски џелат. Со него падна легендарниот револуционер, кој се бореше за слободата на Македонија и за братството на Балканот, но безбројни се оние што ќе ја продолжат големата борба! Почит на Борецот! Презир спрема џелатите! Виена, 13 мај 1925 година. Од Македонските народни студентски друштва во Виена".[853] По повод убиството на Паница и Комунистичката партија на Австрија издала леток под наслов „До австриското работништво".[854] Во неговата содржина меѓу другото стои: „Тодор Паница уште кога стапи во борбата осозна дека македонскиот народ својата слобода и независност може да ги избори само преку негова сопствена револуционерна сила.... По војната тој беше меѓу првите што дојдоа до сознанието дека ослободувањето на македонскиот народ е можно само со тесен сојуз со револуционерната борба на работниците и селаните и нивните авангарди, комунистичките партии на сите балкански земји....Тодор Паница не беше комунист, тој се борше против угнетувањето на националните малцинства, кои се подјармени од империјалистичките сили, од меѓународниот капитал и од нивните лакеи, од крвожедните влади-убијци на Балканот.... Убиството на Паница е кулминација на убиствената хајка, која се води одамна преку владите од Балканот против емигрантите што живеат во Виена.".[855]

Според начинот на неговото изведување ова убиство е доста оригинално.[856] Впрочем Менча Крничева се докажала како професионален атентатор - убиец. Нејзина

---

[852] Крничева Менча, op. cit., 5
[853] ДАРМ, 1. 1396. 3. 58/352-356
[854] ДАРМ, 1. 1396. 3. 59/357-360
[855] Ibidem
[856] Динев А., op. cit., 146

жртва не бил само Тодор Паница туку и неговата сопруга и телохранителот, а тоа не е веќе само политичко убиство.

По убиството на Тодор Паница, Менча Крничева сама се предала на полицијата. Таа во Виена престојувала со важечки романски пасош, издаден од романското претставништво во Софија на 5 јули 1924 година, под бр. 324037.[857] Таа е затворена и против неа започнува судски процес во Виена. Во истражниот затвор и во болницата, во која била сместена заради нејзината лоша здравствена состојба[858], таа добива поткрепа од Иван Михајлов кој и пишува или и праќа известувања по доверливи луѓе, пред сѐ по Никола Велев.[859]

Во исто време српската полиција го уапсила таткото на Менча, кој во тоа време се наоѓал во Цариброд. Бил ослободен после четири месеци откако си ги потрошил сите пари за поткупи. Мајка и отпатувала до Виена со надеж да се види со Менча, но не и било дозволено, и таа се вратила без резултат во Бугарија.[860]

Според доверлив извештај од Дирекцијата на полицијата во Виена од 30 мај 1925 година до канцеларијата на Сојузниот канцелар во Виена македонските автономисти подготвувале план за да ја ослободат Мелпомени Карничиу и да се извршат напади врз привrзениците на македонското федералистичко движење, кои времено престојуваат во Австрија, како и против австриските службеници, кои преку извештаи се занимаваат со „македонските прилики“. Од оваа причина повеќе сомнителни лица, кои се снабдени со унгарски, грчки и италијански пасоши отпатувале од Бугарија за средна Европа.[861]

Процесот против Менча Крничева започнал на 30 септември 1925 година. Нејзини бранители биле познати адвокати во Австрија д-р Рихард Пресбургер и д-р Игнац Курт Розенфелд.[862] За обезбедување на истите се погрижил Ив. Михајлов.

---

[857] ДАРМ, 1. 1396. 3. 56/340-345

[858] Тодоровски Зоран, ВМРО 1924-1934, Скопје, 1997, 69. За нејзиното сместување во санаториум и за обезбедување средства за нејзино лекување се ангажирало раководството на ВМРО. Тоа се гледа од едно писмо на Никола Велев претставник на ВМРО во Виена (под псевдоним „Бојко“) до Г. Баждаров, од 13 јули 1925 г., со кое го известува Баждаров дека дневните расходи во санаториумот изнесувале 1600-2000 лева и дека на „д-р Пунтугер му изброил 20 000 000 круни за лекување на Менча Крничева

[859] Кърничева Менча, Защо убих Тодор Паница?, София, 1993, 6.

[860] Ibidem

[861] ДАРМ, 1. 1396. 3. 60/361-362

[862] Ibid; Трите дела – Прага – Табор – Виена – Милано...., 81-84

За застапување на семејството Паница, во процесот против М. Крничева, биле ангажирани двајца адвокати, еден за криминалниот дел, друг за политичкиот.[863] Семејството Паница за ангажирањето и плаќањето на адвокатите било подржано од пријателите и соработниците на Тодор Паница во Виена. Еден од нивните адвокати бил социјал-демократот д-р Алфред Марил, виден деец на Австриската социјалистичка партија, во еден од виенските реони, а другиот не бил партиска личност.[864]

Поради слабоста на М. Крничева и било дозволено од страна на судот да ја внесуваат и изнесуваат на носила завиткана во ќебе, и да лежи за време на заседанијата на судот. ВМРО влегла во директна врска со неа преку нејзиниот преведувач Хрватот Алфред Фурјаковиќ.

Пресудата против Менча Крничева е донесена на 2 октомври 1925 година. Била осудена на осум години затвор, но требало да биде ослободена заради нејзината влошена здравствена состојба. Ја ослободиле набргу плашејќи се да не умре во затворот, откако почнала да одбива храна. Ја качиле во воз за Софија. Така властите се стремеле донекаде да го запазат нејзиното инкогнито, плашејќи се од левиот печат. Во возот ја дочекале и ја придружувале, испратените од Ив. Михајлов, Тома Карајовов и Никола Велев.[865]

За да му даде поголем пропаганден публицитет на чинот на убиството на Тодор Паница, Иван Михајлов на атетнтаторката Менча Крничева и приредил свечен пречек во Софија, а ЦК на ВМРО ја наградил со значка "во знак на благодарност и почит кон реткиот и голем подвиг".[866]

Преку т.н. Македонски национален комитет членовите на ВМРО одржувале митинзи низ цела Бугарија. На нив учествувале и Бугари со големобугарски идеи и подржувачи на ВМРО. Истите се ределе во редовите на македонските братства и ја наголемувале ѓурултијата. Говорниците на манифестациите и митинзите ја нарекувале Менча, Жана Д'Арк и Шарлота Корде на Бугарија. Се појавиле картички и значки со ликот на Бугарката "Корде" и "Жана".[867]

---

[863] Спомени на Екатерина Измирлиева Паница, op. cit., 158; Влахов Д., Мемоари ..., 258-259
[864] Влахов Д., Мемоари, ...., 259
[865] Ib.
[866] Тодоровски З., ВМРО, ... 69-70
[867] Трите дела – Прага – Табор – Виена – Милано,... 150

Д-р Алфред Марил, адвокатот на семејството Паница, на судскиот процес во Виена во 1925 г. во врска со убиството на Тодор Паница, дава особено издиференциран израз на третирањето на македонската индивидуалност, како самостојна национална единка. Застапувајќи го убиениот Паница д-р Марил во својата реч фактички го застапувал делото на македонското национално-револуционерно движење и македонската индивидуалност од нападите на големобугарскиот шовинизам. Револуционерните борби во Македонија, подвлекува тој, се борби на македонскиот народ, правејќи јасна разлика меѓу македонскиот и бугарскиот народ. Во исто време тој прави прецизна разлика и во однос на политичките и националните цели меѓу "федералистите" и "автономистите". Тој дословно рекол: "Ако денес се зборува за автономисти и федералисти, нека кажам дека меѓу нив има разлика. Федералистите се автономисти, но автономистите се предавници на својот народ. Тие бараат тој да биде потиснат од владејачките класи, додека федералистите бараат ослободување на македонскиот народ. Тоа е разлика и не треба да се чудиме кога од една страна слушаме за автономисти, а од друга за федералисти... Треба да ни биде јасно дека автономистите се наемници на бугарската влада, дека се наемници на српската влада, на грчката влада, на романската влада...[868]

Тодор Паница работеше и умре како федералист со една јасно определена задача "преку независна слободна Македонија - кон Балканска федерација".[869] Принцип кај него следен од времето на членувањето во Серскиот револуционерен округ.

Сериите на терористички атентати што ги организира организацијата на Иван Михајлов во Македонија и во европските земји, какви што биле атентатите на Петар Чаулев и на Тодор Паница, во голема мера го компромитирале македонското ослободително движење и престижот на ВМРО во странство. На таквата појава мошне загрижено предупредувал специјалниот претставник на ВМРО во странство, Тома Карајовов, кој на своето раководство му сугерирал за извесно време да се воздржат од атентатите по еврпопските метрополи над видни дејци над ВМРО, бидејќи според него "европското општествено мислење не ги одобрува". На исто мислење бил и членот на ЦК на ВМРО, А. Протогеров, кој во едно писмо до своите "другари" во раководството на ВМРО, исто така предупредувал дека со атентатите имало голема опасност

[868] Ibidem. Затоа што во својата реч говори за посебен македонски народ а не за бугарски, одбраната на убијците во лицето на адвокатот д-р Maurer го обвинила д-р Maril дека зборува глупости.
[869] ЦДА, ф. 1932к, оп. 1, а.е. 254, л. 20

организацијата да изгуби "секаква симпатија кај општественото мислење во Европа", и на неа да се гледа како на "анархистичка" организација. Во писмото А. Протогеров укажал и на опасноста од странските државници и политичари "во иднина да не ги примаат никаде претставниците на огранизацијата".[870]

Исто така, и одделни бугарски државници, политичари, дипломати и општественици реагирале против атентатите што ги организирала ВМРО.[871]

Не може со сигурност да се каже дека во периодот по убиството на Тодор Паница настапило и фактичко делење на раководните сили на МФО. Тодор Паница како што ни е познато не ја напуштил соработката со другите револуционери и политички сили во македонското ослободително движење, за создавање единствен македонски и единствен балкански револуционерен фронт. Тој соработувал со претставниците на Советскиот Сојуз, Коминтерна, БКФ, со Димитар Влахов, Н. Харлаков и др. Тој се ангажирал и во создавањето групи и комитети врз основа на Мајскиот манифест во Македонија. Во двобројот 1-2, од 15 јануари 1925 година во одбележувањето на едногодишнината од излегувањето на "Македонско сознание" се вели дека весникот ќе продолжи да го следи федеративнот пат се додека не ја види "Македонија ослободена и обособена во самостојна федеративна држава, рамноправен член на Балканската федреративна република". (подвлечено во М. С.)[872]

Објавениот апел од Управното тело на МФО "Нашиот пат" во бр. 4 од 25 февруари 1925 година на "Македонско сознание" исто така ја потврдува оваа ориентација на МФО и на "Македонско сознание". Во него откако објективно се изнесува историјата на македонското национално ослободително движење од неговата појава се разобличува штетната улога на врховизмот кој служел и служи на бугарската завојувачка политика. Исто така се прави осврт на аспирациите и на српската и на грчката буржоазија, кои исто така како и бугарската, се виновни за поделбата на Македонија. Се осудува и политиката на големите сили кон Македонија и Балканот. После сите настани и предавства останува само Македонската федеративна организација, која е "единствен непоколеблив заштитник и борец за ослободување на

---

[870] Тодоровски З., ВМРО, .... 144
[871] Ibidem., 144-146
[872] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 215; Петреска Д., Македонската федратива група..., 130-131

Македонија и за нејзино обособување во една национална федеративна држава”. Поради тоа што имало обвинувања дека е тоа “орган на болшевичката пропаганда” нејзиното управно тело изјавува дека во програмата на МФО се зацртани: борбата против секакво национално и политичко угнетување и против секаква економска експлоатација на народот, искористување на сите услови за слободен, политички, национален и културен развиток на македонскиот народ во пределите на географските и економските граници на неговата земја”, која ќе послужи и како алка за создавање на балканска федерација. Управното тело на МФО потоа се обраќа до Македонците за да им објасни дека истата има тешкотии кои ја спречуваат нејзината дејност, кои имаат за цел да ја уништат. Затоа се повикуват сите Македонци да не паѓаат под влијание на заинтересираните балкански фактори, за да се борат во името на набележаната програма, а во што ќе бидат поткрепени од “сите напредни и демократски елементи на Балканот, во Европа и во останатиот свет..”

Во повикот до организираните Македонци-федералисти се вели дека пред нив стои тешка задача да го “изградат ослободителното национално движење”, а затоа треба да поднесат жртва, како што поднеле и револуционрите на чистата македонска борба: Г. Делчев, П. Тошев, Ј. Сандански, К. Асенов, Д. Груев, Ѓ. Петров, Н. Јуруков, К. Размов, Ч. Кантарџиев, Ал. Бујнов, С. Хаџив и плејада други борци. За исполнување на истата задача треба да се отфрлат секакви обиди на големите сили и балканските држави да се мешаат во нејзината борба. Сојузници на МФО се федеративните движења на Балканот.

Овој апел зборува во прилог на размислите дека МФО веќе се судрила со притисоците од надвор и затоа сметала повторно да ја изнесе својата програма и односот кон големите сили, балканските држави и демократските и прогресивни сили на Балканот. Во бр. 8 од 10 јули 1925 година од “Македонско сознание се поместени повеќе прилози по повод убиството на Тодор Паница, член на управното тело на МФО. Исто така нема промени во главната цел на МФО. Од друга страна поместената наредба од МФО од 1 јули 1925 година за исклучување на д-р Филип Атанасов од МФО, зборува во прилог на тоа дека во редовите на истата по убиството на Тодор Паница настапило цепење[873], односно дека истиот е исклучен поради несогласување на

[873] Родоотстпници, ..., 17. Веќе во август 1925 година федралистите биле расцепени на четири-пет крила, кои едно со друго се исклучувале. Во едното биле Димитар Влахов, Ризо Ризов; во второто – д-р Филип

останатите членови со неговата дејност. Тој останал и понатаму да соработува со Д. Влахов и другите заинтересирани фактори за единствениот балкански револуционерен фронт, што не одговарало на К. Риндов и К. Терзиев,[874]кои отворено се ставиле во служба на српските известувачки служби.

Убиството на поранешниот Серчанин - санданист, а од 1922 година федералист, Тодор Паница, не било обично убиство на идеен противник на Ив. Михајлов. Тоа требало да послужи за исполнување на повеќе цели. Со неговото ликвидирање Ив. Михајлов се ослободил од еден опасен противник, кој имал долгогодишно револуционерно, организаторско и борбено искуство голем противник на врховизмот во минатото. Тодор Паница како федералист исто така бил опасен за престижот на Ив. Михајлов сред македонките револуцинери, македонскиот народ во пиринскиот дел на Македонија и македонската емиграција.

Во исто време изборот на жена за ликвидирање на Т. Паница, местото кое е избрано за атентатот - Бург-Театар во Виена требало да му донесе голем публицитет на тоа дело, кое ќе го искористи Ив. Михајлов.

Нема никакво сомневање дака прво убиството на Петар Чаулев, а потоа на Тодор Паница внесле збрка, колебање, несигурност и повлекување во редовите на силите што се определиле за новата обединувачка акција на македонското прогресивно револуционерно движење. Објавените статии на Димитар Влахов во „Балканска федерација" и „Македонско дело" во текот на 1925 година, како што се "Повик кон македонскиот народ и членовите и сомислениците на ВМРО", потоа „Пакосни илузии" итн. претставуваат своевидна потврда за тоа. Во нив не само што се разобличуваат убијците на Чаулев и се повикува на борба врз база на принципите на Мајскиот манифест, туку се укажува на нереалноста и опасноста за борбата на македонскиот народ од илузиите слободата на Македонија да се очекува од надворешни фактори, од Општеството на народите.

---

Атанасов, Славе Иванов; во третото – Кочо Хаџи Риндов, Миладинов, д-р Коста Терзиев; во четвртото Васил Манолев, Јане Богатинов, Димитар Арнаудов и г-ѓа Паница.

[874] Петреска Д., Федеративната идеја..., 215-217

Со еден збор, по наведените убиства целиот процес за обединување на македонските прогресивни сили во единствен револуционерен фронт е подзабавен и одложен.[875]

Феноменот на меѓусебните прогони и физички ликвидирања во македонското движење не останал незабележан и од меѓународоното општествено мислење. Во редица свои искази и публикации на претставници на истото се одвојува внимание и на македонското прашање, при што се засегнува и неговата улога во политичките односи на Балканот. Во некои публикации е отделено специјално внимание на настаните од септември 1924 година. Таква е на пр. книгата на М. Вилер „Што видив во Бугарија", во која овие настани авторот ги смета за трет бран на терор заедно со 9 јуни и Септемврискoто востание. По овие настани, тој смета, дека ВМРО се претворила во орудие на бугарската буржоазија, со помошта на која се реализира разбивањето на сите прогресивни сили. И во книгата „Крвавиот поток во Бугарија", издание на Германската лига за правата на човекот, се одвојува значително големо внимание на македонските расправии. Авторите разликуваат, како што го нарекуваат „цареводворско" движење (струење) во македонските средини и друго – опозиционо. ВМРО во оваа публикација се смета за терористичка организација, која по нарачка на владата ги истребувала нејзините противници и претставниците на „левицата", како на пр. Паница.

Органот на Германската компартија во септември 1924 година посветува специјална статија на настаните во ВМРО под наслов „Белата смрт во Бугарија". Во неа се опишуваат убиствата на Димо Хаџи Димов, Сл. Ковачев, Ал. Василев, Г. Атанасов, при што се подвлекува дека десните сили во ВМРО активно соработуваат со Ал. Цанков. Според „Роте Фане" „левото" крило и федералистите се основната сила на македонското движење. Поради нивната ориентација кон сојузот со работниците и селаните тие се подложени на прогони од десните водачи, подкрепени од малубројна државна администрација – македонци. Во друга статија по повод убиството на Т. Паница „Роте Фане" дава висока отценка на федералистите како на следбеници на Мајскиот манифест, кои стојат на неговите позиции за сојуз со работниците и селаните,повторно ја разобличува ВМРО како „мафија" и орудие на Ал. Цанков. Меѓу познатите општествениците, кои се вклучиле во актуелизирањето на состојбите во македонското движење во време на овие големи превирања, и со својот збор застанале

[875] Катарџиев И., Борба до победа, ... 90-91.

на страната на прогресивните сили од истото, се имињата на А. Барбис, Д. Рену, Р. Ролан, Ш. Лонге, Ж. Р. Блок, М. Вилер и други. Особено активен на тој план бил Анри Барбис, кој по убиството на Т. Паница ќе го напише есејот „Лавот“, посветен на неговиот живот и дејност.[876]

[876] Добринов Д., ВМРО..., 75-80

## 5.4. Контактите на дел од федералистите со државните и известителни служби на Кралството на Србите Хрватите и Словенците

Интересот на Кралството на СХС (Југославија) за македонското движење во периодот меѓу двете светски војни Бугарија, е обусловен од државната политика и интересите на самото Кралство, од политичко безбедносната констелација на Балканот во тој период и од општите меѓународни околности во тогашна Европа. Во овој временски период во Европа била доминантна политиката на status quo и почитување на повоените меѓународни договори. Франција, при тоа, настојувала да ја казни победената Германија и да ја оневозможи во настојувањето да побара ревизија на мировните договори со мирни или со насилни средства. Кралството СХС сакало да заземе ист таков став во однос на Бугарија, но големите сили не подржувале нови конфликти на Балканот. Франција сепак останал отворен пријател на Кралството на СХС, додека Британија водела политика на тактизирање, настојувајќи да одбегне судир меѓу Бугарија и Кралството на СХС (Југославија). Заедничкото непријателство кон Кралството на СХС создало цврста врска помеѓу Италија и Бугарија, при што Италија дури и ја финансирала ВМРО.

Коминтерна исто така побарала соработка од ВМРО, со намера да го дестабилизира повоеното status quo на Балканот. Германија, барем пред доаѓањето на Хитлер на власт настојувала да ја спречи опасноста балканските држави да се здружат против неа. Треба да се има во предвид дека македонското движење во овој период не е занемарувано како влијателен фактор и потенцијал, кој можел да се искористи во остварувањето на политичките интереси на некоја од земјите засегнати од Версајскиот поредок. За време на владеењето на земјоделската влада на Ал. Стамболиски, победената во војната Бугарија, поради својата неповолна меѓународна позиција, и поради притисокот од страна на соседното Кралство на СХС се обидувала да направи отстапки и компромис по македонското прашање. Владата на Стамболиски се откажувала од остварувањето на правата на „бугарското малцинство“ во Македонија под српска власт за што добивала подршка од државниот врв на троименото кралство за нејзината „јужнословенска политика“. Македонската емиграција во Бугарија во тој период со својата масовност и организираност имала влијание врз политичките текови во Бугарија. Најмасовната и најорганизираната сила во македонското движење, ВМРО,

по војната во Бугарија била подржувана од воено-офицерските фактори односно опозицијата на владата на БЗНС. Нејзината поврзаност со опозицијата и четничката активност, особено во делот на Македонија, што бил во составот на Кралстовто на СХС ќе ја доведе до отворена војна со владата на БЗНС. Оваа организација, со начинот на своето делување и со целите на нејзината борба, била спротивставена и на интересите на Кралството на СХС. Од тука произлегува и интересот на Кралството на СХС да си обезбеди свои соработници во македонското движење во редовите на отцепените војводи и дејци од ВМРО или меѓу македонските револуционери и дејци, кои се разидуваат со политиката на ВМРО и се ориентираат кон барање на други патишта за разрешување на македонското прашање.

Поконкретно Кралството на СХС (Југославија) се ориентирало кон силите од македонското движење преку кои ќе може да влијае на разбивање и ослабнување на ВМРО од внатре, со кои ќе ја води и контрачетничката борба против ВМРО, и преку кои ќе го насочува ориентирањето на македонското движење со целите и задачите кон својата политика. Во овој случај федералистите се најповолни и најподатливи за српските служби. Најчесто преку нив од страна на државните и известителните служби на Кралството на СХС ќе бидат поврзувани (врбувани) и вовлекувани во мрежата на овие служби и македонски дејци кои не припаѓале на македонското федеративно движење.

Еден од првите македонски дејци, кој се поврзал и останал во долгогодишна соработка со државните и известителните служби на Кралството на СХС е Славе Иванов. Славе Иванов во својот извештај-реферат „Проект за продолжување на борбата против Тајната револуционерна организација насочена против Југославија“ од ноември 1937 година ќе запише, дека „1921 година ќе остане запаметена во историјата на ВМРО“.[877] Од тука започнува раздвојувањето на едно крило од ВМРО, кое, според нив, поради принципиелни несогласувања ги заостриле односите со водачот на оваа организација Тодор Александров. Отцепената група од ВМРО била јадро за создавање на Македонската федеративна револуционерна организација, чии припадници биле нарекувани федералисти. Една од нивните главни цели била борбата против Тодор Александров, односно против неговата организација - автономистичката ВМРО. За реализирање на таа цел, меѓу другото, големо значење имало и обезбедувањето на

[877] АСЦГ, ф. 37, к. 22, а.е. 174/334-339

материјална подршка. Решението на ова прашање отцепениот од ВМРО Славе Иванов, кој добро ја познавал политичката констелација, и особено интересот на Кралството на СХС за борба против автономистичката ВМРО, го гледал во ориентирањето кон Белград. Сметал дека таму ќе најде сигурен извор на подршка во дејствијата на МФРО и дошол на идеја да побара контакт со дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Софија. Оваа идеја ја споделил со неговиот близок и доверлив соработник Стојан Мишев. Од друга страна пак, разузнавачките служби на Кралството на СХС со будно око го следеле развитокот на борбата помеѓу „федералистите“ и „автономистите“ и во согласност со интересите на политиката на својата држава дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Софија го прифатило понудениот контакт со Славе Иванов. Така довчерашните противници комитскиот војвода Славе Иванов и ополномоштениот дипломатски претставник на Кралството на СХС во Софија, Милан Ракиќ, си подале рака за соработка.

Во договорите за оваа сорабтка Славе Иванов излегол со јасни барања, како услов за заедничко делување: 1. Да им се обезбедат сите потребни материјални средства за борбата против ВМРО; 2. Доколку борбата против ВМРО во Бугарија земе такви размери, што ќе им оневозможи на федралистите понатамошен престој на бугарската територија, во тој случај да се овозможи целата нивна активна група да премине во Југославија и таму да ја продолжи борбата; 3. На сите четници и војводи, кои би преминале во Југославија да им се даде амнестија за сите дела од 1915 година наваму.[878] За овие главни точки на преговорите помеѓу Милан Ракиќ и Славе Иванов, од страна на Ракиќ бил известен претседателот на владата на Кралството на СХС Никола Пашиќ. Тој согласно неговата политика и интереси од борбата помеѓу струите во ВМРО, веднаш ги прифатил трита предлога и решил материјално да ја подржуваат борбата против ВМРО на бугарска територија. Начинот на примање на материјалните средства бил договорен по враќањето на М. Ракиќ во Софија. Веднаш била исплатена и првата сума од српската влада за федералистичките борби против ВМРО.[879]

Поради ова поврзување со великосрпските фактори во Белград и со владата на Александар Стамболиски федералистите од страната на ВМРО се окарактеризирани како разбојници и предавници. ВМРО како пример за подржаноста на отцепничките елементи од двете влади го дава и случајот со Христо Даскалов, кој заминал за Битола

[878] Ibidem
[879] Ibid.

каде од страна на великосрпскиот режим бил назначен за полициски инспектор, за да го преследува македонското население кое би се борело против српскиот режим. Според ВМРО „нивното преминување од служба во Бугарија на служба во Србија, е сосема природно: и тука и таму тие ги преследуваат борците за ослободувањето на Македонија. Со такви заслуги министерот Александар Димитров беше примен во Белград да го подготви патот за зближување помеѓу Бугарија и Србија...“[880] Нема сомнение дека посочените фактори: владата на Стамболиски и великосрспските кругови одиграле определена улога во тоа. За соработката на дел од федералистите со известителните служби на Кралството на СХС сведочат и имињата на некои од нив наведени како информатори во разузнавачките извештаи, во кои покрај други податоци најмногу се известувало за ВМРО. На пример во еден разузнавачки извештај на кралската војска на СХС се споменува името на федералистот Григор Циклев, како доставувач на информации за тоа како и зошто преминала неговата федралситчка чета преку граница кај Цариброд и од тука заминала за Македонија во мај 1922 година. Циклев давал информации за движењето и на други федералисти и нивни чети (Стојан Мишев, Мето Стојанов, Тодор Паница и др.)[881] Григор Циклев, меѓу другото, во своите информации за системот на Организацијата дава и преглед на главните канали, пунктови, курири, магацини и сл. на ВМРО.[882] Дел од федералистите што се одвоиле од ВМРО, како што бил и Григор Циклев, во вардарскиот дел на Македонија отворено агитирале за подржување на власта.[883]

Голем дел од федералистите, кои по разгорената војна со ВМРО, за да си ја спасат главата ја напуштиле границата на Бугарија, се поврзале со службите на Кралството СХС[884]. Во ова тие добивале подршка и од припадниците на БЗНС, кои исто така по паѓањето на земјоделската влада во Бугарија емигрирале и добиле подршка од Белград. Оваа подршка е разбирлива со оглед на фактот дека за Кралството на СХС од политиката на бугарските партии најмногу одговарала онаа на БЗНС. И по падот на владата на Ал. Стамболиски српските владеачки средини гледаат во

[880] Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредь данни на вътрешната македонска революционна организация, май 1923, 11; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ..., д. бр. 224, 512-529
[881] Катарџиев И., Време ... I, 167; АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 528-534
[882] АСЦГ, ф. 388, к. 8, а.е. 21/ 528-533-534
[883] Veritas, Македония под игото 1919-1929, София 1931, 71-96
[884] АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска“, ...71

земјоделските емигранти свои сојузници за спроведување на своите интереси.[885] Низ изворната документација се потврдуваат овие релации на земјоделските емигранти-федералистите-белградските служби. Така на пример и федералистот Тодор Паница со посредство на поранешните министри од десницата на БЗНС Коста Тодоров и Александар Обов, добил српски пасош на име Димитар Арнаудов, со кој заминал за Виена. По потпишувањето на Мајскиот манифест Паница заедно со своите другари Серчаните Кочо Павлов, Крсте Делипапазов, Георги Лаков и Јане Богатинов, во јули 1924 година, пристигнале во Србија. Последните другари на Паница избегале од Бугарија преку Турција, во Русија, од каде што тој ги повикал во Србија. Паница, со српски пари, заедно со некои припадници на серската група, учествувал и во организирањето на чети на територијата на Кралството на СХС ( во Горни Милановац) за борба против четите на ВМРО. Една од нив е и четата на ренегатот Никола Дермендиев, која заминала за Малешевско.[886] Подржан од српските официјални власти, со препорака од Министерството за надворешни работи до конзулот на Кралството СХС Паница заминал за Солун. И во Грција тој ги собрал и ги организирал неговите соработници, пребегани преку бугарско-грчката граница, од кои најмногу биле од Неврокопско.[887] Подоцна, според еден извештај од Таса Диниќ, Т. Паница се ориентирал кон земјоделските емигранти од левицата на БЗНС околу Неделко Атанасов и Христо Стојанов.[888] И по смртта на Паница неговата сопруга со еден дел од Серчани, преку поранешниот претседател на Народното собрание во време на владеењето на БЗНС во Бугарија, Неделко Атанасов, добивале материјална помош од

[885] По деветојнскиот преврат земјоделската емиграција се поделила на две групи. Едната околу Н. Атанасов и Х. Стојанов (како левица) и другата околу К. Тодорв и Ал. Обов (десница). На српска територија биле организирани и посебни лагери за прифаќање, живеење и организирање (четничко и политичко) на бугарската емиграција. Земјоделската левица била во лагерот во Горни Милановац, а десницата во Пожаревац. Српските служби ги држеле под контрола и двете овие групи. Во овие центри се организирале и вооружените контрачети, во кои учествувале федералисти, и биле испраќани во Македонија да се борат против четите на ВМРО. Во Горни Милановац К. Терзиев бил еден од најекспонираните македонци-соработници на организирање на вооружените групи. Тој подпомаган и од месните власти зборувал и давал пари и од име на југословенската влада. Најголем прифатен центар и пункт за емиграцијата што доаѓала од Бугарија во Југославија бил Цариброд. Овој пункт бил под контрола на мајорот на југословенското воено разузнување одоговорен за ВМРО Танасије Диниќ. Еден период началник на овој канал бил Борис Бумбаров. (Родоотстапници, 1929, op. cit.; ДАРМ. 1. 1266. 06. 114/647-653; ЦДА, ф. 1932, оп 3, а.е. 273, 1-2; АС, TD-10,1; АС, TD-10,1-2; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ... д. 227, 240, 244, 247)

[886] ЦДА, ф. 1955к, оп. 1, а.е. 6, л. 207; Родоотстапници, .... 8-11; ДАРМ. 1. 1266. 06. 114/647-653

[887] Ibidem

[888] АС, TD-16,16; ДАРМ, 1. 1266. 9. 50/577-580; За бугарските земјоделци Паница се обидувал да обезбеди материјална подршка и од Грција (Поповски Вл., Жила Л., Македонското прашање во Советската надворешна....,к. II, 1-671, д. 173, 561; )

југословенската држава. За нивната поврзаност со српските служби Серчани, по смртта на Паница, биле критикувани и на страниците на в. „Македонско дело“.[889]

Покрај тоа Серчани не се ставиле во целосна услуга на срспките служби. Тие повеќепати ја декларирале својата лојалност кон принципите на Мајскиот манифест и учествуваат во создавањето, на 19 јули 1925 година, на Привремен организационен комитет, составен освен од нив (Васил Манолев) уште и од револуционерната организација на вардарскиот дел на Македонија (Р. Ризов) и од левицата на ВМРО (Димитар Влахов). Овој комитет требало да ја свика основачката конференција на ВМРО (об). Тие организационо се обврзале во рамките на ВМРО (об) на 2 февруари 1926 година со потпишаната Декларација на претставниците на бившата Серска група - Јане Богатинов и Васил Манолев.[890] Југословенските служби сепак ги следеле и резонирале, дека доколку се вратат во Бугарија тие би биле помогнати од Неделко Атанасов да го превземат водството во ВМРО и „би ја продолжиле борбата против Југославија со исти методи и иста цел“.[891] Во овој извештајот од 1930 година југословенските власти го искажале своето согледување на програмските ориентации на Серчани и нивната истрајност во стремежот за нивна реализација. Со белградските служби се поврзал и бил материјално подржуван и Б. Бумбаров, мажот на Магдалена Измирлиева, сестра на сопругата на Т. Паница..[892]

Сепак еден од водачите на федералистите, членот на ЦК на ВМФРО, Славе Иванов е меѓу најголемите и најдоверливи соработници во соработката со југословенските служби. Тој одкако по деветојнскиот преврат избегал од Бугарија во Романија барал од Белград да му овозможи да замине во вардарскиот дел на Македонија, во Штип, каде што веќе пристигнале неговите другари. Но, од Белград била издадена наредба Славе Иванов да замине за Виена. Таму имал за задача да организира издавање на весник со содржини против ВМРО и подржување на врски со сомисленици на федералистите во Бугарија. За неговите активности во борбата против

[889] В. „Македонско дело“, бр. 3-4, 25 октомври 1925.
[890] Со овој документ двајцата од името на своите соработници и сомисленици, изјавиле дека ги прифаќаат сите идејни принципи, одразени во Уставот, резолуциите и декларациите на ВМРО (об) и со влегувањето во неа престануваат да опстојат како група. Во документот се отфрлаат инсинуациите за врска со федералистите околу „Македонско сознание“ и К. Хаџириндов и К. Терзиев. Серчани нив ги сметале за јавни српски орудија кои биле во целосна услуга на режимот во Белград. Придржувајќи се кон решението на Основачката конференција, Серчани и официјално го ополномоштиле Димитар Арнаудов за свој претставник во ЦК на ВМРО (об). При потпишувањето на протоколот присуствувале и серчанецот Јане Богатинов и Панко Брашнаров (Добринов Д., op. cit, 60-61; Палешутски К. Македонското.... 1924-1934, ....,78.)
[891] АСЦГ, ф. 370. к. 24, а.е. 73/406
[892] АС, TD-10,1; АС, TD-10,1-2; Тој во Виена соработувал со земјоделската група околу К. Тодоров-Ал. Обовов (Родоотстапници, ....27; ДАРМ, 1. 1266. 6. 114/648)

ВМРО Славе Иванов имал редовен буџет од Белград. Тој со подршка од Коста Терзиев (со поткупување на К. Хаџи Риндов, редактор на весникот) го превземал издавањето на весникот „Македонско сознание".[893] Овој весник од почетокот на неговото излегување до деветиот негов број од втората година, односно до ноември 1925 година, бил финансиран од страна на Советскиот Сојуз, а потоа од страна на Кралството на СХС. Ова се потврдува и од содржината на весникот, односно од неговата политичка ориентација која одговарала на оние југословенски кругови кои им давале и средства за тоа. Почнувајќи од деветиот број на весникот во него се брани идејата за решавање на македонското прашање во рамките на Југославија, т.е. е застапувана идејата за југословенска федерација. Околу оваа идеја српските државни и известителни служби ќе ги привлекуваат федералистите и други струи и поединци од македонското движење и емигрантите од БЗНС.

По потпишувањето и објавувањето на Мајскиот манифест, во август – септември 1924 година, во редовите на МФО се случиле несогласувања и разидувања. Славе Иванов заедно со Кочо Хаџи Риндов и Коста Терзиев се поотворено ја покажувале нивната поврзаност со извесни великосрпски елементи. На другата страна останале Тодор Паница и д-р Филип Атанасов доследно да ги штитат принципите на Манифестот, што подразбирало да се продолжи кон изградбата на единствен балкански фронт, што веќе било популаризирано на страниците на весникот „Балканска Федерација", орган на Балканскиот револуционерен центар. Сепак, поврзаноста и подршката на Паница и на неговото семејство (неговата спруга Екатерина, нејзиниот зет Борис Бумбаров) од Белград продолжила.[894]

Во периодот на финансирање на весникот „Македонско сознание"од СССР на неговите страници се објавува дека Македонската федеративна Организација му го одземала полономошното на д-р. Ф. Атанасов да ја претставува, а тој е исклучен од неа[895]. Во таквите моменти на недоразбирања д-р Атанасов заедно со Славе Иванов, исто така исклучен од МФО, направиле обид за помирување со ВМРО преку Никола Велев. Истиот му го соопштува тоа на Карајовов и поставувајќи го прашањето: „Ќе им поверуваме ли?" – на кое сам си одговара: „Јас не верувам во искреноста на Докторот и на Славе". Покрај сé кон крајот на 1925 г. по договор со Јордан Бадев во Виена,

[893] АСЦГ, ф. 37, кут. 22, а.е. 174/ 336; Родоотстапници, ...., 18
[894] АС, TD-10, 1; АС, TD-10, 1-2; АСЦГ, ф. 370. к. 24, а.е. 73/406; ДАРМ, 1. 1266. 9. 50/577-580; ДАРМ, 1. 1266. 6. 114/647-653; БЗНС Ал. Стамболийски и ВМРО, Непознатата война, ....д. бр. 240, 607—677
[895] В. „Македонско съзнание", бр. 8, 10 јули 1925 (Датата на тоа соопштение е 1 јули)

Карајовов се сретнал со д-р Атанасов и Сл. Иванов. Во јануари се повторуваат неговите средби и со двајцата. Славе настојувал за контакт со Иван Михајлов. „Треба да признаам, пишува Т. Карајовов до ЗП на 24 јануари 1926 г., дека и овојпат сум разочаран, не толку од Славе, на кого општото образование не му дозволува да излезе надвор од рамките на обичните (обикновените) формули, колку од Д-рот". Атанасов споделува, дека очекува разрешување на македонското прашање од три евентуалности 1. Општ меѓународен конфликт во Европа; 2. Внатрешно преуредување на Југославија на федеративни начела; 3. Револуционерна дејност на Македонија. Тој му предлага на Карајовов ЦК на ВМРО да се премести од Бугарија во некоја неутрална држава, и во него да бидат вклучени и лица од другите македонски националности. Д-р Атанасов ги прекинал односите со Д. Влахов, кого го нарекува „најстрашен демон во делото". Кочо Хаџириндов го смета за изгубен човек, а К. Терзиев за многу близок на М. Нинчич. Категорички изјавува дека „Македонско сознание" се издржува од Белград. Карајовов му предлага на ЦК овие луѓе да бидат искористени во борбата против Д. Влахов и Хаџириндов, коишто неспороно се „туѓи орудија".[896]

Со создавањето на ВМРО (об) се разграничува од оние федералисти, кои поминале во служба на српската буржоазија и го издаваат в. „Македонско сознание" (К. Риндов, д-р Ф. Атанасов, К. Терзиев, Сл. Иванов и др.) Таа ги смета за „туѓи агенти". Покрај тоа Организацијата дава на знаење, дека ќе ги разобличува сите лица, кои „поминуваат како соработници на серската револуционерна група, а всушност и помагаат на тајфата околу „Македонско сознание", „Здружението" на Каламатиев, Циклев, и Пашиќ".[897]

Владата во Белград, како што видовме до сега, веќе од порано го имала на своја страна Славе Иванов, кој не ја криел таквата соработка. Југословенските безбедносни служби преку Иванов се обидувале да привлечат и други припадници од македонското револуционерно движење. Имајќи го за доверлив човек тие не ретко се повикувале на неговите проценки за одредени личности од кои српските служби ги користеле

---

[896] Палешутски К. Македонското.... 1924-1934, ..., 46-47

[897] В. „Македонско дело", бр. 3-4, 25 октомври 1925. Тука се мисли на „Здружението против бугарските бандити", формирано на 9 септември во Штип, за борба против четите на ВМРО. Тоа било предводено од штипскиот трговец, кој пред тоа бил член на ВМРО, Михајло Каламатиев. Контрачетите на ова здружение броеле околу 20 000 луѓе под команда на познати српски четници и на федералисти (поранешни војводи во ВМРО, како што бил Стојан Мишев, Славе Иванов, Мино Станков, и др.) што ја прифатиле платената служба од српските власти. (Апостолов Александар, Злетовска област. Географско историски осврт, Скопје 1974, 544-581; Споменица прославе, ...., 31; Пачемска Петреска Д., ВМРО...., 58)

услугите поврзани со разузнувачко-шпионската работа. Таков е случајот со Лазар Поповски[898], кој бил бугарски дипломатски претставник во Тирана[899]. Федералстот Славе Иванов ги уверувал југословенските власти дека Поповски, со кој станал близок другар во 1927 година, би можел да биде корисен за нив затоа што бил голем приврзаник на идејата за подобрување на односите помеѓу Југославија и Бугарија. Според Иванов, Поповски сметал дека идејата за зближување помеѓу двете балкански држави имала голем број приврзаници во Бугарија.[900]

Всушност, Лазар Поповски како секретар на бугарското претставништво во Тирана се оформил во решителен федералист и како таков ја напуштил задграничната служба во јули 1927 година „за да се оддаде целосно на македонското дело во Швајцарија (поточно во Лозана).“[901] Лазар Поповски во периодот на преговорите за обединување на македонското движење во пролетта 1924 година бил подржувач на обединувањето и со убедување дека решението на македонското прашање може да се постигне само со помош на Советска Русија и дека други пријатели Македонците немаат. За овие негови ставови дознаваме од Извештајот на претставникот на ЦК на БКП (т.с.) Х. Јанков за македонското движење до Президиумот на Балканската комунистичка федерација од 12 мај 1924 година. Меѓу другото, Лазар Поповски со зборовите „Ако не сакаш да те убијат, не обрнувај внимание на она што тие го пишуваат, туку што прават. Ако јас и другите како мене, кои имаат буржоаски сфаќање, сме неподносливи за нив, тогаш за луѓето како тебе не може да станува ни збор за поднесување. Ова нее револуционерна организација туку преторијански одред за обезбедување на сегашната влада“[902] фактички јасно му ставил на знаење дека неговата ориентација е сосема сменета од онаа што Јанков ја памти од 1919 година (од настаните во Ѓумурџина, кога двајцата се нашле на различни страни).

Иако Христо Јанков бил резервиран кон искажаните ставови и гледања на Лазар Поповски и се сомневал дека се само провокација сепак понатамошната активност на Поповски покажала дека тој сосема се оддалечил од ВМРО. Гледањето на Лазар

---

[898] Лазар Трпов Поповски, роден 1891 г. во с. Косинец, Костурско, во попско семејство, учесник во Првата светска војна, бугарски дипломат, деец на ВМРО (об) во националреволуционерното крило на истата, уредник на в. „Камбана“, обвинуван и суден за шпионска дејност.

[899] АСЦГ, ф.14, к. 28, а.е. 74/ 50

[900] АСЦГ, ф. 14, к. 28, а.е. 75/749-750

[901] Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919 – 1939, Книга 1, Избор и редакција д-р Новица Вељановски, д-р Јан Рихлик, Скопје 2006, д.. бр. 29, 144-145

[902] Попвски Вл., Жила Л., Македонското прашање во документите....., Дел 1, ... д. 62, 507- 509

Поповски, дека најдобро решение за иднината на балканските народи е федерирање во една Балканска федерација, во која самостојна Македонија ќе биде една од нејзините членки, создавало нетрпеливост помеѓу него и неговиот претпоставен во бугарското претставништво во Тирана Иван Икономов, кој имал империјалистички сваќања. Тоа уште повеќе го забрзало Поповски да се посвети на дејноста на „неговата партија“.[903] Според Сл. Иванов, Л. Поповски за време на својата служба во Тирана ја започнал неговата соработка со српскиот разузнавач Танасије Диниќ, кој во тоа време бил воен аташе при дипломатското претставништво на Кралството СХС во Албанија.[904] И по заминувањето од службата во Тирана Л. Поповски интензивно соработувал со српските дипломатско-безбедносни служби под псевдонимот Лука. Врбуван од српските служби тој и во ВМРО (об) ќе работи во нивни интерес. Започнал да работи против федералистите кои биле врзани со московскиот центар. На Белград не му одговарале силите од македонското движење кои се ориентирале кон болшевизмот и на некој начин претставувале опасност за ширење на болшевичките идеи и на територијата на Југославија. Исто така во време на обидите за организационо поставување и расширување на мрежата на ВМРО(об) српските служби ги користеле своите доверливи луѓе од македонските средини за да се заштитат од воспоставување на оваа мрежа на своја територија.

Албанија за македонските револуционери била многу битна како база за навлегување во западниот дел на Македонија, а од друга страна пак за Кралството на СХС претставувала база за навлегување дестабилизирачки елементи за неа. ЦК на ВМРО (об) го ангажира Лазар Поповски заедно со Христо Цветков во пролетта 1926 година да заминат за Албанија со задача да создаваат канали за Егејска Македонија и пунктови за препраќање на литература, за што им биле дадени и материјални средства.[905] Во Западна Македонија Христо Цветков и Лазар Поповски успеале да го привлечат, познатиот војвода од минатото Крсто Љондев, кој што покрај весникот „Македонско дело“ го добива и весникот „Македонско созанаие“.[906] Во тоа време Л.

---

[903] Чехословачки дипломатски документи..., док. бр. 29, 144-145

[904] Според Славе Иванов преку Л. Поповски во неговата мрежа за соработка со српските служби биле привлечени и Христо Цветков и Георги Занков, а подоцна и д-р Филип Атанасов. По Танасије Диниќ понатамошната соработката со македонските федералисти ја остварувал Богољуб Јефтиќ и Владета Милиќевиќ, службеник во дипломатското претставништво на Кралството на СХС во Виена (ДАРМ, ф. РСВР, Материјал бр. 20, Извод од изјавата на Станчев Иванов Славе, 15 XI 1949, 58-59)

[905] ЦПА, м.ф. 55 – Протокол на ЦК на ВМРО (об) от 28 май 1926 . цитирано според Добринов Д., ..., 57

[906] Добринов Д., op. cit., 62; Крсто Љондев, во јуни 1926 година „при обид за бегство“ бил застрелан од терорситите на ВМРО, поради неговата соработка со српските служби. (Палешутски К. Македонското.... 1924-1934, .... 59-60.) Крсто Љондев учествувал и во федералистичките чети

Поповски и Хр. Цветков веќе биле поврзани со белградските служби[907], за што во ЦК на ВМРО (об) немале сознание. Се претпоставува дека во оваа ситуација играле улога на агент-провокатори на српското контраразузнување, кое под формата на „обединисти“ ги искористува за растурање на мрежата на ВМРО во Западна Македонија и Албанија и за борба против болшевичкото влијание (преку в. „Балканска федерација“). Тоа е една од причините да се изостави Албанија како база за проникнување на ВМРО (об) во Западна Македонија. Подоцна поради нивната соработка со српските служби тие биле избркани од ВМРО (об).[908] Според српски обавештаен извештај од 27 декември 1926 година ВМРО (об) направила уште еден обид да ја зајакне својата база во Албанија и испратила „група од околу 40 сигурни Македонци, предводена од Пашев од Охрид со неговите помошници Иванов и Попов. Пашев, воедно, бил именуван и за претставник на именуваната ВМРО во Албанија, а за претсатавник во Италија е наименуван Др. Арнаудов“.[909]

Со поларизацијата во ЦК на ВМРО (об) на комунисти и националреволуционери, од 1927 до 1929 година во нејзиното раководство дошло до оформување на две струи: комунистичка на чело со Владимир Поптомов и Д. Влахов и националреволуционерна или позната како националфедеративна на чело со П. Шатев. На Првата општа редовна конференција комунистичката струја успеала да се наметне во новото раководство во кое влегле: Д. Влахов, В. Поптомов и Јордан Анастасов. Националфедералистите пак се одвоиле и формирале своја група во Цариград. Во неа биле Павел Шатев, М. Герџиков, Г. Занков, Ф. Атанасов, Сл. Иванов, Л. Поповски, а тие имале свои едномисленици и во Бугарија: Хр. Ампов, Г. Гевгелиски и др.[910] Разидувањата во раководството на ВМРО (об) меѓу другото значело и проблем со материјални средства за дел од националфедералистие, и можност за југословенските власти за придобивање на што повеќе македонци во корист на нивните „македонски“ планови.[911] Белградските служби го насочиле својот интерес и кон македонските дејци од ВМРО (об), преку кои би можело да се амортизира комунистичкото влијание и да се искористат во интерес на југословенската државна политика. Дел од нив прифаќале и решавање на македонското национално прашање и во границите на Југославија. Меѓу

[907] ДАРМ, ф. РСВР, Материјал бр. 20, ..., 58-59
[908] АСЦГ, 14, 28, 74/ 30; Добринов Д, ВМРО...., 62
[909] АСЦГ, ф. 370. к. 24, а.е. 73/68
[910] Златна книга, ...., 146-147
[911] Во едно писмо до Таса (Диниќ) од 26 септември 1929 г., му се бараат материјални средства за работа во Цариград, се споменува дека Таса му пишувал на Хр. (Најверојатно Христо Цветков) (АСЦГ, 14, 28, 74/ 133)

раководството на ВМРО (об) избрано на Првата општа редовна конференција и националфедеративната група во Цариград се воделе преговори за повторно обединување од средината на 1929 до 1931 година. Истовремено и во Третата револуционерна област т.е. во Пиринскио дел од Македонија и кај емиграцијата во Бугарија се појавиле исти струења и делби на комунистичката и националфедративната струја. По 1931 година и во оваа област националфедералистите ги изгубиле дотогашните позиции во ВМРО (об).[912]

Самото национал-федеративно крило во ВМРО (об) се поделило на неколку групи. Во еден извештај до српските разузнивачки служби од јули 1930 година се кажува дека во Истамбул, каде што групата на ВМРО (об) до пред две години броела на список околи 90 – 100 лица, во тој момент броела само околу 40 на чело со комунистите доктор Томов (не Македонец) и Васил Христов (Македонец). Националфедералистите Герџиков, д-р. Атанасов, Славе Иванов, Христо Цветков и многу други биле надвор од таа група. Лазар Поповски во тој момент бил вратен во Бугарија со „вициозус од којшто досега не можело да се излезе". Самата националфедералистичка група во тој момент била разделена најмалку на три дела. Имено Герџиков – д-р Атанасов формирале едно јадро во Виена и имале некои приврзаници во Софија и други места. Павел Шатев ги имал симпатиите барем на Поповски и Славе Иванов и на уште многу лица во Софија и други места. Павел Шатев бил решителен противник на секаква спогодба со Москва доколку Влахов останел да раководи и командува. Но и потоа, имало трето јадро околу Георги Занков, сигурно помало од првите две во тој момент.[913]

Во процесот на поларизација во редовите на раководството на ВМРО, предводена од Иван Михајлов по 1924 година, и одвојувањето на опозиционата струја во Организацијата предводена од Ал. Протогеров, и по неговата смрт нарекувана протогеровистичка, југословнските државни и известителни служби го виделе и го насочиле својот интерес кон таканаречените протогеровисти. Меѓу другото и немањето на неопходни финансиски средства, ја приморале и протогеровистичката струја да бара нови надворешни сојузници, пред сé, кај југословенските власти, кои биле заинтересирани да ја ослабнат михајловистичката ВМРО и затоа ја прифатиле како единствена внатрешна сила која можела успешно да му се спротивстави на И. Михајлов. Во тој правец и соработката меѓу југословенските служби и

[912] Златна книга, ..., 146-147
[913] ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, книга I, ...док. бр. 98, 314-318

протогеровистите, главно била насочена во испраќање финансиска помош и оружје, пред сé, револвери за терористите на оваа струја. Според оценката на раководството на протогеровистичката струја за да може да „подготвува и превзема офанзива“ против михајловистите, неопходно им биле потребни три милиони лева.[914] Југословенскиот мајор за воено разузанавање, одговорен за односите во ВМРО Танасије (Таса) Диниќ на маргините на еден извештај, доставен до него за состојбите во ВМРО своерачно ќе забележи „слаби Протогеровци и не можат да направат ништо ако не се подржат“[915] (потцртано во оригналот М.Н.) Врз основа на овој извештај Т. Диниќ ќе констатира дека иако и михајловистите се прават дека се сила, сепак и кај нив владее одреден страв, дека ВМРО ги губи симпатиите, особено кај воените кругови, кои ги тресе „шпионската афера“, меѓу населението во Петричкиот округ, меѓу видни дејци од македонската емиграција. Споменатиот извештај најверојатно потекнува од федералистичките кругови и зборува за престојот на „претставниците од Женева“ Димитар Шалев и Глигор Анастасов[916] во Бугарија и нивните средби со А. Љапчев и П. Дрвингов.

Според известувачот на Т. Диниќ искусниот и мудар македонски револуционер Дрвингов „пред нив потцртал дека, тие се и треба, во името на Македонските интереси, да си останат одделно од ВМРО и дека е правилно нивното становиште и да се сметаат за прави и вистински претставници на Македонија, нешто повеќе тој ја потцртал нуждата тие да си го зачуваат југословенското поданство и не само да бидат остри противници на Југославија, туку и умни македонски политичари-да бараат контакт со југословенски средини не само од тие кои што сакаат да дојдат до одобрување на народите преку распарчување на Југославија, но и со такви кои што имаат сознание дека преку реализирање на Југословенска идеја можат да дојдат до истите крајни резултати.“[917] (подвлечено од Т. Диниќ М.Н.) Понатаму во извештајот стои дека „тие идеи биле прифатени и при една можност да се дискутира било преку Цариградскиот

---

[914] Златна книга. ...., 189. За процесите во ВМРО по 1924 година види повеќе кај Тодоровски З. ВМРО 1924-1934, ....
[915] АСЦГ, ф. 14. к. 28, а.е. 74/87
[916] За нивната активност во Женева види: Кушевски Д. Војо, За дејноста и улогата на ВМРО на Тодор Александров и Иван Михајлов во врска со поставувањето на македонското прашање во Друштвото на народите (1920-1934), Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание; МАНУ, Скопје 1994 (посебен отпечаток); Тодоровски З., ВМРО..., 206;. Палешутски К, Македонското.....1924-1934, op. cit., 228-238
[917] АСЦГ, ф. 14. к. 28, а.е. 74/ 88, 89

пријател било преку Лука (се однесува на Лазар Поповски М.Н.) може да се добие контакт и да се разменат мисли".[918]

Под влијание на соработката со југословенските власти, протогеровистичката струја ја изменила основата на својата програмска платформа и ја истакнала идејата за јужнословенска федерација со Македонија како нејзина федерална единица. Во контактите со југословенските власти протогеровистичката струја се зближила и со бугарската политичка група „Ѕвенари", во која покрај привржаниците на Воениот сојуз и Земјоделските лидери Коста Тодоров и Александар Обов биле и македонските федералисти Лазар Поповски и Славе Иванов. Оваа група во зближувањето на односите меѓу Бугарија и Југославија се застапувала за федерација на Југославија и Бугарија во која би се вклучила обединета Македонија како автономна и политичка единица. Преку ваквиот федеративен начин, оваа група го наметнала своето политичко гледиште врз протогеровистите како единствен начин за решавање на македонското прашање во кое и двете држави, Југославија и Бугарија нема да имаат претензии кон Македонија.[919]

Според федералистот Лазар Поповски противниците на политика за зближување на Бугарија и Југославија во Бугарија била една група што била предводена од царот Борис, која немала некоја изразена подршка на бугарската политичка сцена во тој момент. Од страна на Лазар Поповски, како превентивна мерка за таа антијугословенска политичка група, се предлагало извршување на државен преврат и протерување на царот Борис од Бугарија. Околу таквиот радикален потег се барала подршка од Југославија за политичката групација „Звено" која се посочувала како главна движечка сила на превратот. За да созреат поволни политички услови за една таква акција, Поповски сугерирал, преку Иванов, до власта во Белград да води една пофлексибилна политика и да им даде права на „малцинствата во Македонија". Лазар Поповски во тој правец барал од југословенската власт по секоја цена да ја потпомогне и протогеровистичката ВМРО чијашто активност била во полза на бугарско-југословенското зближување. Во моментите кога и бугарската влада се повеќе се дистанцирала од политиката на ВМРО кон Македонија, српските безбедносни служби се обидувале да придобијат Македонци од оваа организација кои требало да го продлабочат крвавиот конфликт. Српските разузнавачки служби се

---

918 Ibidem, 89
919 Златна книга, ... 189

обидувале да стапат во контакт и ги придобивале за соработка протогеровистите најчесто преку федералистите Лазар Поповски, Славе Иванов и некои нивни блиски соработници. Биле одржувани и директни средби со Танасије Диниќ. При тоа биле договарани и материјалните средства за подршка на протогеровистичкото крило на ВМРОод страна на Југославија. Протогеровистите од српска страна добивале и помош во оружје. Во оваа соработка се вклучиле и земјоделските лидери во емиграција, како што бил К. Тодоров. Од страна на протогеровистичкото крило на ВМРО во оваа соработка предничеле Мишо Шкартов, Петар Шанданов, неговиот брат Георги, Пецо Трајков и др. [920] Преку овие врски со протогеровистичкото крило, кое пак од своја страна одржувало контакти и со „звенарите“ во Бугарија, на српските служби им биле доставувани и информации за политичките состојби во Бугарија.

Во периодот меѓу двете светски војни државните и известителните служби на Кралството на СХС (Југославија) во континуитет го следат македонското револуционерно и ослободително движење и посветуваат посебно внимание на истото за да си ги заштитат своите државнополитички и безбедносни интереси. Југословенските безбедносни служби во голем дел го искористиле расколот во ВМРО, за кој можеби и тие дале свој придонес, за да го наметнат српското влијание врз некои македонски емигрантски средини во Бугарија.[921]

[920] Шанданов П., op. cit., 253-257; АСЦГ, ф. 37, к. 22, а.е. 174/336; АСЦГ, ф. 370. к. 24, а.е. 73/599; Жежов Никола, Македонското прашање во југословенско-бугарските дипломатски односи (1918-1941), Скопје 2008, 255-257; Николај Георгиев Котев, Война без правила, Британското разузнаване в Българија /1939-1945/, София, 1994, 88-89;
[921] Жежов Н., op. cit., 256-257

# Глава шеста

# ФЕДЕРАЛИСТИТЕ ВО ВНАТРЕШНАТА МАКЕДОНСКА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА (ОБЕДИНЕТА)

## 6.1. Улогата на федералистите во формирањето на ВМРО (обединета)

Улогата на федералистите во процесот на формирањето на ВМРО (обединета) можеме да ја следиме уште преку програмските определби на оние сили од македонското ослободително движење, кои веднаш по Првата светска војна непоколебливо го трасираа патот за разрешување на македонското прашање со платформата на Серската декларација, потоа платформата на Привремената комисија на македонската емиграција, во програмските документи (определби) на Македонската емигрантска федеративна организација и Македонската федреративно революционерна организација. Исто така федералистите во тој процес одиграле и значајна улога со самото свое акционо делување, со својата агитационо-пропагандна дејност сред македонското население и македонската емиграција (и пошироко), со директното учеството во преговорите за помирување и обединување во редовите на македонското движење или со еден збор кажано со севкупните свои напори и заложби да се заштити македонското дело.

Понудената соработка и помош на македонското движење од страна на советските фактори федералистите ќе го согледаат како најдобар можен начин, во дадениот момент, за продолжување на борбата за остварување на нивната визија од Македонија да се создаде независна федеративна држава. Со нивно посредство ќе бидат направени и првите контакти на факторите во македонското движење со советите, кои беа заинтересирани за обединување на сите сили во македонското движење во единствена револуционерна организација, што ќе им послужи во реализирањето на нивните планови за создавање на единствен балкански револуционерен фронт и отворање на патот за остварување на советската политика и

советските интереси. Поконкретно таа соработка започнала преку македонскиот патриот со богато революционерно искуство, и со високо европско правничко образование, членот на МЕФО Павел Шатев. Тој со своето богато искуство како директен учесник и извонреден познавач на македонските револуционерни борби и со своето поимање на македонското национално дело само како национално и општонародно, подеднакво важно и неопходно за сите слоеви на населението и на секоја индивидуа без разлика на нејзината социјална положба, политичко убедување, пол, возраст и верска припадност, можело да ја постигне возвишената цел – ослободување на Македонија,[922] ја прифатил ориентацијата кон создавање на единствен фронт во македонското ослободително движење со советска подршка. Како убеден федералист Шатев ќе ја искаже својата подршка на платформата за „Создавање на Македонија во нејзините географски и економски граници во самостојна политичка единица како етапа за остварување на балканска федерација", и по замрувањето на работата на МЕФО, подржувајќи го обединувањето на македонските емигрантски легални сили во јануари 1923 година тој ќе и даде на знаење на македонската емиграција дека, обединувањето „е резултат на новото време, на новите услови во кои се наоѓа македонското прашање и новите околности при што во иднина ќе се води борбата за слободна и независна Македонија". Тргнувајќи од своите јасни гледања дека, успехот на македонската борба лежи во македонското единство, Шатев ќе апелира за развивање на поголема политичка активност и помасовно организирање и вклучување на емиграцијата во „национални дисциплинирани организации и тела" и понатаму ќе подвлече „Само така ќе можеме како Македонци да опстанеме на нашата општа кауза пред сите големи и мали фактори во Европа и Америка, а особено пред светското општествено мислење".[923] Преку него советските емисари за спроведување на новата политика се поврзале скоро со сите најистакнати претставници на серчани и на федералистите. Шатев им остварил контакти со А. Бујнов, Т. Паница, Ч. Кантарџиев, Вл. Ковачев, А. Јовков, д-р Филип Атанасов, Сл. Иванов, д-р Хр. Далкалчев и др.[924] Со негово посредство во мај 1923 година советската страна

[922] ДАРМ, Ф. РСВР 1979, Пописник 1, Материјал бр. 18, Изјава на Шатев Поцев Павел од 2. 2. 1950, 747-848

[923] В. „Независима Македония", бр. 5, 22 март 1923, 2

[924] АИНИ, Записник од сослушувањето на Павел Поцев Шатев, 23. 4. 1949; ДАРМ, Ф. РСВР 1979, Пописник 1, материјал бр. 20, Изјава од изјавата на Станчев Иванов Славе; АС, Збирка Танасије Диниќ, к. 38, „ВМРО и Бугарска",...72.

понудила преговори и со членот на ЦК на ВМРО Т. Александров[925] како водач на најмасовната вооружена сила на ВМРО. Федералистот Шатев иако неземал активно учество во директните преговори што се воделе во март-април 1924 година во Виена добро бил информиран за текот на истите и со голем интерес ги следел од Софија. (За учеството на федералистите во Виенските преговори види повеќе во насловот 5/2)

Всушност, во периодот на водењето на разговорите за обединување на македонското движење Федеративната организација практично била единствениот втор, после ВМРО, институализиран организам во македонското ослободително движење.[926] Непосредните учесници во Виенските преговори, кои ја застапувале МФРО и членови на нејзиниот ЦК, д-р Филип Атанасов и Тодор Паница и по јавното откажување, со посебна Декларација[927], на членовите на ЦК на ВМРО Тодор Александров и Александар Протогеров од постигнатата спогодба останале заедно со другиот член на ЦК на ВМРО и потписник на виенските документи Петар Чаулев на линијата на Манифестот од 6 мај 1924 година. Македонските федералисти, покажувајќи ја својата подршка на виенските спогодби, во в. „Македонско сознание" бр. 12-13 од 30 август 1924 година објавиле повеќе содржини за Виенските преговори и потпишаните документи. Бил објавен Манифестот, Декларацијата на Т. Александров и А. Протогеров со која се објавиле против Манифестот и другите виенски документи, Отвореното писмо на П. Чаулев и Отвореното писмо на Д. Влахов во кои и двајцата поодделно ја потврдиле веродостојноста на потпишаните документи од ЦК на ВМРО и ЦК на МФО. Прашањето околу објавувањето на Мајскиот манифест (дали тоа е направено преурането, дали предизвикало несакани последици) го засегнал и федералистот Павел Шатев. На една средба со Димитар Влахов, одржана во септември 1925 година пред основачката конференција на ВМРО (об), Шатев ќе го укори Влахов поради тоа што го објавил Манифестот без да го испочитува барањето на Тодор Александров.[928]

[925] ДАРМ, Ф. РСВР 1979, Пописник 1, материјал бр. 18, Изјава на Шатев Поцев Павел од 2. 2. 1950, 24; Времето кога пристигнала оваа понуда, а која не била одбиена, се совпаѓа со периодот кога Т. Александров веќе воспоставил целосна контрола врз революционерното движење, поради што за прифаќањето на советската понуда не се ни консултирал со останатите членови на ЦК на ВМРО - Ал. Протогеров и Петар Чаулев (ДАРМ. М-4254)

[926] Предавниците на македонското дело..., 24

[927] Сé за Македонија, ..., д. бр. 116, 357-361

[928] ДАРМ, ф. РСВР, Пописник 1, Материјал 19, Изјава на П. Шатев, 16

Македонската федеративна организација, како една од страните учеснички во Виенските преговори, продолжувала да работи и да ја води својата агитационо пропагандна активност во духот на борбата за независна и обединета Македонија и Балканска Федерација. Д-р Филип Атанасов, еден од нејзините водачи и учесник во преговорите од март-април 1924 година, соработник на Тодор Паница, осудувајќи го откажувањето на Т. Александров и А. Протогеров од Мајскиот манифест на страниците на „Балканска федерација" во ноември 1924 година го изнел своето гледиште. Според него „Обединувањето на македонското револуционерно движење поткрепено од македонскиот народ без разлика на вера и народност, поткрепено од другите балкански револуционерни организации и од моќните прогресивни народни движења на другите мали и големи народи, ќе води борба и тоа немилосрдна, како со непријателите и поробувачите на Македонија, така и со сите други кои ќе му се испречат на патот и сигурно е дека скоро, многу скоро, ќе го постигне својот идеал: слободна, независна и обединета Македонија - рамноправен член на Балканската федерација".[929]

По постигнатата спогодба во Виена за поставување на македонското национално револуционерно движење врз нови програмски начела, започнуваат да се создаваат организации и групи врз принципите прокламирани со Мајскиот манифест. Околу формирањето на вакви групи голема улога одиграл серскиот револуционер и федералист Тодор Паница. Тој ја посетил Грција. Во Егејска Македонија дошол во контакт со луѓето на Организацијата, но во исто време и со луѓето на Комунистичката партија на Грција, како и со претставниците на грчката влада. На тој начин акцијата за обединување на македонското движење добивала поширок карактер: создавање на заеднички фронт против владата на Александар Цанков во Софија во кој македонската организација требало да има истакнато место.[930] Преку Тодор Паница била покрената иницијатива за создавање вакви организации и групи и во Вардарска Македонија. Во текот на јуни или јули 1924 година, тој, патувајќи од Егејска преку Вардарска Македонија за Виена, се поврзал со Ризо Ризов од Велес, стар револуционер од левицата на МРО и поранешен член и на Привременото претставништво. Тодор Паница му ги пренел на Ризо Ризов првите информации за постигнатата спогодба меѓу ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров и Федеративната организација

---

[929] Dr. Athanasoff, Unification du movement macédonien revolutionaire, La Federation bajcanique, I année, No 7-8, 91. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (Об),... 69-70

[930] Предавниците на македонското дело, ..., 32

и му ги објаснил целите и задачите на новите национал-револуционерни групи што требало да се создадат во Вардарска Македонија.[931]

Ризо Риов за оваа иницијатива за создавање на национал-револуционерни групи првин ги информирал некои од членовите на Месниот комитет на комунистичката партиска организација во Велес. Меѓу нив таа била прифатена и месниот партиски комитет во Велес одделил некои свои членови и ги задолжил покрај својата партиска должност, да почнат заедно со Ризов да работат на создавање групи и комитети врз принципите на Мајскиот Манифест. Потоа со оваа иницијатива за создавање на национал-революционерни групи и со содржината на Манифестот биле запознаени и членовите на илегалните месни партиски раководства во Скопје, Прилеп и други места. За организирање на такви групи бил формиран и Иницијативен одбор. Покрај превземаните мерки на Иницијативниот одбор, не се постигнало многу во таа смисла. Успеале да се организираат такви групи само во Велес, определен успех бил постигнат и во Штип. Додека во другите места напорите на иницијативниот одбор не дале некои поконкретни резултати. Тодор Паница го дал својот придонес во заложбите за реализирање на создавањето на единствен македонски револуционерен фронт и преку неговата соработка со серските револуционери, кои како што ќе забележи Дечо Добринов, се еден од потенцијалните извори, кои можеле да го стимулираат организациониот растеж на ВМРО (об).[932]

Според Димитар Влахов на основачката конференција на ВМРО (об) немало претставник на Серската револуционерна група, но, „ние знаевме дека другарите на Паница во Македонија ги споделуваат нашите ставови и оставивме слободно место за еден претставник на нивната група во ЦК".[933]

Во раководството на ВМРО (об) биле избрани за членови на ЦК Панко Брашнаров, Христо Јанков, Димитар Влахов, Георги Занков и еден претставник од Серската група. Според Димитар Влахов, подоцна тоа место за член од Серската група му припаднало на Димитар Арнаудов дури во 1927 година.[934]

---

[931] Пачемска Даринка, ВМРО (Об), ..., 83; Добринов Д.,op. cit., 89

[932] Добринов Д. op. cit., 59

[933] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја...,191

[934] Добринов Д., op. cit., 55; Влахов Димитар, op. cit, .258. Димитар Арнаудов за време на одржувањето на основачката конференција на ВМРО (об) живеел како емигрант во Кралството на СХС.

Во документите што биле усвоени на оваа конференција и тоа Уставот[935], Апел-декларацијата[936] и Резолуцијата за внатрешната и меѓународна положба на Македонија[937], се прифатени идеите и принципите прокламирани уште во Мајскиот манифест.

Новата организација го добила името Внатрешно Македонска револуционерна организација (обединета). Осоновачите на оваа организација го земале името на старата ВМРО и со тоа подвлекуваат дека организацијата ќе ги продолжи традициите на Гоцевата ВМРО.[938] Тие во исто време ја нарекле и обединета, зашто се носела со мисла во неа да ги обедини сите македонски национал-револуционерни сили.[939]

Главна цел на ВМРО (об) е „извојување на слободна и независна Македонија во рамките на нејзините географски граници и оформување во самостојна политичка единица, која ќе влезе како рамноправен член во идната Балканска федерација"[940].

Оваа цел на ВМРО (об) всушност е и главна цел на Серската револуционерна група, Привременото претставништво на бившата обединета ВМРО, Федеративната организација и на други групи во македонското движење[941]. Во оваа цел на ВМРО (об) се изразени стремежите на револуцинерите од левицата на македонското движење по 1918 година за обединување на раскинатите делови на Македонија во една одделна државно-правна единица, во која македонскиот народ ќе го продолжи својот самостоен национален развиток.[942]

ВМРО (об) требала да ги собере сите демократски и напредни политички и револуционерни сили од македонскиот народ и македонската емиграција, кои не можеле во целост да ги прифатат комунистичките идеи, но кои можеле активно да работат во една национал-револуционерна организација со прогресивна политичка програма, со тоа да се спречи овие сили да бидат врбувани од десните

---

935 Устав на ВМРО (об). Види: Идейните основи на ВМРО – Обединена – Виена 1927, 13-22.
936 Декларация на Вътрешната македонска революционна организация (Обединена). Апел към македонския народ и към международното обществено мненеие. Види: Идейните основи на ВМРО, ... 35-54; В „Македонско дело", I, бр. 15, 10 мај 1926, 295
937 Вътрешната македонска революционна организация (Обединена) по положението в Македония. Види: Идейните основи на ВМРО,...23-37
938 Ibidem, 46; Пачемска Д., ВМРО (Об), ...., 72-73
939 Пачемска Д., ВМРО (Об), ...73
940 Идейните основи на ВМРО, ....3
941 Ibidem, 36
942 Ibid; Нашата позиција, в. „Македонско дело", бр. 3-4, 25. 10.1925, бр. 30, 25. 11.1926, 1-2

националистички организации, кои служат на државната политика на балканските владеачки кругови.[943]

Извори кои што потенцијално можеле да го стимулираат организациониот растеж на ВМРО (об) биле:

1.Оделни личности и мали групи, кои произлегувале од „автономистичката" ВМРО - разочарани во нејзините средства и цели, кои барале нова организациона стреа.

2. Исто такви, но од средината на т. н. „федералисти" околу в. „Македонско сознание" и приврзаници на Гр. Циклев, М. Каламатиев и др. во Вардарска Македонија.

3. Групи и лица, непријателски настроени кон гореспоменатите, но поради една или друга причина останати вон процесите, кои довеле до формирањето на ВМРО (об). Тука влегуваат бившите Серчани на Тодор Паница, група „федералисти" околу д-р Ф. Атанасов, мала група „федералисти" со седиште во Париз и некои други.[944]

Тодор Паница, по убедување социјалист, кој се приклучил кон федеративното крило во македонското революционерно движење до крајот на својот живот останал еден од најдоследните поборници за создавање на балкански революционерен фронт. Како што ни е познато тој не ја напуштил соработката со другите революционери и политички сили во македонското ослободително движење, за создавање единствен македонски и единствен балкански революционерен фронт. Паница соработувал со претставниците на Советскиот Сојуз, Коминтерна, БКФ, со Димитар Влахов, Н. Харлаков и др. Како што видовме тој се ангажирал и во создавањето групи и комитети врз основа на Мајскиот манифест во Македонија.

Во двобројот 1-2, од 15 јануари 1925 година во одбележувањето на едногодишнината од излегувањето на „Македонско сознание" се вели дека весникот ќе продолжи да го следи федеративнот пат се додека не ја види „Македонија ослободена и

[943] Пачемска Д., ВМРО (Об), ..., 75-76; В „Македонско дело", бр. 3-4, 25. 10.1925, бр. 30, 25. 11.1926, 1-2
[944] Добринов Д., op. cit., 59

обособена во самостојна федеративна држава, рамноправен член на Балканската федреративна република”. (подвлечено во М. С.)[945]

Објавениот апел од Управното тело на МФО „Нашиот пат” во бр. 4 од 25 февруари 1925 година на „Македонско сознание” исто така ја потврдува оваа ориентација на МФО и на „Македонско сознание”. Во него откако објективно се изнесува историјата на македонското национално ослободително движење од неговата појава се разобличува штетната улога на врховизмот кој служел и служи на бугарската завојувачка политика. Исто така се прави осврт на аспирациите и на српската и на грчката буржоазија, кои исто така како и бугарската, се виновни за поделбата на Македонија. Се осудува и политиката на големите сили кон Македонија и Балканот. После сите настани и предавства останува само Македонската федеративна организација, која е „единствен непоколеблив заштитник и борец за ослободување на Македонија и за нејзино обособување во една национална федеративна држава”. Поради тоа што имало обвинувања дека е тоа „орган на болшевичката пропаганда” нејзиното управно тело изјавува дека во програмата на МФО се зацртани: борбата против секакво национално и политичко угнетување и против секаква економска експлоатација на народот, искористување на сите услови за слободен, политички, национален и културен развиток на македонскиот народ во пределите на географските и економските граници на неговата земја”, која ќе послужи и како алка за создавање на балканска федерација. Управното тело на МФО потоа се обраќа до Македонците за да им објасни дека истата има тешкотии кои ја спречуваат нејзината дејност, кои имаат за цел да ја уништат. Затоа се повикуват сите Македонци да не паѓаат под влијание на заинтересираните балкански фактори, за да се борат во името на набележаната програма, а во што ќе бидат поткрепени од „сите напредни и демократски елементи на Балканот, во Европа и во останатиот свет”.

Во повикот до организираните Македонци-федералисти се вели дека пред нив стои тешка задача да го „изградат ослободителното национално движење”, а затоа треба да поднесат жртва, како што поднеле и револуционерите на чистата македонска борба: Г. Делчев, П. Тошев, Ј. Сандански, К. Асенов, Д. Груев, Ѓ. Петров, Н. Јуруков, К. Размов, Ч. Кантарџиев, Ал. Бујнов, С. Хаџив и плејада други борци. За исполнување

945 Пачемска Петреска Д., Федративната идеја...,215; Петреска Д., Македонската федеративна група ..., 130-131

на истата задача треба да се отфрлат секакви обиди на големите сили и балканските држави да се мешаат во нејзината борба. Сојузници на МФО се федеративните движења на Балканот.

Овој апел зборува во прилог на размислите дека МФО веќе се судрила со притисоците од надвор и затоа сметала повторно да ја изнесе својата програма и односот кон големите сили, балканските држави и демократските и прогресивни сили на Балканот. Во бр. 8 од 10 јули 1925 година од „Македонско сознание“ се поместени повеќе прилози по повод убиството на Тодор Паница, член на управното тело на МФО. Исто така нема промени во главната цел на МФО. По ова убиство двајцата членови на ЦК на МФО, кои останале живи, д-р Филип Атанасов и Славе Иванов, ги раскинале врските со овластениот преговарач во Виена од страна на ВМРО, Димитар Влахов и се искажале против покренатата иницијатива за создавање единствена македонска организација.[946] Од друга страна поместената наредба од МФО од 1 јули 1925 година за исклучување на д-р Филип Атанасов од МФО, зборува во прилог на тоа дека во редовите на истата по убиството на Тодор Паница настапило цепење,[947] односно дека истиот е исклучен поради несогласување на останатите членови со неговата дејност. Тој сепак останал и понатаму да соработува со Д. Влахов и другите заинтересирани фактори за единствениот балкански револуционерен фронт, што не им одговарало на

[946] АС, Београд, Ф. Министарство војске и морнарице. Цит. (Извештај од Славе Иванов), Искажувања на Ризо Ризов, 20. Цитирано според Д. Пачемска, ВМРО (об), ...., 70; И. Катарџиев, Време на зреење, 2, ..., 17; Според телохранителот на д-р Ф. Атанасов, Крсто Попов, д-р Ф. Атанасов и С. Иванов не ги прекинале врските со Д. Влахов, туку тој „ги протерал“. Истиот смета дека ако д-р Атанасов се оддалечи од С. Иванов ќе може да се зближи и да соработува со Влахов. (ЦДА. ф. 1932к, оп. 3, а.е. 139, л. 580)

[947] Веќе во август 1925 година федралистите биле расцепени на четири-пет крила, кои едно со друго се исклучувале. Во едното биле Димитар Влахов, Ризо Ризов; во второто – д-р Филип Атанасов, Славе Иванов; во третото – Кочо Хаџириндов, Миладинов, д-р Коста Терзиев; во четвртото Васил Манолев, Јане Богатинов, Димитар Арнаудов и г-ѓа Паница (Родоотстпници, op. cit, 17); Д-р Филип Атанасов и Славе Иванов, кои биле исклучени од Македонската федеративна организација, се обидуваат да постигнат помирување со ВМРО. Никола Велев му го соопштува тоа на Карајовов, при што му го поставува прашањето: „Ќе им поверуваме ли?“, на што самиот си одговорил: „Јас не им верувам на искреноста на Докторот и на Славе.“ Но, покрај сѐ кон крајот на 1925 година, по уговарањето на Јордан Бадев во Виена, Т. Карајовов (Клубски) се среќава со д-р Атанасов и со Славе Иванов. Тие имале уште една средба и во јануари 1926 година. Од оваа средба Карајовов останал разочаран особено од д-р Атанасов, откако докторот си го кажал своето гледиште, дека очекува разрешување на македонското прашање од три евентуалности: 1. Општ меѓународен конфликт во Европа; 2. Внатрешно преуредување на Југославија на федеративни начела; 3. Револуционерна дејност на Македонија. Тој му предлагал на Карајовов ЦК на ВМРО да се премести од Бугарија во некоја неутрална држава, при тоа во него да бидат вклучени и лица од другите македонски националности. Во тоа време д-р Атанасов ги имал прекинато односите со Д. Влахов, кого го нарекол „најстрашен демон во делото“. Д-р Атанасов за К. Хаџириндов немал високо мислење и го сметал „за изгубен човек“, а К. Терзиев – за многу близок до М. Нинчич. Карајовов по овие разговори му предлага на ЦК овие луѓе да бидат искористени во борбата против Д. Влахов и Хаџириндов, кои несомнено „се туѓи орудија“. Цитирано според Палешутски К. Македонското...1924-1934, ..., 46-47

К. Риндов и К. Терзиев,[948] кои отворено се ставиле во служба на српските известувачки служби. По разидувањата на федералистите околу в. „Македонско сознание“, и одвојувањето на групата околу К. Хаџириндов, која отворено ги застапувала југословенските интереси и во тој правец ја променила и ориентацијата на политиката на весникот, Димитар Влахов како уредник на в. „Македонско дело“ ги разобличувал овие федералистички сили околу групата на Хаџириндов за кои пишувал дека се во служба на великосрпските кругови. Во оваа медиумска војна ЗП на ВМРО видело можност да се искористи овој конфликт во името на разложувањето на двете организации, Ив. Михајлов му пишува на Г. Баждаров: „Г-н Влахов не може сега да ги објавува во „Македонско дело“ Хаџириндовци како српски шпиуни, бидејќи вчера и самиот тој српското шпионство на Паница-Риндов го сметаше за свој актив“.[949] Иако и д-р Филип Атанасов и Тодор Паница биле прозвани (дали од комунистичкото крило во ВМРО (об)[950] или од раководните лица на ВМРО) за „српско шпионство“ сепак можеме да заклучиме дека, тие никогаш во целост не се ставиле во служба на југословенските режим и политика, туку останале доследни во своето делување врз принципите на Мајскиот манифест.

Не може со сигурност да се каже дека во периодот по убиството на Тодор Паница настапило и фактичко делење на раководните сили на МФО.

Всушност, голем дел од федералистите во првиот организационо-растечки период на ВМРО (об) до нејзината Основачка конференција 1929 година активно се вклучиле во создавањето организациони групи. По идеја на Г. Занков ЦК, мотивирана со мислењето дека ВМРО нема влијание во Западна Македонија, тој заминува за Албанија за да организира канал за Егејска и Вардарска Македонија, но не успева во тоа. Подоцна со таква задача од ЦК на ВМРО (об) се испратени во Албанија федералистите Лазар Поповски (бивш чиновник во бугарското дипломатско претставништво во Тирана) и Христо Цветков. Тие исто така не постигнале многу во таа насока.[951] Во Западна Македонија Христо Цветков и Лазар Поповски успеале да го

---

[948] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 215-217
[949] Цитирано според, Палешутски К. Македонското...1924-1934, ... , 48
[950] В. „Македонско дело“, бр. 3-4, 25 октомври 1925
[951] Палешутски К., 1924-1934, ....., 86. Г. Занков при овој престој во Албанија бил врбуван од мајорот на југословенскското разузнување Т. Диниќ, исто така и Л. Поповски и Хр. Цветков се поврзале со југословенските известителни служби. Според некои историчари (Д. Добринов) тие можеби ја играле улогата на агент провокатори на српското контраразузнавање, кое под формата на „обединисти“ ги искористува за растројување на работата и на илегалната мрежа на ВМРО во Западна Македонија и Албанија и тоа се смета за една од причините Албанија да се изостави како база на ВМРО (об) за

привлечат, познатиот војвода од минатото Крсто Љондев, кој што покрај весникот „Македонско дело“ го добива и весникот „Македонско созанаие“.[952] Христо Цветков неуспешно се обидел и кај некои четници од автономистичката ВМРО да ги врбува за ВМРО (об).[953]

Македонската федеративна група во Париз, која била под влијание на д-р Филип Атанасов, декларирала, дека стојат зад идеите на Мајскиот манифест за Балканска федерација и ја одобруваат политичката линија на в. „Македонско дело“.[954] Оваа група имала свој Привремен секретаријат во состав Васил Христов, Иван Грашев, Димитар Христов, Васил Антонов и Јордан Анастасов, сите интелектуалци кои порано припаѓале на Македонската емигрантска федеративна организација во Бугарија. Бидејќи Раководството на ВМРО (об) работело и на привлекување и на групи и поединци од македонските политички сили кои останале надвор од ВМРО (об) по претходни заеднички преговори меѓу претставниците на оваа Федеративна група од Париз и од ЦК на ВМРО (об) во 1927 година биле потпишани протокол за обединување на оваа група со ВМРО (об). Јордан Анастасов бил кооптиран во ЦК на ВМРО (об) како претставник од оваа група.[955] Во јули 1928 година во ВМРО (об) била примена и групата на д-р Филип Атанасов.[956]

Убиството на поранешниот Серчанин - санданист, а од 1922 година федералист, Тодор Паница, не било обично убиство на идеен противник на Ив. Михајлов. Тоа требало да послужи за исполнување на повеќе цели. Со неговото ликвидирање Ив. Михајлов се ослободил од еден опасен противник, кој имал долгогодишно

---

проникнување во Западна Македонија. (Добринов Дечо, op. cit., 62) Според Славе Иванов, Георги Занков бил привлечен во српската мрежа за соработка преку Лазар Поповски (ДАРМ, ф. РСВР, к. 2. Материјал бр. 20, 58-59). Под изговор за соработката со српските служби Занков во 1929 г. ќе биде исклучен од ВМРО(об). (В „Македонско дело“, бр. 99, 10 октомври 1929, 4)

[952] Добринов Д., op. cit., 62

[953] ЦДА ф. 396к, оп. 2, а.е. 51, л. 7

[954] В. „Македонско дело“, бр. 7, 10 декември 1925, 6

[955] Юрдан Анастасов, Критички бележки за книгата на Д. Влахов, София 1971, 4-8

[956] Д-р Ф. Атанасов, според Решението за негов прием во ВМРО (об) од 12 јули 1928 г, бил примен во организацијата како „условен член“ до одобрување на ова решение од Конгресот. Д-р Атанасов за да биде прифатен за редовен член на организацијата бил условен да излезе со јавна декларација, „во која ќе го искаже својот став по македонското прашање и на тој начин да се амнестира од сите дотогашни обвинувања и сомнежи на негова адреса“. Овој услов не бил исполнет од страна на д-р Ф. Атанасов и тој и од Првата општа редовна конференција, одржана 1929 г., добил писмено известување дека и понатаму останува како условен член на организацијата со новопоставени услови до него. Условот за излегување со јавна декларација останува и се бара од ЦК да му наложи да изврши „конкретна организациона работа“ и постојано да го следи неговото поведение. Во случај да не ги исполни овие услови се предвидува негово исклучување од организацијата. (ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1)

револуционерно, организаторско и борбено искуство голем противник на врховизмот во минатото, кој како федералист станал опасен за престижот на Ив. Михајлов сред македонските револуцинери, македонскиот народ во пиринскиот дел на Македонија и македонската емиграција.

Нема никакво сомневање дака прво убиството на Петар Чаулев, а потоа на Тодор Паница внесле збрка, колебање, несигурност и повлекување во редовите на силите што се определиле за новата обединувачка акција на македонското прогресивно револуционерно движење. Објавените статии на Димитар Влахов во „Балканска федерација" и „Македонско дело" во текот на 1925 година, како што се „Повик кон македонскиот народ и членовите и сомислениците на ВМРО", потоа „Пакосни илузии" итн. претставуваат своевидна потврда за тоа. Во нив не само што се разобличуваат убијците на Чаулев и се повикува на борба врз база на принципите на Мајскиот манифест, туку се укажува на нереалноста и опасноста за борбата на македонскиот народ од илузиите слободата на Македонија да се очекува од надворешни фактори, од Друштвото на народите.

Со еден збор, по наведените убиства целиот процес за обединување на македонските прогресивни сили во единствен револуционерен фронт е подзабавен и одложен.[957] По убиството на П. Чаулев и особено по тоа на Т. Паница плановите за „востановување на ВМРО се изоставени. Од документите со кои располагаме, видно е дека во летото 1925 година се обмислува план за создавање на „нов македонски центар" и „македонски конгрес"[958]. За таа цел во Москва специјална комисија ги разработува основните документи – програмата, уставот и резолуциите, коишто проектираниот македонски форум треба да ги прифати[959] и како последица на повеќемесечните преговори на одделните претставници на неколку македонски емигрантски прогресивни и демократски организации, а врз основа на прокламираните идеи и принципи на Мајскиот манифест, во текот на октомври 1925 година во Виена е формирана Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета). [960]

Констатацијата на Манол Пандевски која се однесува на целото македонско ослободително движење, посебно одговара за овој период дека „Македонското

---

[957] Катарџиев И., Борба до победа, ... 90-91.
[958] ЦПА, ф. 146, оп. 2, а.е. 1441: оп. 6, а.е. 501. Цитирано според Добринов Д., op. cit., 42
[959] Добринов Д., op. cit., 42
[960] Идејните основи на ВМРО, op. cit., В. „Македонско дело", II, бр. 33, 10. 01. 1927, 9

национално-ослободително движење во својата перманентна внатрешна еволуција ја содржи во себе, како своја битна и трајна компонента уште и отвореноста спрема сите прогресивни идејни струења и општествени движења што доаѓа од поблискиот или од подалечниот свет".[961]

Оваа нова платформа и особено Мајскиот манифест оставиле длабока трага во македонското национално ослободително движење. Претставувале патоказ за трајната определба на македонскиот народ за сојузништво со прогресивните сили во борбата за своето национално ослободување и државно конституирање.[962]

На крајот може да се заклучи дека за федралистите и таа платформа не била толку нова како што била за ВМРО на Тодор Александров и Александар Протогеров. Како што истакнавме понапред тоа било како логичен континуитет на нивни ставови, идеи и принципи.

---

[961] Манол Пандевски, За континуитетот на македонската национално-ослободителна револуција до 1941 година, Симпозиум „Развојот и карактерот на народно-ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје 1973, 112
[962] Пачемска Петреска Д., Федративната идеја..., 191

## 6.2. Федеративната струја во ВМРО (Обединета)

Раководните сили од организациите и асоцијации во македонското движење не се секогаш идејно и политички единствени, што е една од причините за внатрешните несогласувања, судири и расцепи во истите. Ваквите појави не ја одминале ни македонската организацијата ВМРО (Обединета).

Со потпишувањето на Мајскиот манифест само формално беше постигната спогодба за обединување на силите од македонското движење и создавање на единствен македонски револуционерен фронт. Настаните што следеа по потпишувањето на Манифестот, особено по неговото објавување, како што беше откажувањето од Манифестот на двата членови на ЦК на ВМРО Тодор Александров и Александар Протогеров, убиството на Александров, септемвриските колежи на демократските и прогресивни сили во пиринскиот дел на Македонија, го потврдуваат погоре реченото дека Виенската спогодба останала само формалност. За жал и покрај вложените усилби на повеќе фактори, поради комплекс од објективни и субјективни околности, до суштинско обединување тешко можеше да се дојде.[963]

По откажувањето со јавна Декларација на двајцата членови на ЦК на ВМРО од Манифестот, од страната на ВМРО само третиот потписник на програмските документи од Виенската спогодба, Петар Чаулев, реши да остане доследен на новите принципи и да ги повика македонските революционери и македонскиот народ, да се организираат и да ги изолираат реакционерните сили, а да се борат за извојување на независна Македонија и Балканска федерација.[964] Од другата страна - Македонската федеративна организација, како втора страна учесничка во Виенските преговори и потписничка на постигнатата спогодба, продолжила да работи и да ја води својата агитационо пропагандна активност во духот на борбата за независна и обединета Македонија и Балканска федерација со убедување дека: „Обединувањето на

[963] Дури и раководството на БКФ било принудено да признае дека во обидот за консолидација имало тактички грешки, брзање и потценување на условите, во кои беа потпишани Виенските документи. Тоа особено се однесувало на Мајскиот манифест (РЦХИДНИ, Москва, ф. 509, оп. 1, д. 44а, л. 85-86). Цитирано според Благоев Спиридон, Идејните струења и разидувањата во раководството на ВМРО (об) (1925-1931), Седумдесет години ВМРО (Обединета) 1925—1995, Прилози од научниот собир одржан на 20 декември 1995 одина, Скопје 1998, 45)

[964] П. Чаулев, Позив кам македонските революционери и македонскиот народ, La Féderation., I année No 7-8, 86-88. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 69

македонското револуционерно движење поткрепено од македонскиот народ без разлика на вера и народност, поткрепено од другите балкански револуционерни организации и од моќните прогресивни народни движења на другите мали и големи народи, ќе води борба и тоа немилосрдна, како со непријателите и поробувачите на Македонија, така и со сите други кои ќе му се испречат на патот и сигурно е дека, скоро, многу скоро, ќе го постигне својот идеал: слободна, независна и обединета Македонија – рамноправен член на Балканската федерација“.[965] Голем придонес во остварувањето на оваа идеја ќе даде и вторит член на ЦК на ВМФОР и еден од најдоследните поборници за создавање на балкански револуционерен фронт Тодор Паница.

Во годината по потпишувањето на Мајскиот манифест се правеле консултации, договарања и контакти на сите заинтересирани страни за подржување на иницијативата за обединувањето на македонските револуционерни и ослободителни сили врз принципите набележани во споменатиот документ. Оваа иницијатива ја реализирале оние раководни сили на македонските асоцијации кои биле подржани и од надворешните фактори, Советскиот Сојуз и Коминтерна. Всушност една година по Виенските преговори може да се заклучи дека позициите на КИ и БКФ кај националноослободителните движења на Балканот сериозно се ослабени. Без да се анализира во детали применуваната тактика, на балканските комунистички партии и на БКФ како координирачки орган им се поставени следните задачи: востановување на здрава врска (т.е. контрола и раководство) со националнореволуционерните организациии; засилување на партиската работа внатре во нив.[966] Како и порано, основната работа во БКФ во врска со нацоналноослободителното движење се организира и се раководи од Г. Димитров. Во тој однос потешкотии создаваат личностите, со кои тој е принуден да ја спроведува политиката на БКФ и Коминтерна. Некои од нив како федералистите К. Хаџи Риндов, Коста Терзиев и др. никогаш не го одобрувале комунизмот, односно „новата ориентација на македонската борба“ и врските со СССР и КИ и станале отворени српки соработници. Други пак како Д. Влахов, по улогата што ја одиграл во настаните околу Мајскиот манифест, го губат престижот или реалните врски со емиграцијата и со населението во Македонија. Димитров многу рачунал на Т. Паница и неговите приврзаници во Неврокопско и во

---

[965] Dr. Athanasoff, Unification du movement macédonien revolutionaire, La Federation bajcanique, I année, No 7-8, 91. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ...., 69-71

[966] Добринов Д., op. cit., 39

Егејска Македонија. Но Паница играл тројна игра меѓу Москва, Белград и Атина.[967] Како резултат на внатрешните разидувања и цепења во ВМФРО двајцата членови на нејзиниот ЦК, кои останале живи, д-р Филип Атанасов и Славе Иванов, по убиството на Тодор Паница ги раскинале врските со овластениот преговарач во Виена од страна на ВМРО, Димитар Влахов и се искажале против покренатата иницијатива за создавање единствена македонска организација.[968] Во такви услови во летото 1925 година се создава една ситуација во која Димитар Влахов останал единствениот од водечките личности во овие обиди за обединување на македонското движење кој имал однос кон Мајскиот манифест, а не се откажал од директната соработка со БКФ и БРЦ во Виена. Самиот Влахов се амбицирал да стане централна фигура на движењето, за што превзема и соодветни дејствија со кои се стреми да го дискредитира д-р Филип Атанасов пред Г. Димитров и БРЦ.[969]

Како резултат на консултациите, договарањата и контакти на сите заинтересирани страни за подржување на иницијативата за обединувањето на македонските револуционерни и ослободителни сили врз принципите набележани во виенските документи во Виена била одржана основачка конференција на Внатрешната македонска револуционерна организација (обединета) – ВМРО (об). На неа присуствувале претставници на Македонската федеративна организација, Илинденската организација, на растурениот ЕКС, Серската група, левицата во ВМРО и револуционерните групи и комитети создадени врз основа на Манифестот.[970] На конференцијата присуствувале Димитар Влахов, Павел Шатев, Георги Занков, Ризо Ризов, Владимир Поп Томов, Христо Јанков и други. Во Централниот комитет на новата организација биле избрани: Димитар Влахов Георги Занков, Христо Јанков и Димитар Арнаудов, а малку подоцна и Панко Брашнаров, за заменици членови биле избрани Владимир Поп Томов, Ризо Ризов и Павел Шатев.

Во редовите на оваа Организација ќе се најдат лица и групи со прилично спротивни класно-политички идеи. Заедно со комунистите Вл. Поп Томов, Хр. Јанков, и Д. Влахов таму се П. Шатев, Г. Занков и др. Тоа ќе се одрази и на целосната дејност на ВМРО (об). Класно-политичките и идејните разлики ќе се рефлектираат како на

---

[967] Ibidem

[968] АС, ф. Министарство војске и морнарице. Цит. (Извештај од Славе Иванов), Искаужвања на Ризо Ризов, 20. Цитирано според Д. Пачемска, ВМРО (об), ..., 70; ЦДА. ф. 1932к, оп. 3, а.е. 139, л. 580

[969] Добринов Д., op. cit., 40; ЦДА. ф. 1932к, оп. 3, а.е. 139, л. 570-582

[970] Влахов Д., 257; Къосев Дино, История на македонското..., 504

односите меѓу водечките и раководни личности на ВМРО(об), така и меѓу структурата на Организацијата на теренот. Формираните групи во Петричкиот округ и во другите краишта на земјата уште од самиот почеток започнуваат да се делат на комунистички и на националреволуционерни.[971] Делењето ги опфаќа и највисоките органи на ВМРО (об). Тоа се пренесува и во другите области, а подоцна споровите околу карактерот на ВМРО (об) стигнуваат и до Коминтерна.[972] Според Панко Брашнаров (искажано пред ЦК на ВМРО (об) на 26 мај 1926 г.) „најнадежниот елемент за револуционерна дејност во Вардарска Македонија се комунистите. Националните елементи не се сигурни и во почетокот не треба да им се поверува раководството на организациите, уште повеќе, дека масите еднакво ги ценат комунистите и националреволуционерите. Тој соопштува, дека во Штип, Радовиш, Велес, Прилеп, Битола, Крушево, Струмица, Кавадарци и Куманово веќе има 38 групи, од кои 13 комунистички и 25 националреволуционерни. Панко Брашнаров препорачува единствен фронт од долу, обединување не со протоколи од горе, единствен фронт не само спрема КПЈ но и со ВМРО и сите други револуционерни организации, коишто работат во Македонија, наспроти становиштата на нивните водачи во Софија, Белград или на друго место. Ние подаваме рака на секого кој што искрено работи за Независна Македонија, или во најмала рака против крвавиот режим. Брашнаров предлага да не се подвлекува, дека СССР ќе ја ослободи Македонија, како што на времето ВМРО ги окуражуваше масите, дека Бугарија ќе ги ослободи.“[973] За време на неговиот престој во Виена, во мај 1926 година, П. Брашнаров добил задача да изготви извештај за работата на ВМРО (об) во вардарскиот дел на Македонија. Во извештајот, кој го насловил како „Доклад за ВМРО (Об)“, тој соопштува дека на Обласната Конференција (подвлечено во оригиналниот документ М:Н.), одржана на 6 март 1926 година, било решено „да се отворат вратите на националните дејци кои останале чисти и не се извалкале пред масите иако се со подесни сфаќања.“ Понатаму се вели: „Тргнувајќи од фактот дека претстои еден долг

---

[971] Според еден документ на ЦК на ВМРО (об) од 25. 1. 1930 г. во Бугарија покрај организациите на ВМРО (об) поврзани со нејзиниот ЦК, во 1927 и 1928 г. беа организирани и други групи, кои формално ја прифаќаа програмата на ВМРО (об), но тие беа поврзани и се наоѓаа под влијанието на бившиот член на ЦК, Г. Занков, кој подоцна беше исклучен од ВМРО (об). Овие групи беа незадоволни поради блискоста на ВМРО (об) со комунистичките партии и настојуваа за „полна самостојност на македонското национално движење од комунистичките партии и СССР“. (РЦХИДНИ; ф. 509, оп. 1, д. 140 „Сосотојбата на национално револуционерните организации на Балканот“, бр. 308/10/3, Пс. Орг., 25. 01. 1930 г. цитирано според Благоев Спиридон, op. cit., 51)

[972] Палешутски К., Македонското ....1924-1934, ...., 81

[973] Ibidem, 85-86. На овие ставови на застанала Обласната конференција на ВМРО (об) за вардараска Македонија одржана во март 1926 г. Види: Весковиќ-Вангели Вера, Досие Брашнаров, Скопје 2003, 86-93

организационен период, за да стане Организацијата виситнски народна, Конференцијата препорача да се приберат сите дејци независно од нивните сваќања под услов да стојат на линијата на Манифестот.“[974]

Во средината на 1926 година во Виена допатувал и Павел Шатев, претставник на федралистите и упатен во сите преговори и спогодби уште од 1922 година.[975] Потоа тој заминува за Цариград, за да создаде групи на ВМРО (об) под формата на младинско спортско друштво, но не успева во тоа бидејќи луѓето на ВМРО „се покажале посилни“.[976]

Раководството на ВМРО (об) работело и на привлекување и на групи и поединци од македонските политички сили кои останале надвор од ВМРО (об). За тоа најдобар е примерот со групата федералисти во Париз. Оваа група имала свој Привремен секретаријат во состав Васил Христов, Иван Грашев, Димитар Христов, Васил Антонов и Јордан Анастасов, сите интелектуалци кои порано припаѓале на Македонската емигрантска федеративна организација во Бугарија. Нивните гледишта за ослободувањето на Македонија биле блиски на принципите изнесени во Манифестот од мај 1924 година. По претходни заеднички преговори меѓу претставниците на оваа Федеративна група од Париз и од ЦК на ВМРО (об) во 1927 година биле потпишани протокол за обединување на оваа група со ВМРО (об). Јордан Анастасов бил кооптиран во ЦК на ВМРО (об) како претставник од оваа група.[977] Друга федералистичка група која малку подоцна ќе биде примена во ВМРО (об) е групата околу д-р Филип Атанасов. Во документите донесени на основачката конференција на ВМРО (об) е подвлечено дека оваа организација треба да се изградува пред сé како национална, меѓутоа според нејзиниот состав, целите и задачите таа имала повеќе карактер на класна организација. Според тоа природно е што одделни елементи кои не можеле да ја прифатат оваа класна ориентација на ВМРО (об) почнале да се оддалечуваат од неа.

Некои од нив ја прифатиле идејата за решавање на македонското прашање преку создавање на Југословенска федерација. Во ноември 1927 година во Виена бил формиран и комитет за соработка со владата на Кралството на СХС. Во него влегле

---

974 Весковиќ-Вангели Вера, Досие..., 87-88
975 Пачемска Д., ВМРО (об). ..., 71
976 Палешутски К., 1924-1934, op. cit., 86
977 Юрдан Ан., Критички бележки..., 4-8

подржувачите на идејата на Федерална Југославија, во чии рамки го гледале и решавањето на македонското прашање. Меѓу нив биле д-р Филип Атанасов, Славе Иванов и Христо Цветков, кои и до тогаш добивале материјална помош од владата на Кралството на СХС. Во овој комитет влегол и Георги Занков, поранешен член на Раководното тело на Илинденската организација и избран за член на ЦК на ВМРО (об) на основачката конференција во 1925 година. Оваа група се нарекувала национал-федералистичка организација.[978] Според Записник од седницата на Балканската комисија од 2 мај 1928 година, на која како точка од дневниот ред било „За односот на ВМРО (се мисли на обединета М. Н.) кон одделни колебливи лидери на други националреволуцинерни групи на Македонците" по истото било решено: а) да се превземат сите неопходни мерки на претпазливост, да се обиде повторно Занков да се вовлече во работата на ЦК во борбата со македонските автономисти (протогеровисти). Во случај на неуспех на овој обид, ова прашање да се постави одново пред Б(алканската) комисија; б) да се забрза зближувањето со париската група на федералисти; в) да се изјасни можноста за вовлекување на групата на Атанасов во ВМРО, под услов тој јавно да ја признае платформата на ВМРО.[979] Национал-револуционерната струја во ВМРО (об), која се ориентирала кон комитетот за соработка со Кралството на СХС, излегува со една своја „Декларација на група членови од Внатрешната македонска револуционерна организација за решавањето на македонското прашање"[980] од 28 јуни 1928 година, во која јасно и недвосмислено ја покажува својата југословенска ориентација. Меѓу другото во оваа Декларација стои и нивното гледање: „Ние доаѓаме до идеја дека треба да се создаде една моќна Македонска национална револуционерна организација која ќе ги обедини трите раскинати дела. Таа треба да биде далеку од секакви класни и политички тенденции што ќе и пречат на чистиот, ослободителен и обединителен карактер, за да може таа пред факторите што ја држат силата за положбата било на Балканот, било во Европа да добие поддршка за реализирање на идејата.

---

[978]АС, ф. Министарство војске и морнарице Главни генералштаб – Обавештајно оделење, архивска грађа 1924-1933, несређен материјал (фотографии на членовите на комитетот и скица за расфоди на „Федеративниот центар"). Цитирано според Д. Пачемска, ВМРО (об)....,109

[979] Поповски Вл., Жила, Македонското прашање во Советската надворешна...., кн. II , 671- 1432, ...д.. 309, 1005-1007

[980] ВМРО (Обединета), Документи и Материјали, ...книга I, д. 45, 190-194

Престижот и силата на Балканот е денес во рацете на денешна Југославија. Нејзино право и должност е таа да ја поткрепи борбата на Македонците за национално и економско обединување во едно политичко цело во рамките на самата Југославија.

Така создадената Организација си ги поставува следните политички цели и задачи:

1. Населението во трите дела на Македонија да се организаира во единствена революционерна организација која ќе ја подржува неговата македонска национална свест и ќе го подготвува за вооружено востание кога ќе се создаде погоден политички момент, откако ќе се исцрпат сите легални средства.
2. За таа цел таа ќе пристапи кон формирањето на сите тела и институции што се потребни за исполнувањето на горните цели и задачи:

   а) се свикува општ конгрес на трите дела на Македонија;

   б) на конгресот се избира Централен комитет што ќе ја раководи целата революционерна и политичка работа како внатре во самата Македонија, така и надвор од неа;

   в) се избира, Задгранично претставништво на кое ќе му се дадат директиви во духот на донесените резолуции и декларации од конгресот;

   г) конгресот изработува обемна програма и план на целата революционерна дејност за реализирање на поставените цели и задачи на Организацијата. Им дава потребни директиви на избраните революционерни тела;

   д) донесува соодветни резолуции и декларации со кои го запознава македонското население и општествените фактори во Европа и на Балканот;

   е) конгресот донесува решение за придобивањето на политичките фактори и на општественото мислење во Европа да го задолжи ЦК и ЗП да ја раководат и целата усна и писмена пропаганда со издавањето на весници, списанија, меморандуми и др.“[981]

---

[981]Ibidem,, док. 45, 193-194

Во потпис на декларацијата стои „За Централниот комитет: Д-р Атанасов, Г. Занков“[982]. По излегувањето со оваа декларација групата на д-р Ф. Атанасов е примена во ВМРО (об) во јули 1928 година. За ова настојувала и Коминтерна. Против нивното примање во ЦК на ВМРО (об) биле комунистите Влахов и Поп Томов, а за биле националреволуционерите Г. Занков и П. Шатев.[983] Д-р Ф. Атанасов, според Решението за негов прием во ВМРО (об) од 12 јули 1928 г, бил примен во организацијата како „условен член“ до одобрување на ова решение од Конгресот. За да биде прифатен за редовен член на организацијата тој бил условен да излезе со јавна декларација, „во која ќе го искаже својот став по македонското прашање и на тој начин да се амнестира од сите дотогашни обвинувања и сомнежи на негова адреса“. Овој услов не бил исполнет од негова страна. Сепак и на Првата општа редовна конференција на ВМРО (об), одржана летото 1929 година, било решено д-р Атанасов и понатаму да остане како условен член на организацијата со новопоставени услови до него. Условот за излегување со јавна декларација останува, и се бара од ЦК да му наложи да изврши „конкретна организациона работа“ и постојано да го следи неговото поведение. Во случај да не ги исполни овие услови се предвидува негово исклучување од организацијата.[984] Во меѓувреме од неговиот прием во ВМРО (об) до Првата општа редовна конференција д-р Ф. Атанасов заедно со Г. Занков во декември 1928 година оствариле контакти и со припадници на протогеровистичкото крило на ВМРО.[985] ЦК на ВМРО (об) го обвинува д-р Атансов за неговите идејни и фракционерски колебања, меѓу другото и за соработката со Г. Занков, но сепак го остава како условен член на организацијата, додека Георги Занков бил исклучен од работата на ЦК на ВМРО (об), во кој преовладувала комунистичката струја, и од членувањето во организацијата.[986] „Македонско дело“ објавувањето на Резолуцијата за исклучивање на Занков го проследува со коментар во кој како причини за ова разидување во ЦК на ВМРО (об) ги наведува, според нив, наводните идеолошки разлики. Занков обвинувал дека мнозинството од централното раководство на организацијата било за нејзино

---

[982] Ibid.

[983] Палешутски К., Македонското...1924-1934.., 87

[984] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1

[985] На оваа средба покрај националфедералстите д-р Ф. Атанасов и Г. Занков (кој во тоа време е и член на ЦК на ВМРО (об) и како таков се потпишал на резолуцијата донесена на оваа средба) присуствувале и други двајца членови на ВМРО (об) Христо Ампов и Јосиф Кондов. Средбата е остварена во Ѓурѓево на романско-бугарската граница. (ЦДА, ф. 176, оп. 5, а.е. 1344, л. 41; ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, к. I, op. cit., 165-168)

[986] В „Македонско дело“, бр. 99, 10 октомври 1929, 4; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, книга I, Скопје 1991, док. бр. 59, 236-237; ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1

„болшевизирање", а тој сакал да остане верен на „националниот принцип", дека другите сакале да ја закачат организацијата кон Третата интернационала, а тој бил за нејзина „независност". Од другата страна пак следело прашањето за каква независност може да зборува човек кој, што се контрактува и добива пари од Белград. Покрај обвинувањата за поврзаноста на Занков со Белград, се разобличуваат и неговите релации со негови луѓе во Бугарија, кои биле ориентирани кон поткрепата на Цанков. Последниот бил восхитен од „новата ориентација на Занков и неговите другари кон Белград". Амбицијата на Занков, од спротивната страна се проценува дека, оди дотаму што тој сакал во иднина кај Цанков да го заземе тоа место и таа улога што во тој момент, Иван Михајлов ја играл кон Љапчев и кон В'лков.[987]

ВМРО (об) имала во оваа група, национал федералисти на чело со д-р Филип Атанасов и Славе Иванов, уште еден идеен противник. Според изјавата на еден член од оваа група, тие ја сметале ВМРО (об) за свој противник, но сепак воделе кон неа „политика на лојалност" од две причини: „одржувајќи врска со неа да ја парализираме во извесни пројави и второ, имајќи одредени факти на рака во даден момент да го земеме нејзиното раководство во наши раце".[988]

Покрај овие организационо опфатени федералисти во ВМРО(об) од основачката конференција е вклучен еден од највидните и најдоследните борци за одржување на македонското ослободително движење како чисто македонско, федералистот Павел Шатев. Во првиот организационен период на ВМРО(об) (до Општата редовна конференција во 1929 г.) Шатев се ангажирал во редакциската работа на органот на ВМРО (об) в. „Македонско дело" и органот на БРЦ „Балканска федерација". Во овој период тој бил задолжен и да се вклучи и во спроведување на анкетата сред познати научници, публицисти, политичари, државници, писатели и др. личности од демократската европска јавност, за начинот на решавањето на македонското прашање. Со таква задача бил испратен во Прага. Покрај тоа тој бил и најповолната личност за одржување на контакти со претставниците на македонската федеративна група во Цариград. Во 1927 година присуствувал и на прославата на годишнината од октомвриската револуција одржана во Москва. Учествувал и во посредните преговори за формирањето, дефинирањето на целта, задачите, методите и другите важни прашања

[987] ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, ...., 237; Коминтернът и България (март 1919-септември 1944 г.), Т. I, Документи, Архивите говорят, бр. 36, София 2005, д. 242, 627

[988] АС, ф. Министарство војске и морнарице, ..., Едно поверливо изложение на Томорија (Христо Цветков) за состојбата во македонското движење од 27. X. 1928. Цитирано според Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 109

од програмата и активностите на ВМРО (об), ги следел настаните во Европа, на Балканот и во поделена Македонија. Иако имал лошо искуство во обидите за помирување и соработка меѓу одделни македонски организации и групи, особено по Првата светска војна, тој не ја напуштил идејата за плурализам во македонското ослободително дело.[989] Но, во самиот врв на ВМРО (об) комунистичката струја предводена од Димитар Влахов станувала сè подоминантна. Покрај тоа што Павел Шатев не го прифаќал комунизмот како своја идеологија, помеѓу нив двајцата и поради други причини се продлабочувале недоразбирањата. Всушност, во редовите на ЦК на ВМРО (об) дошло до поларизација на членовите на комунисти и националреволуционери. Овој спор меѓу партијците и непартијците во ВМРО (об), според Павел Шатев, настанал по излегувањето на книгата „Предавниците на македонското дело" од Димитар Влахов во 1926 година.[990] Значи од 1927 до 1929 година во раководството на ВМРО (об) се оформуваат две струи: една комунистичка на чело со Владимир Поп Томов и Димитар Влахов и друга националреволуционерна на чело со Павел Шатев. На Првата општа редовна конференција, одржана во Берлин во летото 1929 година, комунистичката струја успеала да се наметне во новото раководство во кое влегле: Д. Влахов, В. Поптомов и Јордан Анастасов.[991] (ЦК на ВМРО (об) прави обиди да ја придобие и колонијата во Цариград. За таа цел му предлага на М. Герџиков да влезе во Организацијата. П. Шатев заминува за Цариград во 1926 година, за да создаде групи на Обединетата под формата на младинско спортско друштво, но не успева во тоа. Во текот на следната година обидот е повторен преку создавањето на благотворното друштво „Поткрепа". Тогаш во Цариград се создава и група на ВМРО (об) на чело со Ат. Хаџиниколов, К. Петков и В. Христов[992] (федералисти МН). Во време на овие идејни разидувања во ВМРО (об), и двете струи прават обиди да го привлечат на своја страна за соработка стариот, искусен, авторитетен и неискомпромитиран револуционер Михаил Герџиков. Во таа смисла Димитар Влахов во името на ЦК на ВМРО (об) се обидувал да влијае кај Герџиков

[989] ДАРМ, ф. РСВР, Материјал бр. 18
[990] Ibidem
[991] На Првата општа редовна конференција на ВМРО (об), одржана во летото 1929 г. во Берлин присуствувале: Вл. Поп Томов, Д. Влахов, Хр. Јанков, Д. Арнаудов, Р. Ризов, Н. Разлогов, В. Христов и др. Биле донесени пет резолуции, еден Повик и Решение за исклучување на Г. Занков од ВМРО (об). Избран е ЦК од 11 члена и ЗБ од тројца – Д. Влахов, Ј. Анастасов и Вл. Поп Томов. Наложувањето за кадидатурата на Д. Влахов како член на ЦК и на ЗБ на ВМРО (об) води до протести на непартиските националреволуционери – П. Шатев, Н. Терзијанов и Ат. Хаџиниколов. Тие се изјасниле против преизбирањето на Д. Влахов во ЦК и биле вознемирени од намерата на комунистите да си го осигураат мнозинството и раководната улога во организацијата. (Коминтернът и България, ..., д. 242, 627)
[992] Палешутски К., Македонското...1924-1934.., 86

преку националреволуционерот Атанас Хаџиниколов, резимирајќи дека Михаил Герџиков требало да влезе во нивното движење „безрезервно“[993]. Влахов вели: „Ние не можеме да водиме со него, и со кого и да е друг преговори за принципите и тактиката на нашата организација“, понатаму: „Неговото влегување во нашата организација ќе треба да се направи со јавно објавување на истото од страна на Герџиков“.[994] Од страна на федералистичкото крило во ВМРО (об) д-р Филип Атанасов водел преписки со М. Герџиков околу нивната соработка. Меѓу нив се разменуваат мисли за македонското движење (во минатото и сегашните сосотојби)[995], при што Герџиков, констатирајќи дека „македонското революционерно движење, во сите негови разклонувања и нијанси стигнало до една опасна кривина“.[996] Обидувајќи се што пореално да ги согледа причините за некои сосотојби во македонското движење Герџиков, цврсто стои на ставот дека оној кој што се владее според „етиката на чистата револуција“ бруги ги сфаќа заблудите наметнати од влијанијата на туѓи интереси. Со висок револуционерен морал тој не посочува виновници во македонското движење, туку вели: „одговорноста за разидувањата во движењето ја носиме сите – кој помалку кој повеќе“,[997] потенцирајќи дека се знаат „замките, кои се поставуваа на движењето од лево и од десно“. За овие замки се нашле „луѓе со слаб карактер, или такви што воопшто го немаат, се поддале и го повлекле по себе и македонското движење“. Правдајќи ја пасивноста во дадени моменти на постарите револуционери како покорисна од тоа „да го прикачиш движењето како опашка за некој партиски интерес, за некој државен стремеж или класна кауза“.[998] Геџиков се ориентира кон федеративната струја во ВМРО (об), во која се обидува да си остане достоен на своите принципи, со доза на критичност во дадени моменти, особено кога станува збор да се одбрани самостојноста

[993] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5. а.е. 6, л. 3-5. Писмото е од 12 септември 1928 г. ; ЦК на ВМРО (об) со писмо од 19 септември 1929 г. ќе го извести Герџиков дека „Првата Општа редовна коференција на ВМРО (об) меѓу другото реши: Конференцијата констатира со задоволство изразената желба од познатиот македонски деец Михаил Герџиков, еден убеден и последователен левичар во македонското движење, повторно да заработи активно во него. Конференцијата го обврзува ЦК да најде разбирање со него, да го привлече во редовите на организацијата и на тој начин неговите сили и авторитет на македонски революционер со голема популарност во минатото да бидат искористени најцелесообразно за интересите на национал-ослободителното движење“ (ЦДА, ф. 1747к, оп. 2. а.е. 45, л. 1)
[994] Ibidem
[995] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 28, л. 1-16; Ibidem, оп. 2, а.е. 21, л. 1-10а
[996] ЦДА, ф. 1747к, оп. 2. а.е. 21, л. 6
[997] Ibidem, л. 7
[998] Ibidem, л. 7

на движењето.[999] Во неговите писма се гледаат и внатрешните групирања во самото федеративно крило на ВМРО (об).

Националфедералистичката струја што се одвоила формирала своја група во Цариград. Во неа биле: П. Шатев, М. Герџиков, Г. Занков, Ф. Атанасов, Сл. Иванов, Л. Поповски, а тие имале свои едномисленици и во Бугарија: Хр. Ампов, Г. Гевгелиски и др. Дел од нив прифаќале решавање на македонското национално прашање во границите на Југославија. Меѓу раководството на ВМРО (об) избрано на Првата општа редовна конференција и националфедеративната група во Цариград се воделе преговори за повторно обединување од средината на 1929 до 1931 година. Истовремено и во Третата революционерна област т.е. Пиринскиот дел од Македонија и кај емиграцијата во Бугарија се појавиле исти струења и делби на комуниситчката и националфедеративната струја. По 1931 година и во оваа област националфедералистите ги изгубиле дотогашните позиции во ВМРО (об).[1000]

По расцепот на Берлинската конференција националфедералистичката струја во почетокот на октомври 1929 година си организирала своја конференција во Цариград, што не ги оставило рамнодушни комунистите од ВМРО (об), па дури и комунистичките партии на Балканот и комунистичката централа[1001]. Меѓу другите реакции на овие активности на националфедералистите од страна на комунистичкото крило во ВМРО (об), нејзиниот ЦК на 3 декември 1929 година упатува писмо до еден од учесниците на оваа конференција, д-р Ф. Атанасов, со кое од него се бара писмено објаснување на фактите, кои според ЦК „претставуваат грубо нарушување на дисциплината на организацијата“. Прашањата упатени до него се: дали учествувал на

---

[999] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 28, л. 1-16. Во писмото од 14 ноември 1929 г. до д-р Ф. Атанасов, меѓу другото ќе напише: „Лично јас се откажувам да барам пари за внатрешноста и ако последната нее кадарна да си ги набави сама по чисто револуционерен пат, подобро е да си заминеме и да ја оставиме таа работа на „подостојни“ од нас, кои се согласни да ги бараат од друго место. За мене ова прашање е од примарно значење и јас најсериозно гледам на неговото разрешување, затоа што имено тоа ќе го определи и профилот на организацијата (подвлекла М.Н.). Ако ти мислиш дека раководното тело треба (подвлечено во документот М.Н) да најде пари за своите потреби и за потребите на организацијата внатре посочи ми ги изворите и начинот. Јас такви не гледам и затоа не се ангажирам; напротив: секој обид кон тоа го сметам за скршнување од правиот пат, по кој што треба да одиме и за давање на движењето под наем на севозможни заинтересирани политички фактори.“ (Ibidem, л. 15-16)

[1000] Златна книга, ....146-147; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, к. II, ....191; Палешутски К, Макдонския въпрос въ буржоазна Югославия (1919-1934), София 199, 182, 191. Според српски разузнувачки извештај од 1930 г. во пиринскиот дел групата на Влахов се сведувала на мал број привврзеници, а „сите други останати остануваат со другата национал-федеалистичка група или пак постепено се откажуваат од секакво активно учество“ (се мисли во ВМРО (об))., ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, .... кн. I, д. бр. 98, 314-318)

[1001] Коминтернът и България, op. cit., д. 242, 626-627

конференцијата во Цариград; кој е неговиот став по разгледуваните прашања и донесените решенија на оваа конференција; дали тој влегува во „т.н. раководно тело" избрано на оваа конференција; како ја оправдува „грубо нарушената дисциплина на организацијата" од негова страна, како нејзин член.[1002] Меѓу раководството на ВМРО (об) избрано на Првата општа редовна конференција и националфедеративната група во Цариград се воделе преговори за повторно обединување од средината на 1929 до 1931 година.[1003] Во тој период меѓу другите преговарачки активности, на 14 септември 1930 година во Цариград е потпишан протокол за разбирање и обединување помеѓу претставиците на БРЦ и ВМРО (об) Вл. Поп Томов и Ј. Анастасов заедно со замениците членови на ЦК на ВМРО (об) Р. Ризов и Д. Арнаудов од една страна и претставниците на македонските националреволуционерни групи и дејци со национална ориентација М. Шкартов, Гавајлански (овој псевдоним не се знае со сигурнос дали е на Никола Трнев) М. Герџиков од друга страна. Со нивното влегување во ВМРО (об) потписниците од втората страна ја признаваат платформата, статутите и резолуциите на ВМРО (об). Меѓу другото не се допушта никакви политички врски со лица и групи исклучени од ВМРО (об), како што се Г. Занков, Христо Ампов и др. кои ќе се солидаризираат со нив. Во овој протокол стои дека односите на ВМРО (об) кон П. Шатев, Наум Терзијанов и д-р Ф. Атанасов ќе бидат определени од ЦК. Со потпишувањето на овој протокол „групите и приврзениците на погоре споменатите претставници веднаш влегуваат во разбирање со оние на ВМРО (об) и се слеваат помеѓу себе". Овој процес требало да не оди споро и да биде раководен од М. Шкартов и привременото раководство на ВМРО (об) во Бугарија. М. Герџиков влегува во Задграничното биро на ЦК на ВМРО (об), а М. Шкартов во привременото раководство во Бугарија.[1004] Истовремено и во Третата револуционерна област т.е. Пиринскиот дел од Македонија и кај емиграцијата во Бугарија се појавиле исти струсења и делби на комуниситчката и националфедеративната струја. По 1931 година и во оваа област националфедералистите ги изгубиле дотогашните позиции во ВМРО (об).[1005]

---

[1002] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1

[1003] Златна кн. op. cit, 146-147; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, к. II, op. cit., 191; Палешутски К, Макдонския въпрос въ буржоазна Југославия (1919-1934), София 199, 182, 191

[1004] ЦДА, ф. 1747к, оп. 3, а.е. 7, л. 1. Според Ј. Анастасов, пред оваа средба во Цариград М. Герџиков во летото 1930 г. бил во Берлин, каде се сретнал и со Георги Димитров, В. Коларов, Влахов, В. Поп Томов и Јордан Анастасов. Тука не успеале да постигнат договор за соработка. (ЦДА, ф. 1747к, оп. 3, а.е. 7, л. 8)

[1005] Златна кн. op. cit, 146-147; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, к. II,....., 191; Палешутски К, Макдонския въпрос въ буржоазна Југославия (1919-1934), София 199, 182, 191. Според српски разузнувачки извештај од 1930 г. во пиринскиот дел групата на Влахов се сведувала на мал број

Самото национал-федеративно крило во ВМРО (об) се поделило на неколку групи. Тоа го потврдува и еден извештај до српските разузнувачки служби од јули 1930 година. Во него се кажува дека во Истамбул, каде што групата на ВМРО (об) до пред две години броела на список околи 90 – 100 лица, во тој момент броела само околу 40 на чело со комунистите доктор Томов (не Македонец) и Васил Христов (Македонец). Националфедералистите Герџиков, д-р. Атанасов, Славе Иванов, Христо Цветков и многу други биле надвор од таа група. Лазар Поповски во тој момент бил вратен во Бугарија со „вициозус од којшто досега не можело да се излезе". Самата националфедералистичка група во тој момент била разделена најмалку на три дела. Имено Герџиков – д-р Атанасов формирале едно јадро во Виена и имале некои приврзаници во Софија и други места. Павел Шатев ги имал симпатиите барем на Поповски и Славе Иванов и на уште многу лица во Софија и други места. Павел Шатев бил решителен противник на секаква спогодба со Москва ако Влахов останел да раководи и командува. Но и потоа, имало трето јадро околу Георги Занков, сигурно помало од првите две во тој момент.[1006]

приврзеници, а „сите други останати остануваат со другата национал-федеалистичка група или пак постепено се откажуваат од секакво активно учество" (се мисли во ВМРО (об)). (ВМРО (Обединета) Документи и Материјали,...., кн. I, д. бр. 98, 314-318)

[1006] ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, ....., кн. I, д. бр. 98, 314-318

## 6.3. Односот на националнофедеративната струја во ВМРО (об) и кон ВМРО Протогеровисти

ВМРО (Обединета) со својата политичка програма и акционо дејствување во принцип настојувала да ги привлече сите демократски и левоориентирани македонски сили и организации во заеднички македонски национален фронт. Во годините на нејзиниот организационен растеж во редовите на оваа организација се чувствуваат идејни превирања и несогласувања, што ќе ги донесе нејзините сили до разидување од самиот врв на организацијата до базата на истата. Овој тренд на разидување иуситнување на македонските револуционерни сили ќе ја зафати и ВМРО во Бугарија. Расцепот на „Демократскиот сговор“ во Бугарија, кој се појавува уште од 1927 година, на две фракции, едната на чело со А. Љапчев, другата со Ал. Цанков, како и подоцнежното престројување на буржоаските политички сили со создавањето на „Народниот блок“ имаат влијание и на раководните сили во ВМРО. Струјата на ВМРО околу Ив. Михајлов застанува на страната на А. Љапчев, чија надворешна политичка ориентација е усмерена кон Англија и Италија, а втората струја во ВМРО околу Ал. Протогеров застанува на страната на А. Цанков, кој ја ориентира својата дотогашна политика кон Франција и Југославија. Расцепот во раководството на ВМРО и поделбата на две струи, михајловистичка и протогеровистичка ќе стане и формален по убиството на Александар Протогеров во јули 1928 година. Оваа состојба во ВМРО ќе ги разгори и убиствата меѓу овие две спротивставени струи во неа. Посилното крило на ВМРО фактички е предводено од Ив. Михајлов. Во раководството на протогеровистичкото крило се Петар Шанданов, Георги Поп Христов, Наум Томалевски, Кирил Прличев, Георги Баждаров и др. Во ЦК на ова крило се П. Шанданов и Г. Поп Христов.[1007] Протогеровистичката ВМРО во судирот со михајловистичката ВМРО, наоѓајќи се во тешка материјална положба и во политичка дефанзива и плашејќи се да биде наполно елиминирана како фактор во македонското ослободително движење[1008], а за поуспешно да му се спротивстави на Иван Михајлов,

[1007]Пачемска Д., ВМРО (об), ..., 143-144; Поопширно за ови сосотојби во ВМРО види:Тодоровски З, ВМРО...., 157-210

[1008] Катарџиев И., Време на зреење, Македонското..., 290

таа била принудена да бара подршка и сојзници и кај други внатрешни и надворешни сили и организации, пред сé, ориентирајќи се на соработка со ВМРО (об).[1009] Таквата положба на Протогеровистичката ВМРО, ја приморала да бара подршка и од надворешни фактори. Во таа смисла оваа струја од ВМРО ќе се ориентира кон соработка со југословенските власти, кои во неа гледале единствена внатрешна сила што можела успешно да му се спротивстави на Ив. Михајлов. Под влијание на оваа соработка протогеровистичката струја ја изменила основата на својата програмска платформа и ја истакнала идејата за јужнословенска федерација со Македонија како нејзина федерална единица. Во контактите со југословенските власти протогеровистичката струја на ВМРО се зближила со бугарската политичка група „Ѕвенари", во која покрај приврзениците на Воениот сојуз и земјоделските лидери Коста Тодорв и Ал Обов, биле и македонските федералисти Лазар Поповски и Славе Иванов. Оваа група во зближувањето на односите меѓу Бугарија и Југославија се застапувала за федерација на Југославија и Бугарија во која би се вклучила обединета Македонија како автономна политичка единица. Преку ваквиот федеративен начин, оваа група го наметнала своето политичко гледиште врз протогеровистите како единствен начин за решавање на македонското прашање во кое и двете држави Бугарија и Југославија нема да имаат претензии кон Македонија.[1010]

Овие состојбите во ВМРО во Бугарија будно биле следени и од двете струи во ВМРО (об). Брзата промена на политичкото дејствување на протогеровистичката ВМРО најпрвин била забележана од членовите на националфедеративната струја во ВМРО (об), кои во меѓусебните идејни конфронтации и ривалски судири со комунистичката струја на истата организација настојувале да придобијат што поголем број револуционери и т.н. „неутрални" сили и поединци на македонското ослободително движење во Бугарија. Така Георги Занков воочувајќи ја „идејната еволуција" кај одделни приврзеници на протогеровистичката ВМРО, во едно писмо упатено до ЦК на ВМРО (об) и до претставниците на СССР, БКП и БКФ од 10 јануари 1929 година, ќе забележи дека неприфаќањето на соработката и несоодветното третирање на протогеровистичката ВМРО на ВМРО (об) ќе и донесе само штета и

---

1009 Тодоровски Зоран, Контактите на ВМРО (Обединета) со протогеровистичката ВМРО, 70 години ВМРО (Обединета) 1925-1995, Прилози од научниот собир одржан на 20 декември 1995 г., ИНИ, Скопје 1998, 71

1010 Златна книга,...., 189

осаменост.[1011] Од страна на националфедеративната струја во ВМРО (об) Георги Занков, член на ЦК на ВМРО (об), заедно со д-р Филип Атанасов оствариле контакти со припадници на протогеровистичкото крило на ВМРО. Прва средба меѓу нив со претставниците на протогеровистичката ВМРО, Мишо Шкартов и Георги Гевгелиски, во чија придружба биле и Христо Ампов и Јосиф Кондов, како членови на ВМРО (об) од Бугарија, била остварена во декември 1928 година во Ѓурѓево, на романско-бугарската граница[1012]. На средбата било донесена Резолуција во која, меѓу другото, било содржано приклучувањето на претставниците на протогеровистичката ВМРО и на „неутралните" кон ВМРО (об) и за „единство на борбата со Советскиот Сојуз како раководна сила против угнетените народи". Било разгледувано и прашањето за самостојноста на македонското ослободително движење, и Конференцијата смета дека истото „би излегло од неговите природни рамки кога би ја прифатило заштитата на некоја влада (како што е тоа случајот со автономистите на Иван Михајлов)". Понатаму по ова прашање во Резолуцијата стои дека „Конференцијата наоѓа дека македонското ослободително движење е должно по секоја цена да ја сочува својата самостојност, без влијание однадвор. Тоа досега е недоволно истакнато во весникот „Македонско дело"".
[1013] Всушност раководството на ВМРО (об), на чие чело биле претставниците на комунистичката струја, Димитар Влахов и Владимир Поп Томов, спроведувајќи ја линијата на Коминтерната и на БКП и понатаму, за разлика од националнофедративната струја, не правеле разлика меѓу протогеровистичката и михајловистичката струја на ВМРО. Исто така, и органот на ВМРО (об) „Македонско дело" продолжил подеднакво да ги третира двете струи, а изјавите на раководството на протогеровистичката ВМРО ги толкувал како „демагогија" и „привремени расположенија"[1014], додека нивната еволуција ја гледал како одраз на кризата и раздорите во ВМРО и потребата од изнаоѓање на надворешни сојузници како послаба

---

[1011] ЦПА – Софија, ф. 204, оп. 1, а.е. 6, л. 1-7. Цитирано според Тодоровски З., Контактите...., 72

[1012] ЦДА, ф. 176к, оп. 5, а.е. 1344, л. 41. Телеграма бр. 150 од 14. 5. 1929 година на „Бугарската легација во Виена" испратена до министерот за надворешни работи на Бугарија Атанас Буров. Во телеграмата вршителот на бугарската легација во Виена го известува својот министер за надворешни работи дека во архивата на уапсениот Георги Занков, меѓу другите документи, била најдена Резолуцијата од „организационата средба" одржана на 22 декември 1928 година во Ѓурѓево и список на учесниците на средбата.;ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали,...к. I,..., 165-168. Околу датирањето на оваа средба во изворите постојат различни информации, но со анализа на изворната документација може да се заклучи дека средбата во Ѓурѓево е одржана во декември 1928 г. Види и: Тодоровски З. Контактите....., 73

[1013] ВМРО (Обединета) Документи и Материјали .... кн. 1..., 165-168; ЦДА, ф. 176к, оп.5, а.е. 1344, л. 14-17

[1014] В. „Македонско дело", бр. 78, 25. 11. 1928; бр. 79, 10. 12. 1928; бр. 86, 25. 3. 1929; бр. 87, 10. 4. 1929; бр. 92, 25. 6. 1929 и бр. 105, 10.1. 1930

струја во ВМРО[1015]. Споменатото раководство на ВМРО (об), не само што не покажува разбирање за овие контакти на националфедералистите учесници на средбата со протогеровистичките претставници во Ѓурѓево, туку и остро ги критикива.[1016] Но, и покрај таквото расположение на комунистичкото раководство на ВМРО (об), неговите претставници исто така направиле обиди за постигнување на соработка со претставници од протогеровистичката ВМРО. Во тоа голема улога одиграл и Георги Димитров. Всушност тој е главен потѓикнувач и иницијатор за привлекување и остварување на соработката на ВМРО (об) со приврзениците на протогеровистичката ВМРО, како и со другите македонски револуционерни сили во Бугарија. Георги Димитров е добар познавач на сосотојбите и спецификите во македонското ослободително движење. Според мислењето на Јордан Анастасов, македонските дејци во него гледале човек „кој најдобро го познавал македонското прашање и кој при оние внатрешни и меѓународни прилики на македонското движење му давале единствено правилна насока"[1017]. Но и авторитетот на Георги Димитров не повлијаел доволно врз претставниците на комунистичката струја на ВМРО (об) во прифаќањето соработка со протогеровистичката ВМРО. Причините за неостварувањето на поблиска и заемна соработка, Петар Шанданов ги толкува на следниот начин: „Никогаш не можевме да се разбереме на базата дека ние како национал-револуционери треба да си останеме независни, а само во борбата против Иван Михајлов и владите заемно да си помагаме. Тие секогаш настојуваа на своето, дека ние треба да влеземе во Комунистичката партија. Според мене, едно многу погрешно становиште врз кое долго дискутиравме во Берлин со Георги Димитров"[1018].

Повеќе извори укажуваат дека контактите на протогеровистичката ВМРО со ВМРО (об) најверојатно се одржувале преку Мишо Шкартов[1019]. Тој и Петар Шанданов ќе остварат најблиски врски со националфедеративната струја од ВМРО (об). Шанданов за да си ја спаси главата од михајловистичката ВМРО во јули 1932 заминал од Бугарија за Цариград, каде било и седиштето на националфедеративното крило на

---

[1015] Ibidem, бр. 109, 10. 3. 1930, 3-4

[1016] ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1. Подоцна Г. Занков ќе биде исклучен не само од ЦК на ВМРО (об), туку и од организацијата (В „Македонско дело", бр. 99, 10 октомври 1929, 4; ВМРО (Обединета) Документи и Материјали, Избор, редакција и коментар Иван Катарџиев, книга I, Скопје 1991, док. бр. 59, 236-237; ЦДА, ф. 1747к, оп. 5, а.е. 14, л. 1)

[1017] ЦДА, Спомен 30 – Спомени на Юрдан Анастасов, 1

[1018] Петър Шанданов, „Кратка автобиография". Цитирано според Тодоровски З. Контактите....., 75. Шанданов присуствувал на две средби со комунисатичкото раководство на ВМРО (об), во почетокот на 1929 г. во Париз и во почетокот на 1931 г. во Берлин.

[1019] Михаил Герджиков, Спомени....,288-393; ВМРО (Обединета), Документи .., 186-359. Шанданов П, op. cit, 253. Види и Тодоровски З. Контактите....., 72

Обединетата.[1020] Сепак за дејците од протогеровистичката ВМРО во тие моменти потешко била прифатлива ориентацијата кон комунистичката идеологија, и поблиску до нивните гледања била федеративната опција. Во барањето излез за да продолжат со својата револуцинерна активност, и да опстанат во борбата со михајловистите, преку некои националфедералисти (Л. Поповски, Сл. Иванов) тие ќе си обезбедат подршка од југословенските власти.[1021]

Како резултат на остварените контакти и водените разговори на протогеровистичката ВМРО, со претставниците на ВМРО (об) во органот на оваа организација „Слобода или смрт" сé понагласено место и се давало на нејзината нова ориентација, блиска кон програмските определби на ВМРО (об), и отворено барање наклоност и поддршка во постигнување единство на сите револуционерни сили во заеднички македонски револуционерен фронт. Под влијание на контактите со претставниците на ВМРО (об) ракводството на протогеровистичката ВМРО ја изменило и својата политичка програма, заменувајќи ја, во Декларацијата од јануари 1930 година, паролата за „автономна Македонија" во барањето решение во рамките на Балканска федерација[1022].

Меѓутоа раководството на ВМРО (об), и покрај тоа што во Декларацијата од јануари 1933 година истакнало дека не треба да се изедначуваат протогеровистите со михајловистичката ВМРО свртува на лево кон нејзината политичка програма, енергично го отфрлило новиот курс на протогеровистичката ВМРО. Притоа, раководството на протогеровистичката ВМРО било обвинето за зближување со југословенските политички кругови, а што меѓувремено, како што веќе видовме, и биле остварени, и за спроведување на „југословенска империјалистичка федерација"[1023].

Врз основа на воспоставените контакти и разговори меѓу претставниците на ВМРО (об) и протогеровистичката ВМРО може да се констатира дека тие завршиле само на обиди за постигнување на меѓусебна соработка. И покрај силно пројавениот интерес од страна на раководството на протогеровистичката ВМРО, како и од страна на национал-федералистичката струја на ВМРО (об), до поблиска и заедничка соработка не дошло. Причините треба да се бараат не само кај протогеровистичката

[1020] АСЦГ, ф. 370. к. 24, а.е. 73/599
[1021] Шанданов П, op. cit, 253, 254
[1022] В. „Свобода или смъртъ", бр. 104, 20. 1. 1930
[1023] В. „Македонско дело", бр. 174-175, 31. 1. 1933, 1-2

ВМРО, со честото политичко маневрирање и нестабилноста на нејзината политичка програма чија главна цел била придобивање на нови сојузници и барање нивна морална и материјална помош во борбата против михајловистичката ВМРО за превласт во организацијата, туку особено кај комунистичката струја на ВМРО (об), во нејзиниот резервиран и колеблив однос и пројавената недоверба спрема приврзениците на протогеровистичката ВМРО, плашејќи се истовремено од нивното можно здружување со национално-федралистичката струја, со што би се засилила опозицијата во раководството на организацијата и би се довел во прашање нејзиниот престиж во највисокиот орган на ВМРО (об). Тоа, на некој начин, покажува дека раководството на ВМРО (об) во тие клучни моменти не било на нивото на своите политички функции, а секако, и под влијание на Коминтерна и на БКП, со исклучок на Георги Димитров, и недоволно ја согледале политичко-програмската еволуција на раквoдството на протгеровистичката ВМРО, кое пред и за време на Втората светска војна целосно ќе се стави во редовите на антифашистичкиот фронт.[1024]

[1024] Тодоровски З. Контактите....., 76

# ЗАКЛУЧОК

Македонскиот народ по завршувањето на Првата светска војна, остана без своја национална држава, поделен меѓу балканските држави, непризнаени, ниту во една од нив не бил признат ниту како посебен народ, ниту како македонско национално малцинство. Новите сосотојби наложуваа повторно поведување на борбата за македонска државност. Македонските револуционерни и политички сили веднаш по војната започнаа повторно да се ангажираат, да се организираат и да се пројавуваат преку различни форми и начини на борба за македонска државност. Во ова барање на патишта за решавање на македонското прашање по војната дејците од македонското движење се ориентираа кон легалните и илегалните македонски организации, или во даден момент се вклучуваа во активностите и на едните и на другите, а самите организации, во зависност пред сé од нивните програмски определби и интереси, го градеа својот меѓусебен однос и си го наоѓаа своето место во контекстот на македонското движење. Во македонското организирано револуционерно движење од крајот на 19 век па сé до 1919 година се профилирале разни струи и групи, кои во одредени периоди биле поприсутни во организираното ослободително движење.

Кон крајот на Првата светска војна и за време на подготовките за Мировната конференција, октомври-декември 1918 година среде македонските револуционерни и политички сили, кои се нашле во границите на Бугарија, се диференцирале двете главни групации од легални и нелегални македонски дејци, со спротивставени идеи, барања и нудење перспективи на македонската емиграција и македонскиот народ. Едната ја претставувале серчани и револционерите од Западна Македонија, од поранешните Битолски и Скопски револуционерен округ. Серчани се вратиле на изворната цел и идеи на МРО, автономија на Македонија. По иницијатива на Димо Хаџи Димов серчани излегле пред македонската емиграција и македонскиот народ со посебна *Декларација за разрешување на македонското прашање.* Споменатите револуционери од Западна Македонија се солидаризирале со определбите и со барањата на серчани во Серската декларација и заедно во почетокот на 1919 година се конституирале во Привремено претставништво на Бившата обединета ВМРО на чело со Димо Хаџи Димов и Ѓорче Петров. Конституирањето на Привременото претставништво се објавува со познатиот „*Апел кон македонското население и кон*

*емиграцијата во Бугарија*". Македонските дејци ориентирани кон Привременото претставништво во своите определби поаѓале од правото на народите на самоопределување, прокламирано во 14 точки, на претседателот на САД Вудро Вилсон, Македонија да добие право на конституирање како посебна државнополитичка единица, во нејзините географски и економски граници, како автономна држава која, во првите години до нејзиното внатрешно и надворешно стабилизирање, ќе биде под протекторат на САД. По однос на внатрешното уредување, на македонската држава, го прифаќале демократското и граѓанското уредување по примерот на швајцарската федеративна република, а ја манифестирале и готовноста за влегување во една балканска федерација на слободни и рамноправни конститутивни народи. Во полемиката која се водела меѓу Привременото претставништво од една страна и Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија од друга страна, околу прашањето кој има право да биде легитимен наследник на старата ВМРО и кој има морално право да истапува со барање од името на македонскиот народ и емиграцијата пред Мировната конференција, Привременото претставништво докажувало дека тоа право ги има единствено обединетата бивша ВМРО. Аргументите во прилог на тоа биле дека револуцинерното минато на иницијаторите и основачите на Привиременото претставништво кои биле членови на старата МРО со голема улога и место во неа, останале доследни на нејзините идеали, ја бранеле самобитноста и самостојноста на македонското ослободително дело, се спротивставувале на туѓите фактори кои сакале на тоа дело да му наметнат гледишта спротивни на интересите на македонскиот народ и дека програмските определби и барања на обединетата бивша ВМРО добиле широка подршка од емиграцијата и од македонскиот народ.

Всушност по прашањето за барањата за разрешување на македонското прашање по завршувањето на Првата светска војна се оформиле две спротивставени тенденции за присоединување на Македонија кон Бугарија и за автономна и самостојна Македонија, застапувани од Извршниот комитет и Привременото претставништво.

И покрај таквите превирања во собирите на македонските братства во Буграија и разликата по однос на најважното прашање, што да се бара пред Париската мировна конференција, по активирањето на работата на Извршниот комитет започнуваат обиди за постигнување на консензус по однос на барањата пред Париската конференција и организационо единство за претставување на истите. По веќе извесниот крај на мировната коференција ИК го свикал првиот Велик собор на македонските братства во

Бугарија. На овој собор на македонските братства во Бугарија, свикан на 28 септември 1919 година, иако не се оствариле надежите за помирување на двете тела и обединување на емиграцијата, напорите и активностите на обединителната комисија и силите од емиграцијата што ја подржале, придонеле делегатите на споменатитот собор да го прифатат автономниот принцип. Во резолуцијата донесена на истиот стои дека *„Собирот упатува во името на правото на хуманоста и на трајниот мир, врховен повик кон Парискaта мировна конференција и ја моли да ја издигне Македонија во нејзините географски и економски граници во автономна држава, независна од другите балкански држави*". Обидите за обединување и заедничко дејствување на македонските революционерни сили водело кон повторно разединување. За жал, тоа се претвора во традиција, која што е проследена во различни етапи на развојот.

Поставуваното прашање за консензус по однос на македонските барања пред Парискaта мировна конференција во текот на 1919 година има свое големо оправдување. Во текот на подготовките и работата на Мировната конференција имало надеж дека може да се повлијае на факторите кои имаа учество во крајните одлуки на Конференцијата. Тука треба да се нагласи дека во овие судбоносни моменти од македонската емиграција се појавуваат двете спротивставени барања: 1. од Привременото претставништво за автономна и независна Македонија и 2. од Извршниот комитет за присоединување на Македонија кон Бугарија. И покрај тактичките потези на Извршниот комитет, особено во втората половина на 1919 година, оваа идејна и принципиелна разлика тешко можела да се надмине. Премногу биле присутни и личните недоразбирања, нетрпеливости и амбиции.

По завршувањето на Првата светска војна идеологот и теоретичарот на МЕФО Владислав Ковачев со својата брошура „Автономна Македонија" јасно и категорично ќе застане зад идејата за создавање на автономна Македонија. Исто како и Димо Хаџи Димов со неговата брошура „Назад кон автономијата", тој пишувајќи ја „Автономна Македонија" во пресрет на Парискaта мировна конференција, во неа „јасно и категорично" бара „прифаќање на идејата за создавање автономна Македонија како одделна, самостојна политичка единица во нејзините географски и стопански граници, под гаранција на Друштвото на народите". Притоа, Владислав Ковачев апелирал до бугарската влада и до бугарските политички партии да ја прифатат идејата за автономна Македонија и да ги задолжат бугарските делегати на Конференцијата на мирот во Париз да се застапуваат „за решавање на македонското прашање преку

создавање на самостојна Македонија". Тој, во дотичната брошура, апелира и до македонската емиграција во Бугарија „да се заложи кај своите водачи да ја прифатат автономна Македонија како најправилно решение на македонското прашање во денешната фактичка положба". Доколку „македонското прашање не биде решено", В. Ковачев на крајот од брошурата дава на знаење дека македонските революционери и емигрантски маси ќе најдат „сили и верба" за да ја продолжат „повторно борбата за извојување на човечки правдини, какви што може да ни ги гарантира само една самостојна Македонија". Во тој правец и со таа верба Владислав Ковачев и неговите сомисленици и подржувачи од македонската емиграција во Бугарија ќе го продолжат самостојниот пат за остварување на нивните барања. Водејќи постојана борба со своите неистомисленици (идејни противници) од Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија тие ќе се профилираат како посебна струја во легалното македонско движење во Бугарија како Привремена комисија на македонската емиграција во Бугарија. Со тоа започнал процесот на формирањето на МЕФО. Се развивале се пожестоки дискусии меѓу двете легални тела на македонската емиграција во Бугарија околу македонското прашање, односно околу визиите за идната македонска држава. Кога станува збор за идната македонска држава овие дискусии сé повеќе ги поларизираат силите околу прашањата за нејзиниот народен, национален карактер и околу гледањето за нејзиното уредување. Привременета комисија ги декларира и начелата од кои ќе се раководи во својата дејност. Тие изјавиле дека „*чистотата на автономната идеја стои за нас повисоко од сите други мисли и во името на нашето политичко барање за создавање на автономна и самостојна Македонија како одделна политичка единица, независна од балканските држави, која ќе служи како обединувачка алка меѓу нив, Ве покануваме на заедничка борба*". Во оваа платформа на Привремената комисија се гледа нејзината сообразеност со новонастанатите услови на Балканот, поконкретно во Македонија. Тие биле убедени дека тешко може да се покрене и оствари една иницијатива на организационо поврзување на македонскиот народ од поделена Македонија и многубројната распрсната емиграција во повеќе европски земји и во Америка во една единствена национално ослободителна организација. Токму затоа сметале дека треба да се активира оној дел од македонскиот народ и народностите во Македонија кои се нашле надвор од влијанието и притисокот на туѓите реакционерни режими во Македонија, односно кои како емигранти можат да ги искористат легалните закони на соодветната држава во која што се наоѓале, за политичко организирање и афирмација на

македонското ослободително дело и пред разни фактори од меѓународната јавност кои со својот авторитет и моќ можеле да се заземат за поставување на македонското прашање на разгледување или во оптимални услови за негово најсоодветно разрешување.

Федеративниот принцип на организирање на македонското ослободително дело во платформата на Приврмената комисија се гледа во нејзиното гледање да бидат организирани сите елементи од македонското население без разлика на вера, народност, пол и убедување во извојувањето на политичка слобода за Македонија. Покрај начинот на организирање на македонските сонародници федеративниот принцип е изразен и преку начинот на кој се предлага да бидат уредени односите помеѓу нивните организации.

И покрај постоечките разлики и нетрпеливости меѓу струите во македонската емиграција во Бугарија, постојано се правени обиди за нејзино обединување. Во преговорите за обединување доаѓа до израз неподготвеноста на Извршниот комитет да го прифати федеративниот принцип и во организациската поставеност на македонската емиграција и во гледањата за иднината на Македонија. Овие преговори за обединување на македонската емиграција се воделе во време кога Привремената комисија во согласност со своите програмски определби одела кон повисока форма на организираност и делување, односно веќе се подготвувал основачкиот конгрес на новата легална македонска емигрантска организација со федералистичка програма.

По едногодишна организациона и политичка неуморна активност на Привремената комисија меѓу македонската емиграција во Бугарија таа се конституира како посебна македонска легална организација во Бугарија. Со нејзината упорна работа Привремената комисија успеваше да придобие сé поголем број на приврзаници сред македонската емиграција. На основачкот конгрес на МЕФО, кој го отворил досегашниот претседател на Привремената комисија д-р Христо Далкалчев, како цел на организацијата е посакано поскорешно воздигнување на справедливата македонска кауза врз базата: Македонија за Македонците како целосно независна од балканските држави политичка величина, која ќе гарантира апсолутно еднакви права на сите етнички елементи што ја населуваат“. Всушност, целокупната идеја, визија и заложба на федеративното движење за решавање на македонското прашање, или поточно, за ослободување на Македонија и создавање на независна македонска држава во рамките

на една Балканска федерација, како траен идеал на македонскиот народ, ќе ни ја претстави идеологот и теоретичарот на МЕФО Владислав Ковачев во својот ракопис „*Политичкото верују на Македонците*" на негов својствен начин. Односно, како што вели тој уште во почетокот на ракописот: „*Независна Македонија како рамноправна членка на Балканската федерација! – е политичкото верују на Македонците што искрено си ја сакаат татковината, без разлика на верата, народноста, полот, возраста и уверувањето*".На Основачкиот конгрес на МЕФО бил донесен и Устав на Организацијата. Со Уставот се регулирани целите и задачите на МЕФО и нејзината организациона структура. Врховниот федеративен комитет, како највисок орган на МЕФО, има за задача да ја обединува дејноста на постојните и новоформираните македонски емигрантски федеративни братства, како во Бугарија така и во другите земји во Европа. Исто така Управниот комитет, како извршен непосреден орган на МЕФО, покрај задачата за обединување и ориентирање дејноста на македонските федеративни емигрантски братства и друштва во Бугарија, развивал и агитационо-пропагандна дејност за заштита на борбата за македонска самостојност. МЕФО, која што се изградува како пандан на Извршниот комитет на македонските братства во Бугарија, по одржувањето на Основачкиот конгрес развива една мошне голема национално политичка активност. Според член 1 и 2 од Уставот на Организацијата се истакнува дека нејзината цел ќе биде „*да зајакне, да се здружи, да се подготви и да го поведе македонскиот народ, без разлика на вера и народност, во борба за добивање слобода и независност на Македонија на федеративен начин, со еднакво право на сите народности во нејзините географски и еконономски граници, за да влезе како рамноправен член во Балканската федерација*". МЕФО сметајќи го македонското население и македонската емиграција за основни фактори за решавање на македонското прашање покажала значителна активност околу обединувањето на целокупната македонска емиграција.

Покрај прокламираниот легален принцип од страна на МЕФО, во нејзините редови се појавиле и такви сили кои го прифаќале илегалниот принцип на борба и заедно со една отцепена група војводи од Т. Александров во октомври 1921 година формирале нова илегална организација Македонска федеративна революционерна организација (МФРО). Оваа револуционерна организација ја прифатила соработката со Земјоделската влада на премиерот Александар Стамболиски, која пак од своја страна настојувала да ја парализира комитската активност на Тодор Александров и на тој

начин да ја ослабне опозицијата. Во недостиг на материјални средства, раководството на МФРО стапило во контакт и со дипломатските претставници на Кралството СХС во Софија. Составот на федративните сили, нивната поранешна улога во движењето, ги имало од крајната левица до најблиски соработници на Т. Александров, нивните непостојани идејни и политички убедувања и со карактеристични стремежи, не давале гаранција за една поцврста организациона поставеност на Македонската федеративна револуционерна организација, врз основа на проект уставот. Од друга страна врските со владеачките фактори со двете држави т.е. со владите на Кралството СХС и Бугарија само по себе сведочат за тоа колку можела да води една самостојна револуционерна борба за извојување слобода и независност на Македонија во рамките на Балканската федрација. Од тука произлегува заклучокот дека тие повеќе формално, отколку принципиелно ја поставиле споменатата цел. Главна и основна била борбата против Тодор Александров, кое им одговарало и на споменатите влади. Од таму нивниот назив „федералисти" повеќе означува противници на „автономистите" одошто вистински приврзаници на федеративната идеја и Балканската федерација.

Македонската емигрантска федеративна организација во Бугарија со нејзините цели и задачи и методи на работа успеала да привлече кон себе значаен дел од македонските емигрански сили. Меѓутоа тоа не им одело во прилог на Извршниот комитет, кој како легално емигрантско тело ги губел позициите. Затоа последниот настојувал на секој начин да ја оневозможи понатамошната дејност на МЕФО и на Федеративниот комитет. Освен тоа, автономистичката ВМРО отворено ја обвинила МЕФО дека има врски со илегалните федералисти, односно со Федративниот револуционерен комитет. Со овие обвинувања кон МЕФО, за нејзината поврзаност со илегалните федералисти, се солидаризирала и Илинденскта организација. Таа најверојатно поради притисоците од страна на Извршниот комитет и ВМРО не можела да остане неутрална. За функционирањето на МЕФО се јавувал и проблемот со неможноста за обезбедување на доволно материјални средства. Ова прашање ќе го стави под прашалник и излегувањето на нејзиниот орган в. „Автономна Македонија". И расположението во македонските федеративни друштва било за обединување на целата македонска емиграција во една организација. Сето погоре наведено и покрај свесноста дека тешко ќе може да се соработува со Извршниот комитет поради недоразбирањата и разидувањата од различен какрактер, го натерало раководното тело на МЕФО да се одлучи за обединување со ИК на СМББ. Ако се анализираат

документите донесени на обединувачкиот конгрес, се доаѓа до заклучкот дека во нив се вклулени неколку основни елементи од идејната платформа на федералистите, со кои тие се разграничуваат од автономистите. Тоа се сведува воглавно на организационата структура, во која федеративното начело е целосно застапено, а исто така и подвлекувањето на неопходноста од заеднички дејства и рамноправност на потиснатите народности во Македонија и пропагирање на идејата за Балканска федерација. Но во суштина обединувањето на некој начин претставува реална победа на Тодор Александров и ВМРО. Неслучајно еден од водачите на федералистите се жали, дека по конгресот „каранџуловштината“ се прославила и превратила „сѐ со главата на долу“. По двегодишни усилби за сплотување на македонската емиграција во Бугарија во јануари 1923 година се создава една организација Сојузот на македонските емигрантски организации, кој официјално ги обедини МЕФО и Сојузот на македонските братства. По силата на склучениот договор престанале да излегуваат нивните досегашни органи „Автономна Македонија“ и „Македонија“. Печатен орган на Сојузот на македонските емигрантски организации е весникот „Независна Македонија“.

Од досега изнесеното произлегува дека МЕФО во Бугарија го прифатила федеративниот принцип зашто во неговото остварување гледала најреална можност за реализирање на правото на македонскиот народ и народностите за самоопределување и конституирање на македонската држава во нејзините географски и стопански граници. Со тоа најенергично се спротивставувала на било какви решенија на македонското прашање од аспект на задоволување на интересите на оној дел од македонското население за кое врховистите од Извршниот комитет и ВМРО автономистичка барале применување на клаузулите од правата на малцинствата според мировните договори во Македонија под српска и грчка власт, односно на оние кои го сведувале ова прашање на малцинско прашање, а македонскиот народ го третирале за дел од бугарскиот народ. Раководните сили на МЕФО си поставиле премногу амбициозна иницијатива за обединување на сите емигрантски македонски сили во повеќе земји врз федеративни начела. Објективните услови врз кои требало да се оствари оваа иницијатива не оделе во прилог на нејзиното реализирање. Просторната оддалеченост, тешкотиите во одржувањето на постојани врски и контакти, различните општествено политички прилики во земјите во кои наоѓала македонската емиграција, како и напорите на државните фактори во балканските земји со разни средства и мерки да го оневозможат

не само организирањето на македонскиот народ туку и на емиграцијата, претставувало голема пречка за остварување на споменатата иницијатива. Што се однесува до проучувањето на македонската национална посебност и разјаснувањето на последиците од соседните пропаганди во Македонија, кои имале за цел да го задушат македонското народоно чувство и да му наметнат бугарско име на македонското христијанско население во Македонија раководството на МЕФО не направило голем чекор напред. Но, сепак, програмските ставови на МЕФО се разликуваат во начинот на сваќањето на македонското ослободително дело како народно, на сите народоности што живеат во Македонија, односно уредување на идната македонска држава како политичка граѓанска држава, со еднакви права за припадниците на сите народности што ја населуваат, или пак уредување на истата како македонска федерална држава по примерот на Швајцарија.

Македонските федралистички сили и по замрувањето на работата на МЕФО продолжиле да ги следат новите струења меѓу македонските револуционерни и политички сили за прифаќање на новите сојузници во националноослободителната борба, комунистичките партии, Коминтерна и Советскиот Сојуз, и на масовната револуционерна борба или социјалната револуција, која ќе донесе решение на македонското прашање. Раководството на Македонската федративна организација активно ќе се вклучи во преговорите за обединување на македонското движење, одржани во март-април 1924 година во Виена со посредство на советскиот фатор. По објавувањето на Мајскиот манифест и по откажувањето од истиот од страна на Тодор Александров и Александар Протогеров во редовите на македонското движење ќе се одиграат силни вонемирувања и крвави пресмети, во кои голем дел од федералистите биле ликвидирани. Од оние кои што успеале да ја напуштат Бугарија и на тој начин да си го спасат животот поголем дел продолжиле со определбата кон принципите од Мајскиот манифест и се ориентирале кон ВМРО (об). Не можејќи да ги прифатат во целост насоките и идеите од комунистичките центри, македонските федралисти во ВМРО (об) се издвоиле како националфедративна струја во организацијата. Предводник на оваа струја бил стариот и искусен македонски револуционер, интелектулец со европско образование, демократ и федералист Павел Шатев. Тој настојувал, со силата на аргументите изнесени пред сé преку пишаниот збор, да ги обликува, да ги синтетизира, да ги популарилзира и да ги брани сите релевантни фактори за постоењето на македонското дело, како македонско, национално

општонародно, самостојно, посебно и различно од другите национални (бугарско, грчко, српско, албанско) дела на Балканот

# ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

## ИЗВОРИ

### 1. Необјавени извори

**Државен архив на Република Македонија**

Фонд Анастас Митрев

Фонд Александар Протогеров (1868-1928)

Фонд Балканска комунистичка федерација

Фонд ВМРО (1895-1944)

Фонд ВМРО (обединета)

Фонд Владислав Ковачев

Фонд Георги Баждаров

Фонд Георги Димитров

Фонд Димо Хаџи Димов

Фонд Друштво "Илинден" - Софија (1922-1948)

Фонд Збирка на документи од повеќе фондови (1856-1941)

Фонд Лазар Томов Крајнов

Фонд Македонски национален комитет

Фонд Минстерство за внатрешни работи на Кралството на СХС

Фонд Милан Стојадиновиќ

Фонд Михаил Герџиков

Фонд Народно собрание на Бугарија

Фонд Национален комитет на македонските емигрантски организации (1905-1951)

Фонд Национално ослободителните организации на македонските Бугари по Берлинскиот конгрес 1878 г

Фонд Петар Дрвингов

Фонд 1. Републички секретаријат за внатрешни работи
Фонд Поединечни документи
Фонд Тодор Александров (1889-1924)
Фонд ЦК на БКП
Фонд. 1244
Фонд 1396
М-4267

**Архив на Институтот за национална истиорија, Скопје**

Фонд Главен генералштаб
Фонд Коминтерна
Фонд Трета армиска област
Фонд Посланство во Лондон
Крсто Гермов - Шаќир, спомени

**Архив на Македонската академија на науките и уметностите, Скопје**

Фонд Ангел Динев
Фонд Арсениј Јовков

**Централен државен архив, Софија, Р. Бугарија**

фонд 1932 к
фонд 1955 к
фонд 1909 к
фонд 771 к
фонд 1777 к
фонд 1955 к

фонд 396 к

фонд 1941 к

фонд 176 к

фонд 1075 к

фонд 1955 к

фонд 396 к

фонд 1747 к

**Државен архив – Благоевград, Благоевград, Р. Бугарија**

фонд 742

Е. П. 79

**Државен архив – Ќустендил, Ќустендил, Р. Буграија**

фонд Спомени

**Архив на Србија и Црна Гора, Белград, Р. Србија**

фонд 370

фонд 14

фонд 37

фонд 388

**Архив на Србија, Белград, Р. Србија**

Фонд Танасије Таса Диниќ (TD)

## 2. Објавени извори


1. Архив на Македонија, Скопје, фонд Анастас Митрев, Изложение на Вр. Представителство на ВМРО до конгреса на братствата.

2. Архив на Македонија, Скопје, фонд Македонски национален комитет

3. Архив на Институтот за национална историја, Скопје, фонд Трета армиска област

4. Бадев Юордан, Трите македонски организции (реферат, прочетен пред III - я Велик съборъ на Македонските братства в България), София 1921

5. Баждаров Георги, Моите спомени, предговор, съставителство и бележки Ангел Джонев, София, 2001

6. БЗНС, Александър Стамболийски и ВМРО, непознатата война, Съставителство, предговор и бележки Цочо В. Билярски, София, 2009

7. ВМРО (Обединета). Документи и материјали, книга I и II. Избор, редакција и коментар: Иван Катарарџиев, Скопје, 1991, 1992

8. Влахов Димитар, Мемоари, Скопје 1970

9. Герджиков Михаил, Спомени. Документи, материяли, София 1919

10. Докладь„ на обединителната комисия, избрана оть 9-й Сьбор на македонските братства вь България, (библиотека на Семинар за историја, Филозофски факултет, Скопје, инв. бр. 15480)

11. Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, Скопје 1918.

12. Документи и материали за историята на българския народ, БАН, София 1969

13. Извадоци од необјавени спомени на Станчев Иванов Славе (ракоис) ДАРМ, Пописник I дел I, бр. 69

14. Из дейноста на сьборите и на Изпьлнителния комитет на македонските братства в България (ноември 1918 – септември 1919), София 1919

15. Коларов Васил, Спомени, София, 1968

16. Македония, Документи и материали, София 1978

17. Македонската емиграция и българскиять националень въпрось отъ Спектаторъ, София, юни 1919.

18. Михайловъ Иванъ, Спомени III , ( С. Л.), 1967

19. Мемоаръ до Претседателя на конференцията на мира и правителствата на Американските съдинени штати, Великобритания, Ителия, Франция и Япония отъ Испълнителния комитет на македонските братства въ България, София, (февруари 1919).

20. Международните конгреси и македонския въпрос, Библиотека на Македонския федеративен комитет, No. 1, София 1922

21. Поповски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, дел 1: 1923-1925 г., НИП Ѓурѓа – Скопје, 1999

22. Поповски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во документите на Коминтерната, Том I, дел 2: 1923-1925 г., НИП Ѓурѓа – Скопје, 1999

23. Попвски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во Советската надворешна политика (1922 – 1940), Документи, Едиција документи за Македонија, книга II , 671-1432, Скопје 2008

24. Попвски Владо, Жила Ленина, Македонското прашање во Советската надворешна политика (1922 – 1940), Документи, Едиција документи за Македонија, книга II , 1-671, Скопје 2008

25. По вьстановяване на единството сред емиграцията: извлечение от протоколите на Третия велик сьбор. София 1921

26. Резолюции на Великия съборъ на македонските братства въ България, (28 септември- 1 октомври 1919 г.)

27. Речта на войводата Панче Михайлов в Кюатендил – Защо дойдохме?. София,1999.

28. Сé за Македонија, документи 1919-1924. Избор, предговор и редакцуја проф. Д-р Зоран Тодоровски, Аналитико-Ли, 2005

29. Српски извори за историјата на македонскиот народ 1912-1914. Избор, редакција и коментар д-р Глигор Тодоровски, Скопје 1979

30. Спомени на Екатерина Иванова Измирлиева - Паница, забележани во 1957 од Боян Мирчев, Известия на Института за история, Т. 12, София, 1963

31. Спомени на А. Лозанчев (во препис), Библиотека на Институт за историја при Филозофски факултет во Скопје, инв. бр. 10 401

32. Тодор Александров, Живот легенда. Съставител Цочо В. Билярски, София, 1991

33. Трите дела, Прага-Таборъ-Виена-Милан, Страници отъ борбата на Македония (по стенограми, отчети, комантарии на вестниците и документи на втрешната македонска революционна организация), СофиÔ1927

34. 36 години във ВМРО. Спомени на Кирил Пърличев, София, 1999

35. Чехословачки дипломатски документи за Македонија 1919 – 1939, Книга 1, Избор и редакција д-р Новица Велјановски, д-р Јан Рихлик, Скопје 2006

36. Чехословачки извори за българската история, I, София 1985 30. Шанданов Петар, Спомени, предговор и редакција проф. д-р Зоран Тодоровски, Скопје 2002

# ЛИТЕРАТУРА


1. Абациев Ѓорѓи, Балканските војни и Македонија, Скопје 1958.
2. Анастасов Юрдан, Яне Сандански, Биографичерски очерк, София 1966
3. Анастасов Юрдан, Критички бележки за книгата на Д. Влахов, София 1971
4. Апостолов Александар, Злетовската област, Историски осврт, Скопје 1974
5. Ачковска Виолета., Жежов Никола, Предавствата и атентатите во македонската историја, Скопје 2004
6. Бадевъ Юорданъ, Трите македонски организации, София 1921
7. Бадевъ Юорданъ, Македонската емиграция, Македония, политическо, научно и литературно списание, кн. 8-ма, октомври 1922.
8. Баждаров, Федеративна Македония ли?, в. Македония, год. I, кн. VII, септември 1922, 1-13
9. Битовски Крсте, Македонските добротворни братства во Бугарија и нивната активност за создавање на обединета и независна Македонија (1918-1934). Гласник на ИНИ, XV/2, Скопје 1971.
10. Битоски Крсте, За положбата на македонската емиграција во Бугарија меѓу двете светски војни (до 1934), Гласник на ИНИ, VI/1-2, Скопје 1962
11. Битовски Крсте, Положбата во Вардарска Македонија за време на бугарската окупација 1915- 1918 година, ГИНИ, IV / 1-2, Скопје 1960.
12. Безсмъртните 1922-1944, София 1971
13. Василев Ат. Васил, Правителството на БЗНС, ВМРО и българо-югославските отношения, София 1991
14. Veritas, Македония под игото 1919-1929, София 1931
15. Галчин Петър, Политическите борби в Пиринския край 1923-1939, София 1989
16. Георгиев Величко, Протоколите от заседанията на смесената българско-сърбо-хрватско-словенска комисия в Ниш 1-17 март 1923, Известия на Държавните архиви,67, София 1994
17. Гошева Вера, Илинденската организација (1921-1947), Скопје 2004
18. Гребенаров Александър , Две неизвестни писма на Гьорче Петров от 1919 година, Векове, 1985, бр. 5
19. Гребенаров Александър, Македонската емиграция в Българя след Първата световна война (октомври 1918 - октомври 1919г.). Известия на българското историско дружество, 39, 1989.

20. Гребенаров Александър, Легалните и тайни организации на македонските бежанци в Българија (1918-1947), Македонски научен институт, София 2006
21. Grizo Melina, Diplomatija makedonskog pitanja 1919-1934, Zadužbina Andrejević, Beograd 2009
22. Груев Стефан, Корона од трни, Царуването на Борис III (1918-1943), София, 1991
23. Делирадев Павел, Яне Сандански, София 1946.
24. Димов Назадъ къмъ автономията, София 1919
25. Динев Ангел, Одбрани дела, Политичките убиства во Бугарија, трета книга, Скопје 1983.
26. Динев Ангел, Яне Сандански и борбата му против великобългарския шовинизм, София 1948.
27. Добринов Дечо, ВМРО (обединена), София 1993
28. Донев Ј., Големите сили и Македонија во време на Првата балканска војна, Скопје 1988.
29. Един живот в писма, Из архива на Григор Василев, Т. III. Писма до него, Предговор, съставителство и бележки Цочо В. Билярски, София, 2000
30. Енциклопедия Пирински Крај, т. I, а-м,Благоевград 1999
31. Енциклопедия Пирински Крај, т. II, а-м,Благоевград 1999
32. Жежов Никола, Македонското прашање во југословенско-бугарските односи (1918 – 1941), Скопје 2008
33. Заговорътъ против Тодор Александров по данни на Вътрешната македонска революцинна организация, София, 1924
34. Златна книга - 100 години ВМРО, група автори, Скопје 1993
35. Ивановски Орде, Димо Хаџи Димов, Живот и дело, Архив на Македонија, Матица Македонска, Скопје 1995.
36. Ивановски Орде, Македонците и Септемвриското востание во 1923 година, „Културен живот" , XXVIII -10, Скопје ноември-декември 1983.
37. Ивановски Орде, Тодоровски Зоран, Македонското прашање во Бугарскиот парламент, 1918-1941, Скопје, 2008
38. Изменниците на македонското дело, Прага 1926
39. История на Благоевградската окръжна организация на БКП, София 1979
40. История на България, том III, София 1964
41. Јелавиќ Барбара, Историја на Балканот, Дваесетти век, Скопје 1999

42. Картов Владо, Улогата на весникот „Бюлетинъ” во афирмацијата на македонската самостојност, ГИНИ XV/2, Скопје 1971, 285-296
43. Катарџиев Иван, Борба до победа, Време на зреење, Македонското национално прашање меѓу двете светски војни (1919 – 1930), I-IV, Скопје 1977
44. Катарџиев Иван, Време на зреење, Скопје 1977
45. Кастелов Боян, Димо Хаджидимов, София, 1985
46. Киров Никола Майски, В строя за Македония, Исторически факти, белешки и документи, дел II (ИНИ, Скопје).
47. Ковачевъ Владиславъ, Автономна Македония, София, 1919
48. Ковачев Владислав, Политичкото верују на Македонците, предговор и редакција д-р Зоран Тодоровски, Скоје 2000
49. Кои са самозванците? Едно обяснение на македонските братства, София 20 май 1919.
50. Косатев Тодор, Политиката на правителството на Българския земеделски народен съюз по бежанския въпросъ (1919-1923), Българска академия на науките, Известия на института по история, том XXVI, София, 1983.
51. Къосов Дино, История на македонското национално революционерно движение, София 1954
52. Crampton R. J, A Short Histori of Modern Bulgaria, Cambridge
53. Кушевски Д. Воислав, Македонското прашање во Друштвото на народите, Скопје 2001
54. Кушевски Д. Воислав, За дејноста и улогата на ВМРО на Тодор Александров и Иван Михајлов во врска со поставувањето на македонското прашање во Друштвото на народите (1920-1934), Сто години од основањето на ВМРО и 90 години од Илинденското востание; МАНУ, Скоје 1994 (посебен отпечаток)
55. Кърничева Менча, Защо убих Тодор Паница?, София, 1993
56. Лапе Љубен, Идејните основи на Привременото претставништво на бившата обединета Внатрешна македонска революционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференција 1919 година, Историја. IX/2 Скопје 1973.
57. Лапе Љубен, Одбележувањето на Илинден меѓу двете светски војни во Македонија и сред емиграцијата, Историја IX/ 2, Скопје 1973.
58. Маджаровъ Ив. М., Дипломатическа подготовка на нашите войни, София 1932
59. Манчев Крсто, История на балканските народи (1918-1945), София 2000

60. Мартулков Алексо, Моето учество во револуционерните борби на Македонија, Скопје 1954.
61. Македонски историски речник, ИНИ, Скопје 2000
62. Миновски Михајло, Федеративната идеја во македонската политичка мисла (1887 – 1919), Скопје 1985
63. Митрев Димитар, Пиринска Македонија и други историографски огледи, Скопје 1970.
64. Митрев Димитар, Пиринска Македонија во борба за национално ослободување, Скопје 1950.
65. Мокров Боро, Развојот на македонскиот печат и новибарство, Скопје 1980.
66. Најдовски Ѓорѓија, ВМРО (обединета) и журналистичката дејност на Димитар Влахов, Скопје 1987.
67. Националноосвободителното движение на македонските и тракийските българи 1878-1944, Т. 3, София 1997
68. Николов Й Борис, ВМРО, псевдоними и шифри, 1893-1934, Издателство "Звезди", София, 1999
69. Николов Й Борис, Вътрешна македоно-одринска революционна организация, войводи и раководители (1893-1934), Биографично-библиографски справочник, София, 2001
70. Новите смутители всред македонската емиграция (Предизвикано осветление), издадено като ракописъ, 1919
71. Отчетъ за придконгресното съвештание на обединетата бивша вътрешна македонска революционна организация, София, октомври 1919.
72. Павел Шатев, Време – живот – дело (1882-1951), Прилози од научниот собир одржан на 15 и 16 март 1992 година во Кратово, Скопје 1996
73. Палешутски Костадин, Вътрешната македонска революционна организация 1918 – 1924, Благоевград, 1983
74. Палешутски Костадин, Македонската емиграция в България по време на парижката конференция през 1919 г., Исторически преглед. XXV, кн. 5, София 1969.
75. Палешутски Костадин, Македонското ослободително движение след Първата световна война (1918-1924), Българска академия на науките, София, 1993.
76. Палешутски Костадин, Македонското ослободително движение след Първата световна война (1924-1934), Българска академия на науките, София, 1998

77. Палешутски Костадин, По въпроса на споразумението между БКП И ВМРО в навечерието на Септемврийското въстание 1923 г., Известия на Института по история на БАН, 40, София, 1979.
78. Палешутски Костадин, Югословенската комунистическа партия и македонският въпрос (1919 – 1945), София, 1980
79. Пандевски Манол, Јане Сандански во македонското ослободително движење, ГИНИ, XVИ/2, Скопје 1972.
80. Пандевски Манол, Македонското ослободително дело во XIX и XX век, Пројави, релации, ликови, Скопје 1986.
81. Пандевски Манол, На годишноната од убиството на Јане Сандански, Историја V/2 Скопје 1969.
82. Пандевски Манол, Македонското ослободително движење меѓу 1903 и 1918 година: Развојни фази, внатрешни диференцијации, политички групации, појавни облици, Македонија во војните 1912-1918, Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Скопје, 1991
83. Пандевски Манол,За континуитетот на македонската национално-ослободителна револуција - до 1941 година, Симпозиум "Развојот и карактеристиките на народно-ослободителната војна и Револуцијата во Македонија, Скопје 1973
84. Пачемска Даринка, Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета), Скопје 1985.
85. Петреска - Пачемска Даринка, Федеративната идеја во македонското национално осободително движење од 1918 до 1941 година, докторска дисертација, Универзитет „Кирил и Методиј" Скопје, Факултет за филозофско-историски науки, Скопје 1986 (ракопис)
86. Петреска Даринка, Фрацуски дипломарски сведоштва за македонското национално прашање по Првата светска војна, ГИНИ, XXXVII/1-2, Скопје 1994
87. Пачемска-Петреска Даринка, Македонската федративна група во Виена и весникот „македонско сознание" во периодот 1923 – 1925 година, ГИНИ, XXXI/2, Скопје 1987
88. Пачемска Петреска Даринка, Малешевијата низ историјата, книга втора, Малешевијата од Првата балканска војна до крајот на Втората светска војна (1912-1945), Берово 2003

89. Петреска Даринка, Бугарија од крајот на Првата светска војна до крајот на Втората светска војна, Зборник прилози за наставата по историја во основното и средното образование, Скопје 1992
90. Пачемска Петреска Даринка, ВМРО 1918-1934 – Хронологија, Скопје 2004
91. Петров Ѓорче, Македонското ослободително дело, Предговор и белешки од д-р Гане Тодоровски, Скопје.
92. Полјански Андонов Христо, Велика Британија и македонското прашање на Париската мировна конференција во 1919, Скопје 1973.
93. ЦК на ВМРО (Об): Предавниците на македонското дело, редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1983
94. Правителството на Стамболийски и македонското освободително движение, споредь данни на вътрешната македонска революционна организация, май 1923
95. Проект за споразумението между ВМРО и съветското правителство, подписан од члена на ЦК на ВМРО Т. Александров, Македония - Сборник од документи и материали, Българска академия на науките, София 1978
96. Пърличев Кирил, Српскиятъ режимъ и революционната борба въ Македония (1912-1915 година), София 1917.
97. Радославов Васил, България и световната криза, второ фототипно издание, София 1993
98. Ристовски Блаже, Напори на Македонците за афирмирање на националниот идентитет и за обезбедување на територијалниот интегритет на Македонија (1912-1913), Македонија во војните (1912-1918), Прилози од научниот собир одржан во МАНУ на 16 и 17 ноември 1988 година, Скопје 1991
99. Родоотстъпници, 1929 година.
100. Спектаторъ, Македонската емиграция и българскиятъ националенъ въпросъ, София, юни 1919, издадена като ракописъ
101. Стојанов Петар, Македонија во времето на Балканските и Првата светска војна (1912 - 1918 ), Скопје 1969.
102. Стојчев Ванче, Воена историја на Македонија, Скопје 2000
103. Тодоровски Зоран, Дејствувањето на автономистичката ВМРО 1918-1924 (магистерски труд), Скопје 1989.
104. Тодоровски Зоран, Внатрешната македонска револуционерна организација 1924-1934, Скопје 1997.

105. Тодоровски Зоран, Идеята за балканска федерация в политическите програми, меморандуми и декларации на македонските емигрантски и революционни организации след Първата световна война, Когреси и програмни документи след 1878 година за историята и културата на българските земи под чужда власт, сборник доклади от международната научна конференция, Кюстендил, 14-15 декември 2007 г., София 2008, 161-175

106. Томов Л., Спомени за революционата дейност в Серския окръг, София 1953.

107. Топалов Владислав, Приемнето на България в Опществото на народите, Известия на Института за история, XXVI, БАН, София 1983

108. Castellan Georges, Historie des Balkans, XIV-XX sicle, Raris 1991

109. Тюлеков Димитър, Обречено родолюбие, ВМРО в Пиринско, 1919-1934, Благоевград 2001

110. Хаџи Димов Димо, Одбрани дела, кн. II. Избор, предговор и редакција Манол Пандевски, Скопје 1984.

111. Хаџи Димов Димо, Назад към автономията, София 1919.

112. Хаџи Димов Димо, публицистика, писма и документи, сІставители: Дечо Мичев, Георги Първанов, София, 1989

113. Христов Александар - Јован Донев, Македонија во меѓународните договори 1875-1919, Скопје 1994

114. ЦК на ВМРО (Об): Предавниците на македонското дело, редакција и коментар Иван Катарџиев, Скопје, 1983,

115. Цветковска Надежда, Политичката активност на македонската емиграција во Бугарија од 1918 до 1929 година, Скопје 1990.

## СПИСАНИЈА И ВЕСНИЦИ

1. „Автономна Македония” - Органъ на Македонската федеративна организация, София, 1920-1923.
2. „Бюлетинъ на Временното претставителство на бившата обединена Вътршна македонска революционна организация ”, София 1919.
3. „20 Юлий” - Македонско-одрински листъ, София.
4. „Илинденъ” – Органъ на бившите македонско-одрински революционери, София
5. „Илустрация Илинденъ”
6. „La Fédération balkanique” – Organe des Minorites nationals et des peoples balkaniques apprimes, paraissant dans toutes les langues balkaniques, Vien, 1924-1928.
7. „Листъ за македонската емиграция”, София 1919.
8. „Македония” - Органъ на Съюза на македонските братства, София, 1919-1923.
9. „Македония” - Органъ на Съюза на македонските братства, София, 1926-1934
10. „Македонски вести” - Седмичник за история, литература и опçтественостъ, София, 1936.
11. „Македонски Глас” (Македонский голосъ). Орган на привrзаниците на независна Македонија 1913-1914
12. „Македонско дело” - Орган на ВМРО (Обединета), излегува од 1925 до 1935 година во Виена, Берлин и Париз.

    „Македонско съзнание” - Орган на македонската слобода и интереси, Виена, 1923-1926.
13. „Независима Македонија” – Органъ на македонската емиграция, София 1923-1926.
14. „Освобождение” - Органъ на Емигрантския съюз въ България, София.
15. „Пиринъ” - Македонско-одрински листъ, София.
16. „Пиринско дело” - Органъ на Областния Комитет на Отечествения фронт, Благоевград.

СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР........................................................................................1

Глава прва

**Федералистите во македонското револуционерно**

**и националноослободително движење во првите**

**години по Првата светска**

1.1.Државотворната програма на Серската револуционерна група и привременото претставништво на поранешната обединета ВМРО..........................................................................................4

1.2.Дејноста на Извршниот комитет на македонските емигрантски братства во Бугарија...................................................................................17

1.3. Гледиштата за решавање на македонското прашање во политичката и четничко пропагандната дејност на ВМРО 1919-1920 година....................................................................................................30

Глава втора

**Македонската емигрантска федеративна организација**

2.1.Обидите за постигнување организационо единство на

македонската емиграција во Бугарија во

1919 година..............................................................................................43

2.2.Сосотојбите во Извршниот комитет на македонските добротворни братства во Бугарија и формирањето на Привремената комисија на македонската емиграција 1920 година....................................................................................................57

2.3.Формирањето на Македонската емигрантска федеративна Организација 1921 година.......................................................................75

2.4.Националнополитчката активност на МЕФО меѓу

македонската миграција..........................................................................................86

2.5.Владата на Александар Стамболиски кон МЕФО..........................................................................................99

2.6.Односот на МЕФО кон ВМРО, Илинденската организација и кон другите македонски организации..................................................116

2.6.1. Односот на МЕФО со ВМРО..................................................................116

2.6.2. Одоносот на МЕФО со Илинденската организација...................................128

2.7.Меѓународната активност на МЕФО..................................................136

Глава трета

## Македонската федеративна револуционерна организација

3.1.Внатрешните превирања во МЕФО и во ВМРО автономистичка..........................................................................................158

3.2.Формирање на Македонската федеративна револуционерна организација и меѓусебна пресметка на федеративните и автономистичките чети..........................................................................169

Глава четврта

## Преговори за обединување помеѓу Македонската емигрантска федеративна организација и Извршниот комитет на македонските емигрантски братства во Бугарија во 1923 година

4.1.Заострување на односите меѓу ВМРО автономистичка и МЕФО..........................................................................................187

4.2.Конгресот за обединување меѓу МЕФО и Извршниот комитет на македонските братства – Формирање на Сојузот на македонските братства во Бугарија на чело со Националниот комитет..........................................................................................194

Глава петта

## Улогата на Федеративната организација во преговорите за обединување на македонското револуционерно и ослободително движење 1923-1924 година

5.1. Контактите на федералистите со Советскиот Сојуз............................210

5.2. Виенските преговори и Мајскиот манифест 1924 година..................223
5.3.Физичките пресметки на ВМРО со федералистите – убиствата на архитектот Никола Јуруков, Климент Размов, Славчо Ковачев и други.........................................................................................,......244
5.4.Контактите на дел од федералистите со државните и известителни служби на Кралството на Србите Хрватите и Словенците...................................................................................................277

Глава шеста

## Федералистите во Внатрешната македонска револуционерна организација (Обединета)

6.1.Улогата на федералистите во формирањето на

ВМРО (обединета)...........................................................................................292

6.2. Федеративната струја во ВМРО (Обединета).....................................305

6.3.Односот на и националнофедеративната струја во ВМРО(об) и кон ВМРО Протогеровисти ..................................................319

ЗАКЛУЧОК........................................................................................................325

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА............................................................................335